ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ

Д-р Вера Стојчевска-Антиќ

МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА КНИЖЕВНОСТ

дет̄ска радост̄
СКОПЈЕ
МАКЕДОНИЈА

РЕДАКЦИЈА:

акаѳ. Милан Ѓурчинов
п̄роф. ѳ-р Томе Сазѳов
п̄роф. ѳ-р Георг̄и С̄талев, претседател
п̄роф. ѳ-р Вера С̄тојчевска-Ант̄иќ
п̄роф. ѳ-р Гане Тоѳоровски

Рецензенти:
п̄роф. ѳ-р Раѳмила Уг̄ринова-Скаловска
ѳ-р Ванг̄елија Десоиѳова, научен сорабо̄тник

Корица
и ликовно-графичко
Обликување
Димче Исаиловски

Вовед

Пишувањето на книжевна историја денеска, кога науката за книжевноста рапидно се развива во светот, основано, претставува сериозен потфат. Пристапот бара увид во современите достигања на книжевно-историските дела, особено на книжевните истории. Ова посебно го потенцираме со оглед на посебноста на средновековната книжевна проблематика, од која не делат векови. Посебно е важно познавањето на состојбите кај соседните народи, особено на оние кои имале сличен развој, и чии книжевни контакти и струења биле присутни низ вековите, имајќи го предвид и заедничкото потекло, кое некогаш ги зближувало, без оглед на разновидните историски услови.

Имајќи ја предвид книжевната историска граѓа од средновековна Македонија, се налага заклучокот дека се нужни наредни подолготрајни истражувања, за да се добие синтетичка целина. Меѓутоа, приоѓајќи со задолжителната сериозност кон проучувањето на состојбите во овој поглед на соседните и другите словенски земји, забележавме интересни ситуации, кои придонесоа за одлуката да се пристапи кон оформувањето и претставувањето на нашата средновековна книжевна историја.

Во врска со овој проблем ќе изнесеме неколку карактеристични и показателни примери. Врз старата руска книжевност работеле еминентни книжевни историчари, како: Ф. И. Буслаев, А. Н. Пипин, И. Порфирев, Н. С. Тихонравов, А. Н. Веселовски, А. А. Шахматов, В. Н. Перетц, и многу други. Врз овие темелни истражувања и резултати се изградија современите руски книжевни медиевалисти, на чело со Д. С. Лихачев. Имајќи ги предвид многугодишните научни резултати, синтези, хронолошки состојби, нови проширени сознанија, Лихачев можеше да даде синтетичен приказ на книжевноста и да ја круниса со капиталното дело, со Поетиката на „таа грандиозна асоцијација“. И покрај овој евидентен резултат, во бившиот СССР се множеа делата со тематика од средновековието, кои неминовно ќе бараат и друг книжевно-историски поглед.

Во соседна Бугарија се јавија изданија посветени на средновековието и по излегувањето на „Историјата на бугарската литература“, 1, (БАН, Софија 1963). Се публикуваа многу дела посветени на просветителите Кирил и Методиј, на Климент и Наум Охридски. Се откриja нови химнографски дела од: Климент Охридски, Наум Охридски, Константин Брегалнички (Преславски), излегоа нови зборници Кирило-Методиевски студии, Кирило-Методиевската енциклопедија, 1, (БАН, Софија 1985). Нивниот број расте, разбирливо базиран врз книжевните потфати на: А. Теодоров-Балан, Ј. Иванов, И. Дујчев, П. Динеков, М. Арнаудов, Е. Георгиев, и на многу други бугарски слависти. Во Бугарија е посебно евидентен импозантниот број христоматии, на: Б. Ангелов, М. Генов, П. Динеков, К. Куев, Д. Петканова. Средновековната книжевност од естетски аспект ја открива и „Поетиката на старобугарската литература“ од К. Станчев. (Откако овој ракопис беше предаден во печат (1991 г.), се појави синтетизираната и најновата книжевно бугарска историја „Старобугарска литература IX - XVIII век“ од Д. Петканова (Софија 1992, II изд.).

Во 1867 година во Загреб, Ватрослав Јагиќ, направи значаен чекор, издавајќи ја „Историјата на книжевноста на народот хрватски и српски“, со одобрение на ЈАЗУ, особено на Ф. Рачки и Г. Даничиќ. Истата година се појави „Историјата на српската книжевност“ од Стојан Новаковиќ, во Белград. Во 1871 година Ст. Новаковиќ се јавува повторно со наслов „Историја на српската книжевност“. Интересно е да се одбележи дека во неа се наоѓаат делови од хрватската книжевност, но на тоа не реагирал посебно В. Јагиќ. Иларион Руварац дури успеал со критичен однос, со фактографска прецизност, да ги победи романтичарски расположените автори. Врз интензивната книжевно-историска дејност на: Ст. Новаковиќ, Љ. Стојановиќ, В. Коровиќ, Ѓ. Сп. Радојичиќ, Ј. Скерлиќ, С. Вуловиќ, П. Поповиќ, С. Поповиќ, Д. Павловиќ, М. Кашанин, Р. Маринковиќ, како и на други современи српски слависти, во 1970 година се појави „Србљак“ (служби, канони, акатисти) во превод на Д. Богдановиќ, приредил Ѓ. Трифуновиќ; и последната „Историја на старата српска книжевност“ (СКЗ, Белград 1980) од Димитрија Богдановиќ. И покрај повеќеслојната основа, Богдановиќ кој ја анализира состојбата со средновековната книжевна историја,

ја оценува како недоволно синтетизирана, а земајќи ја предвид и „Српската книжевност во средниот век“ (Белград 1973) од М. Кашанин, истакнува: „Останува, значи, неисполнета потребата за една научна историја на старата српска книжевност. Таа потреба ќе биде задоволена дури кога ќе се добие едно навистина обемно и научно дело, исцрпно со известувања, продлабочено во анализата, крупно и синтетичко откривање на законите и патиштата на книжевното создавање кај Србите во средниот век. Книгата која се наоѓа сега пред читателите, во колото на Српската книжевна задруга, без сомнение, не е такво дело...“

Врз здравите основи поставени од В. Јагиќ се развиваше понатаму хрватската книжевна историја. По обемните трудови на М. Комбол, преку М. Решетар, Ф. Рачки, Р. Строхал, се појави „Хрватската книжевност на средниот век“ во 1969 годи- на (Загреб), во едиција на Матица Хрватска, што ја приредил В. Штефаниќ, со соработниците: Б. Грабар, А. Назор и М. Пантелиќ. Во 1975 година во Загреб се појави во „Историјата на хрватската книжевност“ втората книга на Е. Херцигоња „Средновековна книжевност“. Таа систематизира богат материјал од хрватската средновековна книжевност и направи своевидна синтеза на богатата хрватска собрана граѓа и научни трудови, во согласност со современите барања и потреби. Истиот автор во 1983 година ја публикува книгата „Nad iskonom hrvatske knjige“, за која авторот во самиот увод истакнува дека е комплементарна на претходната.

Византиската книжевност, која одиграла значајна улога и извршила влијание во јужнословенските средновековни книжевности, се движи во дијапазонот на нејзиното претставување од К. Крумбахер до Х. Г. Бек и современите грчки книжевни историчари.

И покрај очевидните сличности во развојните патишта на споменатите книжевности, постојат и видни разлики, со што се потсилуваат стремежите за поцелосно изучување и претставување на соодветната книжевност. Имајќи ги предвид како сличните, така и различните состојби, се налага потребата за по-долгорочно истражување врз планот на средновековната македонска книжев-ност. Но, соочени со размислувањата на повеќе книжевни историчари дека не

постојат комплетни и завршени книжевни истории, особено со промислената изјава на Д. Богдановиќ дека „чекањето на последниот збор, исчекувањето да се решат сите отворени прашања... би можело да биде опасно“, слободни сме да констатираме дека и покрај очевидната потреба од натамошни истражувања на нашето средновековие, неопходно е да се појави првата наша средновековна книжевна историја. Во сегашниот момент се чувствува нејзината потреба, особено и поради посочениот факт дека прегледот „Makedonska književnost“ („Македонска книжевност“), што се појави првпат на хрватски јазик во Загреб, во 1988 година, е одамна исцрпен и повторно баран. Уверени сме дека тоа ќе биде и корисен патоказ за идните потфати.

Пристапувајќи кон овој проект ја имавме предвид појдовната основа на Хенрик Маркјевич, при составувањето на познатото дело „Наука за книжевноста“, дека „истражувачот на книжевноста не може да ги заобиколува фундаменталните проблеми од својата дисциплина - и тоа оние проблеми за кои може да се претпостави дека не само што не ќе добијат дефинитивно решение, туку дури ни такви кои би обврзувале провизорно. Понекогаш е поважен од самите решенија, патот кој води кон нив.“ Во своето дело овој научник од Јагелонскиот универзитет сублимира важни постулати, резултати, и дава хронолошки преглед на историјата на науката за книжевноста.

Како резултат на современите понирања во науката за книжевноста, се извршија и бројни продлабочени истражувања, поврзани со естетски, теориски, филозофски, книжевно-историски истражувања, меѓу кои како еден врвен резултат можеме да ја посочиме „Логиката на книжевноста“ од К. Хамбургер. Една структурално-композициска постапка беше неопходна, за со нужната прецизност, постапно да ја развие и дефинира таа логика. Поширок и други резултати се презентирани на славистички и други научни собири (М. Солар, М. Главињски, З. Шкреб, З. Константиновиќ, Ф. Водичка, Д. Ѓуришин, А. Вангелов, Т. Саздов, итн.)

Разбирливо е што со текот на изминатите години и македонските книжевни историчари беа исправени пред актуелните книжевни, книжевно-историски прашања, проблеми, истражувања. Овде е неодминливо да се запреме врз специфич-

ните особености на македонската книжевно-историска наука. Со оглед на тоа што Македонците стекнаа национална самостојност во својата Република дури по Втората светска војна, тие спаѓаат меѓу оние народи што имале сосем краток пат за сопственото целосно културно пројавување и претставување. Во 1946 година беше основан Филозофскиот факултет во Скопје, во чиј склоп меѓу првите катедри започна со работа Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Во тие рамки се одвиваше проучувањето на македонската книжевна историја. Иако книжевната дејност на македонскиот терен не води се до почетоците на словенската писменост, таа најчесто беше прикажувана и присвојувана од завладувачите на Македонија, а нејзините резултати претставувани на други јазици. Јасно е дека дури по НОБ можевме да пристапиме кон изделувањето на сопствената книжевна историја. Притоа, во однос на средновековието, ракописите што биле создавани во Македонија во разни периоди влегувале во славистичките описи како бугарски, српски, или не биле именувани како македонски. Со започнувањето на дејноста на Филозофскиот факултет во Скопје отпочна и наставата на македонската книжевност. Со средновековната книжевна проблематика посебно започна да се занимава, да ја проучува и предава, професорот Харалампие Поленаковиќ. Со оглед на блиската врска на старословенската јазична и книжевна проблематика, на ова поле беа значајни истражувањата и резултатите на професорот Блаже Конески. Во рамките на Институтот за македонски јазик започна работата врз црковнословенскиот речник, со кој раководеше професорот Радмила Угринова-Скаловска, а потоа научните работници од Институтот: Вангелија Десподова, Мито Аргировски, Ѓорѓи Георгиевски, Мито Миовски, Зденка Рибарова, Кита Бицевска. Институтот за македонски јазик иницира и значајна издавачка дејност, публикувајќи ги македонските споменици: „Евангелието на поп Јован“ (В. Мошин), „Вранешничкиот апостол“ (Б. Конески), „Крнинскиот дамаскин“ (П. Илиевски), „Радомировото евангелие“ (Р. Угринова-Скаловска и З. Рибарова). Ваква дејност се одвива и во Македонската академија на науките и уметностите во Скопје, со издавањето на: „Добромирово евангелие“ (М. Алтбауер), „Синајски псалтир“ (М. Алтбауер), „Струмички (Македонски) апостол-кирилски споменик

од 13 век“ (З. Хауптова и Е. Блахова). Институтот за старословенска култура во Прилеп го издаде „Добромировото евангелие, Н“ (Р. Угринова-Скаловска и В. Десподова), „Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија“, т. V (В. Мошин, Л. Славева), „Македонски средновековни ракописи“, I (В. Десподова, Л. Славева). Беа организирани повеќе научни меѓународни, сојузни, републички средби, симпозиуми, научни собири, со средновековна проблематика.

Во 1980 година беше формиран и Институтот за литература при Филолошкиот факултет во Скопје (денес: Институт за македонска литература), чија работа се одвива врз проекти по одделенијата, кои се однесуваат глобално на истражувањата на македонската книжевна историја. Уште со основањето на Институтот, покрај долгорочните програмски истражувања, беше предвидено централно место за составувањето на македонската книжевна историја. Со таа цел во Институтот беа организирани пошироки средби со теми за периодизацијата и методологијата за изработка на македонската книжевна историја. Поднесените мислења, предлози, заклучоци, дискусии, делумно беа објавени во списанието на Институтот „Спектар“. И покрај неидентични мислења, неможноста сите периоди да се обединат со единствена методолошка постапка, потребата од натамошни опстојни истражувања, беше заклучено да се пристапи кон изработката на првата верзија на македонската книжевна историја.

Во осмислувањето на проектот за средновековната книжевност посебен придонес дадоа: Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ, Македонската академија на науките и уметностите, Институтот за македонска литература, Институтот за македонски јазик, како и научни работници вон овие институции. Меѓу нив, со особени заслуги ја задолжи историјата на македонската средновековна книжевност, и воопшто целата македонистика, професорот Владимир Мошин, кој до 1987 година работеше во Архивот на Македонија, беше во постојан контакт со сите македонски слависти. Овој широко познат славист од руско потекло разви плодотворна дејност во Загреб, потоа во Белград, за да стигне во 1967 година во Скопје, каде што останал до крајот на својот живот (почина во 1987 година). Меѓу неговите бројни и значајни трудови да ги

споменеме: „Палеографскиот албум на јужно-словенското кирилско писмо“. „Словенски ракописи во Македонија“, I, II, „Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија“ (I, II, III, IV, V - со трудови од повеќе автори).

И покрај резимирано прикажаните постигања во изучувањето на македонската книжевна средновековна историја, проширена и со научната славистичка дејност претставена и од македонистите и од странските слависти, кои ги спојува центарот - Семинарот за македонски јазик, литература и култура, што се одржува секоја година во Охрид и Скопје, мораме да констатираме реално дека ни се нужни и натамошни опстојни истражувања. Пред се, пред нас остануваат за разгледување словенските ракописни фондови, во кои ќе се изнаоѓаат делови и целини од средновековното книжевно и писмено наследство, ќе се разоткриваат автори и анонимни творци, кои го чинеле континуитетот на нашата книжевност. Но, досега стекнатите сознанија, претставени во првата македонска книжевна историја, се надеваме ќе претставува основа врз која ќе се надоградуваат наредните постигања. Во проектот на Институтот за македонска литература, со наслов „Историја на средновековната книжевност во Македонија“, како постојани соработници од самиот Институт беа вклучени: Ѓорѓи Поп Атанасов, Илија Велев, Маја Јакимовска, а во различни периоди во него учествуваа: Михајло Георгиевски, Добрила Миловска, Зденка Рибарова. Проектот го раководеше од основањето на Институтот до денес авторот на оваа книжевна историја.

Во однос на периодизацијата се определивме за глобална поделба на два периода. Првиот од нив е претставен со три карактеристични етапи: првата се однесува на IX и X век, кога поголемиот дел од територијата на Македонија е прво под византиско владеење, а повеќе под бугарско, и влегува во составот на средновековната бугарска држава на владетелите Борис, Симеон, Петар. Во овој временски период се создаваат основите на словенската писменост, се јавуваат на сцената пред Словените, Балканот и Европа просветителите, светите Кирил и Методиј, а во Охрид се формира Охридската книжевна школа со светите Климент и Наум Охридски. Охридската црковна јурисдикција зазема големи пространства за времето на самостојното македонско Самоилово царство во втората половина од X и почетокот на XI век. Втората етапа за Македонија е

карактеристична со завладувањето на Самоиловата држава од византискиот император Василиј II, во 1018 година. Во оваа етапа Македонија е под директно културно и духовно влијание на Византија, покрај политичкото, изразени и преку династичките стилови, во XI и XII век. Станува очевидно дека нашата средновековна литература е тесно поврзана со светителските култови, што е доста значајно за самата периодизација, бидејќи во првата фаза доминираат апостолските фигури на: светите Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски, а во втората - доминира аскетскиот идеал, повлекување на крајна и периферна изолација, во зависност од историско-општествената констелација. Третата етапа од првиот период започнува со српското завладување и продирање во XIII, кога на нашиот терен се проширува српската редакција на црковнословенскиот јазик и видливо трае до почетокот на идното петвековно турско владеење на Балканот. Првиот период е значаен со белегот на очевидното византиско книжевно и културно влијание, кое не го попречувал индивидуалниот колорит на нашата средновековна книжевна продукција.

Вториот глобален дел го означува петвековното турско владеење над Македонија, од XIV до XIX век, со посебни карактеристики, кога во специфичните феудални односи во турската империја се забележуваат нови феномени и на културен и на книжевен план.

Ваквиот приод е во согласност и со следново искажување на Блаже Конески, во однос на периодизацијата на старата македонска литература: „Од погледот врз канонизацијата на словенски светци во Охридската црква сам по себе произлегува заклучокот дека во најголема мера оригиналната литературна дејност на нашиот терен во стариот период е сврзана имено со прославата на култот на тие светци. Ова, се разбира, не може да се губи од предвид и при конципирањето и периодизацијата на историјата на нашата стара литература. Не се работи притоа само за чисто формален хронолошки пристап, и дури најмалку се работи за тоа, бидејќи некои текстови можеле да бидат составувани и во поново време, ама за оние суштествени одлики што произлегуваат од поместувањето на идеалот на светечкиот подвиг во одделните епохи. Видовме како периодот на организирање на црковниот и просветниот живот, во кој доминираат апостолските фигури на

Св. Кирила, Св. Методија и Св. Климента, се сменува од еден период со изразито аскетски идеал на светечкиот живот, за потоа да се дојде, со турската инвазија, до оживување на прославата на маченичкиот подвиг како врховен долг спрема религијата. Овие смени наоѓале свој израз во самата идејна поставеност на литературата во и спрема даден период.“

Во однос на методологијата, и покрај честите навраќања кон позитивизмот од XIX век, кон неспорните потребни споредбени приоди присутни во XX век, како и кон новите структуралистички аспекти, заклучивме да се раководиме од актуелните и реалните можности и потреби, поврзани со мерата и својствата на прибраниот материјал. Оттука, во однос на средновековната книжевна историја се определивме за неопходно комбинираниот методолошки приод хронолошко-жанровски. Со оглед на специфичностите на средновековната книжевност, особено и заради одредените состојби и постигања, кон неа не приоѓаме по ист начин како кон современата литература. Во својот методолошки пристап кон книжевната историја М. Ѓурчинов укажува на актуелниот проблем за паралелизмот, иманентен на позитивистичкото становиште, кој се судира со тешкотиите и фактот дека на Балканот, а и во Европа, се јавуваат нации кои се помлади од нивните национални истории. Со тоа се појави прашањето за старите литератури кои се јавиле како интегрален дел на повеќе литератури.

Во секој случај, комбинираната методолошка постапка, ја претставува средновековната книжевност и со својот оригинален, како и со својот преведен дел. Последниов е присутен и карактеристичен во сите средновековни книжевности. Со жанровските определби сакавме да ги избегнеме честите повторувања низ вековите (на пример, хагиографскиот род, присутен преку преписите и разновидните обработки во повеќе векови). Одредени хронолошки појави се инкорпорираат во жанровските групирања (на пример, аскетно-анахоретскиот живот присутен во Македонија во 11 - 12 век, за времето на византиското владеење, го добива своето изразено книжевно и културно место во анахоретските култови во хагиографиите. Потоа, одредени автори се јавуваат во склопот на двете важни школи во Македонија: Охридската и Кратовската.

Кога станува збор за методологијата и периодизацијата на македонската средновековна книжевност, овде е нужно да се соопшти дека токму со оваа проблематика се занимаваа учесниците на две организирани научни дискусии. Имено, Институтот за литература, при Филолошкиот факултет во Скопје, се формира во 1980 година врз база на проектите за долгорочно изучување на македонската книжевност, како и за нејзиното претставување во догледен период. По тој повод беа организирани и првите неопходни научни дискусии, во 1982 и 1983 година. Интересно е дека најновата „Старобугарска литература IX - XVIII век“ од Д. Петканова, соопштува дека во речиси истиот период 1979 - 1982 година, Институтот за литература во Софија ги развил дискусиите за истите прашања, иако, разбирливо, и во претходните години овие прашања биле ставени на дневен ред. И кај нив, логично, се јавуваат разни приоди, колебања, противставени мислења, присутни сигурно и во други книжевни истории.

Не случајно овде ќе ја цитирам и определбата на искусниот книжевен историчар Самуил Борисович Бернштејн, кој не случајно потцртал: „Многу недоразбирања се јавуваат во врска со тоа што учените гледаат на етничката карта на Европа од IX век со очи на луѓе од XIX и XX век. Државните и националните противречија од новото време механички се пренесуваат во таа епоха, кога, само што се формирале самостојни словенски народности, кога се уште биле силни врските меѓу нив, кога според зборовите на Климент Охридски, суштествувал еден и „многуплеменен словенски народ“. Ваквото искажување ништо не пречи да се поврзе и со современиот заклучок на С. Петровиќ: „Историската смисла на Европеецот од самиот крај на XX век е позрела од историската смисла на неговиот предедо, барем онолку, колку што е неговата свест оптоварена со различието на историските претстави за минатото. Со таа историска смисла, книжевната историја, која нема свест за комплексноста на историското време, неизбежно се претставува како неубедлива и како наивна конструкција, ако не како активно застапување на идеолошката лага.“

За самата суштина и интерлитературен домен на старите словенски литератури говорат вредните трудови на Д. С. Лихачов, особено на темата древнословенските литератури како систем, во кој се вклучуваат специфичните

жанрови и поджанрови, како и односот на литературите кон науката, културата, религијата, општествената мисла, уметноста, фолклорот, како и односот кон овие гранки кај туѓите народи. Внатрешниот строеж е во рамнотежа со надворешниот однос.

Д. С. Лихачов ги поткрепува приодите на современите книжевни историчари кон средновековната книжевност, слично како и С. Б. Бернштејн, нагласувајќи дека „историјата на литературата не е само историја на авторите и нивните производи, или историја на општествени идеи изразени во уметничка форма и историја на стилови, - таа е, исто така, и историја на менливите односи на нејзините делови и заемоодносите со надворешните појави.“ Тој го истакнува и заклучокот за меѓусебните односи на источнословенските и јужнословенските литератури од IX до XIII век, кои може да се разгледуваат како еден систем, во однос на нивните структури. Притоа, не ја заборава трансплантацијата на византиската литература, „како растение кое се менува под климатските влијанија и новите природни услови.“ И повеќе од тоа, тоа живее нов живот.

Во 1981 - 1982 година се поведоа актуелни разговори за слабостите на досегашните книжевни истории во бившите југословенски републики, компарирани со други соседни, од страна на повеќе книжевни теоретичари: А. Флакер, З. Константиновиќ, и други. Веројатно, брзиот развој на научната мисла доведува неминовно до нови квалитети, резултати, што е и суштина на недогледниот развој на науката воопшто. Меѓутоа, пред медиевалистите стои „Поетиката на старата руска книжевност“ од Д. С. Лихачов. Овој извонредно значаен труд претставува крунско дело, бидејќи врз добро фундираните и долгогодишни руски истражувања на старото книжевно наследство се оформи синтеза, која очевидно ги надмина позитивистичките стремежи. Иако таа се однесува на старата руска книжевност, создаде фундамент и практичен пример за сите историски прикази на словенските средновековни книжевности, без оглед на кое рамниште тие се наоѓаат. Таа ќе остане и долгорочен пример во историјата на книжевноста на словенските народи, обележувајќи една значајна нагорна етапа во изучувањето на старото наследство.

Имајќи ги предвид средновековните книжевни истории градени многу подолго време од 45 години, колку што ние имавме максимално самостојно научно чекорење, особено де- лата од рангот: „Теоријата за убавото во средниот век“ од Розарио Асунто, „Поетиката на рановизантиската книжевност“ од Сергеј С. Аверинцев, „Средновековната цивилизација на Западна Европа“ од Жак л’ Гоф, „Митот и античката книжевност“ од О. Михајловиќ-Фрејденберг, особено „Поетиката на старата руска книжевност“ од Димитриј С. Лихачов, пристапу- ваме кон претставувањето на сопствената средновековна книжевна историја. Таа, слично како и историјата на македонскиот народ, во далечното средновековие нема прецизни граници, ниту патот на книжевноста ги барал нив, заради што во одредени периоди значењето на дејноста на книжевните работници нема да биде ограничено само на Македонија, туку тоа ќе има одраз и во соседните словенски земји, особено во Бугарија, во чиј состав бил поголем дел од Македонија во IX и во X век, токму кога се зародувала и засилувала писменоста и книжевноста. Исто така, и други словенски автори и дејци, кои немаат македонско потекло, ќе вршат влијание и ќе бидат значајни за Македонија. Врските меѓу средновековните автори се засилувале преку разновидните проширени словенски редакции на нивните дела. Македонски, бугарски, српски, истакнати личности од книжевниот живот наоѓале прием во бројни руски зборници. Ваквиот процес се одвивал и во обратна насока. Мошне бргу руските средновековни творби, преписи, почнале да вршат и обратно дејство врз јужнословенското ракописно наследство, како што се покажува во бројни славистички студии. Мошне показателна променлива историја на македонскиот народ покажува дека тој бил повеќе од нечие владеење, отколку самостоен. Покрај тоа, недостигот на средновековни извори ги отежнува разграничувањата, но не го негира и нивното значење, актуелно за повеќе словенски соседни народи, особено за јужнословенските, меѓу кои врските биле присутни и влијанијата видливи. Во секој случај, не се сомневаме во исправноста на размислата дека еден автор воопшто не губи, туку напротив добива, ако припаѓа кон две и повеќе литератури.

На овој план убаво е да се споменат зачестените трудови на современи книжевни историчари и теоретичари, во кои се апострофираат меѓу-литературните врски, кои може да ги преминат тесните национални рамки. Така на пример, Словакот Дионис Гуришин соопштува и за интересот и за напорите што ги прават меѓународните организации за литературна наука (AILC - ICLA), како и Меѓународниот славистички комитет, со модалниот приод кон литературните појави и кон книжевната историја. Тука се приопштува често и поимот комплементарност на меѓулитературниот развој. Ако овие тенденции избиваат во современата литературна наука и историја, тогаш полесно ќе бидат сфатени и развојните книжевни правци во средновековните книжевности. Исто така, во овој контекст, важно е да се одбележат новите согледувања за дводомност и повеќедомност на одредени книжевни автори, за што би ги споменале трудовите на: Феликс Водичка, Иван Доровски, Димитар Митрев, Гане Тодоровски, М. Друговац, и многу други.

ЛИТЕРАТУРА

KRUMBACHER, K., Geschichte der byzantinischen Literatur, Munchen 1897.

МОШИН, В. Македонското евангелие на поп Јован, Институт за македонски јазик, Скопје 1954.

КОНЕСКИ, Б., Вранешнички апостол, Институт за македонски јазик, Скопје 1965.

История на българската литература, 1. БАН, София 1963.

FLAKER, A., ŠKREB, Z., Stilovi i razdoblja, Zagreb 1964.

БЕК, Х. Г., Путеви византијске књижевности, СКЗ, Београд 1967 (оригинален наслов: Hans-Georg Beck, Wege der Byzantinischen Literatur).

ЛИХАЧЕВ, Д. С., Древнеславянские литературы как система, Славянские литературы, VI Международный съезд славистов, Москва 1968.

VODIČKA, F., Struktura vývoje, Studie literárněhistorické, Odeon, Praha 1969.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Застапеноста на средновековната литература во училиштата од II степен, Просветно дело, Скопје 1969, бр. 7 - 8, 343 - 439.

Hrvatska književnost srednjega vijeka, priredio Vjekoslav Štefanić, Zagreb 1969.

МИТРЕВ, Д., Никола Јонков Вапцаров, Огледи и критики, 2, Наша книга, Скопје 1970, 7-181.

ALTBAUER, M., Psalterium Sinaiticum, an The Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje 1971.

МОШИН, В., Словенските ракописи во Македонија, I, II, Архив на Македонија, Скопје 1971.

ЛИХАЧОВ, С. Д., Поетика старе руске књижевности, Београд 1972 (превео Димитрије Богдановић). (Наслов на оригиналот: Поетика древне русской литературы, Ленинград 1971)

ИЛИЕВСКИ, П., Крнински дамаскин, Институт за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“, Скопје 1972.

Добромирово евангелие, кирилски споменик од XII век, приредил Моше Алтбауер, МАНУ, Скопје 1973.

Le GOFF, Jacques, Srednjovekovna civilizacija Zapadne Evrope, Beograd 1974.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ. Азбучник српских средњовековних књижевних појмова, Београд 1974.

MARKJEVIĆ, Henrik, Nauka o književnosti, Nolit, Beograd 1974.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Литературната историографија во XIX и XX век за средновековната книжевност, Литературен збор, Скопје 1975, кн. 1, 47 - 54.

HERCIGONJA, Eduard, Povjest hrvatske književnosti, knj. 2, Srednjovekovna književnost, Zagreb 1975.

HAMBURGER, Kate, Logika književnosti, Nolit Beograd 1976.

STOJČEVSKA-ANTIĆ, Vera, Značaj nastave srednjovekovne književnosti u srednjoj školi, Kulturni život, 1978, br. 1 - 2, 91 - 94.

БОГДАНОВИЋ, Димитрије, Историја старе српске књижевности, СКЗ, Београд 1980.

СТАНЧЕВ, К., Поетика на старобългарската литература, София 1982.

Актуальныме проблемы исследования славянских литератур, Москва 1983.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Кон методологијата за изработка на средновековната македонска книжевна историја, Спектар, Скопје 1983, бр. 1, 143 - 150; научна дискусија (140 - 155).

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, За периодизацијата на средновековната македонска литература, Спектар, Скопје 1983, бр. 2, 125 - 127 и 1984, бр. 3, 171 - 175.

HERCIGONJA, Eduard, Nad iskonom hrvatske knjige, Zagreb 1983.

БЕРНШТЕЙН, Б. С. Константин - Философ и Методиȕ, Москва 1984.

LUNT, G. Harace, Some Sociolinguistic of Macedonian and Bulgarian, Language and literary theory, In Honor of Ladislav Matejka, Edited by Benganin A. Stolz, I. R. Titunik, Lubomir Doležel, Papers in Slavic Philology 5, pp. 83 - 132, Ann Arbor, Michigan 1984, 1 - 51.

KLEINER, Juliusz, MACIAG, Wtodimierz, Larys dziejów literatury polskiej, Wrocaw, Warszawa, Krakow, Gdansk, Lodž, 1985.

ЃУРЧИНОВ, М., Кон прашањето за теоретско-методолошките основи на историјата на литературата, Спектар 1986, бр. 7,137-159, бр. 8, 93 - 113.

Теорија историје књижевности, Српска академија наука и уметности, Београд 1986. (Миливој Солар, Михаил Главињски, Светозар Петровић, Зденко Шкреб, Зоран Константиновић, Предраг Палавестра, Новица Петковић).

ПЕТРОВИЋ, С., Нови и стари историзам у историји књижевности, Теорија историје књижевности, Београд 1986, 41.

УРОШЕВИЌ, Влада, Нишката на Аријадна, „Мисла“, Скопје 1986.

ЃУРИШИН, Д., Теорија на споредбеното проучување на литературата, Наша книга, Скопје 1987.

MIHAJLOVIĆ FREJDENBERG, Olga, Mit i antička Književnost, Prosveta, Beograd 1987.

Словаръ книжников и книжности древней Руси, вып. I, Отв. редактор Д. С. Лихачев, Академии Наук СССР, Ленинград 1987.

История, култура, этнографиям и фолъклор славянских народов, X между-народный съезд славистов, Москва 1988.

МОШИН, В., Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Архив на Македонија, Скопје, I 1975, II 1977, III 1980, IV 1981, V уредници В. Мошин и Л. Славева, Прилеп 1988.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., и РИБАРОВА, З., Радомирово евангелие, Институт за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“, Скопје 1988.

Славянские литературы, X международный съезд славистов, Москва 1988.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Речник на старата македонска литература, Скопје 1989.

ДРУГОВАЦ, М., Историја на македонската книжевност XX век, Мисла, Скопје 1990, 44 - 47, 64 - 67, 101 - 105, итн.

Струмички (Македонски) апостол, кирилски споменик од 13 век, Зое Хауптова и Емилија Блахова, МАНУ, Скопје 1990.

ТОДОРОВСКИ, Г., Македонската книжевност во XIX век, Наша книга, Скопје 1990, 232-256.

ТОДОРОВСКИ, Г., За македонството на Вапцаров и за уште друго, Македонската книжевност во XX век, Наша книга, Скопје 1990, 127 - 145.

ДОРОВСКИ, И., Студии на Балканскиот литературен процес во XIX и XX век, МАНУ, Скопје 1992.

Добромирово евангелие, II, кирилски споменик од XII век, Радмила Угринова-Скаловска и Вангелија Десподова, Институт за старословенска култура Прилеп, Скопје-Прилеп 1992.

ПЕТКАНОВА, Д., Старобългарска литература IX-XIII век. София 1992.

ПЕТКАНОВА, Д., Речник на старата българска литература, София 1992.

ТОДОРОВСКИ, Г., Звучниот здив на татковината, Култура, Скопје 1992

МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА КНИЖЕВНОСТ

КРАТОК ОСВРТ ВРЗ СЛ0ВЕНСК0-ВИЗАНТИСК0-ТУРСКИТЕ ВЛИЈАНИЈА И ВРСКИ

Со населувањето на Словените од прататковината на Балканскиот Полуостров, на крајот на VI и првата половина на VII век, почнале да се одвиваат заемни процеси, силни влијанија, меѓу нив и соседните земји со кои граничеле. Јужните Словени дошле во контакт со Византиската империја. Наоѓајќи се непосредно долж византиската граница ова влијание ќе биде пресудно и значајно за Македонските Словени. Разбирливо е зошто ова прашање е мошне значајно во историската наука, исто така и во книжевно-културната историја. Во условите на доселувањето, а и подоцна, историјата на Македонските Словени е поврзана со општата словенска, но спецификите што развојно и континуирано се јавуваат, ќе одбележат своевидна патека.

Првите посигурни вести за Словените ги донесле римските историчари Гај Плиниј-Постариот околу 77 година, Тацит околу 98 година, додека Птоломеј се јавил во II век. Словените ги нарекувале и Венети и Венеди. Вака ги нарекувале најчесто Словените - Германите. Под името Склавини (Словени) се јавуваат кај Псевдо Кесариј, автор од V век. Ова е еден од најзначајните извори за Подунавските Словени. Во VI век византискиот историчар Прокопиј ги наречува Σκλαβενοί (Склабенои), или Σκλαβονοί (Склабенои), или Σκλάβοι (Склабои). Покрај овие се спомнуваат и Словени-Анти.

Прататковината на Словените се наоѓала зад Карпатите, меѓу реките: Висла, Дњепар, Двина, Десна. Општественото уредување им било на стадиум родовоплеменско. Додека жените се занимавале со куќните должности, мажите ловеле, пљачкосувале, а се занимавале со примитивно земјоделие. Биле одлични дрводелци. Правеле добри дрвени живеалишта, а го познавале и железното орудие. Во VI век зачестиле нападите на Словените и Аварите на Византиската империја. Извесно затишје настанало за времето на императорот Јустин I, бидејќи неговиот

роднина Герман ги победил напаѓачите и им влеал страв. За времето на Јустинијан I се намножиле разновидни напади врз Илирик и Тракија. Околу 545 година Словените ја минале реката Дунав. Во 547 - 548 година тие го опустошиле Илирик и навлегле во Драч. Во 549 година Словените го минале Дунав без отпор и ги ограбиле византиските владенија на Балканот. Навлегле до Егејското Море. Како што забележува Прокопиј „ги испотепале сите мажи до 15 000 на број, сето богатство им го ограбиле, а жените и децата ги претвориле во робови.“ Веќе во 551 година Словените презимиле на византиска територија, без страв, како во сопствена земја. Кај Одрин ја поразиле војската на Јустинијан I. Пустошејќи, заграбувајќи стока, пленици, Словените имале наизменични успеси и неуспеси. Разбирливо е што во војните одделни родовски старешини имале поголеми успеси, се збогатувале, во стадиумот на воената демократија. Била организирана и словенска војска, наречена фаланга. Таа не била постојана воена формација, а словенските војници немале посебна традиционална тактика. Најчесто победувале со остроумност. Според Прокопиј и други историчари тие биле русокоси, силни, издржливи и во најголемите временски бранувања. Псевдо Маврикиј ја потенцира нивната гостољубивост. Тамбурата им била омилен инструмент. Верувале посебно во култот на мртвите, а паганскиот поглед кон светот им ја наметнувал многубожечката хиерархија. Објавите за словенската паганска религија се постојано актуелни. Општопознат е нивниот врховен бог Перун, творецот на молскавицата. Им принесувале жртви на боговите, а ги обожавале: реките, планините, езерата, небесните тела, самовилите. Имале своевиден автохтон теогониски систем.

Територијата на Македонија била постојано пустошена и од Словените, и од Аварите, која како провинција влегувала во рамките на префектурата Илирик, со главен град Солун. Веќе во првата третина од VII век целата територија на Македонија била населена од Словените. Градот Солун ги издржал сите опсади на Словените и Аварите, но не можел да го избегне словенското влијание. На тој начин се вкрстиле влијанијата на староседелците и Словенците што ја населиле Македонија, а словенскиот етнос доминирал. Започнале да се одвиваат коренити етнички, општествено-економски и социјални промени. Во VII век словенските

племиња во Македонија се здружувале во племенски сојузи (прво на чело со кнезот Хацон, потоа со рексот Пребонд), не успевајќи да создадат сопствена држава. Покрај опасностите од Византија, со признавањето на новата Бугарска државна формација од страна на Византија, во 681 година, особено со нејзиното натамошно зајакнување, тие се засилиле со потенцијалот на Бугарија.

Македонските склавинии кои биле непосредно блиску до Византија имале многу помали можности за осамостојување, за разлика од оние кои биле подалеку од византиската граница. Кон крјаот на VII век, ринхинскиот рекс Пребонд создал поголем племенски сојуз. Во него влегле и Струмјаните и Сагудатите. Зачуваните „Чуда на Св. Димитрија“ говорат дека Пребонд се подготвувал да го нападне Солун. Затоа, не случајно тој бил фатен и испратен во Цариград кај императорот Константин IV (668 - 685). Словените се обиделе преку посебно пратеништво да го вратат, но се било безуспешно. Пребонд успеал да побегне, потоа бил фатен и вратен назад, а во 674 година бил убиен. Сепак, Солун бил нападнат од здружените словенски племиња, кон кои се придружиле и Драговитите. Во 677 година Солун бил нападнат безуспешно. Истата година нападот бил повторен и завршил неуспешно.

Нападите на Струмјаните врз Византија ја натерале последната да завојува против нив и да ги победи. Јустинијан II (685 - 695) по победата на Струмјаните и нивните сојузници, дел од заробените Словени ги колонизирал во Мала Азија, дел од нив ги организирал во воени одреди. Посебни напади на македонските склавинии се случиле во 785 година, за времето на императорот Константин V (741 - 775), а по победата голем дел од нив ги натерал да ја признаат врховната византиска власт. Но дека оваа власт не била постојана и силна говори фактот што и патрициот Ставрикиј војувал во 782 - 783 година против словенските племиња, пристигнал до Солун и Елада и сите ги натерал на послушност. Очевидно е дека, и покрај честите византиски победи и завладувања, во македонските склавинии многу бргу доаѓало до осамостојување. Дури во почетокот на IX век, со формирањето на темите Драч и Солун, се воспоставила трајна власт над делот од територијата на Македонските Словени.

Од почетокот на IX век се засилила Бугарската држава. Византија и нејзе не и давала многу можности за проширување на своите граници, се до почетокот на IX век. Но, за времето на ханот Крум (803 - 814) таа почнала да се проширува. По заземањето на Сердика во 809 година, ханот Крум го поразил византискиот император Никифор I и ги освоил македонските области меѓу реките Струма и Вардар. Меѓутоа, со мировниот договор меѓу Бугарија и Византија во 814 - 815 година, било решено Бугарите да се повлечат од освоените македонски територии. Византија била зафатена со сузбивање на востанието на Тома Словенинот, кон кое се придружиле и дел од Македонските Словени. Во овој период, исто така, Византија била немоќна да ја наложи својата власт над сите Македонски Словени. На оние на кои им ја наложила својата врховна власт, преку колонизирање на несловенското население, како што бил случајот со персиските колонисти меѓу реките Вардар и Струма во времето на Теофил, таа настојувала да воспостави трајна и стабилна власт. Византија на овој начин се обидувала да ги зајакне своите позиции во североисточна Македонија, која од крајот на 30-тите години од IX век станала актуелна за бугарските завладувања.

Бугарскиот владетел Пресијан (836 - 852), нарушувајќи го триесетгодишниот мир, ги обновил нападите на Македонија. Тоа било причина Византија да попушти и да им овозможи поголема самостојност на македонските склавинии. Не случајно Методиј Солунски бил испратен од страна на византискиот двор да управува во „словенско кнежевство“, кое се граничело со Бугарија и ја опфаќало Стримонската склавинија. Како словенски управител Методиј требало да собере од своето кнежевство словенска војска и да им се противстави на Бугарите.

За времето на кнезот Борис (852 - 889) Бугарската држава многу зајакнала и под нејзина власт потпаднале и македонските области во југозападна Македонија, како и дел од Албанија. Теофилакт Охридски соопштува во „Житието на тивериополските маченици“ дека кнезот Борис ги освоил Брегалничката област и поголем дел од Струмичката. Во „Житието на Св. Климент Охридски“, истиот автор известува дека Борис ги завладеал и Охридско-деволските области, заедно со делови од Албанија.

Во 864 година бил склучен мировен договор меѓу Бугарија и Византија, кога веќе поголем дел од Македонија била завладеана од Бугарија. Според одредбите од тој договор Борис се обврзал да го прими христијанството од Цариградската патријаршија, како државна религија. И во случајов се одмерувале силите за превласт меѓу Цариград и Рим над Балканот. За времето на бугарскиот владетел Симеон (893 - 927) бугарската држава се проширила уште повеќе врз македонски територии. Во 927 година бугарскиот престол го наследил цар Петар (927 - 969). Во 927 година цар Петар склучил договор со Византија, со кој завладеаните области од Пресијан, Борис, Симеон, биле признати како бугарски провинции. Населението од овие области се бунтувало. Во „Житието на тивериополските маченици“ се вели дека населението од Струмичката област се бунело за времето на Борис. Феудалните односи од Византија и Бугарија влијаеле овој процес да се забрза и кај Македонските Словени. Со потпаѓањето под византиска и бугарска власт процесот на феудализација кај нив се засилува. Во македонските области под Бугарија се јавувале феудални господари. Од Климентовото житие се дознава дека во Македонија имало кнезови, кои добивале даноци од населението. И силата на црквата се зајакнувала, економски. Феудалните односи особено се засилиле во X век, кога и класните спротивности биле истакнати. Овие општествени односи ќе овозможат масовно изникнување на еретичкото дуалистичко-верско, социјално движење - богомилското учење, на територијата на Македонија, што се наоѓала во составот на средновековната бугарска држава за времето од владеењето на царот Петар. Ова движење со новопојавена сила, во противречностите на времето, повторно разоткри и стари месалијански, и манихејски, и павликијански и дуалистички верувања. Од состојбите на Македонските Словени во македонските склавинии може да се извлече сликата за нивното егзистирање од VI до средината на IX век, кога се јавуваат како независни или полузависни словенски кнежевства. Од средината на IX век Македонија потпаѓа под византиска и бугарска власт, но во македонските склавинии се зачувала одредена внатрешна самоуправа, и покрај губењето на независноста. Со право заклучува С. Антолјак дека целата оваа констелација и

состојба на македонските склавинии кон 60-тите години од X век формира здрава основа за создавањето на македонската држава.

Токму во 60-тите години од X век се заостриле и византиско-бугарските односи. Императорот Никифор II Фока (963 - 969) во 967 година ја нападнал Бугарија, но немоќен побарал сојузништво со киевскиот кнез Свјатослав, кој во 968 година ја минал реката Дунав и ги нападнал подунавските бугарски градови. Бугарскиот цар Петар и понудил мир на Византија. Набргу потоа синовите на царот Петар се нашле како заложници во Цариград, и Борис и Роман.

Токму во тоа време во Македонија се создала поволна клима да се дигне востание. Синовите на кнезот Никола, младите комитопули Давид, Арон, Мојсеј и Самоил, веднаш по смртта на царот Петар, во крајот на јануари 969 година, кренале востание и успеале да ослободат поголема територија во југозападна Македонија, и ги поставиле темелите на новата словенска држава во Македонија, позната како Македонска, Самоилова држава, со средиште во Преспа. Востаничките димензии ја натерале Византија да ги врати синовите на Петар во Преслав, а на бугарскиот престол застанал Борис II (969 - 971). Во 969 година византиско-бугарските војски не можеле да го спречат продорот на руската војска, која го зазела Преслав, а Свјатослав ги заробил царот Борис II и брат му Роман. Никифор II Фока бил убиен од Јован Цимискиј (969 - 976), кој во 971 година ги протерал Русите од Балканот. Царот Борис II бил ослободен од руско ропство, и набргу заедно со неговиот брат Роман, како заробеници, биле испратени во Цариград, со што било ликвидирано Првото бугарско царство. Бугарија била претворена во византиска провинција. Истата година Македонија била натерана да ја признае врховната византиска власт. Се претпоставува дека ерменското потекло на кнезот Никола и на Цимискиј, влијаело неговите синови да продолжат да владеат како вазални владетели. Во 976 година починал Цимискиј и престолот го наследил Василиј II (976 - 1025). Тогаш комитопулите успеале да ја отстранат врховната византиска власт. Уште истата година Давид бил убиен меѓу Преспа и Костур, Мојсеј загинал кај Серез во битката против Византија, а Арон бил убиен од Самоил кај Разметаница, бидејќи се обидел со помош на Византија да ја награби власта. Самоил станал единствен владетел на Македонија, самодржец,

одличен стратег. Неговата војска била добро организирана и силна. Изградил многу тврдини и ја зајакнал државата. Во 985 година ја презел Лариса. Ги пренесол моштите на Св. Ахил во престолнината Преспа, каде што биле изградени и раскошни дворци. На 17 август во 986 година Самоил ја поразил византиската војска на царот Василиј II кај Ихтиман. Откако Самоил осетно ја проширил својата држава на Балканот, кон самиот крај на X век, во Преспа, во присуство на папски легати, бил прогласен за цар. Со папска дозвола бил избран и врховен црковен поглавар, патријарх.

Самоил почнал освојувачки походи. Ја зазел Дукља, а дукљанскиот кнез Владимир го заточил во Преспа. Самоил продолжил да пустоши по Далмација, стигнал до Задар и на враќање ги потчинил Босна и Рашка, како и голем дел од Албанија. По враќањето од Преспа бил соочен со љубовната врска меѓу ќерка му Косара и заточениот Владимир. Самоил го дозволил бракот меѓу нив и Владимир бил вратен да управува во Дукља и Драч.

Крунисувањето на Самоил, добивањето на царската круна од папата Григориј V (996 - 999), ја вознемирило Византија. По наизменичните успеси и неуспеси при воените напади и судири меѓу Самоил и Византија, во 1014 година Самоиловата војска била поразена катастрофално под Беласица. Императорот Василиј II наредил на заробените Самоилови војници, кои броеле 15 000, да им ги извадат очите, а на секои сто војници бил оставен еден со едно око, како водач на другите. Војниците биле доведени пред Самоила во Прилеп. Погоден од неповторливата слика, Самоил добил, најверојатно срцев удар, и починал на 6 октомври 1014 година.

Овој прв македонски цар успеал да ја прошири својата држава на целата територија на Македонија, без Солун, на Тесалија, Албанија, Дукља, Травунија, Захумље, Рашка, Босна и поголем дел од Бугарија. Неговите престолнини не случајно се наоѓале во Преспа, Охрид, а дворци имал во Битола, Прилеп, Прониште, Сетина, и на други места. Самоиловата држава била нова градба, со средиште Македонија, со споменатите завладувања и проширувања.

Се смета дека во духовен поглед Самоил ја унапредувал Црквата. Повеќе учени сметаат дека Охридската архиепископија во тоа време достигнала ранг на

патријаршија. Во секој случај улогата на Охридскиот црковен центар добила солидна стартна позиција, која имала пресудна важност и во наредните векови. Во Охрид се преместила и Самоиловата престолнина. Градот Охрид добил и световен и црковен врховен поглавар.

Во однос на Самоиловиот однос кон богомилите во историографската наука постои становиште дека самиот не бил богомил, ги толерирал богомилите, особено заради продолжителните војни со Византија. Византискиот император Василиј II постепено ја совладувал Самоиловата држава при неговите наследници, син му Гаврил Радомир (1014 - 1015), внук му Иван Владислав (1015 - 1018), и во 1018 година целосно ја презел. Со победата на Василиј II охридската тврдина била урната. Македонија била претворена во византиска провинција, поделена на повеќе воено-административни округи (теми). На дел од покорените македонски феудалци им ги оставил имотите, но без подлабоки управни можности. И македонското свештенство било лишено од заземање на управнички должности во Охридската архиепископија. Членовите од заробеното македонско царско семејство биле одведени во Цариград, а оттаму испратени во далечните источни византиски владенија.

XI-от и XII-от век за Македонија означувале признавање на византиската власт, што доаѓало до посебно силен израз и влијание во сферите на духовниот живот. Уште со доаѓањето до контакт меѓу Македонските Словени и Византија, со преселбите, како и преку директното и индиректното влијание, во составот на бугарската и византиската држава, развиените дострели од византиската наука, уметност, култура, наметнувале посебен тон и однос врз креациите.

Веќе од крајот на XIII век започнуваат српските аспирации и проширувања кон Македонија. Првите скалила ќе ги премине кралот Милутин, а ќе заврши со крунисувањето на кралот Душан за цар, во Скопје, на 16 април 1346 година. Веќе со смртта на цар Душан во 1355 година неговото силно царство започнале да го потресуваат немири. Се создавале независни држави и поседи. Меѓу феудалците во Македонија посебно биле познати браќата Мрњавчевиќи, Волкашин и Угљеш. Токму тогаш се засилила турската држава. Здружените војски на браќата Волкашин и Угљеш се судриле со Турците кај реката Марица, во 1371 година, каде што

биле поразени и убиени. Синот на Волкашин - Марко, крал на прилепското кралство, пред крајот на животот, станал турски вазал и ја задржал кралската титула. По Маричката битка турската војска напредувала на Балканот. Во 1383 година паднал градот Сер, во 1385 Штип, Велес, Прилеп, Битола, а во 1392 - Скопје. Пред Скопје најверојатно паднал и градот Охрид. Борејќи се од страната на Турците против влашкиот војвода Мирче, Марко загинал заедно со Константин Деан (Дејановиќ) во 1395 година, во битката кај Ровињ. По ова било ликвидирано прилепското вазално кралство, како и државата на Константин. Од самиот крај на XIV век целата територија на Македонија, без Солун (кој паднал под турска власт во 1430 година), била вклучена во рамките на турската империја. Во 1453 година, за времето на византискиот император Константин IX Драгаш Пелеолог и Византија потпаднала под Османлиската империја. Пет векови потоа за Македонија настапило турското владеење.

Јужните Словени, а меѓу нив особено Македонците, со преселбите дошле во контакт со големата и позната Византиска држава, со традиционална стара култура. По смртта на царот Теодосиј во 395 година Римската империја се поделила на Источна и Западна. Источниот дел се обединил како самостојна држава Византија. Името Византија го добила според старата грчка колонија Византија, која се наоѓала на местото од Цариград. Самите Византијци се нарекувале Ромејци, а својата држава - Ромејско царство. И жителите и државата се сметале како продолжение од Римското царство. Во VII век грчкиот јазик бил прогласен за државен. Додека Западната империја од ред објективни причини побрзо се распаѓала, а во 476 година пропаднала, Источната империја прераснала во силна феудална држава, која го продолжила својот живот се до 1453 година. Оваа империја се одржувала на чело со традиционалниот двор, со крупните земјопоседници, со централизираниот бирократски механизам на државната управа, со високите домени на културниот развој, со наследството од антиката. Покрај тоа, воените редови ги засилила словенската здрава сила. Економската страна ја засилувале: Египет како житороден центар, Сирија тргувала со најбогатите трговски центри, Мала Азија изобилувала со волна и кожи. Економските и културните врски меѓу сите земји не биле прекинувани и во најголемите кризи.

Богатиот и интензивен живот во Цариград, Антиохија, Александрија, никогаш не се стишувал. Цариград бил главниот центар меѓу Исток и Запад. Во касите на византиските цареви имало огромна концентрација на парични богатства. Приходите на Византија ги надминувала десеткратно и тие на најразвиените феудални европски држави.

Византија била конгломерат од околу 20 народи, луѓе, од разновидно потекло, но обезбедена и цврста преку сите преземени мерки на дворот во обединувачките насоки, во единствениот настап и надворешната политика, и во најопасните агресии на непријателите. Централната власт секогаш се одржувала. Разбирливо е дека во внатрешните граници жителите не секогаш ги поднесувале стегите. Така на пример, видливо било негативното расположение на поданиците за времето на Јустинијан I (527 - 565). Покрај тоа, токму тогаш се појавува опасниот и силен непријател Словените. Ваквата внатрешна ситуација им помагала честопати на Словените. Постепено во VII век Словените се стабилизирале на Балканот.

VIII век е мошне карактеристичен за Византија. Младата и нова провинциска аристократија, настојувала да се зајакне економски, зголемувајќи ги своите феудални поседи за сметка на црковно-манастирските. Императорите од Исаврискатa династија го поддржувале новото племство. Нивната борба против црковните и манастирските имоти добила форма на иконоборство, чии основни белези се економските. Со едиктот на Лав III им бил нанесен голем удар на манастирите, бидејќи бездруго говорел против почитувањето на иконите. Лав III и неговиот син Константин V (741 - 775) се пресметале со монашката опозиција. Меѓутоа, она што е мошне значајно и показателно, покрај доследните иконофили, од рангот на: Јован Дамаскин, Теодор Студит, Никифор Цариградски, Фотиј, Кирил и Методиј, и многу други од средината на IX век на страната на иконопочитувачите застанал и самиот императорски двор. Во големиот број приврзаници се бараат причините за конечната победа на иконофилите. Во 843 година царицата Теодора го воспоставила без никакви препреки култот на иконите. Христијанизацијата на Словените, како и на Македонските Словени, се вршела уште со конечното населување на Балканот, меѓутоа со делото на светите Кирил и Методиј, на разбирлив јазик, зафатила длабоки корени. Самата Античка

Македонија, како библиска земја поседувала и библиска култура, и зрачела христијанско православие. По Исавриската династија дошле на власт Македонската, која владеела од 867 до 1056. Еден од императорите на оваа династија, Василиј II го уништил Самоиловото царство. Од XI до XIII век Византија била застапувана од крстоносците, кои во 1204 година ја ликвидирале и на нејзино место ја формирале Латинската империја. Возобновената Византиска империја во 1261 година била само сенка на некогашната моќна Византиска империја. По продолжителните напади на Турците Османлии, во 1453 година, султанот Мехмед II го освоил Цариград и и ставил крај на Византиската империја. Со тоа за македонскиот народ, како и за повеќе балкански народи, започнал периодот на долготрајното турско владеење.

За времето на владеењето на бугарскиот кнез Борис во Македонија, во градот Солун, од 886 година беше формирана Охридската книжевна школа. Во источна Бугарија, во Плиска, а потоа во Преслав истовремено се одвивала широка просветителска и проповедничка дејност. Додека во Охрид дејствувал учителот и просветителот Климент Охридски, подоцна прв словенски велички епископ, во Плиска или Преслав останал да дејствува Наум Охридски, за да го замени во 893 година учителот Климент во Охрид, кој бил назначен за прв словенски епископ во Велика. До крајот на IX век се развиле и Охридската книжевна школа и Преславската книжевна школа. Од кругот на преславските дејци посебно се апострофираат: Наум Охридски, Црноризец Докс, Тудор Докс, епископ Константин (Преславски), Јоан Езгарх. Оваа школа ја издигнува на посебно високо ниво самиот бугарски цар Симеон, заради што и неговото време е обележано како златен век на бугарската просвета, култура и книжнина. Самиот Симеон, високо образован во византиска школа, покажал наклоност кон книжевна дејност.

Во Охридскиот круг се истакнале Св. Климент и Св. Наум Охридски, Црноризец Храбар, и други истакнати или анонимни автори. Разбирливо е што влијанијата меѓу овие школи, а потоа и со други центри, и византиски, и руски, и други словенски, се одвивале по разни канали и патишта низ вековите, и покрај видливата ориентација на Преславската школа кон кирилската азбука, а на Охридската школа - кон глаголската. Самото завладување на македонската територија,

постепено и парцијално, а потоа речиси целосно за времето на царот Симеон, во рамките на средновековната бугарска држава, овозможувало размена на идеи, ракописи, влијанија меѓу авторите, меѓу манастирските центри и населението.

Со дејноста на Св. Климент и Св. Наум Охридски во Охрид, со нивниот монашки живот, со изградувањето на истоимените манастири крај Охридското Езеро, овозможиле појава на први киновии кај нас, во самиот крај на IX и почетокот на X век, пред појавата на православниот киновиски живот во Света Гора. Не случајно толку значајниот светогорски центар традицијата го поврзува со македонскиот цар Самоил, во врска со појавата и развојот на Зографскиот светогорски манастир. Инаку познато е дека првата атонска киновија бил манастирот „Св. Атанасиј“ - Атонска Голема Лавра. Разновидните манастирски центри на Атос ќе привлечат образовани монаси, свештеници, од разни словенски и несловенски средини. И меѓу нив ќе отпочне живо комуницирање и влијание. Средновековните дејци и патници ги пренесувале ракописите и пошироко и многу подалеку, вршејќи честопати кружно пренесување на словенските книги.

Во почетокот на XI век Византија го завладеа Самоиловото царство, но затоа остана Охридската архиепископија, остана охридската книга, традицијата на Охридскиот книжевен центар, го продолжија духовниот живот и дејност светогорските манастири. И за времето на византиското владеење се појавувал македонскиот отпор. Во 1040 година избувнало востанието на Петар Делјан, а во 1072 година на Ѓорѓи Војтех, со центар во Скопје. На Ѓорѓи му се придружил и Константин Бодин, син на зетскиот владетел Михаил. Не случајно народниот отпор нашол израз во богомилското еретичко и социјално движење.

Во 971 година Бугарија била целосно покорена од Византија. Оваа ситуација сигурно не ги оставала мирни покорените области, но видливо будење на завладеаното царство настапило во XII век. Браќата Иван Асен и Петар во 1186 година дигнале востание. Гледајќи ги успесите на Асеновците, Византијците успеале со итрина да ги раскараат роднините. Иван бил убиен од братучедот Иванко, а по една година бил убиен и другиот брат - Петар. На чело од ослободената Северна и Јужна Бугарија стапил третиот брат Асен - Калојан (1197 - 1207). Меѓу првите осамосталени владетели во Македонија бил Добромир Хрс во

Струмица и Просек. Во 1204 година Калојан стапил во Унија со папата и добил кралска круна а во 1207 година бил убиен. По смртта на Калојан повторно се зацврстил самостојниот владетел во Македонија Добромир Стрез, кој завладеал со Просек, Охрид, до Солун. За времето на владетелот Асен II (1218 - 1241) Бугарското царство достигнало кулминација.

До 1282 година во Македонија се чувствувала византиската власт, а потоа започнало српското завладување на територијата на Македонија од кралот Милутин. Во почетокот на XIV век Бугарија и Србија воделе борби за Повардарието. Во битката кај Велбужд во 1330 година Бугарија била поразена и голем дел од територијата на Македонија и припаднала на Србија. По завладувањата на српскиот крал, а потоа цар, Душан, ќе следи и долговековното турско владеење.

Разбирливо е што развиената култура во Византија ја формирале повеќе народи, чии традиции се базирале врз сопствените самостојни стари културни наследства. Можеби еден карактеристичен пример и дело на сите тие вкрстени влијанија е цариградската црква Света Софија, изградена за времето на царот Јустинијан. Покрај културите на старите цивилизации, во кои посебно доминирала античката, се изучувале многу други науки и вештини, особено: реториката, филозофијата, граматиката, геометријата, правото. Како книжевен пример со енциклопедиски и сестран карактер е делото „Мириобиблион“ од цариградскиот патријарх Фотиј. Ова забележливо дело го содржело севкупното античко филозофско наследство, најсуштинското патристичко теолошко наследство. Овој автор од светски ранг му бил професор на Св. Кирил Филозоф. И не само што му држел часови, туку ученикот ја имал и привилегијата да го посетува неговиот дом, неговата безмерна библиотека, со други постари и помлади жедници за ука и плодотворни дискусии, за: Сократ, Платон, Аристотел итн. Византиската книжевност ги негувала и старите книжевни родови, а во неа никнувале и нови креации. Показателен пример е севкупното дело на Михаил Псел, правник, филозоф, филолог, историчар, поет (XI век). За да се дојде до ваков претставник патот го трасирале: Зосима во V век, Прокопиј од Кесарија, Теофилакт Симокат од VI век, како и многу други значајни хроничари, историчари, од VII, VIII, IX и X век.

Јасно е дека византиската култура, наука, уметност, вршеле силно влијание врз културниот просперитет на Словените и тоа низ долготрајни децении. Ова посебно се одразувало кај Словените што се наоѓале поблизу до северните граници на Византија. Не случајно во Македонија и во Бугарија се јавиле доста рани преводи и обработки на значајни дела од византиската средновековна книжевност. Синовите на феудалците имале можности да се школуваат во високите византиски школи и со тоа ги пренесувале достигањата на Византија. Поширокото словенско население имало, пак други, поскромни можности да се запознае со духовните влијанија, преку усното народно творештво, и преку индиректни патишта. Многу значајни творби од црковната литература свештениците ја предавале и по устен пат. Патувачките средновековни трупи вршеле своевидно информирање на населението за популарните книжевни прозни и поетски творби, кои ги изведувале.

Со оглед на тоа што постојано се апострофира византиското влијание врз Словените, разбирливо е дека тоа не го претполага и обратниот пат на врски. Самите словенски здрави редови извршиле важна регенерација на Византија. Се создаде силна класа на слободни селани, како и зајакната и подновена војска - стратиоти.

Во однос на византиското влијание во Македонија сигурно е дека тоа се одвивало уште со првите словенско-византиски контакти во VI и VII век. Инцидентните влијанија немале показателна основа, бидејќи Словените немале писмен јазик. Затоа, појавата на Светите браќа Кирил и Методиј, кои одлично го знаеле токму јазикот на Македонските Словени од околината на Солун, и го внеле во основата на литературниот старословенски јазик, извршиле епохално значајно дело за сите Словени. Со изнаоѓањето на азбуката, преводите, започнало и писмено-книжевно влијание бидејќи и примерите што настанувале во почетниот период од словенската писменост доаѓале директно од Византија, а потоа и индиректно преку неа - стари источни книжевни примери. Св. Кирил и Методиј биле образовани во духот и достигањата на високата византиска наука и уметност, и преку сопствените примери, тој дух и тоа ниво на развој, им го предавале на учениците. Меѓутоа, мошне упатна е и забелешката на отец Стефан

Санџакоски: „Современата историографија во своите истражувачки проекти го пренебрегнува теолошкиот фактор како централен фактор при проучувањето на византиската култура и мисла воопшто...“ Сосем се оправдани неговите настојувања во делото „Богомислие“ да го опфати важниот стожер на православната теологија, зашто светите браќа Кирил и Методиј, со создадениот старословенски литературен јазик го пренесуваа и пресадуваа во светот православниот литургиски чин, христијанизирајќи ги и поучувајќи ги Словените. Во нивните значајни полемики тие се претставуваат како достојни наследници на патристичките идеи, на своите цариградски професори, толкувајќи го ортодоксното христијанство.

Повеќе податоци токму во Македонија се надоврзуваат во врска со делото и животот на св. Климент Охридски, кога Охридската книжевна школа станала значаен расадник на писменост, образование, книжнина, култура. Меѓутоа, уште во IX век, потоа и во X, покрај неспорното силно византиско влијание, во чиј дух биле образовани и св. Климент и св. Наум Охридски, се формира специфична словенска книжевна продукција, култура и дух. Најраните фрески од охридската црква Света Софија го откриваат и културниот и уметничкиот домен на средновековниот град Охрид. Оваа традиција ќе продолжи и на книжевен и на историско-уметнички план ширум Македонија. Во неа се формираат средновековните скрипториуми и школи. Во центрите од видот на: Лесновскиот, Кратовскиот, Дебарскиот, Слепченскиот, Пчинскиот, ќе се негува ракописното наследство. За времето на турското владеење просветниот оган некогаш ќе се претвора во искра, но и таа ќе носи виделина и континуитет. На уметнички план се формираат пластовите на фрески во Нерези (1164), Курбиново (1191), вториот слој живопис во Света Софија во Охрид во XIII век, Света Богородица Перивлептос, денешен Свети Климент Охридски (1295). Во сите манастирски и црковни уметнички дела се чувствува и препознава најчесто комненскиот или палеолошкиот уметнички стил. Но, во сите нив живее препознатливиот македонски автор, креатор, дух, и покрај процесот на заемното влијание. Тоа посебно е видливо во делата што произлегле од македонските надалеку познати зографи. Особено во XIII и во XIV век македонските автори изненадуваат со сопствениот белег, со посебната индивидуалност, а сите заедно ја формираат

македонската уметничка физиономија. Палеолошкиот стил дојде до израз во времето од владеењето на кралот Милутин, посебно во фреските и иконографијата од манастирите и црквите Свети Никита, Свети Ѓорѓи во Старо Нагоричино. Спецификите што ги оставиле зографите Михаил и Евтихиј се показателни и индивидуални.

Во книжевен поглед, по смртта на Св. Кирил и Св. Методиј останале многу активни творци меѓу нивните ученици. По смртта на Св. Климент и Св. Наум Охридски, исто така, живееле и неуморно твореле и нивните бројни ученици. Анонимни и скромни најчесто, тие го вткајувале своето дело во општите текови на македонската книжевна и културна оставнина. Средновековната црковна книжнина ќе го најде својот израз и преку бројните македонски ракописи. Нема да бидат одминати сите значајни дела од библиотеката и литургиската книжевност. На теренот на Македонија, во Охридскиот центар, како и во другите скрипториуми во Македонија, се множеле преписите, преводите, преработките, на значајните средновековни текстови од сите присутни родови. Посебен израз добиваат апокрифните и хагиографските дела. Последниве во Византија доживеале своевиден растеж, трансформација и кулминација. Под влијанието на општо-христијанските византиски хагиографии ќе настанат локалните македонски хагиографии. Движејќи се во интервалот од појавата на Панонските легенди, преку житијата на Св. Климент и Св. Наум Охридски, на Св. Прохор Пчински, Св. Гаврил Лесновски, Св. Јоаким Осоговски, Св. Иларион Мегленски, Св. Ѓорѓи Кратовски, се оформува култот на локалните светители.

Византиското влијание се чувствувало и на полето на музиката. Во богатата историја на византиската средновековна музика, веднаш до личноста на Јован Дамаскин се вбројува авторот Св. Јован Кукузел, кој според хагиографската литература е роден во Драч, а според некои истражувања во Западна Македонија. Времето на неговиот живот не е точно определен, се движи од XII до XV век. Посебен напредок во создавањето на книжевни дела, литургиски текстови, со екфонетска нотација, Македонија доживеала уште за времето на Св. Кирил и Св. Методиј, за времето на Св. Климент и Св. Наум Охридски, како и за времето на Самоиловото царство. Оваа традиција продолжила и во XI и во XII век. Архи-

епископот Теофилакт од Охрид говори за музичката дејност на Климента, за снабденоста на Црквата со „псалмо-подовни песнопеења“. Охридската школа го негувала задолжително црковното пеење, и репродуктивното и оригиналното. И во овој случај богатата византиска средновековна црковна продукција не можеле да не остават траги во средновековното македонско музичко творештво. Зачувани се значајни словенски ракописи со македонска редакција со екфонетска нотација, врз кои посебно се запрел во своето долгогодишно живеење и истражување во Македонија - Владимир Мошин. Да ги споменеме само овие значајни ракописи: Новгородските листови, Битолскиот триод, Болоњскиот псалтир. На овој план навистина се неопходни и натамошни по сестрани истражувања.

Византиското влијание во културен, духовен поглед, се чувствувало од доаѓањето на Словените на Балканот па се до потпаѓањето на Византија под турска власт во XV век. Меѓутоа, Македонија не била само земја која имала директни заемни влијанија со Византија, туку таа и посредувала при кртосаните влијанија. Не случајно, византологот Г. Острогорски, одамна забележал: „Македонија била средиште од кое византиската култура и политичко влијание се ширеле кај соседните јужнословенски земји. Но, и покрај тоа, во историјата на Балканскиот Полуостров оваа средишна земја зазема извонредно значајно место. За неа посегнувале постојано соседните посилни и посредени држави. И по правило превласт на Балакнот имала онаа - која владеела со Македонија.“ Средниот век е карактеристичен со појдовните процеси токму на ваквиот однос на соседите кон Македонија.

Од XIV и XV век културно-книжевниот и писмениот пат на Македонија се одвива во правец на новите ситуации што ги наметна турското владеење на Балканот. Меѓутоа, печатот што го дала Византија, како и индивидуалноста на книжевните и уметничките насоки на авторите што попримиле специфични карактеристики од поднебјето каде што твореле, ќе дадат здрава основа целокупното богатство да се зачува. Уште со христијанизацијата на Јужните Словени се јавуваат како специфични дела хагиографиите. Покрај појавата на монашкиот живот во Македонија во IX и X век, во XI век се развива пустиножителството, кое ќе придобие значаен развој, а во XIV век ќе даде подлога и на

исихастичките белези. Во XIV век Византија е актуелна со процесите на исихастичкото движење. Во полемиките и активностите што ги предизвикала оваа појава, значајно место имал прилепчанецот Акиндин, заедно со Варлаам. Овој книжевен род, кој кај нас се формира и се надоврзува на Кирило-методиевската дејност, се формира околу хагиографиите на Св. Климент и Св. Наум Охридски, на Св. Прохор Пчински, Св. Гаврил Лесновски, Св. Јоаким Осоговски, Св. Иларион Мегленски, итн. Колку хагиографиите биле популарни говорат нивните длабоки траги втиснати во македонското народно творештво. Многу од нив живеат и денес во усното современо македонско народно творештво.

Во Македонија голема популарност доживеале и апокрифните состави. Појавата на широко распространетото богомилско движење, чија идеологија се вклопувала во поголем број апокрифни содржини, ќе придонесе за нивното популаризирање. И средновековните романи и раскази, како општи и книжевни карактеристични родови нашле своевиден прием и развој во Македонија. Разбирливо е, кога се имаат предвид заедничките белези на средновековните книжевности, дека и Македонија не можела да биде вон општите книжевни процеси, напротив книжевната историја бележи паралелен растеж на специфичните средновековни книжевни творби, и од преводна и од оригинална природа.

И уметноста на Словените содржи посебни општи и специфични одлики. Со доаѓањето на Словените на Балканот, зачуваните керамички и метални предмети, накит, покажуваат примитивен развој, се разбира карактеристичен за реалното општествено формирање и стадиуми низ кои минувале Словените во преселбите. Сигурно е дека катастрофалните земјотреси во почетокот на VI век, што ги разурнале важните развиени центри во Македонија: Скупи, Стоби, Хераклеа Линкестис, Лихнидос, и други градови, придонесле за натамошната стагнација на уметничкиот живот и влијание, а не, како што би се очекувало подем. Многу значајни градски и црковни градби ги ништеле словенските и аварските наезди и напади. Новите содржини словенската уметност ќе ги изградува во контактот со Византија, особено со градот Солун. Црковниот живот, веќе озваничената христијанска религија, кои доаѓаат до израз во IX век, го негуваат манастирскиот

и црковниот живот, разбирливо и нивната уметност. Со изградбата на манастирите на Св. Климент и на Св. Наум Охридски, во уметничкиот живопис, иконографија, архитектура, ќе се вплетат и старите и новите уметнички белези. Словените не можеле така лесно да се одделат од старите стекнати сознанија, верувања, навики, дострели, но исто така, не можеле да бидат имуни и пред блескавата најава на вредностите со кои се судриле во новата татковина, како и со тие на соседите.

Кон градбите на манастирите Св. Климент Охридски, Св. Наум Охридски, со своите уметнички квалитети може да се придружат уште многу, меѓу кои: Св. Ахил во Преспа, Св. Софија во Охрид, Св. Богородица во селото Враниште, Св. Леонтија до Струмица. Македонскиот живопис доаѓа до посебен израз во црквите: Св. Софија во Охрид, црквите во Вељуса и Водоча. Не помалку значајни уметнички дела ни презентираат црквите во Нерези, Курбиново, Св. Никола во Прилепско, Богородица Перивлептос во Охрид. Во нив е карактеристична комненовската линија, а присутен е и палеолошкиот стил. Последниов станува доминантен за времето на српското владеење, особено со градбите: Св. Никита и Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино. Зографите Михаил Астрапа и Евтихиј се откриваат како значајни автори, особено со делата изработени во Богородица Перивлептос. Меѓутоа во XIII, особено во XIV век, покрај палеолошкиот правец во уметноста, се развива и манастирската тенденција. Разбирливо е што исихазмот, како карактеристичен духовен идеолошки поглед во XIV век, не можел да не остави траги и белези во уметноста. Една од стожерните и обединувачки улоги во средниот век одигра градот Охрид, со својата традиција, со Охридската книжевна школа, со Охридската архиепископија. Од овој град ќе протечат значајни духовни струи до многу словенски области, градови и центри. Во овој центар, врз култот на Св. Павле, Св. Андреа, Св. Еразмо, се надоврзуваат култовите на браќата Св. Кирил и Св. Методиј, на Св. Климент и Св. Наум Охридски. Во овој однос Б. Конески не случајно подвлекол: „Градовите во кои се врши еден интензивен процес на вкрстување на народносни и културни елементи, имаат особено важно место во развитокот на светската култура. За некои од нив е создадена метафората дека се прозорци кон светот. И Охрид го за-

служува наполно тоа име, кога ќе се земе предвид колку многу од културното благо на Византија е пренесено во словенскиот свет имено при посредство на овој град.“ За времето на македонскиот цар Самоил, Охридската црква најверојатно достигнала ниво на патријаршија, кога и диоцезот на охридската архиепископија-патријаршија бил осетно зголемен.

Очевидна е посредничката улога на градот Охрид меѓу Византија и словенските земји. На овој план треба да се истакнат и врските на Охрид со Киевска Русија, особено во врска со покрстувањето на Русите во 988 година, за што посебно опширно соопштува М. Д. Приселков. Охридската архиепископија одиграла значајна улога во организирањето на руската црква. Ова влијание траело до 1037 година, кога во Киевска Русија била востановена грчка митрополија, а истата година починал и митрополитот Јоан.

Црковните врски придонесле да се засилат и размените на писмени и книжевни споменици. Тогаш биле пренесени од Охрид во Русија значајни ракописи, врз чија основа настанале руски преписи. Како пример да ги истакнеме Новгородските листови, за кои В. Мошин заклучува дека претставуваат остаток од царски кодекс, кој достигнал до Новгород, најверојатно и со други ракописи од јужнословенска средина. Овие листови му послужиле како основа на ѓаконот Григориј за составувањето на Остромировото руско евангелие. Вакви примери обелоденил М. Н. Сперански во 1928 година, кога ги претставил етапите од развојот на Атанасиевите толковни псалтири. Толстоевиот псалтир од XI - XII век настанал врз македонска предлошка. Многу јужнословенски споменици биле користени и како изворни материјали за историски текстови. Таков карактеристичен пример е „Повѣсть временныхъ лѣтъ“ настаната во Киев во XII век, во чија основа се откриваат значајни јужно-словенски текстови.

Посебно внимание заслужуваат раните преводи од грчки на старословенски јазик, настанати во Македонија, кои понатаму служеле како предлошка за нови преписи, обработки, преводи, во српска, хрватска средина. На ваков начин мошне значаен број апокрифни раскази преминале од Македонија во Србија, во Хрватска, во Црна Гора, во Босна.

Додека кон крајот на XIV век Македонија преоѓа во турско владеење, веќе во првата половина на XV век целата нејзина територија е под власта на веќе зацврстената турска феудална теократска држава, со централистичка управа. Македонија со најголемиот територијален дел влегла во Пашасанџакот, додека целосно била приклучена кон Румелискиот беглербеглак, основан во 1362 - 1385 година. Во текот на XV и во XVI век се формирале нови санџаци, во кои влегувале делови од Македонија. Разбирливо е што со новата состојба во неа се извршиле длабоки етнички промени. Еден дел од населението бегало пред турското навлегување, други изгинале во борбите, трети ги покосиле болестите, што почнале да се шират. Во 1497 година Марино Санудо забележал дека чумата се проширила во Кратово, Полог, Велес, Овче Поле. Во текот на турското владеење многу Македонци биле продавани како робови. Со својата суровост посебно се истакнал султанот Мухамед II (1451 - 1481). Во неа, како и во другите словенски земји, Турците вршеле чести колонизации. До или врз опустените наши населби никнувале нови турски. Спахискиот систем на турската држава вршел економско угнетување, што доведувало до се поголемо стагнирање на градските и селските населби, на културата воопшто.

Во духовен поглед може да се констатира дека уште во почетните турски завојувања во Турската империја влегле четири автокефални цркви: Цариградската, Трновската, Пеќската патријаршија и Охридската архиепископија. Исламизацијата во Македонија зазела завидни размери во XVI и XVII век, кога биле разурнати доста цркви и манастири: Св. Ѓорѓи Полошки, Св. Јован Бигорски, Св. Пречиста - Кичевско, Св. Арахангели во Река, додека црквата Света Софија во Охрид била претворена во џамија, како и Климентовиот манастир на Имарет. Во почетокот на XV век кон Охридската архиепископија биле приклучени Софиската и Видинската епархија, во средината на истиот век уште Влашко и Молдавија, а до средината на XVI век и делови од Пеќската патријаршија. Охридската архиепископија правела значајни чекори за зачувувањето и одржувањето на самобитноста на македонскиот народ, посебно за одржувањето на културното ниво. Некои нејзини претставници и службени лица вршеле тајни подготовки за ослободувањето од турското ропство. Таа била носител и негувател на

македонското народно чувство. Од нејзиното формирање во X век, се до нејзиното уништување и затворање од страна на турската држава во 1767 година, таа одиграла епохална улога во јакнењето на националните чувства, слободарските чувства, културниот елан, просветно-книжевниот-уметничкиот. И во најтешките услови во македонските осиромашени цркви, манастири, се негувал пишаниот збор, се одржувал континуитетот на духовниот подем.

Во Македонија ќе дојде до израз заедничката борба на македонското и албанското население од Дебарско против неподнесливото турско угнетување, на чело со Ѓерѓ Кастриот-Скендербег (1444 - 1468). Подоцна, во текот на XVI век избиле селски буни во Мариовско и Прилепско. Како постојан отпор против турското владеење се засилило ајдутството, кое посебно се изразило во XVII век.

Очевидно е дека феудалната турска држава носела многу позаостанати одлики во споредба со западниот феудализам. Тоа се одразило врз економското и културното ниво на македонското население. Не случајно, напредните дејци од рангот на бугарскиот патријарх Евтимиј, српскиот деспот Стеван Лазаревиќ, ќе направат вонредни напори за културното издигнување на бугарската и српската држава, но под турскиот зулум веќе нивните експонирани дејци Григориј Цамблак, Константин Костенечки - Филозоф, ќе ги напуштат културните средишта и бегаат на север. Вакви тактички екскурзии ќе прави и Владислав Граматик, како и Димитар Кантакузин.

Разбирливо е што улогата на постојан културен континуитет во Македонија одржувале и овозможувале скромните манастирски и црковни центри. Нивната економска сила била незавидна, а честопати меѓу свештениците, монасите, имало и лица од соседните држави, особено Грци, кои биле на повисоки места. Процесот на отворање на училишта бил на ниско ниво, или речиси не постоел. Непостоењето на училишен систем, особено по развиените византиски школи од изминатите векови, раширени низ Балканот, довел до видлива стагнација на населението на културен план. Разбирливо е што не никнувале ниту нови цркви и манастири. Со честите пожари, урнувања, се губело зачуваното ракописно наследство. Сепак, одреден континуитет, со разновиден интензитет, се одржувал во македонските манастирски центри: Лесновскиот во Кратовско, манастирите

Матејче и Прохор Пчински во Кумановско, Слепче во Демирхисарско, Трескавец во Прилепско, Пречиста во Кичевско, Јован Бигорски во Дебарско, Полошкиот во Тиквешко, и други. Монасите одржувале скромни врски со центрите во Света Гора: Зографскиот, Хилендарскиот, Св. Пантелејмон. Охридските архиепископи и пониски званичници, се интересирале за одредени ракописни книги. Охридскиот архиепископ Доротеј му порачал на кратовскиот книжевник Димитар препис на Номоканонот. Покрај грчкото писмено и друховно влијание во Македонија, особено во Охрид, Охридската архиепископија ја негувала словенската писменост. Во историските списи стои дека за времето на Флорентинскиот собор (1439 година) во Охрид егзистирала словенска писменост и култура. Тоа било времето кога цариградскиот патријарх склопил Унија со папата во Рим. Охридскиот архиепископ не пристапил кон Унијата, што му одело во прилог на султанот, заради што Охридската архиепископија доживеала значајно проширување. Во македонските манастири настанале значајни словенски ракописи, кои денес го наоѓаат своето значајно место во многу светски книгохранилишта, библиотеки, архиви. Интересно е дека во ракописната традиција се чувствува народниот дух, за сметка на непостојаната висока просветна и образовна дејност. Меѓутоа, истиот дух внесувал живот во традиционалната црковна проблематика. Народот по устен пат ги пренесувал средновековните книжевни теми, родови, текстови. Нивните содржини ги вткаил во своето народно творештво, а некои од нив зачувал до денес. Книжевната традиција и народната се преплетувале, се надополнувале, и за времето на турското ропство како да добиле заеднички крвоток, кој ги поврзал и оживеал. Заемните односи дошле до израз и во формираните мешовити зборници, со разновидна содржина: световна, црковно-богословска, народна. Во нив доаѓаат до израз се уште значајните слова од: Јован Златоуст, Јован Дамаскин. Во XVI век Македонците го добиле и значајниот превод на зборникот „θησαυρός“ од Дамаскин Студит, пронајден како Крнински дамаскин во кичевскиот манастир „Богородичино благовештение“, од П. Илиевски. Преводот го извршил пелагонискиот епископ Григориј, со многу елементи од живиот народен говор.

Градителската дејност за времето од турското владеење била скромна. Црквички никнале во карпестите области: Карпинскиот манастир во Кумановско, црквата Свети Ѓорѓи во селото Бањани, Св. Андреа во Костур и др. Во XV и во XVI век во Охрид не била изградена ниту една црква. Уметниците од овој период, без повисока образованост, си дозволувале поголеми слободи при креирањето, со што пак ги избегнувале старите шаблони, и внесувале поголема слобода. Токму во овој период се развиваат копаничарски школи, кои дале вредни копаничари и добри дела.

За разлика од високото културно и уметничко ниво на византиското влијание, турската држава со застарениот феудален спахиски систем, донесла видлива стагнација во започнатите културни, книжевни и уметнички процеси во Македонија. Додека на Запад хуманизмот и ренесансата дале здрава основа за прогресивна цивилизација, на Балканот завладеа суеверието, слабата просветителска и образовна нота. Вистинска среќа е што и скромните економски заслабени цркви и манастири, ќе ја негуваат духовната традиција. Тие нема да дозволат распаленият оган од солунските просветители Св. Кирил и Св. Методиј, Св. Климент и Св. Наум Охридски, кој честопати, во одредени кризни периоди, само искричел, да угасне. Токму овие скромни македонски духовни центри, мали црквички и манастири, заедно со уште поскромните но упорни монаси, свештеници, препишувачи, книжевници, ќе го одржат писмениот, книжевниот и културниот континуитет. Таков каков што бил, некогаш посилен, некогаш поцврст, некогаш заплашително заслабнат и тенок, не довел до овој современ стадиум, кој должно треба да даде идна насока, цврстина, според најавите на очекуваниот цивилизаторски XXI век.

ЛИТЕРАТУРА

KRUMBACHER, К., Geschichte der byzantinischen Literatur, Miinchen 1897.

ПРОКИЋ, Б., Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, Глас СКА, L XXVI, Београд 1908.

СНЕГАРОВ, И., История на Охридската архиепископия I, София 1909.

ПРОКИЋ, Е., Јован Скилица као извор за историју маћедонске словенске државе, Глас СКА, L XXXIV, Београд 1910.

ПРИСЕЛКОВ, Д. М., Очерки по церковно-политичекой истории Киевской Руси X - XII вв., Спб. 1913.

ЗЛАТАРСКИ, Васил, История на българската държава през средните векове, София, т. 1, 2.1 (1918), 2.2 (1927), т. 2 (1934), т. 3 (1940 посмртно). (II изд. 1970, 1971, 1972).

DIELL, Charles, Histoire de l'Empire Byzantin, Paris 1919.

ДИЛ, Шарл, Византиске слике, I, II, СКЗ, Београд 1927, 1929.

МАЈИЦКИ, П. И., История на християнската църква, ч. I (превод М. Попов), София, ч. 1 1929, 2. III 1932.

СНЕГАРОВ, Иван, История на Охридската архиепископия-патрияршия, София 1932.

ЗЛАТАРСКИ, Н. В., История на българската държава през средните векове, София 1940.

ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја Византије, Београд 1947.

УСПЕНСКИЙ, И. Ф., История Византийской империи, III, М. Л. 1948.

Историја средњег века, I, редакција: А. Д. Удаљцова, Ј. А. Косминског, О. Л. Вајнштајна, Београд 1950. Византија од VI до XI века и Јужни Словени, 139 - 158 (со литература).

ЈИРИЧЕК, К,, Историја Срба, Београд, 1952.

БАРИШИЋ, Фрањо, Чуда Димитрија Солунског као историски извори, САНУ, Београд 1953.

АНГЕЛОВ, Димитър, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век, София 1958.

КАЖДАН, П. А. и Литаврин, Г. Г., Очерки истории Византии и Южных Славян, Москва 1958.

КОЦО, Д., МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК, П., Манастир, Скопје 1958, Филозофски факултет, посебни изданија, ин. 8.

СОКОЛОВСКИ, М., Прилог кон проучувањето на турско-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век, Гласник ИНИ, г. II, бр. 1, Скопје 1958.

BECK, G. H. Kirche und theologische Literatur im byzantinischen Reich, Miinchen 1959.

Византиски извори за историју народа Југославије, I, Посебна издања Византолошког института, САНУ, Београд 1955, II, Београд 1959.

DUJČEV, I., Les Slaves et Byzance, Etudes Historiques, Sofia, I, 1960, 31 - 77.

КОНЕСКИ, Б., Културната улога на Охрид, Зборник трудови, Охрид 1961.

HUIZINGA, Johan, Herbst des Mittelalters, 1961 by Alfred Kröner Verlag in Stuttgart.

RICE, Talbot David, The Byzantines, Thames-Hadson, 1962.

ДУЙЧЕВ, И., Центры византийско-славянского общения и сотрудничества, ТОДРЛ, 19,1963. (Труды отдела древнерусской литературы, Ленинград).

МОШИН, В. А., О периодизации русско-южнославянских литературых связей, X - XV в., ТОДРЛ, XIX, 1963.

GRABAR, André, Byzans, Baden-Baden 1964.

RICE, David, Byzantinische Kunst, Miinchen 1964.

ГЕОРГ БЕК, Х., Путеви византијске књижевности, СКЗ, Београд 1967.

DUJČEV, D., La Litterature des Slaves meridionaux au XIII s. et ses rapports avec la litterature byzantine, Symposium de Sopočani, Beograd 1967, 103-116.

История Византий, Москва, I, II, III, 1967, Академия Наук СССР.

ДИНЕКОВ, П., Общност и различия в развитието на старите славянски литератури, Славянска филология, БАН, София 1968.

АНГЕЛОВ, Д., Богомилството в България, София 1969.

БУДИМИР, Милан, Са балканских источника, СКЗ, Београд 1969.

Историја на македонскиот народ, 1, 2, 3, ИНИ, Скопје 1969.

ПЕТРОВ, К., Кон прашањето за местонаоѓањето и траењето на средновековните скопски цркви, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 21, Скопје 1969, 153 - 186.

ANTOLJAK, S., Makedonischen sklavinien, La Macedoine et les Macedoniens dans le passe, Institut de l'histoire nationale, Skopje 1970.

ОСТРОГОРСКИ, Георгије, Византија и Словени, Београд 1970.
ОСТРОГОРСКИ, Г., Сабрана дела Георгија Острогорског, „Просвета", Београд1970.

МАТКОВСКИ, А., Библиографија на патописи за Балканскиот Полуостров за време на турското владеење, I дел, од 1371 до 1600 година, Гласник ИНИ, Скопје 1971, 15, бр. 1.

ПАНОВ, Бранко, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1971.

ИЛИЕВСКИ, Доне, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1972.

ШЕРАРД, Филип. Византија, Београд 1972.

Византия южные Славяне и древняя Русь, Западная Европа, Искуство и култура, Сборник статей в чест В. Н. Лазарева, Москва 1973.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Д,, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, САНУ, Београд, I (1974), II (1982), III (1987).

ПЕТРОВ, К., Две високорелјефни попрсја на св. Кирил и св. Методиј од XIV век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 26, Скопје 1974, 79 - 109.

Зборник посветен на Димче Коцо (1967 - 1974), Археолошки музеј на Македонија, кн. VI - VII, Скопје 1975.

Зборник Владимира Мошина, Београд 1977.

ДРАГОЈЛОВИК, Д. и АНТИЌ, В., Богомилството во средновековната изворна граѓа, МАНУ, Скопје 1978.

Izvori za historiju naroda Jugoslavije, Srednji vijek, Zagreb 1978.

HAMMER, Joseph von., Historija turskog (Osmanskog) carstva, 1, 2, 3, Zagreb 1979.

Българско средновековие, Сборник в чест на 70 годишнината на проф. И. Дуйчев, София 1980.

МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК, П., Велјуса, Манастир на св. Богородица милостива во селото Велјуса крај Струмица, Скопје 1981.

СТОЈАНОВСКИ, А., Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век, Скопје 1981.

Библиография Турции, Академия Наук СССР, Москва 1982.

КОЧЕВ, Николай, Античката литературна традиция и византиските автори, София 1982.

ГРОЗДАНОВ, Цветан, Портрети на светителите од Македонија од IX - XVII век, Скопје 1983.

МАТКОВСКИ, А., Отпорот во Македонија во времето на турското владеење, I, II, III, IV, „Мисла“, Скопје 1983.

МОШИН, В., Археографски прилози, Београд 1983, бр. 5.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Од ракописното наследство, „Македонска книга“, Скопје 1983.

Уметничкото богатство на Македонија, „Македонска книга“, Скопје 1984.

АНТОЉАК, Стјепан и ПАНОВ, Бранко, Средновековна Македонија, 1, 2, 3, „Мисла“, Скопје 1985.

ДРАГОЉЛОВИЋ, Д., Ширење словенске књиге из Охридске књижевне школе, IX научна дискусија, Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1985.

АНТОЛЈАК, Стјепан, Македонската средновековна држава, Историја (списание), Скопје, бр. 2. 1986, 25 - 34.

БАБИК, Бошко, Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, Прилеп 1986.

БЕЛЧОВСКИ, Јован, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1986.

Зборник посвстен на Бошко Бабиќ (1924 - 1984), Прилеп 1986, Институт за истражување на старословенската култура - Прилеп.

КОНЕСКИ. Б. и СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Тиквешки зборник, „Мисла“, Скопје 1987.

БЛАГОЕВА-ЧОЛОВА, Цветанка, Естественонаучните знания в средновековна България, БАН, София 1988.

КОНЕСКИ, Блаже, Јазични контакти меѓу старата македонска и руска писменост, Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонија, МАНУ, Скопје 1988, 51 - 57.

Охридската архиепископија и покрстувањето на Русија, Зборник, 1 000 годишнина од покрстувањето на Русите, (Б. Бошковски, В. Мошин, Б. Конески, П. Хр. Илиевски, Б. Ристовски, Ц. Грозданов, А. Трајановски, М. Георгиевски), Православен богословески факултет „Свети Климент Охридски“, Скопје 1988.

Славянские литературы, X международный съезд славистов, Академия наук СССР, Москва 1988.

Славянское языкознание, X международный свезд славистов, Академия наук СССР, Москва 1988.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Пораки од дамнина, „Наша книга“, Скопје 1988.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Врски и влијанија на одредени творби во средновековните словенски литератури, Реферати на македонските слависти за X меѓународен славистички конгрес во Софија, Скопје 1988, 123 - 134.

ДИМЕВСКИ, Славко, Историја на Македонската православна црква, Македонска книга, Скопје 1989.

СТОЈАНОВСКИ, А., Македонија во турското средновековие, „Култура“, Скопје 1989.

ГРОЗДАНОВ, Цветан, Студии за Охридскиот живопис, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје 1990.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Д. и СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Митологумена, „Македонска книга“, Скопје 1990.

НИХОРИТИС, К., Атонската книжовна традиция, Кирило-Медодиевски студии, кн. 7, БАН, София 1990, 5 - 276.

МАТКОВСКИ, А., Кануни и Фермани за Македонија, „Мисла“, Скопје 1990.

БИЧКОВ, В. В., Византијска естетика, превео Д. М. Калезиќ, Просвета, Београд 1991.

КОНЕСКИ, Б., За историските мистификации, Литературен збор, Скопје 1991, бр. 5 - 6, 67 - 73.

ΤΑΡΝΑΝΙΔΗΣ, Ι., Πτύχες της σλαβικής ορθοδοξίας, Εκ. ’Οικος Αδελφών, Κυριακίδη-θεσσαλονίκη 1991.

БИЧКОВ, В. В., Византијска естетика „Просвета“- Београд 1991 (I изд. орг. Москва 1977)

БИЧКОВ, В., Естетскиот лик на битието, „Табернакул“ Скопје 1992 (В. В. Бычков, Эстетический лик бытия; превод Методиј Златанов; умозрения Павла Флоренского).

DOROVSKY, Ivan, Balkánské meziliterární společenstvi (Byzantko - slovenské meziliteráni společenství), Brno 1993.

ILIEVSKI, Hr. Petar, Position of the ancient Macedonian language and the name of the contemparary, makedonski, Balkan forum, Skopje, vol. 1, N°2, march 1993, 241 - 255.

ЛИПАТОВ, А., Взаимодействие латинскога Запада и византийского Востока: кирилло-мефодиевская традиция, истоки польской литературы и проблемы славянской взаимности, Palaeobulgarica, Старобългаристика, БАН, София, 1993, 67 - 81.

Македонија и односите со Грција, Совет за проучување на Југоисточна Европа, МАНУ, Скопје 1993.

МИЉКОВИЌ, П. ПЕПЕК, Најстарите светителски култови во Македонија, темели за самостојна Самоилова црква и автокефалност на Охридската архиепископија; Зборник, Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки, Историски, Нова серија бр. 1, 1993, Средновековна уметност, Скопје 1993, 11 - 61.

САНЏАКОСКИ, отец Стефан, Богомислие, Метафорум - Хоризонти, Скопје 1993.

ГИРЕВСКИ, А., Ацо, Негово блаженство архиепископ Гаврил, трет по ред на обновената Охридска архиепископија, Едиција: Монографии, „Матица Македонска“, Скопје 1994.

МИХАИЛ Архиепископ Охридски и Македонски, приредил протоѓакон проф. Ратомир Гроздановски. Едиција: Монографии на Светиот архиерејски Синод на МПЦ, „Матица Македонска“, Скопје 1994.

СТОЈЧЕВСКА, А. В. и НИКОЛОВСКИ, К. С., Во чест на светите Кирил и Методиј, „Матица Македонска“, Скопје 1994.

ГРОЗДАНОВСКИ, Цветан, Свети Наум Охридски, „Детска радост“, Скопје 1995.

ИЛИЕВСКИ, ДОНЕ, Архиепископ Охридски и Македонски Доситеј, „Матица Македонска“, Скопје 1995.

ЌОРНАКОВ, Димитар, Македонски манастири, „Матица Македонска“, Скопје 1996.

КИРИЛОМЕТОДИЕВСКИ ПЕРИОД

ИЗВОРИ ЗА КИРИЛОМЕТОДИЕВСКИОТ ПЕРИОД

Еден од најпривлечните периоди од историјата на словенските јазици и книжевности е секако Кирилометодиевскиот. Иако од него не делат повеќе од десет векови, неговата актуелност во науката е засведочена преку бројните славистички трудови и изданија, кои се множат. Нивната приближна бројка, што ја покажа И. Е. Можаева во 1980 година - 1919, одамна е надмината. Јубилеите на Кирил и Методиј, по повод 1100 годишнината од нивната смрт, потоа 1100 годишнината од доаѓањето на Климент Охридски во Охрид и формирањето на Охридската книжевна школа, јубилеите на Руската православна црква, како и на другите цркви, донесоа импозантен број збогатувања на оваа бројка. Нарасна и бројката на новооткриените средновековни творби, уште повеќе на преписите.

Осврнувајќи се на историјатот на откриените извори за секој значаен период, може да се истакне дека во текот на XIX и XX век, кога се бележи континуиран растеж на славстиката, беа презентирани и критички обработени поголем број изворни материјали, кои можеа да ја формираат сликата за епохалното дело на браќата просветители. И покрај нивната бројност за ред важни прашања и нужни детали, недостигаат нови извори. Меѓутоа, во однос на изминатиот период можеме да направиме позитивен биланс, зашто тоа беше време кога се поставија темелите на официјалните кодекси на словенскиот род во однос на писменоста и општата култура, благодарение на упорноста, нескршливоста на волјата и желбите на просветителите Кирил и Методиј.

Според јазикот на кои биле напишани изворите се поделени на три групи: словенски, грчки и латински. Овие значајни текстови се плод на долгогодишни напори врз истражувачката работа на бројни неуморни слависти. Изворите биле објавувани некогаш во оригинал, некогаш во преводи, или се јавувале нивни описи и коментари за нивната содржина и значење. Во случајов ќе се задржиме на некои очевидни примери што ги дале одредени научници, а со што придонесле

посебно во етапното истражување на целокупното кирилометодиевско дело. Значајно издание на старите извори, со додаток на нови извори направи А.Е. Викторов во 1865 година. Само неколку години подоцна (1868 - 1871) се јави познатиот труд на В. А. Биљбасов „Кирил и Методиј според документарните извори и според западните легенди.“ Во 1911 година В. Н. Јастребов издаде посебен зборник со изворни материјали за животот и делото на Кирил и Методиј. Потоа следеше делото на И. Огиенко за Кирил и Методиј, тоа на П. А. Лавров „Материјали за историјата на појавата на старата словенска писменост“. Групирани во три јазични целини изворите ги издаде А. Теодоров-Балан под наслов „Кирил и Методиј“, кое издание најде своевидна употреба, особено во јужнословенската средина. Во 1960 година беа објавени значајни латински извори во Софија, потоа во Скопје во 1981 година. Во 1990 година К. Нихоритис ги издаде новите Кирило-Методиевски извори од Атон.

Покрај јазичната поделба на изворите, глобално се делат на историски и неисториски. Во последниве има извесен број кои покажуваат легендарен тон, други им служат на религиозните стремежи и верувања, и повеќето од нив се оддалечуваат од времето на настаните. Одредени извори толку се отклонуваат од реалноста, што откриваат своевиден имагинарен свет. И трите јазични групи ја даваат целината на изворите, едни со други стануваат комплементарни, и се надворзуваат. Поаѓајќи од становиштето за истакнување на најважните извори, мораме во суштина да ја истакнеме важноста на словенските извори, а на прво место на опширните житија на браќата Кирил и Методиј, т.н. Панонски легенди.

Меѓу едно од важните прашања што било решено во текот на времето е секако веродостојноста и историскиот карактер на Панонските легенди. Денес во овие поставки никој не се сомнева, зашто овие текстови го заземаат централното место сред сите пронајдени извори и без нив сигурно е дека славистиката би била осиромашена. Нивното бројно издавање, преиздавање, преведување, од најстарите имиња во славистичката наука до најсовремените, зборува за нивната актуелност и важност. Сознанијата за нив не биле веднаш согледани, зашто одделни прашања од оваа голема научна област зависеле од последователните откритија и на ракописното наследство, како доказен материјал. Токму заради

недостиг на хронолошки пронајдени ракописи, преписи, мислењата за настанувањето на Панонските легенди разновидно еволуирале. Се доаѓало до становишта дека тие се составени многу подоцна од времето на живеењето на браќата, се доаѓало дури со датирање до XIV век. Со деталното претставување на Успенските ракописи ситуацијата се изменила, зашто беше пронајдено Методиевското житие според ракопис од XII век.

Најстарите преписки од Кириловото житие потекнуваат од XV век. Меѓу нив е значаен преписот од 1469 година, извршен од Владислав Граматик, во манастирот Матејче, Кумановско, во т.н. „Загрепски панегирик“.

Во однос на датирањето на Панонските легенди се смета, по бројните истражувачки потфати, дека Кириловото житие настанало заклучно од 882 година, што значи можело да биде составено непосредно по смртта на Кирил во 869 година. Методиевото житие било завршено до крајот на IX век, бидејќи се претпоставува дека по смртта на Методиј во 885 година, по суровите прогонства на нивните ученици, немало услови да се пристапи кон книжевно творештво. Тоа можел да го изврши ученик на браќата, но сигурно по изминатите голготи од Моравија, Панонија, во одредена словенска средина. Меѓу доказите дека овие житија настанале непосредно по смртта на Браќата, се истакнува Италијанската легенда, доведена во врска со житијата.

Италијанската легенда се вбројува во важните латински извори и содржи значаен историски материјал, со оглед на веродостојните извори врз кои настанала. Во овој поглед нејзината стојност е повредна од таа на Моравската и Чешката легенда. Подолго време се мислело дека житијата на Св. Кирил и Св. Методиј црпеле материјали од Италијанската легенда. Поминало доста време додека не се дошло до обратни сознанија. Во 1955 година П. Мејвер и П. Девос пронајдоа во Прага непознат ракопис, во кој се наоѓаат текстот за пренесувањето на моштите на папата Климент Римски од Кирил Филозоф и Италијанската легенда. Во ракописот авторот на Италијанската легенда посочува дека се служел со делови од словенски текст, а тоа е Кириловото житие, како и од расказот на лицето што ги открило моштите на папата Климент Римски, а тоа е секако Кирил Филозоф. Всушност Италијанската легенда Настанала на следниов начин.

Епископот од градот Велетри во Италија, Гаудерих, според вообичаената практика сакал да биде составено житието на папапата Св. Климент Римски, чие име го носела главната црква во Велетри. Кога во Рим се сретнал со пронаоѓачите на моштите, го замолил учениот Анастасиј Библиотекарот да ги преведе Кириловите состави од Херсонес, и тоа трите. Меѓутоа, од зачуваното писмо на Анастасиј Библиотекарот се дознава дека тој ги превел двете творби, додека химната не ја препеал. Со пропратно писмо двата превода му ги пратил на Гаудерих. За жал, Гаудерих ги искористил латинските преводи од Кириловите состави, но тие не се зачувани. Останало само писмото. И грчките и латинските состави во врска со изнаоѓањето на моштите исчезнале. Врз основа на латинските преводи и Кириловото житие биле искористени податоците за Житието на Св. Климент Римски, а истите влегле и во основата на Италијанската легенда. Оваа Легенда му била посветена на папата Јован VIII, кој починал во 882 година. Со оглед на тоа што се знае дека Јован VIII бил на папска положба од 872 до 882 година, произлегува и логичниот заклучок дека Италијанската легенда можела да настане меѓу овие две години. Според тоа произлегува дека и Кириловото житие можело да настане најрано во 869 година, а најдоцна до 882 година, до која година имаме податок дека било искористено како извор за Италијанската легенда.

Во однос на авторството на житијата на браќата во славистиката, мислењата се поделени и тие се повеќенасочни. Главно преовладува мислењето дека Кириловото житие го составил Методиј, а Методиевото - Климент Охридски. Второ мислење е дека и двете ги составил Климент Охридски. Постои и издвоено мислење дека не било вообичаено брат за брат да составува творба, особено житие, но тоа не значи дека Методиј немал активен однос кон Кирилово-вото житие и како посредник, и толкувач, и известувач, кон авторот. Покрај тоа се јавува и толкувањето дека и двете житија ги составил моравски ученик на браќата.

Панонските легенди претставуваат совршени примери на книжевни хагиографии, настанати по угледот на општо-христијанските византиски хагиографии, кој книжевен род достигнува вистинско совршенство во визан-

тиската средновековна литература. Меѓутоа, покрај високите уметнички квалитети, Панонските легенди претставуваат совршени примери за градење на словенските локални хагиографии. Авторот на овие житија им дал на Словените неповторлив пример и урнек за натамошните обиди на ова поле. Во нив е преточена битната словенска суштина на Кирилометодиевото дело, важно и прифатено од повеќе словенски средини. Навистина, во нив беа вткаени карактеристиките и пропозициите на византиската хагиографија, но сржта, темата, личностите во нив, пораките, го одразуваат словенскиот бит, мигот на прифатеното и веќе афирмираното словенско јавување на светската сцена. Бројните нивни преписи, преводи, обработки, откриваат широк спектар на научни приоди кон нив, особено од јазични и историски агли и интереси. Тие доживеале и две изданија на современ македонски јазик, преведени од Р. Угринова-Скаловска.

Во словенските извори се вбројува Успението Кирилово, познато и како Кратко Кирилово житие, кое содржи повеќе моменти и елементи од Кириловото опширно житие. Херсонската легенда претставува најверојатно една компилација, или преработка, на херсонските Кирилови состави и други текстови. Солунската легенда укажува хетерогени моменти, од кои може да се издвои укажувањето на христијанизацијата на Словените, т.е. „Бугарите“ долж реката Брегалница, за кои Кирил Кападокиски (во VII век) составил азбука. Најновиот коментар на Б. Конески во врска со оваа легенда се однесува оправдано на декомпонирањето на ликот и појавата на Кирил Филозоф, кој е прикажан како изнемоштен старец, тој не знае каде се наоѓа Солун, тој ја заборава грчката азбука, за да и даде предност на непоматената словенска азбука, се пренебрегнува Цариград, се помешува неговото име со тоа на Кирил Кападокиски, па и со тоа на Кирил Александриски. Вакви контаминации се прибегнуваат во случаи кога токму се потенцира друга тенденција. Погледнато историски не останува занемарлив склучениот Флорентински сојуз во 1439 година, меѓу Цариград и Рим. Загрозените православни цркви од Антиохија, Александрија и Ерусалим, можеле да преземат противакција, поврзувајќи го составувачот на словенската азбука никако не со Цариград и Рим, туку со Кападокија.

Во историските словенски извори значајно место заземаат делата на авторите: Црноризец Храбар, Константин Брегалнички, Јоан Егзарх, Презвитер Козма, Паисиј Хилендарски, летописецот Нестор и многу други. Во неисториските извори преовладуваат панегирични елементи, хиперболизирани особености. Такви се пролошките житија, службите, похвалите, во кои авторите, врз одредени факти, сознанија, си дозволуваат своевиден поетски приод и слобода, вклопен во пропозициите на црковната канонска книжевност.

Грчките извори затајуваат во однос на IX, X век. Меѓу значајните грчки текстови се вбројуваат познатите легенди: Бугарска, Охридска и Македонска. Првата го претставува Климентовото пространо житие, составено од охридскиот архиепископ Теофилакт во XI век. Охридската легенда го претставува Климентовото кратко житие, составено од охридскиот архиепископ Хоматијан во XIII век. Таа стана популарна во славистиката со податокот дека св. Климент пронашол нови букви, појасна азбука од Св. Кириловата. Македонската легенда се однесува на Наумовиот животен пат и дело. Овој избор не е голем, ниту изобилува со многу податоци, но со оглед на тоа што за Св. Наума имаме многу малку извори, текстот зазема значајно место. Најголемо внимание кон овие извори обратил славистот А. Милев, кој и повеќепати ги издаде со многу значајни коментари. Тој изврши и превод на современ бугарски јазик.

На светите Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски, им биле посветени и служби. Од Службата на Св. Кирил познати се 25 преписи. Македонските преписи: од: Драгановиот минеј, Скопскиот минеј и Добријановиот минеј, се приближуваат до оригиналниот состав и настанале во XIII век. Најнов препис, со потекло од XIV век открил К. Нихоритис. Се претпоставува дека авторот бил Св. Климент Охридски. Службата на Св. Методиј ја составил епископот Константин, чие име се чита во акростихот. Меѓу поважните преписи спаѓаат текстовите од Драгановиот и Добријановиот минеј. Службата за св. Климент Охридски се среќава во словенските и грчките извори. Од словенската Служба е зачуван само еден препис од 1435 година, во Народната библиотека во Софија, бр. 136. Сигурно ја составил анонимен Климентов ученик, непосредно по неговата смрт. Грчката Св. Климентова Служба настанувала како дело на охрид-

ските архиепископи: Теофилакт, Хоматијан, Кавасила и Григориј, а била дополнета и од драчкиот митрополит Козма (охриѓанин). Службата е објавена во Москополе во 1742 година, и во Венеција во 1784. Најнов грчки препис на св. Климентовата служба пронашол К. Нихоритис во Света Гора, со потекло од XIV век. Во XIII век охридскиот архиепископ Константин Кавасила ја составил грчката Служба на св. Наум Охридски, која е отпечатена во двете москополски изданија (1740,1742), потоа во Лајпциг, Виена, Смирна. Атинскиот преписод 1646 година го пронајде и објави И. Дујчев. К. Нихоритис во 1990 година, покрај споменатите погоре нови преписи од службите, објави Ватопедски препис од Пространото житие на Св. Климент Охридски, со потекло од XIV - XV век, како и грчко житие за Св. Кирил и Методиј, исто така пронајдено во Ватопед, од поново време. Со тоа го збогатил бројот на преписите на кирилометодиевските извори, на словенски и на грчки јазик.

Во латинските извори се вбројуваат: Моравската служба, Италијанската легенда, потоа легендите - Моравска, Чешка, Краковска, писмата од папите и до нив, како и други значајни историски текстови. Писмата имаат своевидна историска стојност, како зачуван фактографски материјал. Живеејќи долго време меѓу Словените во близина на германското и латинското духовенство, Кирил и Методиј и писмено контактирале со папите. Во осмата глава од св. Кириловото опширно житие е цитирано писмото од папата Адријан II до Ростислав, Светополк и Коцел, напишано непосредно по Св. Кириловата смрт во Рим, во 869 година. Латинскиот оригинал не е пронајден. Ова писмо е и првиот официјален весник за одобрување на словенската служба, покрај латинската. Зачувани се латинските писма од папата Јован VIII. Тој му се обратил на архиепископот Алвин, со наредба Методиј да биде повторно поставен на архиепископското место. Во друго писмо до епископот Павле (873 г.) го обвинува Алвин Салцбуршки и Херманрих Пасавски заради измачувањето на Методиј во затворот. Со друго писмо Јован VIII го повикува Херманрих во Рим, заедно со Павле и Методиј. Сличен е текстот и на писмото до фризинскиот епископ Ано. Во писмото до Каролман папата го препорачува Методија како епископ панонски. Зачувани се и писмата со кои се забранува словенската богослужба (879), како и повторната

дозвола, откако било утврдено исправното работење на Методиј. Во 881 година Јован VIII во посебно писмо го фали св. Методија, откако се расчисти интригата на Вихинг со лажното писмо доставено до Светополк против св. Методиј. Во 885 година ситуацијата се изменила со смртта на Св. Методиј. Избраниот наследник не бил прифатен. Од тие тешки моменти од словенската историја се зачувани писмата од папата Стефан V. Во едно писмо од 885 година папата ја забранува словенската богослужба, а Горазд не бил признат за легитимен наследник на Св. Методиј. И нарединот папа Јован X предвидува во писмата забрани на словенска проповед, секаде каде што се појавувало Методиевото учење. Зачувани се писма и од германските епископи, кои постојано му се жалеле на папата и го клеветеле Св. Методиј. Во овие извори важни се документите што ги оставил зад себе Анастасиј Библиотекарот. Анастасиј ги превел од грчки на латински јазик изложенијата од Четвриот цариградски собор во 869 година, (на Запад го сметаат за VIII вселенски собор), за времето на императорот Василиј I. Во предговорот кон овие текстови зборува за Св. Кириловите напади на Фотиевото учење за двете души во човекот. Анастасиј му испратил писмо и на кралот Карло Лиси во Франција, во кое составувачот на писмото го фали Кирила како вонреден познавач и толкувач на делото на Дионисиј Ареопагит.

Очевидно е дека интересот за животот и делото на светите Кирил и Методиј почнал да расте и да се пројавува од нивната смрт се до денес. Славистичките сознанија што беа зачнати во XVIII век, во XIX век доживеале растеж, за да се заокружат сознанијата со развитокот на славистичката наука во XX век. Библиографијата за огромното Кирилометодиево дело се оформи со делото на Г. А. Илински, на Попруженко и Романски. Библиографијата на Илински со наслов „Обид за систематска кирилометодиевска библиографија“ со 3385 набележани единици, била објавена во 1934 година. Во 1942 се појави продолжението од оваа библиографија, од Попруженко и Романски. По повод јубилејните годишнини за создавањето на словенската писменост (863 - 1963), 1050-годишнината од смртта на Климент Охридски (916 - 1966), 1100-годишнината од смртта на Кирил Солунски (869 - 1969), на Методиј Солунски (885 - 1985), 1100-годишнината од доаѓањето на Климент Охридски во Македонија и формирањето на Охридската

книжевна школа (886 - 1986). Меѓу поновите изработени библиографии во врска со овој период се корисни, меѓу другите, и тие од авторите: Дујчев-Кирмагова-Паунова, И. Петровиќ, И. Дујчев, Е. И. Можаева (1919 единици и тоа повоени објави), Х. Поленаковиќ, В. Стојчевска-Антиќ. И. Велев, и други. Со најновите изданија, како на пример, на С. Б. Бернштејн, Ј. М. Весели, К. Станчев, К. Иванова, И. Богданов, Г. Попов, С. Кожухаров, В. Стојчевска-Антиќ, Ѓ. Поп Атанасов, Т. Арсовски, во јужнословенска средина неверојатно рапидно расте, речиси со секој ден, бројот на библиографските единици. Во 1991 година овие сознанија се заокружени по 1080 годишниот јубилеј од смртта на Наум Охридски (23 декември 910-1990), а во 1993 година со 1100 годишните јубилеи од назначувањето на св. Климент Охридски за Велички епископ (893 - 1993) и доаѓањето на св. Наум Охридски во Охрид (893 - 1993).

СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Браќата Св. Кирил и Св. Методиј се родени во познатиот средновековен трговски и културен центар на византиската империја - во градот Солун. Ова важно средиште на Балканот има постара традиција од средниот век, бидејќи под името Тесалоники се среќава уште во 315 година пред новата ера. Според зачуваната легенда, која се вклопува во историографската фактографија, градот го основал со ова име императорот Касандар, дадено според името на неговата жена Тесалоника, сестра на императорот Александар Македонски. За време на римското царство овој град имал важна улога, а исто така и во големото византиско царство, чие место се бара веднаш по Цариград. Важната стратешка и културна позиција дошла до израз и со првите христијански проповедници и не случајно во времето на христијанизацијата во овој центар ќе се почувствуваат првите одгласи. Во својата значајна проповедничка дејност апостолот Павле ја обиколил Македонија, стигнал до Солун и во Новиот завет од Библијата останале две впечатливи посланија составени од апостол Павле упатени до Солуњаните. Во првото послание е апострофирано: „И вие се угледавте на нас и на Господа, кога во големи маки со радост го примивте словото од Светиот Дух, така што станавте

образец за сите верници во Македонија и Ахаја. Оти од вас одекна словото Господово не само во Македонија и Ахаја, туку и во секое место се пренесе славата за верата наша во Бога, така што нема потреба ние нешто да зборуваме.“ (I посл. до Сол. 1, 6 - 8). Благопријатниот терен и милозливоста на луѓето сред кои се најде апостолот Павле не се заобиколени во писмото: „Така ве бевме засакале, што бевме готови да ви го предадеме не само Благовестието Божјо, туку и душите свои, зашто ни станавте драги.“ (I посл. до Сол. 1, 8).

Историјата на овој град е значајна во VI и VII век кога на Балканот, на теренот во Македонија, се населуваат постепено, а потоа и сигурно Словените, во склопот на јужнословенската група Словени. Меѓу Вардар и Струма се населиле ринхините, околу Струма - струмјаните, зад нив биле смолјаните. Во планинските делови од Вардар се населиле березитите, под нив драговитите, во котлината на реката Бистрица - сагудатите. Разбирливо е дека имало и други поголеми или помали племиња кои од разновидни причини исчезнале, се преселиле или се претопиле. Меѓутоа, познато е дека градот Солун необично силно го апсорбирал вниманието на Словените. Во историјата на населувањето на Словените познати се повеќе словенски опсади на градот Солун, но секогаш безуспешни, бидејќи Византија знаела добро да го зачува ова северно стратешко централно подрачје. Во овие чести судири жителите на градот Солун молеле заштита од нивниот признат светец Св. Димитрија, кој според солунската традиција, во најтешките моменти од историјата на градот се јавувал како спасител на истиот. Народната традиција смета дека токму во словенските опсади на Солун, Св. Димитриј се јавувал како заштитник, што е засведочено и во забележаните „Чуда на Св. Димитрија“. Затоа не случајно уште во V век во Солун била изградена црквата „Свети Димитрија“.

Историјата и основата на развиениот град Солун не е безначајна, зашто токму во него се формираат личностите и на словенските просветители. Во овој град живееле родителите на Св. Кирил и Св. Методиј, Лев и Марија, и двајцата од значајно потекло и род. За нивниот родослов станува збор во житијата на Св. Кирил и Св. Методиј во самиот почеток од хронолошката градба на настаните, но и во времето кога се одвивала Хазарската мисија. Кога каганот сакал да му го

одреди местото на софрата се интересирал за неговото достоинство, а Филозофот појаснил: „Имав дедо голем и мошне славен, кој бил близу до царот, а бидејќи доброволно се откажал од славата што му била дадена, го протерале, и кога дошол во туѓина, се осиромашил и таму ме родил. А јас, барајќи ја старата чест на дедовците не успеав да ја здобијам. Јас сум му внук на Адама.“ Овој цитат од опширното житие на Св. Кирил Филозоф посебно се користи при определбите за словенското потекло на браќата просветители.

Таткото на Св. Кирил и Св. Методиј, Лев, вршел значајна служба во Солун, бил еден вид војвода и намесник, воен заповедник, кој е потчинет под заповедникот на воената област и на дворот во Цариград. Називите на чиновите друнгариј и потстратег имале очевидно заповедничко значење. Опширните житија на Св. Кирил и Св. Методиј, како и сите други извори за нивниот живот, покрај богатството на податоци, детали, не даваат појаснувања за народното потекло на браќата. Со оглед на тоа што самата Византија, а во неа и развиениот богат трговски центар Солун, претставувала конгломерат од многу народи, во славистиката се создале хипотези за нивното потекло. Во Солун живееле Грци, Словени, Евреи, Ерменци и многу други претставници на народи. Не случајно, во недостиг на изворни материјали, секогаш се јавуваат претпоставките. Покрај тоа, во такви центри не било случајно и двојазичното, па дури и тријазичното комуницирање меѓу луѓето. Токму затоа и во опширното Методиево житие, по обраќањето на моравскиот кнез Ростислав до византискиот император Михаил III, последниов му рекол на Кирил Филозоф: „Го слушаш ли Филозофе овој збор? Друг ова не може да го направи освен тебе. Та затоа, еве ти многу дарови и земи го брата ти, игуменот Методија, а оди. Оти вие сте солуњани, а сите солуњани чисто словенски зборуваат.“

Кога станува збор за народносната припадност на браќата Св. Кирил и Св. Методиј може веднаш да се подвлече дека нивното целокупно дело е многустрано значајно за сите Словени, што недецидното запирање врз нивното потекло станува занемарливо. Покрај тоа, мисионерската дејност не е определена и ограничена во единствен регион, напротив, мисионери од еден народ имале големи заслуги кај друг народ. Како примери може да се посочат следниве

случаи: - Грците имале апостоли од еврејско потекло, Римјаните од еврејско и грчко, многу мисионери од Италија работеле во Западна и Источна Европа, св. Војчех бил Чех, а работел како полски мисионер на покрстувањето на Прусите. Не случајно нему му е посветена старата црквичка од X век во центарот на Краков.

Во однос на ова прашање во славистиката се издвојуваат повеќе хипотези. Според една родителите на браќата биле Грци. Мислењата кои одат во прилог на оваа хипотеза беа сумирани во книгата „Кирил и Методиј“ I, што се појави по повод Јубилејот во 1966 година, во Солун. Покрај првиот навод, што најчесто го користат привржаниците, а се однесува на нивниот врховен избор за мисионери од страната на императорот Михаил III кој можел да довери важни државнички дејности на проверени сограѓани - Грци, се цитира доста често текстот од опширното житие на Кирил Филозоф: „И им заповеда апостолскиот намесник на сите Грци што беа во Рим, а исто така и на Римјаните што се собираат со свеќи и да пеат над него и да му направат погреб како што би му направиле на папата. И така стана.“ Исто така, тие го користат и цитатот од опширното Методиево житие: „А не беше од прост род, од обете страни, туку од мошне добар и чесен, познат одамна и на Бога и на царот, а и на сета Солунска земја, што се гледаше и од неговиот телесен образ. Затоа и правниците што го љубеа од детинство, за него зборуваа чесни зборови, а кога разбра царот за неговата бистрина, му даде да управува со словенска област. А ќе кажам, тој како да предвиде дека ќе го праќа за словенски учител и за прв архиепископ, за да ги изучи сите словенски обичаи и по малку да навикне на нив.“ Оваа хипотеза има свои привржаници, меѓу кои се: Ф. Гривец, Ѓ. Сп. Радојичиќ.

Не помал број привржаници обезбедила и хипотезата за словенското потекло на браќата. Во секој случај, овие слависти сметаат дека љубовта, грижата, делото што го вткаиле Св. Кирил и Св. Методиј како инвестиција за просперитетот на Словените, говори за самостојна и суштинска интуитивна привржаност кон родот – словенскиот. Покрај тоа, се наведува нивното беспрекорно знаење на словенскиот македонски дијалект, јазик, кој можел така совршено да се совлада ако се учи од корените, т.е. од родителите во семејството. Покрај истражувањата на

бројните научници, овде ги споменуваме: Е. Георгиев, И. Дујчев, В. Т. Заимова, како и најновите резултати што ги објавиле А. Х. Едле и М. Маргаритов.

Одредени истражувачи ја развиле третата хипотеза, за мешовитиот брак на родителите, дека Марија била Словенка, Лев - Грк. Се наоѓаат и приврзаници за грчкото потекло на Марија, а словенското на Лев. А. Матковски се запира врз еврејското потекло на браќата. Сепак, во славистиката остануваат како спорни и важни двете први хипотези.

Изворите не ги потврдуваат точните датуми на раѓањето, но од сите истражувања може да се заклучи приближното датирање. Се смета дека постариот брат Методија е роден меѓу 810 и 820 година, поблиску меѓу 810 и 812. Иако не е откриено, но постојат доста аргументи дека неговото крстно име не било Методија, туку некое друго. Можеби најблиску до вистината е определбата за неговото првобитно име Михаил, а Методија го добил со замонашувањето. Д. Глумац смета дека многу порано, пред пристигнувањето во Рим, бил ракоположен за презвитер, особено како игумен во манастирот Полихрон на Олимп.

Помладиот брат се смета дека е роден во 826 или 827 година. Во врска со неговото крстно и монашко име се јавуваат поделени мислења. Според едни неговото крстно име било Константин, а монашко-калуѓерското Кирил. Според други Кирил го добил своето рано монашко име Константин, во раната младост, во почетокот на својата јавна работа во Цариград, по барање на царицата Теодора и Теоктист, а потоа бил ракоположен за презвитер. Својот живот го завршил како иеросхимник Кирил.

И двајцата браќа имале можности уште од раните години да се здобијат со солидно образование, зашто во куќата на Лев и Марија сигурно дошле доста рано во допир со книгата, која и двајцата браќа нема да ја испуштат од своите раце до крајот на своите животи. Житието на Кирил многу пластично се осврнува врз детските години. Во него доминира симболичниот показ за животната определба на Кирила. Нему му била дадена можност да избере девојка меѓу најубавите од Солун. Тој ја избра „најубавата од сите, со светло лице, богато украсена со златни ѓердани и бисери и со секаков накит. Името и беше Софија, т.е. Мудроста.“

Истото житие понатаму појаснува: „Кога го дадоа да се школува, напредуваше со учењето подобро од сите ученици, така што сите му се чудеа на сфаќањето и на големиот успех во вештините.“ Мошне рано ја прифатил византиската литература, поезија, и меѓу писателите го избрал популарниот и длабокиот Григориј Богослов за свој учител и предводник. Не случајно нему ќе му го посвети својот прв поетски труд „Молитвата кон Григориј Богослов“.

Кирил го продолжил своето школување во високата Магнаурска цариградска школа, во која се школувале децата на императорискиот двор и нему слични. Во неа предавале врвни професори и познавачи на одредени научни дисциплини, меѓу кои посебно внимание заслужуваат Фотиј и Лев, со широк дијапазон на познавања. Во оваа Школа Кирил покажал извонредни резултати и интереси. Во дворот одамна допреле пофалбите за Кирила и логотетот му ја понудил за сопруга својата млада, убава и богата роднина. Покрај тоа Кирил имал можности да добие висок чин во императорскиот двор. Меѓутоа, неговиот доследен став и избор бил одамна донесен и тоа дефинитивно. Тој одговорил истакнувајќи го својот цврст став: „Тоа е навистина голем дар за оние што копнеат по него, а за мене учењето е над се. Со него, збогатувајќи го својот ум, сакам да постигнам прадедовска чест и богатство.“ Дворот веднаш ќе му најде место на библиотекар во богатата патријаршиска црква Света Софија. Пред оваа служба постојат индиции дека се потстрижил, што им дава можности на истражувачите да сметаат дека тогаш го добил монашкото име Константин. Познато е дека св. Кирил го избрал осаменичкиот живот во еден манастир на Босфор. Дворот не сакал да го остави учениот Кирил вон настаните и успеале да го наговорат да ја прифати професорската служба, т.е. Катедрата по филозофија во Магнаурската школа, која штотуку ја завршил. Со оглед на зачуваното полно име Кирил Филозоф, од периодот на професорската должност и дејност, пологично е да се прифати дека непосредно пред прифаќањето на оваа служба, бил новоименуван од Константин во Кирил, и оттогаш останал познат со тоа име.

За помладите години на Методија житието не оставило доволно податоци. Меѓутоа житиеписецот не изоставил да нагласи дека управувал во една словенска област, што не било случајно. Изворите споменуваат дека тој од раната

младост се одликувал со сила и храброст. Опширното Методиевско житие истакнува: „Приличен на сите, во себе го одразуваше образот на сите: со страв божји, со исполнување на заповедите, телесна чистота, со милосрдност на молитвите и светост, со збор силен а кроток, - силен за противниците, а кроток за послушните кон поука, - сојарост, спокојство, милост, љубов, страст и трпение, - беше се за сите, за сите да ги придобие.“ Авторот на Похвалата на Кирил и Методиј е дециден: „Оти во говорот се покажуваше како Соломон, изнесувајќи чудесни приказни и поуки и прашања од дното на срцето и во службата на сите им беше мил, а во војна се покажуваше како крилат, како Самсон, и како Гедеон и се покажуваше страшен како Исус Навин.“

Во славистиката се појави голем интерес за определбата на точната словенска територија, каде што кнезувал Методија. Најраните и бројни определби се однесуваат на Стримонската област, која била населена со словенско население, а влегувала во Византиската империја. Во 1854 година Ф. Димлер се изјаснил дека Методија работел во Македонија, по должината на реката Струма. А. Гиљфердинг, И. Бељаев, Ф. Рачки, Ф. Дворник, Р. Н. Наследова, С. Палаузов, Ф. Шишиќ, се определиле за областа долж реката Брегалница. Е. Георгиев ја потенцирал Солунската тема. Ф. Гривец и Лавровски областа меѓу Вардар и Охрид. Б. Панов се определил за Струма и Брегалница. Поголем број од иследувачите кои се определиле за Брегалница, сметале дека Кирил Солунски овде ја извршил просветителската мисија пред Моравската мисија (А. Гиљфердинг, А. Куник, Г. Епидински, А. Т. Балан, Е. Георгиев, А. Биљбасов, Б. Панов, Б. Алексова). На овие вести се противставиле поголем број слависти (Ј. Иванов, С. Троицки, Д. Петканова-Тотева, В. Мошин, Ф. В. Мареш, С. Б. Бернштејн), се разбира заради давањето примат на старите историски извори, блиски до времето и дејноста на просветителите Кирил и Методиј. Други се определија за областа Тесалија, особено: П. Ј. Шафарик, А. Т. Балан, М. Дринов, К. Иречек, И. Малишевски. Со дополнителните податоци добиени од „Хилендарското сказание“ и „Истинаја повест“ Стримонската (македонска) хипотеза добива примат. Мошне идентични податоци со Опширното житие на Св. Методија претставува и „Истинаја повест“: Кога го изучи Светото учење и стигна до машка

возраст стана војник и бидејќи бил мажествен и многу достоен, за што станал познат и во самиот царски двор, значи за времето на царот Теофил Иконоборецот (во лето Христово 829) дојде во Цариград по царска заповед од царот Теофил, како военоначалник, во оние предели кои се граничеле со бугарскиот народ (навистина по божја волја, за да го научи таму јазикот на оној народ чиј учител ќе стане подоцна.“ Податокот дека точно тогаш оваа словенска област се граничела со бугарската држава, оди во прилог на првата хипотеза, бидејќи точно во тоа време Тесалија не граничела со Бугарија. Овие важни точки мошне успешно ги разработил и поврзал С. Троицки, образложувајќи дека во годините 836 - 838 во. борбите со Бугарите учествувале војските на византискиот цар Алексеј Мозел, како помош за Методиј. Затоа изворите не ги премолчуваат неговите воинствени способности, споредени со тие на Гедеон, Исус Навин. На ова стратешко место бил избран воинствен и силен маж, храбриот Методиј. Приближниот распон на Методиевото управување би бил меѓу 831 и 841 година.

Овој период од животот на Методија е мошне важен, не само како воен заповедник, управител или кнез, туку со составувањето на делото „Законъ судный людьмъ“, со што Методиј се јавува како прв словенски правник, а како таков го прикажува и Житието. Не случајно во него стои: „Затоа и правниците што го љубеа од детството, за него зборуваа чесни зборови, а кога разбра царот за неговата бистрина му даде да управува во словенска област. А ќе кажам, тој како да предвиде дека ќе го праќа за словенски учител и за прв архиепископ, за да ги изучи сите словенски обичаи и по малку да навикне на нив.“ Во врска со составот „Законъ судный людьмъ“ се јавила Моравската хипотеза, потоа Бугарската, за да се појави С. Троицки со третата - Македонската. Докажувајќи ја неисправноста на двете хипотези Троицки истакна неколку важни правци во изучувањето на овој проблем. Паметникот настанал во последните години од управувањето на Методиј, во четвртото десетлетие на IX век во Македонија, според што е „првенец на сите словенски литератури“. Тој ја расветлува дејноста на Методиј во таа област, за што другите извори не даваат податоци. Паметцикот нуди материјали за животот на Словените во Византиската империја. Методиј се служел со следниве извори: византиската Еклога, декретот на византискиот

император Константин V, Библијата и каноните на Василиј Велики. Самото дело имало важност за словенската војска со која управувал, додека во помал дел од делото станува збор и за жени. Суштинскиот поголем дел се однесува главно на мажи - воини.

Во однос на азбуката со која било составено делото се јави мислењето дека било пишувано со глаголица (Вашица), и со грчки алфавит (Троицки). Подоцна, кога била составена словенската азбука делото можело да биде препишано со словенскиот алфавит. Зачуваните ракописи се кирилски, најстариот потекнува од XIII век. Опширните истражувања на Троицки во врска со ова Методиево дело донесуваат мошне логични заклучоци, особено во однос на местото и времето кога делото е составено, авторот, изворите. Се наметнуваат како мошне логични и доказани заклучоци дека Методиј го составил делото, за времето кога управувал со Стримонската клисура, која граничела со Бугарија, во четвртото десетлетие од IX век. Делото било составено на словенски јазик со грчки алфавит, а по пронаоѓањето на кирилицата било препишано со оваа азбука. Со оглед на тоа што Стримонската клисура (или во одреден временски интервал тема, бидејќи историските извори во однос на ова не се прецизни) се наоѓала во Македонија, а не во Бугарија или Моравија, логично, ваквата доказна постапка ја истакнува Македонската теорија. Самото дело дава неверојатно важни податоци за Словените во Македонија во границите на Византиската империја, особено за словенската војска, предводена од воинствениот и силен Методиј. Зборува за од-носите на словенската војска, на словенските племиња, во однос со византиската империја, со црковната власт. Во делото доаѓа до израз целокупното Методиево искуство како управител, посебно како одличен правник. Својата високоученост, познавањето на Библијата, теологијата, ги вклопи во делото, кое всушност претставува законски правила за војската, за мажите, за бракот, за жените, со цитати и осврти од Светото Писмо. Всушност овој Законик на Методиј го претставува првиот словенски труд, настанат пред Моравската мисија.

По десетгодишното управување сред Македонските Словени Методиј разочаран се повлекол во осаменички манастирски живот на планината Олимп во Мала Азија. Ваков однос открива и Опширното Методиево житие: „Откако помина

управувајќи таму многу години, и откако виде многу нереди и буни во овој живот, го размени стремежот кон земна темнина со небесна мисла, зашто не сакаше да ја пороби својата чесна Душа заради тоа што не е вечно. И во погоден час го напушти кнежеството, и откако отиде на Олимп, каде што пребиваа свети отци, се потстрижа и се облече во црно расо.“ Уште посилен аргумент за ваквиот однос на Методија покажува „Истинаја повест“: И кога таму десет години поживеа се врати повторно во Цариград. Но поради прогонувањето што го подигна богоомразениот Теофил против светите икони, поради што се појави непостојаноста, замрзе се, го фрли оружјето и отиде на планината Олимп, стана монах откако се преименува во Методиј. Световното име му било Михаил, а името Методиј се претпоставува дека го зел според вообичаената практика да се земе името од патријархот или од некој многу познат испосник. Во тоа време византиски патријарх бил Методиј I, според кого најверојатно е земено монашкото име. Овде заедно со братот Кирил останале во тишината на манастирот „книга прилежая“.

Повлекувањето на Методиј од кнезувањето во Македонија можело да биде мотивирано со односите во големата византиска империја. Развиените феудални односи во оваа империја во IX век се одразиле на поширок план во државата. Внатрешните и надворешните немири ја потресувале повеќекратно силната империја. Иконоборечката партија, која зела силен замав во VIII век, во почетокот на IX век стивнала, но веќе, новиот император Лев V (813 - 820) повторно ги започнал борбите против иконите. Иконоборството продолжило и за времето на Михаил II (820 - 829) и за Теофил (829 - 842). По смртта на Теофил, во 842 година овие борби и страсти ќе ги стиши императорката Теодора, вдовицата на Теофил, која управувала наместо малолетниот син Михаил III. Во регенството на малолетниот наследник влегле покрај Теодора - ќерка и Текла, вујкото на царицата - Мануил, и државниот министер логотетот Теоктист, кој посебно го поддржувал и истакнувал вредниот Кирил Филозоф, како и Методиј. Ваквиот однос некои слависти го бараа во блиските роднински врски, кои посебно ги оправдуваа некои од изворите, кои говорат за високиот ранг на нивниот род. Во „Истинаја повест“ се откриваат и врските: „... на овој логотет му биле познајници

родителите на Константин, затоа логотетот испрати и го зеде од Солун во Цариград и го даде заедно со младиот цар (Михаил III) да учи...“ Малку се знае од изворите за врските на Кирил и Методиј и императорот Теофил, кој сигурно го назначил Методија за кнез во словенската област, но со оглед на нивната различна идеолошка концепција во однос на иконоборството во Византија, вестите како да премолчуваат одредени односи. Ова посебно произлегува врз основа на цврстиот став на браќата како иконофили. Можеби токму затоа житиеписецот не ги доведува во врска. Во „Истинаја повест“ се споменува Теофил и дури е наречен „богомрзок“. Веројатно не случајно и двајцата браќа честопати ги напуштаат започнатите јавни дејности и се повлекуваат во манастирски живот врз книгите. Тие како ортодоксни христијани, сигурно не можеле да ги поднесуваат дворските интриги, распуштениот живот на дворот, особено пијанките што ги приредувал императорот Михаил III.

Една од животните определби на двајцата браќа ќе биде мисионерската дејност. Дипломатијата и политиката на императорскиот двор ќе покаже неверојатен осет за оваа дејност, што ќе дојде до израз особено преку непогрешливите избори на мисионерите. Така, младиот Кирил на 24 годишна возраст ќе стане предводник на познатата државно-верска, политичко-дипломатска Сараценска / Арапска) мисија. При експанзијата на Сараценската држава било можно нарушување на византиските граници, а мирот со овие нараснати сили за Византија би носел и продолжен интегритет. Во честите судири што претходеле во непријателски раце достигнале многу византиски заробеници. Во оваа мисија младиот Кирил полемизирал со претставниците на муслиманската и еврејската вероисповед, насочени негаторски и омаловажувачки кон помалуброjното христијанско население. По враќањето од оваа мисија, (оценета како многу успешна) изведена некаде во почетокот од педесеттите години на IX век, Кирил му се придружил на братот си Методиј, кој се преселил веќе на Олимп. Тоа било времето токму кога нивниот заштитник Теоктист ја изгубил власта, а ја наследил славољубивиот Варда, вујко на Михаил III. И царицата Теодора била испратена во манастир. Варда не покажал милост кон непријателите. Теоктист бил затворен

и осуден на смрт. Овие настани се случувале околу 855 година. За жал, за значајната работа во манастирот на Олимп немаме поконкретки показатели.

Византискиот двор нема да се откаже од браќата лесно. На Олимп им стигнала веста дека се одредени да ја изведат заеднички Хазарската мисија. Хазарите изградиле уште во VII век моќна држава, која веќе во IX век претставувала опасност за византиските граници. Муслиманската и еврејската вероисповед се ширеле, негирајќи ја христијанската религија. Императорот ги сослушал хазарските пратеници и му се обратил на Кирила: „Оди Филозофе кај тие луѓе и раскажи им и дај им одговор за Светата Троица со нејзина помош. Друг никој не може тоа да го направи достојно.“ Браќата ја прифатиле задачата и се упатиле кон Хазарите по реките Дон и Волга, во 860 година. На овој пат застанале во градот Херсонес на Црното Море, каде што филологот Кирил Филозоф имал можност да ги запознае и проучи азбуките и јазиците: еврејски, самариќански и роски. Во однос на откривањето што значат последните „роски“ букви и роски јазик, во славистиката се развиле повеќе хипотези. Мешањето на зборовите „роски“ и „руски“ им дало можност на некои слависти да сметаат дека станува збор за руско писмо, пред Моравската мисија. Доста голем број слависти сметаат дека станува збор за еден вид готско писмо, а познато е дека Готите Варјаги биле наречувани и Руси, населени во области крај Црно Море.

Друга група научници се запреле врз значењето на роските Евангелие и Псалтир и во нив го откриваат сирискиот јазик (А. Вајан, Р. Јакобсон, Ф. Гривец, Р. Нахтигал, Б. Стипчевиќ). Друга група научници го прифатија мислењето на И. Гошев дека не станува збор за „руски“, туку за „уски“ букви. Свои приврзаници добило и мислењето на Е. Георгиев дека станува збор за словенско писмо, кое се развило во Бугарија, пред Моравската мисија. Под „Руси“ Геогриев подразбира словенски народ. Овој дел од Житието на Кирил Филозоф многу слависти го користат во заклучоците за потеклото на глаголицата и кирилицата, поврзувајќи ја нивната историја со херсонските „роски“ букви.

Во Херсонес браќата ги пронашле моштите на одамна починатиот римски папа Климент I. По овој повод Кирил Филозоф составил три книжевни творби: расказ за изнаоѓањето на моштите, свечено слово и химна.

Со пристигнувањето кај Хазарите започнале детални полемики, кои главно ја појаснувале суштината на Светата Троица, како и други прашања што ги збунувале претставниците на другите вероисповеди. Полемиката била мошне успешна, завршила со победата на браќата. И од оваа мисија, како и од Арапската, Кирил добил дозвола да ги добие и врати во Византија грчките пленици. Каганот му испратил писмо на императорот Михаил III, во кое посебно го фали Кирил Филозоф, неговата ученост и мисионерска дејност, а на императорот му порачува дека сите тие нему верно ќе му служат кога ќе има потреба и дека треба да смета на нив како на пријатели.

Во 863 година Кирил и Методиј ќе ја отпочнат третата, најзначајна мисија, наречена Моравска. Во неа ќе ги внесат целосно последните години од своите животи. Иницијатор за одвивањето на Моравската мисија, со која ќе започнат мошне значајни, епохални, процеси и придобивки за Словените воопшто, бил моравскиот кнез Ростислав, кој бил суштински заинтересиран за сестраниот просперитет на Моравското кнежество. Тој испратил посебно пратеништво до Михаил III, кое истакнало: „Нашите луѓе се откажаа од паганството и придржувајќи се за христијанскиот закон, ние немаме таков учител што ќе ни ја објасни на наш јазик вистинската христијанска вера, за да не следат и другите земји, гледајќи го тоа. Затоа, испрати ни господаре таков епископ и учител. Оти од кај вас тргнуваат секогаш на сите страни добри закони.“ На ова императорот веднаш му се обратил на Кирила, за што зборува Методиевото житие: „Го слушаш ли Филозофе овој збор? Друг ова нема да може да го направи освен тебе. Та затоа, еве ти многу дарови и земи го брата ти, игуменот Методија, па оди. Оти вие сте солуњани, а сите солуњани чисто словенски зборуваат.“

Пред византиските мисионери се постави првиот проблем. Словените кои сакаа словенска богослужба немаа ниту азбука ниту книги. Во случајов е многу интересен дијалогот што го водат Кирил Филозоф и Михаил III, претставен подетално во Кириловото житие, од кое очевидно се гледа дека до тој момент Кирил не познавал словенско писмо, азбука, додека Михаил загатнува некакви претходни обиди. На молбата од царот Кирил одговорил: „Макар што ми е снагата преморена и макар што сум болен, ќе одам таму на драго срце, само ако имаат

букви на свој јазик.“ На тоа царот му рече: „Дедо ми и татко ми и мнозина други го барале тоа и не го нашле, како тогаш јас можам да ги најдам...“ Значајниот извор, Кириловото житие, не знае за словенска азбука се до 863 година.

Натаму изворите појаснуваат дека боговдахновениот Кирил Филозоф ја составил словенската азбука, пред заминувањето во Моравија. Талентираниот лингвист, полиглота, заинтересиран за филолошките науки, јазици, кој веќе пројавил интерес и талент за релативно кратко време да совладува непознати писма и јазици, со искуство на мисионер, професор, навистина можел да ја измисли словенската азбука, особено и поради фактот што го владеел словенскиот јазик одлично. Меѓутоа, изворите не ја прецизираат самата азбука, додека во X век паралелно егзистираат во изворите и глаголицата и кирилицата. Токму овој факт и создал можности за разновидни мислења во однос на словенската азбука. Меѓутоа, во толкувањето и градењето историјатот на азбучното прашање мора да се имаат предвид најзначајните словенски извори: Панонските легенди, апологијата „За буквите“ од Црноризец Храбар, се разбира и други текстови. За историскиот карактер и на двата извора во славистиката е пишувано многу и сметам дека нема место за сомневање во заклучоците за нивната важност, историчност, доставерност, уште помалку за нивно отфрлање за сметка на помалку издржани и несигурни извори. Посебно да ги наведеме овие податоци: И Кириловото и Методиевото житие се составени непосредно по смртта на носителите, Кириловото непосредно по смртта, по 869 година, а Методиевото нешто подоцна од 885 година, заради познатите непријатни услови по словенската писменост, по смртта на Методиј. Текстот „За буквите“ Црноризец го составил во X век, нагласувајќи ги се уште живите луѓе, современиците на браќата. Во нив нема колебање во смисла на времето кога била составена словенската азбука, а тоа е 863 година, непосредно пред отпочнувањето на Моравската мисија. Претходните обиди за пишување убаво ги дефинира Црноризец, апострофирајќи ги како втора етапа од развојот на словенската писменост, кога „без устроение“ се пишувало словенски со латински и грчки букви. Од објективни причини, во недостиг на оригинални состави и текстови, дојдени во подоцнежни преписи, подалеку од времето кога оригиналите биле пишувани, се

создале повеќе хипотези за првенството на глаголицата или на кирилицата. Иако за ова прашање се пишувало многу, се чувствува потреба да се навратиме уште еднаш врз состојбите. Поголем број слависти се приклучиле кон мислењето дека глаголицата е прво создадената азбука од Кирил Филозоф, и тоа во 863 година. Како стожерна мисла за појавата на кирилицата во 893 година во Симеоновата Бугарија, се разбира со давање примат на глаголицата, се јави во значајните истражувања на: В. Јагиќ, Р. Нахтигал, Ј. Вајс, С. М. Куљбакин, А. Лескин. Со оглед на тоа што паралелно со развитокот на ваквата мисла се јавува-ле и контра-резултати за првенството на кирилицата, уследија лингвистички анализи. Резултатите на славистите од рангот на: Н. Дурново, Н. Трубецкој, К. Хоралек, Ф. В. Мареш, Ј. Врана, и други, ја реконструираа глаголската азбука, на која и дадоа и примат. Во однос на истражувањата, наодите, фактите што ги презентирале повеќе видни слависти (Г. Добнер, П. Шафарик, В. Григорович, В. Јагиќ, В. Шчепкин, А. М. Селишчев, Л. Јакубински, Г. Илински, Ј. Врана, Ф. В. Мареш, Н. Трубецкој, К. Хоралек, Р. Нахтигал, С. М. Куљбакин, А. Лескин, С. Б. Бернштејн, Б. Конески, К. Иванова, И. Гошев), а тие се доста бројни ненаметливо се потврдува заклучокот за приматот на глаголицата. Во прилог на одредени глобални истражувања за ваквиот став е и хронолошката анализа што ја даде О. Недељковиќ, запирајќи се на заклучокот за првенството на глаголицата, во 1965 година, а потоа и В. Штефаниќ и В. Мошин, да се придружат кон ваквиот став, со излагањата прочитани и објавени во 1966 година, по повод Климентовата прослава во 1966 година во Охрид.

За првенството на кирилицата посебно се застапувале: Ј. Добровски. И. Срезневски, А. И. Соболевски, Е. Карски, А. Будилович, Грунски, В. А. Истрин. Некои од славистите се застапувале за приоритетното „роско“ или „руско“ писмо, што го проучил Кирил Филозоф во Херсонес, а кое го сметале како претходно писмо на глаголицата. Ваков став имале: И. Огиенко, Б. Д. Греков, Л. В. Черепнин. Посебна доследност во смисла на докажувањата за првенството на кирилицата, составена уште во 855 година како систематизирана азбука покажал Е. Георгиев. Тој наоѓа оправдување дека „роските“ букви се словенски. Кон

теоријата на Георгиев се приближиле уште: В. Ф. Милер, П. В. Голубински, Б. Панов, Б. Алексова.

Во однос на изворите од кои се формирала глаголицата, најлогичен е заклучокот дека таа претставува навистина оригинално, совршено писмо, какво можел да состави талентираниот и работливиот Кирил Филозоф. Токму затоа упорното откривање во глаголицата друга азбука не давало задоволителни резултати. Во Похвалата на Кирил и Методиј пишува: „Не на туѓа основа своето дело го положи, туку наново писмо (букви) пронајде“. И што е битно Кирил успеал извонредно успешно да го пренесе фонолошкиот словенски систем во својот азбучен систем. Во науката се јави и мислењето за оригиналноста на глаголицата составена од христијанските симболи; крст, круг и триаголник. (Г. Чернохвостов). Со реконструкцијата на првичната словенска азбука, преку проучувањата и анализите на Трубецкој, Дурново, Хоралек, Ткалчик, се засведочува првенството на глаголицата, создадена за македонскиот говор околу Солун. Тие сметаат дека глаголските графеми и се создадени за македонските звуци Ќ и Ѓ (прасловенски dj и tj), а подоцна, при доизградувањето на азбуката во Бугарија преовладале рефлексите жд и шт. Покрај тоа, неминовно се заклучува дека и покрај разновидните мислења, тврдења, хипотези, особено во врска со создавањето на азбука пред Моравската мисија, недостигаат писмени текстови со „устроено“ писмо. Тоа не навраќа повторно кон заклучокот за исправното информирање од страната на Црноризец Храбар, дека писменоста што претходела на Моравската мисија се засновала врз неустроена употреба на туѓи букви и знаци за словенските зборови. Епиграфскиот материјал објавен од И. Гошев од Преслав го насочи кон истакнувањето на приматот на глаголицата, бидејќи во пронајдените графити стануваше збор за глаголски и кирилски букви, со потекло и од 893 година.

Очевидно е дека понапред посочените засведочени историски извори не можат да ја изгубат стојноста од легендарните, кои честопати внесуваат непотребни колебања. Тоа посебно се однесува на Солунската легенда, Краткото Кирилово житие, кои како извори настанале доста подоцна од настаните што ги предаваат, со многу вметнувања кои се приближуваат до фантастиката, уште

повеќе до легендарноста и непрецизноста. Со овие карактеристики, а и особено со најновите истражувања од страната на: Б. Ст. Ангелов, Д. Тотева-Петканова, Б. Конески, тие се уште не можат да ги оспорат Панонските легенди, Црноризец Храбар, кој толку прецизно и резимирано ги знае изворно податоците, како современик.

За да се изведе Моравската мисија било неопходно да се преведат најнеопходните црковни книги. А пред овој чин претходело формирањето и систематизирањето на литературниот словенски јазик. Во основата на старословенскиот литературен јазик браќата го вградија дијалектот на Македонските Словени од околината на Солун, со говорните црти на селата: Сухо, Зарова, Висока, на Солунско, засведочени и во подоцнежните појави и истражувања. Разбирливо е дека со примената на овој јазик во Моравија и Панонија во него бргу влегле доста панонизми и моравизми. Токму овие знаци ги натерале и J. Коптар и Ф. Миклошич да ја прифатат Панонската теорија, според која во основата на првиот словенски литературен јазик влегле белезите од говорот на моравските или панонските Словени. Меѓу првите што му се противставиле на Миклошич бил Словенецот Орослав Цаф, истакнувајќи ја македонската основа. Панонската теорија успешно ја демантира Ватрослав Облак, неговиот учител В. Јагиќ. Во 1891 година Облак заминал во Македонија, да ги проучува дијалектите. Тој се задржал врз карактеристичните белези од говорот на солунските подрачја. Облак ги разграничил македонските и бугарските дијалекти и неспорно ја истакнал Македонската теорија за потеклото на старословенскиот јазик. Неа ќе ја прифати и М. Мурко, потоа Ф. Гривец, В. Малецки, за да стане денес неспорна во славистиката. Употребата на говорот на Македонските Словени, ставен во основата на старословенскиот литературен јазик, говори дека овој дијалект бил јасен и разбирлив за Моравците и Панонците. Навлезените моравизми и панонизми во текстовите што ги обработувале и препишувале изведувачите на Моравската мисија на тој терен биле пренесувани пошироко сред Словените, особено по смртта на Методиј во 885 година, и тоа во разни правци, како што се иселувале и оделе по разни патишта Кирилометодиевите ученици, во Далмација, Македонија, Бугарија, во разни страни од Европа и Исток. Старословен-

скиот јазик, покрај латинскиот и грчкиот, бил четвртиот оформен литературен јазик во Европа: готскиот во IV век, англосаксонскиот во VII - IX, старогерманскиот во VIII век и старословенскиот во IX век.

На старословенски јазик браќата го правеле првин Изборното евангелие, и тоа Евангелието од Јована: „Во почетокот беше Зборот, и Зборот беше во Бога, и Бог беше Збор.“ Најблизок до овој оригинал е Асемановото глаголско евангелие, настанато во самиот почеток на XI век. Набргу ги превеле: Целиот црковен чин, Апостолот, Псалтирот. Потоа биле преведени Номоканонот, Патерикот. Методиј ги превел составите на Кирила и ги поделил во осум поглавја. Според најновите истражувања на Ф. Мареш на Кирила му се припишува и „Анонимната омилија“ од Клоцовиот зборник, потоа Трактатот за уметничкото преведување. Во „Македонското кирилско ливче“ е резимирана Кириловата теорија за преводот, која, покрај другото, содржи заклучок дека не може да се преведува без оглед на стилски, естетски и контекстуални специфични вредности на зборовите. Неговото резиме се вклопува во суштината на функционалните стилови на Прашката школа. На ваков начин покажал активен и високо креативен однос кон словенскиот литературен јазик.

Со пионерската преведувачка дејност Кирил и Методиј ги поставиле темелите на химнографската дејност кај Словените. Покрај преводот на византиска литургиска богослужба и двајцата браќа се истакнале и со лични химнографски творби. Истиот пример го следеле понатаму и нивните ученици, особено Климент и Наум Охридски.

Круна на преведувачката Методиева дејност е секако текстот на комплетната Библија, без книгите на Макавеите. Извршувајќи го преводот со полно искуство, во зрела возраст, во Библијата ги вклопил сите стекнати преведувачки вештини. Овој старословенски превод на Библијата го зазема четвртото место меѓу европските полни библиски текстови. Од него се постари само: грчкиот, латинскиот и готскиот превод.

Како испробани и вешти мисионери браќата ја имале сигурно предвид ситуацијата во Европа. Моравскиот кнез Ростислав ја сфатил суштината и политиката на Европа. Во Моравското кнежество, кое штотуку застана на

поздрава основа, во него започна да се чувствува засилена германска и латинска експанзија, проширување на христијанството на овие јазици. Колонизацијата што се развивала претставувала вистинска опасност за самобитноста на младото кнежество. Ростислав ја насети опасноста, поставен меѓу државата на Лудвиг Германски и бугарската на кнезот Борис. Во 862 година овие две држави склопиле сојуз против Моравија. Ова било пресудно Ростислав да побара излез кај византискиот император, да му испрати словенски мисионери, кои ќе го спречат германското и латинското духовно влијание. Врз политичкото значење на Моравската мисија се однесуваат студиите на: М. Лацко, Ф. Дворник, Г. Острогорски, В. Гузелов, Х. Поленаковиќ.

Словенските мисионери биле пречекани со воодушевување. Тие веднаш развиле богата проповедничка и мисионерска дејност. Христијанската религија започнала да допира до присутните во црквите, бидејќи преку зборот, преку јазикот, разбирлив и јасен, и пуката го наоѓала своето место сред луѓето. Со обучените ученици, меѓу кои во првите години се наоѓале и Климент и Наум Охридски, вршеле сестрани проповеди ширум Моравија. Нивната неуморна дејност не била залудна. Тоа го забележале епископите од Салцбург, Пасау, и ги започнале неуморните интриги против браќата. Во 964 година Ростислав морал да се бори против обединетите германско-бугарски војски, кои навлегле во негова територија. Соочувајќи се со бројните латински и германски духовници, браќата сфатиле дека им е неопходно посветување на учениците, како и стекнување на повисоки црковни чинови, за да можат да ракоположуваат свештенички кадар. Тие тргнале тоа да го добијат од Византија. Во Панонското кнежество на Коцељ браќата добиле педесет ученици да ги обучуваат, за да се вратат спремни за работа во Панонија.

На својот пат за Византија браќата запреле во Венеција. Овде имале значајна средба и диспут со тријазичниците, кои исплашени од успесите на браќата наметнале полемика. Во нивниот напад централно место зазела догмата за тријазичното признавање на натписот на крстот од Исус Христос, на грчки, латински и еврејски јазик. Тие ги нападнале браќата заради нивните намери да го озваничат нелегитимниот словенски јазик. Кирил Филозоф мудро и сталоже-

но, како и во други прилики, им одговорил: „Не врне ли дожд од Бога еднакво за сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зар не дишиме воздух сите еднакво? Па тогаш како не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми дали Бога го сметате толку бессилен што да не може да го даде тоа, или толку завидлив што да нејќе? А ние познаваме повеќе народи што се вешти на книга и го слават Бога секој на својот јазик. А тие се токму овие: Ерменците, Персијците, Авазгите, Иверците, Сугдите, Готите, Обрите, Турците, Хазарите, Арабјаните, Египќаните и Сурците, и многу други...“

Во Венеција браќата добиле покана од папата Никола I да заминат за Рим. Токму во тоа време, ако браќата имале цврста намера да заминат за Цариград, не можеле ништо да изгубат со отклонувањето во Рим, бидејќи во 867 година нивниот пријател Фотиј го загубил патријаршкиот престол и на негово место дошол Игнатиј. Покрај тоа, на местото од убиениот император Михаил III бил крунисан Василиј Македонец. Додека браќата пристигнале во Рим, папата Никола I починал и нив ги пречекал достоинствено новонаименуваниот папа Адријан II. Тие пристигнале во Рим на крајот од 867 година, кога Адријан II го презел папскиот стол. Во нивна чест, а се мисли и посебно заради донесените мошти на папата Климент Римски, била извршена свечена литургија и други служби. Можно било да се посветат и словенските книги. Во овој град браќата контактирале со епископите Формоза и Гаудерих, потоа со учениот библиотекар Атанасиј, кој искажал пофалби за Кирила. Изворите говорат дека Формоза и Гаудерих, по барање на папата, посветиле неколку ученици, тројца за попови и двајца за читачи. Методиј, кој бил обичен монах можел да биде назначен за свештеник, а исто така, Климент и Наум Охридски можеле да добијат одредени чинови. Кирил стапил во еден посебен калуѓерски ред, заради што одредени слависти сметаат дека тогаш го добил името Кирил, кое тврдење го поттикнува податокот што го дава неговото опширно житие. На 14 февруари во 869 година во Рим починал помладиот брат. Неговите мошти денес се чуваат во старата римска базилика посветена на Св. Климент I, блиску до Колосеумот. Според најновите истражувања на П. Миљковиќ-Пепек, гробот на Св. Кирил Солунски погрешно се бара во

североисточниот дел од северниот кораб, зашто првобитно бил во југоисточниот дел на олтарниот простор, под остатоците од фреската со композиција „Симнување Христово во пеколот“. Всушност заблудата ја внесува изворниот податок дека телото му бил о положено во гробницата од десната страна на олтарот на црквата „Св. Климент“ во Рим, а истражувачите страната десно ја сфаќале од аспект и поглед кон олтарот, а не од олтарот. Веројатно во X век гробот бил преместен на сегашното место, каде што се служи и слави на денот 14 февруари. Во композицијата „Слегување на Христос во пеколот“ се наоѓа и најстариот портрет на Св. Кирил, настанат 869 - 870 година. Во Кириловото житие се наоѓа податокот дека над неговиот гроб имало насликана икона со негов лик. Значи, целата композиција се наоѓала над Кириловиот гроб.

Св. Кирил Филозоф оставил зад себе значајно дело, сестрана дејност, кои до денешните денови побудуваат силен интерес во славистиката и пошироко. Осведомен филолог, полиглота, им ја составил на Словените оригиналната, прецизно осмислена глаголска азбука. Го оформил литературниот словенски јазик, т.е. старословенскиот, овозможувајќи им со тоа на Словените натпревар на широкото културно поле во Европа и Азија. Со целото свое знаење, искуство, трудољубивост, ги извршија извонредните први преводи од грчки на старословенски јазик, давајќи им на идните книжевни и културни работници и наследници извонредни примери и дела. Тонот што го дале со целокупното свое дело, кој требало да го следат генерациите, бил на високо и солидно ниво. Нивната мисионерска дејност била вонредно оценувана. И на книжевен план и двајцата браќа, но посебно Кирил, забележале видливи резултати. Изворите ни откриваат дека Методиј ги превел книжевните состави на Кирила, поделувајќи ги во осум глави. За жал, ова значајно дело на Кирила до денес е делумно познато преку преписи, фрагменти, повеќе индиректно отколку директно, но сепак претставува важна компонента од неговата целокупна широка творечка дејност. Кирил Филозоф покажал голем интерес кон сите дисциплини што се предавале во Магнаурското школо, а многу бргу по завршувањето на образованието ја добил и почесната катедра по филозофија во истото Школо, сигурно заради вонредните резултати и знаења што ги покажал. Меѓутоа, интересот на Кирила кон книжев-

носта овде се засилил и оформил, додека предиспозициите и големата љубов кон пишаниот збор била евидентна од најраните години на неговото детство, што го апострофира особено неговото опширно житие.

Пред се, кога се разгледува неговото книжевно творештво треба да се има предвид Кириловото изградување под влијанието на христијанскиот ортодоксен религиозен светоглед, што е и класична појава во времето на средниот век. Врз него оставиле видливи траги и печат византиските црковни автори: Григориј Богослов (326 - 390), Григориј Ниски (во 371 г. е Ниски епископ, (335 - 396), Псевдо Дионисиј Ареопагит (крај на V и поч. на VI век), Јован Дамаскин (675 - 754), Теодор Студит (759 - 826). Неодминливо е влијанието на Јован Златоуст (344 - 407) и Ефрем Сирин (крај на III в. - 372). Од посебна важност се директните контакти, а со тоа и непосредно влијание, од цариградскиот професор и патријарх Фотиј (820 - 891).

Како исклучително пресудно влијание посебно се апострофира делото на Григориј Богослов (Назианзин). Панонските легенди остават важен податок дека младиот Кирил ги изучил напамет книгите на Григориј. Самиот Кирил го истакнува него како свој учител и патоводител. Врз Кирила влијаел и византискиот автор Григориј Ниски, за чие влијание направил посебен осврт Ј. Вашица. Во Магнаурското школо го изучил Хомера кај професорот Лев, додека кај Фотиј совладал повеќе научни и уметнички вештини. Григориј Богослов соработувал со Василиј Велики, така што тој му го пренел индиректно и влијанието на Василиј. И кога се прави споредба на книжевното дело на Кирила и тоа на Григориј Богослов се откриваат заеднички насоки.

Професорот и патријархот Фотиј имал трајни врски и влијание врз Кирила. Фотиј давал посебен тон во IX век, во сите сфери на општествениот, црковниот и културниот живот. Двајцата ќе ги поврзува пријателство од Магнаурското школо, се до разрешувањето на важни јавни должности. Неговото управување со цариградскиот патријаршиски престол значеше и победа на иконофилите, кон кои најискрено се приклонил и Кирил Филозоф. Во куќата на Фотиј се собирале учени луѓе, особено неговите ученици, т.е. сите оние кои сакале дискусии за науката, уметноста. Меѓу нив бил најчесто младиот Кирил. Познатиот професор,

сигурно бил оној идеален учител по кого како во сон трчал идниот филозоф и филолог Кирил Солунски. Мошне сугестивен текст претставува писмото што му го испратил на папата Никола I: „Кога останував дома чувствував најголема наслада, гледајќи ја прилежноста на учениците, оној интерес со кој тие поставуваа прашања; нивните продолжителни вежби во вештината да се изведува беседата, благодарение на што и се добива знаење; нивните барања во тешките задачи на математиката; нивното најстојчиво разрешување на методите на логиката, за да се дојде до вистината; нивното обраќање кон теологијата, која го води разумот кон благочестие - кон тоа што ги овенчува сите знаења. И таков хор постоеше, имено, во мојот дом.“ Очевидно е дека популарните дела на Фотиј: Лексиконот и Мириобиблионот, извршиле влијание врз младиот Кирил. Последниот наслов, „Собрание од илјада книги“, настанал врз основа на кружоците што ги посетувале младите луѓе во неговиот дом.

Се смета дека првиот личен литературен состав на Кирил била молитвата упатена до Григориј Богослов, зачувана како цитат во III глава од опширното Кирилово житие. Во него е резимирано и сублимарно предаден целокупниот суптилен однос на Кирил кон предводникот Григориј. Веројатно молитвениот книжевен род му бил близок на Кирила, зашто на крајот од истата III глава се среќава уште една цитирана молитва од Кирила, целата посветена на неговиот однос и поврзаност со Бога. Мошне впечатлива е и Кириловата претсмртна молитва, зачувана во осумнаесеттата глава од Житието. Во овој состав, избива стекнатото искуство на мисионерот, кој заминува незадоволен од постигнатите резултати со Моравската мисија: „Послушај ја мојава молитва и дочуј го твоето верно стадо за кое си ме поставил мене, навреден и недостоен раб твој. Избави ги сите од секаква безбожна и паганска злоба, од каков и да е многузборен и хулен еретички јазик, кој кажува хула против тебе! Погуби ја тријазичната ерес, и подигни ја црквата своја множејќи, и собери ги сите во еден дух, и направи од нив примерни луѓе кои мислат единствено за вистинитата вера твоја и за вистинското исповедување, и вдахни во срцата нивни збор од твојата наука, зашто тоа е твојот дар.“ Со молитвените химнични тонови Кирил му се обраќа на Бога, но барањето од него е преносно, никогаш лично. Токму последната

претсмртна порака кон Господа како да го резимира неговото дело, насочено и градено за Словените.

Во Кириловото книжевно творештво заземаат видливо место книжевните полемики, толку карактеристични и присутни во византиската книжевна историја. Со оглед на тоа што Кириловите состави не се зачувани, како изворни материјали ни служат Панонските легенди, кои осврнувајќи се опширно врз животниот пат на Кирила, во бројните полемики што ги воделе браќата, употребуваат повеќе цитати. Разбирливо е дека нивната честа употреба упатува на претпоставката дека авторот на Житието морал да ги има крај себе готовите книжевни полемики на Кирила, од кои вадел цитати. За среќа токму овие бројни цитати помагаат за реконструкцијата и сфаќањето на Кириловото книжевно дело.

Како прва јавна полемика бил диспутот што го имал Кирил како младо момче со стариот и симнат од патријаршискиот престол, Јован VII, мошне образована личност, но изразит претставник на иконоборците. Јован VII дури бил навреден што спори со голобрадо момче. Полемиката се одвивала и се однесувала за тезите и антитезите на иконоборството. Очевидно е дека Јован VII сакал да ги омаловажи симболите и ликовите на христијанската религија, но завршил како победен учесник. Кирил Филозоф, како ученик на ортодоксните христијански професори и книжевници: Лев, Фотиј, пред тоа на Григориј Богослов, Григориј Ниски, Василиј Велики, Јован Златоуст, во полемиките се докажува како теоретичар, апологет и толкувач на христијанската религија. Во врска со Сараценската (Арапската) мисија ја составил и Арапската полемика. Кај Арапите Кирил морал да ја брани христијанската религија од претставниците на муслиманската и еврејската религија. Во неа пластично ја претставил длабочината на христијанската идеологија, споредувајќи ја со недогледно длабоко море, ширно море, кое може да го преплива само искусниот пливач, или поточно само оној човек кој ја осознал суштината на христијанското учење. Од степенот на знаењето и секој човек различно ги формира толкувањата за него. Притоа Кирил покажувал умешност за водење на дијалог, степенувајќи ги одговорите, за да го финализира децидниот заклучок, со кој го збунува противникот. Блескава одбрана на христијанската религија следи и во книжевната полемика со Сараде-

ните. Во оваа мисија на Кирила противници му се искусни мажи, старци, кои и даваат отпор на христијанската религија. Пред нив ја одбранува суштината за неделивоста на Светата Троица. На прашањата одговарал умно, разложно, покажувал широк дијапазон на знаења, ги изненадувал непријателите, го привлекувал нивното внимание преку умешниот дијалог, употребувал цитати и примери од Библијата, од светската историја. Како најочевиден пример дека авторот на Житието морал да ги има оригиналните состави на Кирила, да го посочиме овој цитиран дијалог, мошне показателен пример, какви што ги има впрочем многу: Евреите пак го прашаа: „Како вие, кои се клањате на идоли, мислите да му угодите на бога?“ Филозофот одговори: „Најнапред научете се да ги разликувате имињата, што е тоа икона, а што е тоа идол? И ако сте го разбрале тоа, не напаѓајте ги христијаните, оти тој израз има десет значења во нашиот јазик. Ве прашувам сега јас: дали била слика онаа скинија (еврејски подвижен храм) што ја догледал Мојсеј на гората и ја донел долу, и дали тој направил слика на сликата, уметнички, како што прилега, слика со украси и клинци и кожи и килими и извонредни херувими? Бидејќи тој направил така, дали заради тоа ќе ви кажеме дека честите и се клањате на дрво, на кожа и на шаек, а не на Бога, кој во тоа време покажал таква слика? Исто е и со храмот на Соломона во кој биле прикажани херувими и ангели и многу други слики. Така, значи и ние христијаните, создавајќи икони на божјите угодници, им правиме чест одделувајќи го она што е добро од сликите на демоните. Светите книги ги кудат оние што ги принесуваат како жртви своите синови и ќерки, навестувајќи им гнев божји, а другите книги пак ги фалат оние што ги жртвуваат своите синови и ќерки.“

Меѓу најуспешните книжевни полемики, толку често цитирана во славистиката пошироко, е секако венецијанската. По тригодишно изведување на Моравската мисија браќата се упатиле кон Цариград, но на патот ги пресретнале во Венеција претставителите на тријазичната ерес и започнала познатата полемика. Во овој состав доаѓа до израз полемичарскиот и ораторскиот талент на Кирила, кој како да сакал во неа да им ја излее собраната жолч од напорната моравска одисеја. Тријазичниците се нафрлиле на словенскиот јазик, кој според нив бил непризнат, на свет јазик. Токму затоа, правдољубивиот христијанин Кирил Фило-

зоф можел резигнирано, а толку аргументирано да им подвикне: „Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зарем не дишеме воздух сите еднакво? Па тогаш, како не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми дали Бога го сметате толку бессилен што да не може да го даде тоа, или толку завидлив што да нејќе? А ние познаваме повеќе народи што се вешти на книга и го слават Бога секој на својот јазик. А тие се токму овие: Ерменците, Персијанците, Авгазите, Иверците, Сугдите, Готите, Обрите, Турците, Хазарите, Арабјаните, Египќаните и Сиријците, и многу други. Ако не сакате да разберете врз основа на тоа, тогаш барем од светите книги запознајте го судијата. „Зашто Давид извикува: „Пејте му на Господа, сета земјо, пејте му на Господа нова песна! И пак: Извикнете му на Господа, сета земјо, пејте и веселете се и запејте!“ И на друго место: „Сета земја нека ти се поклони и нека ти пее тебе и нека пее на твоето име, Севишен!“ И понатаму: „Фалете го Бога сите народи и прославете го сите луѓе. И се што диши нека го фали Господа. И во Евангелието е кажано.“ Земајќи ги како пример избраните стихови од Давидовите псалми со кои се доживува грандиозно чувство и осет за слободно определување и живеење, на свој начин, по свој избор, неограничено, максимализирано во поентата: секој што живее да се изразува слободно.

На Кирил Филозоф му се припишуваат три книжевни состави во врска со изведувањето на Хазарската мисија. Во Херсонес настанал Расказот за пренесувањето на моштите на папата Климент I Римски, што ги пронашле браќата во морето. Во VIII глава од Кириловото житие се споменува расказот како „обретание“. Оваа историја е поврзана со настаните во Велетриската црква. Градот Велетри се наоѓал близу до Рим, а главната црква од овој град му била посветена на папата Климент, кој според локалната традиција бил првиот епископ во Велетри во I век. Велетрискиот епископ Гаудерих, кој лично ги запознал браќата Кирил и Методиј во Рим, намислил да состави Житие за папата Климент и се јавила потреба да ги искористи грчките состави на Кирила. По смртта на Кирила учениот маж, Анастасиј Библиотекарот, добил задача да ги преведе од грчки на латински составите на Кирила од Херсонес. Анастасиј

успеал да дојде до материјалите преку митрополитот Митрофан Смирненски, заточен од Фотиј во Херсонес. Всушност добил три состави: куса историја (расказ) за пронаоѓање на моштите „brevis historia“, свечено слово „sermo declamatorius“, и химна за светецот. Веројатно некаде меѓу 875 и 879 година Анастасиј ги превел првите два состава, додека третиот, химната, не се осмелил, „бидејќи би ја нарушил“ извонредната хармонична композиција. Ваквиот став говори за вештината и дарбата на Кирила при уметничкото обликување на сложениот химничен состав.

Овие три творби не стигнале во науката ниту на грчки, ниту на латински јазик. Првпат славистот А. Горски пронајде словенски препис од Кириловото „обретение“, со потекло од XVI век, кој може да се подели на два дела: расказ и свечено слово. Разбирливо е дека како подоцнежна обработка се оддалечил текстот од оригиналот, но спореден со Италијанската легенда, може да се констатира меѓусебна зависност, сличност. Познато е дека Италијанската легенда јасно открива дека е градена врз овие книжевни состави на Кирила, што значи ги содржи и сознанијата за преводите на Анастасиј. Појавената претпоставка за авторство од херсонско потекло не е основано, додека присуството на Кирила е убедливо и прифатливо.

Уводниот дел од расказот за моштите изразува радост заради чинот на возбудливото барање што уште еднаш го потврдува искреното авторово чувство на Кирила. Самиот пат до моштите е сликовит, во воздухот се чувствува полет, песна. Со молитвена песна трагачите му се обраќаат на самиот Климент. Токму ова општење со поетската интонација, потсетуваат на Кириловата молитва кон Григориј Богослов. Сликата на природата доминира, а смената на временските погоди и непогоди се менува. И при патувањето, и при ископувањето на моштите, на главата на светителот Климент Римски, на котвата со која бил потопен во морето, во текстот е присутен љубопитниот, доживеаниот миг на авторот, присутен во збиднувањата, настаните. Свечената процесија, мнозинството народ, архиереите, кнезот, само ја зголемуваат свеченоста. Народот од Херсонес и се придружил на свечената церемонија, и свечено и спонатано. Во соборната црква

била одржана свечена служба и било искажано свеченото слово, составено од Кирила.

Пофалбата на Климента е втакена во свеченото слово. Авторот му се обраќа на Климента, кој дозволил да бидат пронајдени светите негови мошти, за него херсонците се среќници меѓу луѓето. Неуморните изнаоѓачи добиле сатисфакција и голема радост. Со цитати од Библијата, со искрена искажана интонација, словото прилега на Кирилов одмерен состав, прочувствуван, насочен кон свечениот чин на среќното „обретение“. И за третиот состав, химната составена од Кирила по овој повод, се користат вестите од писмото на Анастасиј Библиотекарот. Овој труд не е зачуван. Според Анастасиј химната претставува одлична творба, остварена и искажана со висок стил, со избрани зборови и вонредна ритмичност.

На Кирил Филозоф му се припишува превод на граматички еврејски текст, поделен на осум делови, за кој во славистиката не постои јасна претстава, и тоа пак, заради недостигот на оригиналниот или раниот препишан текст.

Заштитата и претставувањето на ортодоксното христијанско учење била важна задача на браќата Кирил и Методиј. Овие способности дојдоа до израз во званичните мисии што ги изведувале одделно и заеднички. Не случајно и догматскиот состав „Написание за првата вера“ му се припишува на Кирил Филозоф. Творбата е пронајдена во словенски преписи, а најстариот препис потекнува од XIV век. Делото е главно преведено од византиската литература, но со карактеристичен вовед и заклучок од авторот, со кои се открива и неговата цел, потен- цирање суштината на христијанското учење. Како византиски мисионер тој нагласува дека лично тој и брат му ја исповедуваат источната вера. Посебно се запира врз суштината на личноста на Исус Христос како бог и како човек. Толкувањата за Светата Троица се дадени децидно и појаснувачки, како што умеел да ја објасни пред Арапите, Хазарите, Евреите и пред другите муслимански претставници. Со ова дело Кирил Филозоф прави сопствено резиме за ортодоксното христијанско православие. Го составил пред смртта, и тоа како устен завет за своите ученици и поколенијата. Најстариот Лаврентиев препис од 1348 година бил зачуван на Атос, за што посебно се осврнува К. Нихоритис.

По смртта на Кирила, Методиј го продолжил започнатото дело во Панонија, кај Коцела. Папата Адријан II испратил посебна посланица до Ростислав, Светополк и Коцел, со која топло им го препорачал Методија. Ова писмо наоѓа место и во Методиевото опширно житие. Во самиот почеток на 870 година Методиј повторно се вратил кај папата во Рим, овојпат барајќи епископски чин, што и го добил. Папата проценил дека му е важна наклоноста и пријателството на Коцела. Веројатно претпоставувал дека Коцел може да му се обрати за помош и на цариградскиот патријарх, или на византискиот император. Во 869 година и Бугарите побарале архиепископски чин и го добиле од Византија. Методиј бил назначен за епископ на Панонија и Моравија. Дејноста на Методија ја спречувале и натаму германските епископи и духовници, особено по неповолните услови во кои се нашол Ростислав, предаден на Германците од својот внук Светополк. Ростислав бил осуден на смрт, потоа ослепен. Ваквите односи знаеле добро да ги искористат Германците, нивните епископи и успеале да го осудат и потоа затворат Методија во Баварија две и половина години. На судот Методија бил храбар и горд и смело изјавил: „Со коскен череп сакате да пробиете железна врата“, или „Ја кажувам вистината пред царот и не се срамам, а вие направете од мене што сакате.“ Папата Јован VIII во писмата до пасавскиот архиепископ Херманрих, до фризискиот епископ Ано и до салцбуршкиот архиепископ Адалвин, истапува остро поради постапките со Методиј и бара да го ослободат од затвор. Папата го овластил легатот Павле да оди во Панонија и да интервенира. Во 873 година Методиј бил пуштен од затвор. Во оваа година починал Адалвин, во 874 - Херманрих и во 875 - Ано. Во 873 година папата го назначил Методиј за моравски архиепископ. Во вакви услови Методиј започнал повторна широка дејност, во поблагопријатни и изменети услови. Посебни тешкотии му создавал распусниот Светополк. Методиј го критикувал и подучувал. Изворите говорат дека Светополк бил честопати од страната на Методиевите непријатели и не покажувал голема љубов и внимание кон словенскиот архиепископ. Во 879 година папата Јован VIII ја забранил словенската богослужба, исплашен да не се оддели Моравската црква од Рим. Го повикал Методиј во Рим. По одбраната на својата дејност Методиј успеал повторно да се избори за изведувањето на

словенската богослужба, се разбира според првото посочено барање - првин Евангелието и Апостолот да се прочитаат на латински јазик, а потоа службата да се изведе на словенски.

Најголемите опасности за Методиј доаѓале од германскиот епископ Вихинг, кој честопати ја имал поткрепата на Светополк против Методиј. Тој пред народот покажал лажно писмо од папата, со кое се барало Методиј да биде протеран од Моравија. Зачувано е писмо од папата во кое тој тврди дека не испратил по Вихинг никакво писмо, ниту по друг човек.

Според Методиевото житие византискиот император Василиј го повикал Методиј во Цариград. Во 878 година Фотиј повторно го добил патријаршискиот престол. Методиј пристигнал во Цариград со група ученици. На Фотиј и на императорот им ги пренел импресиите и настаните од Моравија, Панонија и Рим. Тие пренеле и одреден број словенски книги. И овој пат дворот бил задоволен од резултатите на архиепископот Методиј. Незавршените работи во Моравија го вратиле Методија назад. Од март до октомври со два попови брзописци ја превел Библијата, која како верски и сеопшт културен феномен ќе биде постојана инспирација за нови дела. Се смета дека Библијата била завршена на денот на св. Димитрија, закрилникот на Солун. Тогаш можел да биде изведен молебен во чест на светецот, како и „Канонот за св. Димитрија.“

Насетувајќи го смртниот час, Св. Методиј го определил за свој наследник вредниот ученик Горазд, по потекло Моравец, кој одлично ги владеел и латинскиот и словенскиот јазик, а веројатно и други јазици. Св. Методиј починал во Велеград на 6 април (според стар стил, а на 19 според новиот стил). Неговите ученици извршиле свечена служба над неговото тело, на латински, грчки и словенски јазик. Погребот бил извршен во соборната црква, за што Методиевото житие истакнува: во големата моравска црква“. Со големи интриги епископот на Нитра, Вихинг, издејствувал кај папата Стефан V да добие чин моравски архи-епископ, додека Горазд бил окован во синџири и протеран. Неговото име го среќаваме меѓу словенските седмочисленици: Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент, Св. Наум, Св. Сава, Св. Ангеларij, но трагите по смртта на Св. Методиј во 885 година се изгубени. Постојат само претпоставки дека службувал во

Краков, според други во Берат (денешна Албанија). Со смртта на Св. Методија како да се чекал згодниот момент да стапат на сцената во Моравиа сите сили насочени против св. Методиј, против словенската писменост и култура. Бројните Кирилометодиеви ученици биле подложени на незапамтени осветнички прогонувања, затворања и измачувања. Самата нехумана и чудовишна сурова акција против учениците недвосмислено говори зајачината и големината на делото на мисионерите во Моравија и Панонија, голема и рамносилна опасност за тријазичната ерес.

Методиј, постариот брат, покажал активна дејност на полето од преводот, книжевноста, културата. Покрај понапред споменатиот „Закон суден за луѓето“, еден вид прв словенски кривичен законик, настанат во словенското кнежество на Методија, останува спорна и недоволна расветлена работата на двајцата брака, посебно на Методиј, во манастирот на Олимп. Меѓутоа, паралелно учество во преведувачката дејност од грчки на словенски е неспорно. На Методиј му се припишува преводот на „Номоканонот“, како основен неопходен правилник за црковната организација. За да се организира црквата во Моравија овие почетни законици биле неопходни. Има индиции да се смета дека го превел Номоканонот на Јован Схоластик, цариградски патријарх (566 - 578). Номоканонот на Фотиј се појавил во 883 година, но не е чудо Методиј да ја имал неговата редакција. Најблиски до Номоканонот се зачуваните словенски ракописи од XI век.

Исто така, на Методиј му припаѓа преводот на „Патерикот“. Во врска со изворите постои разногласие. А. Соболевски сметал дека го превел Римскиот патерик, т.е. Дијалозите на Григориј Велики од крајот на VI век. Според проучувањата на Н. ван Вајк Методиј го превел од готовата збирка житија на светци, од грчки зборник. Овие отечески текстови биле неопходни за почетното воспитување на Словените христијани, за восприемање на суштинскиот христијански морал.

Едно од спорните дела во славистиката е секако анонимната хомилија од „Клоцовиот зборник“. Таа се однесува на кнезот, на моралот што е општоважечки и за обичниот христијанин, но и за кнезот. Во неа се прави осврт за правилата на сопружничкиот живот. Хомилијата се наоѓа паралелно со хо-

милиите на Јован Златоуст, заради што Е. Георгиев смета дека таа не би можела да биде Климентов состав, зашто паралелно со Златоуст, по ранг, би можеле да дојдат само Кирил и Методиј. Во најново време хомилијата ја разгледува како Методиево дело Ф. Мареш. Истиот славист му го припишува на Методиј „Трактатот за уметничкото преведување“, зачуван во „Македонското кирилско ливче“, како и во Прологот на Јоан Егзарх од делото „Небеса“.

Во славистиката се поделени и мислењата околу авторството на литургискиот „Канон во чест на св. Димитар Солунски“. Истражувањата ги сведуваат разногласијата до денес на две противположни мислења - Кирил и Методиј. Доста бројни докази за авторството на овој лирски канон Ј. Вашица наведува во прилог на Кирил Филозоф. Не помалку убедливи се наводите за Методиевото авторство од страна на Е. Георгиев, кој посебно го цитира текстот од Методиевото опширно житие, истакнува дека Методиј кога ги завршил преводите на библиските книги приредил помен на св. Димитар. Во „Похвалата на Кирил и Методиј“, исто така, се нагласува дека Методиј како архиепископ „ја украси црквата со песни и духовно пеење.“ Самиот носталгичен канон очевидно се задржува врз препреките на мисионерите во Моравија, врз горчливите солзи во туѓина, врз односот на авторот кон св. Димитар, заштитникот. Меѓу прочувствуваните редови од Канонот да ги споменеме само овие: „Послушај ги сега, славен Димитрија, твоите бедни робови, и смилостиви се над нив: ние се оддалечивме од твојот светол храм, но срцата ни горат и длабоко страдаме да се поклониме пред твојата црква, со твоите молитви. Зошто, о мудар Димитрија, само ние, твоите бедни робови, сме лишени од твојата убавина, и од љубов кон творецот ние пловиме во туѓи краеви и градови и страдаме од суровите војници на паганците и еретиците?...“ Во Канонот доминира искрениот копнеж кон Солун, кон Св. Димитрија. Со искрениот однос, со уметничкото книжевно поетско богатство, се вреднува во достоинствата на средновековната книжевност. Најстарите преписи потекнуваат од XI и од XII век.

Неспорна епохална заслуга на Методиј ќе остане преводот на шеесетте книги од Библијата, без книгите на Макавеите. Со оваа огромна дејност, пред самата своја смрт, Методиј го дал четвртиот комплетен превод на Библијата во Европа,

покрај грчкиот, латинскиот и готскиот, кои се постари од старословенскиот превод. Денес не треба да се зборува веќе за противположните мислења и сомневања дека Методиј не ја превел целокупната Библија. Меѓу поткрепите на јасниот став за Методиевата голема заслуга не смееме да го превидиме или прескокнеме податокот што ни го оставил бугарскиот автор Јоан Егзарх од X век, за Методиевиот превод на шеесетте книги од Библијата. Со умешниот превод, со своето долгогодишно активно искуство врз книгите, со широките сестрани знаења, особено со совршеното канонско познавање на христијанската религија, како ортодоксен христијанин, проповедник и толкувач, преку старословенскиот превод на Библијата, на изграденият книжевен јазик, им оставил на Словените прецизна енциклопедија за писменоста, јазикот, книжевноста, историјата, светската библиска цивилизација. Им дал пример и тон на нивниот натамошен пат кон сеопштиот просперитет. Колку е значајно ова дело говори нашата современост, нашето вреднување во цивилизаторскиот миг. Токму во годината 1990 се појави комплетниот превод на Библијата на современ македонски книжевен јазик, можеби мошне задоцнето со оглед на нашиот културен континуитет и традиција, но затоа пак, во истата година се појави и Тајмсовиот „Библиски атлас“, во кој е проследен важниот континуитет за Библијата кај Македонците, од X век до денес.

Методиј ги превел Кириловите книжевни состави и дури повеќе. Сигурно ги редактирал и подредил во осум поглавја. Тој, ако не е автор на Кириловото житие, сигурно учествувал при неговото составување, во близината на житиеписецот, предавајќи му ги подробностите и вестите за помладиот талентиран брат Кирил. Можеби затоа не може да се направи можната прецизна граница за учеството и на двајцата автори во комплетното и живописно житие на Кирил Филозоф.

Заслугите на светите брака Кирил и Методиј се недогледни кога се анализираат: нивното дело, мисија, дејност, појава, значење. Во набројувањето би требало да биде неодминлива нивната далекусежна и мудра мисла и политика во однос на создавањето идни кадри, наследници, секогаш присутни млади ученици, кои под покровителството на браќата се обучуваа, за да го понесат

понатаму самостојно истиот товар, како неопходност на времето и напредокот на човештвото, сред кое се најдоа Словените. Кирил и Методиј се опкружија со млади луѓе, нив ги поведоа низ Моравија, ги намножија минувајќи низ кнежеството на Коцел во Панонија, ги поведоа во Рим, и пак повратно низ Моравија и Панонија. Некои ги водеа со себе од јужните словенски краеви и некои од нив повторно се најдоа во Бугарија и Македонија. И тие, од рангот на Климент и Наум Охридски, угледувајќи се на Учителите, ќе обучуваат млади луѓе, најталентираните, најработливите, ќе ги водат и унапредуваат. Учителите одамна го напуштија светот, но делото го продолжија наследниците. Тие создадоа нови поколенија, нови ученици, кои зборуваа и го пренесуваа делото на Климента, на Наума, на Сава, на Ангеларий. Останаа анонимни, но оставија траги во изградувањето на нашиот континуитет, на нашата традиција, на нашиот идентитет.

ЛИТЕРАТУРА

КАЛАЙДОВИЧ, Ф. К., Иоанн, екзарх болгарский, Москва 1824.

ДОБРОВСКИЙ, И., Кирилл и Мефодий, Славянские первоучители, Москва 1825.

PALACKY, Fr., Joseph Dobrovskys leben und gelehrtes Wirken, Prag 1833.

ВОСТОКОВ, Х. А., Описание русских и словенских рукописей Румянцовского музеума, Спб. 1842.

DÜMMLER, E., Die panonische Legende S. Method, Archiv für Kunde Österreichische Geschicts quellen, B. XIII, 1854

ВОСТОКОВ, Х. А., Граматика церковнославянского языка, изложенную по древнейшим оного письменным памятникам, Спб. 1863.

ВИКТОРОВ, А. Е., Кирилл и Мефодий, Новые источники и ученые труды для истории славянских апостолов, Кирилло-Мефодиевский сборник, Москва 1865.

ЛЕОНИД, Арх., Болгарский монастыр Зограф, В. 1866

БИЛЬБАСОВ, В.А., Кирилл и Мерфодий, ч. I. Кирилл и Мефодий по документальным источникад. Спб. 1868, ч. II Кирилл и Мефодий по западным легендам, Спб. 1868 - 1871.

Vergleichende Lautlehre der slavischen Sprachen, Wien, 1, 1852, 1, II, III, IV - Wien 1875.

ВОРОНОВ, А., Главнейшие источники для истории св. Кирилла и Мефодия, Киев 1877.

ГРИГОРОВИЧ, И. В., Очерк путешествия по Европейской Турции, Казан 1848, II издание 1877.

MARETIČ, T. Život i rad F. Miklošiča, Rad JAZU, Zagreb 1892.

FRIEDRICH, J., Ein Brief des Anastasius Bibliotecarius an den, Bischof Gaudericus von Veletrii uber die Algassung der Vit-Vita cum translatione s. Clementis papae, Sitzungsberichte der k. Bayerischen Ak. d. Wissenschaften, 1892.

ЯГИЧ, В. И., Внов найденное свидетельство о деятельности Константина Философа, Сборник Отдел, русск, языка и словесности ИАН, Спб. 1893.

ПЕТРОВ, А., Спорные вопрос. Летопис Историко-филолог, общ. при Новороссийском Университете, 1,1894.

JIRIČEK, K., Šafarik mezi Jihoslavany, Praha 1895.

LAPOTRE, A., L Europe et le Saint Siege a 1 epoque Carolingienne, I, Le pape Jean VIII, Paris 1895.

ЛЯПУШИНОВА, М. Б., Д-р Ватрослав Облак, Харьков, 1896.

OBLAK, V., Mazedonische Studien, Sitzungsberichte der Philosophische-historischen Class der kaiserliche Akademie der Wissenschaften, Wien 1896.

ЛАВРОВ; П., Жизнь и учения дѣятельностъ П. Ј. Шафарика, Москва 1897.

БАЛАСЧЕВ, Г., Климент епископ словенски и службата му по стар словенски превод, София 1898.

АРХАНГЕЛЬСКИЙ, С. А., Сорок лет научной деятельности ученые труды академии И. В. Яагича (1861 - 1901), Спб. 1901.

PASTERNEK, F., Dejinv slovanskych apostolu Cyrilla a Methoda, Praha 1902.

ЯГИЧ, В. И., История славянской филологии, Спб. 1910.

ЯСТРЕБОВ, Н. В., Сборник источников для истории жизни и деятельности Кирилла и Мефодия апостолов славянских. Спб, 1911.

ТУНИЦКИЙ, Л. Н., Св. Климент епископ словенский, Сергиев Посад 1913.

ПЕТРОВСКИЙ, М. Н., Библиографический список печатных трудов Виктора Ивановича Григоровича, Петроград 1915.

KOTSCHUBINSKY, Mikloschich und Šafarik, Aslph 25.

БЕЛИЋ, А., Ватрослав Јагић, Јужнословенски филолог, 1923.

NAHTIGAL, R., Vatroslav Jagić, Ljubljanski zvon, 1923.

ЋОРОВИЋ, В., Ватрослав Јагић, СКГ, 1923.

БРУЦКУС, Д., Письмо хазарскаго Еврея от X века, Берлин 1924.

MOŠIN, V., Hipoteza Lamanskoga o hazarskoj misiji sv.Čirila, Јужнословенски филолог, VI, Београд 1926, 27.

ОГИЕНКО. И., Костянтин и Мефодий, их жития те дияльнисть, I, II, Варшава 1927-1928.

ЛАВРОВ, А. П., Кирилло та Методий в давньславянському письменстви, Киев 1928.

ЛАВРОВ, А. П., Материалы по истории возникновения древнейшей славянской письменности, т. I, Ленинград 1930.

МОШИН, В., Кад су Хазари прешли у жидовску веру, Riječ, Zagreb 1931, вг. 45.

ИЛЬИНСКИЙ, А. Г., Опыт систематической кирилломефодиевской библиографии, София 1934.

JAKUBEC, J., Dejinu literatuuru češke, II, Praha 1934.

ТЕОДОРОВ-БАЛАН, А., Кирилл и Методи, II, София 1934.

ПОПРУЖЕНКО-РОМАНСКИ, Кирило-Методиевска библиография за 1934 - 1940, София 1942.

STANISLAV, J., Slovanski apoštoli Cyril a Metod a ich činnost' vo Velkomoravskej risi, 9, Bratislava 1945.

MURKO, M., Vatroslav Jagić u Hrvatskoj, Rad Jazu, 1949.

ГЕОРГИЕВ, Е., Славянская письменость до Кирилла и Мефодия, София 1952.

MEYVAERT, P. - DEVOS, P., Trois enigmes cyrilio-methodiennes de la Legende Italique, resolues grace a un document indedit, Analecta Bollandiana, LXXIII, 1955.

VAŠICA, J., K Lehiku Zakona Sudneko Ljudem, Slavistična revija, 10, 1957.

АНГЕЛОВ, Б., Славянски извори за Кирил и Методи, Известия на ДБ „Васил Коларов“ за 1956, София 1958.

GRIVEC, F., Konstantin und Method, Lehrer der Slaven, Wiesbaden, MCMLX, 55.

GRIVEC, F. - TOMŠIĆ, F„ Constantinus et Methodius Thessalonicenicenses, Fontes, Radovi staroslavenskog instituta, Zagreb 1960, knj. 4.

Извори за българската итория. т. VII. Латински извори за българската история, т. II, София 1960.

ТРОИЦКИ, С., Богословские труды, Москва 1961.

ARNALDI, G., Anastasio Bibliotecario. Dizionario biografico, I Roma 1962

PAUL, K., Pavel Josef Šafarik - život a dilo, Praha 1962.

Белешки за кирилометодиевското прашање кај Македонците во XIX век, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје 1963, VII, 1.

GRIVEC, F., Slovenska blagovestnika sv. Ciril in Metod, (863 - 1963), Celje 1963.

ДУЙЧЕВ, И., Към тълкуването на пространите жития на Кирилла и Методия Хиляда и сто години славянска писменост (863 - 1963), София, Б АН, 1963.

ДУЙЧЕВ, И., КИРМАГОВА, А., ПАУНОВА, А., Българска кирилмето-диевска библиография за период 1944 - 1962, Хиляда и сто години славянска писменост (863 - 1963), БАН, София 1963.

LACKO, M., Sv. Cyril a Metod, Rim 1963.

DVORNIK, F., The Significance of the Mission of Cyril and Methodius, Slavic Review, june 1964.

Прилог кон кирилометодиевската библиографија, Литературен збор, Скопје 1964, год. XI, бр. 5.

NEDELJKOVIC, O., Još jednom o hronološkom primatu glagoljice, Slovo, Zagreb 1965, br. 15-16.

OSTROGORSKY, G., The Bizantine Background of the Moravian Mission Dumbarton Oaks Papers, XIX, 1965.

ПАВЛОВИЋ, Л., Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965.

КОНЕСКИ, Б., Охридската книжовна школа, Книга за Климент Охридски, „Кочо Рацин“, Скопје 1966.

Magnae Moraviae Fontes Historici. I Annales et chronicae. Pragae-Brunae, 1966 (Opera Univesritatis Purkynianae Brunensis, facultas philosophica, 104); II. Textus biographici, hagiographici, liturgici. Brno, 1967 (Opera Univesritatis Purkynianae Brunensis, facultas philosophica, 1 18); III. Diplomata, epistolae, textus historici varii. Brno, 1966 (Opera Univesritatis Purkynianae Brunensis, facultas philosophica, 134); IV. Leges - textus iuridici, supplementa. Brno, 1971 (Opera Universitatis Purkynianae Brunensis, facultas philosophica, 156); V. Indices. Brno, 1977 (Opera Univesritatis Purkynianae Brunensis, facultas philosophica, 206).

МИЛЕВ, А., Гръцките жития на Климент Охридски, БАН, София 1966.

МОШИН, В., Најстарата кирилска епиграфика, Словенска писменост, Народен музеј, Охрид, 1966.

NORWICH, J.J., Reresbu Sifwell A. Cosfa, Mount Athos, New York, 1966.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Македонија, Списание на Матицата на иселениците на СРМ, Скопје 1966, март.

Словенска писменост, 1050 годишнина на Климент Охридски, Народен музеј Охрид, 1966.

ШТЕФАНИК, Вј., Првобитното словенско писмо и најстарата глаголска епиграфика, Словенска писменост, 1050 годишнина на Климент Охридски, Народен музеј Охрид, 1966.

АНГЕЛОВ, Ст.Б., Из старата българска, руска и сръбска литература, София, БАН, 1967.

PETROVIĆ, I., Literatura o Čirilu i Metodiju prilikom 1100 jubileja slavenske pismenosti, Slovo, Zagreb 1967.

ГЮ ЗЕЛОВ, В., Бележити Българи, 1968,1.

ДУЙЧЕВ, И., Климент Охридски во научното дирене. Материали за неговото чествуване по случаи 1050 години от смъртта му, София 1968.

АНТИЌ, В., Прилог кон кирилометодиевската проблематика, Историја, Скопје 1969, год. V, бр. 2.

Българска кирилометодиевска библиография за периода 1963 - 1968, Константин-Кирил Философ, билеен сборник по случай 1100 годишнината от смъртта му, София, БАН, 1969.

ГЕОРГИЕВ, Е., Кирил и Методий, София 1969.

ЗАИМОВА, Т.В., Солунските Славяни и произходът на Кирил и Методий, Константин-Кирил Философ, София 1969.

Константин-Кирил Философ, БАН, София 1969.

Кирил Солунски, I, II, МАНУ, Скопје 1970, (1100 годишнина од смртта на Кирил Солунски).

ОСТРОГОРСКИ, Г., Историја Византије, Београд 1970, (год. 840 - 855).

Методиевото житие, Панонски легенди, Скопје, „Македонска книга“, 1970.

Панонски легенди, Скопје, „Македонска книга“, 1970.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Дипломатскиот значај на мисиите на Кирил и Методиј, Кирил Солунски, МАНУ, Скопје 1970.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Константинова (Ћирилова) књижевна дела у светлости неких Фотијевих књижевноестетичких погледа, Кирил Солунски, 1, МАНУ, Скопје 1970. Glagoljica, Jedanajeststolječa jedne velike tradicije, Zbornik radova, Slovo, Zagreb 1971.

MAREŠ, V. F., Hlaholice na Moravě a v Čechach, Slovo, Zagreb, 1971, 21.
МОШИН, В., Словенските ракописи во Македонија, Архив на Македонија Скопје 1971, 1, 11.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Во мугрите на словенската писменост, „Мисла“, Скопје 1973.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Словенските просветители Кирил и Методиј. Во мугрите на словенската писменост, Скопје, „Мисла“, 1973.

Климент Охридски, Скопје, „Македонска книга“, 1974.

Похвално слово во спомен на светите и преславни учители, на блаженият Кирил и на архиепископот панонски Методија, Климент Охридски, „Македонска книга“, Скопје 1974.

КОНЕСКИ, Б., Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија, „Македонска книга“, Скопје 1975.

КОНЕСКИ, Б., Канонизација на словенските светци во Охридската црква. Прилози, МАНУ, Скопје 1976, 1.

ВИДОЕВСКИ, Б., Мјечислав Малецки како славист и испитувач на македонските дијалекти, МАНУ, Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки, 27 декември 1976, Скопје 1977.

Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки, МАНУ, Скопје 1977, (27.XII 1976).

VERBUM SOLARE, a cura di Boris Visinski, „REVISTA MACEDONE“, Skopje 1980.

МОЖАЕВА, Е. И., Библиография по кирилло-мефодиевской проблематике, 1945 - 1974, Москва 1980.

Sbornik к 150. vyroci umrti Josefa Dobrovskeho, Brno 1980.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. I, Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј“, Факултет за филозофско-историски науки, 1981.

История на славистиката от края на XIX и началото на XX века, БАН, София 1981.

VESELY, M. J., Scrivere sull' acqva, Cirillo Metodio, L'Europa, Milano, Jaca Book, 1982.

ИВАНОВА, К., В началото бе книгата, Народна младеж, София 1983.

МАТКОВСКИ, А., Евреите во Македонија, „Македонска ревија“, Скопје 1983.

ПЕТКАНОВА, Д., Константин - Кирил денница на словенския род София 1983.

БЕРНШТЕЙН, Б.С., Константин-Философ и Методий, Москва 1984.

San Cirillo et San Metodio e la loro fradizione in Macedonia, Skopje 1985.

АНТИЌ-СТОЈЧЕВСКА, В. - ВЕЛЕВ, И., Кон кирилометодиевската библиографија во Македонија (1945 - 1988), Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Скопје, 11-12, Скопје 1985-1986. БОГДАНОВ. И., Кирил и Методий, (романтизован животопис), София 1987.

1100 години от смъртта на Методий, Кирило-Методиевски студии, IV София 1987.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Словенски ракописи во Македонија, III, IV, Скопје 1988.

АНТИЌ-СТОЈЧЕВСКА, В., Пораки од дамнина, „Наша книга“ , Скопіе 1988.

Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традниција во Македонија, МАНУ, Скопје 1988 (Зборник по повод 1100 годишнината од смртта на Методиј Солунски).

In gloria di san Cirillo, (20 anni della manifestazione „La Jugoslavia in onore di S. Cirillo“), Skopje 1988.

МАРЕШ, Ф. М., Јазикот на словенскиот првоучител Методиј, Зборник - Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период, МАНУ, Скопје 1988.

Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински извори). Избор, превод и белешки - Радмила Угринова-Скаловска и Љубинка Басотова, „Мисла - Македонска книга“, Скопје 1989.

1100 години от блажената кончина на Св. Методиј, София 1989.

Biblijski atlas, The Times, uredil James B. Pritchard, „Cankarjeva založba“, Ljubljana - Zagreb 1990.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Книжевноста во Македонија од XI до XIV век, Спектар, Скопје 1990, бр. 16, 33 - 49.

НИХОРИТИС, К., Атонската книжовна традиция в разпространението на Кирило-Методиевските извори, Кирило-Методиевски студии, кн. 7, БАН, София 1990, 5-276.

Средновековна македонска книжевност, „Македонска книга“. Скопје 1990.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ, Химнографскиот циклус посветен на словенските првоучители Кирил и Методиј, Спектар, Скопје 1991, бр. 17, 25 - 49.

Стара българска книжнина, предговор, съетавителство и приложение Георги Данчев, Велико Търново 1992.

БАЛАБАНОВ, К., Свети Кирил и Свети Методиј во делата на зографите 9 - 19 век, Табернакул, Скопје 1993.

ОБЛАК Ватрослав, Македонски студии, превод од германски на македонски јазик, проф. Бранислав Драговиќ, редакција - проф. д-р Драги Стефанија, Издавач: Заедница на македонските културни друштва во Република Словенија, Љубљана, 1994.

СТОЈЧЕВСКА А. В. и НИКОЛОВСКИ К. С., Во чест на светите Кирил и Методиј, „Матица Македонска“, Скопје 1994.

БИБЛИСКИ И ЛИТУРГИСКИ ТЕКСТОВИ

Меѓу првите книжевни текстови, а тие биле црковни, во старата македонска книжевност биле библиските примери, и тоа како преводи од грчки на старословенски јазик. Тие први преводи претставувале и основни писмени и книжевни примери, врз кои се воспитувале и учеле и учениците на светите Кирил и Методиј, а и поколенијата понатаму. Разбирливо е дека жанровски библиските текстови се јавувале како: старозаветни библиски текстови, како евангелија, апостоли, псалтири, паримејници.

Во IX век, по епохалната дејност на браќата Кирил и Методиј во врска со составувањето на словенската азбука, со формирањето на литературниот старословенски јазик, се разви нивната активна неопходна преведувачка дејност. Се смета дека првиот превод од грчки на старословенски јазик било Изборното евангелие, со првиот преведен стих од Јовановото евангелие: „Во почетокот беше зборот, и Зборот беше во Бога, и Бог беше збор.“ Покрај овој значаен превод, настанале: Целиот црковен чин, Апостолот, Псалтирот, а потоа: Номоканонот, Патерикот, и кон крајот на својот живот Методиј ја превел целата Библија, без Книгите на Макавеите.

Разбирливо е дека овој основен и важен преведен книжевен опус имал големо значење за целиот словенски свет, како и за Македонија, во која доста рано настанале мошне значајни преводи од богатата византиска литература, со која посебно ја сврзуваат блиски и постојани контакти и влијанија, како што е случај и со други соседни словенски земји. Меѓутоа, значајната географска положба на Македонија ќе претставува многу значајна крстосница на влијанија меѓу исток и запад, меѓу север и југ, за што во славистиката постои значајна и обемна литература. Повеќе рани преводи што настанале во Македонка ќе го најдат својот развоен пат, или ќе послужат како примери за изградување на нови текстови во други словенски редакции и обработки. Тоа посебно го апострофира и укажува

развиената Охридска книжевна школа, од каде што во разни правци од IX век и понатаму ќе се шири влијанието на словото и книгата во зрачести правци ширум словенскиот свет, како што ќе се види и од карактеристичните примери понатаму.

Очевидно е дека првиот настанат превод бил евангелски, и тоа краток апракос. Овој апракосен текст, настанат во непосредна врска со изведувањето на Моравската мисија, бил дополнет со полните четири евангелија во Моравија, т.н. канонски евангелија од: Матеј, Марко, Лука и Јован.

Во раната македонска писмена и книжевна традиција значајни се повеќе евангелски текстови, и тоа настанати во Охридската книжевна школа, каде што традиционално и најдолго се негувала глаголската писменост, која ја вкоренил со својата основачка дејност самиот св. Климент Охридски. Во случајов ќе се запреме само на најкарактеристичните примери од поголемиот број словенски ракописни текстови настанати во Македонија.

Меѓу најкарактеристичните примери од глаголската рана писмена традиција во Македонија спаѓа Асемановото евангелие, кое настанало во крајот на X век, во Охридската книжевна школа. Денес е зачувано во Ватиканската библиотека (Cod. Vat. Slav. 3). Ова изборно евангелие го пронашол J. C. Асемани во Ерусалим во 1736 година. Асемани бил префект во Ватиканската библиотека, и по неговата смрт целата заоставштина од ракописите останала во Ватикан. Ова Евангелие е важно како стар глаголски ракопис, пишуван со обла глаголица, карактеристична за охридските ракописи, и претставува еден од најблиските текстови на Кирилометодиевскиот превод на Евангелието. Покрај основниот глаголски текст, важен е и Месецословот, во кој ги наоѓаме канонизирани имињата на Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент Охридски и др. светители. Исто така, богатата илуминација, означува посебна силна уметничка рака, која не прилега многу на некои други карактеристични или стереотипии примери. Текстот е пишуван на пергамент, на 158 листа. Еден од сериозните истражувачи на овој ракопис, Јозеф Курц, истакнал дека појавата на мешање на назалите е постара карактеристика за Македонија, каде што настанал ракописот.

Паралелно со датирањето на Асемановото евангелие, од крајот на X и почетокот на XI век, се вреднува и глаголското Зографско евангелие, кое денес се чува

во Ленинградската народна библиотека (глаг. т. 1). Пишувано е на 303 пергаментни листови, а името го добило според местото на наоѓањето во Зографскиот манастир во Света Гора. Еден од заслужните први негови истражувачи бил славистот Ватрослав Јагиќ, кој ја забележал честата асимилација на слабите ерови. Индексот бил составен со кирилски букви. Поголемиот дел од текстот е пишуван со обла глаголица, а помал број страници се со аглеста глаголица. Всушност овие аглести листови претставуваат во славистиката познати палимпсеста, а избришаниот текст открива обла глаголица. Самото Зографско евангелие во Зографскиот манастир го открил Антун Михановиќ, кој му го посочил на В. Григорович. Монасите од Зографскиот манастир му го подариле ракописот на рускиот цар Александар II. В. Јагиќ го издал текстот со кирилска транскрипција.

Петар Лавров во 1906 година пронашол два глаголски листа во Зографскиот манастир, датирани кон крајот на X век. Тие претставуваат фрагмент од монашки правила на Василиј Велики. Значајни се како мошне стари кирилски листови и се одликуваат со значајна правилна употреба на големиот и малиот ер, како и на јусовите знаци.

Мариинското евангелие по старост му припаѓа на периодот кога се јавило и Зографското евангелие, крај на X или почеток на XI век. Најдено е во манастирот Света Богородица на Атос и сега се наоѓа во Ленинската државна библиотека во Москва. (Григ. 6/М. 1689). Вториот фрагмент од ракописот го добил Антун Михановиќ (два листа од еден солунчанец. Овие листови се чуваат во Виенската национална библиотека (Cod. slav. 146). Глаголското писмо открива обла глаголица, слична на таа од Асемановото евангелие. Во најновиот труд Блаже Конески смета дека овој ракопис настанал во Света Гора. Пишувано е на 172 пергаментни листа. Во споредба со Зографското евангелие Мариинското зачувало постари морфолошки и лексички црти. Пишувано е од една рака. Портретите на евангелистите се мошне значајни и претставуваат убав пример за ракописната орнаментика од најстариот писмен период. Во морфолошки поглед се одликува со доста архаични запазени форми, а од лексички аспект е застапен најстариот лексички слој со моравизми.

Меѓу евангелиските стари текстови спаѓаат Новгородските или Кипријановите листови. Тоа се само два пергаментни листови, дел од апракосно македонско евангелие од крајот на X или почетокот на XI век. Сега се чуваат во Ленинградската народна библиотека (R.P.I. 58). Му припаѓале на славистот Ј. К. Купријанов. Издавачот И. И. Срезневски ги нарекол Новгородски, по местото каде што се чувале. Пишувани се со крупно уставно писмо, кирилско, со интересни иницијали. Во најново време на овие листови им посветил посебно внимание веќе покојниот славист В. Мошин. Се смета дека полниот апракосен текст бил испратен во Русија за времето на македонскиот цар Самоил. Таму послужил како прототип за составувањето на познатото руско Остромирово евангелие. Со тоа се разреши погрешната насока дека Кипријановите листови настанале врз основа на Остромировото евангелие. Во текстот има етимолошка употреба на носовките, а еровите се мешаат.

Од самиот крај на X и почетокот на XI век потекнуваат и Охридските глаголски листови. Тие претставуваат фрагмент од глаголско евангелие, пронајден од В. Григорович во Охрид. Двата листови се чуваат во Државната библиотека во Одеса (Р. 2/532). Иако фрагментарен текст од евангелие со својата старина ги привлекувал бројните слависти, а го издале: И. И. Срезневски, Н. К. Грунски, Г. А. Илински.

Од библиските текстови од овој ран период на македонската писменост значајно место зазема Синајскиот глаголски псалтир, пишуван на пергамент, на 177 листа, во XI век. Тој е истовремено најстар словенски Псалтир и се чува во манастирот Света Катерина на Синај, под бр. 38. Содржи 137 псалми од Псалтирот. Го составувале три раце и тоа со аглеста глаголица. Како и Асемановото евангелие кое е близу до кирило-методиевиот превод на изборното евангелие, и овој Псалтир е најблизок до кирило-методиевскиот превод на псалтирниот текст. Фототипско издание на овој значаен ракопис приредил М. Алтбауер во 1971 година во МАНУ. Инаку овој текст бил посебно истражуван од познатите славистички имиња: Л. Гајтлер, Ј. В. Петровска, С. Кульбакин, С. Северјанов, и други. Ракописот е двоеров, но преовладува големиот ер. Архаизмите укажуваат на најстарите белези на кирилометодиевскиот превод.

Со новооткриените ракописи на Синај, во 1975 година, пронајден е и последниот дел од овој значаен Синајски псалтир, објавен од Ј. Тарнанидис, во Солун 1988 година.

Штом се допревме до Синајскиот глаголски Псалтир да ги придружиме кон него и мошне познатите, но постари, текстови од видот на Болоњскиот и Погодинскиот.

Болоњскиот псалтир претставува кирилски пергаментен ракопис од почетокот на XIII век. Пишуван е во селото Рамне, Охридско. На главните составувачи Јосиф и Тахота им помагале уште двајца помошници. Ракописот го купил еромонахот Данил од Теодор Граматик, а потоа се нашол преку манастирот „Свети Спас“ од Болоња во Болоњската универзална библиотека, под број 2 499. Ракописот содржи 264 листови, пишувани во две колони. Ракописот е илуминаран интересно во тератолошки, флорален и геометриски стил. Ракописот е двоеров, со честа вокализација на ь>е, ъ>о. Содржински претставува толковен псалтир.

Погодинскиот псалтир е исто така толковен псалтир. Тој е нешто постар од Болоњскиот и обично се датира во втората половина од XIII век. Содржи 279 пергаментни листови, пишувани од двајца запишувачи. Зачувал доста архаични форми од старословенскиот превод. Заедно со претходниот Болоњски псалтир претставува незаобиколен текст за изучување на псалтирните словенски текстови. Зачуван е во Ленинградската народна библиотека, фонд М. Погодин бр. 8. Го изучувал В. Јагиќ заедно со Болоњскиот псалтир. Се смета дека бил пренесен од Света Гора.

Новиот превод на Псалтирот настанал во XIV век во Света Гора. Кон овој нов светогорски превод најблизок е Шоповиот македонски псалтир од Кратовската школа.

Веке од XII век се јавува поголемо разнообразие и богатство од споменици, а од евангелските посебно место добива Добромировото евангелие од XII век. Тоа е значајно како најстаро словенско кирилско четвороевангелие, а најстаро е и како македонско четвороевангелие. Го пишувал попот Добромир, со помош на друг анонимен пишувач. Се чува во Народната библиотека во Ленинград (Qn 55-

183), библиотеката на манастирот Света Катарина на Синај бр. 43 - 23 л. и Националната библиотека во Париз, бр. 65 - 2 л. Пишувано е на пергамент на 391 стр.

Од крајот на XII и почетокот на XIII век потекнува и Евангелието на попот Јован, кое се чува во ЈАЗУ (III с 1). Пишувано е на пергамент на 133 листови. Графијата на писмото е слична со Охридскиот и Слепченскиот апостол. Според В. Мошин, кој и го издал, морфолошките особености го приближуваат ова Евангелие кон Добромировото.

Во XIII век настанало и Радомировото евангелие, кое се чува во Загреб во ЈАЗУ (III в 24 - Михановиќ 6). Радомир оставил значаен запис: „Јас грешниот Радомир пишував. Голема беше тагата на моето срце.“ И Добрејшевото евангелие претставува македонско четвороевангелие од XIII век. Се чува во Софиската народна библиотека, бр. 17 - 307. Еден негов дел се наоѓа во Народната библиотека во Белград, каде што изгорел во 1941 година. Ова Евангелие е богато илуминирано. Интересно е дека во ликот на евангелистот Јован е насликан ликот на попот Добрејшо, кој сигурно го напишал текстот. Се смета дека било пишувано во Северна Македонија.

Македонските библиски текстови што се зачувани од најстариот период на старословенската писменост во Македонка, се до крајот на XII век, достигнале до нас во определен број споменици од познатите историски причини. Меѓутоа, и оние споменици кои доаѓаат во поголем број и по XI и по XII век се надоврзуваат на старата традиција, ги чуваат старите македонски предлошки, а истовремено ако тие недостигаат содржат и траги од предлошки од друга провениенција. Интересно е да се одбележи дека од овој период зачувани се српски и хрватски текстови, потоа руски и бугарски, кои потекнуваат од архаични македонски предлошки. Руското влијание во нашите текстови било присутно преку руско-македонските врски низ вековите, за што се изградува обемна значајна литература во славистичкиот свет. Руското влијание посебно се чувствувало од XIII и XIV век. Од друга страна, откривањето руско влијание, на пример, во познатиот Охридски апостол, говори за раното руско влијание во нашата средина, уште кога била жива глаголската писмена традиција. Вакви примери можеме да посочиме повеќе. Со нив се заокружуваат и истражувањата

на Б. Конески, кој во повеќе наврати се запира токму на ова значајно влијание. Кон овој пример може да се приопштат значајните македонски споменици: Евангелието на попот Јован, Радомировото евангелие, Македонското кирилско ливче од XI век, Добрејшевото евангелие. Б. Конески во најново време го посочува примерот со Мариинското евангелие, за кое смета дека можело да настане во Света Гора, каде што врз препишувачот на ова Евангелие можело да дојде до израз руското влијание од руските монаси од скитот Ксилург, населени во него уште во XI век. Руското влијание кај нас достигнало изразит пример во XIII век. Потоа, доста подоцна, во XVIII век, ова влијание се засилува особено силно со продорот на руската печатена книга, со употреба на руската редакција на црковнословенскиот јазик.

Разбирлива е и улогата на архаичното влијание на старите македонски примери во руската стара писменост и книжевност, за што посебен придонес во основа дадоа студиите на М. Сперански, потоа во поново време трудовите на В. Мошин. Ваков пример посебно дава рускиот Псалтир со толкувања (Публ. F п. I, 23) од XI век, потоа Кипријановите или Новгородските листови, кои послужиле како прототип за руското Остромирово евангелие. Македонските четвороевангелија од видот на Добрејшевото, Стаматовото, Дечанското, Банишкото и други фрагментарни примери, ги чуваат особеностите на старословенскиот превод на четвороевангелието, од видот на Зографското и Мариинското евангелие. На вакви траги наидуваме и во текстовите од XIV век, како на пример во Кратовското евангелие. Кратките апракосни македонски евангелија ја претставуваат, меѓу другите, и следниве текстови: Евангелието на попот Јован, Врачанското евангелие, Бојанското евангелие, Евангелието на Верковиќ, Велешкото евангелие, и други. Во македонските текстови на евангелија се застапени и двата видови полни апракоса, и мастиславовскиот и мирославовскиот, чии имиња се добиени според истоимените и познати евангелија, М'стиславово и Мирославово. М'стиславовиот тип е застапен во: Радомировото, Карпинското евангелие, во Македонското евангелие од збирката на Срезневски, а мирославовиот во Григоровичевото евангелие бр. 9 од почетокот на XIV век. Овој тип евангелија покажуваат врска со македонската глагол ска традиција, која е несомнена за

Мирославовото евангелие и за Григоровичевото бр. 9. Последново Григоровичево евангелие го пренесол во Русија В. Григорович, по патувањата на Балканот во 1844 - 1845 година. Содржи 58 листови. Го пишувале четворица пишувачи и го претставува македонскиот дијалект од југозападен вид т.е. се покажуваат типични карактеристики од Охридската книжевна школа. Најнови согледувања дале истражувањата на В. Десподова, која го издаде и го претстави ова значајно Евангелие.

Во Западна Македонија во XIV век настанале значајни преписи на евангелски текстови, меѓу кои може да се апострофираат пергаментните ракописи зачувани во Народната библиотека во Белград. Сурепово евангелие (Рс 665) содржи 305 пергаментни листови. Покрај бројни македонски белези, ги посочуваме и овие примери: петокь, опреспокь, старець, овець, копець, темпицж, итн. Второто Четвороевангелие е зачувано само на четири листови. Видлива е охридската традиција и вокализираните полугласови: пѧтокъ, праведепъ, силѣнъ, весь, итн.

Од библиските текстови значајно место во постарата и поновата словенска писмена и книжевна традиција заземаат примерите на апостолите. Словенскиот превод на Апостолот го направиле Кирил и Методиј во IX век. Сигурно е дека во почетокот бил преведен краткиот пракс-Апостол, а потоа полниот текст на Апостолот. Полниот текст на Апостолот настанал врз основа на краткиот пракс-Апостол, и тоа во Моравија. Како неопходна потреба за употреба во црквите Апостолот имал големо значење и затоа не зачудува фактот што бил често препишуван. Почесто биле употребувани краткиот и полниот пракс Апостол, а поретко полниот текст.

Меѓу македонските текстови на Апостолот секако значајно место му се доделува на Охридскиот апостол од XII век. Тој претставува краток пракс Апостол, пронајден од В. Григорович во Охридската соборна црква. Содржи 112 пергаментни листови, испишани со кирилски букви, но со јасни траги на глаголска предлошка. Дури и кирилскиот текст доста често е заменуван со глаголски. Јазичните белези го определуваат како западномакедонски ракопис. Содржи интересна илуминација од тератолошки византиски стил. Денес овој ракопис се чува во Московската државна библиотека (Григ. 13/Муз. 1695).

Слепченскиот апостол од XII век е полн пракс Апостол. Претставува пергаментен кирилски ракопис со 154 листови, пронајден од В. Григорович во Слепченскиот манастир. Еден дел од него денес се чува во Московската државна библиотека, додека другите делови се наоѓаат во: Ленинград, Киев, Пловдив. Разновидните посетители на Слепченскиот манастир понесувале со себе делови од овој значаен ракопис, и го распрснале низ светските книгохранилишта. Некои листови од Слепченскиот Апостол претставуваат палимпсести.

Струмичкиот апостол од XIII век претставува краток пракс Апостол, составен од 91 пергаментни листови. Бил пронајден во Струмичкиот крај и во 1833 година го нашол своето место во збирката на Шафарик. Во месецословот месеците се означени со словенски имиња. Денес се чува во Народниот музеј во Прага (Шафарик, IX E 25). Ракописот е едноеров и двојусов, со повеќе нацрти на носовките. Пишувачот на овој ракопис бил болен од маларија и преморен си дозволувал типични македонски изрази, од неговата разговорна локална средина.

Вранешничкиот апостол од XIII век е пергаментен ракопис од 26 листови, зачуван во ЈАЗУ (III а 48). Самиот текст претставува дел од полн апостол. Ракописот содржи траги од глаголска предлошка. Анализата на текстот открива архаична македонска традиција во изборните четива кои имаат врска со Охридскиот апостол, и открива втора релација со Преславската школа во комплетарниот дел. Инаку ракописот потекнува од поп Јован од кичевското село Вранешница. Правописот е еднојусов и едноеров.

Карпинскиот апостол претставува полн пракс апостол со потекло од XIV век, од Карпинскиот манастир, до селото Орах, Кумановско. Денес се чува во Државниот историски музеј во Москва (зб. Хлудов, бр. 28 I 101). Текстот се состои од 134 пергаментни листови, добро зачувани. Според јазичните белези припаѓа кон Кратовскиот книжевен центар. Се употребува само еден ер, малиот ер, со ретка употреба на големиот ер.

Од крајот на XIV век потекнува и Апостолот на Верковиќ, составен од 99 пергаментни листови. Според правописните и јазичните белези може да бил составен во северозападна Македонија. Се чува во Народната библиотека во Ленинград (Q n I 46). И овој ракопис е едноеров. Малиот ер се вокализира во е.

Според записите што се наоѓаат во ракописот се забележува послободен приод и припадност на запишувачот од западна Македонија.

Меѓу привлечните македонски текстови на Апостолот од XIV век е секако и Скопскиот апостол, составен од авторот Никола Брата, во Скопје. Денес е зачуван во светогорскиот манастир Свети Пантелејмон (број 4). Текстот е полн и со записи, кои од своја страна откриваат интересен дијалектолошки материјал.

Во Народната библиотека во Белград зачуван е препис со македонска редакција на Изборен апостол од XV век, со додаток од XVII век. Содржи 94 листови (Рс 27, с. 52). Започнува со Пасха. Во Месецословот се наоѓа помен за Св. Кирил Филозоф, 14 февруари.

Покрај псалтирните текстови, како делови од Стариот Завет на Библијата, се и паримејниците. Самото име Προφητολόγιον означува книга која содржи паримии - четива од Стариот Завет. И овие текстови се јавиле доста рано во Македонка. Така на пример, Григоровичевиот паримејник од XII век е еден од најстарите словенски преписи на паримејникот. Григоровичевиот паримејник претставува пергаментен ракопис (палимпсест) од 104 листа. Се чува во Лениновата библиотека во Москва под бр. 1 685. За овој текст е карактеристична старата лексика, како на пример: бра҂ньникъ, гнила, дрѣво - сръдъ. Преовладува во илуминацијата тератолошкиот стил. Очевидно е дека настанал врз постара глаголска предлошка. Го пронашол В. Григорович во Хилендарскиот манастир.

Од крајот на XIII и почетокот на XIV век потекнува Хлудовиот или Лобковски паримејник, зачуван во Државниот историски музеј во Москва (Хлуд. 142). Ракописот е пергаментен, содржи 171 листови. Попот Никола Брата го напишал овој Паримејник за времето на царот Андроник II Палеолог и син му Михаил IX Палеолог. Употребени се и двата ерови. Првин ракописот се наоѓал во збирката на рускиот колекционер Лобков, а подоцна кај Хлудов.

Меѓу старозаветните Палеи важно место зазема варијантата на македонската Палеа. По порачка на охридскиот архиепископ Прохор за работа била составена една Палеа, чии автори се Висарион Дебарски и Сисој. Палеата била потребна за Охридската црква.

Како целосен текст на Библијата се јавува Лесновската библија, составена во XVI век, која претставува редок пример на целина.

Во текот на XVIII век разновидните библиски текстови им отстапуваат место на руско-црковнословенските печатени книги, кои ќе најдат примена и низ целиот XIX век. Во јужно-словенските краеви, каде што грчкото писмо и јазик ја истиснало употребата на кирилската писменост, особено во богослужбена употреба, во XIX век токму во овие краеви ќе се појави потреба од библиски текстови на народен македонски јазик. И не случајно ќе се појават такви избрани евангелски текстови, како што се на пример Кулакиското евангелие, Бобошчанското евангелие, останати како ракописи за локална употреба. На нив се задржале: А. Мазон, А. Вајан, Б. Конески. Еден ваков превод направил П. Божигробски и бил печатен во Солун 1852 година, познат како Коникovско евангелие. Зачуван е текстот со избор на деновите на Страсната недела. Овие текстови биле пишувани со грчки алфавит, со специфики од одредени месни македонски говори. Разбирливо е што овие текстови не се придржуваат стриктно кон црковнословенскиот текст. Претставуваат нов превод од грчкиот јазик.

Во функција на изведувањето на службата во црквите настанале разнообразни текстови, без кои не може да се замисли целосниот литургиски чин. Постојат повеќе карактеристични видови литургии, како на пример, литургиите на: Јован Златоуст, Василиј Велики, на апостол Петар, и други. Разбирливо е што со самото изведување на Моравската мисија се јавила потребата од преведувањето на најнеопходните делови од Црковниот чин. За старословенската литургија говорат повеќе изворни материјали. Меѓу значајните споменици кои очевидно говорат за овој вид служби на наш терен е Синајскиот требник или Синајски евхологиј. Овој ракописен текст се чува во делови во библиотеката на манастирот „Света Катарина“ на Синај, во Народната библиотека во Ленинград и во Академијата на науките на СССР, Ленинград. Ракописот е глаголски и настанал во XI век. Текстот е интересен и претставува комбинација од молитви, служебник и требник. Во оваа компилативна творба се наоѓаат и оригинални состави од најстариот период на словенската писменост, како што е Чинот на исповеданието, составен најверојатно од Климент Охридски. Самиот ракопис несомнено

покажува провениенција од Македонија и претставувал секогаш интересен текст за славистите. Архаичните форми ги доведувале истражувачите до најстариот кирило-методиевски период. Во откриените ракописи од Синај, објавени од J. Тарнанидис во Солун, се наоѓа новооткриен дел од ракописот.

Меѓу литургиските текстови минеите заземаат важно место. Покрај разновидните служби за црковните празници, тие честопати содржат проложни делови за христијански светители. Покрај месечните минеи кои содржат служби за сите празници, а ги има за сите дванаесет месеци, постојат и празнични минеи, како и општи. Минеите се развивале во византиската литература и тоа во период од повеќе векови. На јужнословенски терен минеите можеле да настанат кон крајот на X или почетокот на XI век. Во новопронајдените синајски ракописи, објавени од J. Тарнанидис, се јавува значаен, глаголски минеен ракопис, од XI - XII век. Од теренот на Македонија еден од најстарите текстови е минејот од XII - XIII век, е зачуван во Софиската народна библиотека (бр. 36).

Скопскиот празничен минеј е кирилски текст од XIII век, и укажува на глаголско влијание. Од Скопската митрополија ракописот бил пренесен во Софија, во Народната библиотека (бр. 468). Се смета дека неговата важност е огромна, бидејќи истражувачите откриле околу девет оригинални словенски творби. Од XV век се познати уште неколку скопски минеи. И Драгановиот минеј од XIII век е мошне значаен македонски ракопис, кој го открива образованиот автор Драган, кој пишува со прекрасно калиграфско писмо, текстот е извонредно илуминиран, а покрај тоа се претставува и како добар музички црковен зналец, бидејќи нотирал седум песни, што е реткост со другите примери. Поголем дел од овој ракопис се чува во Зографскиот манастир (I. a. 8), додека другите делови се наоѓаат во библиотеките во Москва и Ленинград. Од минејните текстови значајни се и двата минеи што ги составил книжевникот Добријан, од XIII век, во Македонија. Токму на празничниот минеј се наоѓа подолга белешка напишана од самиот автор, со што и ни оставил скромни податоци за себе.

Пролозите (πρόλογος - вовед, предговор) или синаксарите (συναξάριον) претставуваат зборници со кратки житија на светителите, распоредени според деновите на нивните прослави во месеците од годината. Овој вид на зборници се

развил врз основа на рано настанатите минеи и мартирологиите. Глобално може да се поделат на две редакции: постарата на Константин Мокасијски од XI век и помладата позната како стиховен пролог. Прологот се појавил во Византија кон крајот на X век, а потоа набргу настанал и словенскиот превод. Руски превод на прологот е забележан во XII век. Постојат дванаесет преводи во јужнословенската средина од Константиновата редакција, а настанале кон крајот на XII век, за да се прошират посебно во XIII и XIV век. Меѓу постарите македонски пролози се смета ракописот од XIII век, зачуван во БАН под бр. 72 и Лесновскиот пролог, составен од лесновскиот книжевник Станислав во 1330 година, зачуван во САНУ, под бр. 53. Во досегашните истражувања на Илија Велев врз ракописното наследство на Лесновскиот книжевен центар се регистрирани три ракописи што имаат стара текстуална структура од типот на пролозите со Константиновата редакција. Станува збор за ракописи пишувани во втората четвртина на XIV век, коишто имаат идентична содржина. Тоа значи дека сите овие преписи имаат заедничка предлошка. Во препишувачкиот процес на наведените пролози учествувал најопитниот книжевник во тоа време во Лесново Станислав. Споменатите три лесновски пролози од старата редакција се следните: Првиот - Станиславов пролог од 1330 година, што се чува во Белград, САНУ бр. 53; Вториот Ковачевиќев пролог од периодот меѓу 1330 и 1340 година, што се чува во новата ракописна збирка на Белградската народна библиотека под сигнатура Рс 705 и Третиот - Белградски пролог од 1340 година, што се чувал во старата ракописна збирка на Белградската народна библиотека под бр. 27, а изгорел во 1941 година при бомбардирањето на Белград.

Познати се и пролозите од XIV век од охридската црква „Св. Богородица“ (БАН, бр. 73) и пергаментниот пролог од сопственост на Марковиот манастир до Скопје (Хлудова збирка, Државен историски музеј во Москва). Од XV век потекнуваат прологот во збирката на Гиљфердинг (бр. 488) и Зографскиот пролог (бр. 47) со најстарото Наумово житие. Во XVI век на ова поле се истакнал Висарион Дебарски, кој и ги проширил пролозите.

Триодните средновековни текстови претставуваат посебни литургиски црковни песни, кои според распоредот на исполнувањата го делат триодниот

текст на Посен триод и на Цветен триод. Во богатата кирилометодиевска литература се смета дека Посниот триод можел да настане во текот на Моравската мисија, додека Цветниот триод го превел Климент Охридски. Триодните текстови биле мошне омилена и применувана литература во средниот век во нашата средина, за што зборуваат и зачуваните триодни ракописни текстови. Инаку, улогата во формирањето на триодниот текст ја имале византиските автори од рангот на: Роман Слаткопевец, Андреј Критски, Јован Дамаскин, Теодор Студит, и многу други. Во поново време во триодните текстови се откриени и оригинални словенски химнографски дела, излезени од перото на епископот Константин Брегалнички, и од други словенски автори.

Од познатите и постари македонски триодни текстови ќе споменеме неколку. Најстар е Ресенскиот дел од посен триод од XI век. Текстот од овој Ресенски триод е сличен со Орбелскиот, како и со македонскиот препис, на Триод од XIII век, зачуван во Пловдив. Во него се среќаваат екфонетски знаци од стар вид. Битолскиот триод, пронајден во Битолското трговско училиште, бил пренесен во Софија, каде што се чува во БАН под бр. 38. Потекнува од крајот на XI или почетокот на XII век, испишан на 101 зачувани пергаментни листови. Неговата старина ја покажува и често испишуваното глаголско писмо. Во него среќаваме и екфонетски знаци од најстар вид. Се смета дека ракописот настанал во Западна Македонија, а го пишувал граматик Георги. Слепченскиот триод од XII век претставува дел од цветен триод. Триодот на Шафарик, од XII (XIII) век претставува и посен и цветен триод. Се чува во Народната библиотека во Ленинград (P n 1 74). Содржи и глаголски текст. Од XIII век потекнува и посниот и цветниот триод, зачуван во ЈАЗУ (IV d. 107), а пренесен во Загреб од Битола. Од истиот век потекнува и Орбелскиот триод, зачуван во Народната библиотека во Ленинград (Pn I, 102). Пронајден е во селото Орбеле, Дебарско, а бил приопштен кон збирката на Стефан Верковиќ. И овој Триод е и посен и цветен. Од истиот век се и триодите познати во славистиката како Копитарев и Аргиров.

Во најново време триодните текстови се предмет на општи задлабочени славистички истражувања, бидејќи откриваат оригинални химнографски словенски состави, од нашите рани претставници на писменоста, книжевноста,

уметноста, особено - музиката. Тоа укажува на високиот степен на образованост на словенските автори, кои до денес остануваат најчесто анонимни. Македонска редакција, со белези од Охридската школа, покажува Цветниот триод од XIV век (Народна библиотека Белград, Рс 632). Малиот ер (ь) преминува во Е: позденъ, красенъ, творецъ, старецъ, а ъ>о: twгда, оусwпшимъ, итн.

Во средновековната општа црковна литургиска литература забележително место зазема посебно интересните богослужбени книги во кои поетските стихови се поделени на осум гласови, од каде им доаѓа и името октоих (од грчкиот термин ’οκτώηχος) или осмогласник. Во почетниот стадиум од развитокот на византиските октоиси биле застапени само службите за неделните денови, додека подоцна бил проширен и се дошло до опширната форма полн октоих параклитик. Најзначајното место во формирањето на византискиот текст на октоихот му припаѓа на Јован Дамаскин, кој составил голем број канони, догматици, стихири, катизми. Тој е и значаен реформатор на октоихот. Секако дека и другите византиски автори од редот на: Јосиф Песнописец, Митрофан Смирненски, патријархот Анатолиј, и други, придонесле за неговото формирање.

Од кирилометодиевските извори ни е познато дека Кирил и Методиј во врска со изведувањето на Моравската мисија го превеле Целиот црковен чин, што значи најпрактично најнеопходните состави. за да се изведе службата во црквата. Во тој период биле сигурни неопходни каноните на Јован Дамаскин и црковните песни за неделните денови. Подоцна октоихот се проширувал и збогатувал.

Меѓу позначајните и постари македонски октоиси се вбројува Струмичкиот октоих од почетокот на XIII век, а кој според архим. Амфилохиј настанал во XI век. Овој пергаментен ракопис од 84 листови А. Гиљфердинг му го отстапил на А. И. Хлудов, зачуван во неговата збирка под бр. 136. Значајно место во словенското ракописно наследство има и македонскиот Битолски изборен октоих, зачуван во ЈАЗУ (III а 45 - 46). Потекнува од XIII век, од Битола, според што и го носи овој наслов. Текстот е интересен и посебен. И Кичевскиот октоих го добил името според местото на наоѓањето. Потекнува, исто така, од XIII век и претставува пергаментен ракопис составен од 89 листови. Два дела од овој ракопис се чуваат во Српската православна црква во збирката на Р. Груиќ (з I 110

и Г. 227), а третиот дел се чува во Народната библиотека во Белград (бр. 104). Самиот текст претставува полн параклитик. Во овој октоих се врши замена на големиот ер со О и на малиот ер со Е во сите можни позиции. Во позначајните македонски октоиси се вбројуваат уште: Софискиот октоих од XIII век пренесен од Македонија во Софија, потоа фрагмент од Октоих од XIII век, сопственост на Библиотеката на Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ во Скопје (стар инв. бр. 1511) со типични белези од Охридската книжевна школа, со замена на големиот ер во О и на малиот ер во Е. Од XIII век потекнува октоихот што го пронашол А. Михановиќ во Македонка (ЈАЗУ, III в 9, Мих. 7). Спаѓа во значајните македонски октоиси-параклитици. Ракописот е орнаментиран и покажува тератолошки стил.

За развојните фази на октоисите, како и за врските со старите византиски примери, посебно се занимава долгорочно Ѓ. Поп Атанасов. Сметаме дека неговите резултати целосно ќе бидат публикувани, до објавувањето на овој текст.

Со првите преводи на литургиските дела, особено оние со химнографски карактеристики, од грчки на словенски јазик, се појавила потреба и од сопственото химнографско истражување. Препејувањето, разбирливо, барало голем опит и умеење. Употребата на акростихот и запазувањето на одредените пропозиции на творбите, ги ставало пред испит словенските автори. Но, првите преведувачи морале да се покажат и претстават на овој план. Покрај преводите на туѓите химнографски дела почнале да се создаваат и оригинални словенски творби. Ф. Мареш во откриената поетска творба со азбучен акростих „Азъ ѥсмь вьсемоу міроу свѣтъ“, го открива авторот Кирил Филозоф. Азбучната молитва на епископ Константин со акростих од азбучниот редослед на буквите открива глаголски прототип. Н. Драгова откри азбучен акростих во „Химна на Света Троица“. Азбучни акростихови има и во минејните состави од јужнословенско, а и од руско потекло. К. Иванова посочи два азбучни акростиха во „Празничен минеј“, во химнографски творби за Рождество Христово и за Богојавление.

Климент се јавува како откриен автор во акростихот на трипесниците за Рождество Христово. Епископ Константин се јавува во акростихот од стихири пред Богојавление, потоа во триоден акростих, во „Канонот за архангел

Михаил“. Своите најнови резултати во однос на посочениот химнографски материјал ги обелоденија Г. Попов и С. Кожухаров, кои дадоа навистина значаен придонес во унапредувањето на химнографските истражувања. Епископ Константин е откриен и во акростихот од „Службата на Св. Методиј“, и тоа врз основа на истражувањата извршени од Д. Костик и Ј. Павиќ. Акростихот на „Канонот за Св. Андреа“ го открива авторството на Наум Охридски, за што заслугите му припаѓаат на С. Кожухаров. Како работеле на овој план првите словенски автори, дали во договор, дали индивидуално, секој според своите видувања, се уште е недокументирано.

Во средновековната книжевност воопшто присутни се службите, како посебни црковни литургиски и литературни творби, со химнографски својства. Всушност таа е повеќе делен состав од литургиски текстови, со вечерна и утрена. Очевидно е дека службите биле пренесени и преведени од византиската книжевност, а постелено со изградувањето на сопствената средновековна книжевност, никнувале и оригинални служби, во минеите, октоисите и триодите. Меѓу словенските оригинални служби спаѓа „Службата за Св. Кирил Солунски“, во врска со која расте бројот на приврзаниците кои му ја припишуваат на Климент Охридски. Откриена е во најстар словенски ракопис од XI век, а и во подоцнежни се до XVII век. Најстарите преписи се руски. Од содржината на службата се добива убедлив впечаток дека била составена во Моравија или Панонија. „Службата за Св. Методиј Солунски“ ја составил епископ Константин, чиј акростих го открива самиот автор.

„Канонот на Св. Димитрија“ славистите им го припишуваат на повеќе автори: Методиј, Кирил, Климент. Мошне убедливи се наводите што го истакнуваат Методија како автор. Покрај досега познатите шест преписи од овој Канон, Г. Поп Атанасов го откри и седмиот, во пергаментен минеј од XIV век, во Архивот на САНУ.

Меѓу глаголските канони поважни се тие за: Св. Климент Римски, Св. Димитар Солунски, Св. Кирил и Методиј, каноните за Кириловата и Методиевата служба, Св. Климент Охридски, Св. Наум Охридски. И стихирите биле преведувани од византиската црковна литература, но има и оригинални

словенски во службите за Св. Кирил и Методиј, Св. Климент и Наум Охридски, Св. Јоаким Осоговски, Св. Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчински. Стихири составил и епископ Константин во претпразништвото на Богојавление.

Првата словенска генерација автори се појавиле и со сопствени химнографски трудови. Се смета дека Кирил Филозоф го составил „Канонот на Св. Климент Римски“, а Методиј - „Канонот за Св. Димитрија“. Вакви примери гледале Климент и Наум Охридски. Ѓ. Поп Атанасов пронајде во Братковиот минеј од 1234 - 1243 година втор препис од „Канонот на Св. Андреа“, од Наум Охридски. Во него е важен оригиналниот химнографски дел, кој се однесува на „Канонот за празникот Воведение Богородичино“, познат и во други седум минејни преписи. Канонот содржи триесет и пет тропари и сигурно имал глаголска предлошка. Минејот бил пронајден во скопското село Бањани.

Службата на Св. Климент Охридски на словенски јазик била составена по смртта на Климент од негов анонимен ученик, а зачувана е според препис од 1435 година. Во составувањето на Климентовата грчка служба учествувале охридските архиепископи: Теофилакт, Хоматијан, Кавасила, Григориј. Грчката служба на Св. Наум Охридски ја составил во XIII век Константин Кавасила. Од трите канони на Наумовата грчка служба што се објавени во Москополе, два составил Кавасила посветени на Наум, а еден е состав на царот Теодор Ласкар, посветен на Богородица. Постојат словенски преписи на оваа грчка Наумова служба.

Интересни се и службите на македонските пустиножители. Службата за Св. Јоаким Осоговски била составена во XII век. Ја наоѓаме во Празничен минеј со македонска редакција, под 16 август. Би било логично авторот да е од Осоговскиот центар. Зачувани се и преписи од Службата за Св. Гаврил Лесновски. Значаен е преписот од Оливеровиот минеј од 1342 година, составен од Станислав Лесновски. Службата се среќава и во пергаментен минеј од XIV век, потоа во препис од XIX век, направен од Јоан Христов во Кратово. Службата на Св. Прохор Пчински е зачувана во Пчинскиот поменик од XV век. За Св. Ѓорѓи Кратовски биле составени две служби во XVI век. Во првата јужнословенска служба се наоѓа името на авторот во акростих, а тоа е софискиот поп Пејо.

Втората е руска служба, составена од монахот Василиј. Од првата служба најстариот препис е Хилендарскиот, поместен во Србљак од XV - XVI век.

Очевидно е дека значајни македонски ракописи останале распрснати во светот и тие мошне рано го привлекле вниманието на првите слависти. Нив ги има во Синајските книго-хранилишта, во Светогорските манастири. Покрај Зографскиот манастир, значајни преписи открива и Хилендарскиот манастир, каде што Д. Богдановиќ ги посочува карактеристичните македонски белези на неколку значајни библиски и литургиски родови. Да ги споменеме некои од нив. Минејот од јули-август потекнува од 1330 - 1340 година и содржи 73 листови (Рс. 148). Важен Каноник претставува ракописот под бр. 342, од 1370 година. Не помало значење има и Петрикот од XIV век (Рс 421), како и Четвороевангелието од 1470 година (Рс. 57).

Во славистиката е познато прашањето за распрснатоста на словенските ракописи во светските книго-хранилишта, нивното прибирање од страна на слависти и патешественици, кои ги посетувале словенските средновековни духовно-просветни центри, со што денес нивното истражување и претставување го олеснуваат филмуваните материјали, покрај редовното истражување врз оригиналите. Еден од спојувачките културни центри на словенските и несловенските писмени и книжевни појави е секако манастирската оаза Света Гора на Атос. Меѓу разновидните манастири што никнувале во неа се одвивала директна контактна соработка, и се вршело влијание меѓу активните препишувачи и книжевници. Овој центар го посетувале значајни образовани лица, а многу од нив ги пренесувале, не само влијанијата, туку и ракописите во разни други просветно-културни средновековни центри. Еден друг центар, манастирот „Света Катерина“ на Синајскиот Полуостров бил значајно средиште на словенската богослужба и култура, во кое се пренесувале и влијанијата, а и ракописи, од Света Гора. Меѓу значајните откритија во најново време, секако е пронаоѓањето и откривањето на значајните глаголски и кирилски ракописи, во еден урнат sид од синајскиот манастир, што ги претстави пред научната јавност J. Тарнанидис, во Солун 1988 година (пронајдени во 1975 година). Раните преписи на Минеј од XI век, Псалтир од XII век, потоа последниот пронајден дел од

Синајскиот псалтир од XI век, дел од Синајскиот требник (еухологиј) од XI век, говорат за важноста на пронајдените 41 ракописи. Во новопронајдениот ракопис Сакраментар од XI век Ф. Мареш ја согледува „Литургијата на Св. Петар“, според западниот обред. Затоа, во однос на проучувањата на литургиските и библиските текстови од словенското ракописно наследство, ракописите од Синај, во српска, македонска, бугарска, руска, руско-молдавска, редакции, внесуваат и нови сознанија. Посебно се интересни шесте глаголски ракописи, меѓу кои ги споменавме македонските глаголски Синајски псалтир и Синајски еухологија (требник), пишувани со стара обла глаголица. Но, исто така, не помало значење имаат и кирилските откриени синајски ракописи, псалтирни, минејни, и други текстови.

Во словенското ракописно наследство се вбројуваат и многу други значајни преводи и обработки. Меѓу нив спаѓа и многу место преведуваното дело на ранохристијанскиот автор Ефрем Сирин. Неговиот Паренезис (παραίνεσις - поука) е преведен на словенски јазик во X век. Македонските глаголски листови од X век содржат само еден негов дел.

ЛЕСНОВСКИОТ ПАРЕНЕЗИС од 1353 година претставува црковно-словенски ракопис од македонска провениенција пишуван со традиционалната македонска варијанта на црковно-словенскиот јазик. Го содржи текстот на Паренезисот на Ефрем Сирин, писател на црковни книги од IV век и претставник на антиохиската струја на рановизантиската теологија, и претставува еден од најцелосните словенски преводи на ова книжевно дело (содржи 98 слова а со словата на изгубените листови содржел 103, а одделни слова што се содржат во овој ракопис не се сочувани ни во грчки предлошки). Ракописот е препишан во Лесново од препишувачот Тахота, кој остава на крајот на ракописот запис за времето и за местото на препишувањето, и се сврзува со препишувачките традиции на Кратовско-лесновската школа. Покрај текстот на Паренезисот, во својот состав, на почетокот и на крајот, ракописот вклучува делови од житието на Ефрем Сирин, при што житието се јавува во функција на предговор и на поговор кон текстот на Паренезисот.

Лесновскиот паренезис се чува во Софиската Народна библиотека под реден број 297, а негови составни делови претставуваат фрагментите Белградски лист (последниот лист од ракописот кој се чувал во Белградската народна библиотека, денеска е изгубен) и Ефрем Сирин I (Софиски) од Петроградската државна библиотека, денешен Санкт Петербург.

Се задржавме на постарите и специфични македонски споменици со библиска и литургиска содржина, кои се јавуваат како црковни текстови од посебен жанр во сите средновековни книжевности. Поновите македонски споменици наоѓаат место во натамошниот текст од овој труд. Исто така, карактеристичните споменици, особено оние кои настанале на македонско подрачје, и многу други карактеристични примери, ќе го најдат своето место во соодветните поглавја, во врска со македонските книжевни центри, со македонските автори, како и во други делови од средновековната книжевна македонска историја. Ова посебно го апострофираме, бидејќи и во нашите размислувања дојдовме до заклучок дека е неопходно да ги избегнеме до разумна мерка повторувањата. Токму затоа, почитувајќи ја неопходноста од методолошката хронолошка постапка при градењето на книжевната средновековна историја, повторувањето ќе го скратиме со примената на жанровската застапеност, која делумно и во одредени периоди ќе го скрати хронолошкиот книжевен историцизам. Во поново време во оваа област важен придонес претставуваат трудовите на: Х. Лант, В. Ведер, Ф. Томсон, и др.

ЛИТЕРАТУРА

GINZEL, J. A., Geschichte der slawenapostol Cyrill und Method und der slawischen liturgie, Wien 1861.

СРЕЗНЕВСКИЙ, И. И., Древние глаголические памятники, Спб. 1866.

СРЕЗНЕВСКИЙ, И. И., Древние славянские памятники юсового письма, Спб. 1868.

ГОРСКИЙ, А., НЕВОСТРУЕВ, К., Описание славянских рукописей Московской синодальной библиотеки, Москва 1855; I; 1862, II; 1869, III.

АМФИЛОХИЙ, Архим., О самодревнейшем октоихе югословянского юсоваго письма XI века, в 1868 г. А. Ф. Гильфердингом в Струмнице, Москва 1874.

JAGIĆ, V., Studien iiber das altslovenisch-glagolitische Zographnos-evangelium, Archiv fiir slavische philologie, I, 1876, 1 - 55; II, 1877, 201 - 269.

JAGIĆ, V., Bugarsko-slovenski oktoih kolekcije nekoč Mihanovićeve sada Akademičke u Zagrebu, Starine, Zagreb, X, 1878, 127 - 156.

JAGIĆ, V., Quattour evangeliorum Codex Glagoliticus olim Zographiensis nunc Petropolitanus, Berlin 1879.

GEITLER, L., Euchologium glagolski spomenik manastira Sinaj brda, Zagreb 1882.

GEITLER, L., Psalterium, Glagolski spomenik manastira Sinaj brda, Zagreb 1883.

JAGIĆ, V., Quattuor evangeliorum versionis paleoslovenicae codex Marianus glagoliticus, Berolini, Srb. 1883.

POLIVKA, G., Paleographische, grammatische und kritisvhe Eingenthuiimlichkeiten in dem Makedonischen praxapostolus, Archiv fur slav. Phil. X, 1887, 106 - 132.

JAGIĆ, V., Evangelium Dobromiri. Ein altmacedonisches Denkmal der kirchenslavischen Sprache des XII Jahrhunderts. Sittzungerberichte der kaiz. Akademie der Wissenschaften in Wien, Philos.-hist. Class. BB. CXXXVIII, CXL, Wien 1898.

БРАНДТ, Р., Григоровичев паримейник в сличении с другими паримейниками, т. I, 1894, т. II, 1900, Москва.

КУЛЬБАКИН, С., Хиландарские листки, Памятники старославянского языка, 1, 1, Спб. 1900.

ЛАВРОВ, П., Апостол из собрания Берковича, Киев 1904.

ИЛЬИНСКИИ, Г. А., Софийский октоих XIII в. Известия ОРЯС, т. 82, 1906, бр. 1. 1-60.

ЩЕПКИН, В. Н. Болонская псалтирь, Спб. 1906.

ГРУНСКИЙ, Н. К., К Зографскому евангелию, Сб. ОРЯС, т. 83, 1907, 1 - 43.

JAGIĆ, V., Psaiterium Bononiense, Vindobonae-Berolini-Petropoli, 1907.

КУЛББАКИН, С. М., Охридская рукопись апостола конца XII века, София 1907.

ЦОНЕВ, Б., Опис на ржкописите и старопечатнитѣ книги на Народната библиотека в София, 1910.

ИЛЬИНСКИЙ, Г. А., Слепченски апостол конца XII века, Москва 1912.

ИЛЬИНСКИЙ, Г. А., Охридские глаголические листки, Известия ОРЯС, Петроград 1915.

ЦОНЕВ, Б., Славянски ржкописи и старопечатни книги на Народната библиотека в Пловдив, София 1920.

ЦОНЕВ, Б., Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека, II, София 1923.

LAVROV, P., Les Feuillets du Zograph, Revue des Etudes slaves, 6, 1926, 5 - 23.

ИВАНОВ Й., Български старини из Македония, БАН, София 1931.

PECHUŠKA, F., Makedonsky praxapostol (jeho rozbor a pomer k jinym csl. pamatkam), Praha 1933.

PAVIĆ, J., Bogoslovska smotra, 1936.

KOSTIĆ, D., Бугарски епископ Константин, писац службе Св. Методије, Byzantino-slavica, VII, 1937 - 1938, 189 - 211.

FRČEK, Jan, Euchologium Sinaiticum, I, II, Paris 1933 - 1939.

NACHTIGAL, Rajko, Euchologium Sinaiticum, I, II, Ljubljana 1941 - 1942.

КОНЕСКИ, Б., Една одломка од XIII век, споменик од Охридската школа, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје 1950, кн. 3.

МОШИН, В., Македонското евангелие на поп Јован, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1954.

KURZ, J., VAJS, J., Evangeliarum Assemani, I, Praha 1929, J. Kurz, Praha 1955.

MOŠIN, V., O podrijetlu Mihanovićeve ćirilske zbirke, Slovo, Zagreb 1955, br. 4 - 5.

MOŠIN, V., Ćirilski rukopisi Jugoslavenske akademije, I dio, Opis rukopisa, Zagreb 1955; (II dioreprodukcije, JAZU, Zagreb 1952).

КОНЕСКИ, Блаже, Вранешнички апостоли, Институт за македонски јазик, Стари текстови II, Скопје 1956.

MAREŠ, F., Azbučna Basen z ruhopisi statni verejne knihovny Saltykova-Sčedrina v Leningrade, Slovo, Zagreb 1964, 14, 5 - 24.

ДРАГОВА, Н., Непроучен старобългарски азбучен акростих, Език и литература, София 1968, кн. 3, 37 - 58.

ДУЙЧЕВ, И., Болонски псалтир. Български книжовен паметникот XIII век, София 1968.

ШТАВЉАНИН-ЂОРЂЕВИЋ, Љ., Београдски македонски октоих, Кирил Солунски, кн. 2, МАНУ, Скопје 1970, 419 - 430.

ALTBAUER, M., Psalterium Sinaiticum, an II th, The Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje 1971.

ИВАНОВА КОНСТАНТИНОВА, К., Два неизвестни акростиха с глаголическа подредба на буквите в среднобългарски празничен миней, Константин-Кирил Филозоф, Доклади от Симпозиума, 1100 годишнината от смъртта му, София 1971, 341 - 365.

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, Скопје 1971.

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар, Крнински дамаскин, Институт за македонски јазик, Скопје 1972.

КОНЕСКИ, Б., ЈАШАР-НАСТЕВА, О., Македонски текстови, 10 - 20 век, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1972.

СЛАВЕВА, Л., За старословенскиот триод, Slovo, br. 22, Zagreb 1972, 93 - 116.

АЛТБАУЕР, Моше, Добромирово евангелие, кирилски споменик од XII век, том I, МАНУ, Скопје 1973.

СЛАВЕВА, Л., „Триезичната ерес“ во Климентовиот превод на триодот, Гласник ИНИ, Скопје 1973, бр. 1, 157 - 167.

АНТИК, В., Средновековните текстови и фолклорот, Мисла, Скопје 1978.

БИЦЕВСКА, Кита, Карпински апостол, Македонски јазик, Скопје 1978, 195 - 202.

БОГДАНОВИЋ, Димитрије, Каталог ћирилских рукописа манастира Хиландара, САНУ, Београд 1978.

ПОПОВ, Г., Новооткрита оригинална старобългарска част в текста на триода, Български език, София 1978, XXX, бр. 6, 497 - 505.

КОЖУХАРОВ, Стефан, Волноста на поета Добриян. Найстарите песни за Иван Рилски, Антени, бр. 5, София, 30 януари 1980.

ПОПОВ, Г., Из текстологическата проблематика на славянския триод (Новооткрити творби на Константин Преславски), Славянска палеография и дипломатика, София 1980, 72-85.

TACHIAOS, Anthony-Emil N., The Slavonic manuscripts of saint Panteleimon monastery (Rossilcon) on Mount Athos, Thessalonici, California, Los Angeles, 1981.

БОГДАНОВИЋ, Д., Инвентар ћирилских рукописа у Југославији, (XI - XVII века), Београд 1982.

ПОПОВ, Г., Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски и Константин Преславски, Български език, БАН, София 1982, 3 - 27.

ХРИСТОВА, Б., КАРАДЖОВА, Д., ИКОНОМОВА, А., Български ракописи от XI до XVIII век, запазени в България, т. I, София 1982.

БОЦЕВСКА, Кита, Лексички подновувања во Карпинскиот апостол, Македонски јазик, Скопје 1984, 373 - 380.

КОЖУХАРОВ, С., Песенното творчество на старобългарския книжовник Наум Охридски, Литературна история, кн. 12, София 1984, 3 - 20.

DŽUROVA, A., STANČEV, K., JAPUNDŽIĆ, M., Catalogo dei manoscriti slavi dellaBiblioteca Vaticana, Con una prefazione di Ivan Dujčev e introduzione di Jose Kuysschaert, Sofia 1985.

МАРЕШ, Ф. В., Словен „скит“ во Скопскиот апостол, XI научна дискусија при Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид, Скопје 1985, 119 - 122.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Каде и кога е пишуван Битолскиот триод и кој е неговиот пишувач, Литературен збор, Скопје 1985, кн. 4, 21 - 28.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Кичевскиот октоих, Спектар, Скопје 1985, бр. 6, 37 - 45.

ПОПОВ, Г., Триодни произведения на Константин Преславски, кн. 2, София 1985.

СЛАВ ЕВ А, Л., Структурната еволуција на јужнословенските триоди, Литературен збор, Скопје 1985, бр. 5, 69 - 80.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Структурни редакции на македонскиот октоих, XII научна дискусија при Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1986, 91 - 98.

ШТАВЉАНИН-ЂОРЂЕВИЋ, Љубица, ГРОЗДАНОВИЋ-ПАЈИЋ, Мирослава, ЦЕРНИЋ, Луција, Опис ћирилских рукописа Народне библиотеке Србије, књ. I, Народна библиотека Србије, Београд 1986.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Оригинално литературно дело од IX - X век, Спектар, Скопје 1987, бр. 9, 15 - 54.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Почетоците на Охридската химнографска школа, XIII научна дискусија, Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1987, 197 - 207.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., Старословенски јазик, Скопје 1987, 20 - 31
.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Словенски ракописи во Македонија, III, IV, Скопје 1988.

ДЕСПОДОВА, В., Григоровичево евангелие бр. 9, Прилеп 1988.

ДЕСПОДОВ А, Вангелија, СЛАБЕВ А, Лидија, Македонски средновековни ракописи, 1, Прилеп 1988.

КОНЕСКИ, Блаже, Јазични контакта меѓу старата македонска и руска писменост, Зборник: Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонијја, МАНУ, Скопје 1988, 51 - 58.

СТАНЧЕВ, К., ПОПОВ, Г., Климент Охридски, София 1988.

TARNANIDIS, C. Joannis, The Slavonic manuscripts, discovered in 1975 at st. Catherines monastery on Mount Sinai, Thessaloniki 1988.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., РИБАРОВА, З., Радомирово евангелие, Институт за македонски јазик, Скопје 1988.

Кирило-Методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонија, МАНУ, Прилози од научниот собир по повод 1100 годишнината од смртта на Методиј Солунски, (1 - 3 октомври 1985 година во Скопје), Скопје 1989.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, речник на старата македонска литература, Македонска книга, Скопје 1989.

ХАУПТОВА, З., БЛАХОВ А, Е., Струмички (Македонски) апостол од XIII век, МАНУ, Скопје 1989 (во печат).

Biblijski atlas, The Times, uredio James B. Pritchard, Zagreb-Ljubljana, Cankarjeva založba, 1990.

Свето Писмо на Стариот и на Новиот завет, Британско и иностранo библиско друштво - Лондон, со благослов од Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква, Скопје 1990.

ВЕЛЕВ, И., Прологот како зборник од хагиографски состави и неговиот словенски превод, Спектар, Скопје 1992, бр. 18, 5-36.

ДИМИТРОВА, М., Из историята на триодните панегирици през XIV в., Старобългарска литература, БАН, Институт за литература, София 1991, кн. 23-24, 99-125.

Strongs exhaustive Concordance of the Bible, Riverside book and Bible House Jowa Falls, JOWA 50 126.

ГРОЗДАНОВСКИ, Р., Евангелие според Матеј, Скопје 1993.

ПОП-АТАНАСОВА, С., Лингвистичка анализа на Битолскиот триод, Скопје 1995

СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Старата македонска книжевност во средниот век не можете да добие подостоинствен, и уште повеќе - толку сестран родоначалник, од учителот, книжевникот и епископот Св. Климент. Колку беше значајно што една таква личност застана уште во почетниот стадиум од развитокот на писменоста, книжевноста, културата, на челото од Охридската книжевна школа, којашто ја раскрили основачот Св. Климент во Народен Универзитет ширум „Кутмичевица“, говори вековната традиција во Македонија и пошироко од неа во словенскиот свет зачувана до денес. Анонимниот Климентов ученик му посветил на умрениот учител служба, во која не еднаш ќе подвлече, токму во духот на учителовата песнопојност:

„Од Бога вдахновен органоне, ластовице златоуста, слевеју слаткопоен, уме духовен, светило светлозрачно, усто благогласна, јазику медоточен, Климente светителе, моли се за тие што ти чинат светол Спомен!

Кое место не се свети со твоите молитви, светителе, а која црква не се осветила со твои зборови. Духовна свирко, кимвалу звонлив, кавалу чудесен, со златни зраци те венчаваме!“

Анонимниот ученик на Св. Климента од X век го повикал целиот народ: „Елате, со песни духовни да го восхвалуваме светлиот спомен на свети Климента, со којшто сета црква го слави просветувањето на Христа“. И авторот на овие редови како да бил пророк. Народот почнал да го прославува по смртта, а му се придружувале и наредните генерации, од X век до денес. Во 1986 година Охрид и Македонија повторно му се обратија свечено и достоинствено, на 1100 годишнината од доаѓањето во неговиот сакан град Охрид, каде што во далечната 886 година ги удрил здравите темели на Охридскиот книжевен центар, за да стане расадник на широка писменост и знаење. И книжевната и народната традиција го воспеваат првоучителот, просветителот, проповедникот, епископот, присутен во споменот, но и во современиот миг. Не помалку значење му оддава

старата охридска уметничка традиција, фрескосликарството, иконографијата. И затоа не зачудува воспоставениот контакт меѓу заинтересираниот денешен посетител на Уметничката галерија во охридската црква „Свети Климент“ и анонимниот составувач на Климентовата служба, во близината на разрушената Климентова стара црква на Имарет, од каде што погледот го опфаќа ширното Охридско Езеро и хоризонтот кон Св. Наумовиот манастир.

Создадената кирилометодиевска традиција по смртта на Св. Методиј била пренесена на друг терен, во Кутмичевица, во југозападна Македонија. Задоен со словенската традиција, однегуван во високообразовните византиски институции, култивиран под закрилата на големите учители Кирил и Методиј во изведувањето на значајната и епохална Моравска мисија, Св. Климент многу компетентно и уште поодговорно, ја формирал во 886 година Охридската книжевна школа, со што го издигна реномето на средновековната македонска книжевност и култура. Затоа и неговото место во рамките на кирилометодиевскиот период е непроценливо. Нескршливиот противник на германските и латинските епископи и духовници - Св. Методиј, починал во 885 година. Светополк не ги наследил виталните способности на кнезот Ростислав, бидејќи во пресудните моменти во 885 година не покажал разбирање за чинот на смртта на Методиј. Определениот наследник Горазд од самиот Методиј бил грубо и итро отстранет. Противниците на словенската богослужба како одвај да го дочекале последниот час на изнамачениот Св. Методиј. Високообразованиот Горазд, кој одлично ги познавал и словенската и европската култура, сигурно бил достојниот наследник на словенскиот архиепископ. Палата Стефан V веднаш ја забранил словенската служба во Моравија и Панонија.

Во потресната одисеја на протераните кирилометодиеви ученици од Моравија влегува и животописот на умниот ученик Климент, кој заедно со други свои соученици пристигнал истата година во Бугарија, убаво пречекан од кнезот Борис. Меѓутоа, многу бргу Климент заминал во југозападна Македонија, во областа тогаш наречена Кутмичевица, и во градот Охрид ја основал Охридската книжевна школа. И до крајот од својот живот, каде и да престојувал и работел, тој постојано навраќал во овој град, каде што го подигнал својот манастир, и каде

што сакал и вечно да почива. Неговата љубов кон овој крај е вткаена во нераскинливата традиција што се задржала низ вековите во Македонија и пошироко.

Изворите за проучувањето на животниот пат и делото на Св. Климент Охридски се бројни и главно се пишувани на: грчки, словенски и латински јазик. Овде спаѓаат најважните извори, грчките, меѓу кои предноста ја добива грчкото опширно житие за Св. Климент Охридски, составено од Охридскиот архиепископ Теофилакт од XI век, по потекло Грк. Ова Житие се смета за оформен уметнички хагиографски текст, пишуван со посебен однос кон светителот. Вториот грчки извор го претставува Краткото житие на Св. Климент од охридскиот архиепископ Хоматијан, исто така, по потекло Грк од XIII век. Податоците и заклучоците што ги дава овој извор се неспоредливи со тие од Опширното житие, и според бројот, а и според квалитетот. Овој архиепископ му посветил на Св. Климента и посебни химнографски стихови. Овие грчки извори се зачувани во преписи, но тоа не значи дека и настанале првично. Пред нив се појавиле словенските опширни житија за светите Климент и Наум, кои се изгубиле, а за кои сигурни вести црпиме од најстарото словенско кратко Наумово житие, составено во X век од анонимен Наумов ученик. Сигурно овие загубени житија можеле да му послужат како основа на архиепископот Теофилакт.

Изворни материјали нудат и службите што му биле посветени на Св. Климент. Грчката служба е позната според: Москополското издание од 1742 година, Венецијанското од 1784, тоа на Баласчев од 1898 година. Во каноните, стихирите, на оваа Служба се вткаени поетските способности на авторите: Теофилакт, Хоматијан, Кавасила, Григориј, сите охридски архиепископи од IX до XIV век. Оваа Служба ја преработил драчкиот митрополит Козма околу 1690 година. Словенската служба ја создал анонимен Климентов ученик. Очевидно, службата говори дека таа била составена брзо по смртта на Св. Климента, а покрај тоа, таа укажува и на брзото канонизирање на светителот, за што посебно се задржале повеќе слависти врз Асемановото глаголско евангелие од X - XI век, меѓу кои посебно Туницики, Баласчев, Конески. Со сигурност се знае дека Климентовиот култ бил засведочен веќе меѓу X и XI век.

Интересно е што изворите воопшто ги премолчуваат раните години на Климента, дури во таа мера што денес воопшто не можеме со сигурност да утврдиме каде и кога е роден, какво е неговото потекло, потоа како му минале детските и младешките години, школувањето, итн. Во Краткото житие од Хоматијан се вели дека потекнувал од „европските Мизи“. На сличен начин говори и второто словенско кратко Наумово житие. Вообичаено било Византијците да ги нарекуваат Бугарите Мизи, меѓутоа Туницки забележува дека: „Последниот термин, во епохата на пишувањето на житието веќе одамна почнал да се употребува не само за означување на етничкиот тип, што се јавил од слевањето на Бугарите со Словените, туку и во смисла на замена на повеќе старото Словени.“ Од овие извори тргнуваат Шафарик и Бодјански, кои ќе се определат за бугарското потекло на Климента. Миклошич сметал дека Климент потекнувал од Панонија, кому му се придружил и К. Иречек. Јагиќ бил склон да го прифати јужно-словенското потекло, додека П. Лавров се задржувал на Словен од бугарско или македонско потекло. Некои автори се застапувале за грчкото потекло на Климента, особено Г. Баласчев. На ова прашање доста опстојно се задржал Туницки, за да заклучи: „...Следователно, со најголем степен на веројатност треба да се гледа во Климент не Бугарин, туку Словен, при што неговата блискост со Методиј во раните години, говори дека неговата татковина се наоѓа близу до таа на Методиј, сред византиските Словени, кои живееле во Македонија, - во Солун, или во тоа ’словенско кнежество’ во кое Методиј бил војвода...“ Дека Словен го пишувал Похвалното слово на Кирил Филозоф, несом-нено се гледа од текстот на авторот, преку кој говори пробуден, просветен Словен: „Затоа да биде блажена твојата уста, о блажен оче Кириле, од неа на мојата уста се источи духовна сладост. Блажен го наречуваме твојот многугласен јазик од кој му огреа на мојот народ светлина на трижвечниот Бог. Ти го разгони мракот на гревот. Блажено е твоето пресветло лице озарено од Светиот дух, од него на моето лице богоразумен блесок сјае и многубожечката измама се искорени. Блажени да се твоите златозрачни очи кои го одзедоа неразумното слепило од моите очи и им огреа богоразумна светлина. Многумина од истражувачите се задржуваат на делот од Опширното Климентово житие од Теофилакт, кога станува збор за раното приклучување на Климента кон

Методија, бидејќи во 22 глава Теофилакт пишува, осврнувајќи се на литературната дејност на Климента: „Тој си го постави како пример на својот живот големиот Методиј и се грижел и се молел да не се излаже подржувајќи го. И поставувајќи си го како пример во своето поведение, неговиот живот и дела, како некаква слика од искусен во уметноста сликар, тој се стремел да се владее/да се нацрта/ според него. Зашто, како никој друг, тој го знаел неговиот живот, бидејќи го придружувал уште од детските и младите години и ги видел со сопствени очи сите дела на учителот.“ Повеќе истражувачи сметале дека Климент можел да го прати Методија од раните години од словенската облает каде што управувал, а бидејќи повеќето од нив се определувале дека точно таа облает ги опфаќа Македонските Словени, јужно од Солун, се определувале за Климентовото македонско потекло. Со оглед на тоа што во IX век еден поголем дел од Македонија влегувал во составот на средновековната бугарска држава, и жителите точно од Македонија ги сметале за Бугари. Поради натамошните историски услови, разновидни ропства што се надвиснаа над Македонија, поради кратките временски периоди за независност, самостојност, тенденциите и напорите за потиснувањето и угушувањето на македонската националност, мнозина сметаа дека јужнословенското потекло значи бугарско потекло. Меѓутоа, во однос на определбите за потеклото на Климент, сепак, преовладува мислењето за неговата припадност кон Македонските Словени, кон Македонка, Охрид, итн. А Теодоров Балан сметал дека Климент бил Бугарски Словен но од „македонски крај“. Слични констатации донесува и И. Снегаров. В. С. Киселков смета дека „без големо двоумење може да се тврди дека тој /Климент/ се родил во некое катче од југозападна Македонија“. Во секој случај, може да се приведуваат уште други искажувања, меѓутоа сите тие остануваат хипотетични без изворен материјал. Сите тие тргнуваат од податокот на Житието од Теофилакт за раната блискост меѓу Климент и Методиј, но сите тие места од изворите не го определуваат точното потекло на Климента, ниту годината на раѓањето, ниту местото каде што се родил, дури ги нема вообичаените податоци што ги содржат хагиографиите - за родителите и односниот светител. Од оваа вест тргнуваат и сите истражувачи кои сметаат дека Климент заминал заедно со Методиј во манастирот на Олимп, по напуштањето

на управата во словенската облает, каде што учел и работел со учителот. Меѓутоа, и ова останува само како претпоставка, бидејќи изворно можеме да зборуваме за придружувањето на Методија дури со изведувањето на Моравската мисија. Во секој случај најмногу согласувања се јавуваат дека Климент Охридски бил Македонски Словен, а делото што му го посветил на Охрид, љубовта што ја гаел посебно кон овој град, каде што го изградил за својот живот истоимениот манастир, говорат во прилог и на прифатливоста на хипотезата за неговото охридско потекло.

Не се знае ништо за школувањето на Климент Охридски. Откако денес знаеме поголем број негови состави можеме слободно да заклучиме дека стекнал многу солидно образование, ја познавал одлично византиската книжевност, култура, и сигурно е дека своето образование, покрај учењето со Методиј, го оформил во некоја византиска висока школа, можеби во Магнаурската, каде што се школувал и Кирил Филозоф, или во некоја друга. И Климент, како и првоучителите, бил талентиран, но пред се работлив. Од овој спој израснал вредниот кирилометодиев ученик во достоен продолжувач на делото на словенските првоапостоли.

Според веродостојните извори при посетата на папската столица во Рим, биле удостоени некои од учениците во свештенички звања, други во читачи. Второто кратко словенско житие на Св. Наум веќе говори и апострофира за ракоположувањето на светите Климент и Наум Охридски, и на други ученици. Изворите честопати не го именуваат Климента меѓу учениците. Житието на Теофилакт ја опишува голготата на протераните кирилометодиеви ученици, по споровите во врска со догмата „filioque“.

По преминувањето на реката Дунав со сплав, една група ученици, меѓу кои се наоѓаат Климент и Наум Охридски, стигнале во градот Белград. Оттаму управителот на градот ги упатил во бугарската престолнина, зашто знаел дека кнезот Борис бара учени луѓе кои ќе бидат способни да го шират словенскиот збор. Борис ги пречекал со задоволство учениците. Благородникот Есхач ги поканил Климента и Наума во својот дом, а Ангеларий престојувал кај Чеслав. Последниов ученик бил изнемоштен и уморен, и набргу починал.

Житието не се задржува врз причините што го натерале кнезот Борис да го испрати набргу Климента за учител во Кутмичевица, која облает ја одделил од Котокија и каде што управувал Домет. Сега и двајцата можеле да играат важна улога во Кутмичевица. Борис му подарил на Климента три куќи во Девол, потоа место за одмор „околу Охрид и Главница“. Етимологијата на овие две споменати области не е откриена. Затоа, и во овој случај се јавија разни претпоставки. Доста прегледно прашањето го развил Златарски, кој врз основа на познатите градови Девол, Главеница и Охрид, се определил дека Кутмичевица се простирала во југозападниот дел од бугарската држава. Баков став зазел и И. Снегаров. Во секој случај, тргнувањето од споменатите градови е најцелисходно. За градот Охрид не постоеле никакви сомневања. Во 1975 година Т. Томоски, земајќи ги предвид сите постојни определби за Девол, објави посебен труд, истакнувајќи дека Девол се наоѓал над селото Звезда, на работ на Корчанското поле и во подножјето на Сува Планина, на 16 километри од денешната Корча во Албанија, или на патот Преспа-Корча. Според истражувањата на Томоски, во 1980 се појави и новиот негов труд, кој Кутмичевица ја открива во целата Корчанска облает. Ако не целосно, но контурите на Кутмичевица се јасни, со југозападниот дел од Македонија.

Заминувањето на Климента во Кутмичевица, во една периферна облает од средновековната Бугарска држава, станува збор за 886 година, без голема гласност, означи отворање на нови видици, иако во Моравија беа направени напори да се избие од разумот на учениците науката што им ја предале Кирил и Методиј. Во Кутмичевица Климент развива сестрана дејност, и ако таа се спореди со Моравската мисија, ќе се констатираат многу сличности. Додека на Север германските и латинските свештеници го оспоруваа и спречуваа културниот растеж на Словените, овде Цариградската патријаршија, гркофилската партија, се јавија како „душебрижници“ за Словените. Климент ќе најде сили да ја продолжи точно кирило-методиевската глаголска традиција во оваа периферна облает, ќе ја формира познатата Охридска книжевна школа, позната во славистиката и како прв словенски Универзитет, од кој ќе излезат подготвени 3500 ученици. И додека во Преславскиот бугарски книжевен центар ќе отпочне истакнувањето и употребувањето на кирилската азбука, во Охридскиот центар

Најдолго, перманентно, ќе се негуваат глаголските ракописи. Во неа ќе продолжи кирило-методиевската традиција во непоматена светлина, за што зборуваат бројните зачувани глаголски споменици од X, XI век, од видот на Зографското евангелие, Асемановото во Ватикан, Синајскиот псалтир, итн. Во овој однос Б. Конески логично заклучува: „Во книжевниот круг што се создаде околу Климента беше до толку поприродно да се усвои обликот на кирило-методиевскиот јазик, со неговите граматички и лексички карактеристики, - што тој јазик името го имаше за основа говорот на Македонските Словени. Климентовиот книжевен круг, - треба посебно да се истакне, се застапува и за првобитната словенска азбука, оставена од Кирила - глаголицата...“. Неговата трудољубивост е истакната во првото словенско Климентово житие, кое избива низ редовите на Теофилакт, а сигурно составено од негов ученик: „А нас смирените и недостојните, поради својата вродена добрина, не направи поблиски од другите и ние секогаш бевме со него, учествувајќи во се што работеше... Ние никогаш не го видовме да безделничи, тој или ги учеше децата, и тоа на разновидни начини, на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им ги насочуваше рацете за да пишуваат, и не само дење...“ И Климент ја продолжи традицијата на учителите да обучува кадар, покажувајќи се како вешт педагог и како човек кој согледал дека неговите цели ќе се остварат точно преку негувањето и издигнувањето на замениците, на идните кадри. Во секоја облает Климент поставувал по триста помошници, кои ја ширеле дејноста. А Климент бил насекаде, во сите поголеми и помали места, меѓу учениците, меѓу луѓето, на кои сестрано им помагал. Ги учел луѓето да ги калемат дивите овошки, а со практичните и благи зборови имал добар совет за секого.

Св. Климент Охридски ги дал основите на најраната наша средновековна Охридска школа, врз која ќе се изградуваат ученици, кадри, автори и низ наредните векови. За Климентовата приврзаност кон традицијата од учителите, а која наоѓа расплет во студијата на Б. Конески „Охридската книжовна школа“, пред се зборува за засведоченото наследство од таа школа. Оваа „Школа на хуманизмот“, како што ја нарекува Н. Бошале, се надоградува и врз основите на старото културно наследство, што се таложело во локалитетите на Охрид и Охридско.

Во однос на словенските азбуки - глаголица - кирилица, можеби доста забуна внесе делот од Краткото Климентово житие од Хоматијан, кој зборува за изнаоѓањето од страната на Климент - нови форми на буквите, и појасни од тие на Кирила. Откако се осведочивме за ракописното наследство од Охридската книжевна школа, илузорно би било да се смета дека точно Климент ја измислил кирилицата, зашто глаголската традиција е главната карактеристика на школата што самиот Климент ја формирал. За некакво исправање на буквите, или за некаква интервенција во азбуката, на овој нов терен, каде што луѓето подолго време се приклонувале кон самостојно некакво бележење на словенските зборови, најчесто со употреба или прилагодување на грчкиот алфавит, би можело да се прифати. Меѓутоа, за создавање на некаков осмислен систем не може да стане збор, зашто тој крупен чин би го опишал Житието од Теофилакт, или некој друг извор. Против веродостојноста на овој дел од краткото Климентово житие веднаш се искажале: Гиљфердинг, Голубински, Лескин.

Во Бугарската држава уследија промени на престолот, по смртта на Борис. Четири години владеел неговиот син Владимир, а потоа престолот го наследил син му Симеон, кого Теофилактовото житие го прикажува како искрен христијански припадник, продолжувач на политиката на татко му Борис. Уште веднаш, по примањето на власта, во 893 година го повикал Климента и го назначил за епископ во Велика или Дрембица /Дремвица/. И овие места не се среќаваат во најстарите географски поими, поради што научниците заземале разновидни становишта. Според Дуканжиевиот список на архиепископите се сметало дека Климент епископувал во Тивериопол, кое мислење го прифатиле: Шафарик, Иречек, Голубински. Баласчев сметал дека епархијата на Климент се наоѓала близу до Охрид, кое мислење го одобрува А. Милев. Односната облает би се простирала во Дебарца, Кичево и Полог, и тоа во областа на реката Треска, која во горниот тек се наречува Велика. Кон вакво слично мислење се определил и Снегаров. Туницки ја барал епископијата во северните Родопи, а Златарски го барал седиштето на епископијата во близината на денешното прилепско село Дебреште. Ова прашање наоѓа место во студијата на Т. Томоски, кој смета дека називите Велика и Дремвица претставуваат два називи за една епархија, во која

Дремвица бил средновековен град и административен центар. Томоски истакнува: Од приведениот податок јасно и недвосмилено ироизлегува дека Дремвица или Велица се наоѓале во Деволската облает и дека Величката епископија била покриена од Деволската епископија.“ Имало обиди епископијата да се бара и околу Солун, каде што некогаш живееле драговити, на што посебно инсистирале Х. Гелцер и Г. Бајганд.

Според најновите археолошки истражувања и објавени резултати на Б. Алексова, се истакнува становиштето дека првата словенска Климентова епископија се наоѓала крај Брегалница, во Крупиште. Катедралната црква во Крупиште со културната црква посветена на Св. петнаесет Тивериополски маченици во Струмица ја определиле Климентовата епископија Велика или Дремвица, која станала прв организиран центар на црковно-просветниот и културниот живот. Во месноста Кале, недалеку од Крупиште, според Алексова е откриен античкиот град Астибо и средновековниот град Равен.

Меѓутоа, битно е што забележува Житието, имено дека Климент го нашол населението во оваа епископија наполно неуко во смисла на христијанската религија, поради што тој „не си дал сон на очите, ниту дремка на клепките“. Постојано работел, поставувајќи ред во безредието. Учениците учеле од него црковно пеење и достигнале завидно ниво, како и познатите имиња на црковните музичари. Климент му се раздал целосно на народот, делел изобилна духовна храна, се јавувал и како заштитник на гладните, вдовиците и сиромасите. Климентовата врата била „отворена за секој страдалник, и туѓинец не ноќевал надвор“. Тој ги постави темелите на Македонската православна црква и со право таа се наречува Климентова црква. Ги втемели во луѓето, со големо умеење и познавање, светите правила на православието. Неговата плодотворна дејност на полето од Црквата поради богати плодови, бидејќи и по неговата смрт се чувствуваше, и денес се чувствува расцутот на православната вера, негувана од бројните монаси по македонските манастири. Токму врз оваа основа можела да израсне цврсто Охридската патријаршија-архиепископија.

Имајќи ги предвид изворните житејни информации, покрај тоа и најновите студии во врска со одредувањето на Кутмичевица, Девол, Главиница, Величката

епископија или Дрембица, и тоа на: Томо Томоски (Прилог кон топографијата на Климентовата епархија), Димче Коцо (Прилог кон проучувањето на Величката епископија) и Блаже Конески (Дрембица и Велика), мошне убедливо се наметнуваат и најновите согледувања за Климентовата епископија. Произлегува дека последнава не исчезнала, туку се преименувала во Деволска, која пак по пропаста на Самоиловото царство се јавува како Костурска. Според јазичните истражувања на Конески во однос на имињата Дрембица и Велика се укажува на Климентовата епархија. Составувачот на Краткото словенско Наумово житие соопштил одамна дека кон оваа дејност го поттикнал деволскиот епископ Марко, четврти епископ на словенскиот народ. Во случајов и тројцата посочени автори со право се сложуваат дека првиот словенски епископ на Девол бил Климент. Дрембица се поистоветува со Мал Девол, а Велика - со Голем Девол, како имиња на реки. Со нивните истражувања се објаснуваат и извесни траги во средновековните извори, кои погрешно ја откриваат Климентовата епархија во Тивериопол (Струмица), а за што не случајно Теофилакт ништо не споменува ниту во Опширното Климентово житие, ниту во Житието на тиверијополските маченици.

Покрај широките црковни и педагошки дејности, особено учителски, просветителски, во секојдневното живеење Климент развил богата книжевна дејност, особено забележана во Опширното житие од Теофилакт. Со бројните книжевни состави Климент се јавува и како темелник на средновековната македонска книжевност, како и на сесловенската. Неговите состави, главно градени во Охридскиот центар, го нашле патот преку разновидните и можни словенски редакции, до сите словенски средини. Големината на неговото дело обогатила повеќе книжевности. Широките восприемања на сите луѓе и на целиот свет, присутни во идеологијата и филозофијата на браќата Кирил и Методиј, најдоа длабока и широка основа и во Климентовото прифаќање на животот, уметноста, културата. Давајќи и најшироки смерници на книжевноста, во почетниот стадиум од нејзиниот развој, не можел да ги одмине идните поколенија. Тие го прифатија неговиот збор, и устен и писмен, го негуваа и натаму предаваа, се до денес. Не случајно и биографот забележал: „Со своето дело Климент го турна sидот на незнаењето.“

Житието зборува за неговите карактеристични похвални и поучителни слова, кои се јавија како прва неопходност за луѓето, кои се уште не ја усвоиле христијанската религија суштински.

Во секој случај, библиографијата за Климент Охридски рапидно се зголемува и расте во XX век. Патот за конечното или поцелосното претставување на неговото дело не бил ниту лесен, ниту едноставен. Незачуваните Климентови автографи посебно придонесувале за ваквата состојба. Меѓутоа, кога станува збор за макотрпната откривачка работа на Климентовото дело неодминливи се три потфати и дејности. На прво место доаѓа значајната заложба на славистот Вукол Михајлович Ундолски, кога успеал да го прочита својот труд „За откривањето и издавањето на творбите на Климент Охридски“, во тогаш познатото и активно научно друштво Општество за руска историја и древности, токму во 1845 година. Дури во 1867 година неговиот труд бил печатен и оттогаш овие резултати можеле да бидат познати и пошироко. (За жал трудот му бил објавен по смртта.) Ундолски открил петнаесет Климентови слова, и тоа се служел со мошне прецизен и педантен научен апарат. Меѓу нив се наоѓале: похвалата на Кирил Филозоф, похвалата на пророкот Захариј и Св. Јован Крстител, похвалата за четиридневниот Лазар, итн. Паралелно со него, на истиот предмет, но независно еден од друг, работел Павле Јосип Шафарик. Со оглед на смртта на Ундолски во 1864 година, Шафарик самостојно ги продолжил истражувањата, давајќи ценети резултати во книгата што се појавила во 1848 година. Потоа се развива мошне плодна истражувачка дејност, која е забележителна до денешните денови.

Веќе во почетокот на XX век се појавува значајниот монографски труд на Н. Л. Туницки „Свети Климент - епископ словенски“ (Спб. 1913). Може слободно да се каже дека до овој современ миг оваа монографија е апсолутно неодминлива, за секој истражувач на делото на Климент Охридски, и покрај бројните помали и поголеми вакви обиди и појави. Се разбира дека во случајов не мислиме да ги земеме предвид и бројните забелешки, или исправки што може да го трпи овој труд, особено ако се земат предвид историографските околности и состојби од крајот на XIX и самиот почеток на XX век. Пред се, овде би дошле предвид и можеби послабите географски познавања на Туницки за Балканот, но глобално

земено, на Туницки му припаѓа вонредната заслуга за целосното претставување на Климента, кому многу му должи и современата славистика.

Третиот значаен чин, кој е вонредно важен за книжевното дело на Климента е објавениот проект на БАН, со презентираните и откриените преписи на сите познати Климентови творби, мошне критички и сериозно обелоденети и обработени од Б. Ст. Ангелов, К. М. Куев, Хр. Кодов. Во трите тома се собрани и претставени сите познати текстови, најдени во разновидни преписи, почнувајќи со 1845 година кога првите Климентови творби ги обелодени Ундолски, па се до новите преписи пронајдени до 1977 година, кога се појави и вториот том од изданието на БАН, со Климентовите слова. Со овој обемен труд се изврши научен увид во плодотворната книжевна Климентова дејност, а се отвориja и перспективи за натамошни научни истражувања, врз еден осведочен и стабилен научен фундамент, и тоа од повеќестрани аспекти.

Кога се анализира делото на Климент Охридски еден од клучните проблеми искрснува уште во самиот почеток, а се однесува на познатите и често споменувани Панонски легенди. Имено проблемот се јавува во врска со самото авторство на овие текстови, дали ќе бидат разгледани како Климентови или едниот текст како Методиев, а вториот како Климентов? По бројните трудови во врска со ова прашање сметам дека убедливо доминираат заклучоците во врска со апсолутното авторство за двата текста, од страната на Климента. Приоѓајќи со интерес кон ова прашање сакавме да бидеме објективни, и во таа смисла, од бројните наводи во прилог на Климентовото авторство би ги апострофирале следниве: Првиот сериозен истражувач на Климентовото книжевно наследство бил категоричен со еден ваков првичен став. Тоа бил познатиот руски славист Ундолски, кој мошне педантно и долго време се занимавал со истражувања на ова наследство, вршејќи специфични јазични разграничувања меѓу средновековните беседни текстови. Со ваков став набргу се објавил Шафарик, потоа О. М. Бодјански. Преку трудовите на: Погодин, Малишевски, Голубински, Туницки, Јагиќ, Погорелов, Копитар, Миклошич, Снопек, Дворник, Ваврџинек, Балан, Конески, Поленаковиќ, Динеков, Дујчев, кои застапуваат ваков став, можеме да се убедиме во исправноста на еден убедлив заклучок за Климентовото авторство. Откако имаме

доволно увид во бројните текстови што го претставуваат книжевникот Климент, и за нас е прифатлив ставот дека талентираниот Климент Охридски се потрудил да даде два текста, без повторување на исти момента и истории, поаѓајќи од становиштето за избегнување на монотонија на творбите. За Методиевото житие сигурно е дека Климент ги користел и советите и податоците што му ги давал Методиј, кој единствено можел да ги знае и најситните детали од детството на својот брат. Единствено Методиј можел да има таков чувствен однос кон ред настани од детството на Константина и да ги памети поетичните состојби на братот, гледан од поискусниот и постар брат Методиј. Покрај тоа, очевидно е дека и двајцата брака Кирил и Методиј ги профилирале своите способности и афинитети кон разновидни појави, покрај заедничките потфати. Не случајно денес славистиката не се сомнева во лингвистичките, филозофските, книжевните и преведувачките способности на Кирила, како и во правните знаења на Методиј, на неговата наклонетост кон преведувачката дејност, пак со афинитет кон правните норми и теми. Креативниот книжевен чин станал карактеристика и одлика на Климента, и како мошне истакнат и вреден ученик на двајцата брака, сигурно се прифатил, а можел о дури да му биде сугерирано од Св. Методија, да ги состави, првин св. Кириловото житие, а по смртта на постариот брат - и Св. Методиевото житие. Еден врвен уметник, едно книжевно перо од IX век, еден распеан поет, се согледува низ Панонските легенди, кои на момента не можеме а да не признаеме дека не навраќаат кон неговите препознатливи слова. Не случајно овие житија го заземаат првото место меѓу словенските локални хагиографии и стануваат достоинство и пример за сите други што ќе се развиваат кај Словените. Покрај препознатливото византиско хагиографско клише, во нив се чувствува новиот миг, новата атмосфера, која ја дишат Словените, незадржливиот пат кон прогресот, што веќе никој не можел да го спречи. Работата на Климента во Охридскиот книжевен центар тоа го документира, преку континуираното продолжување на глаголската писмена и книжевна традиција, особено преку личниот самопрегорен и творечки пример. Содржината на двете житија провејува и во Климентовото похвално слово за Кирил и Методиј. Покрај тоа обично се практикувало авторот на житието да состави и похвала за истиот

светител. Во секој случај, натамошните разгледувања на Панонските легенди ќе се базираат на опстојниот материјал што го нуди третиот том од споменатото издание на Б АН во кое се дадени и нивните преписи, со фототипски изданија на најстарите зачувани преписи.

Инаку, најстариот препис од значајното пространо Св. Кирилове житие, потекнува од 1469 година, јужнословенска редакција (за разлика од руската редакција). Текстот се наоѓа во познатиот Загребски зборник на Владислав Граматик, пишуван во Жеглиговскиот манастир. Значаен е како најстар препис. Покрај тоа, во него се наоѓа оној значаен пасаж за работата на Кирил и Методиј на Олимп, во кој се даваат вести дека таму се занимавале и со книжевна и писмена дејност, но авторот навестува дека во друга прилика ќе биде изнесена подетално таа активност и дело. Пространото житие на Методиј е пронајдено во многу постар препис, во руски пергаментен зборник од Успенскиот собор, од XII век. Со тоа во славистиката се доби уште еден непобитен факт за староста на Панонските легенди, бидејќи до пронајдувањето на овој најстар препис, другите преписи биле доста помлади.

Од сигурните Климентови состави, во кои е подвлечено неговото име, со голема сигурност може да се тврди неговото авторство, преовладуваат поучителните слова, и тоа оние кои се однесуваат на општохристијанските светители: Св. Ѓорѓи, Св. Тома, Св. Антониј, евангелист Марко, за светите Петар и Павле, а се земени предвид и циклусни состави. Така на пример, во врска со св. Богородица се јавуваат словата за: претпразненство за Раѓањето на Богородица, за самото раѓање, за воздвижението на Богородица, но и циклусот за настаните од животот на Исус Христос не е помал: за зачнувањето на Богородица, за претпразненството на раѓањето на Исус Христос, потоа за самото раѓање, за Христовото успение, за воскресението, итн. Од похвалните состави мошне значајни се тие за: Кирил Филозоф, за Кирил и Методиј, пророкот Захариј и за зачнувањето на Јован Претеча, Димитар Солунски, Михаил и Гаврил, Јован Крстител, четириесетте маченици, воскресението на Лазар, Цветници, пророкот Илија, Успението на Богородица.

Во составите на Климент, во кои не се засведочени посигурни податоци, но со тоа ништо не губат во веродостојноста на Климентовото авторство, од похвалите се наоѓаат: за настаните од животот на Св. Јован Крстител, за Св. Козма и Св. Дамјан, Св. Никола Чудотворец, апостол Павле, за Св. Иринеј. Поучителните се за: Цветници, Педесетница; поуки за: покајување, исповед, за постот, за светите тајни, поучение за месопусна недела, за недела сиропусна, поуки за четирите недели од постот, итн. И во овие текстови наоѓаат места словата кои би се приклучиле кон најважните циклуси на состави посветени на Богородица и Исус Христос.

Овде ги посочуваме како Климентови творби опширните посебни житија на Св. Кирил и на Методиј.

Меѓу Климентовите книжевни состави посебно се истакнува со своите уметнички квалитети Похвалата на Кирил Филозоф. Преку овој текст доаѓаат до израз поетските дарби на Климента и секој истражувач на неговото дело се согласува во оценката дека ова слово му е најубавиот текст. Сигурно е дека творбата ја пишувал ученик кој неизмерно го сакал учителот, го почитувал и гаел кон него посебен чувствен однос. Покрај поетско-стилските примери што значеле многу за почетниот стадиум од охридската книжевност, текстот е историски пример за претставата на Св. Кирил Филозоф. Похвалата денес е неодминлива творба и извор кога зборуваме за Св. Кирил. Неа ја откри пред светот Ундолски во 1845 година и оттогаш расте бројот на новооткриените преписи, како и трудовите што и се нејзе посветени. Најстариот препис од похвалата е познатиот Севастијанов текст, со потекло од XIII век, пронајден од Севастијан во Света Гора. Првин бил објавен од А. Е. Викторов, а потоа од Ј. Иванов, А. Т. Балан, П. А. Лавров. Овој е единствениот зачуван препис од оваа редакција, која се разликува од втората, застапена со повеќе преписи и јужнословенски и руски. Меѓу најстарите преписи од втората редакција е Загребскиот препис од XIV век. Овој препис, како и Севастијановиот, се објавени во вториот том на изданието на БАН. Во науката се смета дека Севастијановиот препис е реткиот Климентов прототип на похвлата, кој текст бил поправан и поправениот текст доживеал како втора редакција бројни преписи. Името на Св. Климент не се среќава во сите преписи.

И насловите на похвалата не се идентични во преписите. Најчесто се среќава со наслов: „Похвала на нашиот блажен отец и учител словенски Кирил Филозоф“.

Самиот почеток на похвалата објавува едно завршено дело, еден завршен пат. Завршен е патот на учителите, сите нивни одисеи, а ученикот е истовремено писателот кој може да суди, оценува: „Еве, ни светна христољупци, светлозрачниот спомен на нашиот преблажен отец Кирил, нов апостол, и учител на сите земји, којшто огреа на земјата како сонце со вистинска вера и убавина, како сонце на трисушното божество, осветлувајќи го сиот свет.“ Оваа констатација Климент може да ја даде, откако ги видел и доживеал плодовите од дејноста на учителот. Во духот на христијанскиот морал и религија, која браќата искрено ја прифатиле, и во похвалата авторот се задржува на биографските моменти кога учителот покажувал и смелост, но истовремено и воздржаност од се што може да пружи овој свет како преодна измама. „Од млади години беше чист како ангел, се оттргнуваше и избегнуваше од житејските сладости и секогаш беше со псалми и пеење и со духовни поуки. Врвеше само по еден пат што води кон небото. Затоа низ неговата уста се изли божјата благодет...“

Климент не можел да не ја истакне во похвалата сопствената улога и став во однос на иконоборечките потфати, што ја растресоа целата византиска империја, а во однос на кои посебно се истакнал Кирил, од страната на заштитниците и почитувачите на иконите. Затоа оваа похвала не може да биде изземена и како историски извор. Таа како да ги резимира настаните од Панонските легенди. Познати се Кириловите полемики што ги водел во сите мисионерски улоги и задачи, поради што Климент не заборава поетично да истакне: „Ги прелета како орел сите страни од исток до запад и од север до југ, меѓу Козарите и Сарацените и заради светата вера се најде и на соборите. Како сонце грееше со трисветли зраци и секоја нивна заблуда ја отклонуваше...“ Акциите и делата на Кирил се завршени и писателот може да ги согледа резултатите, нивната големина, предавајќи ги во поетични глорификации, видени од аголот на присутен посматрач, засведочен учесник, затекнат поет кој не може да го превиди ореолот на нивното дело. Во тоа е и големината на авторот, на Климента, кој во овој историско-реален-имагинарен домен ја гради беседата и понатаму: „На словенскиот народ,

којшто беше во незнаење и греовен мрак, по милоста и човеко-љубието на Господа нашиот Исус Христос, му стана пастир и учител. И им ги затна устите на волците, на тријазичните еретици, пророчки укажувајќи на тревливиот јазик и упатувајќи ги сите со писмо кон спасение.“ И откако авторот ќе каже за неговата смрт што го затекнала во Рим, неизбежно му се наметнува делото, она што останува и по смртта: „Неговиот труд и подвиг ги почитуваме и слични пофалби нема кому да упатиме, па иако отпосле светна, сепак надмина се, како и Деница, која иако огрева најпосле, со својата светлина ги облева сите ѕвезди кои имаат сончева светлина. Така и преблаженият отец и учител на нашиот народ повеќе од сонце со тројни лачи сјаеше и просвети безброен народ којшто лежеше во мракот на незнаењето. Нема место што не е осветлено од неговите стапки и ниедна итрина не се скрила од неговата блажена душа, оти на сите народи скриените тајни им ги откри разумно исповедајќи, на едни со писмо, на други со поука.“ Во овој дух поетот Климент пее вдахновена химна за Кириловата уста, за премудроста што се излиле преку неговите зборови, кои незапирливо изливаа поуки и мудрости, поради што се излива познатата благодарност: „Затоа, да биде блажена твојата уста, о блажен оче Кириле, од неа на мојата уста се источи духовна сладост. Блажен го нарекуваме твојот многу-гласен јазик од кој му огреа на мојот народ светлина на триж вечниот Бог. Ти го разгони мракот на гревот. Блажено е твоето пресветло лице озарено од Светиот дух, од него на моето лице богоразумен блесок сјае и многубожечката измама се искорени.“ Крајот на похвалата е една интересна градација на химнично восхвалување на деловите од Кирилово тело, очи, раце, нозе, утроба, прети, кои го сочинуваат Кириловото тело, преку кои се разли неговиот незапирлив дух и облагороди многу народи. Во првичната Севастијанова верзија на Похвалата, Климент не изумил посебно да ги истакне големите граматичарски способности на учителот Кирил, кој умеел да ги толкува и открива самите тајни од формите на зборовите. Тие не му останале непознати и на вредниот негов ученик Климент, кој со големи филолошки познавања можел да ја втемели Охридската школа.

Не помалку убава и значајна е и Климентовата похвала за двајцата брака Кирил и Методиј. Уште О. М. Бодјански недвосмислено се искажа дека оваа пох-

вала е дело на Климент Охридски, особено по фактот кога во најстариот ракопис од XII век, во кој било пронајдено Методиевото житие следела токму оваа похвала. Б. Ст. Ангелов убаво ги наведува сличностите меѓу похвалата и Методиевото житие. Покрај тоа, похвалата за Кирил и Методиј покажува сличности со Кириловата похвала, а и со други Климентови дела. Оваа похвала првпат била објавена во науката во 1865 година, и тоа од познатиот славист Бодјански. До денес таа е позната во над 26 преписи, и во сите нив не се среќава името на Климента. Секако, меѓу најзначајните е преписот од збирката на Успенскиот собор во Москва од XII век, поради што е најчесто издаван. Овој текст ја претставува првата редакција, додека втората е претставена преку три јужнословенски преписи. Првите два од нив биле составени од Жеглиговскиот манастир, едниот се наоѓа во Загребскиот зборник на Владислав Граматик од 1469 година, а вториот во Рилскиот ракопис на Владислав Граматик пишуван пак во Жеглиговскиот манастир во 1479 година. Б. Ст. Ангелов во изданието на БАН ги објавува Рилскиот и Хоповскиот препис.

Преку оваа заедничка похвала Климент го обединува нивното дело од кое произлегува заедничкото значење за Словените. И самиот наслов тоа го објаснува: „Похвално слово во спомен на светите и преславни учители на словенскиот народ, коишто му створиле писмо и го превеле Новиот и Стариот Закон на негов јазик, на блажениот Кирил и на архиепископот панонски Методиј.“ Уводниот дел на оваа похвала не навраќа кон карактеристичните воведни дела на Панонските легенди. Уводот во Кириловото пространо житие е мошне кус, за разлика од опширниот увод на Методиевото житие. Кога се споредуваат овие три воведни излагања повторно се наметнува заклучокот за нивниот заеднички автор Климент Охридски. Во сите нив провејува мислата за грижата на господа кој преку своите избрани луѓе, апостоли, маченици, светители, е во контакт со народот на земјата и не дозволуваа да пропадне човечкиот род. Тие божји избраници се посредници меѓу Господа и луѓето. И во оваа похвала доминира во самиот увод ваквата размисла: „Зошто милостивиот Бог не го остава своето создание, и не го заборава делото на своите раце, но и за тие години и времиња одбра мажи и им ги покажа делата нивни и нивните подвизи на луѓето,

за да најдат вечен живот, станувајќи им ним слични. И по нив беа пророците, а по пророците апостолите, по апостолите мачениците, и праведните мажи и учителите. Откако авторот на похвалата ги воведува учителите во плејадата на божјите избраници, кои исто така не навраќаат кон Панонските легенди. Кога зборува за родителите на учителите, поетот ги избегнува голите факти и прави споредби. Зборувајќи за Лев додава: „И тој имаше седум деца, како Јов“, за кого и пророкот кажува: „Блажен е мажот што се бои од Бога, што силно се грижи заради неговите заповеди, силно ќе биде на земјава семето негово, родот на праведните. Ќе биде благословена славата и богатството во неговиот дом, и правдата ќе биде негова во сите векови.“ Од таков корен „светнаа два ластари“ и авторот ја продолжува восхвалата на учителите, заснована врз големите дела што ги направија. Помладиот брат станал избрано гласило на Светиот Дух, кој ќе ги напои жедните како непресушлив извор, развеселувајќи ја дури целата вселена преку расејувањето на Зборот, на тоа Слово на разумот и напредокот. Потоа се задржува на постариот брат, спореден со мудриот Соломон, со воинствените јунаци Гедеон, Исус Навин. Меѓутоа, неговата рефлексивна природа, наклонета кон духовните размисли, секогаш го барала мирот во некој осамен манастирски центар, и покрај тоа што владетелот уште од раната младост му предодредил други чинови и занимања.

Со кусите биографии, со акцентот на нивната надареност, особено на работливоста, поетот Климент преоѓа кон заедничко глорифицирање, во химничен и топол стил: „Светите книги за таквите пеат пофално зборувајќи: ќе се изнајде премудроста на древните, поживејте во пророштвата, сочувајте ги повестите на знаменитите мажи, и излезете во симболите на приказните, послужете меѓу големците и јавете се пред игумените, минете преку земјите на туѓите народи, и доброто и злото во луѓето ќе биде искушано низ нас... Нивната мудрост ќе ја прикажуваат народите и црквата ќе им искажува похвали... А наоружани со вера и со сила на крстот, не ги воведоа луѓето во пустиња, туку ги упатија кон богоразумна светлина... Откако свесно примија крст на плеќите, ја зајдоа сета вселена исполнувајќи ја со поука.“ Преплетувајќи ги истовремено реалните подвизи и дела и настани од биографиите на Кирил и Методиј, Климент ги потенцира нив-

ните заслуги, правејќи многу сликовити и успешни споредби, базирани во реални рамки. „Меѓу Сарацените и Козарите беа непобедени, но како некогаш Давид што го совладал туѓоплеменикот, вкротувајќи ја неговата горделивост и претчувствувајќи ја Светата Троица во своите три камења, и му ја пресекол главата со својот меч, па примил пофалба во темнината од синовите израилски - така и овие отци, слуги на три сушното божество и неговите проповедници, се најдоа на соборите сараценски и еврејски. Тие со своите книги и говор Мехметовите лаги и еврејската злоба како со духовен меч ги пресекоа и ги истребија како пиреј и ги изгореа со духовна благодат, а словото Господово го посеаја како пченица во нивата на срцето и сите луѓе ги насладија со медоточни зборови.“ Мошне важните моменти од римскиот престој, потоа смртта на Кирил, заминувањето на Методиј со посланието од папата Адријан II, похвалата не ги прескокнува. Посебно се апострофирани Методиевите дела во Панонија и Моравија, кога останал самиот да ја доора започнатата бразда. И откако завршуваат делата на браќата, се источува поетската похвала за двајцата, со набројување на нивните бројни заслуги: „Вие станавте рушители на сето паганство, непријатели на еретиците, прогонители на бесовите, светлина на помрачените, учители на децата, неисцрпна храна на гладните, непресушен извор на жедните, даватели на изобилна облека на голите, поткрепа на сиромашните, домаќини на патниците, посетители на болните, утешители на тажните, заштитници на нападнатите, помошници на вдовиците и на сираците, на слепите - дарители на светлина, котва на оние што се зафатени од брановите на животното море, sид и покрив на оние што се приклонуваат кон вас, противници на Евреите, исповедници на Светата Троица, извршители на божјата волја, служители на божјото величие, извори на божјо слово, неразрушливи столбови на Христовата црква, печат на правдата, штит на верата, шлем на спасението, клас многуплоден, лоза медоточна.“

Не помалку поетични се и другите Климентови похвали. Во прв ред меѓу нив посебно се истакнуваат похвалните слова за четиридневниот Лазар (во кое преку една прогресивна градација израснува големината на светителот Лазар), похвалното слово за Михаил и Гаврил, похвално слово за пророкот Захариј и за зачатието на Јован Крстител, похвално слово за Климент Римски, за Димитар Солун-

ски, похвалата за Богородичното успение, похвала за Козма и Дамјан, итн. Во похвалните слова Климентовиот стил е стандарден, висок, поетичен, и во нив не се чувствува авторовиот грч да биде посебно разбран од сите слушатели или читатели, што е многу поприсутно во поучителните слова.

Општо земено Климентовите слова се однесуваат главно на настани и личности од Христовата религија. Тие се посветени на светители, маченици, апостоли, пророци. Самото значение на Исус Христос зазема доминантно место во словата: поучение на преображение Господово, поучение за Воскресение, за врбица, за рождество Христово, слово за Богојавление, слово за сретение на Господа, слово за Велигден. И Богородица е застапена во доволна мера во Климентовите слова: една од најубавите похвали му е посветена на Успението на Богородица, потоа следат: поучение за зачатието на Богородица, поучение за благовештение, и други.

Бројните поучителни слова што ни ги оставил Климент Охридски зборуваат за нивото на христијанската свест и историја на населението, бидејќи е очигледен напорот на авторот да ги протолкува едноставно клучните настани и личности од христијанската религија. Како примери би ги посочиле поучителните слова за заповеди на празниците, поука за спомен на апостол или маченик, поука за епископите и половите, поука за блудниот син, неделно слово за Света Троица, итн. Во сите овие текстови Климент епископ се приближува до собраните луѓе, им ги толкува празниците, личностите, едноставно, просто. Во поуката за Света Недела, вака едноставно го почнува словото: „Браќа, ние сме должни да ги почитуваме божјите празници, воздржувајќи се од секакво зло, избегнувајќи од секаква нечистотија, угледувајќи се на светите божји угодници, читајќи ги нивните свети житија во светите книги и напојувајќи се со вера од се срце...“ Потоа го толкува значењето на законот за одморот во седмиот неделен ден. Тонот според кој се пишувани поучителните беседи зборува дека луѓето не знаеле и основни христијански поставки и законитости, поради што се налагал поучителниот едноставен стил. Затоа, бројните слова на Климент честопати се приближуваат или наличуваат на тие од епископ Константин, а поуката кон епископите и поповите ни го асоцира делото на средновековниот автор Презвитер Козма. Ста-

нува очевидно дека поучителната нота била неопходна во периодот од културниот и книжевниот развиток на народот од IX и X век. Со писмеността дури се овозможија основни услови за посуштинско сфаќање и прифаќање на христијанската религија.

Сигурно е дека се уште не може да стане збор за едно целосно и завршено претставување и разграничување на Климентовото книжевно и културно наследство. Очевидно од ден на ден неговиот опус се зголемува и обогатува со сознанија. Во овој однос може да се спомене и неговата преведувачка дејност, за која изворите не оставиле детали. И натаму ќе бидат актуелни делата кои даваат можност да се мисли дека се Климентови. Интересни аспекта отвораат се уште ракописите од видот на: Синајскиот требник, Клоцовиот зборник, Супрасалскиот зборник, Триодот и Климентовата дејност, химнографското наследство. Сегашните истражувања ветуваат нови согледувања.

Преписите на Климентовите слова, најцелосно презентирани во тритомното издание на БАН, под наслов „Климент Охридски“, доживуваат растеж. Ѓ. Поп Атанасов откри нов препис на Поуката пред Преображение, како и на Поуката пред Успение Богородично, во Пролог од XIII век, руска редакција (АК СССР, Ленинград, 4.9.31). М. Георгиевски во новооткриениот зборник во Струга, од XVI век, обелодени препис од „Похвалата на Св. Климент патријарх Римски, напишана од Климент Охридски.“ Од неа се откриени 24 руски преписи и 2 јужнословенски, кои со новиот препис прераснуваат во 3, или вкупно 27. Новооткриениот препис открива српска редакција со присуство на македонизми.

Во XXII глава од Теофилактовото житие за Св. Климент Охридски се кажува дека „Климент богато ја снабдил црквата со псалмоподобни пеења...“ Ова ги упатувало Климентовите проучувачи да го истражуваат Климентовото химнографско дело. На овој план последниве години се добиени видливи резултати. Откако се откри оригинален јужнословенски дел во текстот на Триодот, Кл. Иванова обелодени два непознати циклуса азбучни стихири за Рождество Христово и Богојавление, во празничниот Скопски минеј од XIII век, како и во празничниот минеј од Хлудовата збирка во Москва. По неа мошне видливи резултати дадоа истражувањата на Г. Попов, кој во трипесниците од Рождество

Христово и Богојавление откри акростих, кој го претставува името на Климента; во четирите трипесници:

1. (1 глас) КЛИМЄНТА
2. (2 глас) ПѢСНИ ПРѢД
3. (3 глас) ПРѢЗДНА ХР.
4. (4 глас) СТОВОУ РОѮ

На Климента му се припишува и циклусот претпразнични трипесници за Богојавление.

Преглед на химнографското дело на Климента претставија К. Станчев и Г. Попов, во Софија 1988 година. Покрај познатите химнографски творби на Климента, претставени се и другите новооткриени творби. Меѓу нив значајни се „Канонот за Евтимиј Велики“, „Канонот за положувањето на ризата и појасот на Пресвета Богородица“, со 30 строфи, откриен во празничен минеј од XIII век, македонска редакција. Канонот за Евтимиј Велики е преработен во Канонот за Јоаким Осоговски, во истиот празничен минеј од XIII век (Народна библиотека, Софија, бр. 113), каде што се наоѓа „Канонот за ризата и појасот на Богородица“.

Климентовото авторство се бара и во општите служби, и се смета дека неговото дело е „Службата за светителите“. Б. Ст. Ангелов му припишува уште три служби: „Служба за пророци“, „Служба за апостоли“, и „Служба за преподобни“. Сите овие се наоѓаат во Минеј од 1435 година.

Со името на Климент во славистиката често се поврзуваат: „Службата за учителот Св. Кирил“, „Службата за учителите Св. Кирил и Методиј“, „Службата за Св. Климент Римски“, „Службата за Св. Размо Охридски“.

Анонимен ученик на Климент составил „Служба за Св. Климент“. Интересно е да се одбележи дека оваа Служба, не само што претставува химнографско достојно дело, не само што е значаен извор за делото и значењето на Климента, туку авторот покажал неверојатен осет да се доближи до стилот на Климента, и преку префинето приближување до него, да го претстави пред јавноста и во литературата. Да посочиме како пример само еден дел:

„Од Бога вдахновен органоне, ластовице златоуста, уме духовен, светило светлозрачно, усто благогласна, јазику медоточен, Клименте светителе, моли се за оние што ти чинат светол помен.

Кое место не се свети со твоите молитви, светителе, а која црква не се осветила од твоите зборови. Духовна свирко, кимвалу звонлив, кавалу чудесен, со златни зраци те венчаваме!“

Св. Климент и Св. Наум Охридски го нашле своето место и во византиската химнографија. Химнографскиот циклус во Византија, посветен на Климента, му припаѓа на неколку охридски архиепископи: Теофилакт Охридски, Димитар Хоматијан, Константин Кавасила, Козма Дрички, Атанасиј Пароски, и други. Теофилакт составил „Служба за Св. Климент Охридски“, вечерна и утрена. Димитар Хоматијан, покрај „Краткото Климентово житие“, составил „Служба за Св. Климент Охридски“ од четири канони. Песните од каноните ги градел со пет тропари. Хоматијан бил одличен автор, познат во византиската литература, како и Теофилакт. Константин Кавасила составил Канон во чест на Св. Климент и во тропарите го вградил своето име. Канонот го воспева Климента, неговите чуда. Поетот го поистоветил светителот со својот народ, со градот Охрид. Архиепископот Григориј му посветил на Климента три стихири на шести глас и на три стихувани стихири на втори глас. Козма Дрички ја дополнил Климентовата Служба со поетски форми „величанија“ (μεγαλυναρεια), пет на број. Климентовата грчка служба била преведена на словенски јазик, а еден нејзин познат препис претставува Струшкиот празничен минеј бр. 542. (Народна библиотека Софија). Ракописот е пронајден во Струга и е датиран во XIV век. Познато е дека голем придонес за расветлувањето на грчките состави посветени на Климента и седмочислениците меѓу другите научници, дал Г. Баласчев.

Во однос на влијанијата што ги претрпел Климент Охридски во славистиката се објавени повеќе трудови, меѓутоа, со оглед на недостигот од изворни биографски и други материјали, тоа битно влијание не може да се проследи континуирано. Во секој случај, една одредена нишка на влијанија може да се следи. Пред се, и за периодот од неговото детство и младост ни недостигаат показатели, но може да се констатира дека Климент добил високо образование, веројатно во некоја византиска школа. Животниот пат го поврзува со просветителите Кирил и Методиј, кои извршиле сигурно и дообразување на Климента и Наума, а сигурно и пресудно влијание. Така, со сигурност може да се каже дека

штедрите учители, своите високи познавања и знаења им ги предавале на учениците, а нив сигурно ги впивал и Климент Охридски. Влијанието што било пресудно врз Кирила од Григориј Богослов, Григориј Ниски, Јован Златоуст, сигурно се одразило и врз Климента. Потоа, несомнената блискост на Кирила со Лев, особено со Фотиј, не можела да биде прескокната и од Климента. Меѓутоа, несомненото влијание на Јован Златоуст врз Климента е неспорно. Богатата Златоустова продукција, неговите мелодични и слаткоусти бесед и, христијанскиот ортодоксален мироглед, им станале светли примери на Климента. Тој станал централен пример на влијателен автор за првата генерација словенски дејци и книжевници. На него се угледал и ученикот на светите Кирил и Методиј, идниот епископ словенски Константин. Во славистиката е познат и фактот кога одредени слова се идентификувани како Климентови, а во насловите се споменува Јован Златоуст. Такви примери може да се посочат повеќе. Талентираниот византиски автор од IV век, кој зад себе оставил над две илјади книжевни состави, применувајќи ги во своите дела благодарните и високи примери за беседништво, за книжевно творештво, од античкото наследство, станува еклатантен пример и за словенските книжевници од IX и од X век.

Високо образованиот Климент Охридски, со угледувањето на широката верзираност и ученост на учителите Кирил и Методиј, следејќи ги и двајцата со неуморна РАБОТА, со вродениот книжевен дар, израснал во очевиден пример на индивидуален творец, основач и насочувач на целокупната просветно-книжевна и културна дејност на широката Охридска школа во Македонија.

Житието на Св. Климент соопштува дека во својот манастир ги пишувал творбите. Денес на тоа место, познато како „Имарет“, откриени се остатоците од првобитната црква што ја изградил Св. Климент Охридски, посветена на Св. Пантелејмон. Пред својата смрт што веќе ја насетувал, бидејќи бил мошне стар, св. Климент се упатил кај цар Симеон, молејќи го да го ослободи од епископската должност. Симеон го убедил дека треба да остане уште во тој чин, зашто тешко некој друг би го заменил вредниот старец. Се вратил во својот манастир, болен и немоштлив, и во таква состојба го превел Цветниот триод. Починал на 27 јули

916 година, а телото му било положено во гробот што самиот си го ископал, во истоимениот манастир.

Традицијата за Св. Климента што се пренесувала од колено на колено во Охрид и Охридско, трансформирана преку прераскажуваните чуда и чудеса, продолжувала да живее низ сите векови во Македонија, и надвор од нејзините граници. Таа била засведочена во делата на наредните книжевни трудбеници, а уште повеќе во целокупното народно живеење и предавање. Не случајно и телото и моштите на Св. Климента не ги оставале на мира. Кога Св. Климентовиот манастир бил претворен во џамија, моштите на Св. Климента биле пренесени во блиската црква Света Богородица, поради што беше наречена црква на Св. Климент Охридски. Некои грчки калуѓери од манастирот Продром кај Бер ја украле главата на Св. Климента и откако ја посребриле ја чувале во својот манастир. Егзархискиот митрополит Григориј ги прибрал остатоците од Св. Климента во ковчег од ореово дрво, чуван во олтарот на црквата Света Богородица. По Првата светска војна една коска од раката на Климента била однесена во Софија. Потоа ковчегот бил пренесен во црквата Свети Никола Геракомија.

Денес, од височината на Имарет, се до крајезерските населби, живее Климент Охридски секојдневно, низ преданијата, во легендите, низ историјата, а истоимениот негов манастир, наспроти Св. Наумовиот од другата страна на Охридското крајбрежје, ги поврзува вистините и приказните. А тоа како да го предвидел далекувидниот Теофилакт:

„Но се повеќе и повеќе надгледувај го наследството, бидејќи сега имаш повеќе и поголема сила, отколку кога беше жив...“

ЛИТЕРАТУРА

Patrologiae cursus completus, series Graeca posterior, t. 126, col. 1190 - 1240.

ALLATII, Leonis, In Roberti Creyghtoni apparatum, verzionem et notas ad historiam concillii Florentini, scriptam a Silvestro Syropulo de unione inter Graecos et Latinos, Romae 1665.

ФИЛАРЕТ, еп., Кирилл и Методий - славянская просвятители, Чтен. в Имп. Опщ. Ист. и Древ., 1846, бр. 4.

ГРИГОРОВИЧ, И. В., Изыскания о славянских апостолах, произведеныя в странах Европейской Турции, ЖМНПр, 1847.

Vita s. Clementis, episkopi Bulgarorum, Graece edidit Franciscus Miklošich, Vindobonnae 1847.

ШАФАРИК, Ј. П. Рсцвет славянской письменности в Булгарии, Москва 1848.

КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, Похвали и поуки, предговор, избор, превод и коментар - Радмила Угринова-Скаловска, „Табернакул“, Скопје 1996.

Материалы для истории письмен восточных, греческих, римских и славянских, Москва 1855.

GINZEL. A. J., Geschichte der Slavenapostel Cyrill und Method und der slavischen Liturgie, Wien 1861.

ВИКТОРОВ, Е. А., Кирилло-Мефодиевский сборник, Москва 1865.

Кирилло-Мефодиевский Сборник, Москва 1865.

УНДОЛЬСКИЙ, М. В., Чтения в Общ. Ист. и Древ. 1846, бр. 4, Кирилло-Мефодиевский сборник, Москва 1865.

ЛЕОНИД, арх., Болгарский монастыр Зограф, В. 1866.

БИЛЬБАСОВ, А. В., Кирилл и Мефодий, ч. II, Спб. 1871,115.

ГОЛУБИНСКИИ, Е., Краткий очерк истории православных церквей, Москва 1871.

ВОРОНОВ, А., Главнейшие источники для истории св. Кирилла и Мефодия, Киев 1877, 331, II, XX.

ГРИГОРОВИЧ, И. В., Очерк путешествия по Европейской Турции, Москва, 1877.

Σπυρίδωνος Π. Λάμπρου, Cambridge, 1895, Lambros, Cafaloge of the greec manuscripts on Mount Athos, Cambridge, v. II, 109 - 118.

БАЛАСЧЕВ, Г., Климент епископ словенски и службата му по стар словенски превод, София 1898.

ЛАВРОВ, П., Климент епископ словенский, XXXIX, Изв. Отд, рус. яз. и слов. А. Н. 1901, т. VI.

SNOPEK, F., Studie Cyrillomethodejské, v. Brne 1906.

JAGIČ, V., Enstehunsgeschichte der Kirchenslavischen sprache, Berlin 1913.

ТУНИЦКИЙ, Л. Н., Св. Климент епископ словенский, Сергиев Посад 1913.

ТУНИЦКИЙ Л. Н., Материалы для истории, жизни и деятельности учеников свв. Кирилла и Мефодия, Сергиев Посад 1918.

ТЕОДОРОВ-БАЛАН, А., Св. Климент Охридски, БАН, София 1919.

СНЕГАРОВ, И., История на Охридската архиепископия, София 1924,198- 204.

ЗЛАТАРСКИ, В., История на българската държава през средните векове. Том I, ч. 2, София 1927.

СИМЕОН, митрополит, Писмата на Теофилакт Охридски, архиепископ български, София, БАН, 1931.

ТЕОДОРОВ-БАЛАН, А., Кирил и Методи, II София 1934 225 - 226.

Ἀκολουθία τῶν ἁγίων πεντεκαίδεκα ἱερομαρτύρων τῶν Ἐπὶ Ἰουλιανοῦ τοῦ παραβάτου μαρτυρησάντων ἐν Τιβεριουπόλει τῇ κοινῶς Ἐπικαλουμένῃ Στρουμνίτζῃ. Νεωστὶ καινῷ τύπῳ ἐκδεδομένη. Δαπάνῃ μὲν τῆς Σεβασμίας μονῆς τοῦ ἐν Ἁγίοις πατρὸς ἡμῶν Ναοὺμ τοῦ Θαυματουργοῦ. Διορθώσει δὲ τοῦ λογιωτάτου κυρίου Μιχαὴλ τοῦ Γκόρας. Καὶ ἀφιερωθεῖσα παρ' αὐτοῦ τῷ μακαριωτάτῳ Ἀρχιεπισκόπῳ Τῆς πρώτης Ἰουστινιανῆς Ἀχρειδῶν κυρίῳ κυρίῳ Ἰωάσαφ. Ἐν Μοσχοπόλει. 1741. Παρὰ Γρηγορίῳ. Ἱερομονάχῳ τῷ Κωσταντινίδῃ.

ΚΛΗΜΗΣ Ἀκολουθία τοῦ ἐν ἁγίοις πατρὸς ἡμῶν Κλήμεντος Ἀρχιεπισκόπου Ἀρχιδὼν Νεωστὶ καινῷ τύπῳ ἐκδεδομένη, συλλεχθεῖσα ἐκ τῶν συγγραμμάτων τοῦ τε Δημητρίου τοῦ χωματινοῦ, καὶ τοῦ Καβάσιλα, Ἀρχιεπίσκόπων Τοῦ αὐτοῦ θρόνου χρηματισάντων. Δαπάνῃ μὲν τῆς σεβασμίας μονῆς τοῦ ἐν ἁγίοις πατρὸς ἡμῶν Ναοὺμ τοῦ Θαυματουργοῦ, καὶ τοῦ τυπογράφου. Διορθώσει δὲ τοῦ λογιωτάτου ἐν Ἱερομονάχοις κῦ Γρηγορίου. Καὶ παρ' αὐτοῦ Ἀφιερωθεῖσα τῷ Μακαριωτάτῳ Ἀρχιεπισκόπῳ τῆς Πρώτης Ἰουστιννιανῆς Ἀχρειδῶν κυρίῳ κυρίῳ Ἰωάσαφ. Ο ΑΓΙΟΣ ΛΟΥΚΑΣ.) Παρὰ Γρηγορίῳ Ἱερομονάχῳ τῷ Κωσταντινίδῃ. Ἐν Μοσχοπόλει 1742.

КИСЕЛКОВ, С. В., Свети Климент Охридски, София 1941.

АНТОНИЙ, Арх., Епископ Константин Български и неговото учително евангелие, София 1942.

КОЦО, Д., Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“ и раскопките при „Имарет“ во Охрид, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1, 1948, 129 - 180.

MEYVAERT, P. - DEVOS, P., Trois enigmes cyrillo-methodiennes de la Legende Italique resolues grace a un document inedit. AnalectaNollandiana, LXXIII (1955).

КОЦО, Д., Проучувања и археолошки испитувања на црквата на манастирот Св. Наум, Зборник на Археолошкиот музеј, II, Скопје 1958, 56 - 80.

КОНЕСКИ, Блаже, Кон македонската преродба, Македонските учебници од XIX век, Скопје 1959.

МИЛЕВ. А., Жития на св. Климент Охридски, София 1961.

ДУЙЧЕВ, И., Към тълкуването на пространите жития на Кирила и Методия, Хиляда и сто години славянска писменост, 863-1963, София, БАН, 1963.

ПАВЛОВИЋ, Леонтије, Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Няколко наблюодения върху книжовното дело на Климент Охридски, Климент Охридски (866 - 1966), С. 1966.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Няколко наблюдения върху книжовното дело на Климент Охридски, Климент Охридски (916-1966), БАН, София 1966.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Няколко наблюдения върху книжовното дело на Климент Охридски, Сборник от статий по случаи 1050 години от смъртта му, БАН, София 1966. 79 - 106.

Библиографија, БАН, Централна библиотека, Климент Охридски, библиография 1878-1944, София 1966.

ГРАШЕВА, Л., Литература върху Климент Охридски (1945 - 1966), Климент Охридски, 916-1960, София 1966.

ДУЙЧЕВ, И., Климент Охридски и неговото дело в научната книжнина (критико-библиографски прегледи), Климент Охридски, 916 - 1966, София 1966.

ИВАНОВ А-МИРЧЕВА, Д., Климент Охридски и Иоан Екзарх като създатели на слова, Климент Охридски (866 - 1966), С. 1966, 221 - 243.

Климент Охридски, Битола 1966; (посебно издание на Битола, по повод Климентовиот јубилеј (916 - 1966).

Книга за Климент, „Кочо Рацин“, Скопје 1966.

КОЦО, Димче, Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“ и раскопката при „Имарет“ во Охрид, Книга за Климент Охридски, „Кочо Рацин“, Скопје 1966.

МЕЧЕВ, К., Климент Охридски, София 1966.

МЕЧЕВ, К., Климент Охридски и общото похвално слово за Кирил и Методий, Климент Охридски (866 - 1966), С. 1966, 279 - 291.

МИЛЕВ, А., Гръцките жития на Климент Охридски, БАН, София 1966.

КОНЕСКИ, Б., Охридската книжовна школа, За македонската литература, „Култура“, Скопје (избрани дела), 1967, 107 - 131.

МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК, П., Делото на зографите Михаило Астрапа и Еутихиј, Културно историско наследство во СР Македонија, X, Скопје 1967.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Климент Охридски и нашите преродбеници, Гласник на Йнститутот за национална историја, Скопје 1967, XI, бр. 1.

МИЛЛЕР, А.Т., Иоанн Златоуст, Памятники византийской литературы IV - IX веков, Москва 1968.

АНТИЌ, В., Прилог кон кирилометодиевската библиографија, Историја, Скопје 1969, бр. 2.

Панонски легенди, предговор, Х. Поленаковиќ, превод Р. Угринова-Скаловска, „Македонска книга“, Скопје 1969.

ИВАНОВ, Й., Български старини из Македония, София 1970.

Климент Охридски, събрани съчинения, I, Б. Ст. Ангелов, К. М. Куев, Хр. Кодов, София 1970.

Климент Охридски, събрани съчинения, т. III, БАН, София 1970, Пространите жития на Кирил и Методий.

ПАНОВ, Б., Теофилакт Охридски, Скопје 1971.

СЛАВЕВА, Лидија, За старословенскиот триод, Slovo, Zagreb 1972, br. 22.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Во мугрите на словенската писменост, Климент Охридски, „Мисла“, Скопје 1973.

Климент Охридски, Житија, слова, поуки, „Македонска книга“, Скопје 1974.

ТОМОВСКИ, Т., Потрага на средновековниот град Девол, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, 1975.

КОНЕСКИ, Б., Канонизација на словенски светци во Охридската црква, Прилози, МАНУ, Скопје 1976 ,1, 1 - 2.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Похвала за Кирил и Методий, БАН, Климент Охридски, И, София 1977, 846.

Климент Охридски, Събрани съчинения, II, БАН, София 1977, Б. Ст. Ангелов, К. М. Куев, Хр. Кодов, Кл. Иванова.

ТОМОВСКИ, Томо, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, Историја, Скопје 1980, год. X, бр. 1.

КОНЕСКИ, Б., Климент Охридски, За литературата и културата, Скопје 1981 (избрани дела во седум книги), кн. 4.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорѓи, Непознати преписи на Климентови слова од XIII век, Литературен збор, Скопје 1981, год. XXIII, кн. 6.

ПОПОВ, Г., Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски и Константин Преславски, Български език, БАН, София 1982.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Климент и Наум Охридски во народната традиција, Наша книга, Скопје 1982.

ГЕОРГИЕВСКИ, Михајло, Написано Климентом епископом, Нова Македонка, 26.XI 1983, 6.

ГРОЗДАНОВ, Цветан, Портретите на светителите од Македонија од IX - XVIII век, Скопје 1983.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Новооткриен ракописен зборник од XVI век со творба од Климент Охридски, Климент Охридски, Студии, Скопје 1986, 142 - 143.

Климент Охридски, Студии, (1100 години од доаѓањето на Климент Охрид-ски во Охрид), Скопје 1986.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Од слово слова, Климент Охридски (866 - 1986), Скопје 1986.

ТОМОСКИ, Томо, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија, Климент Охридски, Студии, Скопје 1986, 204 - 213.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Од поетското творештво на Климент Охридски, Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Скопје, Скопје 1987,191-202.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера и ВЕЛЕВ. Илија, Кон Кирилометодиевската библиогра-фија во Македонија (1945 - 1985), Годишен зборник на Филолошкиот факултет, Скопје 1987, 7-71.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Новооткриен зборник од XVI век со творба од Климент Охридски, Кирило-Методиевскиот (старословенски) период и Кирило-Методиевската традиција во Македонија, 1100 години од смртта на Методиј Солунски, МАНУ, Скопје 1988, 29 - 53.

John Chrysoston and His Time, Cloth Edition, 4 book, 1988.

НИКОЛОВА, С., Проблемът за философските възгледи на Константин- Кирил, Кирило-Методиевски студии, кн. 5, София 1988, 17 - 49.

СТАНЧЕВ, Красимир - ПОПОВ, Георги, Климент Охридски, София 1988.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Пораки од дамнина, „Наша книга“, Скопје 1988.

АЛЕКСОВА, Блага, Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989.

КОНЕСКИ, Блаже, Дрембица и Велика, Прилози, МАНУ, Скопје 1989, XIV 1, 69 - 74.

КОЦО, Димче, Прилог кон проучувањето на Величката епископија, Прилози, МАНУ, Скопје 1989, XX 2, 5 - 10.

Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, МАНУ, Скопје 1989. (Зборник по повод 1100-годишнината од доаѓањето на Климент Охридски во Охрид и формирањето на Охридската книжевна школа).

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Кон еден аспект на книжевно влијание врз Климент Охридски, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, Скопје 1989, кн. 15, 231 - 241.

БОШКОВСКИ, Б., Православната црква во Македонија во минатото и денес, МПЦ, Скопје 1990.

ГРОЗДАНОВСКИ, Свети Климент Охридски основоположник на Македонската православна црква, МПЦ, Скопје 1990.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Д. и АНТИЌ-СТОЈЧЕВСКА, В., Митологумена, Македонска книга, Скопје 1990, 62, 74.

МИХАИЛ, митрополит Повардарски, Нашето свето православие, МПЦ, Скопје 1990.

НАНЕВСКИ, Д., Климент Охридски во македонската традиција, Огледи, Студии, есеи, НИО „Студентски збор“, Скопје 1991.

НИХОРИТИС, К., Атонска книжовна традиция, Кирило-Методиевски студии, кн. 7, БАН, София 1990, 5 - 276.

Кирило-методиевски студии, БАН, София 1991, кн. 8, 1 - 139 (студии за Климент Охридски).

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Византиската химнографија за св. Климент и св. Наум Охридски и за другите Кирило-Методиеви ученици од кругот на таканаречените „Седмочисленици“, Спектар, Скопје 1992, 20, 11 - 25.

Свети Клименту, предговор, избор и редакција Вера Стојчевска Антиќ, ГИТ „Гоце Делчев“ и НИО „Студентски збор“, Скопје 1993.

Климент Охридски, Похвали и поуки, предговор, избор, превод и коментар: Радмила Угринова-Скаловска, „Табернакул“, Скопје 1996.

СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ

Животната врвица на Св. Наум Охридски теме, речиси, паралелно со таа на Св. Климент. Вестите за дејноста на Св. Наум Охридски се извлекуваат директно и индиректно речиси од сите кирилометодиевски извори. Меѓутоа, меѓу ретките извори, коишто се однесуваат целосно на неговиот животен пат и дело, можеме да издвоиме малку. Тргнувајќи по хронолошки редослед на прво место доаѓа најстарото Св. Наумово словенско житие. Во однос на составувачот на ова житие во науката се смета дека тој останал анонимен, а најверојатно тоа бил некој од неговите ученици, кој дејствувал во X век, кога било составено и самото житие. Текстот на оваа словенска хагиографија е збиен, концизно изложен, а меѓу другите вести составувачот ни оставил мошне значаен податок. Тој дословно кажува: „А јас брака, окаениот, почувствував голем срам поради паметта на нашите блажени отци, кога сакав да го најдам нивното полно житие, напишано од некои кои детално го познаваа нивниот живот од почетокот до крајот, но не го најдов. Јас знам малку, колку што ми кажаа самите блажени отци. Се наканував да пишувам, а не смеев, бидејќи сакав да најдам повеќе напишано. Од самото изложување се наметнува заклучокот дека на овој анонимен автор му биле познати податоците дека постоеле опширни словенски житија за Св. Климент и Св. Наум Охридски, составени пред ова најстаро словенско житие, но за жал, тие се изгубиле. И до денес во науката не се пронајдени најстарите словенски житија на вредните ученици на Кирил и Методија. Овој значаен извор го пронајде бугарскиот славист Ј. Иванов во 1906 година, во Зографскиот манастир, а бил препишан во XV век од поп Иван Милошев и брат му Никола во селото Пископие, Дебарско. Во 1908 година Иванов го објави текстот, а веднаш по него и П. А. Лавров. Житието е издавано повеќепати во Бугарија: Б. Ангелов, М. Генов, В. С. Киселков, И. Дујчев, П. Динеков, К. Куев, Д. Петканова, а во Македонија: В. С. Антиќ, Х. Поленаковиќ. Најстарото кратко житие на Св. Наум ги

изнесува податоците за учителствувањето во Кутмичевица, по назначувањето на св. Климент за Велички епископ. Прескокнувајќи значајни етапи од животот, текстот информира и за годината на смртта на Наума - 910 година и за местото на истата - крај изворот на Белото Езеро.

Дејноста на Наума ја дополнува Второто кратко словенско житие на Св. Наум. Значајниот препис од оваа хагиографија од XVI век го пронашол македонскиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов-Џинот, а го објавил Л. Ковачевиќ во 1885 година. Овој текст наоѓа место во изданијата на: П. Лавров, Ј. Иванов, А. Теодоров-Балан, В. Н. Златарски, В. С. Антиќ. Текстот доживеал повеќе преводи и изданија во Бугарија, како и во Македонија. Според ова житие Наум ги оставил зад себе погодностите што му ги нудело благородничкото потекло и им се придружил на рамноапостолите Кирил и Методиј. Со нив учествувал во изведувањето на Моравската мисија. Бил присутен и во Рим, каде што заедно со Климента биле ракоположени во свештенички звања, во црквата на „Св. апостоли Петар и Павле“. Авторот на ова житие бил вешт книжевник, зашто успеал да ги примени сите хагиографски пропозиции во еден мошне краток текст. Не ги изоставил ниту пропратните задолжителни чудеса.

Во науката е одамна познато и грчкото Наумово житие, застапено целосно во „’Ακολουθία τῶν αγίον επταρίθων“, печатена во Москополе во 1740 година. Овој текст е познат и под називот Македонска легенда, како што го именува и В. Биљбасов во своето издание. Житието настанало во XIII век, врз основа на Пространото грчко Климентово житие, именувано и како Бугарска легенда, но без критички пристап кон користените податоци. Некои вести се неумешно скратени, а други се непотребно и некритички проширени. Според хронолошкиот редослед грчкото Наумово житие доаѓа второ по редослед, по најстарото словенско житие од X век, а трето е второто словенско - од XVI век. Како второ житие го споменува и Л. Мирковиќ, кој ги објавил своите резултати од истражувањата во врска со Св. Наум. Со анализирањето на второто Наумово словенско житие во препис од XVI век, се формира мислењето на Ј. Иванов, а потоа на В. Златарски и Р. Угринова-Скаловска, кои го сметаат настанато врз грчкото житие, дело на охридските архиепископи Грци од XII - XIV век, како и

врз други извори. Златарски смета дека негов извор е грчкото житие кое е објавено во XVIII век во Москополе, како и Климентовото опширно грчко житие. Покрај овие мислења, Ј. Иванов, И. Дујчев и Е. Трап, се задржуваат врз датирањето на Наумовото второ словенско житие и сметаат дека преписот од XVI век се базира врз постар словенски прототип, додека В. Златарски и М. Кусев го сметаат како творба од XVI век.

Во изучувањата на двете словенски Наумови житија се доаѓа до заклучок дека нивното потекло е македонско. Првото го препишал поп Иван Милошев и брат му Никола во селото Пискупија, Дебарско. За второто житие Златарски заклучил дека го пишувал монах од Македонија. Според Р. Угринова-Скаловска, и двете житија во поглед на правописот и јазикот, се идентични, правописот е ресавски. Јазикот, иако ја следи црковнословенската традиција, отстапувањата од црковнословенската книжевна форма, укажуваат на македонска говорна средина и на двајцата препишувачи. Се среќава ъ>о (со, тогда), а се забележува избегнување на старото јотување „распѳстѣни е, съ томенїемъ, се меша ѧ со ѣ. Покрај тоа, со честите отстапувања од правилната употреба на падежите се разложува синтетичка деклинација. Одредени лексички елементи укажуваат на понова народна употреба на одредени зборови.

Грчката Аколутија, објавена во москополската печатница, Грците ја печателе во XVIII век од трошоците на манастирот Свети Наум. Во неа беа собрани служби, житија и канони на светители кои посебно се славеле во Македонија: Св. Климент, Св. Наум, Св. Никодим, седмочислениците - Кирил, Методиј, Климент, Наум, Горазд, Сава, Ангеларије, петнаесетминатa струмички (тивериополски) маченици. Москополската аколутија му е посветена на охридскиот архиепископ Јоасаф. Μιχαλ ὁ τοῦ Γκόρας му ја посветил книгата на Јоасаф, „τὴν μικράν μέν βίβλιον τῆ οὐσία, μεγάλην δε καί ίεραν τῆ εύσεβεία.“

Во грчкото издание се наоѓа и Служба за св. Наум, составена од охридскиот архиепископ Константин Кавасила. Кавасила составил и служба за Св. Климент, што значи во XVIII век и византиската црковна поезија ги славела познатите светителски имиња. Акростихот пред канонот гласи:

Ναούμ τό λοισθον Λῆμμα θεοῦ αίνέσω, Ὁ ’αρχιποίμην βουλγάρων Κωνσταντίνος Ο Καβάσιλας.

Насловот на Службата е: Μηνί ίουνίω ,κ’. μνήμην ’επιτελουμεν του οσίου και Φεοφόρου πατρός ήμων Ναούμ του Οαυματουργοῦ του ’εν τω Λιβαόίσκω Δανβόλεως κειμέου. Во Аколутијата се наоѓа и ликот на Св. Наум, како монах во мантија. Со десната рака благословува, а во левата рака го држи свитокот. Службата се вбројува во средните празници од прв ред, кои се означуваат во типикот со црвен крст, имаат сеноќно бдение со полилеј, а на утрење канон на Богородица во службата Наумова. По канонот на Богородица се наоѓаат два канона на Св. Наум, поврзани со акростих. По шестата песна од канонот се наоѓа понапред споменатото грчко Наумово житие. Оваа Наумова служба е издадена уште еднаш од истиот печатар јеромонахот Григориј Москополит, пак во Москополе, за што посебно се задржува во својот труд А. Пападопулос.

Л. Мирковиќ, во својот труд за Наум Охридски од 1924 година, нагласува дека во манастирот Свети Наум се служела грчката служба, од споменатата Аколутија, се додека архимандритот Венијамин Таушановиќ не ја превел на словенски. Последниов сигурно не ја имал при рака, или воопшто не ја знаел словенската служба, што се наоѓала во ракопис од Народната библиотека во Белград, забележан под број 324, со потекло од XVIII век, рускословенска редакција, објавена од П. А. Лавров. Грчката служба е понов текст, а словенската ракописна служба се употребувала очевидно пред 1740 година, кога славата на Св. Наум била во декември, поточно на 23 декември. Од тие причини словенската служба се меша со празнувањата на Христовото раѓање. Службата за Св. Наум, што ја објавил П. Лавров, ја издаде и А. Т. Балан, и во неа се пее за дружењето на Наума со апостолите Кирил и Методија. Се прославува Св. Наум како проповедник на православието, како нов апостол, сличен на „**СѢМИДѢСѧТИѡЪ**“, кој го прател Методија како Св. апостол Павле, како исполнител на заповедите на Кирил и Методија, како маченик за православието, кој го изодил заедничкиот пат со Кирил и Методија, од Свер до Рим.

Пронајден е препис на словенски јазик од грчкото житие на Наум Охридски објавено во Москополе во XVIII век, направен од непознат автор, издаден од П.

А. Лавров, според единствениот препис зачуван во Народната библиотека во Белград, на црковнословенски јазик. Посебен придонес кон изворниот материјал за Наум Охридски направил и И. Дујчев, со откривањето на опширното грчко житие на Наума и неговата Служба, во еден атински ракопис. Потеклото е датирано од 1646 година, а го издаде Е. Трап. Иако во него недостигаат историски свидетелства, авторот покажал високи уметнички книжевни квалитети, и се смета дека прототипот настанал многу порано, а не во XVII век. Според Дујчев пространото Наумово грчко житие и Второто Наумово словенско житие црпат податоци од непознат словенски постар извор. Повеќе истражувачи оваа творба му ја припишуваат на охридскиот грчки автор Константин Кавасила од XIII век, кој му посветил химнографски текстови на Наума. Пространото грчко Наумово житие, пронајдено од Дујчев, има сличности со Москополското, но не се идентични. Во Каталогот на ракописите и старите печатени книги, од збирката на Српската кралевска академија, составен од Љ. Стојановиќ, се споменува ракописот под бр. 235 (217), за кого изрично стои: „Житија на Св. Наум, Св. Еразмо, Св. Климент, Св. Еротеј, Св. Никифор, Св. Јован, на грчки јазик, во препис од Ст. Верковиќ.“ Овој ракокписен текст на житието од Св. Наума, нема никакви содржински разлики со споменатото грчко житие на Аколутијата.

Зачуваните текстови од Службата за Св. Наум откриваат словенски и грчки редакции. Е. Трап во 1982 година разликува три редакции: првата е во Атинскиот ракопис, втората во Венецијанското и Москополските изданија, и третата во словенскиот текст. Кон ова прашање се задржува С. Николова, откривајќи 4 грчки редакции и една словенска. Врз основа на грчкиот ракопис од Атинската национална библиотека бр. 827, со потекло од 1646 година, откриен од И. Дујчев, и печатените верзии на грчкиот текст: Венецијанското од 1695 година, првото Москополско од 1740, второто Москополско од 1742, Лајпцишкото од 1761, Виенското од 1842, Смирненското од 1859 година, и новопронајдениот грчки ракопис во Историскиот архив на Народната библиотека во Софија „Св. Кирил и Методиј“ No II A 7 793), Николова изделува четири редакции. Првата редакција ја сочинуваат текстовите од Венецијанското и првото Москополско издание од 1740 година. Втората редакција е Атинскиот ракопис. Второто Москополско

издание од 1742 година ја претставува третата редакција, кон која може да се приклучи и новопронајдениот препис од Народната библиотека во Софија, најверојатно составен во Охрид по 1690 година, но не подоцна од 1694. Лајпцишкото издание ја претставува четвртата редакција, од 1761 година. Смирненското издание е најблиско до Москополското од 1740 година, и не претставува нова редакција.

Сите ракописни текстови и печатени изданија на Службата посочуваат две богослужбени традиции за Св. Наум. Едната е засведочена со 23 декември, а другата со 20 јуни. За жал недостигаат преписи за да се изврши реконструкција на континуитетот на текстовите. Во секој случај и двете традиции егзистирале во XIII век и настанале во Охрид. Најстарите текстови не се откриени. Не знаеме точно кога биле воспоставени и двете традиции, но очевидно е дека егзистирале во Охрид и во манастирот „Свети Наум“. Логично е дека најстариот текст на Службата можел да настане по смртта на Наум, по 910 година, во Охрид.

Во средновековната историја е познато дека св. Наум Охридски бил познат учител, организатор на црковниот живот, на просветата, културата, раководел со Охридската книжевна школа, по учителствувањето на Климента, поттикнувал учени луѓе кон творештво, а како пример можеме да го наведеме прозниот пролог од „Поучителното евангелие“ на епископ Константин. Во него Константин го открива ревносниот Наум кој му дал сили да го состави делото. Имајќи ги предвид неговите истовидни способности и должности со тие на Климента, особено нивниот заеднички или последователен пат, медиевалистите си го поставувале многу често прашањето, како е можно до нас да не допрело ниту едно дело од Наум Охридски? Во 1982 година Г. Попов објави мошне значаен труд, откривајќи нови химнографски дела од Климент Охридски и од епископ Константин Преславски (Брегалнички). Анализите покажале дека творбите биле составени оригинално со глаголски букви, и тоа во бугарскиот средновековен центар, пред заминувањето на Климента во Кутмичевица. Честите употребени моравизми покажувале дека Климент и Константин биле се уште под непосредно влијание на моравскиот и панонскиот јазик. Во истиот труд Попов укажа дека С. Кожухаров во рефератот на Првата меѓународна комплексна конференција по

бугаристика во Шумен, 1979 година, открил химнографска творба со акростих на името - Наум. Поттикот го дал трудот на Кл. Иванова-Константинова „Два непознати азбучни акростихови со глаголска подреденост на буквите во средно-бугарски празничен минеј“, во кој се заклучува дека разгледаните минеи содржат оригинални стихови од непознати словенски автори, сигурно ученици на Кирил и Методиј.

Во 1984 година С. Кожухаров го публикува својот труд, со кој го претстави „Канонот на апостолот Андреј“ пред научната јавност како творба на Наум, чие име се содржи во расчитаниот акростих. Канонот го открил во Службен минеј за месеците септември, октомври и ноември, од XIII век, во Зографскиот манастир. Ракописот покажува српска редакција, но со видливи траги од Охридската книжевна школа. Не е случајно што овој Канон му е посветен токму на апостолот Андреј. Овој апостол проповедал крај Црното Море, во Херсон, Тракија, Македонија, Грција, Тесалија, и подалеку, во Грузија, Арменија, Ираклија, Трапезунд. Починал во градот Патра, распнат на крст. Според други извори го посетил градот Византион, каде што го поставил како прв епископ Стахиј. Со ова, идниот Константинопол го докажувал приматот во споровите со Рим. Не случајно во Константинопол биле пренесени моштите на апостолот Андреј, за времето на императорот Констанциј (337 - 361). Овој значаен проповедник можел да му асоцира на Наума дејност слична на неговите првоучители Кирил и Методиј, кои живееле и тргнале во Моравската мисија од местата, каде што одамна проповедал и вршел мисионерска должност апостолот Андреа, со што браќата биле добро запознати. Покрај тоа, не случајно, меѓу трите римски цркви во кои се вршела служба или посветување на словенските книги, кога Кирил и Методиј пристигнале пред папата во Рим со учениците, се споменува црквата на Св. Андреј, како и тие на Св. Павле и Св. Петар. Очевидно е дека апостолските дејности се поврзуваат со тие на браќата солунчани. Со право заклучува Кожухаров дека Наум Охридски, токму по овој повод, го составил Канонот за апостолот Андреј, вдахновен, прочувствуван, во свечениот миг и признанијата што ги добиле во Рим. Најверојатно оваа творба настанала во 868 година во Рим, по повод службата над словенските книги во црквата на апостолот Св. Андреа.

Содржината и тонот на Канонот го посочуваат свечениот миг. Нов препис од Канонот за Св. Андреа пронајде Ѓ. Поп-Атанасов во Братковиот минеј од Народната библиотека во Белград, од 1234 - 1243 година.

Канонот за апостолот Андреј од Св. Наум Охридски предизвика очевидно интерес меѓу славистите. Тој е интересен од повеќе аспекти: јазичен, литературен, химнографски, филозофски. Од филозофско-апокрифен поглед него го разгледа Е. Сирцова во 1993 година. Истата година за авторството на Канонот поднесе посебен реферат П. Хр. Илиевски: „Авторскиот потпис **Нишчии Наоум** во канонот за ап. Андреј од Св. Наум Охридски“. Научниот собир „Св. Климент и Св. Наум и нивниот придонес во развојот на словенската писменост и култура“ (Охрид - Скопје 1993). Во 1994 година П. Хр. Илиевски поднесе нов реферат, отпечатен во Зборникот од Втората македонско-северноамериканска славистичка конференција за македонистика (1996). Во него авторот навлегува во суштините на палеографско-јазичните особености во Канонот за ап. Андреј, за да заклучи по анализата дека текстот покажува зачувани архаични јазични црти, посебно фонетски, „чиј континуитет може да се следи во охридскиот говор до денес.“

Со јазични анализи и истражувања Кожухаров посочува уште едно можно Наумово дело „Канонот за пренесување на моштите на Јован Златоуст“, пронајден во празничниот Скопски минеј од XIII век, зачуван во Народната библиотека во Софија, но без утврден акростих со неговото име. Овие откритија ги оправдаа верувањата на научниците дека и Наум Охридски се појавил како книжевен автор.

Во Моравската мисија ученикот Наум го изодил патот со учителите и собратот Климент. По смртта на Св. Методиј ја искусил голготата на прогонетите сопатници и заедно со Климент пристигнал во бугарската престолнина. И додека Климент учителствувал осум години во Кутмичевица, Наум работел сесрдно во Преславскиот центар, каде што кнезот Борис ги прибирал учените словенски духовници. Во 893 година Наум го заменил Климента во учителската должност во веќе афирмираната и оформената Охридска школа, продолжувајќи ја вредно започнатата дејност уште од Моравија. Климент добил достоен заменик и

исполнувач на сите преземени широки дејности. Со староста Св. Наум постелено се прибирал кон своето избрано место за почивка, со молитви кон Бога, а тоа било извориштето на Црниот Дрим, крај Белото Езеро. Таму го изградил и својот манастир посветен на Светите архангели, особено на архангелот Михаил. Според најстарото Св. Наумово словенско житие градбата била подигната во 900 година, а според второто словенско житие во 905 година. Во него бил погребен Св. Наум Охридски на 23 декември 910 година.

Иако не се знае кога бил Св. Наум Охридски канонизиран, се смета дека по неговата смрт неговиот култ заземал замав и започнал да се шири. Истражувањата на Л. Мирковиќ посочуваат рана канонизација. Од еден запис од Зографскиот манастир од XIV век, може да се насети дека веќе во 919 година Св. Климент Охридски се наоѓал на листата на светителите. Во синаксарот од Асемановото глаголско евангелие, составено во Охридскиот книжевен центар, со потекло од крајот на X, или од почетокот на XI век, Климент е наречен „свети“. Од творбите што ги составил Константин Кавасила во XIII век, а кои се однесуваат на Св. Климента и Св. Наума, станува јасно дека нивниот култ веќе бил засведочен и популарен. Во второто словенско кратко житие Св. Наум е наречен „богоносен“, „преподобен“ и „голем чудотворец“. Познато е дека ова житие било составено кога веќе било неспорно и познато Наумовото светителство.

Една од вредностите што ја имал Св. Наум и која го формирала неговиот светечки ореол, била заслугата што упорно се борел против ересите. За ересите зборува и најстарото Наумово словенско житие, и тоа на два наврата: „... Па и тоа да му биде познато секому, којшто ќе прочита, како што пишувавме понапред: еретиците едни многу ги измачуваа, а другите им ги предадоа на Евреите за пари...“ „... А Моравската земја, како што претскажа светиот архиепископ Методиј, набргу доби одмазда од Бога поради беззаконијата, поради делата, и за ересите, и за протерувањето на светите отци, и за страдањата што ги претрпеа од еретиците, на кои Моравците им веруваа...“. За Св. Наумовата агилност и реакција кон ересите зборуваат повеќе извори. Во овој случај е доста интересно Житието на Св. Јован Владимир, кнезот од Дукља, преведено од митрополитот Козма на грчки јазик (словенскиот оригинал е изгубен), кое било отпечатено од

Јован Папа од Елбасан во Венеција 1690 година. Во опширното, Св. Владимирово житие се слави кнезот кој им бил „на богомилите, еретиците масалијани пораз, на заблудата пропаст, а на верата правило“. Еретиците против кои се борел му дошле до главата. Неговите роднини од македонскиот двор со измама го убиле, бидејќи „како еретици ги прифатиле корените на богомилските и масалијанска отровни ереси, кои не сакаа да се поклонуваат пред иконите и биле против иконите и крстот.“ Во истото житие се слават Св. Климент Охридски, бугарскиот цар Симеон во борбата против еретиците масалијани-богомили. И во краткото житие на Св. Јован Владимир се слават седмочислениците кои „многу се труделе во божествена ревност и кои го повратиле во православието заблудениот народ од Мизија, Арбанија, Далмација, Илирик, Србија, од еретиците масалијани-богомили“.

Спојувањето на Св. Климент, Св. Наум и Св. Владимир, не е случајно. Тие се бореле за вистинската православна вера, против разните ереси, а Св. Владимир дури се јавува и како ученик и истомисленик на седмочислениците, бидејќи по нив тој ја продолжува борбата против ересите. Во грчката Аколутија, исто така, се споменува борбата на Св. Наума против ересите. Во неа пишува дека Св. Наум војувал против богомилите и бил прогонуван од богомилите. Во еден канон на грчки јазик се слават седмочислениците, меѓу кои се разбира е и Св. Наум Охридски, поради „прогонувањето на страшните волци - масалијаните“. И во една Св. Наумова икона од истоимениот манастир се наоѓа на натписот „прогонуван од богомилите“. Очевидно е дека изворите недвосмислено укажуваат дека Наум го добил светителскиот ореол како ортодоксен христијански заштитник, и благодарение на упорноста и борбата што ја водел против ересите. Во опширното Св. Наумово грчко житие, пронајдено од Дујчев, по крајот на Моравската мисија, учениците биле затворани од приврзаниците на еретикот Аполинариј, на патот кон Бугарија.

Прославата во св. Наумовиот манастир до 21 мај 1720 година се одржувала на 23 декември. „Пастирската посланица“ на охридскиот патријарх кир Јоасаф и Синодот, од 21 мај 1740 година, ги открива причините за пренесувањето на славата од 23 декември на 20 јуни: заради зимското време, потоа заради совпаѓа-

њето со божиќните празници. Во неа е запишано: „Затоа со овој патријаршиски печат снабден со синодска грамота им се објавува на сите и секаде дека празникот и славата на светиот и богоносен отец наш Наум Чудотворец, кој лежи во Ливанскиот Девол, заради поголема слава и чест, и заради кажаните околности, се пренесува од 23 декември, па да се празнува и прославува на 20 јуни“. Датата 20 јуни означува стар стил, додека според новиот календар што сега е во употреба празникот во Македонија се прославува на 3 јули.

Историјата за манастирот „Св. Наум Охридски“ привлекла и бројни и вредни истражувачи, кои приоѓале од разновидни агли на интерес. Во нашата средина значајните чекори ги направи Димче Коцо, историчар на уметноста и археолог, а во 1958 година се појави неговиот труд „Проучувања и археолошки испитувања на црквата на манастирот Свети Наум“. По внимателните истражувања се покажа дека старата триконхата црква „Свети Арангел“, што ја подигнал Наум во самиот почеток на X век, е многу слична со Св. Климентовата „Свети Пантелејмон“. И Св. Наумовата црква, како и Св. Климентовата, во турскиот период била урната, а потоа над неа, во две етапи, била cosидана сегашната црква. Резултатите на Коцо ги синтетизираа претходните поставки на научниците: В. Григорович, Ѓ. Бошковиќ, П. Н. Миљуков, Г. Милетиќ, и на многу други. Во 1995 година се појави најновата и најобемната монографија „Свети Наум Охридски“ од современиот историчар на уметноста Цветан Грозданов, кој ги сумира и старите и назовите сознанија и откритија, поврзани со манастирот и неговиот градител.

Култот на Св. Наум започнал да се шири од истоимениот манастир во Охрид и Охридско, во Македонија, во јужносло-венските средини, како и во Албанија и Грција. Река од верници, христијани и муслимани, доаѓаа пред неговиот гроб, оддавајќи му почит на светителот, и барајќи здравје и исцеление за себе. Неговите чудеса се пренесувале низ вековите. Историјата на медицината во Македонија му го определила почесното место на средновековен лекар - целител на умоболни, кожни зарази и други човекови болки. Вакви траги, а и многу други разнородни, открива зачуваната македонска народна традиција за Св. Наум. Преданијата и легендите раскажуваат за дејноста и способноста на монахот, учителот, педагогот, книжевникот, лекарот, светителот Наум Охридски, предејќи го

многузначниот негов спомен, со љубов варден од заборавот, низ вековите и денес.

ЛИТЕРАТУРА

’Ακολουθία... Έν Μοοχοπόλει, 1740, 1742

ŠAFARIK, J. P., Pamatky hlaholskćho pisemnictvi, Praha 1853.

БИЛЬБАСОВ. В.. Кирил и Методии, II, 1871, 306 - 310, со руски превод (369 - 372).

SAKKELION, Joh. - SAKKELION, J. Αλκ., Κατάλογος τῶν χειρόγραφων, Paris 1892, 149.

ГИЛЬФЕРДИНГ, Г. А., Русская беседа, Москва 1895, XIV, 127 - 147.

ЛАВРОВ, А. П., Жития Св. Наума Охридского и служба ему, Известия ОРЯС, Спб. 1908, кн. 4, т. XII, 3 - 7; 7 - 37.

SNOPEK, F., Konstantinus-Cyrillus und Methodius die Slavenapostol, Kremsier, 1911, 429 - 431.

ТУНИЦКИЙ, Л. Н., Св. Климент епископ словенский, Сергиев Посад 1913, 94.

АНГЕЛОВ. Б., ГЕНОВ, М., Стара българска литература, София 1922, 157 - 160.

МИРКОВИЋ, Лазар, Свети Наум Охридски, Гласник Српске Православие Патријарши-је, Сремски Карловци, 1924, 17 - 24.

ЗЛАТАРСКИ, Н. В., Словенското житие на Св. Наум од XVI век, Списание на БАН, София 1925, кн, XXX. 1 - 29.

PETIT, Z., Bibliographie des acolouthies grecques, Bruxelles 1926, 201 - 202.

ЛАВРОВ, А. П., Материалы по истории возникновения древнейшей славянской письменности, Ленинград 1930, 182 - 184.

ТЕОДОРОВ-БАЛАН, А., Кирил и Методи, II, София 1934, 180.

DUJČEV, I., Un manuscrit grec inconnu avec l’acolouthie et la Vie de St. Naum d’Ohrid, Studia historico-philologica serdicensia, I, 1938, 121 - 124.

КИСЕЛКОВ, С. В., Свети Климент Охридски, София 1941,142-144, (превод на ново-бугарски јазик).

ДУЙЧЕВ, Иван, Из старата българска книжнина, София 1943, ч. I, 60 - 62, новобугарски превод.

Зборник (1957 - 1958), Recueil des travaux, Издание на Археолошкиот музеј во Скопје, 56 - 80.

МИЛЕВ, Александър, Жития на св. Климент Охридски, София 1961.

ПАВЛОВИЋ, Леонтије, Наум Охридски, Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965, 17 - 20.

ДИНЕКОВ, П., Старобългарски страници, Антология, София 1966, 175 - 177, новобугарски превод според преводот на В. С. Киселков.

КОНЕСКИ, Блаже, Охридската книжвона школа, Книга за Климент, „Македонска книга“, Скопје 1966. 85.

КОЦО, Димче, Триконхалните цркви во Климентовото време, Словенска писменост, 1050 годишнината на Климент Охридски, Народен музеј Охрид, 1966, 91 - 101.

ГЛУМАЦ, Душан, Нешто о животу Наума Охридског, Београд 1968.

АНГЕЛОВ. Д., Богомилството в България, София 1969,148.

ДУЙЧЕВ, Иван, Пространно гръцко житие и служба на Наум Охридски, Константин-Кирил Филозоф, билее сборник по случай 1 100-годишнината от смъртта му, БАН, София 1969, 261 - 280.

ИВАНОВ, Йордан, Български старини из Македония, София 1970, 312 - 313.

ИВАНОВА-КОНСТАНТИНОВА, Клементина, Два неизвестни азбучни акростиха с глаголическа подредба на буквите в среднобългарски празничен миней, Константин-Кирил Филозоф. Доклади от симпозиума, посветен на 1 100 годишнината от смъртта му, София 1971, 341-365.

СНЕГАРОВ, И., Манастирот Св. Наум при Охридското Езеро, София 1972, 7 - 42.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Д., Богомилство на Балкану и у Малој Азији, I, Богомилски родоначалници, Београд 1974, 56.

КОЦО, Д., Резултатите од археолошките ископувања на Наумовата црква, Предавала на VII Семинар за македонски јазик, Скопје 1974, 152 - 156.

Спомен и житие на блаженият учител наш Константин Филозоф, прв учител на словенскиот род, Климент Охридски, Житија, слова, поуки, Скопје, „Македонска книга“ 1974, предговор Х. Поленаковиќ, избор, превод и коментар Р. Угринова-Скаловска, 68.

TRAPP, E., Die Viten des hi. Naum von Ochrid, Byzantinoslavica, Praha, 35, 1974, 168 - 182.

АНТИЌ, Вера и ПОЛЕНАКОВИЌ, Харалампие, Страници од среднове-ковната книжевност, едиција: Од македонското книжевно наследство, Скопје, „Македонска книга“ 1978, 52 - 54.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Д., АНТИЌ, В., Богомилството во средновековната изворна граѓа, Скопје, МАНУ, 1978, 160 - 162.

КРИШТО, Д., ТОТ, И., Данные к филологическому и историческому изучению жития Наума, Palaeobulgarica, София 1978, 2, 4, 58 - 64.

Споменици на културата од Македонија, од К. Балабанов, А. Николовски, Д. Ќорнаков, Скопје, „Мисла“ 1980, 230 - 232.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Интересот на Јордан Хаџи-Константинов Џинот за словенското ракописно наследство, 18. Рацинови средби, Титов Велес 1981, 401 - 411.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Д., Богомилство на Балкану и у Малој Азији, II, Богомилство на православном Истоку, Београд 1982, 44.

ПОПОВ, Георги, Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски и Константин Преславски, Български език, БАН, София 1982, 3 - 27.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Климент и Наум Охридски во народната традиција, Наша книга, Скопје 1982.

ГРОЗДАНОВ, Ц., Портретите на светителите од Македонија од IX - XVIII век, Скопје 1983.

ИВАНОВА, К., Състрадалец на блажения Климент, Кирило-Методиевски страници, София 1983, 225 - 228.

СТАНЧЕВ, Красимир, Старобългарската поезия, Литературознание и фолклористика, в чест на 70 годишнината на академик Петър Динеков, София 1983.

КОЖУХАРОВ, Стефан, Песенното творчество на старобългарския книжовник Наум Охридски, Литературна история, София 1984, кн. 12, 3 - 20.

ГЛУМАЦ, Душан, Нешто за животот на Наум Охридски, Наум Охридски, Охрид 1985, 17 - 25.

МАРЕШ, Ф. В., Стари словенски натписи (графити) во црквата Свети Наум на Охридското Езеро, Наум Охридски, Охрид 1985, 9 - 12.

Наум Охридски, Историски архив на Македонија, Охрид 1985.

УГРИНОВ А-СКАЛОВСКА, Р., Житијата на Наум Охридски, Наум Охридски, Охрид 1985, 13 - 17.

ЦЕЛАКОСКИ, Наум, Летописот на манастирот Свети Наум, Наум Охридски, Охрид 1985, 23 - 63.

ЗЛАТАНОВ А, Румена, Четвърти летен колоквиум по старобългаристика, Старобългаристика, София 1986, X, бр. 1.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Од слово слова, Климент Охридски, (986 - 1986), Скопје 1986.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, фрагмент од поетската творба на Наум Охридски во Братковиот минеј, Разгледи, Скопје 1987, бр. 5 - 6, 576 - 581.

РИСТЕСКИ, Стојан, Легенди и преданија за Св. Наум Охридски, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје 1990.

ГЕРГОВА, Е., Агиографските произведения за Наум - литературни източници и текстови взаимоотношения, Кирило-Методиевски студии, БАН, София 1991, кн. 8, 165 - 178.

ГРОЗДАНОВ, Ц., Утицај Христофора Жефаровича на стварање македонских мајстора XIX века, Зборник радова „Западноевропски барок и византијски свет“ (научни скупови Српске академије наука, књ. LIX, Одељење историјских наука, књ. 18), Београд 1991, 217 - 223.

Хиляда и осемдесет години от смъртта на Св. Наум Охридски, Издателство на БАН, София 1993, 5 - 278.

Зборник на Музеј на Македонија 1993 - истиот број (1 - 25) Најстарите светителски култови во Македонија темели за самостојно Самоилове кралство и автокефалност на Охридската архиепископија.

НИКОЛОВА, С., За един непознат препис от службата на Св. Наум Охридски, Хиляда и осемдесет години от смъртта на Св. Наум Охридски, БАН, София 1993, 31 - 58.

ГРОЗДАНОВ, Цветан, Свети Наум Охридски, „Детска радост“, Скопје 1995.

СИРЦОВА, Е., Канон апостолу Андрею Наума Охридского; 1080 години от смъртта на Св. Наум Охридски, БАН, София 1993, 58 - 68.

ИЛИЕВСКИ, Хр. П., Авторскиот потпис **Нишчии Наоум** во каноното за ап. Андреј од Св. Наум Охридски, Зборник на трудови од научниот собир „Св. Климент и Св. Наум и нивниот придонес во развојот на словенската писменост и култура“, МАНУ, Скопје 1995.

ИЛИЕВСКИ, Хр. П., Палеографско-јазичните особености во каноното за ап. Андреј од Св. Наум Охридски, Зборник со рефератите од Втората македонско-северноамериканска славистичка конференција за македонистика, „Студии за македонскиот јазик, литература и култура“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 1996, 11 - 27.

ЕПИСКОП КОНСТАНТИН
(*ПРЕСЛАВСКИ, БРЕГАЛНИЧКИ*)

Првата словенска генерација просветители и книжевници покажа врвна зрелост, за да го понесе товарот на целата пионерска активност, за да обезбеди поширoки културни перспективи. Меѓу нив своето значајно место го зазема епископот Константин, кого во литературата ќе го сретнеме и како Константин Презвитер, потоа како епископ Константин Преславски, и како епископ Константин Брегалнички. На полето на книжевноста неговото дело означи откривање на нови видици, особено на полето од поезијата. Меѓутоа, за жал, додека можеме да заклучиме дека за Кирил и Методиј, за Климент и Наум Охридски, ни недостигаат се уште значајни изворни податоци, за епископот Константин уште во самиот почеток ќе се судриме со објективните потешкотии, кои настануваат заради недостигот и на основни податоци за изградувањето на неговиот целосен животен и творечки пат. И самите разновидни именувања говорат во прилог на укажаната ситуација, зашто не постојат податоци каде станал Константин презвитер, потоа, епископ, каде ги составувал делата, какви биле правците на неговите интересни патишта и судбински определби. Логиката на проследените научни откривања, како недоволни, го лоцираат посигурно во Преславскиот центар, по вклученоста во Моравската мисија, а во науката се јавуваат и мислења за неговиот можен престој во Солун, во Брегалничкиот крај во Македонија. Во секој случај, со своето значајно дело, тој ќе ги надмине границите на споменатите области, зашто бил прифатен и во пошироката словенска средина. Неговите дела ќе одиграат пресудна улога во средно-вековната бугарска држава, во чиј склоп влегувала речиси целата територија на Македонка. Во Преславскиот центар можел да контактира со Наум Охридски, додека тој бил одделен од Климента, кој учителствувал во Кутмичевица. Меѓутоа, нивниот контакт не морал да биде активен единствено во тој центар, можеле да постојат и други можности за нивното комуницирање. Ова особено го

потенцира прозниот „Пролог“ на епископ Константин од „Поучителното евангелие“, каде што очевидно се открива нивната соработка. Константин истакнува дека поттик за книжевна активност добил од Наума.

Паралелно со Климента, со Наума, го добива своето значение епископ Константин. Учениците на вредните учители се покажаа достојни наследници. Ги надминаа локалитетите каде што непосредно работеа, а нивното книжевно наследство се множеше низ ракописните преписи. Константин даде поетски примери значајни за јужнословенската средина. Најзначајниот, најстариот препис на „Поучителното евангелие“ е пронајден во руска редакција, во т.н. Синодален ракопис од XII век. Неговата „Азбучна молитва“ е позната според мошне значајни руски преписи. Очевидно, оваа прва словенска книжевна генерација го наоѓала патот на продор од Бугарија, Македонија, ширум јужнословенската средина, до далечните руски средновековни центри, кои патишта се уште нудат неоткриени врски и новини за славистиката. Но, и она што ни е познато, дава можности да се разоткрие творецот Константин.

Изворите за проследувањето на животниот пат на епископот Константин се многу сиромашни. Во Константиновиот превод на делото „Слово против аријаните“, од грчки на словенски јазик, еден запис открива дека Константин бил Методиев ученик, а преводот бил извршен во 906 година, кога го има и чинот епископ. Од која возраст и каде му се придружил на Методиј нема конкретни податоци, но сигурно е дека учествувал во Моравската мисија. Неговото одлично познавање на грчкиот јазик ја оправдува претпоставката дека израснал во јужнословенска средина, близу до Византија. Можел да биде Јужен Словен, кој своето образование го оформил во Византија. Не случајно, по протерувањето на учениците од Моравија, Константин повторно се вратил во јужнословенска средина, поточно во бугарската држава, во која тогаш влегувала и Македонија. Меѓутоа, неговото име не се споменува заедно со групата на Климент Охридски. Прибраните информации говорат дека Константин бил продаван како роб на пазариште во Венеција, од каде го откупил еден византиски пратеник, го одвел во Цариград, а потоа Константин се префрлил во Бугарија. Во Наумовото кратко житие се јавува ваков податок.

42-та беседа од неговиот состав „Поучително евангелие“ го открива неговиот чин на презвитер. Прологот на овој состав ја открива непосредната врска на Константин со Наум Охридски, кој го поттикнал да го напише делото. Со оглед на тоа што Наум работел и во Преславскиот центар, а и во Охридскиот, некои од истражувачите го прибројуваат кон првиот, а други кон вториот просветно-книжевен круг. Укажувањата ја одредуваат годината на настанувањето на „Поучително евангелие“ - 894-та. Овој податок го открива Хронолошката таблица од делото, која е нејзиниот последен петти дел. Очевидно Константин активно творел во крајот на IX и почетокот на X век, но местото, или местата каде што се одвивала неговата дејност не се поткрепени со децидни фактографски материјали. Рускиот научник А. Соболевски сметал дека Константин работел како презвитер во Солун, голем културен центар, во кој град имало: трг, позориште, цирк, овие зборови се среќаваат во една од беседите на авторот. Во овој град можело да настане и Поучителното евангелие. Ваква можност дозволува и Д. Шопов, но оставајќи резерви и за Брегалничката облает Ј. Трифонов стоел на цврсти сознанија дека Константин работел во Плиска и Преслав.

Епископувањето на Константин Соболевски го лоцира во Брегалничката облает. Тргнувајќи од Солунската легенда, тој во личноста на Кирил Кападокиски го открива Константин Брегалнички, сметајќи дека грешката настанала од честото мешање на имињата Константин-Кирил, со кои бил именуван Кирил Филозоф. Дури и покрстувањето на луѓето долж реката Брегалница му го припишува на Константина, а не на Кирил Филозоф. Во поново време со убицирањето на Брегалничката епископија се занимава археологот Блага Алексова. Од досегашните нејзини објави се заклучува дека градот Баргала го убицира во Горен Козјак до Штип, додека Брегалничката епископија, што би се рекло и градот Брегалница, во Крупиште крај реката Брегалница. Според епархиските списоци на Лав VI Филозоф (886 - 912) Алексова во оваа епископија ја открива Климентовата епископска диецеза „βελικιας βελικεις“.

Во науката се среќава името на овој автор како епископ Константин Преславски кај повеќе слависти: Архимандрит Антониј, Горски и Невоструев, П. Динеков, К. Куев, Д. Петканова, и други. Како Константин Брегалнички го

именуваат првпат Х. Поленаковиќ, потоа Д. Шопов. Недостигот на податоци ги поделил истражувачите во заклучоците околу дејноста на епископот Константин во: Плиска, Преслав, Брегалница. Мислењето на владиката Филарет Черниговски дека Климент и Константин се едно лице, врз основа на големата сличност на нивните беседи, наполно го отфрлил Архимандритот Антониј.

Епископ Константин го обезбеди своето место во историјата на старата книжевност со неколку свои дела, меѓу кои се наодминливи: Поучителното евангелие, Прогласот кон светото Евангелие, Службата за Методиј. Во однос на првиот состав во развојните фази од славистичката наука се внесоа извесни нелогичности. В. М. Ундолски пронашол превод на Филотеевото евангелие од XV век, од грчки на словенски јазик, а во самиот почеток на ова Евангелие се наоѓале стиховите од Азбучната молитва, инаку поетски состав, кој се наоѓа поместен во првиот дел од Поучителното евангелие. Со оглед на тоа што овие стихови ги пронашол со името на Константин како автор, творбата му ја припишал на Константин Светогорски Костенечки. Покрај оваа ситуација се јавила и нова дилема. Некои од преписите на Поучителното евангелие не ја содржеле Азбучната молитва. Од оваа причина, а и од други, славистите се поделиле во заклучоците, едни за авторството на епископ Константин, други - за Константин Филозоф. Нов приод кон Поучителното евангелие направиле славистите Горски и Невоструев, работејќи грижливо врз синодалните ракописи, меѓу кои го опишале најстариот препис на ова Евангелие од XII - XIII век, зачуван во Историскиот музеј во Москва. Дечанскиот препис од XIII век го обелодени А. Т. Гиљфердинг, а врз Виенскиот препис од XIV век работеле посебно А. В. Михајлов и А. И. Јацимирски. Целовитоста на овој значаен состав ја сочинуваат: Азбучната молитва, Прологот, Беседите, Сказните за црковното уредување и Хронолошката таблица (Историкии).

Азбучната молитва, првиот дел од слоевитата творба, претставува поетска творба, стихуван вовед во Евангелието. Составена е по угледот на византиското стихотворство, во 40 стихови, испеани во византиски дванаестерец, со цезура по петтиот или седмиот слог. Во неа Константин го вплетува азбучниот акростих, зашто секој стих започнува со хронолошки подредена буква од словенската

азбука. Нејзиниот првичен состав најавтентично го претставува најстариот Синодален препис, покрај другите: Волколомскиот, Троицкиот, Соловецкиот, вториот Соловецки, и други.

Оваа стихувана творба, иако се вбројува во најраните словенски состави, го презентира авторот како оформен поет, со длабоки понирања во византиската поезија, но и со ангажиран широк однос кон културните состојби на населението меѓу кое живеел, и за кое пишувал. Молитвата, како распространет и омилен книжевен жанр, му послужила да ги резимира своите желби, упатени кон сеопштиот прогрес на Словените. Во топлата молитва блеска архитектурата на дело, со извонредно вклопени мозаични делови. Се чувствува редот и ритмичноста, колоритот на боите, алитерацијата и асонанцата, кои на свечената градба и придаваат топла непосредност, зашто поетот искрено го посакува напредокот на словенското племе. Преку азбучниот акростих, најверојатно составен како автограф со глаголската азбука, всушност доминира словенската азбука. Со неа започнаа да се редат културните придобивки, израснува силата на Словените - на „еден нов народ“. Само пространото слово нив ќе ги возвиши високо. Авторот оди по патоказите на првоучителите Кирил и Методиј. Тој се држи за словото како спас, како симбол на прогресот, како водител кон светлина.


Азъ словомь· снмъ молю сѧ Бгу :⌣
Бе всеѣ тварн и зниждтелю :⌣
Вндимънмъ. и невндимъймъ :⌣
Гѣ дхѣ посълн жнвоущааго :⌣
Да въдъхнеть въ срьдьце мн слово :⌣
Ѥже боудеть на оуспѣхъ въсѣмъ :⌣
Жнвоущнймъ. въ заповѣдьхъ тн :⌣
Ꙁѣло бо ѥсть. свѣтнльнникъ жнзнн :⌣
Законъ твой. и свѣтъ стьзамъ :⌣
Нже нщеть. евнгельска слова :⌣
И просить дары твоѣ прнѣтн :⌣

Во однос на авторството на овој понесувачки поетски состав се јавија поделени мислења. Во преписите фигурирале и стиховите:

,,І летитъ нынѣ словѣньско племѧ.
Къ крьщению обратиша сѧ вьси,
Людиѥ твои нарещи сѧ хотѧще.“

Славистите од раниот период точката ја ставале, или ја замислувале по зборот „къ крьѥнию“, со што се добивала претстава дека станува збор за раниот период од покрстувањето, актуелен за дејноста на браќата Кирил и Методиј. Затоа група научници сметале дека творбата му прилегала на Константин-Кирил Филозоф. Покрај тоа, еден од стиховите говорел дека авторот оди по трагите на Учителот, за кого мислеле дека е олицетворение на Исус Христос. Тие сметале дека ваква смела изјава можел да даде само автор од рангот на Кирил Филозоф. Меѓутоа, со истражувањата на Е. Зиков и К. Куев, пред научната јавност се откриени многу нови непознати преписи, со чија анализа и двајцата автори доаѓаат до заклучок дека автор на Азбучната молитва е епископот Константин, а не Кирил Филозоф. Нивните откритија и заклучоци се и аргументирани.

Додека првиот дел од Поучителното евангелие го открива поетскиот пролог, вториот дел е именуван прозен пролог. Иако е тој кус состав, изобилува со мошне важни искажувања и појаснувања. Како ортодоксен христијански верник прологот го започнува со цитат од Григориј Богослов: „Добро е брака секогаш да се започнува со Бога, и да се завршува со Бога.“ Очевидно овој византиски автор му бил инспиративен медиум, како и на Кирил Филозоф. Меѓутоа, непосреден практичен поттик за да го напише составот му дал современикот Наум Охридски: „Поради тоа и јас, скромниот Константин, кога се уверив во тоа од твоите молби, брате Науме, и од изречените погоре заповеди, се поклонив пред твоето смирение.“ Продолжувачот на Кирилометодиевското дело, вредниот и скромен Наум Охридски, го побудил и уверил Константина да пристапи кон создавачкиот книжевен чин. Познатата скромност на средновековните книжевници наоѓа карактеристичен пример и кај Константин, кој токму во овој пролог зборува: „Затоа и јас, смирениот, поканет како што реков да го преведам толкувањето на Светото Евангелие од грчки на словенски јазик, се плашев и треперев, кога

гледав работи повисоки од моето разбирање и сила. Но повеќе се плашев од идната смрт за непослушност, па ги почнав само уставните неделни евангелија, не можејќи да ги напишам сите...“ Кусиот пролог ги собра најважните информации за побудите и активностите на авторот во врска со создавањето на книжевното дело.

Третиот дел од Поучителното евангелие ја претставува суштината на овој состав, реализацијата на авторовата идејно-книжевна цел, преку своевидната градба на 51 беседи, распоредени за сите неделни денови. Педесет од овие беседи претставуваат преводи од грчкото проповедништво, со извонредни воведни и заклучни текстови оригинално прозно творештво, додека четириесет и втората беседа е целосен состав на Константин. Неговите оригинални состави како воведни и заклучни делови од секоја беседа откриваат талентиран автор, а и ангажиран со цел беседата да допре до консуматорите. Овде наличува на беседникот Климент, заради што не случајно некои од истражувачите, ги поистоветувале. Околу триесет беседи го откриваат знаменитиот византиски автор Јован Златоуст, пример на автор на повеќе и помалку познати средновековни писатели. Дванаесет од нив се земени од талентираниот Кирил Александриски. Преостанатите беседи му се припишуваат најмногу на Исидор Пилусиот.

На строгите евангелски неделни проповеди Константин им вдахнал нов тон и дух, доближувајќи ги до масите. Со јасниот и лесен стил ефектот бил постигнат. Покрај тоа, и неговиот превод доживеал признанија. Истражувањата на архимандритот Антониј ги насочија славистите кон грчките скратени текстови во грчките катени, толковни зборници на евангелијата, составени од црковните отци. Горски и Невоструев дошле до нови согледувања, дека авторот ги користел и грчките катени и беседите на посочените византиски автори. Во секој случај, и при преводот вршел авторски компилаторски интервенции. В. Јагиќ посебно го истакнува извонредниот превод на дваесет и осмата беседа од Кирил Александриски.

Беседите откриваат и во прозното творештво поет. Проповедите се однесуваат на личности, празници, настани од христијанската религија, која авторот им ја приближува на собраните верници. Стилските фигури за него се обично изра-

зување, а живоста ја постигнува со честите дијалошки вметнувања. За него словото е „леб небесен“, „извор непресушлив“, „гозба за гладните и жедните“, „храна за душата“, а самиот умее и да се нарече „пирник“. Компарациите, симболите, метафорите, градацијата, ги засилуваат посакуваните поенти. Христијанското беседништво не може да се замисли без стандардните стилистички форми. Самите теми наметнуваат одредени библиски цитати, симболи. Меѓутоа, авторот не исчезнува во теолошките пораки, напротив, држејќи се за ортодоксното слово на христијанското учење, во триесет и шестата беседа ќе ги советува богатите да го раздаваат богатството, а во дваесет и првата беседа, мошне смело ќе изјави: „Љубени, подобро е да се надевме на бога, отколку на кнезот.“ Сличен показ открива заклучокот на четириесет и третата беседа: „Да ги исполниме неговите заповеди и да ги славиме свечено, без да се плашиме од царот, без да се срамиме пред кнезовите, без да се срамуваме пред благородниците. Дури и да бидеме притиснати со протерување, и мачење да ви претстои, дури и принуда да ви наложат, не се плашете. Не се оддалечувајте од неговата љубов, проповедајте бестрашно и молете му се...“ Константин како Методиев ученик сигурно бил запознат со трнливиот пат на учителот. Самиот ги искусил протерувањата на учениците по смртта на учителот. Ја запознал превртливоста на кнезот Светополк. Неговата смелост е извонредна во сите етапи од долгиот пат, особено кога се следи врвицата за времето на Ростислав, Светополк, Борис, Симеон, Владимир. Христијанската идеологија за него е надвисена над земниот сјај на кнезовите и царевите.

Беседите на Константин откриваат повеќезначни слики од животот во средниот век. Тој не може да не ги апострофира паганците, зашто се уште егзистирале. Нив ги открива четириесет и првата беседа. Авторот им се обраќа непосредно на луѓето, а честопати ја изразува својата лутина, разочараност дека не го слушаат достатно. Некогаш не гледа многу луѓе околу себе, но истрајува на патот кон откривачката Христова мисла. Од вообичаената реална атомосфера тој знае да го понесе насобраниот народ кон возвишените дарби на Јован Златоуст, нарекувајќи го: „слаткогугутна гургурица“, „високо - летнат орел“, „свирец што пее милозвучно“. Ваквите восхвали ги вткаил посебно во десеттата беседа.

Некои од беседите биле проповедани не само пред световни луѓе, туку и пред црковни достоинственици, зашто честопати авторот им се обраќа на присутните: „отци“, „свети брака“. Одредени пак беседи се однесуваат на секојдневните појави. Во дваесет и осмата беседа го откриваме како огорчен противник на „бесовските песни“, од широкиот народен фолклор.

Четвртиот дел од Поучителното евангелие е наречен Сказание за црковното уредување. Константин бил преокупиран со ситуацијата на црковното уредување на православната црква, онаму каде што вршел должност на презвитер, уште повеќе на епископ. Сигурно му недостигал еден правилник за црковната организација. Подготвениот труд бил изработен врз основа на таков состав од цариградскиот патријарх Герман, којшто се појавил меѓу 715 - 730 година. Од книжевен аспект овој дел од составот нема посебни книжевни вредности, но го открива оној постојан интерес за самостоен црковен живот. Тој овозможил место византискиот текст да се користи во поширока употреба словенскиот текст.

Петтиот дел од Константиновиот состав претставува прв летописен словенски труд. Тој е именуван со насловот Историкии или Хронолошка таблица. Во еден од преписите насловот гласи:

"Историкии за б҃а въкратъцѣ одръж҃ащи лѣт҃ отъ адама до хр҃а
пришьствиѧ. и паки отъ хр҃а до настоѧщѧаго. въ в҃.і. индикта".

Хронолошката таблица започнува со раѓањето на Адам и Ева до појавата и раѓањето на Исус Христос, а од него се до владеењето на Лев VI Филозоф. Оваа таблица ја содржи и годината на создавањето на истата - 6406 година од Адама. Меѓутоа, при пребројувањето на годините во современиот систем на лето броење, истражувачите се служеле со разновидни системи. Некои од оваа година ваделе минус 5505 години, според што се добила годината 894. Други ваделе минус 5508 и ја добиле годината 989. Првото пребројување е познато како бугарски систем на пребројување. Совпаѓањето со дванаесеттиот индикт, како што е означено во преписите, одговара на првиот систем и годината 894, како година кога била завршена Хронолошката таблица, фигурира кај многу слависти. Во овој однос се поделија и мислењата за прифаќањето на оваа година како завршница на самото Поучително евангелие, или само на Хронолошката таблица. Некои слависти сметаат дека Поучителното евангелие било создадено

во периодот 889 - 893 година, а Хронолошката таблица била дефинирана во 894 година. Други се определија за целосно формирање на составот во 894 година. Во секој случај, 894-та година ги ориентира истражувачите во создавачкиот чин на Константина.

Поетскиот состав Проглас кон светото евангелие го дооформува поетското дело на епископот Константин. Најстариот препис е пронајден во ракопис од XIII век во Хилендарскиот манастир, српска редакција. Овој препис е многу значаен, заради што е преиздаван од: Иванов, Лавров, Ангелов, Генов, Дучиќ, и други. Познати се уште преписите: Хлудов од XIV век, Троицкиот од XVI век, и други. Првпат пронашол препис од ова Евангелие А. Ф. Гиљфердинг во 1858 година, во ракопис од XIV век во Пеќската патријаршија. Денес овој ракопис е зачуван во Државната народна библиотека во Санкт Петербург (Гиљф. бр. 21).

Во однос на овој поетски состав се јавија во славистиката истите дилеми споменати еднаш за авторството на Азбучната молитва. Нема сомневања во мислењата дека едно исто лице апсолутно ги составило и двете поетски творби. Но, сите оние коишто се определиле за заклучокот дека Азбучната молитва е дело на Константин-Кирил Филозоф, го задржуваат истиот став и за Прогласот. Во оваа група научници спаѓаат: И. Франко, Е. Голубински, И. Срезневски, Е. Георгиев, Р. Јакобсон и други. Како автор на овој состав го откриваат епископот Константин: А. Соболевски, А. Вајан, Х. Кодов, П. Динеков, Е. Зиков, К. Куев, Х. Поленаковиќ.

Прогласот е составен од 108 стихови, дванаесетерци, со цезура по петтиот или седмиот слог. Во него се насетуваат истите побуди на авторот за пристап кон стиховите, како во Поучителното евангелие, посебно во Азбучната молитва. Во стиховите доминира односот и љубовта на поетот кон прогресот на словенската култура, зашто и пророците прорекле:

„...Глувите ќе го слушнат азбучното слово,

Господа ќе го запознаат како што треба.“

И овде словото е „дар од Бога“, „храна за душите“, „светлина“ и „радост“. И овде се следат трагите од паганството, против што поетот го дига гласот, застапувајќи се за спасот што може да го донесе само патот на христијанското

учење. И овде се чувствува ехото на мисијата на словенските просветители, искажано преку зборовите на апостолот Павле:

„И повеќе сакам пет збора да кажам,

сите брака да ме разберат,

отколку безброј нејасни зборови.“

Преку Прогласот допре и суштината на Азбучната молитва:

„Голи се сите народи без книги.“

Мајсторството на средновековните книжевници се калело посебно преку создавањето на повеќеслојните и сложени црковно-поетски-музички творби, службите на светителите. Константин се покажал достоен и за оваа дејност. Како почитувач, придружник, соработник, на својот учител Методиј, според обичајот на христијанската црква, Константин му посветил Служба. Ваков чин на творење му припаднал и на Климента, како ученик на Кирила. Откривањето на ова значајно авторство најмногу го истакнале трудовите на В. Јагиќ, Ј. Павиќ, Д. Костиќ. Критериумите и редоследот на создавањето на Службата барале одлични и прецизни теориски и историско-книжевни познавања на византиската литература и црковното пеење и музика. Покрај тоа, и познавањата на највисоко ниво не би биле плодотворни, без исклучителниот поетски осет и талент на авторот. Константин и на овој план покажал комплетна спремност и составил извонредно сложена и издржана поетско-црковна творба.

Најстариот препис на Службата е откриен во Драгановиот минеј од XIII век, македонска редакција. И вториот препис потекнува од XIII век, т.н. Григоровичев минеј, пишуван од Добријан, исто така - македонска редакција. И двата ракописа биле пронајдени во Зографскиот манастир. Ј. Иванов го објави првиот препис, а Ј. Павиќ и Д. Костиќ дале ценети придонеси за што поцелосно претставување на Службата. Вплетувањето на акростихот во Службата, со имињата на личноста кому му е творбата посветена и она на авторот, претставувало сложена и деликатна дејност. Во нецелосните делови од Службата, од подоцнежните преписи, откриен е дефинитивно следниот акростих: „ДОБРО, МЕТОДИ, ТѦ ПОѢЖ, КОNОТАNТНN(Ъ).“ И во овој свој поетски состав Константин применил дванаесетерци, тринаесетерци, петнаесетерци. Покрај одличното, познавање на

грчкото стихотворство, тој покажал извонредни поетски квалитети и оформил уметничка Служба, на еден неодамнешен формиран старословенски литературен јазик, истовремено збогатувајќи го и претворувајќи го како квалитетен и достоен за високо сопствено уметничко творештво. Она што му успеало идеално на Андреј Критски, Козма Мелод, Теодосиј, на планот на византиското поетско творештво, му се случило и на Константина, на словенски јазик.

Мислењата во однос на времето кога се појавила Службата се поделиле, бидејќи нема децидни показатели за времето на создавањето. Има индиции, што се извлекуваат од интегралниот текст, дека била започната во Моравија, но дефинитивното завршно обликување се случило по смртта на Методиј, по протерувањето на неговите ученици, и нивното пристигнување во средновековната бугарска држава. Се подвлекувале годините 894, 885, потоа 887, 894. Во секој случај тоа е крајот на IX век.

Службата посветена на Св. Методиј открива мошне значащи изворни податоци, особено од престојот и изведувањето на Моравската мисија. Восхвалите упатени кон Методиј, преку тропарот, првата песна од седаленот, кондакот, и сите други песни од творбата, го откриваат епохалното дело на Браќата, наменето за Словените. На Учителот му пее земјата Моравска, и Панонска, зашто имал макотрпен пат, предводејќи го своето стадо и изведувајќи го на чистина. Акростихот во Драгановиот минеј го откриваат првите букви од стиховите:

пѣ.а. Даждъ хѣ сїсе едїне млдде... (строфа 1, ст. 1)
Оставивъ ро и wчьство... (строфа 2, ст. 1)
Бранъ лютѫ посрамивъ wчѣ бѣсовьскѫ. (стр. 3, ст. 1)
пѣ.г. W прѣславне кто можетъ изрещи... (стр. 1, ст. 1)
Мєѳодие сте. дар ты прижтъ ѿ бѣ (стр. 2, ст. 1)
Еже[19] ми пода бтство хѣ сїсе... (стр. 3, ст. 1)
пѣ.д. Тѫ има wчѣ земѣ Моравскаа... (стр. 1, ст. 1)
Одесняѫ прѣдстоѫа... (стр. 2, ст. 1)
Дшѫ своѫ и тѣло же... (стр. 3, ст. 1)
пѣ.е. Истыи настолникъ... (стр. 1, ст. 1)
Тѫ молимь Мєѳодие. стлю славне... (стр. 2, ст. 1)
Пѫчинѫ прѣплаваѫ житеискѫѫ... (стр. 3, ст 1)

пѣ.ѕ. ѿ[20] запа сѣ̀е вси҃а... (стр. 1, ст. 1)
мѫже[21] слоужбѫ славне прїѧтъ... (стр. 2, ст. 1)
Калъ грѣховъ моих измыи мѧ... (стр. 3, ст. 1)
пѣ.ѯ. W ваю стаа хвалит сѧ славно... (стр. 1, ст. 1)
На камени ты вѣры ѕтврьди... (стр. 2, ст. 1)
Сьбодена мѧ разбоиникы хв̃... (стр. 3, ст. 1)
пѣ.и. Θеклоименитъ сте Меѳодие ты быст... (стр. 2, ст. 1)
Архїереи ты бы̑ по чиноу аарѡню... (стр. 3, ст. 1)
Ноць люта мѧ ѯв грѣховнаа постиже... (стр. 4, ст. 1)
пѣ.д. Тѧ блѭне пое земѣ Моравскаа... (стр. 2, ст. 1)
Имѫща сѣаа прѧ w сѣец тр̑ци... (стр. 3, ст. 1)
Нїнѣ припадаѫ ѵчителю сѣе Меѳодие... (стр. 4, ст. 1)

Поетските способности на епископ Константин, толку значајни во почетниот стадиум од развитокот на словенската писменост, несомнено извираат од целокупното негово дело. Неговата поетска „Азбучна молитва“ го претстави азбучниот акростих. Не помали квалитети покажа и преку поетскиот „Проглас кон светото Евангелие“. Тој ја состави и Методиевата служба, оставајќи ги трагите на своето авторство во задолжителниот акростих на Службата.

Натамошните негови химнографски способности ги разоткри Г. Попов преку циклусот канони, седални и стихири, за делничните денови од Големиот пост во Триодот. Овој оригинален дел од Триодот, составен од Константина, откри стих: „Гранеса добра Константинова“. Со тоа Попов укажа на можностите што им биле дадени на првите словенски преведувачи на најнужните црковни дела, не само да преведуваат, туку и директно да се вклучуваат како автори химнографи. Во овој поглед беше значајно и истражувањето на Л. Иванова-Константинова, која објави два непознати циклуса азбучни стихири. Тие се однесуваат на Рождество Христово и на Богојавление, од Скопскиот минеј од XIII век и од Хлудовиот минеј, и двата празнични минеи. Покрај интересната анализа, Иванова-Константинова заклучи дека оригиналните творби биле пишувани со глаголица, укажувајќи на глаголскиот ред на буквите во акростихот. Задржувајќи се на овие две творби Г. Попов ги обогатува сознанијата, откривајќи го авторството на Климент и Константин во химнографското наследство. Во стихирите пред Богојавление го откри акростихот со името на Константин: „Хвална пѣнніа Константинова.“

Не помалку значајно е откривањето на името на Константин во Канонот за архангел Михаил, во акростихот:

„Пѣти достоит архостратига Константин.“ Ова значајно откритие го направи С. Кожухаров. Заедничките истражувања посочуваат глаголски автографи, настанати непосредно по смртта на Методиј, на што укажува дури и наредниов дел од Битолскиот триод од XII век:



Изгонетите Кирилометодиеви ученици од Моравија навистина се распрснаа. Патот на Климент, Наум и Ангеларије јасен. Но, со новооткриените химнографски дела, на Климент, Наум, Константин, логично се извлекува заклучокот дека тие можеле да се сретнат во бугарскиот центар и многу активно да се однесуваат кон самото творештво токму од тој период, за што изворите не ни оставиле нужни податоци. Вредни, способни, и осведочено талентирани, и во тие пресудни денови биле насочени кон работата, за да ја продолжат и индивидуално, оставајќи ги своите примери и дела широко низ Бугарија и Македонија.

На Константин му припаѓа преводот од грчкиот јазик на делото од Атанасие Александриски „Четири слова против аријаните“. Атанасие бил александриски епископ. Тој се обидел во споменатиот труд (напишан во 360 година) да го оспори учењето на Арије за сфаќањето и толкувањето на Светата Троица. Атанасие го негира неговото учење, докажувајќи според христијанското сфаќање, дека Исус Христос е ист со Таткото - Господ. Во Синодалниот ракопис бр. 111, во кој се наоѓа преводот на делото, најдена е следната белешка на обратната страница од листот 212: „Овие благочестиви книги, припишани на Атанасиј, ги преведе епископ Константин по заповед на Изгонетите Кирилометодиеви ученици од Моравија навистина се распрснаа. Патот на Климент, Наум и Ангеларије јасен. Но, со новооткриените химнографски дела, на Климент, Наум, Константин, логично се извлекува заклучокот дека тие можеле да се сретнат во бугарскиот

центар и многу активно да се однесуваат кон самото творештво токму од тој период, за што изворите не ни оставиле нужни податоци. Вредни, способни, и осведочено талентирани, и во тие пресудни денови биле насочени кон работата, за нашиот бугарски кнез, по име Симеон, од грчки на словенски јазик во годината од почетокот на светот 6414 (906), индикт 10, како ученик на Методија; овие пак ги препиша Тудор Црноризец Доксов по заповед на истиот кнез, на устието на Тича во 6415 година (907), 14-ти индикт.“ Симеон, образован во Византија, бил личен свидетел на разновидните борби со еретиците, кои долго време ја потресувале византиската империја. Веројатно загрижен и за мирот во својата држава, Симеон го натерал Константина да го изврши преводот на споменатото дело, во кое се разоткрива еретичкото учење на Арий, а истовремено во него се потенцираат христијанските барања и догми. Делото има полемичен карактер, а такви ги имало доста во средновековието. Меѓу нив посебно место зазема и списот на Црноризец Храбар „За буквите.“ Константин ги познавал полемичките состави, а и полемиките што ги воделе Кирил и Методиј со: иконоборците, Евреите, Хаварите, Сарацените.

Се претпоставува дека епископот Константин ги превел од грчки на словенски јазик „Катехезите“ од Кирил Ерусалимски, познати по препис од XII - XIII век. Целта на преводот била поттикнување кон организиран црковен живот. Баков стремеж покажал и со Сказанието за црковното уредување во Поучителното евангелие. За суптилноста на преводот посебно се осврна А. Вајан. Во преводот е откриен запис, кој појаснува дека божјиот раб Теодор ја завршил книгата, а божјиот раб Константин ја напишал. Ова потсетува на преводот на Четирите слова против аријаните, извршен од Константин, а потоа препишан од Тодор Доксов. Горски и Невоструев му припишуваат уште еден превод на Св. Атанасиј епископ Александриски, Послание за празникот пасха. Текстот е најден заедно со преводот на Четирите слова против аријаните. Горски и Невоструев откриле и во двата текста сличности при преведувањето. Како негови творби се споменуваат уште: Стихири во празничен Минеј, со акростих, потоа Канон за архистратигот Михаил, со тропари кои откриваат акростих. И во двата последни акростихови се чита името на Константин.

Делото на епископ Константин честопати се доведува во врска со рускиот летописен труд „Повесть временных лет“ од XII век, што му се припишува на монахот Нестор. Според деталните истражувања на оваа историја од страната на А. А. Шахматов може да се прифати мислењето дека Нестор го преработил и составил овој труд, имајќи го предвид постариот труд „Начальный свод“, составен во 1093 - 1095 година, со цел да ги вклопи односните настани во светската традиционална христијанска историографија. Меѓу изворите за изградувањето на споменатата Повест посебно се споменува т.н. „Сказание о преложении книгъ - на словенский язык.“ Овој не руски извор не бил пронајден, а една можна негова реконструкција извршил Шахматов. Иако неговите заклучоци не биле широко прифатени, тој сепак укажал на можните извори кои се однесуваат на развојните линии на словенската писменост, а колку биле важни неговите соопштенија, укажува фактот што можниот состав од не руско потекло во науката се именува доследно со насловот на посоченото Сказание. Во текстот на Сказанието неспорно влегле делови користени од Панонските легенди, од Проложното житие на Св. Кирил. Сказанието било завршено некаде во втората половина на XI век, или најдоцна во почетокот на XII век. Шахматов сметал дека Сказанието можело да се јави во Чешко-моравска средина. В. Н. Флорја во најново време истакнува дека делото настанало во Сазавскиот чешки манастир, кој имал врски со Киев и убедливо ја исклучува можноста дека „Легенда Кристиана“ била важен извор за Повеста. За бугарско потекло на Сказанието посебно се изјаснил К. Мечев, М. Кајмакова, како и други учени. Во овој случај заслужува посебно внимание истражувањето на јужно-словенските извори кои влијаеле за составувањето на Повеста. Во Сказанието се спомнува 6406 година, која повеќе истражувачи ја сметаат како пресудна, кога во 893 година се случило значајното „преложение книг“, влезено во Повеста. Според Г. Илински, С. Б. Бернштејн, Б. Конески, М. Кајмакова, 893 година се совпаѓа со значајниот народен собор во Бугарија, на кој била озваничена кирилицата. Според тоа, самото „преложение книгъ“ не мора да се однесува исклучително на преводот на Библијата, туку на озваничувањето на составените кирилски букви. Со оглед на тоа што Климент и Наум Охридски доследно ја негувале глаголицата во Охридската книжевна шко-

ла, има основа да се претпостави дека Константин бил автор на кирилската азбука, озваничена во Преславскиот книжевен центар. Оттука и укажувањето на М. Кајмакова за авторството на епископот Константин на самото Сказание отвора и нови насоки. Воопшто, сесловенската љубов, идеја, што ја покажува Константин кон словенскиот род, видлива во сите негови состави, можело да биде привлечно за составувачот на Повеста, која ги афирмира обединувачките сили на словенството. Делото на Константин е градено по стекнувањето на писменоста, по примањето на христијанството, а Повеста се јавува во сличен период во Русија, по извршената христијанизација, по непосредните јужно-словенско-руски книжевно-културни врски. И влијанието на епископот Константин би било логично и природно. Не е ништо необична и претпоставката за честото заменување на имињата Кирил-Константин. Популарниот Кирил Филозоф предничел во свеста на Словените, пред Константина, ученик на браќата. За јужнословенската провениенција на Сказанието може да биде земен и податокот дека годината 6406 од Повеста, можела да биде преземена од Сказанието, а истата ја среќаваме и во „Хронолошката таблица“ (Историкии) од „Поучителното евангелие“ на епископ Константин. Според бугарската летописна ера се доаѓа до годината 893 (6406 – 5513=893). Токму затоа, поврзувањето на настанувањето на Сказанието со потребите и значењето на Соборот во 893 година, неговото место меѓу јужнословенските извори е прифатливо, особено кога се имаат предвид и важните писмени, книжевни и духовни врски на Охридската книжевна школа, на Преславската книжевна школа, на Охридската архиепископија-патријаршија, со Киевска Русија.

ЛИТЕРАТУРА

ŠAFARIK, P., Rozkvet slovanske literatur v Bulharsku, Časopis českeho Muzea, Ročnik II, XXIII, 1848, 13.

ГОРСКИЙ, А. и НЕВОСТРУЕВ, К., Описание славянских рукописей Московской синодальной библиотеки, Москва, II, 2, 1859, 33.

ПОПОВ, А., Описание рукописей и каталог книг церковной печати библиотеки А. И. Хлудова, Москва 1872, 12 - 13.

JAGIĆ, V., Nedeljna propovjedanja Konstantina prezvitera bugarskogo, Starine, Zagreb, 1873, V, 28 - 42.

МАЛЫШЕВСКИЙ, И. И., Св. Кирилл и Мефодий, Трудн Киевской духовной академии, 1885, т. 2, бр. 8, 553.

ЦУХЛЕВ, Д., Константин епископ Български и неговото поучително евангелие, Периодическо списание на Българското книжовно дружество в Срѣдец, Срѣдец 1887, XXI-XXII, 373 - 425, 376.

ПЕТУХОВ, Е., Булгарские литературные деятели древнейшей эпохи на русской почве, ЖМНП, 1893, ч. CCLXXXVI, 320.

МИХАИЛОВ, В. А., К вопросу об Учительном евангелии Константина, епископа Болгарскога, Москва 1894.

СОБОЛЕВСКИЙ, И. А. Черковнославянскитъ - стихотворения от IX - X век, СбНУ, 1900 XVI - XVII, 314, 315.

СОБОЛЕВСКИЙ, И. А., Епископ Константин, СбНУ, XVIII, София 1901, 66 - 71.

ШАХМАТОВ, А. А., Сказание о преложении книг на славянский язык, Zbornik u slavu Vatroslava Jagića, Berlin 1908, 171 - 189.

ТУНИЦКИЙ, Н. Климент епископ словенски, Сергиев Посад 1913, 253 - 254.

FRANKO, I., Kleine Beitrage zur Geschichte der kirchenslawischen Literatur, I, Konstantins Gebet, 1914, Archiv fur slav. Phil. (ASPh), XXXV, 150 - 179.

СМОЛЕНСКИЙ, П. А., К вопросу о времени и месте написания учительного евангелия Константина Болгарского, Сергиев Посад 1915.

ЯЦИМИРСКИЙ, И. А., Описание южно-словянских и русских рукописей заграничных библиотек, т. I, Петроград 1921, 187 - 189.

ЗЛАТАРСКИ, Н. В., Найстарият исторически труд в старобългарската книжнина, Списание на БАН, София 1923, кн. XXVII, 132 - 182.

ТРИФОНОВ, Ю, Вележки върху Учителното евангелие на епископа Константина, Сброник в чест на Васил Н. Златарски, София 1925, 459 - 479.

ЋОРОВИЋ, В., Силуан и Данило II, Глас САН, Београд 1929, 136, 13, 44 - 48, 13 - 104.

ИВАНОВ, Йордан, Български старини из Македония, София 1931, 339 - 342.

VAILLANT, A., La traduction vieux-slave des Catecheses de Cyrille de Jerusalem, Byzantinoslavica, Praha 1932, IV, 250 - 254.

PAVIĆ, J., Staroslovenski pjesnički kanon u Cast Sv. Metodiji i njegov autor, Bogoslovska smotra, Zagreb, I, 59 - 86.

KOSTIĆ, Dragutin, Бугарски епископ Константин - писац Службе Св. Методију, Byzantinoslavica, Praha 1937 - 1938, t. VII, 189 - 211.

ГЕОРГИЕВ, Е., Две произведения на Св. Кирил, София 1938.

АНТОНИЙ, Архимандрит, Епископ Константин Български и неговото учително евангелие, София 1942, 17.

VAILLANT, A., Manuel du vieux slave, II, Textes et glassaire, Paris 1948, 76.

Повесть временных лет, ч. I, II. Подготвил Д. С. Лихачев, М. -1.1950.

VAILLANT, A., Discours contre les Ariens de saint Athanase, Version slave et traduction en franijais, София 1954.

ГЕОРГИЕВ, Е., Кирил и Методий, основоположеници на славянските литератури, София 1956.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Труд за славянските просветители Кирил и Методий, Литературна мисъл, бр. 4, 1958, 118-126.

ЗЫКОВ Г. Э., К вопросу об авторе „Азбучной молитвы“, Известия на Института за българска литература, кн. IX, София 1960, 173 - 197.

ГЕОРГИЕВ, Е., Разцветът на българската литература в IX - X в., София 1962, 168, 173.

ГЕОРГИЕВ, Е., Константин Преславски, История на българската литература, София 1963, 112 - 113.

РАДОЈЧИЋ, Сп. Б., Акростих у старој српској књижевности, Творци и дела српске књижевности, Титоград 1963.

СТОЯНОВ, Ст. Бележки върху стиха „Летнтъ ныиѣ- н словѣньско племѧ“ в Азбучната молитва, Хиляда и сто години славянска писменост, 863-1963, Сброник в чест на Кирил и Методии, БАН, София 1963, 165-170, 170.

Ћирило и Методије, Ђ. Трифуновић, Београд 1964, Служба Методију: 175 - 184, според изданието на Лавров и Теодоров-Балан, превод на српски јазик.

VAILLANT, A., Une homelie de Constantin Le pretre, Byzantinoslavica, 1967, I, 68 - 81.

ДРАГОВА, Н., Константин Преславски, Бележити Българи, т. 1, София 1968, 375 - 384.

ШОПОВ, Димитар, Азбучната молитва на Константин Брегалнички, Литературен збор, Скопје 1968, бр. 1, 16, 18.

АЛЕКСОВА, Б., Придонес од истражувањата во Баргала Брегалница за осветлувањето на историјата во Македонија, Симпозиум 1100 години од смртта на Кирил Солунски, Скопје 1970, 19.

МИЛОШЕВ, Г., ТОШЕВ, К., Преглед на литературата со примери, Скопје 1970, 31 - 32.

ШОПОВ, Д., Две поетски творби на Константин Брегалнички, Симпозиум 1100 години од смртта на Кирил Солунски, Скопје 1979, 283.

ИВАНОВА-КОНСТАНТИНОВА, К., Два неизвестни азбучни акростиха с глаголическа подредба на буквите в среднобългарски празничен миней; Константин-Кирил Философ (Симпозиум посветен на 1100- годишнината от смъртта му, София 1971, 341 - 365.

КУЕВ, М. Куйо, Азбучната молитва в славянските литератури, БАН, София 1974.

ПОПОВ, Г., Новооткрита оригинална старобългарска част в текста на триода, Български език, София 1978, XXX, бр. 6, 497 - 507.

КУЕВ, К., Нови преписи от „Черковното сказание“ на Константин Преславски, Помошни исторически дисциплини, т. 1, София 1979, 247 - 266.

КОЖУХАРОВ, Ст., Новооткрити произведения на Наум Охридски и Константин Преславски и въпросът за Преславско-Охридска химнографска школа, Първа комплексна конференция по българистика в гр. Шумен, 1979. Објавено на 22.V 1979 во „АБВ“, бр. 21, со наслов Хилядолетното българско слово. Новооткрити произведения на Наум Преславско-Охридски и Константин Преславски.

ГРАШЕВА, Лиляна, Константин Преславски, Творци на българската литература, 1, София 1980, 43 - 52.

КАИМАКОВА, М., Старобългарската летописна традиция и „Повесть временниых лет“, Българско средновековие, Сборник на проф. И. Дуйчев, София 1980, 212 - 225.

ПОПОВ, Г., Новооткрити творби на Константин Преславски, Славянска палеография и дипломатика. Доклади и съобщения от Семинара по славянска палеография и дипломатика, София 1980, 72 - 85.

ПОПОВ, Георги, Новооткрити химнографски произведения на Климент Охридски и Константин Преславски, Български език, БАН, София 1982, 3 - 27.

КОЖУХАРОВ, С., Пѣти достоитъ архистратига (Новооткрито производение на Константин Преславски), Литературознание и фолклористика, Сборник на акад. П. Динеков, София 1983, 59 - 62.

ФЛОРЯ, Н. В., Сказание о преложении книг на славянский язык. Источники, время и местонаписания, Byzantinoslavica, XLVI, 1985, ISSN0007 - 7712, 121 - 131.

СТАНЧЕВ, К., Ритмичната структура на Кириловия Проглас към евангелието и на произведенията от Преславския стихотворен цикъл, Studia slavica mediavaliaet humanistica, Ricardo Picchio Dicata, II, Roma 1986, 645 - 653.

МИНЧЕВА, А., Бележки към четенето на акростиховата похвала на Константин Преславски Гранеса добра Константинова, Старобългарска литература, БАН, София 1991, кн. 23 - 24, 3 - 8.

ЦРНОРИЗЕЦ ХРАБАР

Името на средновековниот книжевник Црноризец Храбар станало неодминливо во делата на славистите кои допирале каква и да било кирилометодиевска проблематика. Оваа популарност авторот ја постигнал преку единствениот напишан труд „За буквите“, и тоа на неколку страници. И современата славистика штедро се наслонува на овој значаен извор за настаните поврзани со словенската писменост и просперитет. Неговото дело единствено ќе ни ги соопшти штурите податоци за личноста на самиот писател, кој за жал не ни оставил и најнеопходни податоци, толку потребни за методите и развојните линии на историјата на книжевноста. Вообичаената скромност на авторите од средниот век, можеби е најкарактеристична за Храбар, со што ја отежнал работата на истражувачите. Оваа ситуација овозможи да се намножат хипотезите во врска со нужните познавања на личноста и делото на книжевникот.

Во однос на неговата личност научниците ги поделиле своите определби. Повеќето од нив стоеле на становиштето дека двете имиња на авторот укажуваат на самостоен средновековен книжевник, замонашен и облечен во црна риза. Оттука дошол називот Црноризец, додека второто име Храбар е извлечено од придавка, но се среќава, според К. Куев, и меѓу Западните и меѓу Јужните Словени. Меѓутоа, непотврдените заклучоци овозможувале и други приоди и мислења. Оние што во ова име гледале псевдоним зазеле разновидни ставови. И. Хануш во него ја открил личноста на Кирил Филозоф, Ф. Снопек го согледал авторот Климент Охридски, додека Г. Илински - бугарскиот познат книжевник - Јован Егзарх. Личноста на Црноризец за В. Златарски и В. Велчев бил бугарскиот цар Симеон, а за Е. Геогриев - Црноризец Доке. На овој проблем запрел и М. Вајнгарт, определувајќи се за Наум Охридски. Ваков став бранеле уште: А. Мазон, Р. Нахтигал, Ф. Гривец. Во секој случај, преовладува бројот на совреме-

ните слависти кои се определуваат за самостојниот и индивидуален развој на овој средновековен учен деец. Важно е да се подвлече дека не случајно многу размисли ги водат научниците дека оваа личност. според искажаната идеологија во делото, според начинот на кој е тоа составено, припаѓа кон Охридскиот книжевен центар, за што укажуваат трудовите на: М. Вајнгарт, В. Мошин, Б. Конески, Х. Поленаковиќ, и други. Наспроти ваквите ставови други научници го откривале авторот како деец од Симеоновиот круг дејци: С. Палаузов, В. Златарски, Е. Георгиев. К. Калајдович, кој прв го открил пред јавноста самиот спис, се определил за бугарско потекло на авторот, додека О. Бодјански зазел став дека Црноризец живеел и творел во Западна Бугарија. Овде, секако, треба да се има предвид ситуацијата на Македонија, која во тоа време влегувала во составот на средновековната бугарска држава. П. Лавров го застапувал сфаќањето дека авторот можел да биде Западен или Јужен Словен.

Повеќе хипотези се појавија и во однос на времето на создавањето на списот „За буквите“. Датирањето на списот во развојните истражувања се движело од крајот на IX век, се до XIV век. Славистите П. Ј. Шафарик, В. Шчепкин, В. Јагиќ, П. Лавров, С. Кульбакин, А. Теодоров-Балан, се застапувале за рано потекло на списот, а некои од нив, биле категорични дека списот настанал пред смртта на царот Симеон. Славистот Н. К. Грунски, отишол најдалеку, определувајќи го во XIV век. Денес може да се набројат импозантен број слависти кои сметаат дека делото било напишано во крајот на IX век, за што се определил и К. Куев, во монографскиот труд за Црноризец. Оттука произлегува и посебната важност на списот како изворен материјал, создаден во раниот период од создавањето на словенската писменост и книжевност.

По покрстувањето на Бугарите во 865 година се чувствувало и латинското и грчкото духовно влијание, бидејќи бугарскиот владетел Борис балансирал меѓу Рим и Цариград. По Цариградскиот собор во 870 година бугарската црква се по-врзала со Цариградската патријаршија. Со тоа кај Јужните Словени доминирало грчкото влијание. Ситуацијата се изменила во овие области дури по смртта на Методиј, по 885 година, кога се вратиле Кирило-методиевите ученици од Моравија. Нивната дејност се одвивала во Бугарија и Македонија. Во почетокот

не би очекувале некаква силна активност, за разлика од нивната подоцнежна дејност, откако добиле посебни должности и звања. Меѓу нив се јавуваат најплеменитите заштитници на словенската традиција, создадена од браќата Кирил и Методиј. Нивната дејност им ги загрозувала заземените позиции на грчките духовници, кои својата борба, порано насочена кон латинското духовенство, ќе ја упатат кон словенските активни дејци на полето на општата словенска култура. Во бугарската држава ситуацијата се изменила во 893 година, кога власта ја презел Симеон, кој се стремел кон осамостојување на словенската црква. Според Златарски званичното отфрлување на грчкиот јазик станало на специјален собор, во 893-та година. Оваа одлука ја овозможиле веќе подготвениот терен од словенските дејци, кои за кусо време имале можност и да ги видат резултатите од својата работа. Во 893 година Симеон го назначил Климента за словенски епископ, што јасно зборува за видливите напори на владетелот за самостоен црковен живот.

Во таа година, кога настанал еден пресуден момент за победата на словенската писменост, можела да се појави апологијата „За буквите“, речиси како една неминовност на времето. „Во епохата во која е таа пишувана, - истакнува Конески, едно такво реагирање не значи само продолжување на борбата против тријазичниците, туку значи и отпор против гркофилската партија, што се дограбувала до определени цели во црковниот живот на Симеоновата држава, па и се наложила во азбучните прашања.“

Како потврда дека списот можел да биде употребен или прочитан пред повеќе слушатели, Куев ја наведува следнава реченица од апологијата: „Сѫть же и нин҃ ѡвѣти, ѧже и инде ρечемъ, а нъıнѣ нѣсть вρѣмѧ.“ Последниве зборови напомену-ваат дека списот бил пишуван набрзина и веројатно бил наменет за некоја брза употреба. Затоа, може да се претстави дека не бил пишуван во тишината на некој манастир, но за одредени потреби во одредени услови. Такви услови биле посебно создадени во 893 година. Не случајно тогаш се јавиле „Поучителното евангелие“ и „Историкиите“ на епископот Константин, кој во 906 година ги превел и „Четирите слова против аријаните“, а веке во 907 година истите слова ги препишал Тодор Доксов.

Во 893 година се случило и споменуваното „прѣложєниѥ книгъ“, кое според Златарски претставува завршување на преводот на Светото Писмо, не кирило-методиевскиот, но оној што бил довршен од нивните ученици. Според Илински зборот „книгъ“ означувал во постариот период и букви и точно во таа година можела да биде официјално заменета глаголицата со кирилицата. Храбровиот спис, кој се однесува на одбраната на глаголицата, морал да биде напишан со глаголски букви.

Како силен доказ за определувањето на потеклото на списот во IX век служи следниов фрагмент од списот: „Сжтъ бе еще живи нже сѫтъ вндѣлн ихъ“, Оваа реченица била позната само според два преписа: во Московскиот од XV век и во Молдавскиот /I Хилендарски/ од XVI век. Бидејќи ова искажување не фигурирало во бројните преписи на списот, Јагиќ, Грунски и други истражувачи, сметале дека било вметнато подоцна од препишувачите на списот. Веќе во 1964 година Куев пронајде и трет препис од списот со потекло од XVII век, кој некогаш му прилагал на Соловецкиот манастир, а во кој се наоѓа споменатата реченица. Со ова се добива уште еден факт во негирањето на мислењето дека реченицата била вметната подоцна. Луѓето што можеле да ги видат браќата би биле: Климент и Наум Охридски, епископот Константин. Храбар ја употребил оваа реченица и како свидетелство за искажаната мисла дека Св. Константин им ги создал буквите на Словените. „Би било дури неприродно за таков опитен дијалектичар, каков што бил Храбар, да не се повика на живите свидетели, пред кои разновидните сомневања би можеле да бидат отфрлени, кога веке располагал со такви свидетели“ - истакнува Куев. На подоцнежните препишувачи оваа реченица можела да им звучи анахронично и можеле да ја отфрлат. Вакво мислење застапувал и Соболевски.

И за местото каде што бил напишан трактот „За буквите“ постојат различии објаснувања. Срезневски сметал дека делото било напишано околу границите на византиската империја, Бодјански се изјаснил за локализацијата на списот во Македонија или Албанија. Соболевски сметал дека списот се јавил во Солун, каде што нападите против словенското писмо биле најсилни. Слични аргумента

Соболевски употребува при определувањето на местото на живеењето на епископот Константин Брегалнички.

Научниците кои го сметаат Црноризец Храбар како деец од Преславската школа, сметаат дека и списот бил напишан во Преслав. За вакво мислење се застапува и Куев. Додека во науката може да биде спорно прашањето за припадноста на Црноризец Храбар кон Охридската или кон Преславската школа, за локалитетот на пишувањето на списот нема никакви конкретни показатели. Може да се претпостави дека авторот го пишувал делото и на друго место, надвор од неговото постојано живеалиште, или во моментите на случајно престојување на одредено место, според настанатата ситуација или задолжение на авторот, но за жал и во случајов немаме никакви документи. Сјајната одбрана на словенската писменост, особено на глаголската азбука, наведува кон прифаќањето на мислењето дека Храбар прилагал во Охридскиот книжевен центар, каде што најдолго се задржало глаголското писмо.

Списот „За буквите“ може да се подели на два дела, според содржинската суштина. Првиот дел се однесува на разводите фази на словенската писменост, со познавачки компаративни укажувања, а вториот има полемичен карактер, кој му дава на списот и книжевен квалификатив на апологија, полемика, трактат. Авторот е високообразовна личност и ги знае одлично фазите од развојот на писмеността. Во првиот дел тој директно ги соопштува трите фази од нејзиниот развој. Црноризец директно соопштува во самиот почеток од првиот дел: „Порано Словените немаа книги, но со црти и рески читаа и гатаа, бидејќи беа јазичници.“ Потоа ја истакнуваа втората фаза, кога по покрстувањето почнале да се служат со римски и грчки букви. Ова укажува и на познатото применување на грчкиот алфавит при пишувањето на словенските зборови, во јужнословенската средина. Врз оваа основа одредени слависти сметале дека пред изведувањето на Моравската мисија постоела осмислена азбука. Меѓутоа, образованиот и одлично информираниот Црноризец, не би го пропуштил овој факт. Не случајно Црноризец нагласува, кога зборува за примената на туѓите азбуки, дека тоа писмено изразување се одвивало „без устроение“. Третата фаза од писмеността започнува со појавата на свети Константин Филозоф, наречен Кирил, кој им создал на

Словените 38 букви. Преписите на списот го даваат редоследот на азбуката, но во разновидни бројни варијанти. При образложението што го дава за словенските букви, прави споредби со грчките и еврејските букви. Притоа, не заборава да подвлече дека и Грците при создавањето на сопствениот алфавит се угледувале на други азбуки.

Вториот дел од списот има видлив полемичен карактер, зашто е предаден во дијалошка форма, со поставување на многу карактеристични прашања од страната на противниците на словенската култура. Првото прашање се однесува на бројот на словенските букви, зошто е тој 38, а не 24, како што е тоа случај со грчкиот алфавит. Учениот монах веднаш им одговара дека Грците, покрај тие 24 букви, имаат уште 11 двогласни, и три за броевите 6, 90, 900.

Наредното прашање веќе директно навлегува во познатата тријазична догма, која се формира врз евангелскиот текст дека на крстот Христов натписот бил испишан на еврејски, римски и грчки јазик. Тријазичниците го поставуваат второто полемичко прашање, во вториот дел од полемиката, кое се однесува на непотребноста од словенското писмо, зашто него не го создал Господ, ниту ангелите, ниту е првично како трите апострофирани писма. Црноризец им одговара дека Господ прво го создал сирискиот јазик, на кој говорел Адам, а не трите споменати од нив јазици. Тријазичната догма во јужнословенската средина ја истакнувале разбирливо Грците, додека во Моравија и Панонија ја афирмирале латинските и германските припадници. И едните и другите гледале опасност во растечката култура на Словените и сакале да ја попречат. Не беа случајни и честите полемики што ги воделе браќата Кирил и Методиј против тријазичната догма, во Венеција, Моравија, Панонија. Во овие изострени борби не е тешко да се препознаат намерите на Цариград и Рим, за доминација над Европа и Словените.

Учениот Црноризец ја знае одлично и историјата на грчката писменост. Во одговорот подвлекува дека и Грците порано немале азбука, а се служеле со финикиските букви. Потоа Панамид им создал 16 букви, Кад'м Милиски уште три, а Симонид - 2. Епихариј пронашол три букви и се собрале 24. Истакнува дека 70 мажи го превеле Светото Писмо од еврејски на грчки јазик. Наспроти оваа ситуација, Храбар подвлекува дека самиот свети Константин ги превел

нужните црковни книги, претходно создавајќи ја словенската азбука. Авторот ја подвлекол заедничката дејност на Браќата.

Трактатот „За буквите“ ја открива годината на создавањето на списот, а таа е 6363 од создавањето на светот, во времето на грчкиот цар Михаил, на бугарскиот кнез Борис, на моравскиот кнез Растица, и на блатенскиот кнез Коцел. Самото прецизирање на годината внесе дилеми. Ако се пребројува според византискиот систем со коефициент 5508, се пресметува годината 855. Според александрискиот систем, со коефициент 5500, доаѓа 863 година, која се јавува и во многу други извори. Ако се земе предвид распространетоста на алексадриското пребројување, и тоа во Византија, Европа, кај Словените, авторот Црноризец, кој токму спори со Грците за јазични и книжевни проблеми, можел да го примени александрискиот систем, како своевиден удар за непријателите.

Крајот на некои преписи апострофира дека има и други одговори, но „сега нема време“. Токму овој завршеток а и самиот пометок, кој нема вовед, ги натерало повеќе научници да го сметаат делото како дел од поголем состав, што не се зачувал. Други се застапуваат за мислењето дека списот претставува резиме од поширок состав. Самиот познат материјал дава можности за поширoки приоди, а и самиот автор на крајот тоа го соопштува.

И насловите на делото во преписите се разновидни. Насловот на најстариот Лаврентиев препис од 1348 година гласи: О писмєнєхъ Чрънориzца Храбра“. Ваков е називот и на Московскиот препис од XV век. Во Чудовиот препис насловот гласи: „Сказанїє како составѝ, стѣи кирилъ словєнꙑ писмєна противоу ꙗзꙑкоу“. Вака гласи насловот и во Молдавскиот препис, потоа во Вроцлавскиот, додека на пример, во Андриевскиот препис насловот е продолжен: „Сказанїє како составѝ: стѣи кирр҃и философъ азбꙋкоу по ꙗзꙑкоу словєньскꙋ и книгы прєвєдє ѿ грєчєскихъ на словєнскій ꙗзык“. Сличен е насловот и во ракописот од збирката на Иван Царски.

Како дискутабилно прашање во врска со делото останува и прашањето со која азбука бил напишан списот. Од понапред споменатите причини, според кои Храбар може да се смета како припадник на Охридската школа, каде што најдолго се зачувала глаголицата, најлогично е да се претпостави дека Црноризец го напи-

шал својот трактат со глаголска азбука. Научниците кои се застапуваат за глаголицата, како најсилен аргумент го истакнуваат прашањето на тријазичниците: „дроүзии же глать. почто есть. ли, писмєнъ створилъ. а можєть са и мєншимь того писати, ѭкоже и грьци. кд пишѫть...“ Ова прашање не би можело да се однесува на кирилицата, бидејќи таа е чиста копија на грчкото писмо, според тоа Грците не би се бунеле во толкава мера против кирилицата. Како втор аргумент - Грците не би го рекле следново за кирилицата: „чєсомоү же сѫть словѣнскы книгы; ни того бо есть бъ съторилъ, ни то аггли, ни сѫть ижєконни, ѭко жидовьскы и римскы и єллинскы...“ Одбраната можела да биде изречена само од човек што ја осудува и кирилицата“ - пишува Конески, според кого списот на Храбар ја открива полемиката за азбучното прашање - дали да се прими во Симеоновата држава глаголицата или кирилицата. Настојувањата на Симеон за воведувањето на словенскиот јазик како официјален јазик биле сигурни. Спорно можело да биде прашањето - која азбука ќе преовлада. На Грците можела да им биде направена отстапка во поглед на усвојувањето на кирилицата, која била копија на грчкото уставно писмо. Но и таа азбука не била прифаќана само со 24 букви, како што сакале Грците, „ами кирилицата била устроена така што се зеле и посебни букви за специфичните словенски гласови, по системот на глаголицата, па дури и некои нацрти на буквите биле создадени спрема соодветните нацрти на глаголицата.“ За ова секако придонесла борбата на приврзаниците на глаголицата, кои во кругот на Охридската школа и понатаму ја негувале старата традиција. Дека глаголицата била застапена во Храбровиот спис потврдуваат и истражувањата на И. Срезневски, В. Григорович, С. Куљбакин. Уште еден прилог во корист на застапеноста на глаголицата истакнува К. Куев. Според него Црноризец ја имал предвид глаголицата и од следниве причини: азбучниот акростих на епископот Константин според најновите истражувања бил составен според редоследот на глаголицата. Ако во тоа време била во употреба глаголицата, а Црноризец работел во истото време, тогаш не треба да зачудува и фактот дека Црноризец ја употребил исто така глаголицата. Наспроти ваквите определби се изделуваат мислењата на: Ј. Вајс, И. Вашица, Е. Георгиев, кои сметаат дека

списот бил во оригинал составен со кирилски букви. Најновите истражувања, во врска со новооткриените химнографски состави на епископ Константин, пишувани со глаголски букви, со акростихот на азбучната молитва, им даваат предност на првата група истражувачи: Ј. И. Срезневски, В. Григорович, С. Н. Куљбакин, Б. Конески.

Во однос на утврдувањето на изворите на списот „За буквите“, првиот и речиси најважен прилог го дал В. Јагиќ. Храбар ги познавал делата на: Псевдо-Теодосиј, Теодорит Кирски и Климент Римски. Од нив црпел податоци за писменоста, а за делот на грчкиот превод на Библијата го користел Епифаниј Кипарски, како и Евсевиј Кесариски. Јагиќ наведува примери на извори кои можеле да му послужат на Храбар, кога зборува за грчкиот превод на Библијата, направен во Александрија од седумдесетминатa. Најголема сличност покажуваат одделни делови со текстот што се наоѓа кај Псевдо-Теодосиј, во однос на развитокот на грчкото писмо. На пример: „Η τῶν παρ ῾Ελληοι στοιχείων εισαγωγή ’απο τοῦ ἄλεφ γέγονεν...“

„Жидѣѣ бѡ пръвоѥ писмѧ имѫть алєфь, єжє сѧ сказаєть...,.

Во средниот век било мошне дискутабилно прашањето за поголемата старост на еврејскиот или на сирискиот јазик. Храбар ја поддржува втората теза. Според Јагиќ, изворот од кој се служел за своето искажување, бил византиски, но не е утврдено токму кој е. Куев истакнува уште една причина, поради што Црноризец ја прифатил оваа теза. Тој сакал да ја оневозможи тријазичната ерес во своите настојувања да бидат признати само трите јазици: еврејскиот, грчкиот и латинскиот.

Трактатот „За буквите“ фигурира во повеќе словенски преписи, во сите јужнословенски редакции, а најмногу во руска редакција. Неговата распространетост се должи на мошне важните посочени момента во списот, во однос на словенската писменост, за што постоел широк интерес кај сите Словени, а што се чувствува и денес. Неговиот полемичен карактер предизвикал патриотски чувства и искрен жар за продолжување на словенската култура кај сите Словени.

Трактатот бил често издаван од страната на видните слависта низ вековите. Првпат бил напечатен во еден буквар од 1575 - 1580 година, веројатно во Вилно,

со наслов: „Сказаніе како состави святый Кирилъ Философъ азбуку по языку словеньску и книги преведе от греческихъ на словенскій языкъ“. Во 1621 година Храбровиот спис бил повторно издаден во друг буквар, пак во Вилна. Во XVII-от и XVIII-от век се јавиле изданија во Москва, Супрасал. Во 1824 година Калајдович го издал т.н. Лаврентиев ракопис, и го посочил како автор Црноризец Храбар. Веќе во 1843 година Бодјански публикувал нов препис - т.н. Вроцлавски ракопис и потоа за ова важно дело се заинтересирале: Срезневски, Шафарик и други познати слависта. Во монографијата за Храбар Куев набројува изданија на списот и прави еден значаен труд, објавувајќи уште 57 нови преписи, кои се веќе издадените шеснаесет преписи и ја достигнува импозантната бројка - 73 преписи. Куев, покрај описот на ракописите ги посочува важните моменти од нивната појава, развиток, место на наоѓање и сегашно место на чување. Редоследот е направен според нивната старина. На прво место се наоѓа Лаврентиевиот препис со потекло од 1348 година, кој сега се наоѓа во Народната библиотека во Санкт Петербург. По него доаѓа Московскиот препис од XV век, откриен во 1847 година од Александар Горски, потоа преписите: Савинскиот, Чудовиот, Хилендарскиот, Зографскиот, итн. Авторот ги наведува поважните изданија на ракописите, а на крајот дал фотокопии од нецелосните текстови на преписите. До денес бројот на преписите ја надминува бројката 80. Црноризец ни се претстави со еден краток спис, а предизвика толку силен интерес во целиот научен славистички свет. Иако е делото мало, секој негов дел органски израснува преку наредниот дел во една единствена целина, градена со вештина на одличен писател, стилист и полемичар. Откако смирено ќе ги покаже своите аргументирани знаења од областа на развитокот на грчката и на словенската писменост во улога на историчар, Храбар се задржува и покажува на одделни клучни моменти кои можат разновидно да бидат протолкувани, во улога на разборит одразувач на научната дијалектичност; за да премине дури во третата фаза во бурна полемика со тријазичниците - во улога на полемичар кој дејствува поразително информирано, прецизно и образложено, со што излегува на крајот како убедлив победник.

За да ги поврзе и да ги сумира сите овие квалитети и способности, средновековниот писател морал да поседува широка образованост и вреден талент на

писател - полемичар. Со вториот дел од списот Храбар настапува како страстен и необично смел заштитник на словенската писменост кога таа го барала своето место меѓу културните народи со постара писмена традиција. Тој е опфатен и длабоко заинтересиран и заангажиран со една голема идеја која го води при составувањето на текстот, а со што излегува надвор од историските рамки во кои живеел. Црноризец пред десет векови го истакнал високочовечкото барање за еднаквост на луѓето, како што тоа на сличен начин го потенцирал и Кирил Филозоф, поради што и Храбар ќе го издигне на највисокиот пиедестал во средновековната средина. Само една таква личност можела толку смело да го продолжи и брани делото на браќата Кирил и Методиј. Иако не бил директен нивни ученик пројавува слични особини како и браќата Солунчани: решителност, бескомпромисност, желба да се даде се од себе за Словените. Борбата на ова поле не означува само полемика преку перото, туку барала саможртвување.

Покрај неминовноста на неговиот средновековен духовен поглед кон светот, по силата на сопствената здрава логичност и образование, тој настапува како дијалектичар. Појавите никогаш не ги опсервира одделно, но во еден стален природен и логичен развиток. И еврејскиот, и латинскиот, и грчкиот јазик, според него не биле создадени наеднаш, туку и тие имале своевиден сопствен и определен развиток. Така и словенската писменост ја конкретизира како неминовна појава, против што би била безразложна побуната на тријазичниците. Иако живеел во средината на еден зацврстен догматски систем, без посебни продори на некаква научност, по силата на својата општа информираност и образованост, врз основа на реалното восприемање на светот, стварноста. Црноризец доаѓа до смели и напредни заклучоци, особено ова е важно кога се имаат предвид условите во средниот век. Ќе го истакне божјото потекло на азбуката, вдахновеноста на Кирила од бога при нејзиното состанување, за да упати кон фактите на реалноста - дека Кирил се угледал и на грчката азбука. Додека Кирил ја составувал азбуката не добивал помош од некоја висока сила, туку ги следел нацртите на грчката азбука, а се стремел да ги одбележи соодветно и специфичносите на словенските гласови. Од аспект на денешните услови полемиката на Храбар не зачудува, но поставена во условите на средновековната схоластика се истакнува

со посебни квалитети, невообичаени за авторите од IX и X век. Тоа покажува дека резултатите на Кирил и Методија по извршувањето на Моравската мисија биле поголеми и позначајни, отколку што тие ни изгледаат на прв поглед. Врз нивната пожртвувана активност и дела израснуваат великани на словенската писменост и култура од редот на Климент и Наум Охридски, епископот Константин, Црноризец Храбар.

Неговиот спис останува како искрена апологија за словенството. Таа не е наметната, не израснува од основата на современите настани и услови, кога и Словените се бореле за рамноправност на културно поле. „Храбар се истакнува и како писател кој се бори за рамноправност на народите, за правото на секој народ да го пројави својот дух низ сопствениот јазик. Тоа е заслуга од меѓународно значење“ - истакнува Велчев. Со искрената заштита на словенската писменост, со острите и образложени напади против тријазичниците, списот „За буквите“ останува како важна словенска полемика и апологија од средниот век. Заштитата на словенската писменост ја дал во публицистичка форма. Храбар отворено ја образложува неминовноста на развитокот на словенската писменост. Неговиот рационализам, што го откриваат аргументите употребени во апологијата, неговите логични мисли, кои покажуваат дијалектичко согледување на појавите, како и неговите познавања на современата, но и на старата општа историја и на историјата на книжевностите на разни народи, открива една ретка појава во средновековната словенска книжевност. Тој нема да ја превиди и дијалошката форма на искажување, зашто внимава и на вкусот на читателите. кои бараат занимлива содржина, но и форма. Познавајќи ги добро сите книжевни родови, начини на искажувања на познатите византиски писатели, Храбар ги користел нивните вредности и дострели, но успеал да покаже индивидуалност, посебна боја на напредна и револуционерна личност, на духовник кој успеал да прескокне повеќе средновековни догми и препреки - наметнати од општествените услови во средновековието. Неговото единствено зачувано дело го прикажа во светлината на човек кој ги надраснал современиците во својата силна личност на писател, прв средновековен словенски апологет - критичар, публицист - полемичар.

ЛИТЕРАТУРА

КАЛАЙДОВИЧ, К., Їоанн, Эксарх Болгарский, Москва 1824.

ШАФАРИК, П. Й., Расцвет славянской писмьменности в Болгарии, Москва 1848.

БОДЯНСКИЙ. О., О времени происхождения славянских письмен, Москва 1855, 55 - 60.

RAČKI, Fr., Viek i djelovanje sv. Cyrilla i Methoda, Zagreb I 859, II, 139 - 140.

HANUŠ, J., Der bulgarische Monch „Chrabr“ (IX-X Jahrh), Archiv fur Kunde oster-reichischer Geschichts-Quellen, XXIII, Wien 1859.

ЯГИЧ, В. И., Рассуждения стариы о церковно-славянском языке, Исследования по русскому языку, I, Спб. 1895.

ЛАВРОВ, А. П., Древности. Труды славянской комисии, т. II, Москва 1898.

ГРУНСКИЙ, К. Н., Памятники и вопроси древнеславянской письменности, I, Юрьев, 1904.

SNOPEK, Fr., Studio Cyrillo-Methodejske, Brno 1906.

СОБОЛЕВСКИЙ, А., Материалы и исследования в области славянской филологии и археологии, Спб. 1910, 131 - 133.

SNOPEK. Fr., Constantinus-Cyrillus und Methodius die slavenapostel, Kremsier 1911, 14 - 15.

ИЛЬИНСКИЙ, А. Г., Кто был Черноризец Храбр?, Византийское обозрение, С. Юрьев 1917, 151 - 156.

MAZON, Andre, Le moineChrabreet Cyrille, Сборник в чест на В. Н. Златарски, София 1925, 119 - 122.

ЗЛАТАРСКИ, Н. В., История на българската държава прес средните векове, т. I, ч. 2, София 1927.

ТЕОДОРОВ-БАЛАН, А., Кирил и Методи, II, София 1934, Johannes episkopus, servus sevorum (Dei), Reverendissimo Methodio archiepiscopo Pannoniensis ecclesie, 219.

МИЛЛЕВ, Ал., Жития на Климент Охридски, София 1961,72.

ГЕОРГИЕВ, Емил, Разцветът на българската литература в IX - X в., София 1962, 313.

ВЕЛЧЕВ, Велчо, Черноризец Храбър, История българската литература, 1, София 1963, 141 - 142.

ГЕОРГИЕВ, Е., Създаване на литературни школи в България през IX - X век, История на българската литература, I, БАН, София 1963, 77 - 96.

DOSTAL, A., Les origines de I'apologie slave par Chabre, Byzantinoslavica, XXIV, 2, 1963, 236 - 246.

СНЕГАРОВ, Ив. Черноризец Храбър, Хиляда и сто години словянска писменост, 863 - 1963, София 1963, 305 - 319.

STIPČEVIĆ, B., Marčanska varijanta „Skazanija o slovesech" CrnoriscaHrabra, Slovo, 14, Zagreb 1964, 52 - 58.

КОНЕСКИ, Блаже, Охридската книжовна школа, Книга за Климент, „Кочо Рацин", Скопје 1966, 69 - 89.

КУЕВ, К., Черноризец Храбър, София 1967.

ШОПОВ, Димитар, „О писменах" на Црноризец Храбар, литературен збор, 5, Скопје 1967, 1 - 6.

КОНЕСКИ, Б., За Храбровата апологија и за зборот „боукаръ" во неа, Studia paleoslovenica, Praha 1971, 175 - 178.

MOŠIN, V., Jo o Hrabru, slavenskim azbukama i azbučnim molitvama, Slovo, 23, Zagreb 1973, 5 - 73.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Харалампие, Во мугрите на словенската писменост, Скопје 1973, 287.

ГЕЧЕВ, Ст., Към въпроса за авторството на Храбровата апология, Литературна мисъл, София 1975, 4, 87 - 101.

АНТИЌ, Вера, Црноризец Храбар, Од средновековната книжевност, „Македонска книга", Скопје 1976, 72 - 100.

ДЖАМБЕЛУКА-КОСОВА, А., Черноризец Храбар, О писменехъ, София 1980.

БЕРНШТЕЙН, Б. С., Западно-славянские (моравские) ёлементы в сказании „О письменах" Четноризца Храбра, Македонски јазик, Скопје 1981 - 1982, 43 - 48.

ИВАНОВА, К., Един вероятен източник на „За буквите" от Черноризец Храбър. Литературознание и фолклористика, Сборник в чест на 70-год. на акад. П. Динеков, София 1983, 82 - 88.

ПЕТКАНОВА, Донка, Черноризец Храбър, София 1984.

МИОВСКИ, Мито, Актуелноста на апологијата на Црноризец Храбар „О писменех", Литературен збор, 4, Скопје 1985, 13 - 19.

ПРЕЗВИТЕР КОЗМА

И средновековниот писател Презвитер Козма им се приближува на епископ Константин и Црноризец Храбар со својата скромност, не оставајќи и најнужни податоци за себе и за својата дејност. Неговата популарност ја засведочува пообемното прозно дело, озаглавено како „Беседа против новопојавената богомил ска ерес“, кое ќе ги даде и податоците и побудите на авторот за еден ваков состав и пристап. Беседата како книжевно дело ќе стане најважен историски словенски извор за проучувањето на богомилското движење, повеќеслојно верско, дуалистичко, еретичко учење, поставено на значајна социолошко-општествена основа.

Ова учење се раѓа во Македонија, каде што се откриени најстарите богомилски општини, корените на масовната богомилска распространетост, богатата традиција, чии траги допираат и до нашата современост.

Во однос на потеклото и местото на дејствување на Презвитерот Козма се јавија противречни мислења. Бугарското потекло и Преславскиот центар биле лоцирани од славистите: М. Попруженко, А. Вајан, Д. Ангелов. Б. Конески во најстарите преписи од Беседата наоѓал црти карактеристични за Преславскиот центар. М. Лоос се определил за местото на настанување на делото во североисточна Бугарија, а времето го определил - по смртта на царот Петар. Е. Георгиев го открил местото на работа и пишување во Ловеч или Трново. В. Киселков се појави со нова теза, според која Козма бил роден во Охрид, кон крајот на X век. Киселков подвлекол дека Козма уште во раната младост бил ракоположен за свештеник во една охридска црква. Западно-македонското потекло е застапувано во трудовите на: Ј. Трифонов, Б. Примов, Ј. Шидак, Ј. Ешан. Во аргументацијата на Ј. Трифонов наоѓа силна основа и М. Генов, кој смета дека самото богомилство било сврзано со Запад на Македонија, за што потврда даваат и историските извори, и географските називи. Н. Благоев се застапува за

северно-бугарско потекло на авторот. Самите преписи на делото откриваат и источно-бугарски црти, а други пак - западно-македонски.

Засведочениот чин презвитер на Козма ги навел научниците да одат по разновидни патокази. Бидејќи во поглавието за епископите Презвитер Козма зборува на неколкупати во прво лице, научниците Д. Ангелов, И. Дујчев, И. Гагов, Ј. Бегунов - кој ја составил и најобемната и најновата монографија за авторот, се определиле за значењето на овој чин во епископска функција. Со името презвитери биле наречувани и епископите: Климент Александриски, епископот Дионисиј, и други. Меѓутоа, не е мал бројот на научниците кои сметале дека Козма заземал понизок чин од епископски, најлогично свештенички: М. Попруженко, Ј. Трифонов, Е. Георгиев, В. Велчев.

Меѓу најстарите словенски преписи на текстот од Беседата се смета скратената верзија „О оучєниі вѣри“, што ја среќаваме во Драголевиот зборник, српска редакција, но со очевидни траги дека настанала врз основа на македонска предлошка. Зборникот е датиран во XIII век (П. Сречковиќ, Љ. Стојановиќ, А. Белиќ, А. Соловјев, Д. Ангелов, М. Соколов), а за почетокот на XIV век се определиле: В. Јагиќ, Е. Карски, Ѓ. Радојичиќ, и други. Мошне значајни се руските преписи на Беседата, кои се и најбројни. Меѓу нив секако е значаен преписот од 1491 - 1492 година, од збирката на Соловецкиот манастир, бр. 856. Оваа Беседа е сместена во Зборник на игуменот Доситеј во Новгород. Не помалку значаен е и Волколомскиот препис од XV век, во библиотеката на Московската духовна академија. И овој ракопис потекнува од новгородската облает, а посебно го користат: П. Строев, јеромонахот Јосиф, М. Попруженко. Со недвосмисленото откривање на една верзија од Беседата кај рускиот автор Георги Грек од XI век, се наметнува тврдењето дека и Беседата била позната во руска средина многу порано од XV век, па истражувачите одат и до X век. Вакви траги се набројуваат и во други дела од руската стара литература. Недоволниот број јужнословенски преписи се објаснува со специфичната состојба во која се нашла бугарската држава во крајот од X век. Всушност, и појавата на богомилското учење се бара токму во изострените класни односи, а и во надворешните надвиснати опасности.

Годината кога дефинитивно била завршена Беседата останува до денес непрецизно дефинирана. Поголемиот број слависти имаат заедничка определба за временастанувањето околу 969 година, која година ја одбележува смртта на бугарскиот цар Петар. Бројните истражувања се вкрстуваат некаде во втората половина на X век: А. Гиљфердинг, В. Јагиќ, М. Дринов, К. Иречек, А. Пипин, В. Златарски, Ј. Трифонов, В. Киселков, Б. Конески, Ј. Бегунов, В. С. Антиќ. Најчести се заклучоците кои се движат некаде пред 969 година, завршувајќи со 970 година. Покрај овие мислења има и спротивни, за подоцнежно потекло на Беседата, со граница до XIII век.

За самиот строеж на делото, исто така, се јавија контрадикторни хипотези. Бидејќи сите пронајдени преписи се разновидни, со анализата и на нивната кратка и опширна верзија, славистите заклучиле дека суштински сите тие откриваат два содржински дела. Во првиот дел доаѓа до израз антибогомилскиот став и всушност овој дел претставува извонреден полемичен книжевен текст, со критичка против богомилска острица, а вториот го открива доминантниот авторов критичен став кон современите општествени претставници и појави. Разногласието на преписите ги насочувало истражувачите да сметаат дека Козма првобитно составил две, три, тринаесет, четиринаесет творби, подоцна вклопени во една целина. Најновите анализи, меѓу која и таа на Бегунов, даваат единствен одговор за презентираната единствена творба на авторот Козма.

Книжевните и јазичните анализи на Беседата откриле во неа 299 библиски цитати. Оваа бројност на делови од текстот на Библијата е многу значаен, бидејќи дал показатели за новата редакција на Библијата, пренесена од Моравија во Бугарија и Македонија, по првичната редакција и превод извршен од архиепископот Методиј. Покрај Библијата, учениот Презвитер Козма ги користел: татковците на Црквата, особено Св. Василиј, Св. Јован Златоуст. Последниот му бил најсакан и најценет автор, и очевидно многу често и успешно го вклопува во составот. Одлично ги познава уште: Атанасиј Синаит, Ефрем Сирин. Василиј Велики, Јован Дамаскин, Теодор Студит, Климент Охридски, епископот Константин, Јоан Егзарх, царот Симеон. На авторот Козма му биле познати и решенијата од вселенските собори, особено на Четвртиот и Шестиот. Како можни

извори за Беседата се споменуваат делата на Петар Сицилиски, патријархот Фотиј, Георги Амартол. Бројните цитата откриваат дека Козма ги познавал богомилските состави.

Беседата на Козма се распространи преку бројните преписи во сите словенски редакции, а авторот стана набргу познат и користен од разновидни научни аспекта: јазични, книжевни, историски, економски, општествени, социолошки, културолошки. Самиот воведен дел го открива авторот како заинтересиран ортодоксен христијанин за напредокот на христијанската црква. На законитостите и поставките на христијанската религија им се противстави еретичкото богомилско учење. Козма ги користи пророштвата од Стариот Завет кои предвиделе појава на луѓе кои ќе му се покорат на ѓаволот. Ѓаволот го сфатил еретичкото движење како најголем грев и затоа го навел кон него Арија, кој започнал да го хули Исуса. Така настрадал и Савелиј од ѓаволот, По него се вброил и Македониј. Затоа, на Никејскиот собор во 325 година светите Црковни татковци ги разоткриле еретичките движења, а еретиците ги проколнале.

По уводот следи првата глава, во која Козма непоштедно ги открива богомилите и нивната ерес: „Се случи во годините на правоверниот цар Петар, во бугарската земја се појави поп по име Богомил, поточно е да рече Богунемил. Тој прв почна да ја проповеда ереста во бугарската земја“. Во случајов е познато дека во годините од владеењето на царот Петар, Македонка влегувала во составот на Бугарската држава, а бројните научници, кои перманентно се занимавале со богомилското дуалистичко движење, откриваат недвосмислено дека лулката на богомилството е всушност Македонија, каде што се лоцирани првите богомилски општини, и каде што до денес се зачувани географските топоними од богомилите: селото Богомила, планината Бабуна. Традицијата на богомилството е толку тврдо вкоренета во Македонија, што дури и современиот македонски фолклор изобилува со богата траги.

За да ги прикаже и открие во вистинската боја еретиците богомили, авторот ги опишува и надворешно, и духовно, и во рамките на општеството. Така на пример, откако ќе ги претстави нивните смирени фигури, лица бледи од лицемерно постење, стремеж кон незабележливо и тихо минување, без насмев, без посеб-

ни забележливи движења на главата, Козма прави мошне успешна компарација, служејќи се со ефектот на антитезата: „Надворешно прават се за да не ги разликуваме од правоверните христијани, а внатрешно се волци и sверови, како што рече господ.“ Со таквиот смирен изглед тие ги привлекувале наивните христијани. „А тие, слични на волк, кој сака да земе јагне, првин се преправаат дека воздишуваат и смирено одговараат, а кога проповедаат се претставуваат како да се на небото“.

Козма ги слика лицемерните постапки, за да може да дојде кон убедлива поука, со директно обраќање кон христијаните, со опоменување да не дозволат да потпаднат под нивното влијание, за што го препорачува читањето на светите книги. За да биде авторот посугестивен и поубедлив се служи со цитати точно од препорачуваните свети книги, искажувани од господа, од пророците, од апостолите. Козма покажува несомнено заложување да биде убедлив, искажувањето да тече живо, брзо и поуката да се прима директно. Еве како го постигнува тоа Козма во еден пример: Козма сака убедливо да ја подвлече богомилската еретичност, со цел христијаните да ги избегнуваат. Во оваа цел писателот го цитира господа запрашан од учениците во Елеонската Гора како ќе ги распознаат лажните господови пророци и луѓето што ќе се претставуваат лажно: „По нивните плодови ќе ги распознаете, бидејќи не може добро дрво да роди лош плод, ниту пак лошо дрво - добар плод. Не берат од трњето смокви, нити од капините грозје.“ По цитирањето се вмешува директно и писателот: „Така и вие, познавајте ги таквите според плодовите, т.е. според лицемерието, според критикувањето, според хулењето. А кога ги препознавате, одбегнувајте ги, за да не бидете осудени со нив.“

За долгочасовното молење од страната на богомилите укажува и овој цитат: „Ние му се молиме на бога повеќе од вас, бдееме и се молиме и не живееме во мрзеливост како вас.“ Козма оваа богомилска особеност ја прикажува како „самопофалување“, истакнувајќи дека и бесовите му се обраќаат на бога, но со своите хули. И Молењето на еретиците Козма сака да го омаловажи како неискрено, споредувајќи го со хулење.

Критикувајќи ја упорноста на богомилското истрајно докажување на своето учење, Козма ќе ги спореди со неразумноста на добитокот: „Побргу ќе вразумиш

добиток, отколку еретик. Свињата го одбегнува бисерот, а го собира ѓубрето. Така и еретиците ја голтаат својата смрдеа, а ги одбегнуваат божествените книги.“

Козминитe споредби прераснуваат во успешни слики, особено кога ги потцртува спротивностите. Градацијата на споредувањата расне спонтано и живо, со што и ефектот на потцртуваните показатели се засилува. „Полоши се од глувите и слепите идоли. /Мисла на богомилите/ Идолите, бидејќи се од дрво и од камен, нити гледаат, нити слушаат. Еретиците пак, бидејќи имаат човечки мисли, доброволно се вкаменија и не го препознаа вистинското учење... Тие се полоши и од бесовите. Бесовите се плашат од Христовиот крст, а еретиците ги сечат крстовите и си прават од нив орудија. Бесовите се плашат од ликот на господа нацртан на штица, еретиците не се поклонуваат пред иконите и ги наречуваат идоли.“

Од критиката на богомилското учење ги дознаваме фактички нивните сфаќања. Покрај непочитувањето на иконите, тие не ги признавале светите мошти, нивната чудотворна сила. Богомилите искажувале дека чудата може да ги врши само ѓаволот, за да ги прелажува луѓето. Поради ваквите нивни поставки не треба да зачудува гневниот тон на Козма, кој полемизира со нив, докажувајќи ја исправноста на христијанската религија. Очигледно, авторот бил засегнат и заплашен поради еретичката упорност во спроведувањето на своите цели.

Загрижениот автор, пред се како христијанин, не можел да го гледа уништувачкото дејствување на еретиците, од што најмногу страдала христијанската црква. Покрај тоа, во богомил ската идеологија се одело и подалеку, биле засегнувани и прашања од реалното живеење, од социјалната и од општествената тековна проблематика. Во противречностите на класовата и социјалната состојба на бугарското царство во X век, богомилското движење се јавило како сила која ја разнишала ситуацијата во државата, која и без тоа движење не била на завидно ниво. Имајќи ги врвните позиции во државниот апарат - црквата не смеела да дозволи настаните да се одвиваат стихијно. Богомилите не се плашеле да ја засегнат и државната власт, владетелскиот род, кои веќе чувствувале дека не се вечно определени за власт над земјата.

Беседата ја открива и богомилската космогонија, која оставила траги во многу средновековни книжевни состави, а и во нашиот фолклор. Во главата „За созда-

вањето на светот“ се открива дуалистичката космогонија на богомилите, според која видливиот свет и човекот ги создал ѓаволот, заради што од луѓето потекнуваат сите лошотии, на земјата владеат темните сили, додека невидливиот свет го создал Господ. Станува јасен ваквиот став, особено ако се има предвид сликата на феудалното општество во Бугарија. Бројните народни маси, селството, живееле крајно сиромашно и приземно, додека високата малубројна феудална класа уживала врз трудот на потчинетите.

Трудот на Козма открива дека богомилите не го почитувале и признавале симболот на христијанството - крстот, а не помалку потценувачки се однесувале и кон причесната. Тие проповедале дека лебот од причесната не е Христовото тело, ниту виното - крвта на Исуса. Како симбол на телото Исусово го сметале Четвороевангелието, а крвта била Апостолските дејанија. Тие го негирале и црковниот обред, а литургијата не ја признавале. Според нив овие обреди не ги спровеле апостолите, туку Јован Златоуст, кој живеел триста години по Христа. Наспроти ваквиот став, авторот појаснува дека апостолот Петар создал литургија, настаната кај Римјаните. Овој обред го спроведувал првиот епископ во Ерусалим - Јаков. По наредбата на Светиот Дух, Василиј Кападокиски ја разделил литургијата на три дела.

Богомилите најсилни аргументи имале кога ги критикувале свештениците, и речиси сите претставници на црквата. Притоа најчесто го цитирале Писмото на апостолот Павле до Тимотеј, во кое апостолот опишува како треба да се однесуваат овие црковни служители во својата дејност. Во хулите на богомилите не биле превидени старозаветните пророци и нивните пророштва. Мошне предизвикувачки е и богомилскиот став и напад на Богородица. И иконите не биле почитувани од нив. Ги сметале за обични човечки ракотворби, од дрво, злато, железо.

Главата за ѓаволот ги открива погледите на богомилите кон оваа создавачка сила, а и на црковниот автор Козма. Според богомилите ѓаволот ги создал: небото, сонцето, ѕвездите, воздухот, земјата, човекот, црквата, крстовите, или „се што се наоѓа на земјата, мртво и живо, го наречуваат ѓаволско“. Дури и крштавањето на малите деца за богомилите не бил свет чин. Не верувале дека Христос излеку-

вал болен, слеп, сакат, ниту дека воскреснал мртовец. Со потсмев го негирале тврдењето дека Исус со пет лебови го нахранил народот. Четирите лебови ги сметале како симболи на четирите евангелија, а петтиот ги претставувал Апостолските дејанија, што значи дека овие дела ги признавале. Беседата го открива молитвениот ритуал на богомилите. Се молеле четирипати во ноќта, и четирипати во денот, без крстење, а почетокот на молитвата гласел: „Татко наш, кој си на небото...“ И црквите за еретиците не биле свети собиралишта, туку најобични крстопати, каде што луѓето непотребно му се молеле на Бога.

Посебно е интересен богомилскиот став кон трудот, кој наполно го отфрлале. Овој став се поврзува со нивниот однос кон владетелската формација: „Ги хулат богатите, пишува Козма, ги учат своите да не им се покоруваат на господарите, не го сакаат царот, ги исмејуваат старешините, ги укоруваат властелите (болјарите), мислат дека Господ ги мрази оние кои му работат на царот и му заповедаат на секој слуга да не му работи на својот господар.“ Козма ги брани позициите на феудалците, ја истакнува познатата христијанска повелба за покорност и трпение на земјата, за да се достигне божјото небесно и вечно царство. Разбирливо е дека ваквите ставови биле не само смели, туку и опасни во изострените противречности на феудалното општество. Во нивните напредни ставови се вбројува и вклучувањето на жената во рамноправното живеење, дури и во обредите. Овде Козма е дециден и ги цитира апостолите: „Не дозволувај жената да поучува, ниту да господари над мажот, туку да молчи.“

Во последниот текст од првиот дел на Беседата доаѓаат советите на Козма. Луѓето можат да ги препознаваат лажните од вистинските проповедници. Ги советува луѓето да бегаат од еретиците, за да живеат според волјата на Господа.

Вториот дел од Беседата ја открива општествено-економската, културната состојба во средновековната бугарска држава, која ќе предизвика ред современи појави и појави, меѓу кои и еретичкото богомилско учење. Интересно е да се констатира веднаш дека писателот покажува неверојатен реализам во делото, во условите на средновековната зачаурeност. Имено, критикувајќи ги богомилите, тој постелено ги открива и причините за нивното проширување. Сакајќи најискрено да ја поправи ситуацијата, тој ќе ги укаже и недоличностите на претста-

вителите на црквата. Сакајќи да ја поправи ситуацијата, Козма ќе се јави и како свесен критичар на негативностите што биле очевидни во неговата современост. Прво им се обраќа на монасите, кои формално ги носат црните раса, а во животот се владеат по не пропишаните правила. Повеќе мислат на женидби, или стихијно недолично живеат, а некои го прифатиле и скитничкиот живот. Место скромност, богоугоден живот, тие се оддавале на јалови и празни разговори, гледале со снаодливост да профитираат, а биле и порочни: сребролупци, љубоморни, не се откажувале и од најсекојдневните ситни задоволства. На молитвите заборавиле одамна. Заради лошата економска ситуација, некои оделе во монаси, оставајќи ги семејствата незгрижени. При замонашувањето не ги водела основната желба и љубов. Добрата храна и виното им станувале богоугодни, место духовниот збор. Други пак, биле толку мрзеливи, што не помислувале да ја напуштат ќелијата во манастирот, и се гоеле недолично. За жал, вистинските монаси во споредба со овие биле многу помалубројни. Тие не покажувале никакво интересирање за материјалните задоволства и богатства. Биле смирени, му се молеле на Бога, некои воделе осаменички живот, а трчањето за слава им било непознато.

Во вториот дел Козма се запира и врз погледите кон бракот и семејството. Тој смета дека оваа институција и Бог ја поддржува. Се застапува за физичко и духовно единство меѓу сопружниците, за здрави сексуални односи. Ваквиот брак би ги спречил непожелните блудничења. Укажува дека и бракот на Адам и Ева бил благословен од Бога. Но, црковниот претставник не го одобрува разводот.

Козма не заборава да ги прекори богатите. Авторот им препорачува скромност, на богатите дарежливост кон сиромасите, да не мислат само на своите стомаци, туку почесто да ги посетуваат црквите, каде што ќе се молат и нема да мислат на многу споредни и неважни работа. Апелира богатите да ја забораваат себичноста и горделивоста, да го прифатат доброто, да ги сакаат сиромасите. Како добар пример Козма им ја прикажува библиската приказна „За богатиот и Лазар.“ Особена огорченост авторот пројавува кога им се обраќа на богатите, во врска со нивното љубоморно криење на книгите: „Ти си богат, се имаш - Стариот и Новиот завет и други книги полни со поучителни слова и секакви зборови. А и самиот се знаеш. Само уште едно не си дознал: да ја жртвуваш душата за своите

брака. Зошто го затвораш патот кон спасувањето пред очите на луѓето, криејќи ги божествените слова од браќата? Тие биле напишани не да бидат разјадени од мувла и да бидат храна за црвите, но преку нив да се спасат браќата... Не човече, не ги скривај божјите слова од оние кои сакаат да ги читаат и препишуваат!.. Не го заривај божјиот бисер во својата скржавост и алчност.“

На особена критика се подложени луѓето кои постојано трчале по некакви игри и слушале разновидни народни басни, со што Козма ги загатнува распространетите народни творби и обичаи. Тој открива дека луѓето ги понесувале: виното, гуслите, игрите, бесовските песни, верувањето во сонови. Ваквите навики, обичаи и песни ги наречува ѓаволски, бидејќи не биле препорачувани од светите книги.

Посебна непоштедна критика претрпеле епископите и другите високи претставници на христијанската црква, од самиот средновековен книжевник:, „О овчари на божјите словесни стада, земате млеко и волна од стадото, а не се грижите за овците?“ Понатаму ги набројува породите кои не треба да ги има епископот: пиење, злоба, лакомост, пакостништво, мрзеливост, неукост. Козма свесно истакнува дека заради породите на епископите се јавиле еретиците. Загрижениот писател ги посочува убавите примери на беспорочните христијани со високи чинови: Григориј Богослов, Василиј Велики, Јован Златоуст.

На крајот скромниот автор моли извинување заради „простотата“ на изречените зборови и заради смелоста што се зафатил со пишувањето.

Со деталното разгледување на Беседата се заклучува дека Презвитерот Козма ја продолжува традицијата во раната словенска книжевност, што посебно ја започнале Климент Охридски, Епископ Константин, Јоан Егзарх. Станува очевидно дека Козма го познавал нивното дело. Споменавме дека Авторот е и одличен познавач и толкувач на Библијата, а од византиските автори му биле омилени Јован Златоуст, Јован Богослов, како и споменатите извори понапред. И овој автор покажува оригинална автентичност во делото. Она во што авторот верувал, го претставува и делото.

Навлегувајќи во неговите стилски и композициски одлики недвосмислено се изведува заклучок дека Козма бил занимлив автор, кој користи монолошки и

дијалошки методи. Во монологот излегува од стереотипни долги размисли, ги прекинува со директно обраќање кон слушателот, зборува од името на Исуса напати, а живата привлечност ја постигнува со многу суштински цитати од Библијата, од апостолите, посебно го користи апостолот Павле. Авторот ги совладал ораторските вештини врз примерите од: Василиј Велики, Григориј Назианзин, Јован Златоуст. Врз овие карактеристики се задржале поголем број книжевни историчари: Г. Попруженко, Г. Керемидчиев, М. Генов, А. Вајан, Т. Тодоров, В. Велчев, П. Динеков, Ј. Бегунов. Очевидно, Епископ Климент го извел беседништвото до виртуозност, Епископ Константин го интонирал високиот стихотворен текст, Црноризец покажал пример на строга и апологија-полемика, трактат за пример, а Презвитерот Козма запливал во добро познатите води на книжевната сатира. Како да се договарале што треба секој од нив да покаже и како да го интонира натамошниот книжевен пат на генерациите. Во својот сатирично-полемичен состав Козма ги споил традициите на апологетската полемика и на ораторската омилетика. Разбирливо е што со добрите теориски предзнаења и овој автор гради книжевно дело од нов жанр во словенската рана книжевност, кој ги сублимира реалните пулсирања на луѓето сред кои живее авторот.

Градацијата и споредбата се наметнуваат како неопходни стилски фигури во овој специфичен жанр, мошне популарен во византиската литература. Ироничниот тон импонира во прашањата што авторот им ги упатува на богомилите. Затоа метафората доминира во обраќањето на авторот кон „овчарите“ што го чуваат своето „стадо“, а читателот ги предочува епископите и народот. Ораторското искуство го совладал мошне успешно, кое се разбира, бара почитување и употреба на специфични реторски стилски фигури и тропи. Не ги превидел и своевидните анафори и алитерации.

Со усвојувањето на добро и компактно граденото дело Презвитерот Козма израснува пред читателот како сложена книжевна фигура. Од ортодоксен христијанин, кој не може да го гледа еретичкиот пат и пад, постелено прераснува во загрижен патриот, општественик, кој не ги затвора очите пред општите негативни појави и кај богомилите, но и кај луѓето од чија средина и самиот потекнува,

црковно-христијанската, која чекорела паралелно со световно-владетелската класа. Токму затоа и неговата Беседа зазема посебно место во презентацијата на сатирично-полемичкиот средновековен книжевен жанр.

ЛИТЕРАТУРА

СОКОЛОВ, И., Памятник древне русской духовной литературы, Беседа Козмы Пресвитера на богомилов (X - XI в.), Православный собеседник 1864, ч. 1. 483 - 500, ч. 2, 81 - 108.

ЗЛАТАРСКИЙ, Н. В., Сколько бесед написал Козма Пресвитер?, Сборник М. С. Дринову, Харьков 1908, 37 - 48.

JEŞAN, J., Secta paterenã în Balcani si în Dacia-Traianã, impreunã cu istoriaBalcanului pãnã la ocuparea lui definitivã prin osmani, Bucuresti 1912, 685 - 808.

WEINGART, M., Počatky bogomilstvi prvniho opravneho hnuti u Slovanŭ, Slovansky přěhled, Praha 1913, roč. XVI, čis. I, s. 14.

БЛАГОЕВ, П. Н., Беседата на Презвитер Козма против богомилите, Годишник на Софииския университет, Юридически факултет, София 1923, кн. XVIII, 3 - 7.

ТРИФОНОВ, Ю., Беседата на Козма Презвитер и нейният автор, Списание на БАН, София 1923, кн. 29 ,47.

ГЕНОВ, М., Пресвитер Козма и неговата беседа против богомилството, Българска историческа библиотека, София 1929, т. III, год. II, 70.

ГОШЕВ, И., Старобългарската литургия според български и византийски извори от IX - XI век, Годишник на Соф. университет, Богословски факултет, София 1932, т. VI, кн. VIII, 60 - 64.

ПОПРУЖЕНКО, Г. М., Козма Презвитер болгарский писател X въка, Български старини, кн. XII, БАН CCXCI, София 1936 г.

ХАДЖИНЕДЕЛЧЕВ, М., Загадка в една приписка, Ловеч и Ловчанско, кн. VII, 1938, 187 - 194.

ТРИФОНОВ, Ю., Кога се писани Учителното евангелие на епископа Константина и беседата на Козма Презвитер, Списание на БАН, София 1939, т. 58, 15 - 46.

GAGOV, M. J., Theologia antibogomilistica. Cosmae Presbyteri Bulgari, Romae 1942, 47 - 124.

VAILLANT, A., Le traite contre les bogomiles du pretre Cosmas, Revue des etudes slaves, Paris 1944, t. XXI, 14 - 15.

АНГЕЛОВ, Д., Богомилството в България, София 1947.

АНГЕЛОВ, Д., Презвитер Козма и беседата му против богомилите, София 1947.

КИСЕЛКОВ, С. В.,Проуки и очерти по старобългарска литература, София 1956, 135 - 136.

ЛИХАЧЕВ, С. Д., Некоторые задачи изучения второго южнославянского влияния в Русии. IV Международниый съезд славистов. Москва 1958.

ВЕЛЧЕВ, Велчо, Презвитер Козма, История на българската литература, БАН, София 1963, кн. 1, 223.

DUJČEV, I., Zur Datierung der Homille des Kosmas, Die Welt der Slaven, 1963, I, 1 - 5.

MULIČ, M., Pletenije sloves i hesihazam, Radovi staroslovenskog instituta, Zagreb 1965, br. 2, 145.

HERCIGONJA, E., Iz radova istraživanja sintakse i stila nekih glagoljskih neliturgijskih kodeksa XV stolječa, Radovi Zavoda za slavensku filologiju, Filoz. fak. Zagreb 1965, br. 7, 119 - 139.

ГЕОРГИЕВ, Емил, Литература на изострени борби в средновековна България, София 1966, 252 - 254.

МЕЧЕВ, К., За композицията на Беседата против богомилите от Презвитер Козма, Родна реч, София 1966, кн. 7, 19 - 22.

АНГЕЛОВ, Д., Богомилството в България, София 1969.

ЛООС, М., Прашањето за еретичкото движење под царувањето на Самоил, Зборник од материјали од научната средба во Преспа во 1969 година, Скопје 1971, 213 - 219, 289 - 293.

БЕГУНОВ, К. Ю., Козма Пресвитер в славянских литературах, БАН, София 1973.

АНГЕЛОВ, Д., Презвитер Козма и Беседата му против богомилите, София 1974.

БОГДАНОВИЋ, Д., Српска прерада Козмине беседе у зборнику попа Драгоља, Balcanica VII, Belgrade 1976, 60 - 90.

THOMSON, F., Cosmas of Bulgaria and his Discourse against the Heresy of Bogomil, The Slavonic and East European Rewien, 1976, 2, 262 - 270.

АНТИЌ, В., Презвитер Козма, Низ страниците на јужнословенските книжевности, Наша книга, Скопје 1977, 105 - 188.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Д., АНТИЌ, В., Богомилството во средновековната изворна граѓа, Скопје 1978.

АНТИЌ В., Првиот анонимен антологичар од Македонија, Современост, Скопје 1979, бр. 1 - 2 ,67 - 73.

ВЕЛЧЕВ, В., Презвитер Козма - борец срещцу богомилството и изобличител на феудалното общество, От Константин Философ до Паисий Хилендарски, София 1979, 105 - 138.

ДАВИДОВ, А., Речникът на „Беседа против богомилите“ от Презвитер Козма и Супрасълският сборник, Проучвания върху Супрасълския сборник, София 1980, 137 - 145.

ДАВИДОВ, А., Честочен речник на „Беседа против богомилите“ от Презвитер Козма, Трудове на Велико-търновския университет „Кирил и Методий“, 1980, 2, 15, 197 - 219.

АНГЕЛОВ, Б., Старобългарски писатели, София 1981, 88 - 104.

АНГЕЛОВ, Б., Стара българска литература, т. II, Ораторска проза. София 1982, 30 - 77, 307 - 310.

ДОБРЕВ, И., Апостолските цитати в беседата на Презвитер Козма и преславската редакция на Кирило-Методиевския превод на Апостола, Кирило-Методиевски студии, 1, София 1984, 44 – 63

ХАГИОГРАФИИ

Меѓу средновековните книжевни жанрови посебно место зазема хагиографскиот род, или житијната книжевност. Самиот назив доаѓа од основната карактеристика на овој книжевен род - животопис на свет човек (ἁγιογραφία) или житие (βίος). Овој средновековен книжевен род е присутен во сите средновековни книжевности. Се јавува во врска со продорот на христијанството, кога неговиот трновит пат до официјалното прифаќање како државна религија, го одбележале бројните маченички жртви на христијанските борци. Ова било посебно забележливо во првите векови од христијанската ера, кога озваничената и вкоренета паганска религија тешко го отстапувала своето место. Првите книжевни описи на жртвуваните маченици за христијанската вера биле документирани во зборниците познати под наслов Acta martyrum. Во првите состави на маченицитe влегувале најнужните податоци за односните личности. Најчесто авторите на овие кратки состави за првите жртви за легитимитетот на христијанската религија биле самите свидетели на измачувањата, заради што и составите и денес претставуваат значаен историски материјал за времето и настаните од првите векови на христијанската ера. Низ целиот среден век овие историски документациони материјали го засилувале или го ослабувале веродостојниот белег. Честопати се засилувале фантастичните елементи, за сметка на реалните. Оттука доаѓа и познатото мислење дека хагиографиите се движат на релацијата меѓу вистината и легендата, што сигурно претставува и една општо-прифатлива карактеристика за целиот овој популарен средновековен книжевен род. Сигурно е дека во одредени периоди и во одредени средини преовладувале извесни карактеристики, кои им давале посебна боја на хагиографските состави, што зависело во голема мера од специфичностите и развојните линии на соодветната средина, среде која се јавувале составите.

Кога се запираме на одредени теориски поставки и гледишта за хагиографиите неминовно е регистрирањето на определените поголеми состави со хагиографии. Кратките житијни текстови се среќаваат во зборниците познати под име Пролог, или Синаксар. Поголемите состави биле групирани во зборници по месеци, познати како минологиони. Посебно познат бил Минологионот на византискиот автор Симеон Метфраст, кој живеел во IX и во почетокот на X век. Повеќе години заземал служба на логотет, за да го заврши животот како монах. Покрај овој византиски Минологион, се јавиле и други слични од други автори, а посебно и разновидни синаксарни состави.

Разбирливо е дека византиските книжевни хагиографски состави имале пресудно влијание врз словенските автори, заради што се наложува потребата од нивното запознавање. Меѓутоа, за хагиографиите е установено мислењето дека иако тие биле градени по примерите кои се одликувале со висок стил и со особеностите на спефицичната средновековна поетика, во соодветните земји преовладувале посебните специфики, со кои веднаш се разграничувале составите од различните средини. И што е уште поинтересно, не постои речиси ниту еден друг покарактеристичен пример кога одреден род содржи мошне шаблонизирани и утврдени закономерности, а истовремено толку специфични разлики утврдени во средините каде што тие изникнале. Житието во која и да било средина има за цел да покаже остварен идеал, пример на избран свет живот. Кон овој идеал тежи целата друга книжевна апаратура, подредена на основната цел. Во нив се вградува христијанското верување за победата на Христос над смртта. Житието треба да го истакне култот на односниот светител, кој ќе го потврди христијанскиот идеал, што го потенцира самото новозаветно евангелие. Затоа, и колку да се разликуваат и истакнуваат регионалните и националните карактеристики во хагиографиите, тие чинат една монолитна книжевна целина, поврзана со еден заеднички идеал, земен како пример во секоја помала или поголема хагиографија. Тие се присутни во сите средновековни книжевности и со своите заеднички особености и даваат и посебна специфичност на средновековните книжевности. Затоа сметаме дека е неопходно согледувањето на хагиографскиот род во целина, во една поширока заедница со општо-важечките прототипови, особено и заради

фактот што локалните хагиографии, и колку да се значајни за односната земја, тие не настанале ниту изолирано од општите текови на книжевните правци и жанрови, ниту претставуваат посебно издвоено јадро. Покрај тоа, во секоја средина каде што продрело христијанството го наоѓале својот пат уметничките тектстови на хагиографиите, особено како преводна литература, присутна во сите литератури. Нивната глобална поделба на општо-христијански и локални хагиографии, ја покажува развојната линија на сите хагиографии, нивната широка распространетост, нивното влијание и заемност, нивните врски и допири, нивниот обединувачки центар - идеолошката насоченост, како неминовност и во најопширните текстови и во најкратките, и во општохристијанските и во локалните. Тие тежнеат кон еден примерен лик, кон единствен идеал, кон еден прототип, кој се повторува и истакнува во секој хагиографски состав. За да се оствари идеалниот лик хагиографијата мора да содржи одредени вградени карактеристики, кои шематски се повторуваат во сите нив.

И во самите општохристијански хагиографии може да се дистанцираат две развојни линии, покрај присутноста на опширните и кратките житија, едни со редослед на животниот пат пропратен со чуда (обично лекување на болни, казнување на злосторители, помагање на неволници, итн.), и други, во кои доминира контемплационата градација и обожувањето, што дава поширок можности за вградување на мистични описи. Во нив се наоѓа еден општ и карактеристичен момент во врска со пронаоѓањето на моштите, кога се јавуваат разновидни знаци. Мошне карактеристичен пример дава општохристијанската широко преведувана хагиографија за **Св. Павле Кесарски**, која доживеала голема популарност и сред Македонија.

Централното место во оваа позната хагиографија го зазема привлечната фабула за родоскрвниот грев, чија генеза не води кон комплексниот Едипов мотив. Самата поента во заклучните морализаторски тенденции ја предава пораката дека и најголемиот грев може да биде простен, преку силата на покајувањето. Царот Антон ги оставил како рамноправни наследници на големото царство својот син Ахаз и ќерка си Ахаза. Братот и сестрата склопиле брак, за да не го делат наследеното царство. Рожбата од родоскрвните односи ја фрлиле в река, за

да биде уништена. Меѓутоа, според бројните верзии, детето го спасил калуѓер, овчар, минувач и го одгледал. Тоа е и главната личност во хагиографијата, Павле. Во меѓувреме неговата мајка останала вдовица, се сретнала со Павле и двајцата без да знаат за родбинските врски се согласуваат да склопат брак. На денот на свадбата Павле го прочитал писмото од спасителот и дознал дека невестата е неговата мајка. И двајцата потресени од изненадното сознание, се каат на разновидни начини. Павле му се исповедал на Јован Златоуст и според негова сугестија преседел дванаесет години во еден мермерен столб среде морето, заклучен и осамен. По разни перипетии, откако изминале дванаесет години, го отвориле столбот, а Павле бил се уште жив.

Инцестоидните односи христијанската религија не само што не ги дозволувала, туку тие биле истакнувани во требниците и другите видови словенски ракописи кај нас како степен на голем грев. Истражувањата на овој проблем посебно се задржувале врз Едиповиот комплекс од грчката митологија, распространет во класиката, и посебно разработен од Софокле. Овој познат грчки драматург ја разработил психолошката основа во трилогијата, го постави класичниот мит во современи рамки, задржувајќи се врз вечните атрибути на животот: самодовербата, привидувањето, среќата, иронијата.

Н. М. Костомаров ја подвлекол во своите изучувања космолошката основа на текстовите и легендите со родоскрвен мотив. Корените на инцестот не водат во подалечното историско минато од самата грчка класика. Споредувајќи ги руските книжевни обработки, верзиите на српската песна за Наход Симеон и целиот Едипов комплекс, се доаѓа до дијалектична ретроградна констатација за староста на митот, изграден сложено и уметнички во старогрчкиот мит за Едип. Паганскиот набој добива нова изградена пластичност во христијанскиот свет.

Разбирливо е што самиот средновековен текст може да се разгледува на поширока основа, со следење на ретроградните континуирани врски и состојби, или потесно, во непосредна врска со поблиските влијанија и состојби, кои се сродни со варијантите на народната песна за Наход Симеон. Мошне интересно е и психоаналитичкото толкување на инцестниот мотив. С. Фројд истакнува дека читателот не реагира на моралот што го сеат боговите, туку на постојаната смисла

и содржина на приказната. Тој реагира како да го препознал преку самоанализата Едиповиот комплекс во себе и се ужасува пред постапките. „Сосем е несомнено дека во Едиповиот комплекс треба да се гледа еден од најважните извори на свеста за кривицата, која толку често ги измачува невротично болните“ - истакнал Фројд. Е. Фром ги дополнил овие сознанија, откривајќи уште еден момент. Тој не смета дека Едип е родоскрвен злосторник, туку одраз на побуната на синот против власта на таткото и на патријархалното семејство. Женидбата на Јокаста со Едип ја симболизира победата на синот, кој го зазема татковото место.

Оттука не случајно се проследува и врската на хагиографијата со претходните, и митолошки и книжевни творби, т.е. преминувањето на мотивот од паганството во христијанството, кога оваа важна и разработувана фабула се транспонира преку кесарискиот светител Павле од VI век. Очевидно е дека во бројните книжевни обработки во средниот век земена е личноста на Павле само како начин за да се овозможи остварувањето на патеката на овој животен мотив, кој несопирливо барал нови правци на развиток, очевидно присутни и обработени и во современите книжевности. Самата хагиографија покажува пример кога и уводниот и заклучниот дел изобилуваат со потенцирани укажувања на силата на покајувањето, а самата централа на личност го добива својот светител ски ореол преку самиот чин на каење, затворен дванаесет години во мермерен столб среде морето. Врз овој мотив од средниот век можеле да се јават и сличните и блиски варијанти на песните за Наход Симеон, за што посебно важни научни прилози дале Ст. Новаковиќ, Н. М. Ѓорѓевиќ, а пошироко: А. Веселовски, М. Драгоманов, А. Крап, Г. Мегас.

Мошне впечатлив и карактеристичен пример и кај нас е општохристијанската хагиографија за **Свети Алексеј - Човекот Божји**. За времето на царевите Аркадиј и Хонориј во Рим живеел царскиот достоинственик Евтимијан, кој имал 3 000 слуги. Жена му се викала Аглаида. И двајцата биле вистински христијани и во домот свој секој ден поставувале три трпези за сирачиња и сиромашни. На старост Господ ги сослушал молбите на Аглаида и им дарил син Алексеј. Детето на шест години ги изучило: граматиката, реториката, црковните книги и многу бргу му се оддал целосно на Исуса. Родителите му нашле девојка од царски род

и го оженили во црквата „Св. Бонифацијˮ во Рим. Алексеј ја напуштил жената и родителите уште првата вечер, останувајќи девствен и со брод се упатил во Лаодикија (малоазиски град во Фригија). Потоа заминал во Едеса, Месопотамца (денешен град Урфа на реката Еуфрат). Таму го видел неракотворениот лик од Исуса, кој самиот Исус му го пратил на едескиот кнез Авгар. Се израдувал гледајќи го ликот на Исуса, го раздал целото злато и живеел во припратата на црквата „Света Борогородицаˮ питајќи, цели 17 години. Гласот божји го открил пред верниците во црквата и се прославил. Скромниот Алексеј поради овој факт заминал во Киликија, во црквата на апостолот Павле, но бродот во бурата го одвел во Рим. Не откривајќи се, живеел како сиромашец во куќата на родителите, кои го хранеле и тагувале за синот. Но, еден ден папата Инокентие служел литургија во црквата на „Светите Апостолиˮ, а бил присутен и царот Хонориј, кога се слушнал глас од олтарот, кој го открил Човекот Божји кај Евтимијан, т.е. долгоочекуваниот син и сопруг. Алексеј починал, но во рацете го држел прошталното писмо, токму 34 години од денот на свадбата. Починал на 17 март 411 година, на кој ден е и неговиот помен. Житието ги набројува бројните чуда што се случувале крај неговиот одар, тело и гроб.

Мотивот на ова средновековно житие е поврзан со личноста на Алексеј, кој живеел во IV и во V век, за времето на императорите Аркадиј и Хонориј, при папата Инокентиј I. Богоугодниот пустинечки живот на Алексеј го обезбедил своето место и присуство во сите средновековни западни, источни и словенски книжевности. Г. Сп. Радојичиќ и Н. Колумбиќ св. Алексеј го довеле во врска со животот на Буда, чија историја минала од Индија кај сирискиte христијани. Меѓутоа, ова сигурно повеќе се однесува на средновековниот романизиран живот на Буда, познат под наслов „Варлаам и Јоасафˮ. Буда бил изолиран уште во најмладите години од лошото надворешно влијание, со цел да не допре до него пустиножителското распространето живеење. Меѓутоа, пророштвото се остварило слично како во романот. Во хагиографијата родителите на Алексеј се многу побожни, не го одделуваат од христијанскиот занес, но имаат голема желба тој да основа семејство. Во индиската историја Буда го напуштил семејството, откако му се родил син, додека самиот Алексеј не може да помисли да дојде до

телесен допир меѓу него и свршеницата. Затоа, последниов ја напуштил родителската куќа и жената.

Најстарата верзија со овој интересен мотив е сириската од V и VI век, постара и од грчките верзии. Во словенска средина сторијата преминала од грчка средина. Сериозен приод кон историјата на оваа хагиографија направила В. П. Адријанова, која потенцира дека најстарите руски преписи настанале врз основа на постари јужнословенски предлошки, кои пак од друга страна настанале врз основа на грчки примери. До ваква констатација доаѓа и Б. Грабар, кога посебно ги разгледува развојните фази на хрватските хагиографски текстови, кои имаат врска со крајниот словенски Југ. Словенските верзии потекнуваат од два прототипа, кои понатаму имаат своевиден развоен пат.

Хагиографијата за Св. Алексеј човекот божји се распространила во сите средновековни книжевности, особено и во разни драмски подоцнежни видови. Во Македонија текстот бил многу популарен и познат преку разновидни редакции и верзии. Посебни интересни состави во Македонија претставуваат: Прилепскиот ракопис од 1838 година, како и стихуваното житие за Св. Алексеј, сопственост на Филолошкиот факултет во Скопје, исто така, од XIX век.

Колку бил популарен овој текст во нашата средина зборува посебно богатото народно наследство, во кое е разработена и онародена содржината на хагиографијата. Во прилепската приказна, зебележана од Марко Цепенков, со наслов „Царскијот син посфетен“, живописно, преку народниот збор и мисла, усното кажување ја предава интересната содржина. Денот на Св. Алексеј се слави на 17 март.

Посебна анахоретска тенденција, со примеси на изразит мистицизам, содржеле византиските хагиографии, како и оние кои се однесувале на разновидни познати подвижници во светот, особено на Исток. Така на пример, присутен е мистичниот занес кај **Св. Исидор Пелусиот**. Во неа е истакнато: „Божествениот Исидор од својата младост пролеа толку пот во манастирските бдеења, и своето тело толку многу го умртви, загревајќи ја душата со таинствени и возвишени науки, што на сите им било јасно дека тој води ангелски живот.“ Во Египет анахоретските навики достигнале високо ниво, а пустинските области давале

убави можности за осаменички живот. Тоа го покажува посебно хагиографијата на **Св. Марија Египетска**, кој текст бил посебно популарен на наш терен. Оваа хагиографија ја среќаваме во разновидни словенски редакции, во мешовитите зборници, посебно во популарната дамаскинска литература. Ја има и во Тиквешкиот зборник. Во неа е сликовито даден расипничкиот живот на блудницата Марија, родена во Мисир, а која блудно живеела во Александрија. во VI век. Откако сфатила зошто само таа не можела да влезе во црквата во Ерусалим, се покајала и поминала 48 години во пустината зад реката Јордан, каде што на мошне интересен начин била погребана од ава Зосима и еден лав. Нејзиниот подвиг на пустиникување ги надминал речиси сите примери на подвижништво. Нејзиниот празник се одбележува на 1 април.

Меѓу популарните општохристијански хагиографии кои имале важно место во словенските литератури, се разбира и во Македонија, посебно се истакнува текстот за **Св. Ѓорѓи Кападокиски**. Животописот на овој светител ги следи оние макотрпни чекори на христијанскиот од, кога паганството било легитимна религија во државите на Исток. Родителите на Ѓорѓи биле благочестиви христијани. Татко му го дал животот за оваа вера, а мајка му потекнувала од Палестина, каде што своето големо богатство го разделила на сиромасите. Ѓорѓи живеел во Кападокија, за времето на императорот Диоклецијан, во III и самиот почеток на IV век. Во бројните распространети верзии на хагиографијата меѓу Словените место Диоклецијан се споменува царот Дадијан. Ѓорѓи уште како војник сфатил дека царот неправедно ги измачува христијаните, застанал смело пред него и изјавил: „Знаеш ли царе нечистиви дека јас сум христијанин и дека немам друг Бог од распнатиот Христос? А ти и твоите слуги им служите на идолите и Бог го нарекувате ѓаволот, но тој не им е и на овие Бог. Тоа не се богови, туку кумири глуви, кои ќе те предадат и тебе и твоите луѓе во вечната темнина.“ Оттогаш започнале маките на Ѓорѓи, кого толку го измачувале и растргнувале, што телото му се претворило во една цела рана. Потоа го закопале во една дупка, до каде само главата се надвиснувала над земјата. Царот се послужил и со силата на маѓосникот Атанасиј, кој му дал на Ѓорѓија да испие отров. И покрај сите применети измачувања, Ѓорѓи започнал да ги спасува од смрт неволниците, а вос-

креснал и еден мртовец. Тогаш многу луѓе преминале кон Христовата вера, меѓу кои: жената на Диоклецијан - Александра, маѓосникот Атанасиј, како и дотогаш запалените паганци: Гликериј, Донат, Терина. Царот наредил да биде гилотинирана неговата жена и Ѓорѓи. Александра умрела пред чинот на џелатот, а Ѓорѓи подлегнал пред џелатот во 303 година. Потоа, во хагиографските текстови се редат чудата што ги правел Св. Ѓорѓи и по смртта.

Овој општоприфатен текст бил посебен предмет на истражувања на познатите слависти, кои придонесле да се проследи генезата на ред мотиви што се јавуваат поврзани за животописот на Св. Ѓорѓи. Во овој поглед посебен придонес дале: А. Веселовски, А. Кирпичников, А. Ристенко, П. Ѓорѓевиќ, и други истражувачи. Разбирливо е што во легендите и митовите за Св. Ѓорѓи се откриваат постари митолошки напластувања, за која проблематика постои и обемна литература. Во Македонија овој текст бил широко прифатен и познат преку разни верзии и бил ракописно предаван се до XIX век. Во еден ракопис од XIX век, каде се поместени и житијата на Св. Јован Крстител, преподобна Параскева, на Св. Димитрија, се наоѓа и Житието на Св. Ѓорѓи. Во него Ѓорѓи дознал дека императорот ги гони христијаните и „што да имал малу многу стока, та раздал по сиромаси и кинисал да иде пред цара римскаго“, кого го убедувал да ја прими христијанската вера. Во овој подоцнежен препис се проследени и чудата со царицата Александра, со земјоделецот Гликериј, со идолите кои признале дека се ѓаволи и се распрснале.

Очевидно е дека на нашиот терен овој хагиографски текст бил доста популарен. И во наша средина се проширило во народните умотворби интересното чудо, што почнало да му се припишува на Ѓорѓи, во врска со неговата победа на ламјата, која ги јадела младите девојки.

Паралелно со популарната хагиографија за Св. Ѓорѓи се јавила и таа на **Св. Димитрија**, која доживеала не помала популарност. Татко му на Димитрија, според опширната хагиографија, бил војвода во Солун. Благочестивите родители долго време немале пород, а потоа се родил Димитрија, кој бил редовно и процедурално крстен. Во неа е истакнато: „Примајќи го своето крстување Димитрија го изучувал божјиот закон и растеше и со телото и со разумот, искачувајќи се по скалата на доблестите, се посилно и погоре, и божествениот благодет беше на

него, просветувајќи го и умудрувајќи го.“ По смртта на родителите царот Максимијан го поставил за намесник на целата Солунска област, со порака будно да го чува царството од христијаните. Димитрија се вратил во Солун „и стана за солунците втор апсотол Павле.“ Максимијан пристигнал лично во Солун, за да се осведочи во приказните што ги слушал во врска со дејноста на Димитрија. Тој лично дознал од Димитрија дека е верен следбеник на Христа, заради што бил веднаш затворен. Пред затворањето му наредил на својот слуга Луп да го раздели имотот со сиромашните. Во темницата бил постојано искушуван од ѓаволите, но тој постојано ги кажувал псалмите Давидови. Димитрија бил погубен на 26 октомври 306 година. Потоа биле убиени неговиот ученик Нестор и слугата Луп, кои правеле чуда. На местото каде што биле ставени моштите на Димитрија бил подигнат мал храм, а потоа Леонитиј од Илирија, кој бил излекуван од моштите, подигнал уште поголема црква. По сакање на светителот моштите не смееле да бидат преместени од градот Солун. Св. Димитрија се смета за постојан закрилник на градот Солун и на солунците. Тој и по смртта бдеел над нив.

Споменот на Св. Димитрија живее во големиот број хагиографии, опширни, кратки, служби, тропари, кондаци, со искрено вткаени похвали и стилски фигури. За култот на Св. Димитрија и целата придружна литература постојат важни прилози од: А. М. Пападопулу, Д. Филарет, И. Дујчев, А. Грабар. Н. Мавродинов, Ф. Баришиќ, Г. Острогорски, Т. Тафел, Х. Деле, В. Т. Заимова.

И покрај тоа што со сигурност не е познат фактот кога и каде е точно роден Димитрија, недвосмислено е дека неговиот култ останува до денес актуелен и жив во Солунско. Разбирливо е што култот на Св. Димитрија продрел широко и во Македонка, особено неговите грчки: пасии, миракули, лаудатии. Многу од овие творби, посветени на Димитрија, и денес се важни и како историски извори. Опширното Страдање на големомаченикот Св. Димитрија го составил најверојатно солунскиот епископ Јован. Краток опис на неговиот животопис правел Анастасиј Библиотекарот во 875 година. Слични текстови му биле познати на Фотиј и на Метафраст.

Популарноста на Св. Димитрија не можела да биде одмината од браќата Кирил и Методиј, родени во Солун. Носталгичниот нивни однос кон родниот

град го констатира поетскиот Канон на Св. Димитрија, што му се припишува на Методиј (или Кирил). Во него се излева искрениот чувствен однос: „Чујте ги сега, славен Димитрија, твоите бедни робови и смилостиви се над нив, ние сме се оддалечиле од твојот светол храм, но срцата ни горат и длабоко копнееме еден ден да се поклониме пред твојата црква, со твоите молитви.“ И Климент Охридски му посветил посебна творба, похвално слово, со наслов „Похвала од епископ Климент на светиот маченик Димитрија“, во која ќе дојдат до израз вреднуваните восхвали: напојувајќи се со духовна слабост, процути со разумот како крин благомирисен, провлекувајќи се со љубовта кон Христовата вера, украсен со особена добрина, со ликот сјаен како ангелски образ, капејќи од мудрост, како животно сокровиште.“ Мошне убава и интересна похвала му посветил и Димитар Кантакузин. Меѓу најраните похвали се вбројува и таа од епископот Јован, која вршела влијание и врз наредните состави. Бројните чуда за Св. Димитрија ги преплавиле словенските средновековни книжевности. Русите го сметаат и како покровител на Сибир.

И хагиографијата на чудотворецот **Св. Никола од Ликија** е општопозната и популарна во Македонија. Посебно се познати неговите чуда сред морето, чудото со воскреснатиот морнар. Родителите на Никола биле богати благородници, по име Теофан и Нона. Живееле во градот Патара во Ликија. Родителите му биле достојни христијани, кои му овозможиле на еднородниот син духовно издигнување кај стрико му Никола, епископ Патарски. По смртта на родителите го раздал имотот и подоцна станал архиепископ во градот Мир и Ликија. За времето на царевите Диоклецијан и Максимијан бил затворен и измачуван. Присуствувал на Првиот вселенски собор во Никеја, каде што го удрил еретикот Арий. Уште за време од својот живот правел чуда, по што бил познат меѓу луѓето. Умрел во 343 година, на 6 декември, кога и се прославува неговиот ден ширум христијанскиот свет.

Се смета дека пред изборот за архиепископ доживеал посебно видение и го видел севишниот Господ. Посебно влијаел врз луѓето преку сонот, презентирано со опширно житие преку примерот со трговецот со жито, случајот со тројцата

невино осудени и спасени од Никола. Се верувало дека тие особини ги поседувал и по смртта, особено прогонувањето на демоните.

И овој светител бил широко прифатен и популаризиран во Македонија, за што сведочат бројните цркви, постари и понови, ликот на Св. Никола во иконографијата и фрескосликарството во Македонија, како и бројните негови чуда и момента од животот обработени во богатото македонско народно творештво.

Мошне омилена тема и прифаќана, и препишувана, и преведувана, во нашата средина биле моментите од животописот на **Св. Павле.** Познатиот подоцна апостол Павле бил родум од Таре, од племето Венијаминово. Прво бил наречен Савле и учел кај Гамалил,водухот на жесток христијански гонител. На патот за Дамаск му се јавил самиот Господ и потоа бил прекрстен од Ананиј во Павле, и станал вреден Христов апостол. Започнал да го шири христијанството од Арабија до Шпанија, меѓу Евреите и паганците.

Секако, неговото преобраќање од Савле во Павле добило силен симболично-метафоричен призвук, бидејќи од бездушен и грешен Савле, се преобратил во богоугодник, правдољубив и смирен Павле. Ова добива и посебно семантичко значење: „Павле со отворени очи никого не гледаше, бидејќи неговите телесни очи ослепеа, но духовните прогледаа. По средбата со Ананиј тој се преобратил целосно. Оттогаш започнал трнлив пат на проповедник, постојано во предизвик со смртта, од која тој престанал да се плаши. Достигнал завиден степен на совршенство, кога изјавил: „Не живеам јас, туку Христос живее во мене!“

Култот на Св. апостол Павле во Македонија е силно изразен, и тоа заради фактот што тој проповедал во Македонија, за што со право може да се констатира дека раната христијанска традиција била позната и присутна во неа. На своето патување со ученикот Тимотеј, во 48 - 51 година, од Витинија, Фригија и Мизија, стигнал во Троада. Овде апостолот Павле доживеал посебно видение. Пред него се појавил еден Македонец и му рекол: „Премини во Македонија и помогни ни!“ (Дела апос. 16, 9). Павле пристигнал во Филипи (Пловдив). Успеал да ја покрсти Лидија, која ги примила проповедниците во својата куќа. Излекувале и една видовита жена, заради која биле затворени. Господ им ја отворил преку ноќта вратата но тие не побегнале. Луѓето поверувале во нивната сила. Проповедале во

Македонија. Солун, Бер, и преку Коринт заминале за Ефес. Се смета дека во 54 година патувале од Антиохија преку Мала Азија, Коринт, Бер, Солун, Филипи, Троада, Ефес. Во 54 - 55 година патувал во: Ефес, Македонија, Солун, Илирикум, Бер, Коринт. Во 55 - 56 година ги посетил: Бер, Солун, Кавала, Тасос, Троа. Очевидно е дека апостолот Павле проповедал во Македонка, на што посебно укажуваат Посланијата до Солуњаните, Филипјаните, Римјаните, Делата апостолски. Во Првото послание на апостолот Павле до Солунјаните е апострофирана неговата дејност во Македонија. Тој им се обраќа на Солунјаните и ги фали нивните богоугодни дела, заради што станале пример и образец за верниците во Македонија (I Сол. 1, 6 - 10). Во Второто послание до Солунјаните мудриот Павле ќе им препорача: „И така браќа, стојте и држете ги преданијата што ги научивте, било преку нашето слово, било преку нашето послание.“ (II Сол. 2, 15). Во Посланието до Филипјаните нагласува за одредени состојби во Македонија, која добро ја познавал (Филип. 4, 13 - 17).

За времето на царот Нерон апостолот Павле бил убиен, на 29 јуни, по 60 година од I век.

Традицијата на светиот апостол Павле продолжувала да живее во Македонија низ вековите. Новозаветните библиски текстови се проширувале на разновидни јазици, а со создавањето на словенската писменост заживеале старите христијански култови и преку бројните словенски преписи и верзии на Библијата. Грчката црковна литература имала кај нас неодминливо влијание. Богатството од живописни, иконографски и копаничарски уметнички дела во Македонија, со претставите на апостолот Павле, говорат за овој значаен негов култ во нашата средина. Покрај тоа, и одразот во македонското народно творештво уверливо го засведочува присуството на апостолот Св. Павле во денешна Македонија.

Меѓу општохристијанските хагиографии кои во Македонка наишле на прием, и чиј култен однос е очевиден, спаѓа „Житието на светиот апостол Андреа, првонаречен“. Кога ја проследивме кирилометодиевската традиција беше истакнато дека за време на Кирил и Методиј, на Климент и Наум Охридски, се обновуваат општо-христијанските култови. Во однос на првонаречениот апостол Андреа ваквиот однос е оправдан, со оглед на тоа што во својата широка проповедничка

дејност тој ја посетил Македонија, каде што вековите не го избришале трагот од првиот Христов апостол, роден брат на апостолот Петар, кого Андреа го повикал да му се придружат заеднички на Исуса. Во опширното Методиево житие, во VIII глава се споменува назначувањето и примањето на Методија за епископ во Панонија кај Коцела и се прави споредба меѓу проповедникот Методиј и првонаречениот апостол Андреа, на чиј стол требало да застане. Покрај тоа, Кирил и Методиј ја започнале Моравската мисија како мисионери од земјите кои некогаш ги просветувал апостолот Андреа. Не случајно опширното Кирилово житие соопштува дека во Рим, на третиот ден се вршела литургија над словенските книги во црквата посветена на Св. Андреа. Не случајно овде Наум Охридски можел да го состави Канонот посветен на Св. Андреа. Не случајно во охридската црква Богородица Перивлепта наспроти св. Андреа е насликан Св. Климент - словенскиот проповедник. На Св. Андреа му е посветена манастирската црква од XIV век во Матка, Скопско, задужбина на Андреаш, брат на Марко Крале.

Самото Житие на Св. апостол Андреа го среќаваме под 30 ноември. Бил син на Евреинот Јон, а брат на апостолот Петар, кој првично се викал Симон. Се родил во Витсаида, северозападно од Тивериадското Море. Брзо го напуштил суетниот живот и му се придружил на Јован Крстител (Претеча), кој проповедал по Јордан и му станал ученик. Потоа му се придружил на Исус Христос, кого Јован Крстител го нарекол „Јагне Божје“. Го убедил и својот брат Симон да им се придружи, а потоа Симон се нарекол со крстувањето Петар. Андреа прв му се придружил на Исуса, пред сите други апостоли, заради што бил наречен Првонаречен. По смртта на Исуса и воскреснувањето, го ширел христијанството во: Витинија, крај Црното Море, Босфор, Мраморното Море, Халкидон, Византија (во 330 година императорот Константин Велики овој град го издигнал во своја престолнина и го нарекол Константинопол, а подоцна беше наречен Цариград), Тракија, Македонија, Тесалија, Елада, Ахаја, Пелопонез, Трапезунт, Аминтин, Ираклија, Пафлагонија, итн. Житието зборува за назначувањето на епископот Стахиј во Визант (Византија), од страната на апостолот Андреа. Апостолот Павле го споменува Стахиј во Посланието до Римјаните (Рим. 16, 9). Ова го знаел патријархот Фотиј, Никифир Хронограф, како и други летописци,

со што се укажувало на првоназначената епископија во Константинопол, поранешен Византт. Овие вести ги користел и Анастасиј Библиотекарот. На сличен начин проповедништвото на Андреја го коментирале подоцна и во Русија. Според Житието на Св. Андреја тој проповедал крај Каспиското Море, на Крим, крај реката Дњепар. Запрел на една планина и таму преноќевал. Тоа место било идниот град Киев и Киевската Гора. На утрото им рекол на учениците: „Верувајте ми, на нив ќе засветли голема благодет Божја и ќе биде овде голем град, и Господ ќе подигне многу цркви, и со своето крштавање ќе ја просветли целата Руска земја.“ Потоа се искачил на планините, ги благословил, забодел крст и претскажал дека народот од тој крај ќе ја прими христијанската вера од Апостолскиот престол основан во Византија. Понатаму Андреа проповедал низ Русија, го посетил местото на денешниот Новгород, заминал за Рим, потоа во Епир, Тракија, утврдувајќи учители и епископи. Пристигнал во градот Патра на Пелопонез, во Ахаја, кај граѓанинот Сосиј, кого го излекувал, а го покрстил речиси и целиот град. Во Исуса поверувала и Максимила, жената на царскиот намесник Егеат, заради што овој го распнал на крст Андреа. Презвитерите и ѓаконите од Ахајската црква ги потврдиле и опишале страдањата на апостолот Андреа. Егеат го поставил на маки, го фрлил во занданата, го тепале, но тој не се откажувал од Исуса. На крајот го врзале за крстот, без клинци, за да умира постепено. Народот разбеснет го довел Егеата да го одврзе, но Андреа одбил. Исус Христос го осветлил со невидена светлина и го прибрал кај себе. Максимила го поставила неговото тело во гробот каде што таа сакала да биде погребана. Егеат сакал да ја казни, но го нападнал ѓаволот и тој умрел. Сите луѓе во Патра поверувале во Исуса.

Царот Константин ги пренесол моштите во Цариград, преку маченикот Артемиј. Тие биле положени заедно со моштите на евангелистот Лука, на Св. Тимотеј (ученик на апостолот Павле), во храмот на „Светите апостоли“, во свештениот жртвеник. Во манастирот „Свети апостол Андреа“ на островот Кефалонија во Грција се наоѓаат дел од неговите мошти. Во Патра постои нов храм „Свети апостол Андреа“, каде што се чува неговата глава.

Во Македонија е популарна и светителската личност на **Св. Петар**, чија хагиографија била читана и препишувана во Македонија. Неговиот род водел

потекло од племето Симеоново, од градот Витсаида. Првоначално Петар бил рибар и се викал Симон, а потоа Господ го нарекол Киф или Петар. И покрај големата вера во Христос, тој се одрекнал од него кога бил распнат, и тоа трипати. Меѓутоа, многу брзо осознал што направил и повторно го продолжил примерниот Христосов пат. Проповедал во Палестина и Мала Азија, во Илирик и Италија. Го победил големиот чудотворец Симон Волх. Императорот Нерон наредил да биде убиен. На 29 јуни, истовремено со Павле, Петар се упокоил.

Споменот и култот на Св. Петар бил голем во Македонија, каде што се прераскажувале, препишувале и обработувале разновидните чудеса, настани. Посебно е богато народното македонско творештво со поетски и прозни состави, онака како што добивал самиот народ претстава за овој значаен општо христијански светител и апостол.

Во Охрид и Охридско посебно се одржал односот и култот кон **Св. Еразмо Охридски**. На 2 јуни се чита „Споменот на преподобниот свештеномаченик Еразмо Охридски“. Роден е во Сириска Антиохија, за времето на царевите Диоклецијан и Максимијан (284 - 305). Се подвизувал на Ливанската Гора и преку гавранот добивал храна од Бога. Бил поставен за архиерej. Патувал многу. Стигнал до Охрид, каде што со сопствените молитви го воскреснал синот на Анастасиј и потоа го крстил.

Покрстил многу незнабошци, ги срушил сите идолски жртвеници во Охридско. Максимијан испратил по него луѓе, од Илирија, каде што тогаш се наоѓал. Царот го одвел големиот кип на Зевс и во тој момент кипот се распаднал на парчиња, а од него излегла аждаја, која го преплашила народот. Тогаш 12.000 луѓе поверувале во силата на Христа и се покрстиле. Аждајата била уништена и усмртена со силата на Еразмо. Царот наредил да бидат посечени сите верници во Христа. На Еразмо му навлекле нажежено палто, меѓутоа тоа на неговото тело се оладило како мраз. Потоа го фрлиле во темница, од каде што го ослободил Св. Михаил. Заминал за Кампанија, а потоа се повлекол во Хермелија. Господ го примил кај себе во 303 година. Неговиот гроб се наоѓа во катедралата на Формиа - Италија.

Во Охрид и денес е зачувана малата црквичка и пештера, каде што се сместил некогаш Еразмо, каде што и денешните верници „ја чувствуваат неговата сила“. Пред смртта му се јавил Господ и му рекол „Така нека биде, како што си се молел целебниче мој Еразмо.“ Доаѓаат поклоници пред неговото сокровиште и му се молат за лекување на заболувањата. Не е случајно и присуството и врската на Св. Еразмо со Климент Охридски. Континуитетот на културната историја и двајцата ги засведочува еден крај друг, насликани, во црквата „Св. Канео“ во Охрид, во кој град, и пошироко Еразмо е популарен, а поменот се одржува на 15 јуни.

Во XI и XII век во Охрид бил познат охридскиот архиепископ Теофилакт, по потекло Грк. За него била составена хагиографијата „Споменот на светиот отец наш Теофилакт, архиепископ Охридски“. Интересно е дека овој талентиран автор ќе го состави најубавото Житие за Св. Климент Охридски, а и самиот тој оставил долгогодишни и физички и духовни траги во Охридско. Теофилакт бил роден на островот Еврип, а воспитанието и образованието го стекнал во високите цариградски школи. Иако не сакал, тој бил против неговата волја испратен за охридски архиепископ, од 1082 до 1108 година. Охридскиот архиепископ Хоматијан ќе го нарече „најмудар архиепископ“. Теофилакт бил високоучен маж, светски и богословски образован, меланхоличен, осетлив и со истенчен византиски вкус. Тој не криел дека меѓу Словените се чувствувал како протеран меѓу варвари. Од неговите состави се значајни толкувањата на четирите евангелија, бројните писма, Житието на Св. Климент Охридски. Подоцна се повлекол во Солун, каде и останал до крајот на својот живот.

Неговиот спомен се празнува на 31 декември. Теофилакт е насликан во 1816 година во Зографскиот манастир.

Охридскиот архиепископ Константин Кавасила живеел и работел во XIII век. Иако Грк, слично како охридските архиепископи Теофилакт и Хоматијан, учествувал во составувањето на химнографските творби на грчки јазик, за словенските охридски просветители Климент и Наум Охридски. Познато е дека учествувал во претставувањето на грчката служба на Климент Охридски, а таа на Наум Охридски самиот ја составил. Починал за времето на владеењето на Михаил VIII Палеолог (1261 - 1282). Колку бил значаен неговиот култ говори и

тоа што познатите живописци Михаил и Еутихиј го налсикале во 1295 година во охридската црква „Св. Богородица Перивлептос“, и тоа заедно со Климента, со Св. Петар, со Св. Андреа.

Неговиот лик е насликан и во познатата охридска црква „Св. Јоан Канео“, како и во црквата „Мали Св. Врачи“. Се среќава и во црквата „Св. Козма и Дамјан“ во Старо Нагоричино.

Разбирливо е што и словенските локални хагиографии попримиле повеќе примери и влијанија од општохристијанските. Покрај тоа, во разни периоди се јавуваат разновидни наслаги, кои зависат од развојните линии на средно-вековниот хагиографски род и кај соседните народи. Меѓутоа, во нив се јавуваат такви типични карактеристични развојни момента, со посебна важност за одредена област, која му дава својствена обоеност на локалната хагиографија и ја прави наполно индивидуализирана, и покрај несомненото влијание од друга страна. Во Македонија во IX и во X век се јавуваат првите можности и услови за развиток на монашкиот живот, со што започнал и култот на домашните светители. Во IX век монаштвото било силно развиено во Цариград. Кога браќата Кирил и Методиј тргнале да ја изведуваат Моравската мисија, монаштвото играло важна улога во духовниот живот на Византија. Кирил и Методиј се замонашиле пред тргнувањето за Моравија. Нивните ученици Климент и Наум Охридски ја зачувале традицијата наследена од браќата и започнале да ја негуваат самостојно во Македонија, каде што вршеле мошне значајни сестрани и широки дејности. Не случајно, веднаш по нивната смрт, настанале и нивните житија.

Општо христијанските хагиографии можеле да им бидат познати на Словените пред стекнувањето на писменоста, разбирливо под услов да ги читаат на друг јазик, најчесто на грчки јазик. Меѓутоа, со појавата на Кирил и Методиј, со создавањето на словенската писменост, со издигнувањето на старословенскиот јазик на ниво на литературен јазик, со првите преводи од грчки на словенски јазик, се создавале услови и за презентирање на хагиографиите на словенски јазик. Сигурно е дека византиското влијание било пресудно, каде што хагиографиите достигнале силни развојни амплитуди, а веќе до X век одредени култови на општохристијанските светители достигнале кулминациони точки. Под ова силно

византиско влијание и кај Словените мошне бргу се јавиле локалните самостојни хагиографии. Македонија се јавувала како важен крстопат меѓу Исток и Запад и на нејзиниот терен настанувале рани преводи и обработки на значајни византиски дела. Преку неа овие преработки и преводи се пренесувале и во другите словенски и несловенски средини.

Словенските средновековни локални хагиографии имаат еден почетен и драгоцен пример за сите словенски литератури, тоа се познатите Панонски легенди, опширните житија на браќата Св. Кирил и Методиј, кои го вградиле своето епохално дело во просперитетот на целиот словенски род. Иако славистиката до денес преминала макотрпни фази во својот развиток, поради изгубените траги и извори многу прашања останале хипотетични, а многу од нив денес се разрешени. Во прилог на последните успеси се споменуваат двете житија на Кирил и Методиј. Хагиографијата на Кирил Филозоф настанала веднаш по Кириловата смрт на 14 февруари 896 година во Рим. Методиевото житие, не можело да биде создадено така рано, бидејќи по неговата смрт на 6 април 885 година во Велеград, настанало суровото пресметување со нивните ученици. Требало да одмине време, за да го повратат изгубениот здив измачените ученици, и тоа само оние кои преживеале и ги минале искушенијата на студените и магливи денови крај Дунав и во Панонската рамница.

Многу слависти сметаат дека и двете житија ги составил на словенски јазик, по смртта на браќата, Климент Охридски. Други сметаат дека Кириловото житие го напишал неговиот брат Методиј, а Методиевото - Климент. Трета група слависти сметаат дека Кириловото житие го составил Методиј, а Методиевото анонимен моравски ученик, или и двете житија ги составил истиот непознат моравски ученик. Постојат и други хипотези. Денес Панонските легенди, кои не се зачувани во оригинална форма, претставуваат несомнени историски извори за изучување на најважните фази од целокупната кирилометодиевска проблематика. Најстариот препис на опширното Кирилово житие потекнува од XV век, и се наоѓа во познатиот зборник на Владислав Граматик од 1469 година. Овој панегиричен зборник бил составен во манастирот Матејче, Кумановско. Денес се чува во Јазу, Загреб. Најстариот препис на опширното Методиево житие се наоѓа во

ракопис од XII век, во Успенскиот зборник, кој сега се наоѓа во Државниот историски музеј во Москва.

Познатите опширни житија на Кирил и Методиј претставуваат важни книжевни состави, кои дале добар пример за идните словенски хагиографии. Тие настанале по примерите на византиските текстови, кои по долготрајните иконоборечки исцрпувачки состојби, наметнале еден активен однос кон култот на иконите, за што се актуелизирале хагиографските текстови. Хагиографиите на Кирил и Методиј ги сублимирале најубавите пунктови од содржинската страна на бројните житија, како и композициските одлики на впечатливата форма, за да прераснат во монолитни книжевни хагиографски текстови, со високи уметнички квалитети, кои се должат на убавите примери од другите литератури, особено од византиската, но и на книжевниот осет и ниво на авторот или на авторите на Панонските легенди. И двете житија се надополнуваат, растоварени од неодминливите исто видни ситуации, настани, периоди. Ако тоа бил Климент Охридски, за што ги прифаќаме се почестите аргументации кои одат во прилог на ваквото мислење, можеме уште еднаш да ги истакнеме неговите врвни суптилни книжевни квалитети, кои доаѓаат до посебен израз и во неговите поетски похвални беседи.

Посебна карактеристична поента за Панонските легенди е доминацијата на реалните општествени и народни потреби во најширок домен, за сметка на духовните возвишувања, присутни во други хагиографии преку ирealните хиперболизации. Кирил и Методиј се вистински општественици, решени до крај да го изведат културниот раст на Словените, спремни да се соочат со сите препреки што се поставуваат на патот кон тој прогрес. Тие се дотолку светители, доколку мора да се подвлечат нивните светителски ореоли, за да се наречат самите текстови и животописи - хагиографии. Не случајно, хиперболизациите, ирealните бегства, се сведени до минимум, и доколку се подвлекуваат, тие ја засилуваат доминацијата на Кириловата желба кон науката, присутна и кај Методија.

Покрај опширните житија, за Кирил и Методиј се познати и следниве состави: Краткото житие на Кирил (Успение Кирилово) зачувано во најстар препис од XV век, Краткото житие на Методиј, Проложното житие на Кирил, Проложното

житие на Методиј, Општото проложно житие на Кирил и Методиј. Сите овие творби говорат за живиот култ на Кирил и Методиј низ вековите. Преводите на нивните житија, кои се множат, исто така, зборуваат за се што живиот однос и интерес на науката и јавноста кон мошне привлечната житејна врвица на двајцата браќа од Солун.

Денес Панонските легенди се високовреднувани словенски состави, кои ги дале зачетните високи примери за изградбата на словенските хагиографии. Иако во нив се присутни изградуваните византиски пропозиции и дострели, тие направил е мошне висока и успешна презентација на хагиографските текстови за словенските средини. Изградуваната централна личност Кирил Филозоф е во функција на културниот растеж на Словените. Вакво дело, вакви дела, можел да направи само нивни близок познавач, чие будно око не пропуштило ниту еден детаљ од дејноста на високообразованите учители, и истовремено перото на вешт уметник.

Во Македонија се јавуваат услови за појава на првите киновии во IX и во X век, кога и започнува монашкиот живот, со што се развиваат и светителските култови. Уште кога Кирил и Методиј се спремале да ја изведуваат Моравската мисија, монашкиот живот бил доста развиен и играл важна улога. И во Македонија се јавуваат првите киновии на Св. Климент и Св. Наум Охридски, кои по угледот на браќата просветители, придонесле во проширувањето на заеднички започнатото дело, сега во нова средина.

За значајниот животен пат на Св. Климента најцелосни податоци даваат грчките состави. Во XI век охридскиот архиепископ Теофилакт, по потекло Грк, го составил опширниот животопис на Климент Охридски, познат и преку словенски преводи. Во XIII век повторно Грк, охридски архиепископ - Хоматијан, го составил Краткото Климентово житие. Овие примери говорат за големината на Климента, за неговото прифаќање и признавање како значајна личност во словенска средина, посебно во Македонија и Охрид, дури и од страната на највисоката грчка хиерархија. Образованиот и умен Климент доживеа високи похвали од ценетите византиски автори, кои не случајно го избрале како централна личност во своите книжевни творби. Климент го вреднувале и двајцата паралел-

но со истакнатите личности од своја средина. Ова е показателен пример за несомненото високо византиско влијание во Македонија, каде што еден автор, учител, филозоф, проповедник, доживеал највисока почест.

Овде мораме да подвлечеме дека грчките хагиографии на Климент Охридски од Теофилакт и Хоматијан не се и првите хагиографски текстови за Климента. Во најстарото прво зачувано кратко Наумово словенско житие од X век, анонимниот составувач соопштува дека направил вонредни усилби да ги пронајде словенските опширни житија за Климент и Наум Охридски, кои биле порано составени од Наумовото кратко житие, но не успеал. Со ова авторот се оправдува, бидејќи сигурно почувствувал дека му недостигаат поопширно податоци за Климента. За жал и на наредните истражувачи на делото на Климента не им успеало да ги пронајдат првите словенски опширни хагиографски текстови.

Од грчките и словенските хагиографски текстови за Климент Охридски може да проследи богатата животна врвица. Несомнено е дека Климент Охридски до совршенство ги совладал образовните програми во некоја византиска висока школа. Затоа не случајна е дружбата негова со браќата солунчани, кој ги следи како нивни ученик во Моравската мисија, каде што стекнатото образование можел да го усовршува, бидејќи неговите учители се гордееле со дострелите на своите ученици што можело да се постигне со големата дарежливост на учителите. Климент ја пребродил фаталната 885 година, кога по смртта на Методиј мошне кратко престојувал во престолнината на кнезот Борис, а потоа, истата 886 година, во Охрид ја основал Охридската книжевна школа, од која однегувал и образовал 3500 ученици. Воспитуван според далекусежните кадровски согледувања на браќата, Климент веднаш ги распоредувал учениците во разни области на Македонија, каде што тие од своја страна активно работеле на просветното и културното издигнување на неграмотните жители во Македонка, кои се уште биле во контакт со паганските навики. Како учител во Кутмичевица, со средишта: Девол, Главеница и Охрид, Климент покажал широка заинтересираност за издигнувањето на сестраното ниво на населението и не се срамел да ги подучува и старците, и жените и децата. Изворната граѓа покажува дека Климент Охридски не знаел за одмор. Тој составил бројни поучителни книжевни состави -

беседи, наменети за широките народни маси, со цел да го сфатат на еден практичен начин христијанството. Во похвалните слова, кои ги составувал во повисок стил, со своите пропратни појави на византиското беседништво, доаѓа до израз неговата духовна и уметничка сила. Ова посебно се однесува на Похвалата посветена на учителот Кирил Филозоф, потоа Похвалата за учителите Кирил и Методиј, Похвалата за четиридневниот Лазар, за Јован Крстител. По осумгодишно учителствување Климент Охридски бил назначен за велички словенски епископ. И како учител и како епископ Климент Охридски развил многустрани активности, а во својот приватен живот водел егзистенција на вистински монах, минувајќи го преостанатото време по дневната исцрпувачка дејност, во молитви, читање, препишување. И покрај мисионерските, учителските, проповедничките, пи- сателските дејности, тој не го пропуштал монашкиот живот. Меѓу нај раните манастирски градби во Македонија се смета Климентовиот манастир, кој го подигнал самиот Климент, со посвета на Св. Пантелејмон. Се смета дека манастирот бил подигнат до 893 година, што значи рано отпочнување со киновски живот, дури порано од Атон. Климент починал на 9 август 916 година, во својот сакан манастир во Охрид, крај Белото Езеро.

Во литературата се нагласува дека постојан придружник, а и брат по чин, му бил Св. Наум Охридски. И Наум покажувал голема наклоност кон монашкиот живот. На другиот крај од Охридското Езеро, го изградил истоимениот манастир посветен на Св. Арангел, во 900 или 905 година. Во него поминал десет години, пред крајот на животот се замонашил, а неговите мошти се наоѓаат и денес во гробот положен во самиот манастир.

Од кратките и опширните словенски и грчки житија што му се посветени на Наум Охридски се заклучува дека тој се наоѓал секогаш паралелно со Климента во редовите на учениците кои ја изведувале Моравската мисија. Заедно со Методиј и Климент ги минал деновите на искушенија, борби и работа во Моравија и Панонија, за да ги напушти тие области по смртта на Методија. Додека Климент учителствувал во Кутмичевица, Наум Охридски останал во централните манастирски средишта на бугарскиот двор, кога Климент бил назначен за велички епископ во 893 година, тој го заменил како учител во Кутмичевица, а нивно

средиште за соработка бил градот Охрид, кој им станал центар за работа и краткотраен одмор. Средновековните дејци се одликуваат со голема скромност, а во тој поглед посебно предничи Наум Охридски. Славистите повеќе години се занимавале со прашањето за дејноста на Наума. Во Прологот од Поучителното евангелие на епископ Константин Брегалнички наоѓаме вест дека токму Наум Охридски го поттикнал епископот да го состави овој значаен состав. Било познато дека неуморно работел во тишината на манастирите. Последниве години се пронајдени химнографски состави со неговото име.

Традицијата за светите Климент и Наум Охридски не исчезнувала низ сите векови до денес. Интересно е дека, како што Св. Димитрија се смета дека и денес бдее над градот Солун, во Охрид е присутна истовидна ситуација во однос на Св. Климент Охридски, кој се јавува како жив заштитник над Охрид и охриѓаните, во сите опасни ситуации низ вековите. Народната легенда и денес го претставува како заштитник на Охрид. Не помалку култна слава му се доделува и на Наум Охридски, на чиј гроб постојано доаѓаат неволници, кои честопати не потсетуваат на несреќните болни од Библијата, верувајќи дека свети Наум ќе им помогне. Посебно е распространето верувањето дека тие го слушаат срцето на Св. Наум како чука, под плочата на гробот од истоимениот манастир во Охрид.

Во Асемановото евангелие на 27 јули, заедно со поменот на св. Пантелејмон, се споменува „светиот отец наш Климент епископ Велички“. Климент Охридски својата манастирска црква, што ја изградил уште за својот живот (887 - 893) му ја посветил на општохристијанскиот светител Св. Пантелејмон, со што очевидно го заживеал неверојатно бргу, широко и традиционално, култот на Св. Пантелејмон, а разбирливо понатаму тој се поврзал со Климентовиот. Пантелејмон се родил во градот Никомидија во Витинија (на брегот од Мраморното Море), за времето на безбожниот цар Максимијан (305 - 311), кој ги гонел христијаните. Мајка му Евула била скромна христианка и го воспитувала синот во тој дух. Таа набргу умрела и татко му Евсторгиј го воспитал понатаму како идолопоклоник. Пантелејмон ја изучил одлично Граматиката, а медицина учел кај познатиот лекар Ефросин. Младиот Пантелејмон посебно ја засакал медицината и царот Максимијан сакал да го задржи за личен лекар. Меѓутоа, Пантелејмон стапил во

контакта со презвитерот Ермолај, кој се криел од многубожците, и кој го превоспитал Пантелејмона во вистински христијанин. Младиот лекар почнал да лекува семожни болести, со верата во Христа, по крстувањето. Го покрстил и својот татко, а по неговата смрт имотот им го раздал на сиромашните. Лекувал без пари, и без тревки. Максимијан се разлутил, не можел да го преобрати, и го ставил на разни маки. Меѓутоа, sверовите не го јаделе, а џелатот не можел да го допре. Дури со помошта на Христа, и по негова желба, војниците му ја отсекле главата. Место крв потекло млеко, а маслинката се преполнила со род. Од разгорениот оган телото на Пантелејмон останало цело, неповредено. Животот и делото на Св. Пантелејмон го напишале неговите домашни луѓе: Лаврентиј, Васој и Провијан. Пантелејмон бил убиен на 27 јули 305 година. Млекото и крвта што потекле се чувале се до X век како лек. Моштите биле пренесени во Цариград, еден дел во Париз, друг дел во Света Гора, во рускиот манастир „Св. Пантелејмон“. Во Нерези, Скопско, се наоѓа црквата „Св. Пантелејмон“ од XII век.

Со оглед на тоа што и Св. Климент, а посебно Св. Наум Охридски, важеле како способни исцелители, кои излекувале многу страдалници и болни, како што ги прикажува и култот, а влегле во составот на Седмочислениците, станува јасно поврзувањето на поменот на нивниот заеднички ден 27 јули, стар стил (9 август нов стил). Тие се означени во православните светители со „Спомен на св. отци седмочисленици: Кирил и Методиј, Климент, Наум, Сава, Ангеларије, Горазд, апостол и и просветители словенски“ според московполската служба на 17 јули. Посебен придонес за раширувањето на нивниот култ има еромонахот Григориј Москополец, кој ја составил нивната заедничка служба.

Во Охридско зафатил добар корен традицијата на општо-христијанските светители со исцелителски способности. Покрај Св. Пантелејмон, Св. Наум, Св. Климент, распространет е и култот на Св. брака Козма и Дамјан (Св. Врачи). Во општо-христијанската хагиографска литература се споменуваат светителите лекари Козман и Дамјан под 1 (или 25) ноември, со потекло од Асија (Азија); под 1 јули, и двајцата со потекло од Рим, живееле за времето на царот Карин, многубожец, а починале во 284 година. Светителите Козма и Дамјан, заедно со Св. Леонтиј, Антим, Евтропиј, потекнувале од Арабија, а се споменуваат под 17

октомври. Последниве живееле за времето на царевите Деоклецијан и Максимијан III и поч. на IV век. И трите двојки на светителите лекари Козма и Дамјан се слични во постапките, иако живееле во различни земји (Азија, Рим, Арабија), лекувале со името и верата во Исуса, без пари и без тревки. Затоа биле наречени бесребреници. Безбожните цареви ги прогонувале и измачувале, но тие и по смртта лекувале и спасувале недолжни болни луѓе. Затоа нивниот култ е општоприфатлив за сите христијански средини, и со нив се поврзуваат и општохристијанските и сите локални светители со исцелителни способности.

Во хагиографската литература значајно место зазема Житието на Св. Андреј Јуродиви, кој по потекло бил Словен, а живеел во времето на Лав IV Мудри (886 - 912). Житието е поместено под 2 октомври. Го составил на грчки јазик свештеникот Никифор од црквата „Света Софија“ во Цариград. Починал околу 936 година. Овој светител е насликан на фреска од манастирот Ивирион (XIV - XV) век, во манастирот Св. Дионисијат од XVI век, и на други места.

Во недоволно расветлените светителски култови интересна е појавата на Св. Васа Солунска. Според сознанијата на науката немаме сигурни податоци за неа. Се смета дека живеела во Едеса (Воден), каде што била измачувана како христијанка, додека мажот и бил многубожец и тоа паганскиот свештеник. Живееле за времето на императорот Максимијан (250 - 310). Мажот и бил принуден пред нејзините очи да ги убие нивните деца. Таа била убиена по неискажани измачувања на островот Алон, на Мраморното Море. Култот се поврзува со Солун, заради близината на Едеса. Во живописот од „Св. Софија“ во Охрид, П. М. Пепек ја открил Св. Васа. Нејзе и е посветена црквата во Халкедон, до Цариград. Захариј Зограф ја насликал во Тројанскиот манастир во 1849 година. Во 1883 година во црквата „Св. Никола“ во Ќустендилско Милош Аковлевиќ и Марко Минов од Неврокопско, село Каракој, ја насликале Св. Васа. Милош е по потекло од Галичник.

Во „Житијата на светите“ се споменува со св. девет маченици, на 31 октомври. Во Календарот од 1979 год. меѓу бугарските светители и маченици, се наоѓа под 21 август.

Асемановото глаголско евенгелие од X век не случајно се смета за споменик настанат во времето на расцветот на Самоиловата држава, кога Охридската црква имала ранг на патријаршија, а било составено во Охридскиот книжевен центар. Во неговиот синаксарен дел се откриваат канонизирани словенски светци. Токму овој дел означувал од каков ранг била Охридската црква, и токму во кое време се формирал и синаксарот. Во него е направен еден тесен избор на словенски светци, и тоа оние општите. Во него, покрај определениот помен за св. Еразмо (2 јуни) се наоѓа поменот за Св. Тивериополските маченици (29 август). Разбирливо е дека не случајно овде, токму во Асемановото евангелие, се избрани овие светци, маченици, чиј култ бил значаен и траен во Охрид и пошироко од него во Македонија, уште пред појавата на Кирил и Методиј. Инаку во синаксарот следат и помените на Св. Кирил (14 февруари), Св. Методиј (6 април), Св. Климент (27 јули). Во него го нема поменот за Св. Наум, за Св. Иван Рилски, чии култови постоеле, но биле канонизирани најверојатно на ниво на епархија, додека во Асемановото евангелие е извршен еден попрецизен избор на словенските светители.

Во Македонија бил распространет и споменатиот култ на ранохристијанските 40 маченици од Кападокија, неточна Мала Азија, кои служеле војска во Севастија ерменска, североисточна Мала Азија. Овие храбри 40 војници се истакнувале по своите подвизи и машкост, но биле верни христијани и не сакале да им принесуваат жртви на идолите.

Царот Самоил сакал да го издигне авторитетот и автокефалноста на Охридската црква и кога во своите широки завоевателски походи ја освоил Лариса, ги пренел од овој град моштите на Св. Ахил во дворот во Преспа. Овој преподобен отец и лариски епископ, бил канонизиран од Православната црква во Цариград во првите векови од христијанскиот пробив.

На 15 мај е одбележан неговиот спомен. Според житието Ахилиј бил роден во Кападокија, во семејство на добри христијани, кои го задоиле со богоугодни дела и со смирен духовен живот. Со своето примерно живеење и дело достигнал до епископски чин во Лариса. Учествувал на I Никејски вселенски собор во 325 година и ги посрамил еретиците ариевци. По враќањето во Лариса успеал да ги

сруши сите идолски храмови и да подигне многу цркви. Уште за времето правел чуда. Починал во Лариса во 330 година. Во Житието на Св. Ахилиј е нагласено дека Самоил, македонскиот цар (976 - 1014), кога ја освоил Тесалија, ги пренел моштите на Св. Ахилиј во Преспа, на островот од Преспанското Езеро, кое и се нарекло со името на Св. Ахил.

Името на овој светец се поврзува со популарниот византиски император Константин Велики, кој бил Христољубив, и по негова иницијатива бил свикан Никејскиот вселенски собор, на кој се истакнал меѓу 318 свети отци и епископот Ахил. Знаејќи го значењето на Св. Ахил, а сакајќи да го издигне христијанскиот култ во Македонија, одлучил да ги пренесе Ахиловите мошти, по преземањето на Лариса во 985 - 986 година. На островот на Преспанското Езеро, на Мала Преспа, Самоил подигнал трикорабна базилика, на чиј живопис бил насликан Св. Ахил, на северниот ѕид од средниот кораб, облечен во фелон. Подоцна црквата била повеќекратно дозидувана. Култот на Св. Ахил се раширил во Преспа. Во селото Курбиново, во црквата „Свети Ѓорѓи“, во 1191 година бил насликан Св. Ахил. Се смета дека од истата оваа школа мајстори бил изработен и ликот на Св. Ахил во фреските од костурската црква „Свети Врачи“, со релативно блиско временско потекло. Во XIII век е насликан во мариовската црква „Свети Никола-Манастир“. Во времето на потпаѓањето на Србија под охридска јурисдикција, особено кога Самоил ја проширил видливо својата држава, и култот на Св. Ахил преминал во Србија.

Култот кон Св. Ахил, развиен во Преспа, преминал во Охридско и Костурско. Во Охрид ликот на Св. Ахил се наоѓа во црквата „Свети Никола Болнички“. Во XIV век бил насликан во црквата „Мал свети Климент“, а во XV век во „Свети Константин и Елена“.

Хронолошки погледнато во Лариса и Тесалија во IV век се разви култот за Св. Ахил, за да премине во X век во Преспа, а од Преспа во Охрид, Костур и Србија. Во секој случај преспанскиот култ ги надминал останатите. И денес населението во Македонија, особено во Преспа, негува посебен однос кон Св. Ахил.

Во времето на Самоиловото владеење во Македонија, во Дукља (Зета) владеел кралот Јован Владимир. Со освојувањата на Самоил, со проширувањето на маке-

донската држава, се судрил со кралот Владимир, ја покорил неговата земја, а Владимир како заробеник бил донесен во Преспа. Историски е познато дека Самоиловата ќерка Косара се вљубила во убавото момче Владимир, а Самоил, слушајќи ја љубовната исповед на ќерката, и дозволил да се омажи за него. Самоил не само што го ослободил од ропството, туку и му ја повратил неговата Дукља. Оваа интересна историја е обработена во Летописот на попот Дукљанин, кој според разновидните истражувачи е различно датиран, но сепак, преовладува мислењето дека бил составен во XII век. Во 36-та глава од Летописот на попот Дукљанин е посочено постоењето на словенското житие на Владимир, кое не е пронајдено, но затоа дукљанскиот поп го имал, го превел на латински, и го искористил како граѓа во Летописот.

Според „**Житието на светиот маченик Јован Владимир**“, тој потекнувал од славен царски род и ги наследил Дукља, делови од Илирија и Далмација. Од рана младост покажувал скромност, умност и богољубивост. Како крал ја ширел христијанската вера, која искрено ја прифатил. Него го победил и заробил царот Самоил и го испратил во Преспа, ја покорил неговата Дукља, потоа: Котор, Дубровник, Рашка и Босна.

Косара, ќерката на Самоил била вистинска христијанка, боговдахната, како и Владимир. Таа добила дозвола да им ги измие нозете на заробениците и го забележала убавиот и смирен Владимир и се вљубила во него. Самоил и дозволил да се омажи за него, му ја повратил земјата Дукља, уште му го дал и Драч, а на стрико му Драгомир му го вратил Требиње. Таму Владимир владеел успешно, а со Косара се договориле да немаат никакви телесни допири. Житието го дава драматичниот настан, победата на императорот Василиј II Македонецот над Самоил, во 1014 година. По жалосната смрт на Самоил него го наследил син му Гаврил Радомир, убиен набргу од братучедот Јован Владислав, бидејќи татко му на Владислав, Арон, бил убиен од братот си Самоил. Владислав со измама го повикал во Преспа Владимир и го убил на 22 мај 1015 година. Откако Владислав му ја отсекол главата, Владимир се наведнал, ја зел во рацете и отишол во црквата, каде што бил погребан, во близината на Преспанското Езеро. Бидејќи на неговиот гроб се случувале чуда, се собирал народ, Владислав се уплашил и дозволил

на Косара да го пренесе неговото тело од црквата. Таа го одвела во неговата земја и бил повторно погребен во Краина, во црквата Пресвета и пречиста Богородица. Во рацете го држел древниот крст, со кој Владислав го поканил во Преспа. Косара се замонашила во истата црква, а по смртта била погребана со челото крај нозете на Владимир.

Околу определувањето на местото Краини, се јавија повеќе хипотези, меѓу кои поновите ја посочуваат Преспа, локалитетот Крани, на 17 km од островот „Св. Ахил“, од Преспанското Езеро.

По смртта на Владимир, Владислав решил да ги заземе неговите земји, меѓутоа, кај Драч, му се јавил вооружен војник со ликот на св. Владимир и веднаш бил поразен од еден ангел, во 1018 година. Василиј II лесно го зазел потоа Охрид, Драч и победнички се вратил во Цариград.

Околу 1215 година моштите на св. Јован Владимир биле пренесени во Драч, потоа во неговиот манастир „Свети Јован“, на албански јазик познат како „Шин - Ѓон“, до Елбасан. Оваа црква во 1381 година ја обновил албанскиот кнез Карло Топи. Потоа биле составени житие и служба на словенски јазик и на грчки. Грчката служба била печатена во „Аколутијата“ од 1741 година, финансирана од манастирот „Св Наум“, во москополската печатница. Се смета дека Службата за Јован Владимир ја составил драчкиот митрополит Козма, во XVII век.

Едно предание од Елбасан говори дека Владимир потекнува од едно дебарско село, „два и половина дена далеку од Елбасан. Според Службата од Козма, драчки митрополит, името на кнезот било Јован, а презимето од местото на раѓање Владимирец. Во селото Владимирово крај Охрид се верува дека во него бил привремено погребан Св. Владимир. Разбирливо е дека незачуваните житија, песни, и особено други историски материјали, ги намалуваат сигурните показатели, а легендите и преданијата ги посложнуваат. Во секој случај, традицијата на овој зетски владетел, чија судбина го довела во дворот на Самоил, во Преспа и во Македонија, го раширила култот во Дукља, Албанија, Македонија (посебно во Охрид и Преспа), во Северна Грција, Далмација и Србија. Зачуваните легенди недвосмислено потврдуваат дека култот на Владимир бил раширен кај право-

славните, муслиманите и католиците, кои се собирале особено над неговите мошти и над древниот крст, врз кои народното творештво создавало граѓа.

Житието на Св. Владимир е зачувано на sидниот мавзолеј во Шин - Ѓон, каде се наоѓаат моштите. Ликот на Св. Владимир е овековечен во припратата на манастирот „Св. Наум“, како и на една икона заедно со Св. Марина, на иконостасот од левата страна. Во 1741 година неговиот светителски лик се јавува во „Стематографијата“ на Х. Жефаровиќ, и тоа како ја држи во рацете отсечената глава, што потсетува и асоцира на Св. Јован Претеча, и според настанот, и според името. Ликот е овековечен и во москополската „Аколутија“.

Зачуваната традиција на Св. Јован Владимир во Македонка ја посочува „Житието на Св. Јован Владимир“, составено во XIX век, на охридски говор, со грчка азбука. Самиот текст претставува една онародена мешаница со настани и личности од житието, службата, легендите, похвалата извлечена од грчката служба.

Меѓу светителите од преродбенските календари под 26 јуни се споменува славењето на Св. Давид, постариот брат на Самоил, син на Никола. На патувањето од Костур за Преспа бил убиен, а владеел во југозападна Македонија. Откако бил убиен и нивниот брат Арон, земјите на синовите на Никола ги презел Самоил. Неговиот лик се среќава во „Стематиграфијата“ на Жефаровиќ од 1741 година, а во XIX век е насликан во Зографскиот манастир. Го насликал и зографот Захариј во Тројанскиот манастир. Најчесто е сликан во монашка облека.

На 8 јануари (стар стил) се одбележува денот на Св. Григориј Охридски, „благочестив учител и овчар на христијанското стадо“. Неговиот спомен го чува и еден зачуван натпис во црквата „Света Софија“ во Охрид. Наречен е „Григориј Премудар“, и „премудро го поучувал народот во богоносните закони“. Починал во 1012 година.

Григориј е наречуван и презвитер, монах над сите црковници. Можеби вршел чин на еден вид хартофилакс, или голем сакеларије. Потоа се среќава со чин епископ на Мизија, потоа на Пелагонија и Прилеп. Последниов назив се среќава во еден превод од Метафраст. Неговата памет под 8 јануари се среќава во синаксарите на Остромировото евангелие (XI век) и Охридскиот апостол (XII век). Неговиот култ бил посебно значаен за Охрид и Пелагонија, зајакнат посебно од

охридскиот архиепископ Лев. На Григориј му се припишува преводот од грчки на словенски јазик на „Хрониката на Јован Малала Антиохиски“. Оваа Хроника ја дополнил со Палеата на Стариот Завет, а се смета и со „Александридата“.

За разлика од првите зачетници на киновисокото монаштво нешто подоцна се јавува вториот вид монашки живот - еремитски или анахоретски. За разлика од првите видови монаси, сестрано заангажирани, овие се оддале на наполно осаменички живот, многу далеку од населението од кое потекнале.

Вестите за пустиножителот Св. Јоаким Осоговски, или Сарандопорски, потекнуваат главно од XIII век, од кое време е пронајден препис од негова служба, додека преписите на неговото житие потекнуваат од XI век наваму. Иако изворите за Јоаким не се изобилие, особено историските, може да се констатира дека живеел во XI век во Осоговскиот крај. Неговата опширна хагиографија ни ги дава основните хронолошки податоци за носечката личност на текстот, како композициските и уметничките карактеристики. Веднаш може да се заклучи дека авторот на Јоакимовото житие бил високо образована личност, кој како и Климент Охридски, ги познавал и читал делата на високата византиска книжевност, бидејќи самото житие не отстапува во уметнички поглед ниту малку од најубавите примери на византиската хагиографска книжевност. Кон ова посебно не насочува педантно и успешно компонираниот воведен дел, кој слично како уводите од житијата на Кирил и Методиј ја апострофира улогата на божјите маченици и страдалници, посредници меѓу невидливиот свет на небото со кој господари бог и луѓето на земјата. За да биде оправдана нивната дејност авторот ја истакнува мислата на Господа: „Нивното семе ќе биде како sвездите на небото и како песок покрај морето.“ Тргнувајќи од божјата сила, преку божјите посредници, житиеписецот доаѓа до четворицата анахорети, богоугодници: Иван Рилски и Прохор Пчински, Гаврил Лесновски и Јоаким Осоговски. За нив авторот појаснува: „чесна четворка, богоизбрано друштво, трудољубиви Христови работници, кои излегоа со ралото на верата да направат бразда и да посеат семе духовно и да го ожнеат достасаното класје, добродетелен плод на Христос да му принесат.“ Откако житиеписецот дава неопходни податоци и похвали за тројцата Јоакимови придружници, мошне суптилно ја започнува со високо умеење самата

негова хагиографија: „Овој наш свет и преподобен отец Јоаким се угледа на Игнатиј Богоносец, упатувајќи се како ѕвезда многу светла од запад кон исток, дојде во областа на планините и пустините Осоговски, имајќи со себе хранител и водител ангел божји, и се всели таму кај единствениот бог, и наполно посветувајќи се, се молеше да му се исполни желбата и да го добие саканото.“

Според потребите за подвижништво и осамување, Јоаким пристигнал во осоговското село Градец, каде што господарот на таа облает го испратил да пустиникува во Бабин Дол кај реката Скупица. Јоаким бил задоволен и изјавува во духот на развиените анахоретски желби: „Мене смерниот ме упатија да добијам такво место на живеење и остатокот од животот мој да го завршам во заповедите господови, во молитва и постење, во солзи и бдеења, трпејќи глад и жед во голотија и во студ, и во секакво трпење и злострадање, така да го поминам кратко-трајниот плачен живот, да се потрудам да добијам небесно богатство, да се спасам од тој страшен и неиздржлив пекол. И ти, многу љубезен, о Христе, брате, споменувај ја љубовта божја и приоѓај кон нашата смерност, додека живее духот мој во телото подложно на умирање, за да те обогати и тебе благиот Бог, големиот дарител, со својата милосрдност и благост.“ И се упатил Јоаким кон посоченото место и на т.н. месност Сарандапор минал безбројни денови во се ноќни и дневни бденија. Тука и го дочекал крајот на својот живот.

Најстариот помен за св. Јоаким Осоговски го среќаваме во Службата на св. Јоаким Осоговски, во препис од XIII век. Најстариот препис на Житието на св. Јоаким Осоговски датира од XV век. Најчесто издаваниот опширен текст на житието е според препис од XVI век, првпат публикуван од В. Ламански, а потоа и од Ј. Иванов, во книгата „Бугарски старини од Македонија“.

Недалеку од Осоговската планина со својата убавина и местоположба се издига Лесновската планина, каде што се прочула славата на македонскиот анахорет Гаврил Лесновски. Се смета дека неговата појава треба да се бара во XI век, кога за времето на византиското владеење над Македонија се создавале услови за тих анахоретски подвиг на нашите монаси.

Хагиографскиот текст за **Св. Гаврил Лесновски** не доведува уште со самиот воведен дел во врска со општо-христијанските пустиножителски хагиографии,

особено со текстот на Свети Алексеј - човекот божји. Гаврил бил роден во Осичко Поле, во блгородничко семејство, а родителите му биле блиски на царот, слично како и сторијата за Алексеј. Гаврил добил солидно образование и изучил повеќе-јазици. И кога Гаврил ги завршил високите школи родителите намислиле да го оженат за девојка од добар род. Гаврил задоен со љубов кон богоугодни дела и наука, заминал од куќата на родителите, а житиеписецот прави успешна според-ба: „Тој, како тврд дијамант, се угледа на Алексеја - човекот божји. И родителите го пуштија со мир.“ Пред монашкиот подвиг хагиографскиот текст истакнува дека според сонот Гаврил изградил црква во Осичко Поле, а потоа дошол во Лесновскиот манастир, каде што игуменот го примил и го постригол. Набргу Гаврил побарал дозвола да самува восхитот кон Злетово. Меѓутоа, кога до него допреле луѓе го напуштил и се преселил во местото Луково. До него пристигнал еден овчар, кому му ги оздравел овците. Од оваа причина Гаврил повторно се преселил во недостапниот и непрооден Облов врв, каде што минал цели 30 години во постење, молење и измачување на телото. Таму и починал. Долго вре-ме никој не ја знаел пештерата каде што се наоѓале неговите мошти. Потоа му се јавил преподобниот Гаврил на сон на монахот Јосиф во местото Средец. Уплаше-ниот монах ја извршил наредбата, заминал на Облов врв, ги пронашол со помошта на Гаврила моштите и ги пренесол во Лесновскиот манастир, заедно со митрополитот, епископот, егуменот, како и со сите месни болјари и населението од тој крај. Моштите биле пренесени во Лесновскиот манастир. Од тој момент се случувале бројни чуда.

Најстариот хагиографски текст за Св. Гаврил Лесновски потекнува од 1330 година и претставува кратко негово житие, составено од лесновскиот книжевник Станислав. Со сигурност се претпоставува дека морало да биде составено и опширното негово житие, врз чија основа можело да настане проложното житие. Во секој случај од основањето на Лесновскиот манастир, со подвизништвото на прочуениот анахорет Гаврил Лесновски, низ сите векови на наизменични вла-деења, манастирот во Лесново Свети Јоаким Осоговски опстојал и ја негувал ракописната традиција.

Овчеполието во средниот век играло важна улога во општите текови на културната историја. Уште еден анахорет и страствен подвизник потекнува од Овче Поле. Пустиножителот **Св. Прохор Пчински** потекнува од угледно и благочестиво семејство, чии родители, апострофира хагиографијата, потекнувале од овчеполските села. Мајка му се викала Ана, а таткото Јован. И Ана и Јован биле искрени христијани, кои целиот живот го минале правејќи богоугодни дела. И како што е примерно во многу општоприфатени хагиографии, и овие благочестиви родители го разделиле имотот на сиромашните. На постара возраст и двајцата добиле чедо, кого го нарекле Прохор. И житиеписецот уште во уводниот дел ја навестува него вата метафорична улога: „Навистина овој Прохор беше светилник на светот, навистина посник, навистина пророк со пророчка дарба, навистина маченик кој лежел на камен. Кој јазик ќе го исповеда неговиот труд, на земски човек, на небесен ангел? Во планината поднесуваше зимски измачувања и трпења, а во лето - пот и жешко сонце. И ги надари господ неговите родители и со ова свое дете. И засветли со добродетелта како ѕвезда која свети од исток кон запад и навистина стана втор Самоил - овој свет отец Прохор Пчински беше пустиножител со благодет.“

Кога Прохор одраснал родителите сакале да го оженат, меѓутоа тој го посакувал осамениот и мирен живот, и кога почнал да се измачува, преку Евангелието во црквата до него допреле зборовите: „Кој го сака својот татко или својата мајка повеќе од мене, не ми е достоен, кој сака да го земе својот крст и по мене да дојде - стопати ќе биде примен и вечниот живот ќе го наследи“. И Прохор го избра патот на спасението. Потоа побегнал во планината и се населил во една пештера пред која имало извор. Оваа пештера и денес е зачувана во Жеглиговско, недалеку од црквата „Свети Ѓорѓи“ во Старо Нагоричане. Таму останал цели 32 години, се до доаѓањето на ловецот Диоген, кој побегнал од старецот. Меѓутоа Прохор го повикал, нарекувајќи го со неговото име, иако првпат го сретнал. Старецот му се обратил на уплашениот Диоген: „Диогене, речено е да одиш во Цариград и да бидеш цар, но кога ќе дојдеш на престолот спомени ме мене, старецот, поради пророштвото што ти го изреков.“ Неговото пророштво се остварило и младиот ловец бил прогласен за византиски император. Погледнато од историски аспект

хагиографскиот текст се поклопува со владеењето на византискиот император Роман IV Диоген, кој владеел од 1067 до 1071 година. Ова индиректно укажува на појавата на Прохор Пчински во самиот XI век. Според историски сведоштва императорот Роман IV Диоген бил роден во Жеглиговско. Уште во младите години заминал за Цариград и стапил во воена служба, каде се истакнал со својата храброст и станал војсководител. Во 1067 година ја примил царската круна, а починал во 1071 година.

Кога Прохор Пчински починал, му се јавувал на сон на императорот, потсетувајќи го на пророштвото. Диоген со целата придружба се упатил на местото каде што го сретнал старецот, но не го пронашол неговото тело. На тоа место подигнал црква. Но, наскоро му се јавил повторно на сон старецот и му покажал „знамениja“ кои го довеле до неговите се уште неизгниени мошти. Диоген со голема почит ги пренесол моштите до реката Пчиња. Прохор Пчински повторно му се јавил и му наредил да не ги пренесува моштите во изградената црква, туку да ги остави на тоа место крај Пчиња. На другиот ден на истото место Диоген подигнал задужбина во името на свети Прохор Пчински, а ковчегот со моштите ги поставил во црквата. Откако го организирал црковниот живот во истоименият манастир заминал во Цариград.

Четирите опширни житија за св. Прохор Пчински потекнуваат од XIX век. За жал постар препис не е пронајден, иако податоците зборуваат недвосмислено дека морало да постои и постар прототип.

Светителскиот ореол на Прохор Пчински се споменува во Норовскиот пролог од XIII век, под 19 октомври, кога се празнува и денот на Св. Иван Рилски. Опширните житија се познати според нови преписи од XIX век, што никако не ја исклучува констатацијата дека житијниот текст настанал многу порано. Текстот на еден од преписите издаден од Ј. Х. Васиљевиќ, го преиздал и Ј. Иванов во книгата „Бугарски старини од Македонија“. Редакцијата е црковнословенска, со мешавина од словенските редацкии, а преовладува руската. Преписот го направил монахот Мартириј Хилендарски во манастирот Свети Прохор Пчински.

Овој манастир станал значаен црковен и културен центар уште во средниот век. Тој придонесол за негувањето и зачувувањето на словенското ракописно

наследство. Ги пребродувал сите кризни ситуации низ вековите, па и петвековното турско владеење. Денешниот изглед овој манастир го добил во XIX век, кога била обновена црквата во 1898 година. Како градители на црквата се јавуваат браќата Јанче и Ангел Василеви од село Тресонче, Дебарско.

На 2 август 1944 година во овој манастир се одржа I заседание на АСНОМ, кога се конституира македонската држава. На 25 годишнината од I заседание на АСНОМ беше отворен Меморијалниот музеј на АСНОМ, а реконструкцијата ја изврши Републичкиот завод за заштита на споменици на СРМ во 1969 година. На 2 август 1989 година беше свечено отворена новата поставка на Меморијалниот музеј, по повод 45 годишнината од АСНОМ.

Опасноста од ересите за православната црква била голема. Богомилството појавено во Македонија, од каде многу бргу се проширило на Балканот и пошироко, ја затресе силно средновековната феудална средина. Неговите одгласи останале да се чувствуваат и по X век. Во XII век во Мегленско како плевел се намножиле ересите и еретичките секти. Појавата на епископот Иларион во Меглен означи силно противставување на засилените ереси, заради што и се јави светечкиот ореол на епископот Иларион Мегленски.

Најверојатно хагиографијата за **Св. Иларион Мегленски** можел да ја состави непосредно по неговата смрт неговиот ученик Петар, кој за жал не е зачувана. Најстариот препис потекнува од XIII век, а врз негова основа можеле да настанат идните обработки. Најпопуларна е верзијата на бугарскиот патријарх Евтимиј, позната според препис од Владислав Граматик од XV век. Во неа доминира уводниот дел со одмерен и нов тон кон личноста, што недвосмислено може да ни го претстават и следниве неколку редови: „Сладок е овој живот, но бесмртноста е послатка од секаква сладост, и само таа знае да изнаоѓа како да го придобие човештвото на некој чуден начин и да го упати кон идниот век. Вас ве чека друг живот кој го негира распаѓањето. И, ако, имено, во овој живот ја зачуваме душевната добрина, оваа телесна добрина ќе ни биде наградена со поубава форма, и како што младоста вечно се проширува напред, и кога би имале имено небесен јазик, би ја раскажале прекрасно онаа иднина, која со секаква благост многу засладува и се слави во делата од овој живот... Но како што не можеме да

ги изброиме дождовните капки, исто така, и делата и животот негов не е можно да се набројат...“

Мајка му на Иларион се викала Ана. Родителите биле благочестиви христијани, но подолго време немале род. Ана зачнала откако долги години минала пред иконата на Богородица во црквата, молејќи ја Богородица да и даде рожба. Кога Ана зачнала, добила известување дека детето што ќе го роди ќе им донесе спасување на многу страдалници и ќе ги спаси од лошите ереси. На третата година Иларион пее: „Свет, свет, свет Господ.“ На осумнаесетгодишна возраст се замонашил во еден најверојатно константинополски манастир. Игуменот му го заветил манастирот на добриот Иларион. Неговиот богоугоден живот бил забележан и тој го наследил игуменот по неговата смрт. Неговите чуда останале забележани. Во времето на големата глад тој се помолил и празните житници се исполниле со жито. Преостанало дури и за соседите. Под неговото раководство манастирот напредувал. Во 1134 година Иларион бил прогласен за мегленски епископ, за што Богородица го известила охридскиот архиепископ. Мегленската епархија во XI век се протегала од Вардар до Охридското Езеро, со главен град Меглен. Во овој град нараснал бројот на еретиците, особено на богомилите. Синодот на Цариградската патријаршија во 1143 година им ги одзел чиновите на Леонтиј и Климент поради изразени богомилски стремежи. Монахот Нифонт бил осуден на доживотна темница, заради богомилски идеи. Во 1147 година патријархот Козма II бил осуден како богомил. Борбата против еретиците Иларион ја започнал смело, енергично и беспоштедно. Цели триесет години го подучувал своето паство како да ги избегнуваат лошите идеи на еретиците: Арij, Синомиј, Савел, Аполинар, Ориген, Теодор. Токму затоа говорите и борбите на епископот Иларион претставуваат и денес значаен извор за изучувањето на богомилството во Македонија во XII век.

Иларион Мегленски ги искоренил еретиците и потоа се оддал на мирен живот. Од своите собраќа барал трезвеност, строгост и послушност. Починал во мир на 21 октомври 1164 година. Житието споменува дека на местото каде што се собирале еретиците била изградена црквата „Свети Апостоли“, а за управител бил избран ученикот на Иларион - Петар. По смртта на Иларион настанале извесни

немири меѓу монасите, но набргу се смириле, откако на сон им се јавил Мегленскиот епископ. Моштите на Иларион биле пренесени од царот Калојан во Трново во црквата „Свети четириесет маченици“. Меѓутоа овде станува збор за бугарскиот цар Иван Асен кој можел да ги пренесе моштите. Од Трново моштите биле пренесени во Цариград.

Хагиографијата за Св. Иларион Мегленски содржи драгоцени материјали за изучувањето на еретичките движења во Македонија, особено во XII век, кога еретиците се собирале на ридот Бахово, каде што во 1868 година се гледале урнатините од црквата, над Мегленскиот рид.

Најстариот текст од Житието на Св. Иларион Мегленски можел да настане во XIII век, а потоа патријархот Евтимиј го составил во XIV век опширниот текст на житието. Најверојатно Евтимиј го преработил во нов состав. Краткото житие на Иларион Мегленски, изработено од неговиот ученик Петар. Евтимиј, кој имал големи непријатности со еретиците, имал убав повод да го оживи делото на Иларион. Еден од преписите на неговиот состав се наоѓа во Зборникот на Владислав Граматик од 1468 - 69 година, направен во манастирот Матејче. Текстот го издал Ѓ. Даничиќ.

На 1 октомври во православната црква се чита „Житието на преподобниот отец Јован Кукузел“. Според едни истражувачи роден е во градот Дурацо (Драч), а според други во Дебарско, во селото Джерманци. Се истакнувал со неверојатно убаво пеење, заради што бил школуван во Цариград. Во Охрид е зачуван ракопис, музичка творба од Кукузел, препис од XIV век, на грчки јазик. Во Цариград му станал љубимец на царот, се смета дека тоа се однесува на царот Алексиј I Комнен, (1081 - 1118). Затоа, на поголем распон, историчарите на музиката во датирањето на периодот кога живеел и творел Јован Кукузел, се движат од XI до XIV век. Се прославил во Византија и во музичкиот творечки живот станал личност број еден. Царот сакал да го ожени, но убавиот млад човек повеќе го сакал духовниот монашки живот. Јован побегнал во манастирот „Свети Атанасиј“ во Света Гора. Царот испратил луѓе да го бараат, но тие не успеале да го откријат, иако биле во Света Гора. Јован го пасел стадото манастирско и почнал да пее, сметајќи дека никој не го слуша. Меѓутоа, во соседната пештера го чул еден

пустиножител и занемел од убавината на гласот ангелски. И козите дури престанале да се движат и го слушале. Тогаш откриле дека тој е дворскиот пејач и музичар Кукузел. Игуменот на манастирот го известил и царот за замонашувањето на Јован. Царот заплакал кога го чул неговото име, но потоа дозволил да монахува.

Еден ден Јован се уморил од пеење и заспал. Притоа, доживеал видение. Му се јавила Богородица, му рекла да продолжи со пеење и му ставила во раката еден златник. Јован се разбудил и занемел кога го видел во раката златникот. Веднаш го врзал за иконата на Богородица. Пред таа икона почнале да се случуваат многу чуда. Пред смртта оставил порака телото да му го погребат во малата црква „Свети Арахангели“, близу до „Св. Атанасиј“, која ја подигнал за време од својот живот.

Кукузел оставил зад себе драгоцени музички дела. Еден „Полиелеј на Бугарката“ и посветил на својата мајка, која постојано жалела за својот сакан син. Иконата со златникот ја зачувала својата традиција и на Света Гора со неа се изведувале редовни литии. Во лаврата „Св. Атанасиј“ била изработена иконата на Јован Кукузел. Чудотворната икона на Св. Богородица е позната со името „Кукузелиса“.

Животописот на Св. Јован Кукузел го среќаваме во делото на Јоаким Крчовски „Чудеса пресвјатија Богородици“, од 1817 година, и тоа како ненумерирано чудо, кое следи веднаш по 66-то чудо за двете деца. Јован израснал во градот Дирахиа (Дурацо) и заради убавото пеење добил назив „ангелогласен“. Натамошната животна историја е предадена едноставно, скратена, на жив народен македонски говор, кој уште не ја прекинал врската со традиционалниот црковнословенски писмен јазик, претставени во една успешна синтеза. Јоаким Крчовски, кој од различии причини, прескокнувал одредени чуда, очевидно се определил за претставувањето на чудото за Јован Кукузел, во кое односната личност се поврзува со покровителството и љубовта на Пресвета Богородица. И овој текст покажува за популарноста и култот на Св. Јован Кукузел во Македонија.

На Лионскиот собор во 1274 година било извршено соединувањето на Источната и Западната црква, за времето на византискиот император Михаил VIII

Палеолог (1259 - 1281). Разбирливо е што многу православни верници на Исток не го дочекале радосно ова соединување, заради западното влијание и се јавила опозиција. Посебен отпор се јавил во Света Гора. Многу светогорски манастири не сакале да ја примат Унијата. Меѓу опустошените манастири, каде што на суров начин ги загубиле животите дваесет и шест лица, е Зографскиот манастир. Манастирот бил опустошен од латинските наезди во 1275 година, организирани од Рин, а набргу потоа бил составен текстот за **Светите зографски маченици**. кој се среќава и на грчки и на словенски јазик. Една подоцнежна преработка на настанот од XIII век се јавила во XVI век, кој ракопис го пренесол В. Григорович во СССР и денес се чува во Румјанцовскиот музеј во Москва, под бр. 1706, издаден од К. Радченко и Ј. Иванов. На 10 октомври се одбележувала паметта на преподобните зографски маченици. Житиеписниот текст прави компарации со библиски примери, кога храбрите маченици не сакале да попуштат пред огнот и мечот на Латините. Тие го опустошиле во 1275 година пиргот на царот Асен, кога изгореле и многу ракописи. Истото се случило со богатството што таму го инвестирале цар Симеон и цар Петар. Имињата на изгорените монаси биле: Тома, Варсунуфие, Кирил, Михеи, Симон, Иларион, Јаков, Мартимиан, Козма, Јован, Кипријан, Сава, друг Јаков. Сергиј, Мина, Јосиф, Јоникиј, Павел, Антони), Едимиј, Доментијан. Кога еклисијархот Партениј ги видел мртви браќата и самиот се фрлил од кулата во пропаста.

Авторот на оваа општа хагиографија напоменува на крајот дека го предава овој настан, за да не остане неодбележан, за да не останат помрачени од заборавот храбрите монаси. Во XVI век турските зулуми и наезди можеле да ги покренат културните дејци кон оживувањето на светлите страници од историјата, кога можел да биде обновен настанот од XIII век. Затоа не случајно тогаш и се јавил словенскиот препис на зографските маченици. Меѓу жртвите во манастирот се наоѓале претставници од повеќе средини на Балканот, сигурно и од Македонија, каде што се јавувал секогаш засилен интерес во монашки живот во манастирите во Света Гора и во Византија. Текстот за Зографските маченици сигурно бил составен до 1441 година, бидејќи се споменува во „Посланието на Светогорските манастири“ до московскиот кнез Василиј II Василевич (1425 - 1462).

Во XIV век меѓу светогорските подвижници се наоѓа и преподобниот **Дионисиј Костурски**, роден во костурското село Горица. Заедно со постариот брат Теодосиј монахувале во Филотеевскиот манастир во Света Гора. Во осаменичкиот живот под врвот „Мал Атон“ му се предал целосно на Бога и околу 1380 година успеал да ја подигне црквата „Св. Јован Претеча“. Неговата слава е почитувана на 25 јуни, на денот на неговата смрт. Починал на 72 годишна возраст. Брат му Теодосиј ја добил титулата митрополит на градот Трапезунт.

Во XIV век над Балканот се јавува опасноста од Отоманската империја. Се јавуваат маченици, кои и се противставуваат на муслиманизацијата.

На 5 декември се споменува мошне занимливиот животен пат на „**преподобниот отец наш Нектариј Битолски**“. Се родил во градот Битола. На крштевката му било дадено името Никола. Пред наездата на Агарените на мајка му и се јавила на сон Богородица и ја посоветувала да го скрие семејството во една пештера. Дошле Агарените, многу христијани страдале и подоцна се појавила фамилијата на Никола. Таткото со двете машки деца заминал во црквата „Свети врачи“ Козма и Дамјан“ во Битола, во турскиот период позната како Кајгас џамија, со познатата света вода. Татко му се замонашил и добил монашко име Пахомиј и продолжил да се подвизува со двата сина. На денот од црквата верниците носеле дарови. Еден ден испразнетото буре самото се наполнило повторно со вино. Тогаш Никола уште посилно поверувал во Исуса и заминал во Света Гора, во Кареа, каде што посебно се зближил со старците Дионисиј и Филотеј. Филотеј бил видовит човек од Цариград и кога првпат го здогледал Никола го ословил со неговото име. Кај нив Никола се замонашил и се нарекол Нектариј. Потоа започнало неговото духовно напредување. Ѓаволот му испраќал бројни искушувања, а еден завидлив брат успеал да го оддели од двајцата старци. Нектариј заминал во Карејската ќелија. Филотеј набргу починал, а Дионисиј отишол кај Нектариј и заедно продолжиле да живеат во манастирот Свети Арахангели, т.н. Коф. Се занимавале со рачни изработки. Починал и Дионисиј, а Нектариј живеел сам, страдајќи од многу болести. Починал на 5 декември 1500 година. Неговите мошти биле ставени во ковчег на чиј капак бил насликан ликот на

Нектариј. Се смета дека за време на пожарот во Света Гора од 1761 година мошти-те биле префрлени, но сигурните траги се изгубени.

Како современик на Св. Нектариј Битолски традицијата го споменува Св. Варвар Охридски. Според еден од пронајдените преписи на Житието на Св. Варвар Охридски го наоѓаме податокот дека преписот го извршил монахот Гаврил во 1448 година во Њамецкиот манастир во Молдавија. Во него е зачуван и записот дека самиот текст на Житието настанал во 1435 година и било пронајдено во Зборник од збирката на А. И. Јацимирски (бр. 11, лл. 154 - 176 об.). Податоците што се зачувани за овој светител исцелител се недоволни, за да се извлечат поточни сознанија за него. Покрај тоа, и пронајдените податоци се честопати противречни, што ја отежнува работата на истражувачите, меѓу кои посебно треба да се истакнат архимандритот Сергеј, А. И. Јацимирски. Дури и времето на неговата дејност се поврзува со XI и XIV век. Според Димитрија Ростовски и арх. Филарет св. Варвар живеел во XI век. Покрај тоа, Житието му придава египетско потекло на Варвар, се поистоветува со свиреп разбојник, кој потоа се покајал и станал светител. Писателот на житието, помалку познатиот Кипријан, не зборува многу за деталите од неговиот живот, а самиот текст сигурно го правел според усни искажувања на очевидците. Според достигнатиот материјал до нас може да се констатира дека св. Варвар живеел, или бил роден во Охрид, а потоа преминал во Битола, каде што се занимавал со лечебна дејност, во манастирот, кој би можел со поголема веројатност да го посочиме како „Св. Козма и Дамјан“ („Св. Бесребреници“). Зачуваните податоци и традиција зборуваат дека во манастирот доаѓале многу болни од Цариград, Солун, Трново, Албанија, од цела Македонија. Лечел и добиток. Се лекувале слепи, сакати, разнородни болести со што болницата станала многу позната. Св. Нектариј Битолски кој починал во 1500 година споменува манастирска болница во Битола во манастирот „Св. Бесребреници“. Се претпоставува дека лековитата вода од „Кајгаз“ во Битола е остаток од старата манастирска болничка градба, каде што во XIV век работел св. Варвар Охридски. Во краткото грчко житие не се споменува египетското потекло. Опширното житие на Кипријан го споменува охридскиот архиепископ Тома, кој пристигнал во манастирот на Св. Варвар со многу луѓе од Охрид и

видел како од мртвото тело на Варвар течело река лековито миро. Посакал да ги пренесе моштите во Охрид, но мирото не престанувало да тече. Од него сите болни оздравувале. За жал, во тоа време не е историски познат пелагонискиот архиепископ Тома, кој живеел во Охрид.

По византиското и српското владеење на јужно-словенските области, XIV и XV век го дочекуваат муслимизирањето на христијанското словенско население, што секако, предизвикувало револт и отпор. Како типичен пример на бескомпромисен христијанин, кој не бил спремен да ја прими новонаметнуваната вера, ниту доброволно, ниту со сила, е секако личноста на кратовчанецот Ѓорѓи.

Св. Ѓорѓи Кратовски се јавува како култно лице уште во првата половина од XVI век, веднаш по насилничката смрт во 1515 година, во времето кога турската сила е наполно стабилизирана во Македонија. Во условите кога потурчувањето станало обична појава, се јавила потреба од одредени лица, кои со својот подвиг ќе им дадат сили и ќе им влеат храброст на пошироките народни слоеви, уплашени од зулумите на Турците.

Ѓорѓи се родил во Македонија, во градот Кратово. Мајка му Сара и татко му Димитрија биле благочестиви луѓе. Малиот Ѓорѓи успешно го завршил училиштето, а го изучил и златарскиот занает. Се развил во убаво стамено момче. Заплашен од можноста да биде одведен во дворот на султанот, Ѓорѓи го напуштил малото место Кратово и заминал во Софија, каде што му станал ученик на свештеникот Петар. Меѓутоа, и во големата средина на Софија Ѓорѓи бил забележан и мухамеданците посакале да го потурчат. Испратиле кај него еден турски учител, кој почнал да го убедува да ја прифати мухамеданската вера, за што би добил како награда богата сопруга, ќерката на градскиот ага. Ѓорѓи ги одбил сите почести и ја бранел христијанската вера. Затоа бил повикан пред судијата, кој самозадоволно му објаснил на младиот христијанин: „Нели ни се покорија царствата на земјата? Нели ни плаќа народот данок? Кога Бог не би не сакал тој не би го дозволил нашето царство“. На тоа Ѓорѓи одговорил: „И пред Мухамед ги покоруваа царствата со меч. Дали тоа треба да значи сите победители, иако безбожници, се по волјата Господова?“ Судијата наредил да го врзат Ѓорѓија и да го одведат во темницата. Потоа бил уште неколкупати изведуван на судиштето,

но тој не се одрекнувал од христијанската вера. Измачувањата станувале се пострашни, што асоцијативно не навраќаат кон сличните постапки со Св. Ѓорѓи Кападокиски, кој се борел за продорот на христијанството, а Ѓорѓи Кратовски за неговото одржување во јужнословенската средина, покорена од турската сила. Единствена утеха му биле зборовите на свештеникот Петар, кој сочувствувал со неговите неизмерни страдања. На плоштадот во Софија маченикот Ѓорѓија бил запален. Меѓутоа, иако бил денот сончев, од небото заврнал дожд. Ѓорѓи починал на 11 февруари 1515 година. Неговото тело било погребано во соборната црква „Свети Ѓорѓи“.

Житието и Служба га на Св. Ѓорѓи Кратовски ги составил софискиот поп Пејо, познат деец на полето на книжевноста. Житието било составено непосредно по неговата маченичка смрт, најстариот препис потекнува од XVI век, од Хилендарскиот манастир, опишан од: Ѓ. Сп. Радојичиќ, Сава Хилендарец, Б. Ст. Ангелов. В. Григорович, Л. Леонид, Д. Богдановик. Го издаде и Д. Миловска, фототипски. Најстариот препис под бр. 479 е Хилендарскиот, од третата четвртина на XVI век, објавен од Д. Богдановик во Зборникот на старата српска книжевност (Белград 1976), целосно и критички. Преписот што го објави Д. Миловска потекнува од 1769 година, опишан од Д. Богдановик, од Хилендарската збирка. Микрофилмуваните материјали може да се користат во Народната библиотека во Белград, според кои и Миловска можеше да го издазде овој препис фототипски, познат под бр. 799.

Ѓорѓи Кратовски бил канонизиран на Московскиот собор во 1547 година, или во 1549 година. Според руските канонски книги тогаш бил признат за православен светител. Неговото житие влегло во печатен минеј во 1642 година, а потоа неговиот култ се проширил и пошироко на Балканот.

Опасноста од Турците, муслиманизирањето, наметнале потреба од одбранбен став, кој го манифестирал најубаво и најистрајно кратовчанецот Ѓорѓи. Во 1925 година во Кратово била подигната црквата „Свети Ѓорѓи Кратовски“. Во неа е изработена уметничката икона со ликот на Св. Ѓорѓи Кратовски од Ѓорѓи Зограф-ски од Папрадиште. Неговиот култ се проширил и во Света Гора, со која Македо-

нија не ги прекинувала врските. Кујунџискиот и ковачкиот еснаф во Пирот, Кратово, Скопје, Софија, го зеле Св. Ѓорѓи за свој патрон.

Во самиот град Кратово е познато дека урнатините од куќата на Ѓорѓи биле видливи се до 1939 година. Во самиот град честопати била изведувана драмата „Свети Ѓорѓи Кратовски“. На денот на Св. Ѓорѓи во Кратово се одржува свечена служба и кратовчани му оддаваат посебна почест со своето присуство во црквата, на 24 февруари.

Меѓу христијанските маченици, кој настрадал за времето од турското владеење, на 29 август во 1794 година, е и Св. Анастасиј Струмички или Радовишки. Тој бил роден во градот Радовиш, Струмичка епархија. Мајсторот каде што работел младиот Анастасиј го натерал да ја мине границата во турска облека, за да не ги плати редовните царини. Турците го фатиле, го затвориле и го терале да се одрече од својата вера, но тој не пристанувал. Бил ставен на најстрашни измачувања, но не се согласил да ја прими муслиманската религија. Кога го носеле да го обесат, паднал, и му го предал својот дух на Господа. Неговиот помен се славел токму на тој ден - 29 август. Неговиот животопис го напишал Никодин Светогорец, негов современик во 1809 година, во синаксар, на грчки јазик.

Со се поголемото присуство на муслиманската вера, во православните средини се случувале интересни појави, кога христијаните се потурчувале, а потоа пак се враќале во крилото на христијанството. Обично тие биле убивани заради постапката. Во XVIII век во Охридската црква бил канонизиран **Св. Никодим Нови**. Како христијанин живеел во Елбасан, потоа се потурчил. По примањето на исламот заминал во Света Гора и таму се закалуѓерил, заради што подоцна бил убиен. Неговиот лик се наоѓа во „Стематографијата“ на Х. Жефаровиќ, заедно со ликот на Св. Наум. Исто така, не бил заборавен и во Москополската книга на светители, излезена од печат 1741 - 42, со материјална помош од Управата на манастирот „Свети Наум“ во Охрид.

Мошне интересна хагиографија со проблематика од времето на турското владеење во Македонија, е секако, текстот „**Страдањето на светата великомаченица Злата Мегленска**“. Злата била родена во селото Слатина, Мегленско, во типично сиромашно мегленско селско семејство. Родителите имале од род три

ќерки. Злата била смерна, кротка, чедна и премногу убава. Затоа не случајно еден Турчин силно се вљубил во неа и насила ја одвел во својата куќа. Злата го сакала и го признавала само Исус Христос и не сакала да се откаже од таа своја силна љубов, и покрај ветувањата на Турчинот за удобен и убав живот. Турчинот ја отстапил на жените, со цел тие да ја убедат и да ја премислат Злата. Но, напразно. Потоа почнал да ја злоставува. Ги молел нејзините родители да влијаат и да се одрече од Исуса. Ништо не помагало. На крајот применил силни измачувања, ја гореле со нажежени железа, но со молитвите кон Исуса, ги надминувала измачувањата. Авторот на Житието прави интересна споредба во однос на духовната издржливост, за што зборува и Симеон Метафраст: „Бидејќи, како што кажува Симеон Метафраст, душата врзана за Бога со прангите на љубовта, не ги смета за ништо страдањата, се радува на болките и цвета во маките.“

Турците ја обесиле Злата на едно дрво и ја исекле на ситни парчиња. Тогаш му ја предала душата на својот „бесмртен свршеник“, добивајќи со тоа троен венец на девство и венец на маченишство. Нејзините делови од телото тајно ги собрале и ги погребале. Починала на 13 октомври 1795 година. Овој текст го запишал светогорскиот духовник Тимотеј од Светоникитскиот манастир, кому му се обратила самата Злата пред смртта. Во 1799 година нејзиното житие го напишал Никодим Светогорец. Б. Цонев го опишал житието од Народната библиотека во Софија, под бр. 475. Нејзиниот лик се наоѓа насликан во црквата „Свети Спас“ во селото Раштак, Скопско, во 1863 година. Нејзината фигура се наоѓа и во Слепченскиот манастир, од 1862 и 1889 година. Овие траги во уметничките дела во Македонија, како и во македонската фолклорна традиција, говорат за нејзиниот распространет култ кај нас.

Бројните историски настани што се менувале на сцената на Македонија оставале горчливи сознанија. Меѓутоа, и покрај навистина променливата историска судбина, на почвата во Македонија останувале некогаш жаришта, некогаш светилници, некогаш искри на виделина, како неспорна вистина. Презентираните содржини на средновековните хагиографии чинат дел од неуништливиот континуитет од нашата книжевна и културна заоставштина, некогаш замаглена

заради сотрените траги, но зачувани во културната традиција, како свежина донесена од препознатливото минато.

Украинскиот автор Иван Вишенски оставил една хагиографска обработка, чиј прототип до денес не е пронајден, а се однесува на охридскиот архиепископ Варлаам. Оваа значајна личност од списокот на охридските архиепископи живеела во XVI век, кога и настрадал од Турците на 28 мај 1598 година. Во градот Велес архиепископот Варлаам бил заклан од Турците и фрлен во реката Вардар. Несловот од обработката на Вишенски гласи: „Новина или вест за наоѓањето на телото на убиениот Варлаам, архиепископ охридски, во градот Велес, кој пострада за вистината и во реката наречена Вардар бил фрлен“. Сигурно е дека Вишенски можел да ја претстави оваа обработка врз основа на некој постар препис, а прототипот сигурно настанал непосредно по настанот, карактеристичен за време на турското владеење.

Меѓу помалку познатите маченици кои настрадале за православната вера спаѓа и битолскиот маченик, папуџијата **Агатангел**, кој во 1727 година загинал страдалнички, убиен од Турците, бидејќи не сакал да се потурчи. За време на Бајрам, Турците во Битола насила потурчувале христијани, а оние кои давале отпор ги убивале. Агатангел не можел да ги гледа тие маки и издејствувал султанов ферман во Цариград, со кој се забраниле крвопролевањата. Кога се вратил во Битола Турците не можеле да го гледаат и го убиле. Неговиот череп денес се чува во убаво изработена метална кутија под престолната икона на Св. Богородица во црквата „Св. Димитрија“ во Битола. На неа е испишана историјата на Агатангел на грчки јазик. Неговиот череп го сместил во кутијата пелагонискиот митрополит Григориј, во присуство на парохиските свештеници: сакелариос Ѓорѓи, сакелион Ќарѓа, свештениците Трајан, Наум, Ангел, Василиј, Ѓорѓи, Ристо, на 27 февруари 1827 година. Култот на овој маченик во Битола се негувал од овој датум понатаму, во локални граници.

Во житијата на светите се споменува друг маченик Агатангел од Тракија, со световно име Атанасиј. Турците насилно го потурчиле во Смирна. Се замонашил во Света Гора. Бил убиен во деветнаесеттата година од животот, на 19 април 1819 година.

Кога станува збор за христијанските култови во Македонка, се задржавме на најважните и канонизираните, за кои се знае денес и денот на нивниот помен. Меѓутоа, во старата словенска ракописна граѓа наоѓаме и помалку денес популарни култни имиња, а кои сигурно во времето на нивното подвизништво имале своевидно локално значење. Така на пример во „Историјата словенобугарска“ од Паисиј Хилендарски се споменува маченикот Ангел Битолски, со потекло од селото Лерин. Него го споменува и Зографската историја на бугарскиот народ, од XVIII век, чиј список на светители го објавува и Ј. Иванов. Според истата Историја во 1750 година Турците го мачеле, а потоа го убиле убавото момче Ангел. Тој одбивал да се потурчи. Неговото маченишство и храброст ги опишал грчкиот битолски владика. Во познатите „Житија на светците“, како и во разни Пролози, не се среќава неговиот спомен. А. Василев го открил ликот во црквата „Св. Илија“ во Софиско, изработен најверојатно во 1857 година.

Иако вестите од старите извори не се секогаш сигурни, на пример, Паисиј го меша Горазд со Еразмо, а во москопослките изданија од XVIII век историјата е подецидна, сепак претставуваат драгоцени податоци за следењето на традицијата, која не секогаш останувала евидентирана. Така на пример, Паисиј забележува: „Во прво време Турците убиле многу луѓе од бугарскиот народ по градовите заради христијанската вера, но луѓето од простота или неработење, не ги запишувале нивните страдања, и така преминувал од род до род нивниот заборав и нивните имиња.“ Од долготрајната просветна и културна стагнација под турското владеење многу уверливо прозвучува искажувањето на Паисиј, кој се погрижил да презентира значајни податоци и сеќавања од подалечното и поблиското минато на Словените, барани по светогорските манастири, во сите катчиња до кои допрел вредниот историограф и книжевник.

Теренските истражувања во Македонија откриваат стари и нови, современи култови на лица, од значење за одреден регион, дури и во рамките на неколку села или село. Нивното истражување и презентирање, сигурно ќе биде интересно. Нивниот длабок одраз го откриваат и песните на Блаже Конески од циклусот „Пролошки житија“.

Н. Ферманджиев објави интересен осврт на календари објавени до НОБ, главно од времето на бугарската преродба. Во нив се среќаваат и имиња на светители и маченици кои се непознати пошироко, а за кои честопати нема ни најнеопходни податоци. Заслужуваат внимание за натамошни истражувања: Св. Петар Мегленски, Св. Никита Серски, преподобен Теофил Македонски, Св. маченик Серафим од Лариса, преподобен Анастасиј Струмишки, преподобен Јаков Костурски, Спас Радовецки, мач. Бонју Македонски, Св. Стефан Струмички, и други помалку познати културни имиња.

ЛИТЕРАТУРА

Acta sanctorum, vol. 1 - 60, Bruxelles 1643 - 1883.

MIGNE, P. J., Patrologiae Cursus completus, series latina, Paris 1844 squ.

MIGNE, P. J., Patrologiae cursus completus, series graecolatina, Paris 1857 squ.

СОЛОВЬЕВ, п., Христианские мученики пострадавние на Востокѣ, Спб. 1862, 240 - 244.

ЧЕРНИГОВСКИЙ, Филарет, Святые южных Славян, Чернигов 1865.

Македонски житија IX - XVIII век, предговор и избор - Добила Миловска, превод - Јован Таковски, „Табернакул“, Скопје 1996.

НОВАКОВИЋ, Стојан, Служба и живот св. Ђурђа Кратовца по рукопису XVII вијека, Гласник СУД, Београд 1867, св. XXI, 98 - 157.

DANIČIĆ, Gj., Rukopis Vladislava Gramatika, Život Ilariona Moglenskog, Starine, Zagreb 1868, knj. I.

ГОЛУБИНСКИЙ, Е., Краткий очерк истории православных церквей болгарской, сербской и румынской, Москва 1871.

ГРИГОРОВИЧ, Виктор, Очерк путешествия по Европейской Турции, Москва 1877.

ЛЕОНИД, Л., Словено-српска књижица на Св. Гори Атонској и Св. Павлу, Гласник СУД, 44, 1877.

ЈОВАНОВИЋ, А. С., Пчиња, Гласник СУД, Београд 1881, књ. XLIX.

СЫРКУ, П., Заметки о двух произведения патриарха Евтимия в Сборник статей по славяноведении, Спб. 1883.

МИЛИЋЕВИЋ, М., Ђорђе Кратовац светитељ Србин, Београд 1885.

КАРАНОВ, Е., Материали по етнографията на некой местности в Северна Македония, които се смежни с България и Сърбия, СбНУ, IV, 1891.

НАЧОВ, Н. А., Две Хаджи Йоакимови книги, Периодическо списание на Българското книжовно дружество в Средец, 1892, т. 8, кн. XXXIX, 405 - 428.

РУВАРАЦ, Д., И још нешто о животу св. Ђурђа Кратовца, Годишњица Николе Чупића, Београд 1893, књ. XIII.

ГОЛУБИНСКИЙ, Е. Е., История канонизации святых в русской церкви, Сергиев Посад 1894.

ЧЕРНИГОВСКИ Ф., Свѧтыс южных Словянъ, Спб. 1894, 171 - 137.

НОВАКОВИЋ, Стојан, Пшински поменик, Споменик СКА, Београд 1895, књ. XXXIX, 6.

KRUMBACHER, K., Geschichte der byzantinischen Literatur, Munchen 1897, 176 - 205.

CHILANDAREC, Sava, Rukopisy a starotisky Chilandarske, Vestnik Kralovske české společnosti nauk, Praha 1897, 72.

ЯЦИМИРСКИИ, А. И., Из славянских рукописей, Тексты и замѣтки, Москва 1898, II Житие преп. Варвара - разбойника Охридскаго, 34 - 55.

МИЛЮНОВ, Н. П., Христианския древности Зап. Македонии, Известия Русс. Арх. института, 1899, IV.

К'НЧОВ, В., Македония, София 1900.

МАРИНОВ, Д., Служба преподобнаго отца нашего Иоакима Осоговскаго, Средец 1900. 41 - 54.

ХАЏИ-ВАСИЉЕВИЋ, Јован, Свети Прохор Пчињски и његов манастир, Годишњица Николе Чупића, Београд 1900, књ. XX, 57 - 117.

СЫРКУ, П., Очерки из истории литературных сношений Болгар и Сербов. Спб. 1901.

ФИЛАРЕТ, Архиепископ, Святые южных Славян, Спб. 1904.

DELEHAYE, H., Les Ičgendes hagiographiques, Bruxelles 1905.

Жития на светиите, списани на славянски език от Св. Димитрия, и жития на югославянските светии от Филарета, дек. Пловдив - Търново, 1905.

ИВАНОВ, Йордан, Северна Македония, София 1906.

ЦУХЛЕВ, Д., История на българската църква, I, София 1910.

СИМИЋ, Стеван, Лесновски манастир, Београд 1912.

ЛОПАРЕВ, Х., Византийские жития святых VIII - IX веков, Византийский временник, 17,1911,18,1913.

СИМИЋ, Стеван, Лесновски манастир св. оца Гаврила, Београд 1913.

ЈИРИЧЕК, Константин, Историја Срба, 1, 1920.

МАРКОВИЋ, Василије, Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Ср. Карловци, 1920.

DELEHAYE, H., Les passions des Martyrs et des genres litteraires, Bruxelles 1921.

Жития на светиитѣ, януарий, редакция архим. Стефан Абаджиев, София 1925.

МИРКОВИЋ, Лазар, Свети Ђођре Кратовац, Братство, Београд 1925, XIX.

СЛАНКАМЕНАЦ, П., Легенде о јужнословенским анахоретама, Гласник Скопског научног друштва, 1,1926, књ. 1 - 2, 215 - 233.

АРСИЋ, В. Т., Црква св. великомученика, Димитрија у Битољу (1830 - 1930), Битољ 1930, 59 - 61.

ПОПОВ, Х., Жития на светите почитани от православната църква, София 1930.

MIGNE, J., Patrologia, series graeca, t. 126, col. 151 - 222, превод на бугарски јазик во „Сборник на БАН, София 1931, кн. XXVII, 239 - 270: Теофилакт, Мѫчениничеството на светитъ славни 15 свещено-мѫченици, пострадали въ Тивериуполъ.

СНЕГАРОВ, Иван, История на Охридската архиепископия - патриаршия, София 1932.

ЂОРОВИЋ, В., Рукописи Лесновског манастира, Зборник за историју Јужне Србије, Скопље 1936, књ. I.

ФЕРМАНДЖИЕВ, Н, Възрожденски календари, Антени, т. IX, бр. 22, 30. V 1938.

ДИНЕКОВ, П., Софийски книжовници през XVI век, София 1939.

ПУРКОВИЋ, М., Светитељски култови у старој српској држави, Београд 1939.

ДУШАНИЋ, С. С. Јоаким Осоговски и његов манастир, Хришћанско дело, Скопље 1940, св. 6.

ЗОГРАФСКИ, Д., Света-Гора Зограф в миналото и днес, София 1943.

ФИЛАРЕТОВ, Х., Жития на българските светии, София 1943, 75-76.

МОШИН, В., Љетопис попа Дукљанина, Загреб 1950.

MANDIĆ, Oleg, Od kulta lubanje od kršćanstva, Zagreb 1954.

HALKIN, F., Biblioteka hagiographica graeca, Bruxelle 1957.

КОЦО, Д., МИЉКОВИЋ - ПЕПЕК, П., Манастир, Скопје 1958.

BECK, H. G., Kirch und theologische Literatur in byzantinischen Reich, Miinchen 1959.

MOŠIN, Vladimir, Slavesnska redakcija Prologa Konstantina Mokisijskog u svjetlosti vizantijsko-slavenskih odnosa XII - XIII vijeka, Zbornik Historijskog instituta Jug. Akad. 2, 1959, 17 - 68.

ХИЛЕНДАРСКИ, Паисий, История славенобългарская, София 1961.

ЛИХАЧЕВ, Д. С., Система литературных жанров древней Руси, Москва 1963, Славянские литературы.

АДРИАНОВА - ПЕРЕТЦ, В., Задачи изучения „агиграфического“ стиля древней Руси, ТОДРЛ, 1964, 20, 41 - 71.

КАЛЕВ, Д., Ден на всички български светци, Духовна култура, 1964, т. XIII кн. 627.

ГАГУЛИЋ, П. В., Манастир Свети Прохор Пчињски, Ниш 1965.

ДИМЕВСКИ, Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје 1965.

ПАВЛОВИЋ, Леонтије, Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево, 1965.

DUJČEV, Ivan, Les rapports hagiografiques entre Byzance et les Slaves, Thirteenth International Congress of Byzantine Studies, Oxford 1966, 106 - 111.

АНГЕЛОВ, Б. Ст., Два преписа на житието на Георги Софиски, Из старата българска руска и сръбска литература, II, София 1967.

БЕК, Ханс Георг, Путеви византијске књижевности, СКЗ, Београд 1967.

МЕГАС. Г., ЛАОГРАФІА, Αθήναι, 1967.

МИЉКОВИЋ-ПЕПЕК, Петар, Делата на зографите Михаил и Еутихиј, Скопје 1967.

АДРИАНОВА, В. П., Сюжетное повествование в житийных памятниках XI - XIII вв. Истоки русской беллетристики, Ленинград 1970, 67 - 107.

ДРАГОВА, Н, Старобългарските извори на житието на петнадесетте тивериуполски мъченици от Теофилакт Охридски, Studia Balkanika, 2, София 1970, 105 - 129.

ИВАНОВ, Й., Български старини из Македония, София 1970.

НИКОЛОВСКИ, Славчо - МИТОВ, Бојан, Крива Паланка, Скопје 1970.

ОСТРОГОРСКИ, Г., О веровањима и схватањима Византинаца, Београд 1970.

ТОМОВСКИ, К., Манастирот Прохор Пчињски, Историја, Скопје 1970, бр. 2.

VUKMANOVIĆ, P. T., The legend of Tiberiopolis (Strumica), Врањски гласник, књ. VII, Врање 1971, 45 -75.

НИКОЛОВСКИ, А., ЌОРНАКОВ, Д., БАЛАБАНОВ, К., Споменици на културата во СР Македонија, Скопје 1971.

ΠΑΠΑΔΟΠΟΥΛΟ, А. М., 'Ο Αγιοσ Δημητριοσ, Θεσσαλονίκη, 1971.

БОГДАНОВИЋ, Димитрије, Ликови светитеља, Београд 1972.

КОНЕСКИ. Б., ЈАШАР-НАСТЕВА, О., Македонски текстови, 10 - 20 век. Скопје 1972.

ДМИТРИЕВ, Л. А., Литературные судьбы жанра древнерусских житий, Славянские литературы, Москва 1973, 400 - 418.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Д., Историографската вредност на Житието на Иларион Могленски за историјата на богомилството во Македонија, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје 1974, бр. 3.

КРЧОВСКИ, Јоаким, Собрани текстови, приредил Блаже Конески, Чудеса пресвјатија Богородици, О Јоане Кукузеле, Скопје 1974, 155 - 157.

ТРИФУНОВИЋ, Ђорђе, Азбучник српских средњовековних књижевних појмова, Београд 1974, 46 - 79.

МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК, П., Фреските и иконите од X и XI век во Македонка, Културно наследство, VI, Скопје 1975.

БОГДАНОВИЋ, Димитрије, Житије Георгија Кратовца, Зборник иторије књижевности, књ. 10. Београд 1976.

КОНЕСКИ, Б., Канонизација на словенски светци во Охридската црква, Прилози, МАНУ, Скопје 1976, бр. 1, 1 - 2, 63 - 73.

АНТИЌ, Вера, Локални хагиографии во Македонија, Просветно дело, Скопје 1977.

ПОПОВИЋ, Јустин, Житиіа светих, Београд (јануар - децембар 1972 - 1977).

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Из историята на „Расказ за зографските мъченици“, Българско средновековие, 70 годишнина на проф. И. Дуйчев, София 1980, 253 - 260.

ANGELOPOULOS, A., "Martyrium ss.quindecim illustrium Martyrum", Historical problems and culturur reality, Makedonica, Thessaloniki, 1980, 463 - 484.

ГРОЗДАНОВ, Ц., Охридското sидно сликарство од XIV век, Охрид 1980.

ПАВЛОВА, В., История на медицината в България, София 1980.

Житие на преподобна Параскева, света Петка, МПЦ, храм „Света Петка“, Скопје 1982.

ГРОЗДАНОВ, Цветан, Портрети на светителите од Македонија од IX - XVIII век, Скопје 1983.

Кирило-Методиевска енциклопедия, БАН, София 1985, А - 3; 689 - 704.

ИВАНОВА, К., Житиеписни творби, Старобългаристика, т. IV, София 1986.

ВАСИЛИЕВ, А., Български светци в изобразителното изкуство, София 1987.

VAVŘINEK, V., Bzyantiky model a piivodni prvky v nejstarši, slovanske hagiografli, Česko-slovenska slavistika 1988, 15 - 27.

АЛЕКСОВА, Блага, Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989.

ВЕЛЕВ. Илија. Лесновскиот книжевен центар, Скопје 1989 (примерок од одбранета магистратура при Филолошкиот факултет во Скопје 1989).

МИЛОВСКА, Добрила, Ѓорѓи Кратовски во книжевната и народната традиција, НИО „Студентски збор“, Скопје 1989.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорѓи, Речник на старата македонска литература, Македонска книга, Скопје 1989.

ВЕЛЕВ, И., Житејната литература за пустиножителот Гаврил Лесновски со кратка редакција, Спектар, Скопје 1990, бр. 15, 21 - 38.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Непознат препис од службата на Јоаким Осоговски со Климентовиот канон за Ефтимиј Велики, Спектар, Скопје 1990, бр. 16, 5 - 33.

БОЈАЏИЕВСКИ, П., Здравството во Битола низ вековите, Битола 1992.

Žirija Konstantina Cirila i Melodija, preveo i protumačio Josip Bratulić, „Kršćanska sadašnjost“, Zagreb 1992.

ГРОЗДАНОВ. Цветан, Мачениците од XV - XIX век во живописот на Македонка, Прилози, Одделение за општествени науки. МАНУ, Скопје 1993, XXIV 1, 35 - 51.

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар. Терминот ἑπτάριθμος и состав на групата „Свети словенски седмочисленици“, Прилози, XVIII2, МАНУ, Скопје 1993, 5 - 32.

МИЉКОВИЌ, П.. Петар, Најстарите светителски култови во Македонија, темели за самостојната Самоилова црква и автокефалност на Охридската архиепископија, Зборник, нова серија бр. 1, Средновековна уметност, Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски, Скопје 1993, 11 - 57.

АНАСТАСОВСКИ. протојерej Огњан, Житие и богослужба на светиот маченик Горпі Кратовски, МПЦ, Полошко-кумановска епархија, „Матица Македонска“, Скопје 1995.

ГРОЗДАНОВСКИ. Цветан, Свети Наум Охридски, „Детскарадост“, Скопје 1995

АПОКРИФИ

Апокрифите се јавуваат како специфичен средновековен книжевен род, присутен во сите средновековни книжевности, како и кај сите Јужни Словени. Самиот збор апокриф доаѓа од грчкиот јазик: ’απόκρυφος - што во превод значи: скриен, таен, лажен, обвиткан. Според тоа, за ваквите текстови во почетниот период од нивниот постанок се знаело дека се тајни, скриени списи, зашто се чувале на скриени и тајни места, недостапни за сите луѓе. За нивната суштина пишува одличниот нивни познавач И. Порфирев: „Кај сите стари народи имало тајни религиозни книги, чие потекло му се припишувало на господа, или на познати луѓе од подлабоката старина. Тие се чуваа во храмовите во тајност и им беа достапни само на свештениците или на луѓето упатени во религиозните тајни, и затоа ги нарекуваа: Βιβλία ’απόκριφα, libri recondidi, absconditi, secreti...

Од погорепосочениот карактер биле книгите на Гермес, Зороастра, Санхониатон, Лин, Орфеј. Прво укажување за нив среќаваме во третата книга на Ездра. За нивниот карактер направено е убаво резиме во одбранетата дисертација на В. Грабар. Ваквите текстови, во почетокот чувани таинствено, подоцна биле забранувани и од самата црква и влегле во црковните индекси на забранетите книги. Тоа посебно се заснлило со проширувањето на апокрифите во еретичките средини и со самото прифаќање на овие текстови од самите еретици. Поради тоа тие не влегоа во канонските дозволени од црквата дела, што се гледа од најстарите јужнословенски текстови, на пример од Савиниот српски Номоканон од почетокот на XIII век, потоа од словенскиот превод на Синтагмата на Матија Властар од XIV век. Но затоа се среќаваат во индексите на забранетите книги, за кои посебно пишувале. А. Јацимирски, Н. Тихонравов. Мошне важна улога одиграл Изборникот, најверојатно составен од бугарскиот цар Симеон во X век, а препишан во Русија и познат како Изборник на Свјатислав, еден од 1073 година,

а другиот од 1076, со индекс на забранети книги. Црквата посебно сакала да ги издвои овие забранети дела. Во еден зборник од XVI век, од Московската синодална библиотека пишува: „Творците на еретичките книги беа од бугарска земја.“ Индексите преку јужнословенско посредство стигнале и во Русија. Многу апокрифни состави во словенска средина првоначелно настанале во јужнословенска средина, поточно во Македонија и Бугарија, како земји кои биле во непосреден и поблизок контакт со богатата византиска книжевност. Меѓу најцелосните јужнословенски индекси на апокрифи спаѓа Номоканонот од XIV век, во кого се среќаваат исправки, што ги нема во грчкиот текст, бидејќи препишувачот се сообразил со словенската состојба на апокрифите. Словенскиот редактор го обновува попот Еремија како составувач на еретичките книги. Низ токот од вековите индексите биле исправани.

Апокрифите ги зачнале во своите содржини бројните библиски настани, личности, особено оние за кои Библијата поскудно давала информации. Кратките библиски текстови апокрифите ги развивале во опширни содржини, најчесто прераскажувани на интересен начин, честопати поетски, поради што го придобиле вниманието на поширокатa читачка публика, и на ниско образованата, а и на широките непросветени маси. Тие навлегувале во тајните на недофатливото небо, во вселената, го откривале задгробниот живот и навлегувале во иднината. Поради разновидниот карактер на обработки, теми, содржини, апокрифите можеле да го привлеча г вниманието на еретичките движења и да ги користат за свои цели. Тие можеле да ги користат за свои цели, особено оние апокрифи кои биле блиски до нивната еретичка идеологија, меѓутоа, тоа не значи дека биле творби на самите еретички составувачи. Понатаму ќе видиме дека изворните документа го негираат ваквиот став, кој денес се коригира во однос на авторството на апокрифите, а можните претпоставки најблиску се однесуваат на популарниот состав „Виденијето на пророкот Исаија“.

Најстарите апокрифни книги не стигнале до нас, поради што денес е многу отежнето да се даваат многу прецизни податоци за почетниот период од нивното појавување. Еврејската книга „Јашар“, која изобилува со апокрифни момента, не припаѓа во редот на најстарите почетоци од апокрифното создавање. По Вави-

лонскиот плен (586 година п.н.е.) кај Евреите биле развиеии есхатолошките идеи или учењето за последните времиња на светот. Во времетраењето на персиското ропство (539 година п.н.е.) Вавилон го покориле Персијците. Тогаш Евреите се запознале повеќе со религиозното учење на Зороастра. По прекинот на вавилонското ропство многу Евреи останале во Вавилон, каде што го издале вавилонскиот Талмуд полн со апокрифни епизоди. Во Александрија, каде што била преведена Библијата на грчки јазик, се бара татковината на многу апокрифни состави.

Во апокрифите очевидно е дека се дошло до спојување на паганските елементи со христијанските, како што ќе ги сретнеме и во одделни фолклорни творби. Тоа е еден дијалектички неодминлив процес, кој ја засега и сегашноста. Во овој поглед J. Братулиќ подвлекува: „Безбројни светови: митолошки, библиски, ориентални, средновековно-легендарни, живеат и денес, и покрај нас и во нашата средина и свест, иако тоа на прв поглед не можеме секогаш да го видиме и дознаеме“.

Познато е дека апокрифите биле проширени уште во II век п.н.е., кога кај Евреите се јавиле првите библиски апокрифи. Прашањето за појавата на апокрифите сигурно е поврзано со настанувањето на одделните поглавја од Библијата, особено на Стариот Завет, како постар дел од Новиот Завет. Незачуваните првоначални текстови во секој случај само ја отежнуваат научно истражувачката работа врз овие текстови. Колку е комплицирано самото прашање може да се види и со самата состојба на Библијата, во однос на нејзиниот историографски дел, кога станува збор за прецизното определување на целосното оформување на нејзините поглавја, т.е. настанување. Како пример да го посочиме временското определување на Мојсиевото петокнижие, кое разновидни истражувачи го локализираат од XII до II век п.н.е. Меѓу најстарите извори во кои овој вонредно значаен библиски дел е зачуван е еврејскиот Papyrus Nash, настанат во I или II век од Христос. Во Стариот завет се споменуваат личностите: Аврам - прататкото на човечкиот род, кој се смета дека живеел во XX век п.н.е.; Мојсие - XII век п.н.е; Давид - X век п.н.е.; пророкот Исаија - VIII век п.н.е.; пророкот Варух - VII век п.н.е.; Езекиел - VI век п.н.е., итн. Критичката школа смета дека Петокнижие добило конечна форма во V век п.н.е. и тоа за времето на Ездра. Според сите

старозаветни библиски текстови во народот можеле да се појават слични состави, кои би биле апокрифни, особено ако се формирале околу еден централен библиски дел. Кумранските откритија од III век п.н.е. покажаа дека и пред тој период постоеле редакции на Стариот завет. За текстовите од Новиот завет мислењата се посредени, се смета дека новозаветните текстови настанале во I или II век од Христос.

Поевидентен патоказ за егзистирањето на апокрифите се забележува од првиот век на н.е. Апокрифите, кои го нашле своето место во старите светски книжевности, многу бргу биле преведувани и обработувани во Грција, од каде што најчесто преминувале во словенска средина како преводи. На крајниот словенски Југ настанале вонредните први словенски преводи на апокрифите од каде што се проширувале во разновидни словенски редакции и кај другите словенски народи. Ако се вратиме наназад, јасно е дека во VI и VII век во Грција апокрифите биле популарни и познати, во времето кога Словените го населуваат Балканскиот Полуостров и доаѓаат во контакт со византиската култура. До појавата на Кирил и Методиј, во врска со изведувањето на Моравската мисија, Словените немале своја писменост, но некои од нив сигурно можеле постепено да се запознаваат со тековите на византиската книжевност, па и со апокрифите. Со преводот на Библијата од страната на Методија, кој настанал пред неговата смрт, значи пред 885 година, Словените не можеле да ги имаат апокрифите воопшто преведени на словенски јазик, зашто и двајцата брака се труделе да ги преведат пред се најнужните богослужбени црковни дела од грчки јазик. Тогаш можеле да продрат и анокрифни состави, но сигурно не во голема и популарна мерка. Истражувајќи ги апокрифните состави во Хрватска В. Грабар ќе забележи: „Првите црковнословенски апокрифни преводи настанале во Македонија и Бугарија, од каде понатаму се шириа и стануваа сопственост на други словенски народи.“ Грабар истакнува дека „Делата апостолски“ што се јавиле во хрватската книжевност во XIII век водат потекло од Македонија и Бугарија, како што ќе биде случајот и со други хрватски апокрифни состави. Вакви случаи имало доста, како и преводи што доаѓале од Запад. Никодимовото апокрифно евангелие било преведено од латински, и според A. Vaillant преводот настанал на хрватска почва во

X век. За апокрифните состави во Бугарија посебен студиозен опус претстави Д. Петканова.

Околу прашањето за појавата на апокрифите сред Словените повеќе светлина даде Свјатославовиот изборник од 1073 година, напишан за бугарскиот цар Симеон, а препишан од ѓаконот Јоан за рускиот кнез Свјатослав. Во него се најде текстот на физиологот, најстариот список на забранети книги, итн. Изборникот иидиректно потврди дека апокрифите биле познати сред Словените во X век. Кон тоа сочи особено индексот на забранетите книги, кој исто така, е превод од грчката книжевност. Во него се наоѓа всушност Исидоровскиот канон, статијата „О нарочитыих книгах“ - канонот на Јован Дамаскин. Врз општиот канон посебно се задржал C. Credner, додека црковните отци споменуваат пописи на книги уште од IV век: Афанасиј (372 година), Григориј од Назијанза (390 година), Амфилохој (380 година), Кирил Ерусалимски, итн. Еден голем список на еретички книги среќаваме во декретот на римскиот собор под папата Геласија 597 година. Самиот Изборник од 1073 година претставува речиси дословен превод од грчкиот текст.

Апокрифите биле преведувани, а честопати преработувани во словенска средина. Оваа книжевност ги открива напати стремежите и сфаќањата на средновековниот човек, особено на суштината на егзистирањето. Меѓу показателите на средновековниот мироглед и менталитет се наоѓаат и апокрифите. Прашањата што се третирале во нив го покажувале народниот интерес, проблематиката што го окупирала толку силно човекот. Во нашата средина сигурно пресудно влијание извршиле апокрифите преведени од грчката книжевност. Во IV век се развива Златниот век на византиската патристичка книжевност. Рановизантиската теолошка книжевност ќе добие посебно значење преку делата на Климент Александриски (150 - 215), Атанасие Александриски (296 - 373), Василиј Кесариски (329 - 379), Григориј од Назијанза (329 - 389), Григориј од Нис (331 - 394), Јован Златоуст (354 - 407). Последниов автор е претставник на антиохиската школа, која е помалку мистична од александриската. Ефрем Сирин е кон антиохиската школа, но пишувал сириски (306 - 373). Во периодот на иконоборството (VIII, IX век) се јавуваат: Јован Дамаскин (крај на VII и почетокот на VIII век). Теодор

Студит (IX век). Во делата на византиските црковни отци се среќаваат ред апокрифни елементи, иако многу од нив биле строги кон прописите што ги среќавале во индексите и канонот. Такви елементи ќе најдеме во составите на Јосиф Флавиј и тоа кога зборува за Адам и Ева, за потопот, за Сит, за Аврам, за Јосиф. Познато е исто така дека апокрифите иако биле прогласени за неканонски дела, тие нашле силен одраз сред широките народни маси и навлегувале и во црковните дела што се читале во црквите. Како пример да го наведеме Никодимовото евангелие, што се читало на Голема Сабота, Јаковлевото протоевангелие го употребувале и црковните писатели: Григориј од Нис, Епифаниј Кипарски, Андреј Критски. Флавиј и Филон влијаеле врз Климент Александриски, кој кон историјата на Аврам, Сара, Агара приоѓал алегориски. Претворањето на жената на Лот во столб се споредува со митолошката Ниоба. Климент влијаел врз творештвото на Евсевиј Кесариски. И Ориген открива пред читателот апокрифни елементи. Блажениот Ероним укажува на еврејските преданија, додека Ефрем Сирин при толкувањето на Петтокнижието покажува апокрифни елементи, особено во однос на Сатанаил, Каин, Енох. Византиските историчари и хроничари вметнувале апокрифни елементи и во хрониките (во хрониките на Георги Синкел, Георги Кедрин, Методиј Патарски, итн.). Во византиската книжевност многу апокрифни состави достигнале од Исток, како и од еврејската книжевност. Се разбира овие апокрифи во византиската книжевност претрпувале измени, како што ќе биде случај потоа со византиските апокрифни состави во словенските средини, што во секој случај е дијалектичка неминовност. Словените ги сакале посебно делата на византиските црковни писатели. Кај нив посебна популарност достигнале составите на Јован Златоуст. Нив одлично ги знаат: бугарскиот цар Симеон, Климент Охридски, епископот Константин, Презвитерот Козма, и други. Во словенските книжевности ќе станат популарни зборниците наречени „Златоуст“, потоа беседите на Ефрем Сирин, Василиј Велики. Во руската стара книжевност посебно место зазеле зборниците: Пчела, Маргарит, Измарагд. Во Русија биле посебно негувани зборниците т.н. палеи, кои покрај библиски текстови содржеле апокрифни состави. Преводите доаѓале од Грција, каде што биле пишувани на жив народен говор. Кога станува збор за византиската апо-

крифна, легендарна книжевност, таа таму се јавувала под терминот „пониска книжевност“, за разлика од претходната повисока книжевност, од класичната книжевност. Оваа народна книжевност била анонимна, честопати градена според посебниот вкус на составувачот, со доминација на фантастичниот момент. Меѓутоа, оваа книжевност нашла широка примена и денес го доловува наполно духот на средновековието.

Во однос на преминувањето на апокрифите во словенска средина беше нагласена и понапред посредната улога што обично ја одиграл крајниот словенски Југ. Истакнавме дека повеќе хрватски апокрифи биле пренесени преку јужнословенска средина. Апостолските дела преминале во хрватската книжевност во XIII век, а веќе во XI век ги среќаваме во руската стара книжевност. За нас е посебно значаен примерот што го покажува интересниот словенски зборник, познат во славистичката наука како Драголев зборник, српска редакција, настанат врз основа на постара македонска предлошка. Самиот ракопис бил откриен во 1875 година во селото Скутари до Скадар, а повеќе години го имал П. Сречковиќ, кој подоцна им го отстапил ракописот на В. Качановски и М. Соколов, кои објавиле делови од него. Соколов објави доста значаен труд во однос на ракописот, рецензиран од В. Јагиќ. Подоцна на овој проблем се надоврзал и Сречковиќ. Во 1925 година ракописот нестанал во странство, меѓутоа во 1969 година бил повторно вратен во Народната библиотека во Белград, за што соопштуваат: Д. Медаковиќ, Д. Богдановиќ, Љ. Штављанин-Ѓорѓевиќ. Овој значаен словенски ракопис со српска редакција претставува очевиден пример дека настанал врз постар предложок, настанат во Македонија. Всушност, Драголевиот зборник помага да се формира претставата за вкусот и квалитетот на првиот македонски антологичар на средновековните текстови кои добиле широка популарност во Македонија.

Во XIII и во XIV век на теренот на Македонија се засилила српската редакција, особено посилно околу нејзините северни граници. Тогаш се јавиле и други словенски ракописи, настанати врз прототипови од Македонија. На еден таков Требник од XIII век, укажа Д. Богдановиќ, врз кој посебно се задржал П. Симиќ. Во однос на Драголевиот ракопис Д. Богдановиќ заклучува: „Уставот на Драголе-

виот зборник не е калиграфски, туку оној другиот „обичен“ устав, со кој особено во XIII век и во периферните области на тогашната српска држава или соседните области (Македонија) биле пишувани книгите претежно и со вон богослужбена употреба, посебно книгите кои не се читале во сакралната литургиска функција.“ Во самиот ракопис се забележуваат остатоците од македонската редакција, кои насочуваат кон изворот со кој се послужил попот Драгол. Се јавува типична вокализација на ъ>о - точно, торого, потоа ь>е - пѣтель. И посебните примери на замена на јусовите покажуваат македонска особеност, особено примената на асигматскиот аорист: придоу, присоу, реше, итн. Се јавуваат и архаизми, на пример: да оувѣдѣ место да оувѣмь, итн.

Деталното разгледување на Драголевиот зборник открива прототип создаден според особеностите на македонската редакција, составен од анонимен антологичар од Македонија. За ваквиот прототип се определиле повеќе истражувачи. Македонските црти на прототипот ги согледал и В. Јагиќ, потоа Ѓ. Сп. Радојичиќ, покрај веќе напред споменатите научници. Радојичиќ истакнал: „Планинските предели на североисточна Македонија од втората половина на XI до XIII век раѓаат книжевност со житија, црковни песни, апокрифи, откровенија и мудри изреки. Македонците ја изгубиле својата самостојна држава, пропаднаа обидите за нејзината обнова и тие се под Грците и сосем кратко време под Бугарите. Апокрифите и откровенијата во таа книжевност се особено занимливи. Или се со оригинална словенска содржина или се со словенска обоеност. Имале очевидно задача да ја одржуваат будноста кај Македонските Словени.“ Во секој случај, за Драголевиот зборник може да се заклучи дека настанал во XIII век, врз основа на македонски ракопис составен од анонимен македонски антологичар од крајот на XI век. Вакви случаи во словенските книжевности имало повеќе а во случајов го посочуваме овој пример, зашто Зборникот навистина нуди мошне интересни текстови, кои го откриваат книжевното ниво во далечниот XI, XII, XIII век, како и провениенцијата на многу значајни текстови од Македонија. Самиот назив антологиски, или антологичар, ја оправдува богатата избрана содржина на ракописот.

Во Драголевиот зборник го нашле своето место повеќе апокрифни состави кои влегле и во Индексот на лажните и одречени книги: Прашањата на Иван Богослов кон Аврам на Таворската планина, Беседата на тројцата светители со наслов: Прашања и одговори на свети Григориј, свети Василија и свети Иван Богословец, потоа Изнаоѓањето на Леопариј, Слово и похвала на Александар и Мојсеј (извитием древе), Откровението на Варух, Видението и толкувањето на Данил, Пандеховиот пророчки состав, Видението на Исаија. Популарноста на византиските автори Јован Златоуст и Јован Богослов сред Словените ја открива и овој Зборник. На крајот следат популарните средновековни состави: Коледник, Грмник, без кои делови средновековната антологија не била целосна. Во неговата содржина е вклопена кратката верзија на Беседата на презвитерот Козма, која е значајна поради најголемата старина на кратката верзија. Посочените текстови, препишани и разработени на крајниот словенски Југ, во Македонија, од грчката книжевност, се проширале во другите средновековни словенски книжевности, по разни патишта и по разновидни историски и културни влијанија. Разбирливо е дека посочениот пример е само еден правец на влијанија, кој не ги исклучува и другите, бугарско-српски, бугарско-руски, македонско-руски, итн. И овде не смее да биде превиден важниот крстоносен средновековен центар - Света Гора, кој комуницирал со Синај, Киевска Русија, Бугарија, Македонија, Србија, итн.

Врз Драголевиот зборник и неговиот прототип се задржавме посебно заради големата старина, за да се посочи интересот на читателската и културната публика во раното средновековие кон мешовитите зборници, чие распространување е видливо во XV и XVI век. Како важен антологиски избор на еден друг мешовит зборник, со мошне карактеристични содржини, омилени сред македонските средновековни консуматори, ќе го посочиме Тиквешкиот, настанат во самиот крај на XV век. Денес, тој е сопственост на Софиската народна библиотека, под сигнатура бр. 677. Редакцијата ги открива белезите на српската редакција, меѓутоа одредени карактеристики јасно откриваат одреден стадиум од развитокот на македонскиот јазик, што недвосмислено го прикажува пресудното македонско јазично влијание. Со оглед на разновидните јазични слоеви и влијанија, српско, македонско, руско, во најновото претставување на Тиквешкиот зборник, со Б. Ко-

нески, се заклучува најновото укажување дека еден ваков мешовит зборник, од црковно-словенската јазична традиција, како неутрален фонд, можел да настане каде што најубаво можело да се дојде до вкрстени влијанија - во Света Гора. Покрај другите средновековни книжевни жанрови, во него наоѓаат место посебните апокрифни состави: Книгата Аврамова, Видението на апостолот Павле, апокрифите за царот Давид, за Евангелието, Псалтирот, за лошите жени, за Самсон, за Соломон, за Прекрасниот Јосиф, за пророкот Илија, итн.

Повеќе ракописи од сите средини исчезнувале неповратно. Таков е случајот и со многу македонски ракописи. Покрај зачуваните со изразита македонска редакција, со разновидни средновековни книжевни содржини, многу текстови од наследеното словенско ракописно наследство, под зачуваната редакција откриваат македонска предлошка. Покрај двата претходни примера да ги посочиме уште: Апокрифниот зборник од XVI век, (Рс 38 од Народната библиотека во Белград) со српска редакција, врз македонска предлошка, Призренскиот зборник од XVI век (Рс 36 од Народната библиотека во Белград) со видливо присуство на македонизми, итн. Вакви примери покажуваат и другите зачувани словенски ракописи, градени врз македонска предлошка: минеи, пролози, паримејници, Остромировото руско евангелие од XI век, итн.

Кога станува збор за широката содржина на мешовитите зборници од видот на Драголевиот, Тиквешкиот, кон нив може да се приклучат и познатите наслови од јужнословенска средина: Берлинскиот од XIII век, Белградскиот од XIV век, настанат врз предлошка од крајниот словенски Југ, Букурешкиот од XVI век, од кој век се уште интересни: Дубровничкиот од 1520 година, Панаѓурскиот, потоа Љубљанскиот од XVII век, Апокрифниот македонски мал зборник од XIX век, и други. Во случајов ги подвлекуваме заради интересната апокрифна содржина, а последниот укажува на нивната проширеност и пат до XIX век.

Во однос на апокрифите во историската наука од XIX век до денешни денови се поставува прашањето за богомилското потекло или за богомилскиот карактер на повеќе апокрифни состави. Во овој однос порано предизвикаа интерес трудовите што се јавија од перото на В. Јагиќ, кој се задржа посебно на оваа проблематика, издвојувајќи шест апокрифни состави како богомилски. Потоа, наслону-

вајќи се на руската редакција од Индексот на забранетите книги, зазел становиште дека автор на повеќе јужнословенски апокрифни текстови бил попот Еремија. Подоцна се јавил Ф. Рачки со тврдењата дека апокрифот за Крсното дрво и Тајната книга се богомилски состави. М. Соколов се определил за шеснаесет апокрифни текстови, кои ги сметал за богомилски творби. Слични вакви ставови поткрепиле М. Мурко, Д. Цухлев, Д. Мишев и други. Како резиме на ваквите мислења се појави книгата на Ј. Иванов „Богомилски книги и легенди“. Оваа книга ја преиздаде и на француски јазик Французинот Р. Нели. Во апокрифните состави со чист богомилски карактер влегоа следниве состави: Тајната книга, Видението на Исаија, додека со богомилска интерполација ќе ги смета текстовите: Книгата за Енох, Откровението на Варух, Адам и Ева, Детството Исусово, Прението на Исус Христос со ѓаволот, Разумникот, Тивериадското море и уште две апокрифни космогонии.

Меѓутоа, наспроти ваквите мислења се јавија други трудови, меѓу кои овде би ги споменале познатите текстови на Ш. Пуеш, А. Вајан, Д. Оболенски. Овие автори го оспоруваат богомилското потекло речиси на сите споменати апокрифни состави, а й даваат предност на Тајната книга, како богомилски состав, кој имал доста сличности со Паноплијата на Е. Зигабен. Меѓутоа, исцрпната анализа што потоа следеше од Е. Турдеану, доста аргументирано објави пред славистичкиот свет дека попот Еремија во никој случај не може да биде автор на апокрифните текстови, и дозволува само за Видението на Исаија можност дека овој текст претрпел богомилска интервенција. За другите апокрифни текстови, што се сметале дотогаш како богомилски, дозволува можност за нивна циркулација меѓу еретиците. Во секој случај со убедливи аргументи го оспорува затврденото мислење на Јагиќ и Иванов.

Меѓутоа, и покрај ваквите ставови се јавуваа трудови кои доследно се придржуваа кон тезите на Јагиќ и Иванов, па дури ги прошируваа. Меѓу најдоследните во овој случај треба да се споменат настојувањата на Д. Ангелов, Е. Гоергиев, Ј. Бегунов. Кон ваквите гледишта посебно се противставил на неколку наврати Д. Драгојловиќ. Прво, овој истражувач даде доста аргументирани ставови за елиминирањето на текстот на Тајната книга како богомилски. Драгојловиќ

го докажува манихејскиот карактер на текстот, неговата популарност и припадност во рамките на светската книжевност, неговата проширеност во византиската книжевност, преведен уште пред VI век на латински јазик под наслов „Interrogatio sancti Joannis“, под кое име го наоѓаме во Индексот на лажните книги, кој е составен по лично залагање на папата Геласиј во VI век.

Земајќи ги предвид сите изворни материјали пред се, а потоа и значајните истражувања по проблематиката на богомилството, со Д. Драгојловиќ се задржавме посебно во книгата „Богомилството во средновековната изворна граѓа“, што се појави по повод Меѓународниот симпозиум за богомилството, што се одржа во Скопје, во МАНУ, 1978 година. Ваквите апокрифни состави ги сместивме во поглавието „Псевдобогомилска книжевност“, почитувајќи ги сите резултати што беа покажани во историографската и книжевно-историската наука. Без да имаме конкретни изворни податоци за богомилското авторство на многу апокрифни состави, што им се припишувале на богомилите, а почитувајќи ги содржините на тие апокрифи кои повеќе или помалку се приближувале кон богомилските сфаќања, посебно кон богомилската идеологија, особено земајќи го предвид фактот што многу од тие апокрифни состави биле познати уште во најстарите источни еретички учења и книжевности, ги разгледувавме само како помошен материјал или како можност да се стават во употреба од богомилите, без секакво залагање дека се тие чисти богомилски творби. Во овој однос го издвоивме само Видението на Исаија, кое можело да претрпи богомилска интервенција. Во секој случај немаме до денес конкретни докази дека овие текстови ги обработувале, ги составувале, ги препишувале или на кој било друг начин во нив интервенирале - богомилите. Се задржавме на оние апокрифни состави кои нудат елементи кои можеле да им одговараат на богомилите, помешани со старото дуалистичко наследство, без тврдења дека сигурно биле употребувани од богомилите. Меѓутоа, без изворни податоци можеме да претпоставиме дека и богомилите можеле само да ги прифатат апокрифите во кои се соединувале масалијански, теолошки и манихејски тенденции, па и самите се надоврзале на синкретичкото спојување со старите дуалистички ереси. Во таа смисла ги издвоивме: Видението на Исаија, Тивериадското море, Адам и Ева, Видението

на Енох, Откровението на Варух, Прението на Јисус Христос со ѓаволот и уште два нови текстови, што ги откри Драгојловиќ, со богомилски тенденции.

Во секој случај, земајќи го предвид објавениот досега материјал во однос на апокрифната богомилска или небогомилска апокрифна книжевност, мораме да констатираме дека се наметнува неизбежноста од корегирање на постарите затврдени учења за богомилскиот карактер, интервенција или авторство, на одделни апокрифни состави. Ова посебно се однесува и на цитираните богомилски автори на одделни текстови, меѓу кои се споменуваат Богомил, Еремија, Сидор Фрјазин, Јаков Ценцал. Од нивното некритичко и анахроно споменување во разни ракописи се дошло до противречни, или уште поточно погрешни ставови во книжевно-историската наука. Во студијата на Д. Драгојловиќ, која се однесува на богомилството на православниот Исток, авторот се задржува и на тоа авторство, укажувајќи ги точно нелогичностите, анахронизмите. Овие автори се споменуваат како составувачи на јужно-словенските редакции на богомилските апокрифни состави. Меѓутоа, многу е интересно прашањето зошто нивните имиња се споменуваат во еден ист период, кога овие историски и легендарни личности потекнуваат од разни времиња и од разни места. За Сидор Фрјазин не се знае ништо, додека Јаков Ценцал се споменува во изворната граѓа во VI век. Постарата изворна богомилска граѓа го прикажува попот Богомил како проповедник на богомилството, а помладата како писател на еретичките книги и на апокрифите. Во однос на личноста на Еремија станува очевидно дека руските ракописи зборуваат за два Еремија, кои истражувачите ги спојуваа во едно лице. Едниот Еремија е писател на еретички книги, а другиот на апокрифни. Некои истражувачи во Еремија го откриваат бугарскиот поп Еремија, современик на патријархот Сисиниј II (995 - 998) и ученик на попот Богомил. Меѓутоа, Драгојловиќ го доведува под сомневање тој податок, бидејќи Синодикот нацар Борил не знае ништо за богомилскиот Еремија. Потоа се знае дека Еремија можел да биде оној масалијански проповедач, современик на „лажниот Сисиниј“ и цариградскиот патријарх Сисиниј I, и веројатно, во руските индекси на забранети книги влегол од старите листи на еретичките херезиарси, заедно со Сидор Фрјазин и Јаков Ценцал. Во секој случај, сличноста на одделните апокрифи со богомилската идеоло-

гија не се среќава само во составите од и по X век, кога се појавило богомилството, туку и во најстарите ранохристијански апокрифни состави. Како очевидни примери да ги наведеме следниве: мотивот за седумте небеса што го среќаваме во Виденијето на Исаија, во Варуховото откровение, во Книгата Енохова, се наоѓа и во ранохристијанските апокрифи со апокалиптичен карактер; мотивот за Адамовиот запис потекнува од ранохристијанската литература и иконографија, итн. Како Интерполирани мотиви во апокрифите, од страната на некој богомилски редактор, се сметаат мотивите за поделбата на светот меѓу господ и ѓаволот, за садењето на виновата лоза во рајот, меѓутоа и овие мотиви ги среќаваме во грчките текстови постари од богомилството, врз што посебно се задржа Е. Турдеану. Денес се знае дека сите зачувани зборници со апокрифна содржина во јужно-словенските книжевности се преведени од грчкиот јазик или подоцна се препишани од постарите преводи од луѓето на црквата и од луѓето верни на црквата. Виденијето на Исаија и Варуховото откровение се наоѓаат во зборникот на попот Драгол, заедно со Беседата на Презвитер Козма.

Разгледувајќи го апокрифното наследство во средината на Македонија, каде што се засведочени бројни словенски ракописни текстови, во разни словенски редакции, ќе се задржиме на популарните апокрифи, кои со векови, со години, го привлекуваа вниманието на нашите луѓе, го негуваа вкусот за книжевното восприемање и творење, а самите го одразуваа целокупното живеење и сфаќање на македонскиот средновековен човек, кој ќе живее со оваа литература до XIX век, поради веке познатите историски услови. Оваа литература ќе биде одраз и огледало на неговите социјални, политички, верски, материјални и духовни состојби, а пред се преку нив ќе дојдат до израз и најсмелите и најреволуционерните идеи, од аспект на средниот век, како што оваа апокрифна книжевност ќе се претстави кај сите народи, до кои таа допрела.

Апокрифите го нашле своето место во сите словенски книжевности. Во Изборникот од 1073 година се наоѓаат делови од Физиологот, најстариот список на забранетите книги, словото за лошите жени, итн. Ова зборува недвосмислено дека уште во X век повеќе апокрифни и други средновековни текстови биле познати кај Словените, а во Македонија, се разбира, настанале и многу рани преводи

од грчката книжевност, од каде што се прошируваа кај другите Словени. Меѓутоа, во јужнословенската средина, и покрај тоа што имаме факти за егзистирањето на постарите текстови во X, XI, XII, XIII век, можеме да заклучиме дека во XIV и XV век апокрифните состави добиваат посебно место, тежина, распространетост сред масите, која популарност ќе продолжи и во сите наредни векови, ќе трае дури и во XIX век, се разбира во еден веќе редуциран вид. Во сите истражувања во однос на апокрифното книжевно наследство, следат вакви заклучоци, што ги репрезентираат постојните научни трудови.

При претставувањето на апокрифната книжевност ќе тргнеме од апокрифните состави кои доживеале несомнен успех, распространетост, и кои дури оставиле длабоки траги во македонското народно творештво. Врз одделните примери може да се согледаат народните тенденции, стремежи, афинитети, но и општите карактеристики кои важат за апокрифната книжевност, чиј дел се овде претставуваните текстови.

Меѓу најчестите апокрифни обработки на теренот на Македонија се вбројуваат текстовите кои се однесуваат на епизодите од животот на Аврам, прататкото на човечкиот род. Сите овие текстови ја сочинуваат т.н. „Книга Аврамова“, во чиј склоп на нашиот терен најчесто влегувале следниве наслови: Слово за Аврам и Сара, Слово за Сара, Слово како го учеше Сара својот маж Аврам, Слово за Исак, Слово за смртта и животот на Аврам. Очевидно е дека овие состави го исполнуваат основниот услов, нивната содржина се базира на одделни глави од Стариот завет на Библијата, кои доживуваат своевидна широка обработка. Централна личност е патријархот Аврам, кој станал божји избраник и миленик. Споредени со другите словенски текстови овие обработки покажуваат пред се сличности со останатите состави, но се забележуваат и разлики. Така на пример, познатиот текст Откровението на праведниот Аврам, во другите литератури се среќава обично како посебен текст, додека кај нас тој се слива во текстот на Словото за смртта и животот на Аврам. Најкарактеристичен циклус со овие текстови среќаваме во познатиот ракопис Тиквешки зборник, според кој и го дадовме редоследот на споменатите апокрифи. Во случајов мошне важно е да се констатира дека Тиквешкиот зборник покажува доста големи сличности во однос

на определени текстови, особено во однос на составите за Аврам, со Белградскиот ракопис бр. 104, посебно разгледуван од С. Новаковиќ, М. Сперански, А. И. Јацимирски. Во барањето на сличностите, што се надоврзува на ред сличности меѓу средновековните јужнословенски ракописни верзии, ќе се задржиме уште на Букурешкиот зборник, опишан од Б. П. Хаждеу, а потоа и од П. Сирку, А. И. Веселовски. Сличности покажуваат уште текстовите во следниве ракописни зборници: српскиот ракописен зборник од XV век, чии апокрифни состави ги објавил П. Лавров, дубровничкиот зборник Либро од мнозијех разлога, од почетокот на XVI век, Панаѓурскиот зборник од XVI век, итн.

Словото за Аврам и Сара го следи Аврамовото одрекнување од идолопоклонството. Покрај овој наслов текстот се среќава и со наслов Слово за праведниот Аврам. Самото осознавание и прифаќање на единствениот бог кај Аврам се случило на петнаесетгодишна возраст. Не случајно во овие текстови Аврам е наречуван - праведен. Во периодот на преминот од политеизам кон монотеизам Аврам се јавува како првоборец против старото верување и веднаш покажува слепа покорност пред бога. Вакви интересни сознанија против идолопоклонството покажуваат руските текстови за Аврам, а ги среќаваме и во споменатиот посебен текст Откровението на Аврам. Вакви показателни примери издал Н. Тихонравов, и тоа преку текстот од XIV и XV век.

Словенските апокрифи за Аврам, како и јужнословенските, наличуваат на составите од еврејските зборници Јашар, Мидраш. И во нив се среќава епизодата за Аврамовиот син, што ќе ја видиме преку делот за Исак. И зборникот Гемар се задржува на епизодите од животот на Аврам. Во секој случај, на нашиот терен била позната следнава интересна содржина: Татко му на Аврам се викал Ерлим и бил распален идолопоклоник. Мајка му се викала Хавел. Татко му правел камени богови и ги продавал. Кај малиот Аврам рано настанала пресвртница, бидејќи присуствувал на сцената кога магарето во калта ги испокршило камените кипови, кои лежеле беспомошни. Аврам ја видел големината и убавината на природата, на небото, на ѕвездите, на сонцето, и рано поверувал во постоењето на единствениот бог, создател на се што ги опкружувало луѓето. Понатаму, Аврам одраснал, се оженил за убавицата Сара и нивниот живот бил проследен со мошне

интересни доживувања. Посебно е интересно и убаво предадено Аврамовото женење за Сара, кој дел недостига во Библијата. Инаку, длабоките врски и наслаги од најстарите верувања продреле и во македонската приказна од селото Неолани, во која се изнесува верувањето во единствениот бог и носи изразит антиидолски белег.

Вториот текст од Книгата Аврамова, словото како го учела Сара својот маж Аврам, се однесува на настојувањата на Сара да добие потомство и на средбата меѓу Аврам и Мелхиседек. Овие верзии ги среќаваме посебно распространети во XVI век. Меѓу поважните верзии во славистиката фигурираат: според Виенскиот зборник, и според ракописот од Софиската народна библиотека, како и други ракописни зборници. Централниот текст што бил познат на нашиот терен нема ништо заедничко со руските текстови, особено со издадените апокрифни текстови од Н. Тихонравов. Според тиквешкиот текст Аврам се сретнал со Мелхиседек на Таворската планина, каде што Мелхиседек проживеал 40 години, без да дојде во контакт со жив човек. Мелхиседек го именувал Аврама за патријарх. Животната судбина и на Мелхиседек била слична на Аврамовата, бидејќи се одрекол од идолопоклонството, во што верувал неговиот татко. Мајка му и брат му Седек му помогнале да избега. Мелхиседек му открил на Аврам дека ќе имаат два сина и дека треба да го послуша советот на жена му Сара и да легне првин со робинката Агора. Од таа врска им се родил синот Измаил. Мошне големи сличности со овој текст покажува Соловецката палеа. Исто така, слични верзии се наоѓаат во хрватската книжевност.

Словото за „Светата Троица и Аврам“ ги разработува библиските настани со извесни измени. И овој апокриф станал мошне популарен и познат. Вообичаено овој апокрифен состав се среќава под два наслова: Слово за Светата Троица и Слово за гостољубивоста на Аврам. Кај Лавров, на пример, и двата наслова се слиени: „Стрaнолюбїє Аврамлє, слово ст҃иѥ трoїцє“. Ако станува збор за сличностите меѓу разновидните верзии, најблизок до Тиквешкиот текст е Белградскиот ракопис бр. 104, кој е пак близок до грчката верзија. Како илустрација да земеме само неколку примери (Белградскиот текст или С, изданието по Лавров или Л, Тиквешкиот или Т, и грчкиот или Г).

Ангелот му зборува на Лот:

С: Вьѕиди на гороу Игорь.
Т: Иди въ гороу еже наричетсе Игорь.
Л: И вьѕиди на гороу Игор.
Г: ὅπορέυου είς τὸ ὅρος λεγόμενον Σιγώρ.

или:

С: Иди въ Ило рѣкоу…
Т: Оукаѕа кмоу шгнь въ рѣцѣ рекомѣ Ило…
Л: И приїде вь Илоу рѣк8
Г: πορέοθητι εἰς τὸν Νεῖχον ποταμόν...

Аврам бил надалеку познат по својата гостољубивост. Никогаш не седнувал на софрата без гости. Еден ден го посетиле господ и архангелите Михаил и Гаврил во вид на тројца патници. Последниве ги уништиле градовите на блудот Содома и Гомора, а праведниот Лот бил спасен на планината Игор. Потоа следи родоскрвниот грев на Лот и ќерка му, поради што макотрпно го искажувал гревот. Лот чекал долги години да процветаат трите гламни од реката Ило. И како што предвидела Светата троица, кога гламните процветале на Лота му бил простен гревот, а на праведниот Аврам му се родил синот Исак.

Во однос на библискиот текст на нашиот терен текстот доживува извесни измени. Во библискиот текст Лот им ги дава на содомците и двете ќерки, додека во нашата верзија - само едната. Жена му на Лот која се свртела да го види уништувањето на Содома и Гомора се претворила во библискиот текст во солен столб, а во нашата верзија - во мрамор.

Овие епизоди нашле своевидно место во бројните прашања и одговори што ги среќаваме во средновековните разумници. Покрај тоа, тие биле рапространети низ целиот терен на Македонија и оставиле траги во народното творештво. Повеќето мотиви што веќе ги споменавме погоре нашле одраз во многу прозни народни состави, а приказната „Јунакот што умре и оживе“ претставува интересна компилација од апокрифен и народен состав. Самиот почеток веднаш упатува на Аврама: „Беше еден чоек едно време многу богат со секое нешто. Имаше овци, кози, волои, крави и коњи едно ергеле цело. Само деца не беше му дал господ... Тие многу сиромаси нагледуеја, јабанџија никого не враќаа... Не им беше слатко

јадењето без гос.“ Аврамовата молба кон господа да добие пород се среќава и во македонското поетско народно творештво.

По гостувањето на Светата троица во домот на Аврам, старите Сара и Аврам ќе добијат своја рожба, т.е. синот Исак, врз чиј мотив израснал посебен интересен и популарен апокриф - словото за Исак. Овој настан нашол своевиден широк и долг пат на развиток низ Македонија. Обично во текстот познат на нашиот терен можеме да разликуваме два дела, жртвувањето на Исак и женидбата на Исак со Ревека. Тиквешкиот текст покажува доста сличности со Белградскиот ракопис бр. 104, од XVI век. Затоа Истрин се обидел да докаже дека и Белградскиот и Тиквешкиот текст имаат заедничко потекло.

Овој интересен мотив, посебно жртвувањето на Исака, доживеал и драмски обработки, меѓу кои посебно се раширила верзијата обработена од Виќентие Ракиќ. Во сопственост на Филозофскиот факултет во Скопје се наоѓа ракопис од XIX век, кој претставува препис од школската драма на Виќентие Ракиќ, отпечатена во Будим 1799 година. Мошне интересен ракопис од XIX век, наполно онароден, објавил К. Мирчев, со знаци и особености од говорот на централна Македонија.

Самото потекло и значење на жртвувањето не води кон далечните паганскиверувања и навики. Околу изведувањето на курбанот кај Словените постои обемна литература. Врз посебните етапи од развитокот на овој обичај се задржав во дисертацијата одбранета 1974 година на Филозофскиот факултет во Скопје, која делумно е и објавена. Мотивот за жртвувањето на Исака е општопознат во литературата. Тој наличува на епизодите со искушувањата на праведниот Јов од страната на господа. И во текстот од Тиквешкиот зборник господ побарал да му биде жртвуван Исак на деветгодишна возраст. Аврам воопшто не се двоумел, го однесол синот, но господ се смилостивил и место Исаковата жртва го примил принесениот овен. Понатаму, Исаковиот слуга Андреа му нашол невеста на Исака, по име Ревека, која ја довеле во Месопотамија.

Во Македонија се среќавале доста забележени песни со овој мотив. Меѓу нив посебно била позната варијантата кај Миладиновци „Аврамовата жртва“. Мошне силен одраз овој апокрифен состав оставил во Мариовско. До ваков заклучок

доаѓа и М. Арнаудов. Меѓутоа, денес и современото народно македонско творештво го знае овој мотив. Повеќе варијанти на овој мотив забележавме на теренот од Мариовско, особено во селото Старавина.

Апокрифот за смртта и животот на Аврам се среќава во Тиквешкиот зборник со ваков наслов. И покрај тоа што во разните словенски верзии содржината се менува, централниот настан е вознесувањето на Аврама пред смртта. Господ го пратил кај Аврама архангелот Михаил да му ја земе душата. Аврам го замолил господ пред смртта да види се што има на земјата и над неа. Архангелот му ја исполнил желбата и го водел на небо, во рајот, каде што на четвртото небо го видел Адама, а потоа ги видел и маките на грешниците во пеколот. По враќањето на земјата Аврам поживеал уште триесет години и потоа умрел, откако господ му ја зел душата преку подаденото јаболко и гулабот. Меѓу најстарите словенски ракописни верзии се наоѓа апокрифниот состав во ракопис од XIII - XIV век од Румјанцовскиот мезеј бр. 27, објавен од Н. Тихонравов. Текстот го среќаваме во споменатиот Белградски ракопис бр. 104, потоа во изданието на Лавров. Со потекло од XV век текстот го среќаваме во глаголскиот Оксфордски ракопис. Исто така, текстот се среќава во споменатите зборници: Букурешки, Виенски и Дубровнички. Апокалиптичните моменти од овој апокриф не водат во далечното минато, кон старите еврејски апокалиптични теми, а потоа кон библиските обработки, врз чии заеднички основи израснал и овој апокриф. Тиквешкиот ракопис покажува поголема сличност со Букурешкиот текст. Со споредувањето на овие два текста се доаѓа до заклучок дека нивниот прототип бил заеднички.

Во повеќето верзии од овој состав доминира народната фантазија, која ги определува маките на грешниците, според христијанскиот морал, но и според сопствените сфаќања, кои не ретко оделе во расчекор со званичните норми и барања. Честопати во нив наоѓал одраз народниот гнев и бунт против заграбувачите. Народниот глас ќе ги накаже клеветниците, луѓето од власта, итн. И во овој апокриф наоѓаме елементи и моменти кои нашле своевиден одраз во народното творештво, особено маките на грешниците, потоа епизодата со земањето на душата на човекот, преку јаболко, гулаб. Честопати овие верзии наличуваат на

текстот за божјото правосудие, според кој само господ знае зошто, кога и како треба да му се земе душата на некој човек.

Со Книгата Аврамова го започнавме прегледот на старо-заветните апокрифни состави познати на теренот на Македонка. Во нив доминираат текстовите со апокалиптичен карактер, во кои најчесто старозаветните пророци уште за животот на земјата доживуваат вознесувања и ги дознаваат тајните на земјата и светот воопшто.

ВИДЕНИЕТО НА ПРОРОКОТ ИСАИЈА претставува еден од најинтересните апокалиптични текстови, кој бил посебно популарен на теренот од Македонија. Кога станува збор за Видението на Исаија треба да се констатира дека единствено за овој апокрифен текст имаме посигурни аргументи кои говорат за состав обработуван од богомилите. Овој апокриф се појавил како самостоен текст уште во I - II век од новата ера во христијанска средина. За него среќаваме вести во Талмудот. Основата негова се наоѓа во канонскиот библиски дел од Книгата на пророкот Исаија. Јасно е дека настанувањето на Видението на Исаија и појавата на богомилството ги дели подолг временски период. Меѓутоа, текстот го привлекол вниманието на богомилите, особено поради космогониските погледи, кои им одговарале на еретиците. Епифаниј оставил податоци во IV век дека архонтидите и хиеракидите се служеле со апокрифниот текст на Исаија. Друг грчки состав од XII век истакнува дека масалијаните и богомилите го употребувале. Ј. Иванов нагласува дека него го користеле и западните сектанти, особено катарите.

Текстот „Видението на Исаија“ се зачувал во две словенски верзии: опширна и кратка. Текстовите од двете верзии се издадени и познати. Најстар зачуван словенски препис со „Видението на Исаија“ е Успенскиот, од XII век. Во однос на словенскиот превод на Видението кој настанал врз основа на грчки текст (а овој не е зачуван до денес), прифатливо е мислењето дека првобитната словенска редакција настанала во Македонија. Анализата на Драголевиот зборник, во кој се наоѓа овој текст во скратена верзија, за што стана збор понапред, покажува на прототип од Македонија од XI век. Ј. Иванов заклучува дека апокрифот можел да настане во областа меѓу Рила, Витоша и Осогово. Во еден летописен текст се наоѓа и интересниот податок дека телото на Исаија било погребано во Осогов-

скиот манастир. До Осогово се наоѓа селото Кутуѓерци, каде што биле населени богомили, дури некои богомили се нарекувале калуѓери. Дека во овој крај треба да се бара настанувањето на првичната верзија уште повеќе го аргументира фактот, т.е. текстот што го среќаваме во Видението на Исаија од Драголевиот зборник:

„...ꙗко идеть змыть изь дрѣвениць. и вьсѣдеть вь перьнатице и сѣдеть на мѣстѣ нарицаемѣмь wвьче поле и посемь побѣдить кь себѣ всѣ кзыки..."

Овче Поле не се среќава само во верзијата од Драголевиот зборник, туку и во текстот според ракописот од Московскиот и румјанцовски музеј бр. 1472, српска редакција, со потекло од XV век:

„Виденїе Исаїе пророка о последнемь вѣцѣ" – "И глаголеть светїи доухъ: идеть змеи на Овче Полѣ, и победить къ себе вьсе "езыкыи", и творить крѣпкоу брань..."

Овче Поле го среќаваме и во текстот од ракописот на Преображенскиот манастир од збирката на хилфердинг, бр. 123. Сигурно не случајно, неколкукратно, се споменува Овче Поле во верзиите на Видението на пророкот Исаија. Сите индиректни и директни показатели во врска со настанувањето на овој апокриф ја посочуваат територијата на Македонија.

Поопширната верзија на Видението на Исаија, објавена од Ј. Иванов, и тоа паралелно со латинската верзија според изданието на Е. Тисран, открива ред елементи кои биле мошне привлечни и користени од богомилите. Старозаветниот пророк Исаија доживува интересно видение во дваесеттата година од царувањето на јудејскиот цар Езекиј. Интересната состојба во која се нашол Исаија била привлечна за богомилите, бидејќи и тие верувале дека слични екстази и состојби можат да доживеат совршените богомили, кои можеле дури да ја предвидуваат иднината и да ги дознаат божјите таинства. Според изложувањето на Исаија, на тврдата, каде што според богомилското толкување бил исфрлен Сатанаил, кој подоцна го создал земното царство, Исаија ја открива постојаната борба што ја води Сатаната против благочестивоста, против доброто. Според умерениот дуализам на богомилите во ова Видение, борбата треба да заврши со победата на доброто. Ангелот му објаснува на Исаија дека тоа добро ќе го донесе Исус Христос. Исаија бил предводен од ангелот и ги посетил сите

седум небеса и на секое небо доживувал интересни сцени. На седмото небо ангелот му го најавува на Исаија непријателството на синот божји кон ѓаволот. Потоа, се појавил и господ во необјаснива сила, која не можел да ја види ниту ангелот што го предводел и му рекол на својот син Исус да слезе на земјата преобразен во човек, за да му суди на земниот кнез. Христос слегол низ сите небеса, преобразувајќи се, така што на земјата, на тврдта, се претворил во човек, за да не го распознаат луѓето. Сатаната се јавува како господар на земното царство, додека единствениот пометок, невидливиот бог, се наоѓа на седмото небо. Споменатите седум небеса ја откриваат блискоста со богомилската космогонија, како и апокрифот Тајната книга, за што зборува и Евтимиј од Периблепта. Апокрифот инсистира на божеството на Исуса, што им одговарало на богомилите, бидејќи тие никако не го прифаќале неговото раѓање од Дева Марија. Христос слегува на земјата по наредба на господ, но под привидна форма на човек. Тој се преобразува во ангел уште на петтото небо. Кога се враќа кај господа повторно ја добива првобитната форма. Апокрифот открива дека Сатаната е второстепен творец и неговата потчинетост пред господа го открива умереният богомилски дуализам.

Апокрифниот текст **Виденuето на Енох**, познат и како Книга за Енох, покажува сличности со Виденuето на Исаија, и првенствено во однос на апокалиптичните моменти. Покрај тоа, и овој текст нуди, како и составот за Исаија, елементи на дуалистички поставки. Поради тоа, иако богомилите покажувале нетрпеливост кон старозаветните пророци, можеле да бидат привлечени од обработката. И овој текст е познат во две верзии, опширна и скратена, врз кои посебно се задржал М. Соколов. Еден ракопис од опширната верзија доставил македонскиот преродбеник Јордан Хаци Константинов Џинот до Народната библиотека во Белград, за кој ракопис знаел и Соколов. Ракописот потекнувал од XVI - XVII век, а насловот гласи „Книга за светите тајни на Енох“. Кога Енох наполнил 365 години бил вознесен на небото од два ангела. Енох ги разгледал седумте небеса. На третото небо го видел рајот, а сред рајот дрвото на животот. На седмото небо владеела необична светлина и таму видел бестелесни ангели. И таму го видел господа. Ангелот Вревоил ги пренесол сите книги и му ги издиктирал на Еноха

небесните и земните тајни, за време од шеесет денови. Енох составил 366 книги. Книгата на Енох ја гради следнава космогонија: во почетокот постоел само господ, кој му наредил на невидливиот свет да слезе и да стане видлив. Големиот Адоил ја произвел светлината и господ го поставил својот престол сред неа. Во шестиот ден бил создаден човекот од седум елементи: телото од земја, крвта од роса и од сонцето, очите од морското дно, коските од каменот, мислата од ангелската брзина, жилите и косата од земните треви а душата од божјиот дух и од ветерот. Од Адамовото ребро ја создал Ева. Текстот бил познат и кај манихејците. И овој состав го истакнува умереният дуализам.

И старозаветниот пророк **Варух** доживува своевидно откровение во истоименият апокриф. Најстариот препис од апокрифот се наоѓа во споменатиот Драголев ракопис, што значи дека постарата преработка се бара во Македонија. Врз овие текстови посебно се задржале М. Соколов и Ј. Иванов. Варух сакал да дознае зошто господ дозволил светиот град Ерусалим да биде пленет од Навукодоносор. Ангелот го носи на небото и му ги открива невидените тајни од луѓето. Од седумте небеса што обично се опишувани во апокалиптичните апокрифи овде наоѓаат место првото, второто и петтото. Богомилските антагонистички борби меѓу земјата и небото се одразуваат преку епизодата за градење го на Вавилонската кула. На првото небо Варух видел чудни суштества, луѓе со еленски рогови, со воловско лице, со раце од кози и со тела од овнови. Тоа биле луѓето што сакале да ја изградат Вавилонската кула, луѓе од Стариот завет, кои сакале да го достигнат и пробијат небото. Одмаздата на господа може да се сфати како јасен богомилски став. Богомилска тенденција може да покажува и творечката дејност на Сатаната кој ја сади лозата во рајот. Преку неа подоцна ќе биде извршен првиот човечки грев.

Во овој случај, епизодата за Вавилонската кула, не навраќа кон македонската народна приказна забележана од М. Цепенков - Зерзевулот истеран од рајот. Приказната навистина потсетува на богомилските дуалистички сфаќања, кои нашле одраз и во други бројни верзии од македонското народно творештво.

Виденијата на Исаија, на Енох и Варух, претставуваат интересни и слични апокрифни старозаветни текстови, чии апокалиптични претстави можеле да им дадат простор и врска на богомилите.

Кон привлечните текстови од апокрифната книжевност, секако, спаѓа и апокрифот **ТИВЕРИАДСКОТО МОРЕ**. Единствениот јужнословенски ракопис откриен во 1845 година во Македонија, во Слепченскиот манастир, од В. Григорович. Слепченската верзија покажува сличности со руските преписи. И во овој текст може да се забележат дуалистички тенденции.

Во овој космогониски текст господ и Сатанаил се јавуваат како два одделни почетоци. Господ ги создал: небото, sвездите, облаците, езерата, светлината, ветерот, Тивериадското море и во него забележал еден нуркач - Сатанаил. Последниов донесол од морското дно земја и камен. Од едната половина од каменот господ ги создал ангелите, а од другата половина Сатанаил ги создал бесовските сили. Господ го зел Сатанаил на небото и го поставил за раководител на сите ангелски чинови. Сатанаил ја видел на небото силата на господа и кај него се јавила завидливост. Посакал да е рамен со бога. Од моментот кога господ забележал одмазднички моменти кај Сатанаил, изостреният дуализам се ублажува. Господ му наредил на архангелот Михаил да го истера Сатанаил од рајот и господ му ја одзел божјата сила. Сатанаил станал господар на земјата. Тој ги излагал Адам и Ева да му згрешат на господа, за да ги придобие за себе. Кога господ ги протерал грешните луѓе од рајот на земјата, тие морале да му се покорат на Сатанаил, на ѓаволот. Во варијантите на прилепските приказни за Зерзевулот ги откриваме епизодите од овој апокриф, кои пластично зборуваат за силниот одраз и распространетост на апокрифот во нашата средина.

Во старозаветните апокрифи мошне голема популарност доживеал текстот за **АДАМ И ЕВА**. Апокрифот е познат според повеќе преписи, меѓу кои е значаен и познат текстот од Букурешкиот зборник, со наслов Слово за Адам. Постар текст се наоѓа во Народната библиотека во Белград со наслов Слово од Палеата за Адам и Ева. Последниов текст покажува траги од јужнословенска предлошка. Во него се забележуваат ортографски и лексички особености од македонскиот јазик, според што може да се мисли на постар извор, настанат во Македонија.

Содржината во сите верзии е следнава: По извршениот грев Адам и Ева биле протерани од рајот на земјата. Ним им се родиле 30 синови и 30 ќерки. Во 930 година Адам се разболел. Архангелеот донесол три фиданки, во кои Адам го препознал посаденото забрането дрво во рајот. Пред смртта тој им ја раскажал на децата својата историја. Кога стасал на земјата, започнал да ора, но ѓаволот се појавил пред него и остро го опоменал дека земјата е негова, а небото и рајот се господови. За да добие дозвола за орање Адам му дал потпис на ѓаволот, со кој му ги потчинил и своите деца.

Овој мотив нашол силен одраз во македонското народно творештво. Како пример да ја посочиме приказната Господ кога го истера Адама од рајот, забележана од М. Цепенков. Очевидно е дека и на апокрифниот текст и во народната приказна се забележуваат дуалистичките тенденции на богомилите, особено околу нивното вкоренето мислење дека ѓаволот е господар на земјата, а господ на невидливиот свет.

Старозаветниот апокриф за „Прекрасниот Јосиф“ не случајно бил едно од најомилените четива во средниот век, па се до XIX век. За разлика од многубројните апокрифни состави, кои честопати се сувопарни во изложувањето на настаните, овој апокриф открива многу поетични моменти, а тоа се: разговорите на Јосиф со браќата, Јосифовиот плач на гробот до мајка му, тажачката на Јаков по „загубениот“ син, средбата на Венијамин со Јосиф, како и трогателната средба меѓу Јосифа и Јакова. За убавината на текстот не придонесуваат само посочените моменти, туку и личноста на самиот Јосиф, неговиот карактер, кој ќе стане пример за претставување на позитивна личност во литературата, и тоа не само во средновековната, туку и во световната. Основата на содржината ни го открива библискиот текст, кој ја мотивира веднаш омразата на браќата кон Јосифа. Библиската личност Јаков, необично сил но го сакал својот најмал син Јосиф, кој му се родил на стари години. Таткото му купил шарена облека, по што се разликувал од браќата. Овие го намразиле татковиот миленик, уште повеќе кога го чуле Јосифовиот сон: пред исправениот сноп на Јосифа се поклонувале сноповите на неговите браќа. Јосиф им го открил и вториот сон: сонцето, месечината и единаесетте ѕвезди се поклонувале пред Јосифа. Кога Јосиф им носел храна на

браќата, тие смислиле да го убијат, а според сугестијата на Рувим го оставиле да умира во една длабока дупка, а потоа им го продале на медијамските трговци. Последниве му го продале на Петефри во Мисир, и тоа за 20 сребреници. Случајот со жената на Харај наличува на библискиот, како и наредните интересни настани: затворските денови на Јосифа, толкувањето на царевите сонови. Женењето на Јосиф со Асенета е посебно занимлива епизода, ќерката на свештеникот Потифер. Од тој брак се родиле Манасиј и Ефрем. Повеќе епизоди од бурната историја на прекрасниот Јосиф влегле во познатите библиски легенди, кои се проширувале со многу брзо темпо кај сите народи.

Посебно врз овие текстови порано се задржал А. И. Јацимирски. Посебна група сочинуваат текстовите што му се припишуваат на грчкиот автор Ефрем Сирин, чиј почеток е многу сличен: „Боже Аврамовъ, Боже Исааковъ, Боже Яаковлъ“. Најстариот словенски текст бил откриен во Сергиевата лавра бр. 7, со потекло од XIII век, кој е сличен со хрватскиот текст од Оксфордскиот зборник. Врз оваа проблематика мошне студиозно се задржал Ј. Братулиќ. Во случајов треба да го споменеме интересниот за нас текст од Лесновскиот паренесис од 1353 година, пишуван на пергамент, во одлична состојба, зачуван во Народната библиотека во Софија. Исто така, во Ново Село, Штипско, бил пронајден текст за прекрасниот Јосиф, српска редакција од XVI век, исто така, зачуван во Народната библиотека во Софија. Јацимирски споменува меѓу значајните текстови состав за Јосиф со потекло од Охрид, пак пишуван на пергамент, со потекло од XIV век. Интересни се споредбите на текстовите за Јосиф од Тиквешкиот зборник и дубровничкиот зборник Либро од мнозијех разлога.

Покрај споменатите карактерни особености на Јосифа, тој останува како симбол на машка племенита убавина, во кого жените многу бргу се заљубувале. Од овие причини Јосиф честопати невино страдал. Привлечните животни епизоди нашле своевиден третман и во уметничката световна литература. Мотивот ќе го инспирира и нобеловецот Томас Ман. Инаку, македонските народни умотворби со овој мотив наличуваат и на библиските текстови, со кои нема голема разлика.

Во Македонија биле популарни и апокрифните текстови за библиската личност - царот Давид. Во Тиквешкиот зборник ги среќаваме епизодите од животот на Давид и словото како го составил Давид псалтирот. Според првото слово Давид бил син на Есеј и Завела. Кога детето пораснало го пратиле да ги чува овците и како овчарче научило многу убаво да свири. На звукот од разновидните инструменти овците играле. Пророкот Натан еден ден открил дека Давид е богоизбрано дете и го благословил. Давид успеал со своето прекрасно свирење да го истера лошиот дух од царот Саул и како награда ја добил за жена неговата ќерка. Љубоморниот Саулов син Голијат се одметнал од татко си, но Давид го победил. Меѓутоа, кога Саул се ослободил од лошиот дух намислил да го убие Давида, кој веќе не му бил потребен, но и во оваа борба Давид излегол како победник, благодарение на неговата верна жена, која му ги открила намерите на татко си. По овој настан жена му го родила Соломона, и потоа умрела. Разочараниот Давид станал немилосрден и по секоја цена сакал да ја има жената на својот пријател Уриј. Пророкот Натан, преку приказната за богатиот кој имал 206 овци, а кој посакал да му ја одземе и единствената овца на еден сиромав човек, го одвратил Давида од лошата намера. Потоа, Давид станал повторно богоплашлив. Во последните години неговиот син Ависалом станал против него и Соломона, заради што Давид ја употребил повторно својата позната рачна прачка. Соломон му ја отсекол главата на Ависалом и му ја предал на татко си. Накусо изложените епизоди од животот на Давид наличуваат на библиските текстови. Раѓањето кое е доста интересно опишано во апокрифот, во библискиот текст не го среќаваме. Според Библијата Давид посебно се проелавува во борбите со Филистинците и по победата на силниот Голијат, народот ја пеел песната:

„Саул убил илјада,

а Давид десет илјади.“

Со тоа Давид морал да го искуси гневот на љубоморниот Саул, но затоа пак од друга страна ја стекнал големата доверба и љубов на Сауловиот син Јонатан. Сауловата ќерка Мелхола, која му станала жена, му ја открила заверата што ја припремил Саул. Во Библијата следи и епизодата во врска со Давидовата љубов кон Уриевата жена.

Споредувајќи ги текстовите во врска со Давид, се доаѓа до заклучок дека тие се разновидни. Најблизок до нашиот текст можеби стой српскиот текст од XIV век, за што инфор- мирале одамна Истрин и Јацимирски. Белградскиот текст носи наслов: „Слово ѡ дв҃дѣ прр҃цѣ како зачѣтсѥ и како вьцарисѥ и житиѥ ѥго“. И во двата текста се јавуваат слични имиња, почетокот речиси им е идентичен. Грчките зборови од Тиквешкиот текст упатуваат на прототип со потекло од богатата грчка апокрифна книжевност. Во случајов треба да се има предвид и текстот за Давид од XIV век, што се чува во ракопис во Архивот на Македонија. Инаку овие текстови наоѓаат свое место во XV, во XVI, се до XIX век. Меѓу словенските апокрифи среќаваме текстови за Давид и Сивила, како на пример во понапред споменатиот Букурешки зборник „Слово ѡ сивилѣ ї ѡ давидѣ цр҃и.“ Слично слово среќаваме во ракопис од Софиската народна библиотека, како и во Панаѓурскиот зборник, од истата библиотека.

Борбата на Давид и Голијат е опишана во Куранот, меѓу Талут (Саул) и Џалут (Голијат). Талут бил научен од Алахот да прави специјални оклопи. Нему и на Соломона (Сулејман) им се потчиниле планините и птиците. Давидовиот оклоп се споменува во збирката приказни Илјада и една ноќ, како и пронајдените грчки псалми, испишани на златна хартија во градот Лаптаит. Мотивот за земањето на жената на пријателот, по отстранувањето на мажот, ја среќаваме во стариот источен еп Рамајана. В. Ѓуриќ напоменува дека така силен се покажал и Милош од „Душановата женидба“, кој бил овчар.

И македонското народно творештво покажува дека мотивите ги усвоило. Мотивот за Уриевата жена го обработува и прилепската народна приказна забележана од М. Цепенков: „Коа царуал цар Давид водел деведесет и девет жени. И а бендисал уште една...“ Неа Давид ја преселил во своите сараи, за да ја има поблиску. Од лошата намера го одвратил син му Соломон, раскажувајќи му ја приказната за богатиот и сиромашниот човек. Варијанти од приказната се среќаваат повеќе.

Вториот дел од Давидовиот живот, т.е. епизодата „**Како го составил Псалтирот**“, го среќаваме во „Слово како исписа двдь псалтирь“, во Тиквешкиот текст. Тајната како го составил Давид Псалтирот ја открил неговиот слуга Виор, бидеј-

ќи три вечери гледал едно момче во собата на Давид како му шепоти нешто на увото од Давида, а последниов не го видел воопшто. Давид составил 356 псалми и ги фрлил со олово во морето, посакувајќи да излезат само ако се добри. По повеќе години псалмите го исполниле целиот свет. Слични текстови наоѓаме во Белградскиот ракопис бр. 104, како и во Панаѓурскиот. Посебен одглас од овој текст наоѓаме во споменатата прилепска приказна, кога на крајот Давид посрамен од случајот со Уриевата жена, се пикнал во една дупка и составувал побожни песни.

Меѓу апокрифите распространети на теренот од Македонка се верзиите за силниот цар Соломон, син на царот Давид. Како потврда за популарноста служат и бројните примери од македонското народно творештво. Посебна популарност доживеале верзиите кои говорат за неговата мудрост. Меѓутоа, во „Словото за Соломон и жена му“, обработена е познатата изневера на жена му, која побегнала кај кипарскиот цар. Соломон со мудрост допрел до кипарскиот цар, го надмудрил и потоа неговите луѓе го убиле, додека неверната жена била распарчена од кучињата. Во друг апокрифен расказ Соломон успеал да го фати силниот див Китоврас, кој го посоветувал како да го изгради божјиот храм без да употреби железно орудие, и Соломон дошол до т.н. птичји шамир, нокт, со кој го изградиле храмот. Убавите апокрифни текстови за Соломон доживеале полна синтеза во трудовите на рускиот научник А. Васеловски.

Во старозаветните апокрифни состави ќе го споменеме и популарниот текст за Самсон, иако оваа популарна тема некој историчари на книжевноста би ја вброиле во средновековните раскази. Во секој случај, блискоста на библискиот текст со средновековните обработки, не отстапува многу од вообичаениот однос, градба и развиток на апокрифните состави. Новороденото дете на Маноје, според текстот од Тиквешкиот зборник, било богоизбрано. Тоа бил Самсон, кој уште на шестгодишна возраст убило 300 Сарацени. Никој не можел да го победи Самсона, зашто бил бесмртен. Сарацените му ја дале за жена прекрасната Далита, и преку неа сакале да ја дознаат тајната на неговата бесмртност. Таа успеала да ја изнуди тајната, да им ја открие на непријателите, а Самсона да го доведе во ситуација да се чувствува како нејако дете. Сарацените го ослепиле и протерале. По

шест години, кога косата на Самсона му пораснала, успеал да ги убие непријателите и жена си Далита. Библискиот текст препознатливо се открива во средновековниот текст за Самсон, многу слично како во другите апокрифни состави. Далита од Библијата инспирирала повеќе уметници за градба на дела, во кои таа станала општопознат лик на неверна жена. Мотивот посебно се проширил во руските толковни палеи. Мошне близок до Тиквешкиот текст стои Букурешкиот со наслов „Слово w сампсонѣ и о женѣ его“. Интересниот мотив нашол посебни обработки и во старите источни творби, како и во современите уметнички обработки. Посебностите на епизодите се одразиле и во македонското народно творештво. Мотивот за бесмртноста, за криењето на душата во некое скришно место, го привлекол вниманието на истражувачите. Особините од силниот Самсон ќе ги сретнеме накалемени и врз нашите познати епски јунаци, како на пример во песните за Марко Крале.

Во Тиквешкиот зборник се наоѓа и „**Словото за свети Илија како побегнал од жената**“. Во текстот доминира силата на господа, кој успеал да го запали воденият „камин“, додека боговите на жреците никако не успевале да го потпалат каминот. Пророкот Илија им докажал, на тој начин, колку е семожен единствениот Господ наспроти нивните многу богови. Во вториот дел од текстот е предадено бегањето на Илија од царицата Велзавела. Спореден со библискиот текст, се наоѓаат, вообичаено, и различности и сличности. Главниот мотив, верноста кон Господа, неговата сила, од библискиот текст биле разработени во апокрифниот. Велзавела се борела жестоко против монотеизмот и затоа го намразила пророкот Илија, за кого Олег Мандиќ истакнал: „Меѓу пророците се истакнуваше идеалистот Илија, појава која е наметната со бројни легенди. Илија остро и без компромис настапувал во Израел против Ваалovите обожаватели.“ Апокрифните текстови со овој мотив посебно се проширile во XVI век. До нашиот текст е најблизок Букурешкиот.

Меѓу новозаветните апокрифни состави, посебно се истакнува „Видението на апостолот Павле“, особено верзијата што ја среќаваме и во Тиквешкиот зборник, како една од најцелосните и најубавите. Уметничките квалитети на овој апокриф му биле познати и на македонскиот читачки круг, како и на широките народни

маси. Самиот уводен дел, кој е сигурно и најпоетичниот состав од апокрифот, ги предава жалбите на сонцето, месечината, ѕвездите, поради човечките беззакона и бара казни за целиот човечки род. На крајот, по жалбата на водата, се слуша гласот на земјата, која е најнесреќна дека директно ги трпи врз себе луѓето, со сите нивни гревови. Понатаму, апостолот Павле, предводен од ангелот, ќе ги види сите маки на грешниците во пеколот. Разжалостен од големите нивни страдања, ќе побара од господ покој за нив. Исус Христос им дал покој еден цел ден во светата недела. Павле ги видел и рајските убавини, како и четирите рајски реки. Виденијето на апостолот Павле по својата содржина се доближува до апокрифниот текст Одењето на Богородица по маките. Поетичните места и односот кон страдањата на грешниците, му послужиле и на Данте Алигиери, при градењето на Пеколот од Божествената комедија.

Словото од Тиквешкиот зборник покажува сличности со текстот што го објавил Н. Тихонравов, со потекло од XV век, а со наслов: „Слово о виденыи стго апсла Павла“. Кон целосните текстови во кои фигурира грандиозната желба на природата и вселената поради човечките гревови се вбројува и текстот издаден од В. Јагиќ, од збирката на Григорович. Е. Херцигоња наоѓа посебни сличности меѓу текстовите од Тиквешкиот зборник, текстот на Тихонравов и текстот од Оксфордскиот зборник. Тој смета дека и покрај тоа што во Оксфордскиот текст недостига желбата на природата, сите три текста имале заедничко потекло. Словенските верзии на Виденијето покажуваат разнообразност, бројност и широка распространетост на апокрифот. Покрај бројните истражувања во врска со ова интересно Видение, во славистиката доминира истражувачката работа на Е. Турдеану, кој ги сумирал најважните сознанија за апокрифот. Во овој однос може да се констатира дека и во Македонија овој апокриф бил многу популарен и омилен. Тој бил препишуван и во целиот XIX век, но се разбира губејќи од својата уметничка вредност, бидејќи обично се сведувал на состав кој само ги регистрирал разновидните маки на грешниците. Како пример би го посочиле ракописот со знаци од современиот македонски јазик, а кој се чува во Народната библиотека во Белград.

Мотивите што ги изнесува Видението на апостолот Павле не претставуваат новина во литературата воопшто, бидејќи нив ги среќаваме изобилно и во старите религиозни и митолошки состави. Со нив изобилува и античката и класичната книжевност. Според индиските преданија царот Випашчит по смртта бил однесен во пеколот. Во египетската митологија во подземното царство влегол и Сатни, со желба да ја добие книгата на сезнаењето. Кај Вавилонците богот Тамуз умирал секоја година и одел во подземното царство. Подземното царство го среќаваме во познатите дела: Гилгамеш, Одисеја, Енеида и други. Интересните претстави за пеколот и рајот нашле поле на широка народна фантазија точно преку овој состав. Колку бил народот заинтересиран за ваквите задгробни претстави, кои христијанската религија ги потенцирала, покажуваат одразите од одделните епизоди што се среќаваат во народното творештво на сите словенски народи, па и кај нас. Македонскиот фолклор изобилува со примери на народни поетски и прозни творби во кои се редат грешниците и нивните маки во пеколот.

Во есхатолошките апокалиптични апокрифи спаѓа и мошне популарниот состав „**Одењето на Богородица по маките**“. И во него, многу слично како во претходниот апокриф, доминираат интересните епизоди од задгробниот живот, што го посетува Богородица, овластена од господа. Богородица, предводена од архангелот Михаил не се јавува како бесчувствителен гледач на маките, туку таа страда со страдалниците и плаче со маченицте. Се смета дека апокрифот настанал во Византија во VI, VII век, а првиот пронајден словенски текст со руска редакција потекнува од XII век, што значи преводот настанал во X - XI век. Најстариот руски препис го издал И. Срезневски, според ракопис од Троицко Сергиевската лавра. Преглед на сите познати преписи даде Ц. Вранска во понапред посочената студија.

Содржината на сите поопширни и скратени преписи се состои во следното: Богородица му се обратила со молба на бога од Елеонската планина, за да и бидат покажани сите земни и небесни маки. На нејзината молба господ го пратил арахангелот Михаил со 400 ангели, со кои богородица ги обиколува маките. Таа ги гледа страдањата на безверците, на крадливците, на лажливците, на разбојни-

ците, на еретиците, на оние кои не го почитувале крстувањето, кумството, итн. Потоа, слично како во Видението на апостолот Павле, Богородица моли од господа покој за грешниците. Господ им дава упокоение од Големиот четврток до Педесетница. На крајот триумфира божјата справедливост, но и неговата милосрдност.

Една скратена верзија од апокрифот покажува преписот од Кратово, издадена од Е. Каранов. Б. Конески се задржува врз една македонска верзија од XIX век, сопственост на Филолошкиот факултет во Скопје, бр. 34, во која се чувствува односот на препишувачот кон казнетите во пеколот, т.е. новите актуализации на современата состојба. Јазикот покажува белези од I пласт источномакедонски, II централно македонски. Интересна верзија од текстот „Одењето на Богородица по маките“ е зачувана во Зборник со катавасии од 1855 година, кој од Велес бил предаден во Софискиот народен музеј, а потоа во Народната библиотека (Цонев, II, Рс 657 (81). Јазикот е македонски. Иако не се зачувани многу постари редакции, и помладите говорат дека тие настанувале врз нивна подлога. И овој апокриф несомнено оставил длабоки траги во народното творештво на словенските народи. Македонскиот фолклор покажува јасни траги од влијанието на двата новозаветни апокрифи.

Апокрифно разработеното детство на Исус Христос нашло своевидно место во средновековните текстови познати под наслов „Детство Исусово“, а во науката се познати под називот Томино евангелие. Додека во новозаветните евангелија се предадени реалните епизоди од животот на Исус Христос, во Томиното евангелие се среќаваат бројни апокрифни настани, какви што ги има уште во Никодимовото апокрифно евангелие, потоа во Протоевагелието Јаковлево. Детството Исусово е познато по најстариот препис од XIV век, објавен од А. И. Јацимирски, а потоа и од Ј. Иванов. Инаку и овој апокриф го среќаваме во сите словенски редакции.

Самиот текст е мошне интересен, бидејќи Израилецот Тома се јавува како современик на Исус Христос и ги опишува неговите детски години. Меѓу врсниците Исус Христос се одликувал со своите чудотворни способности и сили. Матните дождовни вирови ги преобраќал во бистри води само со еден збор,

потоа направил 12 птици од кал и пред собраните луѓе ги оживел, еден другар му ги отпуштил собраните води и кога Исус го проколнал тој веднаш се исушил. Се што ќе прозборел или посакал Исус, му се остварувало. Еднаш еден негов другар паднал од покривот на куќата и веднаш умрел. Исус го оживел, за да им каже на родителите дека тој не го турнал, туку самиот паднал. Вакви случки наредува апокрифниот текст во издвоени 19 поглавја.

Се смета дека Томиното евангелие се јавило во гностичка средина во II век. Г о употребувале и манихеите, и сигурно било привлечно за богомилските дуалисти. Пред се, во ова Евангелие не се зборува ништо за раѓањето на Исуса, потоа се јавува како седумгодишно дете, прикажано како натчовечки способно. Познато е дека дуалистите сметале дека Исус Христос слегол меѓу луѓето во привидна форма на човек, не го признавале неговото телесно раѓање од Дева Марија. Интересните моменти од неговото детство биле широко прифатени и проширувани од народните кругови. Од друга страна, новозаветните евангелија, кои ги премолчуваат неговите детски години, само ја поттикнале љубопитноста на луѓето, спремни да ги развијат апокрифните епизоди до невидени размери.

За разлика од „Томиното евангелие“, кое се запира врз детството на Исус, „Протоевангелието на Јован“ се задржува врз важните моменти од животот на Дева Марија: воведувањето во храмот, благовеста, раѓањето на Исуса, бегството со Јосиф и Исус во Египет. „Никодимовото евангелие“ ги опишува епизодите од Исусовиот живот, и тоа судењето и смртта: „Делата на Пилатот“, „Слегувањето на Исус Христос во пеколот“. Кон овие апокрифни евангелија се приклучуваат и одделни популарни апокрифни раскази, кои обработуваат епизоди од животот на Исус. Меѓу нив се познати: „Сказанието на Афродитијан Персијанец“, со привлечните сцени за најавата на Христовото раѓање, самото раѓање, поклонувањето на мудреците од Исток пред новороденият бог. Апокрифот „Посланието на Авгар до Исус Христос“ се однесува на одразениот насликан лик на Исус врз платното на царот Авгар, со чиј допир оздравувале тешките заболени, па и самиот Авгар. Исус си го ставил платното на лицето и на него останала неговата слика, без употреба на каква и да било боја и четка.

Настаните опишани во апокрифните текстови за детството Исусово немаат подлога во евангелските стихови, ниту пак четирите евангелисти се задржале врз тие настани. Според евангелистот Лука, Исус се појавил во Ерусалим на Пасха, кога имал дванаесет години. Во најновиот труд на Б. Конески „Детството Исусово“ е укажана врската за богочовекот со хиндуизмот, бидејќи врховниот бог на хиндуистите Кршна, се родил во текот на една космичка манифестација од смртна жена - Даваки. Во детските години Кршна е прикажан како најобично дете, без тенденција да се истакнат исклучителните божествени пројави, зашто тој умее и да краде, дури и да се бербати, како што го прикажува санскритската книга „Šrimad Bhagavatam“.

Текстот на апокрифот „Расправијата на Исус Христос со ѓаволот“ е познат според повеќе преписи, но како најстар се смета Виенскиот, во кој се забележуваат македонски ортографски карактеристики. Така на пример, се воочува мешање на носовките според правилата на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик. Ракописот потекнува од XIV век и го издале К. Радченко и Ј. Иванов. Содржината на овој апокриф е мошне слична со евангелската епизода за расправијата на Исус Христос со ѓаволот на Елеонската планина. Меѓутоа, апокрифниот текст ја заострува нивната полемика до максимални граници. Таа го открива поширокиот дуалистички антагонизам меѓу двете противставени сили, добрата и лошата.

Ѓаволот мошне смело му рекол на Исуса: „Ти оди си на небото, земјата е моја, мене ме отфрли твојот татко,“ Ѓаволот не се исплашил пред заканите на Исуса и изјавил дури дека е постар од него. Исус му се заканил дека ќе му ги одземе грешните души. Тогаш ѓаволот подготвил заговор да го убие Исуса. Во тој час земјата се затресла и ѓаволот се нашол обесен за еден облак.

Текстот ја открива мислата на еретиците за првороденоста на Сатаната, пред Исуса. Покрај тоа, се забележува крајниот дуализам, кој подоцна бил ублажен. Покрај богомилските црти се забележуваат и антибогомилски: Адам е создаден од бога, луѓето го почитуваат светиот крст, итн. Меѓутоа крајот на апокрифот укажува на умереният богомилски дуализам, бидејќи се покажува бездната во

која ќе заврши ѓаволот. Вечната борба меѓу двете сили ќе заврши со победа на добрата сила.

Меѓу поретките апокрифни состави Тиквешкиот зборник го открива „Словото за воздвижението на пресветата Богородица“. Во овој апокриф е разработен еден детаљ од чинот на воздвижението на Богородица. На нејзиното успение не успеал да дојде единствено апостолот Тома, бидејќи во тоа време го покрстувал индискиот народ. Поради тоа апостолите решиле да го отфрлат. На враќањето апостолот Тома ја сретнал Богородица носена од ангелите. Тома побарал извинување и знак од неа, на што таа му ј а дала својата „зониц“. Апостолите не сакале да зборуваат со него, на што Тома им ја покажал „зоницата“, пред која апостолите се поклониле.

Народот посебно ја сакал Дева Марија. Апокрифите за неа биле многу бргу прифаќани и ширени. Тие оставиле и видливи траги во народното творештво. Апокрифите за нејзиното успение почнале да се формираат по востановувањето на празникот „Богородичино успение“ за времето на императорот Маврикиј, кога култот кон Богородица се засилува. Според едно предание во V век бил создаден ерменски текст од Мојсеј Хоренски, за што известуваат Смирнов и Сахаров. Најстариот текст му се припишува на Јован Богослов, бидејќи според Евангелието од Јована, Исус Христос пред смртта го задолжил својот ученик да се грижи за мајка му. Во секој случај ваквото мислење со ништо не е поткрепено.

Најстар целосен текст од успението објавил А. Попов, и тоа според јужнословенски ракопис од XII-XIV век. Инаку апокрифното богородично успение било познато уште во декретот на папата Галасиј од 494 година, кога било забрането како апокрифно. И покрај забраната тоа се проширувало. Самото успение нашло голема почва за создавање интересни слики во фреско-сликарството.

Мошне привлечна содржина им нудеше на средновековните читатели апокрифниот текст за „Одењето на Марта пред цезарот Август“. Во Тиквешкиот зборник оригиналниот наслов гласи: „Слово како Марта јави се пред царем и кесарем Августом“. Содржината обработува пошироко еден момент од новозаветната Библија. По смртта на Исус Христос Марта отишла кај царот Август во Рим и му раскажала за сите чуда што ги правел Исус Христос. Му раскажала

и за случајот со нејзиниот умрен, а потоа воскреснат брат Лазар. Царот пратил лично да биде доведен Лазар. Свидетелите за сите тие чуда на Христос го убедиле римскиот император во вистинитоста и на крајот и тој поверувал во неговата сила и станал христијански верник. Во текстот станува збор за Лазаровата сестра Марта. Другата негова сестра Марија во апокрифот не се споменува, додека во евангелијата се споменуваат и двете. Тие биле присутни кога Исус Христос им го оживеал умрениот брат Лазар. Инаку, во други апокрифни редакции фигурираат и двете сестри. Текстовите на овој апокриф се проширile посебно во XVI и XVIII век. Во старата руска литература овој апокриф нашол најповолен прием. Во споредба со руските текстови нашите текстови покажуваат извесни разлики, кои исто така, се забележуваат и споредени со западните европски верзии. Воскреснувањето на Лазара, кое што го изложува Новиот завет, нашло благопријатна почва да се развие во еден цел интересен расказ. Сестрите Марија и Марта го наоѓаат своето место и во фрескосликарството и иконографијата.

Меѓу покусите апокрифни состави се вбројува словото „**Како било напишано Евангелието**“. Суштината на сите верзии е следнава: евангелистите проповедувале во разни страни од светот и во еден момент сите решиле да отидат кај Богородица и да и се поклонат. Сите тие се собрале пред Богородица и во еден миг сите оглувеле, но го слушале само гласот од небото. Тоа што го слушале го пишувале на хартија. Кога гласот престанал да се слуша, тие веднаш повторно прослушале. Ги собрале запишаните материјали и на таков начин било составено новозаветното Евангелие. И во случајов, слично како и со Псалтирот, во составувањето на светите книги учествувала самата божја сила. Покрај тоа, нагласено е дека Богородица живеела во домот на Јован Богослов, каде што се собирале евангелистите.

Од средновековните книжевни родови едно од најбогатите средишта го чини апокрифниот род. Колку биле омилени овие текстови сред народот најубаво ни зборуваат нивните обработки кои живеат и во XVIII и во XIX век. Ако го следиме нивниот развој веднаш може да се констатира дека за време на петвековното турско владеење, кога во нашата книжевност се чувствува општа стагнација, апокрифните обработки не само што не замираат, туку напротив, се множат и

распространуваат. Меѓутоа, подоцнежните обработки се очевидно упростувани, во нив продира веќе живиот народен говор и честопати веќе прават преод од строгите средновековни книжевни текстови кон онародените слободни преработки, блиски до фолклорот. Како најочевиден пример да го посочиме случајот со понапред посочениот текст од „Видението на апостолот Павле“, толку успешно и сложено граден и распространуван во јужнословенска средина, во словенската воопшто, што е истакнуван како извонреден книжевен уметнички средновековен пример. Еден македонски текст среќаваме во ракопис од Народната библиотека во Белград, бр. 118, со потекло од XIX век, составен од даскал Станко. Во него се бледо прераскажани, во скратен вид, сложените подрачја од споменатиот апокриф, како да ја дава завршницата од богатиот развоен пат на Павловото видение. Онароденият текст ги открива трагите од живиот развој на македонскиот јазик: „Но, послушаите благословени христиане сос стра и трпение да разберете на какво место се мучат грешните. И рече: Ела по мене Павле, да ти кажам муките на грешните“.

Интересни апокрифни текстови се среќаваат во поголем број случаи во ракописи од XVIII и XIX век. Таков пример ни покажува „Апокрифниот зборник“ на Георги Димович, од Софиската народна библиотека, бр. 620 (крај на XVIII век). Меѓу нив се наоѓа и „Словото на светиот преподобен отец наш Василиј“. Оваа светителска личност била мошне популарна во Македонија. Самиот апокриф покажува синхронизирана и успешна обработка, но веќе во духот на народното говорно раскажување. Покрај Василиј се јавува и Григориј и Теодора, кои личности со својот примерен живот допираат до вечните тајни. По смртта на Теодора, која го служела Василија, Григориј успеал да допре до рајот: „И аз Григорија погледах нагоре и надоле, почудих се и удивих се на тија пречудни сараи и прекрасни полати, и умот ми заиде гледаеки зашто не бех видел на земјата таквија јапии што не са правени сос раце, токмо с божија повелја“. Покрај описите на рајските палати Теодора ги раскажува искушенијата и тешкотиите на душата при смртниот час и нејзиното пристигнување во рајот. Ова потсетува на распространетите книжевни обработки за „Второто Христово пришествие“, и кај нас и во целиот христијански свет, и обработките за состојбите на душата пред и

по смртниот час, кога се одделува од телото и го продолжува патот кон вечниот живот. Меѓутоа, во оваа подоцнежна обработка настаните се предадени според народното сфаќање и фантазија, во однос на смртниот час. Описите се базирани врз познати апокрифни откровенија и виденија. Се набројуваат добрите дела на Григориј, кој како Варух, Аврам, Исаија, добиле вонредна можност да sирне во вечната и да ги опише видените слики. Тие биле, секогаш привлечни и интересни за народот. Желбата на Григориј да дознае каде отиде по смртта благочестивата Теодора, му ја оствари Св. Василиј преку еден убав сон.

Во апокрифниот зборник на Димович се наоѓа мошне интересниот апокрифен состав „Сказание заради свирки“. Во неа уште еднаш се нарекуваат свирачите и тие што играат по него - слуги на ѓаволот. Св. Нифонт видел како еден богат човек им фрлил на разиграните луѓе златна пара. Таа веднаш се нашла кај господарот на ѓаволите. Тој им ја вратил на своите слуги и ги натерал да ја пуштат во џебот на свирачот, за да се множат душите на христијаните во ѓаволското царство.

Во него се наоѓа и една скратена онародена обработка на „Видението на апостолот Павле“, како и апокрифниот пророчки текст „Посланието на нашиот Исус Христос“. Колку овој апокриф го трасирал својот пат меѓу христијаните, па и кај нас, укажува следниов современ пример. Во 1988 година колегата К. Вроцлавски во Варшава примил еден македонски текст, со молба да го преведе на полски јазик. Тогаш забележал дека тоа е најнова варијанта на познатиот апокриф „Писмото на нашиот Исус Христос кој се најде на гробот на Божјата Мајка“. Текстот му го дал Македонец, веројатно од Егејска Македонија, кој можел да го добие од некој сонародник, од Грција, од Југославија, или од некој на привремена работа во Германија. Самиот текст можел да биде преведен од грчки јазик, а употребата на некои западни термини, како на пример - концолат, концил, говори и за западно влијание. Апокрифот бил познат уште во првите векови на христијанството. Се развивал во два смера: западна (римска) и ерусалимска верзија. Најновиот македонски текст од 1988 година припаѓа кон втората верзија, а близок е до украинските варијанти од XV - XVI век. Писмото се нашло во светиот град Ерусалим, на гробот на Дева Марија. Каменот паднал од небото во среда. Тој бил мал, но толку тежок, што никој не можел да го подигне. Во него

се наоѓало и писмото на Исус Христос, со пораки до христијаните. Исус ги прекорува заради лошите дела, ја заборавиле неговата жртва, и покрај тоа што тој им праќал знаци. Тие не сакале да се досетат што значат тие. Со делата се приближувале се повеќе кон ѓаволот. Исус се заканува, посочувајќи го издајството на Ева, Адам, непочитувањето на христијанските правила и закони, што тој им ги оставил во наследство. Ја заборавиле неделата на Христовото воскресение, заради што ќе следи второто пришествие, кога се суди, токму во тој најавен ден. Тогаш ќе се подигне морето, ќе се затемни и потоа затвори за нив небото, изворите ќе секнат. На крајот посланието се препорачува и како порака и како заштита од ѓаволот, од болести.

Интересен текст со овој мотив открива и Никетовото молитвениче од 1787 година, македонски јазик. Сега се наоѓа во Народната библиотека во Софија, бр. 44. Друга верзија посочува Зборникот на Гене Сребрилов од Галичник (1875 - 1885), од Филолошкиот факултет во Скопје (М. I -7/1339)

Паралелно со овој текст, кој има слична историја, секако е апокрифот „Словото на Јован Богослов за Господовото пришествие на земјата“. По вознесението на Исус Христос, Јован Богослов се искачил на Таворската планина и го замолил Исуса да му раскаже какво ќе биде неговото пришествие на земјата. Исус ја сослушал со внимание неговата искрена молба, се согласил и едноставно му ги покажал идните слики за пришествието, преку огромните книги, колку цела една планина, со седум печати. Од нив Јован дознал во кое време ќе се случи пришествието, како изгледа Антихрист, гласот на трубата што ќе се слушне во целиот свет, воскреснувањето на умрените, поделбата на праведни и грешни, уништувањето на земјата, на вселената, луѓето ставени на судната клупа. Антифеудалниот и социјалниот белег го чинат овој апокриф мошне впечатлив. Опишувајќи ги казните и наградите на луѓето во него е подвлечено: „Трпението на бедните нема да трае долго, а патријарсите, кнезовите и богатите ќе загинат како добиток, ќе заплачат како деца и ќе бидат распределени во кладенецот со седум отвори“. Потоа ќе настане мир и сите стада ќе се зберат во едно, а ќе го предводи еден овчар.

Ваквите пророчки текстови биле омилени сред народот и не е случајно што тие во одредени периоди извираат, се размножуваат. Овој текст е присутен во разни верзии и редакции во сите словенски литератури, па и во македонската. Кај нас е доста популарен и препишуван. Се среќава и во Тиквешкиот зборник, како и во многу понови мешовити зборници и дамаскини.

Кон новозаветните апокрифи спаѓаат и мешовитите содржини со личностите на Богородица и Исус Христос. Меѓу нив се интересни јужнословенските варијанти за Сибила или Пророштвата на Сибила. Од Давидовото семе една гуска се оплодила и од нејзиното јајце се излегла Марија, девојче со гускини нозе. Таа во текстовите е наречена Сибила (Сивила), заради појавената голема мудрост и пророчки способности. Оттука и раѓањето на Исус се доведува во врска со Давидовото поколение, преку космичкото јајце. Вакво јајце се споменува често во ориенталните и во орфичките космогониски мотиви. Всушност, богомилите ја отфрлиле генеологијата на Исус. а за да го доведат своето учење во согласност со новозаветната традиција ја прифатиле генеологијата на Марија како паднат ангел и мајка на Исуса, но во сплетот на ориентално-орфичкото наследство. Во „Тајната книга“ Марија е паднат ангел, низ чие уво се родил Исус Христос. И во него Марија потекнува од Давидовото поколение. Самата гуска, пак, во митолошкото наследство се јавува како пометок на божествената еманација. Затоа јајцето добива космогониски карактер. Во старото паганско наследство е познато дека Афродита се родила од семето на Уран. Во христијанството улогата на Афродита ја презела Дева Марија. Богомилите ја транспонирале Марија во демијург, која ја заменила Афродита Генезида. И Марија станува генезеида, извор на животот, уранија, девојка на небото. Ваквото следење на митолошкото наследство, укажува дека во јужнословенската средина се сублимирале во средниот век значајни текови и вкрстувања од далечното минато. Затоа, не случајно, овој апокриф е забележан и во богатото народно творештво. Апокрифот посебно се запира врз пророштвата на Сибила за појавата и карактеристиките на народите. Првиот род ги открива Словените, трети се Елините, четврти Евреите, а деветтиот се Татарите. Од јужно-словенските верзии еден целосен и интересен

текст е зачуван во Панаѓурскиот зборник, кој се чува во Народната библиотека во Софија, бр. 433.

Неодминливи се и словенските верзии на апокрифот за „Крстното дрво“, мошне популарни и во Македонија, чие народно творештво изобилува со траги од овие апокрифни текстови. Мојсеј ги сплел дрвата ела, кедер и кипарис во едно и ги посадил крај нечистите води на Мера. Вчасот водата се избистрила и околината се оплеменила. Апокрифот го содржи пророштвото за појавата на идниот богочовек Исус, кој ќе биде распнат токму на крстот направен од ова дрво. Инаку, чудната историја на „дрвото на спасот“, „дрвото на животот“, „дрвото на изворот“, народниот творец ја поврзал со: Адамовата смрт, со Давид, Соломон, со божјиот храм, со царот Константин и жена му Елена, со Исуса. Еден интересен текст се наоѓа во Берлинскиот ракопис од XIII век, со јусов правопис, и траги од крајниот словенски Југ. Овој апокриф повеќе автори му го припишуваат на попот Еремиј, покрај други кои го оспоруваат.

Апокрифот „Тајната книга“ настанал врз постари текстови. Ова дело е зачувано само во два латински преписи, париски и виенски. Не е зачуван во грчки и словенски верзии. Во Парискиот список се наоѓа запис дека Тајната книга е донесена од Бугарија од катарскиот епископ Назариј. Овој податок го зеле повеќе истражувачи и како факт дека делото настанало од богомилски автор во Бугарија, меѓу кои и Ј. Иванов. Со деталното разгледување на содржината се доаѓа и до заклучокот дека делото открива и манихејски погледи, а не исклучително богомилски. Дуран де Хуска ја сметал како маркионистичко дело. Светосавската крмчија ја споменува како манихејски текст. Во секој случај нејзиниот дуалистички карактер е јасен, карактеристичен и за постарите дуалистички еретички источни учења, особено за манихејското (Е. Турдеану, Д. Драгојловиќ, В. Антиќ). Овој апокрифен текст се однесува на создавањето на светот и говори за идната историја на човечкиот род. Јован Богослов го прашува Исус Христос, а последниов му одговара. Преку овој дијалог читателот ги запознавал космогонските погледи на авторот, слични на визионерските и апокалиптични стари апокрифи и дуалистички творби. Самиот текст открива изострен дуализам, наспроти богомилскиот умерен. Ѓаволот е творец на светлината, на месечината и на ѕвездите,

на сите небесни тела, направил рај, ангелите ги претворил во женски и машки полови. Господ му открил на Јована многу тајни, меѓу кои и најавата на Господовото пришествие, со гласот од трубата, кога ќе се подигнат четирите ветрови, морето, кога ќе се смрачат месечината и ѕвездите, сонцето и небото. Тогаш над облаците ќе седне Исус Христос со своите дванаесет апостоли и ќе започне очекуваното судење. Текстот е сличен на сликите што ги содржи Јовановата апокалипса.

Делата на апостолите предизвикале посебни апокрифни обработки. Така на пример, во средновековните книжевности биле проширени текстовите со апокрифното житие на апостолот Петар. Во осаменичкиот живот во пустината му се придружило едно дете, всушност тоа бил Исус Христос. Апокрифите ги поврзуваат апостолите Матеја, кој проповедал кај човекојадците и Андреја морал да го спасува. Во друг апокриф тој се јавува заедно со братот Петар. Двајцата, во придружба на Александар, Матеј и Руф, стигнале во градот на варварите, во кој многу паганци се покрстиле, откако се уверile во чудата што ги презеле апостолите со силата на верата во Христос. Не помалку значајно и интересно е апокрифното житие на Јован Богослов, кој правел многу чуда, проповедал во Индија, го составил Евангелието, а зборовите ги слушал од божјата уста директно: „Во почетокот беше Зборот...“ Јован знаел точно кога ќе се претстави, им рекол на учениците да му го ископаат гробот, се простил од нив, жив легнал во гробот и починал. Кога луѓето дознале за тоа го откопале, но внатре не го нашле телото. Јован живеел 120 години и седум месеци. Слични вакви содржини изнесуваат апокрифите за другите апостоли: Тома, Јуда, Павле.

Бројот на апокрифните текстови е голем. Покрај тоа, во разновидните средини одредени апокрифи зафаќале подлабоки корени, што се гледа и од бројот на преписите, како и од трагите во народното творештво. Ова не значи дека и другите апокрифи биле непознати. Интересните содржини, кои ги обогатувале библиските поглавја, истории, личности, ја предизвикувале народната фантазија и кон нови креации. Истражувањата и денес откриваат нови текстови, особено разновидни обработки на познатите библиски содржини.

Интересно е да се нагласи присутноста на апокрифните обработки, како подоцнежни творби, во кои е очевидна интервенцијата на народниот творец. Ваквите примери изникнуваат во XIX век. Еден очевиден пример да посочиме преку новата онародена обработка на еден апокрифен апостолски текст, познат во старата литература под наслов „Расказ на Јован Богослов за пришествието на Господ на земјата“. Необјавениот препис од еден ракописен зборник од XIX век, од Македонка, со наслов „Филозофијата на свети Јован Крстител“ го предава обновениот погореспоменат апокриф, во една наполно нова онародена осмислена содржина. Ваквите примери, и колку што се оддалечуваат од прототиповите, претставуваат своевидни живи обработки на библиските традиционални мотиви, прилагодени кон времето кога настанувале.

И овој пример, и текстот за Епистолијата, како и претходните споменати примери, веројатно укажуваат на широките развојни линии на апокрифната литература во Македонија.

ЛИТЕРАТУРА

Либро од мнозијех разлога, Ср. Карловци 1826, изд. М. Решетар.

TISCHENDORF, C., Acta Apostolorum apocrypha, Lipsiae 1851.

MIGNE, J. P., Dictionaire des apocriphes, I, Paris 1856.

ТИХОНРАВОВ, С. Н., Памятники отречнной русской литературы, Спб. 1863, т. II, 282 - 285.

ВЕСЕЛОВСКИЙ, Н. А., Из истории литературного общения Востока и Запада. Славянские сказания о Соломоне и Китоврасе и западные сказания о Морольфе и Мерлине, Спб. 1872.

ПОРФИРЬЕВ, И., Апокрифеческия сказанія о ветхозавѣтных лицах и событіях, Казан 1872 (иследувања) 14, 47 - 48.

JAGIĆ, V., Nedeljna propoviedanja Konstantina prezvitera bugarskogo, Starine, V, 1873, 28 - 42.

JAGIĆ, V., Novi prilozi za literaturu biblijskih apokrifa, Apokrifi bogomila popa Jeremija, Starine, V, 1873, 79 - 95.

СМИРНОВ, А., Апокрифические сказания о Божией Матери и деяния апостолов, Православное обозрение, април, 1873, 582.

КОНЕСКИ, Б., „Хождение Богородици по мукам“ во македонски препис од XIX век, Македонски јазик, Скопје 1974, 55 - 71.

NOVAKOVIĆ, Stojan, Apokrifi jednoga srpskog ćirilskog zbornika XIV vijeka, Starine, III, Zagreb 1876, 36 - 93.

JAGIĆ, V., Slovenski tekstovi kanona o knjigama staroga i novoga zavjeta podjedno s indeksom lažnih knjiga, Starine, Zagreb 1877, knj. IX, 91 - 116.

HÂSDEЙ, BP., Cuvente den betrani Cărtile poporane alale Românilor în sec. XVI în legâturâ cu literatura poporana cea nescrisa, Bucuresti 1879.

ВЕСЕЛОВСКИЙ, А., Болгарския повести Букурештскаго сборника ЖМНПр, ч. CCXXXI, Спб. 1884,76 - 90.

NOVAKOVIĆ, St., Apokrif o prepiranju Isusa Hrista s djavolom, Starine, Zagreb 1884, XIV, 86 - 89.

ПОРФИРЬЕВ, И., История русской словесности, Казан 1886, 236 - 244.

САХАРОВ, В., Разбор апокрифических сказаний о пресвятой Деве Марии, Христианское чтение, март - април, 1888, 83 - 91.

СОКОЛОВ, М., Материалы и заметки по старинной славянской литературе, Москва 1888, Изв. ист. фил. инст. XI, 84 - 211.

POLIVKA, Priča o prepiranju Isusa Hrista s djavolom, Starine, Zagreb 1890, XXII, 200 - 203.

НАЧОВ, А. Н., Две Хаджи Йоакимови книги, Периодическо списание на Бълг. книжовно дружество в Средец, кн. XXXIX, Средец 1892, 405 - 428.

КАРАНОВ, Е., Паметници от Кратово, СбНУ, XIII, София 1896, 268.

Сочинения Н. С. Тихонравова, Москва 1898, Отреченныя книги древней России, 127 - 255.

СПЕРАНСКИЙ, М., Заметки о рукописях белградских и софийской библиотек, Москва 1898, 42 - 59.

ЛАВРОВ, А. П., Апокрифические тексты, Спб. 1899, 71 - 81

СПЕРАНСКИЙ, Н. М., Из истории отриченных книг, 1. Гадания по псалтири, Памятники древней письменности и искусства, 1899, 2. Трепетники.

MURKO, M., Geschichte der altern sudslavischen, Literaturen Leipzig 1908, 88 - 90.

ЯЦИМИРСКИИ, И. А., К истории апокрифов и легенд в южнославянской письменности, ИОРЯС, 1909, 14, 2, 3.

ЯЦИМИРСКИЙ, И. А. К истории апокрифов и легенд в южнославянской письменности, Спб. 1910, 281 - 283.

ЦУХЛЕВ, Д., История на българската църква, I, София 1910, 708 - 750, 717 - 718.

STROHAL, Rudolf, Stare hrvatske apokrifne priče i legende, Bjelovar 1917, 57 - 60.

MISHEV, D., The Bulgarians in the post Pages from the bulgarian cultural History, Lausaune 1919, 60 - 69 - 99.

ЯЦИМИРСКИИ, И. А., Библиографический обзор апокрифов в южнославянской и русской письменности, вып. I, апокрифы ветхозаветные, Петроград 1921, 89 - 94.

IVŠIĆ, Stjepan, Hrvatski glagoljski apokrif o Melhisedekovu rođenju i spasenju za općega potipa, Nastavni vjesnik, Zagreb 1930/1931, knj. XXXIX, 101 - 108.

МАРКОВСКИ, И., Вехтозаветни апокрифи и псевдоепиграфи, Годишник на Софийския университет, Богословски факултет, София 1937 - 1938, 25, 2, 1 - 160.

ВРАНСКА, Ц., Апокрифите за Богородица и българската народна песен, София 1940, 58 - 65.

TURDEANU, E., Apocryphes bogomiles et pseudo-bogomiles, Revue de l'histoire de religions, t. CXXXVIII - CXXXIX, 1950, 1, 22 - 52, II, 176 - 218.

JAGIĆ, V., Djela Vatroslava Jagića, IV, Historija književnosti naroda hrvatskoga i srbskoga, Zagreb 1953, 271 - 279.

MANDIĆ, Oleg, Od kulta lubanje do krfanstva, Zagreb 1954, 216.

ДУЙЧЕВ, И., Найстарият славянски списък на забранени книги, Годишник на Българския библиографски институт, София 1955, 3.

SANTOS OTERO, A., Los Evangelios Apocrifos, Madrid 1956, II, izd. 1963, III izd. 1975.

TURDEANU, E., "La Vision de saint Paul dans la tradition Iitteraire des Slaves orthodoxes", Die Welt der Slaven, I, 1956, 401 - 430.

HENNECKE, E,, Neutestamentliche Apokryphen, Tubingen 1959, 1; 1964.

РАДОЈЧИЋ, Сп, Ђ., Пандехово прочанско сказање, Развојни лук старе српске књижевности, Београд 1962, 104.

GRABAR, Biserka, Apokrifi u hrvatskoj književnosti do XVI stoleća, Zagreb 1965

КОСИДОВСКИ, Зенон, Библијске легенде, Београд 1965, 93 - 107.

ГЕОРГИЕВ, Е., Литература на изострени борби в средновековна България, София 1966.

GRABAR, B., Apokrifna djela apostolska u hrvatskoglagoljskoj literaturi, Radovi Staroslavenskog instituta, knj. 6, Zagreb 1967, 109 - 210.

HERCIGONJA, Eduard, Glagoljska verzija pune redakcije Pavlove apokalipse iz Oksfordskog kodeksa, Radovi Staroslovenskog instituta, Zagreb 1967, knj. 6, 209 - 255.

АНТИЌ, Вера, Од есхатолошките апокрифи за Богородица и нивниот одзив во народното творештво на југословенските народи, Македонски фолклор, Скопје 1968, бр. 2, 207 - 218.

HENNECKE, E., Neutestamentliche Apokryphen in deutscher Ubersetzung H. von W. Schneemelcher, Bd. 1, Evangelien, Tubingen 1968, Bd. 2, Tubingen 1971.

VALLANT, A., L'Evangelie de Nicodeme, Hautes etudes orientales I, Geneve-Paris, 1968.

GRABAR, Biserka, Iz problematike slavenskih apokrifa, Симпозиум 1100 години од смртта на Кирил Солунски, МАНУ, Скопје 1970, 91 - 97.

ИВАНОВ, Й., Богомилски книги и легенди, София 1970.

МОШИН, В., Словенските ракописи во Македонија, Скопје 1971, опис 124, Апокрифен зборник.

BRATULIĆ, Josip, Apokrifi o prekrasnom Josifu u hrvatskoj književnosti, Radovi Staroslavenskog instituta, Zagreb 1972, knj. 7, 31 - 123.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Драгољуб, Манихејска „Тајна књига" у јужнословенској књижевности, Књижевна историја, Београд 1974, 1, 23, 509 - 516.

БОГДАНОВИЋ, Д., Српска прерада Козмине беседе у зборнику попа Драгоља, Balcanica, Београд 1976, VII, 61 - 79.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Новооткриен апокриф на македонски јазик од втората половина на 19 век, Македонски јазик, Скопје 1976, 207 - 215.

NAUMOV, A., Apokryfy w systemie literatury cerkiewnoslowianskiy, Wroclaw-Warszawa-Krakow-Gdansk, 1976.

NELI, Rene, IVANOV, I., Livres et legendes bogomiles aux sources du catherisime, Paris 1976.

АНТИЌ, Вера, Средновековните текстови и фолклорот, Мисла, Скопје 1978.

АНТИЌ, В., ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Страници од средновековната книжевност, Македонска книга, Скопје 1978, 162 - 166.

ДРАГОЈЛОВИЌ, Драгољуб, АНТИЌ, Вера, Богомилството во средновековната изворна граѓа, Скопје, МАНУ, 1978.

АНТИЌ, Вера, Апокрифниот текст „Видението на апостолот Павле" во јужнословенските литератури, Реферати на македонските слависти за VIII Меѓународен славистички конгрес во Загреб, Скопје 1978, 97 - 104.

ПЕТКАНОВА, Донка, Апокрифна литература и фолклор, София 1978.

SANTOS Otero, A., Die handschriftliche Uberlieferung der altslavischen Apokryphen, Berlin-New York, I, 1978, 1981.

THOMSON, F. J,, Apocrypha Slavica, The Slavonic and east European review, V, 58, 2, 1980, april.

СВЕНИЦКА, И. С., Тайните писания на първите християни, София 1981.

АНГЕЛОВ, Д., Есхатологическите представи на средновековния българин, отразени в официалната и апокрифната литература, Старобългаристи- ка, София 1982, бр. 3, 73 - 97.

АНТИЌ, Вера, Дуалистички елементи во македонскиот фолклор, Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања, Скопје, МАНУ, 1982, 113 - 127.

МИЛТЕНОВА, А., Текстологични наблюдения върху два апокрифа (Апокрифен цикъл за кръстното дърво, приписван на Григорий Богослов и апокрифа за Адам и Ева), Старобългарска литература, София 1982, 11, 35 - 55.

ПЕТКАНОВА, Д., Богомилството и апокрифната литература, София Palaeobulgarica, 6, 1982, 3.

Стара българска литература, 1, Апокрифи, ред. Донка Петканова, София 1982.

ДЖАМБЕЛУКА-КОССОВА, А., Наблюдения върху старобългарската традиция на Възнесение Исаево, Старобългаристика 1983, 2, 66 - 79.

МИРЧЕВА, Е., Преведено ли е било по времето на Климент Охридски протоевангелието на Яков? Български език, София 1983, 1, 25 - 30.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорѓи, Ракописни текстови на македонски народен говор, Мисла, Скопје 1985.

БАДАЛАНОВА-ПОКРОВСКАЯ, Ф. К. и ПЛЮХАНОВА, М. Б., Средновековая символика власти, Крест Константинов в болгарской традиции, Учение записки Тартускаго государственного университета, вып. 781, Тарту 1987, 132 - 149.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Меѓу книжевен текст и фолклор, Скопје 1987.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, „Разумникот“ во средновековната книжевност, Пораки од дамнина, Наша книга, Скопје 1988, 275 - 293.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Физиологот, Пораки од дамнина, Наша книга, Скопје 1988, 293 - 3 - 1.

БАДАЛАНОВА-ПОКРОВСКАЯ, Ф. К., „Основание царства“ в болгарских средневековых представлениях, механизмы культуры, Академия Наук СССР, Москва 1990, 137 - 152.

WROCLAWSKI, K., List z nieba czyli Epistola o niedzieli w Polsce, Прилози - Contributions, XVI 1, МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука, Скопје 1991, 17 - 55.

КОНЕСКИ, БЛАЖЕ., Детството Исусово, Прилози - Contributions, XV 1 (1990), МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука, Скопје 1991, 5 - 8.

КРЪСТЕВ, Г., Мястото на Детството Исусово, в раннохристиянската традиция и апокрифната книжнина на средновековна България, Palaeobul- garica, София 1991, XV, 3, 91 - 102.

НИКОЛОВА, С., Повестта „Стефанит и Ихнилат“ в ръкопис 13.5.15 от Библиотеката на Академията на науките в Санкт Петербург, Palaeobulgarica, София 1991, 423 - 28.

СЛАВОВА, Т., За протографа на Тълковната Палея, Palaeobulgarica, София 1991, 3, 57 - 70.

ХРИСТОВА, Б., Протоевангелието на Яков в старата българска книжнина, София 1992.

Сто македонски библиски народни приказни, приредила и предговор: Вера Стојчевска-Антиќ, „Мисла“, Скопје 1993.

Апокрифи, предговор, избор, белешки и редакција - Вера Стојчевска-Антиќ, „Таберна-кул“, Скопје 1996.

СРЕДНОВЕКОВНИ РОМАНИ И РАСКАЗИ

Целата средновековна книжевност е создадена во духот на средновековието, разбирливо, со доминантен акцент врз црковната христијанска идеологија. Ваквиот однос се огледува пред се врз бројните текстови од библиски и литургиски карактер, потоа врз примерите на т.н. црковни слова, создадени пред се од црковните отци, а распространети во целиот словенски свет. И не е случајно пресудното влијание на византиските автори врз првата, а и подоцнежната, словенска генерација книжевни автори. И делата на Кирил и Методиј, и на Климент и Наум Охридски, на епископ Константин, Црноризец Храбар, Презвитер Козма, на бројни анонимни средновековни автори, изобилуваат со видливи христијански содржини, христијански морализаторски тенденции, негувани и распространувани долго време, и по одминувањето на средновековието.

И покрај напливот на христијански, теолошки, библиски содржини, интересот кон новите светови, новите аспекти, не- откриените за средновековниот човек филозофии, погледи, не бил одминат и во средниот век. И покрај бројните жанровски појави, афинитети, мошне силно прифатени од читателската средновековна публика, во средниот век се јавуваат најновите жанрови преку романите и расказите. Одредени текстови од овие привлечни жанрови, настанати во разни средини, на Исток и на Запад, биле преведувани и потоа проширувани во многу средновековни книжевни средини, и разбирливо кај нас. Јужнословенските книжевности се јавувале како крстосници меѓу спротивните источни и западни влијанија. И токму затоа, одредени дела од романите и расказите станале достоинство на сите словенски книжевности, се разбира со одредени вметнати специфичности, во зависност од состојбите и условите на соодветните локални книжевности.

Треба да се подвлече фактот што средновековните романи и раскази претставуваат општоприфатени, омилени за читателската публика, жанрови, разновидни по содржинско богатство, бидејќи во нив навлегле светови и личности од најдалечната митологија, од антиката, од Исток и Запад, од далечната и поблиската историја, од библиската историја, а што е важно и од средновековното секојдневие. Во нив дефилираат фантастични светови, имагинативна тематика, но и најреални доживувања и настани од секојдневното живеење. И кога се работи за преземени содржини од разни краеви и периоди на историјата, за овие жанрови е карактеристично сместувањето во амбиентот и условите и сфаќањата на средновековието. Ако се обработува историски настан од антиката, личностите добиваат особини од карактеристичното средновековно живеење, кога јунаците требало да придобиваат морални и етички оценки прифатени од традиционалното феудално општество, со евентуална локална обоеност, но која не се разликувала многу од соседната. Токму затоа, една од општите карактеристики на сите средновековни книжевности е токму оваа преводна книжевност, особено присутна преку општоприфатените наслови на одредени романи и раскази. Нивното потекло е разнородно и разностранo. Некои настанале во источните цивилизации, други на Запад, одредени дела се производ на средновековната византиска книжевност, но нивното кружење ги засведочува како присутни речиси во сите средновековни книжевности. Затоа ќе се задржиме посебно врз ваквите карактеристични примери. По нивниот пример се зародувале и нови локални творби, но и тие честопати се губеле, или пак во најдобар случај останувале карактеристични за регионот или книжевноста во која настанале. Но општоприфатените примери, иако честопати со препознатливи и повторливи одлики, влегле во суштината на карактеристиките од средновековната книжевна поетика.

Без оглед на тоа дали во односните текстови станува збор за митолошка, имагинарна или реална историска проблематика, неодминлив станува расказниот тон, кој минува низ сите три фази на расказните карактеристики, задржувањето врз градбата на настанот и личноста или личностите, кои без оглед на времето и потеклото се сместуваат во рамките на карактеристичниот среден век.

Овие основни постулати ги изделуваат од претходните веќе обработени содржини, и од историските, и од книжевните, а разбирливо и од наредните, кои излегуваат од средновековните клишеа. Затоа, во оценките на средновековните романи и раскази мораме да ги имаме предвид критериумите, времето, просторот, што важеле во рамките на средновековната книжевна поетика, сфатени и доволни во амбиентот на средниот век. Без ваквиот приод нивната димензија е несфатлива.

И покрај тенденцијата на романите и расказите да се излезе од долгогодишно и долговековно негуваните црковни и христијански содржини, што и преку голем број примери на дела и се извршило, видливо е настојувањето да се апострофира морализаторската поента, препознатлива за важечките правила од средниот христијански свет. Затоа во нивните богата содржини ќе се менуваат смелите световни содржини, неизмерната љубов на Тристан и Изолда, која ги минува средновековните граници, за да се христијанизира темелно животот на Буда во романот „Варлаам и Јоасаф“, за да се истакнат филозофско-морализаторските интенции преку раскажувањето на Стефанит и Ихнилат, за да оживеат античките содржини од легендарната Троја, Александридата, за да се обноват и библиските непресушни содржини видени од аголот на средниот век, за да се претстават одредени историски личности во приказнични книжевни содржини, мизогени постојано присутни теми, споени во една целина, разнообразна, шаренолика, именувана со термините средновековни романи и раскази.

Содржинското разнообразие што се јавува во романите и расказите, особено навлегувањето на чистите световни содржини, од историјата, од секојдневието, внесле новина во средновековната белетристика. Повторуваните црковни христијански содржини низ богатството од средновековните книжевни жанрови, во одредени стадиуми побарале и подновувања, кои и следеле, и смело и како неопходно освежување на книжевната содржина, особено пред љубопитната публика, заситена од старите и повторувани теми. Со романите и расказите се јавила нова обоеност на средновековната книжевност. Таа привлекла задоволувачка читателска публика, го бодрела духот на средновековното витештво, ритерство. Синовите на феудалците се воспитувале во тој дух. Поетиката на тој морал

се вкоренила и во широките народни маси, зашто таа допирала и по устен пат до љубопитната публика. Оттука не е случајно присуството на тематиката од романите и расказите во народното творештво, речиси на сите словенски народи. Таков е случајот и со одразите од овие средновековни популарни текстови од нашата книжевност во македонското народно творештво.

При бројните примери на преводи, обработки на текстовите од романите и расказите, се случувал о да се добијат блиски, но и многу различни верзии, согледани во редоследот на настаните, акцентите, имињата, должината на текстот, во зависност од средините каде што настанувале. Во нашата средина доаѓале верзии од Исток, особено преку грчката книжевност, која пак од своја страна била позната и преведувана во Македонија, а биле присутни и западни обработки. Источните обично биле кирилски, а преку Јадранското крајбрежје допирале глаголските верзии.

За времето на настанувањето на словенските верзии, преводи, обработки, не постојат многу прецизни показатели. Очевидно е дека во X, XI, XII век како книжевни жанрови за Словените не биле непознати и романите и расказите. Меѓутоа, судејќи по нивната распространетост, нивното присуство е видливо и широко почнувајќи од XIV век, кога се јавуваат помасовно во словенските ракописи. Преку византиската книжевност многу источни текстови допреле и до словенските средини, особено во Македонија и Бугарија, како најблиски до богатата византиска книжевност. Меѓутоа, и со Византија допирот со источните книжевни цивилизации започнал поинтензивно по завршените завојувачки тенденции и акции на Александар Македонски, значи по IV век пред новата ера. Подоцна, по разни патишта во Византија извршиле видливо влијание источните оформени дела од видот на: „Приказните од 1001 ноќ“, „Милетските приказни“, „Вавилонските истории“, „Ефеските истории“, „Панчататра“, и ред други источни дела. Јунаците и настаните од Исток претрпувале измени, а античките јунаци во средновековието ќе добијат и христијански печат. Во Византија под нивно влијание се јавиле и самостојни дела од видот на познатите остварувања: „Дигенис“, „Акритас“, „Теофана крчмарката“, „Велизариј“, „Ахелијада“, „Велтандрос и Хрисанца“, „Калимах и Хрисорои“, итн.

СРЕДНОВЕКОВНИТЕ РОМАНИ

Логично е освртот врз романите и расказите да го започнеме со популарната „Александрида“, која го нашла своето заслужено место во повеќе средновековни книжевности. Со оглед пак на историските факти што не поврзуваат со оваа толку популарна историска личност, обработувана и во антиката и во сите идни периоди, чии траги не случајно се толку длабоко вкоренети и во македонското народно творештво, на овој роман му го определуваме заслуженият примат во нашата средина.

Централната личност на средновековниот роман „Александрида“ е земена од популарната историја на државата Македонка, кога синот на Филип II Македонски - Александар Велики, го зазел татковиот престол и ја проширил државата до невидени размери, 356 до 323 години пред новата ера. Александар учел кај Аристотел, покажал висок талент, интелигенција, сложен карактер. Оддалеченоста од него го наголемувала интересот за него, а податоците не можеле да ја заокружат целосната историја, како единствена. Врз оваа популарна историска личност се создале и бројни историски дела, книжевни, кои почнале да се множат од времето на неговата рана смрт, кога починал во Вавилон, во 323 година. Меѓутоа, една верзија на настанатиот роман за Александар Македонски настанала во Александрија во II - III век од н.е., и таа му се припишува на современикот и пријателот на Александар - Калистен. Иако одредени истражувачи на сложениот роман за Александар Велики се сомневаат во авторството на Калистен, зашто тој починал пред Александар, во славистиката Псевдо-Калистеновата историја се споменува и одржува упорно, иако многу автори го прифаќаат насловот Калистенова историја, условно. Овој текст нашол бројни преработки и преводи во Византија, на Запад. Романот продрел и во средно-вековните словенски книжевности, особено во јужнословенските, каде што посебно се зацврстила т.н. Српска Александрида. Нејзе, покрај претходните бројни истражувачи, посебно внимание и обрати српскиот книжевен историчар Радмила Маринковиќ.

Во романот за Александар Велики, во бројните постари и понови словенски, особено јужнословенски верзии, во една богата романизирана содржинска фор-

ма е насликан интересниот животен пат на војсководецот Александар, придружен со многу настани, личности, слики, описи, споени во неговата доминантна и централна личност. Историските настани од далечните години пред новата ера, кога македонската држава на Филип II и неговиот син Александар се развива до невидени широчини, се пропратени со живописни измислици, кои навираат од перото на имагинативниот автор. Покрај античките претстави од современоста на Александар, кои и не се доминантни, се јавуваат и претставите за егзотичниот и привлечен Ориент. Честопати во романот доминираат чисти христијански морализаторски поенти, за сметка на античките. Веројатно, средниот век, црквата, го втиснала неминовно својот печат. Раскошниот живот на семожниот Александар барал и од авторот и од преработувачите на романот врвна фантастика во опишувањето на ентериерите, екстериерите, околината, земјите, егзотичноста на Ориентот, витештвото издигнато до невидени размери. Доминираат поетски и фантастични вметнувања со големо познавање на интересната интерпретација од страната на авторот. Бројните преписи, преводи, неминовно ја потврдуваат дарбата на писателот. Историјата е поистоветена со фантазијата, приказната. Александар има прстен кој го прави невидлив. Во една риба пронашол камен, кој светел како факел пред војската. Во Рим Александар бил дочекан од 4 000 витези на бели коњи, од 2 000 девојки на бели коњи и во црвени кожени палта, и од други 4 000 граѓани, сите со дафинови гранчиња со злато, и 2 000 свештеници со свеќи во рацете. Во чудните покорени земји на Исток се среќавал со невидени убавини. Од едно езеро го пресретнале жени кои пееле нечуено убави и жалосни песни. Самиот Александар е духовит, непредвидлив, а неговите изговорени сентенции го прикажуваат како даровит поет и филозоф.

Според романот Александар бил рожба на Олимпијада, жената на ФИЛИП II, но во однос со египетскиот цар и волшебник Нехтенаб, преобразен во богот Амон. Тој побегнал од Египет И во македонскиот град Филипус се споил со Олимпијада, чиј сопруг Филип бил во војна. Кога се родил Александар Аполоновото пророштво прорекло дека новороденият ќе стане господар на светот. Филип се израдувал кога дознал дека Олимпијада родила син. Детето се школувало кај најпознатите професори и филозофска и воена вештина изучил кај Аристотел.

Нехтенаб погинал од раката на синот, како што прорекло пророштвото. Потоа станал победник на олимписките игри. По смртта на Филип, Александар го наследил. Прво успеал да го покори персискиот цар Дарие, кој се потсмевал со него. Александар го зазел Солунското царство, потоа Атинското. Во Рим го дочекале со почести, а потоа постелено ги презел сите западни земји. Наредил да се изградат 12 000 галии, со кои запловил кон Египет, а пловел триесет ноќи и триесет дена. Потоа преминал во Азија, а во Троја го разгледал оружјето и украсите на тројанските и грчките познати јунаци. Ја видел и Хомеровата историја за Тројанската војна. Откако ја прочитал историјата за јунаците, ги побарал нивните гробови, каде што пролеал ливан и миро, оддавајќи им похвала на: Ахил, Хектор, Ајакс, Нестор.

Во Ерусалим Александар го дочекал пророкот Еремиј, кој го убедил да поверува во единствениот Бог. Во Египет го дочекале свечено како син на Нехтенаб. Потоа го победил царот Дарие и го презел Вавилон. Дарие побарал помош од индискиот цар Пор, но Александар ја победил и персиската и индиската војска. Се оженил за Роксанда, ќерката на Дариј, кој потоа починал. Понатаму следеле победите над богатиот Крис, над фантастичните источни жители, џуџиња, диви луѓе, и стигнал до Земјата на блажените.

Александар со војската продолжил кон Индија. Војниците биле уморни и се побуниле, но Александар ги смирил. На мајка си Олимпијада и пишувал многу нежни писма. Александар ги победил сите источни и северни цареви. Се сретнал со Амазонките и со други силни и убави царици. Потоа допатувал кај него Аристотел со писмо од Олимпијада, која посакала да се сретне со моќниот и сакан син. Александар имал нежен и носталгичен однос кон мајка си, ја послушал и се вратил. Во меѓувреме, мајката на близнаците Македонии, Ликадис и Врионис (Ликадуш, Врионуш), посакала да и се вратат децата од војна и им испратила отров, да го отрујат Александар. Александар умрел отруен од Врионис, а лекарот Филип успеал да му го продолжи животот само за три дена. Александар успеал да ги издаде последните пораки. Се опростил со саканиот коњ Буцефал, кој почувствувал за неверството на Врионис и му ги забодел забите во вратот. Роксанда не можејќи да го прими мртвото тело на мажот жалосно проплакала:

„О, Александре, на целиот свет цар и силен господар, како во туѓина ме остави, самиот како сонце со сонцето зајде. О, земјо, и сонце, планини и шуми, море и убави дрва плодотвории, плачете денес со мене, источите извор со солзи од очите мои, езеро наполнете, шумата напојте ја пеленова, таа шума јадовита“. Потоа ги истерала присутните, легнала крај сопругот над остриот нож и ја испуштила душата.

Во романот за Александар средновековниот морал успеал да го втисне печатот за проодноста на животот на земјата. Александар трчал кон нови победи, незапирливо, со восхит, без престан. На Индијците им одговорил дека кон таа цел го тера неговиот карактер. Пред крајот од животот Александар го претчувствува токму тој запир пред времето, пред настаните. Самата предвремена смрт, на 32 години, како да е опомена за односната проодност на човекот во светот. И за најсилниот, и за најумниот, оваа порака е неизбежна. Неговата личност е комплексна, релфексивна. Поробените народи за него не се нерамноправни соговорници, тој размислува за секој потез, суди и одмерува. Казнува и дарува. И чувствата се наизменични, тој диши, се буни, жали, плаче, жената не е негова случајна преокупација, тој ја чувствува, ја прифаќа, сфаќа, како рамноправен партнер. Таков е неговиот однос кон Олимпиада, кон Роксанда. И во нив ги цени и открива човечките особености, добродетели или лошотии. Се обидува да пресудува според фактите и моралните квалитети. За обработките од средновековието доминира христијанскиот мироглед.

За големата популарност на Александридата говорат и зачуваните одрази во народното творештво. Токму стремежот за допирање на крајот на светот, на недопирливите предели за човекот, оставил траги во народните македонски творби. Делот од романот, кога Александар сакал да се увери дали стигнал до крајот на светот качен во кошарата заврзана за две големи бели птици, нашол своја народна обработка дури во Дреновци и Небрегово крај Прилеп. Во приказната мајката го проколнала синот да не почине додека не го види крајот на земјата. Кон таа цел го вишнале кон небото два орла, кои ги хранел со месо и вода. Б. Конески, кој ја запишал приказната од баба Дунавка во 1942 година, забележува дека овој народен текст само го покажува патот на мотивот од Александридата

до прилепските села, со поента на сказната за судбината на Александар со знак на проклетство.

Средновековниот составувач на Александридата не се запрел суштински врз податоците што ни ги оставиле за него Плутарх и Курцие Руф, туку претежно биле испровоцирани од вистински интересно градената историја на Псевдо-Калистен. Интересната содржина на романот, проткаена со многу фантастични вметнувања, била податлива за развивање жив интерес кај народниот раскажувач. Најубав одраз на Александридата е прикажан во македонската народна приказна „Брешко, македонски цар“. Името Александар на грчки означува Божји избраник, што се гледа уште со описите на неговите младешки години. И Брешко македонскиот цар го наследил рајот „оти имаше божја сила“. „Тој Брешко, македонски цар, беше светија дуф на овој свет, цела земја прегази! И он си беше како Крале Марко, со Божја сила, божествен човек.“ И неговиот татко, како и Филип, му се молел на Бога: „Дај ми Боже едно дете, макар да е сфетиот дуф! И он како се Боге помолил, Бог му дал. Тоа се викаше Брешко.“ Уште на петнаесет години Брешко му се обратил на татко си: „Море, татко, многу малку ние држиме земја, ќе се биеме, ќе земеме повеке“. И Брешко го прегазил светот. Стигнал и до темниот вилает, во приказната до „темнина земна“. Им рекол на војниците: „Од оваа земја кој ќе земе пишман ќе биде, а кој ќе не земе па пишман ќе биде!“ Кога излегле на виделина војниците се покајале, пред нив светело злато.

Во македонското народно творештво е обработен мотивот за барањето на бесмртната вода, која се поврзува со изворот на животот, од старите митолошки и религиозни верувања за животот и бесмртноста. Александровото барање на изворот на животот се среќава во еврејскиот „Талмуд“. Д. Драгојловиќ првичната идеја ја бара во иранско-талмудските преданија. Кај Миладиновци е забележано охридското предание „Цар Александар“, кој отишол по бесмртната вода меѓу две планини кои се затворале и отворале. Александар успеал да донесе вода во шишето, но сестра му го турнала и водата се истурила, потоа таа се претворила во делфин, што асоцира на Сибила (Сивила) од еврејските преданија. Планините што се отворале и затворале во Псевдо-Калистеновата историја, во врска со северните народи и планини, асоцијативно се надоврзуваат на честите раскажу-

вања во македонските народни приказни за слични планини кои ја чуваат живата вода, или изворот на животот.

Фантастичните и приказничните мотиви од романот наидувале на плодна почва во народното творештво, за бесценетите каменка, за чудотворните предмета, прстени, итн.

ТРОЈАНСКАТА ВОЈНА

Паралелно со популарната „Александрида“ се прошируваа не помалку интересните верзии на романот „Тројанската војна“. Во јужнословенската средина се вкрстуваат глаголските и кирилските верзии и романот продирал во сите балкански катчиња. И овој роман основата ја изградил врз Хомеровиот грандиозен спев „Илијада“, но се разбира поставен во средно-вековните карактеристични рамки, развиен во посебните општествено-историски услови и слики, присутни во настаните, во смислата на дејствијата на луѓето, прилагодени кон реалните афинитети на средновековната секојдневна битност. Средновековниот составувач немал лесна работа, иако имал благородна античка содржина, високо стројно дело, бидејќи низ него и од него требало да протечат струи, животни истории, филозофии, естетски согледби, од средновековието. Бројните студии посветени на овој роман неспорно заклучуваат дека средновековниот прекројувач составил такво дело, бидејќи не случајно е потенцирано мислењето дека средновековниот роман не е копија на Хомеровиот спев, туку ново дело. Еден од бројните негови проучувачи, А. Рингхајм, ги истакнува видливите карактеристики на средновековниот роман, ерупцијата на разнородните чувства, прашањето за човековата чест, издигнато во присутното средно-вековно витештво до највисок врв, сликата која добива посебно свечено и смирено место, јасно изразените и чести дијалози.

Основата на средновековниот „Роман за Троја“ е извлечена од Тројанската војна, која се водела околу 1200 години п.н.е., а ја претставил во посебно значаен еп грчкиот слеп поет Хомер, со наслов „Илијада“, завршувајќи ја околу 700 година п.н.е. Историски е познато дека Грците војувале со малоазиските Тројанци, ги победиле и ја уништиле Троја. Меѓутоа, многу личности, настани и епизоди од

епот и средновековниот роман, останале историски недоволно или воопшто незасведочени.

Основните правци за изучувањето на историјата на овој роман тргнуваат од Летописот на Јован Малала, грчки летописец од VI век. Во својот историски познат спис се запрел и на настаните со Троја. Во X век презвитерот Григориј го превел неговиот Летопис во кој се наоѓаат извесни извори за оваа романизирана историја. Малала го споменува како автор на делото Диктис, а друг извор го открива Дарес. И за двајцата автори немаме историски сведоштва, освен за Дарес, за кого во средниот век се знаело дека живеел во времето кога се водела Тројанската битка. Тој имал можност да напише историја за уништувањето на Троја пред Хомера. Во Илијадата се споменува Хефестовиот свештеник Дарес. И Птоломеј споменува еден Дарес како ментор на Хектор. Корнелиј Непос во писмото до Салустиј Криспа напишал дека во Атина ги пронашол составите на Дарес и ги превел на латински јазик. Мислењето на Б. Цонев ги негира овие податоци како историски и смета дека некој западен автор ја подготвил латинската верзија и ја пуштил со името на Дарес Фригиски.

За Диктис постои мислење дека потекнувал од островот Крит и учествувал во Тројанската војна. За времето на Нерон бил отворен неговиот гроб, каде што биле пронајдени неговите состави за Троја, во вид на Дневник. Составот бил напишан со финикиска азбука, потоа препишан со грчки алфавит. Грчкиот текст го превел на латински јазик Квинтус Септимус.

Траги од „Романот за Троја“ наоѓаме и во Овидиевите „Метаморфози“ и „Хероиди“, инаку омилен поет во средниот век. Влијанието на овој поет врз средновековниот роман е видливо во повеќето верзии. Кратката верзија на романот се среќава во кирилските ракописи и настанал како превод од грчките текстови. Подолгата верзија е зачувана и во глаголски и во кирилски ракописи. Обично западните верзии се познати со името „Руманац Тројски“, а кирилските - „Приказна за кралевите“. Инаку популарно, како и „Александридата“, романот е познат со името „Тројанида“. Хрониката на Јован Малала, со преводот од презвитерот Григориј, го дава најстариот словенски превод од X век, посветен на бугарскиот цар Симеон. Ова укажува на раното познавање на романот и текстот за

Троја во најјужната словенска средина. Во XIV век настанал и познатиот бугарски превод на Хрониката од грчкиот историчар Константин Манас од XII век. Манасиевата

Хроника била преведена по заповед на бугарскиот цар Јован Александар. Два текста од овој превод, кои потекнуваат од 1345-1346 година, се зачувани во Московската синодална библиотека и во Ватиканската библиотека. Во Манасиевата Хроника се наоѓа посебен опис на Тројанската војна, а по него следи „Приказната за Троја“. Ватиканскиот ракопис претставува раскошно и убаво испишан текст, украсен со 70 минијатури. Текстот го издал Ф. Миклошич, а други две верзии, и тоа глаголски, според зборникот од библиотеката на И. Кукулевиќ, XV век, објавил В. Јагиќ.

Со споредбата на долгата глаголска и кирилска верзија, според познатите ракописи, може да се истакнат заедничките хронолошки врски на фабулата. Имајќи ги предвид објавените изданија на Ф. Миклошич, В. Јагиќ, А. Рингхајм, т.е. текстовите кои од јужнословенската средина, слично како историјата за Тристан и Изолда, преминале во старата руска книжевност, може да се проследи главната историја. Кралот Троилуш (Троил) ја издигнал Троја. Неговиот син Пријамуш (Пријам, Прејамуш) се оженил за Јакупа госпоѓа (Хекуба). Таа сонувала дека родила гламна, од чии искри изгорела Троја. Пророците дале толкување дека новороденото дете ќе биде причина за пропаста на Троја. Пријамуш наредил новороденчето да го фрлат далеку од Троја. Детето го пронашло еден овчар, го одгледал во силен јунак, т.н. Париж (Парис). Тој пресудил на свадбата од Палешин (Пелеј) и Тетиш (Тетида) дека од трите божици: Јунош (Хера, Јунона), Палеш (Палада, Атина) и Венуш (Афродита, Венера) - Венуш е најубавата. Париж отпатувал во Троја, каде што го задржал Пријамуш, заради убавината. Потоа заминал кај царот Менелауш (Менелај), кому требало да му служи. Царот имал убава сопруга Елена, во која Париж се вљубил и со коработ ја однел во Троја. Кога Менелауш се вратил од војната се подготвил со својот брат Агаменон да ја нападне Троја. Витезите на Агаменон (Агамемнон) ја убиле кошутата на Палеш, заради што последнава предизвикала голема бура и Грците не можеле да отпловат. Во замена за кошутата Пелеш ја побарал ќерката на Агамемнон - Цветана

(во латинската верзија Цвенуажија, а се мисли на Ифигенија). Потоа Грците стигнале пред Троја. Париж не сакал да ја даде Елена. Во натамошните настани влијаат и боговите. На грчкиот јунак Анцилеш (Ахил) Агамемнон му ја зел убавата робинка Брижеида. Навредениот Анцилеш не сакал да учествува во борбите и Грците постојано губеле. Синот на Пријамуш - Јектор (Хектор) го убил Потроколуш (Патрокле), кого Анцилеш го сакал многу. Револтиран од смртта на верниот другар, Анцилеш стапил во борба и со стрела го убил Јектора. Пријамуш трогателно го мол ел Анцилеша за телото на синот. Самиот Анцилеш умрел погоден од раката на Париж. Оружјето и јуначката опрема на Анцилеш му припаднала на Урикшиш (Одисеј). Грците навлегле во Троја, послужувајќи се со итрина, со изградениот коњ.

Една интересна верзија, од кратката редакција, е проследена во Славковиот ракопис од Кратово. Во неа се развива содржина во лесна форма, иако згустена. Врачевите го известиле својот господар Александар дека жената на царот Сион - Гулида, ја краси необична убавина. Александар се преоблекол во трговец и отишол кај царот Сион. Кога царот го напуштил градот, Гулида отишла во бродот на Александар да ја види неговата облека украсена со злато и бисери. Тогаш морнарите ги дигнале едрата и убавицата била пренесена во градот „Троан“. Извесни детали од текстот потсетуваат на словата за Соломон. На Сион му дошол во помош неговиот брат Југ од Васан град, со сите шуреви од Ханаан. Тие долго време ја опседнувале Троја, се додека Памид не се досетил да изградат „кона медиа велика зело“. Со итрина навлегле во Троја. Следат и нејасни епизоди за борбата на Александар со Сион. Александар сфатил дека се направиле големи штети, се заради една жена. Тој ја убил Гулида, а самиот се фрлил во морето.

Додека постапките на личностите, настаните, во подолгата верзија се пропратени со вешти психолошки понирања, сложени разврски и пресметки, во кратката верзија недостигаат допирните спојки, контактите и чувствата. Тие не се мотивирани и образложени, заради што наличуваат на хронолошко редење на настани, како во некои приказни. Во подолгата верзија избива на преден план јасниот витешки морал и етика на средновековниот витез, љубовното чувство, доживеано и потенцирано. Во неа се согледливи особено влијанието на три пее-

ња од Метаморфозите (11, 12, 13) и одредени делови од Хероидите (16 Хероида, ст. 43 - 49, 69).

Кратката кратовска верзија, иако од поново време, недвосмислено укажува на распространетоста на овој роман во Македонија. Разновидните верзии во неа биле присутни низ вековите, иако честопати предавани и преку други јужнословенски јазични редакции.

Во однос на средновековните романи може да се истакне еден присутен проблем, а кој не е непознат и за други средновековни книжевни родови, отсуството на одредени преписи на делата, кои би дале можности за критички и хронолошки проучувања на развојните линии. Постојните состојби не секогаш адекватно ја откриваат сликата, или, недостигот од преписи во одредени интервали или области, не мора да значи дека тогаш, или таму, не биле познати верзиите на некои дела. Очевиден пример покажува токму наредниот роман „Тристан и Изолда“. Во јужнословенските ракописи него го нема. Меѓутоа, народното творештво на јужнословенските народи открива видливи траги од присутноста на романот. Покрај тоа, во Далмација во одредени периоди биле давани имиња токму од западните верзии на романите: Тристан и Изолда, Бово од Антоне, Ланцелот. Меѓутоа, во белорускиот зборник, т.н. Познањски, од крајот на XVI век, во самиот почеток се наоѓа соопштение дека ќе започне раскажување за славните витези: Тристан, Анцелот, Бово и за многу други витези, земени од „книгите српски“. Самиот зборник изобилува со јужнословенски траги, но текстовите не ги наоѓаме меѓу српските ракописи. Ова индиректно укажува дека фактичката состојба на зачуваните ракописи не ја одразува вистинската суштина на раширеноста на романите низ вековите и словенските средини. Ова посебно се однесува на Македонија, која низ целото средновековие имала кратки можности за самостоен развој, а долги периоди на повластени состојби, кога се проширувале на нејзината територија и други словенски редакции на текстови. Кон ваквата состојба укажуваат, на пример, зачуваните понови текстови кај нас, како рудиментирани форми од нивните подолги и постари верзии. кои не останале незабележани во нашиот книжевен делокруг, па и многу пошироко.

Мошне показателен пример дава студијата на Р. Маринковиќ, која постојано ја следи историјата на Александридата, а која се однесува на анализата и трансмисијата на познатите словенски текстови за романите „Александрида“ и „Тројанида“. Заклучува дека нивната трансмисија не одела паралелно, а нивните патишта биле различни. „Александридата“ како многу пообемен текст се развивал самостојно, додека „Тројанидата“, како помал, мошне рано влегувал во составот на мешовитите зборници. „Александридата“ започнала да влегува во истите зборници дури од XV век. Ова прашање, како и други слични, овозможуваат разоткривачки однос и кон интересните мешовити зборници, особено ако се земе предвид нивниот избор, обработка, развој. Во овој случај, и видот на зборникот влијае врз текстот, но и самиот текст го формира и изменува структуралниот изглед на зборникот.

ТРИСТАН И ИЗОЛДА

Една од карактеристиките на средновековните романи и раскази секако е смелоста да се проговори и опише љубовното чувство, ослободено од сите средновековни пранги. Ваквиот однос беше неодминлив и во претходните два романа, особено во „Тројанската војна“, но слободно може да се каже дека љубовното чувство ескалира и доминира во романот „Тристан и Изолда“, и не случајно критиката незаобиколно го доближува до љубовта на Ромео и Јулија, други го наречуваат „роман за љубовта“ а трети - најубав одраз на „Нал и Дамајанти“.

Романот „Тристан и Изолда“ се смета дека е стара бретанска творба во француската литература, според местото Бретања на северозапад од Франција, чии предци дошле од Британија. Неговото точно потекло и настанување не се прецизирани, а настаните се одвиваат на повеќе места. Сигурно е дека бил првосоздаден како поетско дело, а најстарите зачувани преписи потекнуваат од XII век, а им припаѓале на поетите: Тома и Берул. Од нивните нецелосни верзии биле инспирирани и други автори да го обработат делото, а германскиот композитор Р. Вагнер составил опера „Тристан и Изолда“. Делото било напишано во XII век на старо француски јазик, кој јазик им бил недостапен на поновите

генерации, заради што францускиот книжевен критичар Жозеф Бедије кон крајот на XIX век составил прозна верзија на романот, на современ француски јазик. Тој успеал да ја зачува средновековната патина, манир на пишување, обичаите кои им давале печат на делата, карактерите на личностите, нивната филозофија, морал и етика. Бедије составил ново дело, но толку блиску до средновековието, што читателот го препознава карактеристичниот манир, витешкиот однос, бојата на оружјето, борбите, двобоите. Покрај тоа, авторот не ги заборавил и естетските дострели на средниот век, поетиката, втиснувана од талентираните жонглери, кои ги пееле стиховите пред слушателите во средновековните замоци.

Зачуваните верзии на романот откриваат мала доза на историчност, преку личноста на кралот Марк, кој владеел во Корнвал во VI век, се споменуваат витезите на кралот Артур, меѓу кои бил и Тристан. Артур е историска личност од VI век. Покрај овие засведочени личности, сите други настани и описи се одраз на авторовата богата фантазија. Одредени описи на Тристан откриваат и келтско потекло. И Изолда потсетува на нибелуншките саги. За жал, незачуваните први состави и преписи оневозможуваат да се даде сигурен суд за прототипот, настаните и личностите.

Главната содржина од разновидните зачувани прозни и поетски верзии ја следи оваа историја. Марк бил крал во Корнвал, а неговата сестра се омажила во Луноа, во Шкотска, за шкотскиот крал, од чиј брак се родил Тристан. Тој рано останал без родители и бил одгледан во дворот на Марк. Набргу Корнвал бил нападнат од страшниот Ирец Моролт. Младиот Тристан го победил горостасот. Во телото на Тристан останал дел од отровот на Моролтовиот меч, заради што тргнал да бара лек. Стигнал во Ирека, каде што ја запознал русокосата Изолда, ќерка на ирскиот крал. Таа го излекувала од отровот. Моролт бил брат на кралицата. По враќањето Тристан дознал дека Марк решил да се ожени за русокосата Изолда, бидејќи една птица му спуштила влакно од нејзината коса. Разновидните верзии различно ги предаваат настаните меѓу Тристан и Изолда, за влакното, за желбите на Марк. Тристан повторно се вратил во Ирека и успеал да договори свршувачка, тргнувајќи со Изолда. За да се зачува витешката етика, во побројните верзии меѓу Тристан и Изолда не постои љубовно чувство. Тристан го почиту-

ва својот вујко Марк. Но, за да се одвие вистинска љубов, причината се изнаоѓа во натприродна сила. Имено, мајката на Изолда подготвила волшебен напиток за Изолда и Марк, кој ќе овозможел вечна љубов меѓу сопружниците. На бродот, во летните ѕвездени ноќи и пријатниот ветер, младите ожеднеле и по грешка го испиле љубовниот пијалак, по што меѓу нив се разгорело силно љубовно чувство. Младите ја исполниле желбата на Марк, кој се оженил за Изолда. Меѓутоа, љубовното чувство што младите го потиснувале со разумот, повторно избивало. Дури Тристан се оженил и за друга убавица - Белораката Изолда. Најчесто помислувале на самоубиство. Крајот со својата трагика предизвикувал треперења кај читателите и читателките, бидејќи го симболизирал болот од неостварената љубов. Тристан умрел пред Изолда, но кога таа го здогледала мртвото тело на саканиот, легнала до него и истиот миг умрела. Марк ги закопал еднододруго. Од гробот на Тристан израснала капина (лоза, ружа, друго цвеќе) и преку капелата навлегла во Изолдиниот гроб. Обидите да се пресечат гранките биле безуспешни, тие одново израснувале и се спојувале.

Крајот на романот асоцира на бројните народни, па и уметнички, песни, во кои доминираат растителните вегетации над гробовите од вљубените. Нив ги има и во македонското народно творештво. Веројатно мотивот му бил познат на авторот на романот, можеби од народното творештво, но сигурно е дека романот ги засилил народните обработки, како и уметничките. И дуелите на Тристан, неговото херојство, будат асоцијации со народните песни, особено во циклусите со Крале Марко.

Каков бил патот на западниот средновековен роман до словенските средини, најилустративно, можеби, го покажува Познањскиот текст. Тој е необично видоизменет и покажува какви се измени се можни на патот од Бретања до Белорусија. Аналогно на овој пример може да се добие една претстава и за сите други верзии. Во Чешка продрела германската верзија, кај Јужните Словени преминала италијанската преработка. Од српска средина една верзија достигнала во Белорусија. Таа се одликува со помешаност на настаните и личностите, со прекинувања на врските меѓу нив.

Во Познањскиот зборник се наоѓаат и романите за Бово од Антоне и Атила. Првиот е преведен од српско-хрватско јазично подрачје, а вториот од полско. Бово од Антоне доживеал посебна распространетост во руската средновековна книжевност.

РОМАНИТЕ „ПАНЧАТАНТРА“ И „ВАРЛААМ И ЈОАСАФ“

Историско-културните и книжевните врски на Словените со старите источни цивилизации биле постојано присутни, повеќе индиректно отколку директив, разбирливо и со различен интензитет во разни периоди. На овој план не заостанала и далечната егзотична Индија. Контактите заживеале особено со походите на Александар Македонски, со дипломатската дејност на сирискиот крал Селеука Никатор. Индија била привлечна земја за старите Елини. До неа стигнал и апостолот Павле. Неговиот маченички живот и крај предизвикале чудни претстави за паганската Индија во христијанскиот свет. Одличниот познавач на индиската книжевност, Р. Катичиќ, не случајно истакнува: „Индија стана чудна и таинствена земја во очите на Европејците, производувач на ретка и скапоцена стока, а со своите чуда се нашла некаде на границата од „реалноста и бајката“. Во овој поглед не заостанал и средниот век, донесувајќи во разновидните средини книжевни и фолклорни подновувања токму од Индија.

Меѓу значајните дела кои преминале преку источниот свет во словенска, особено во јужнословенска средина се вбројуваат старите индиски обработки на „Панчатантра“ и „Варлаам и Јоасаф“. Посебен придонес за проширувањето на индиската книжевност претставуваат муслиманските книжевности, особено по муслиманското завладување на Индија. Цариградските султани одржувале врски со Индија. Јужните Словени во контактот со турската империја се запознавале со источните обработки. Во однос на изучувањето на индиско-словенските врски, како и пошироко, во јужнословенската средина се истакнуваат трудовите на: Н. Миличевиќ, К. Гласер, П. Евтиќ, И. Ткалец, Т. Маретиќ, А. Маер, Р. Катичиќ, З. Матишиќ и многу други.

Романот „Панчатантра“, составен од повеќе делови, исполнет со вековни мудрости предадени во повеќе текстови, главно е поделен на пет книги, од каде што доаѓа и неговиот наслов. Ова дело во Индија е познато во неколку редакции, но оригиналот не е зачуван. Неговиот развој и пат најубаво го претставиле во светската книжевност: Т. Бенфеј, Ј. Хертел, Ф. Едгертон, В. Рубен. Р. Катичиќ ги сумира вредните резултати, ги подреди изданијата на текстот, преводите и значајната литература, со што ја запозна словенската јавност со значајните достигања и истражувања во однос на ова дело. Со магистерскиот труд на З. Матишиќ, насловен „Панчатантра“ научната јавност се здоби со широки сознанија за индискиот состав. Посебно се значајни истражувањата на развојните патишта и смерови на делото во средините надвор од Индија. Покрај тоа, З. Матишиќ го преведе зборникот на современ хрватски јазик, овозможувајќи кон него и поширок јавен приод.

Делото е познато под разни називи, а насловот „Панчатантра“ ги обединува сите нив и е најпопуларен. Се смета дека прототипот настанал меѓу III и V век, во секој случај пред 570 година, кога се формирал сирискиот превод на делото „Калила и Димна“. Потоа настанал арапскиот превод, кој се проширил во азиските и европските средини. Од арапскиот превод настанал и грчкиот „Стефанит и Ихнилат“. Насловот од грчкиот превод влегол и во словенските средновековни книжевности. На јужнословенска почва романот нашол добра подлога. Од јужно-словенска средина текстот преминал и во Русија. Во Европа се проширила повеќе хебрејската варијанта на преводот од арапскиот текст.

Во науката постојат отворени прашања за влијанието меѓу „Панчатантра“ и Езоп. Мислењата се поделени за заемните контактирања и врски. Исто така, не помалку внимание предизвикуваат Доситеевите басни наспроти овие дела. Делото било популарно кај Јужните Словени, а најстариот зачуван текст со српска редакција, од XIII - XIV век, од збирката на Григорович, укажува на постара македонско-бугарска предлошка. Ј. Шафарик го одбележал рано бугарскиот препис, познат како Карловачки, со потекло од XV век, засведочен и кај Горски и Невоструев, а преведен делумно на современ бугарски јазик од Ј. Иванов. А. В. Ристенко логично заклучил дека преводот од грчки на словенски можел да наста-

не на крајниот словенски Југ, а потоа преминал во старата српска и руска книжевност.

Значајно е што траги од овој роман се среќаваат во народното творештво на сите јужнословенски народи. На оваа релација мошне значајни осврти претставуваат трудовите на: В. Јагиќ, П. Поповиќ, Т. Маретиќ, Д. Лапчевиќ. На поширок план, за несомненото големо влијание врз фолклорот на другите народи, се запре и Т. Бенфеј, преведувајќи го истовремено делото и на германски јазик. Нему му се придружиле: Ј. Грим, Т. Буслаев, Г. Парис, А. Веселовски, М. Драгоманов, Д. Матов. На овие релации, во бугарска средина, посебно се задржал М. Арнаудов. Интересни примери и зачувани траги од романот содржи и македонскиот фолклор.

Поучителната нитка на романот е воочлива. Всушност, кралот Амарусактиј го повикал браманот Вишнусарман да ги поучува кралските синови, за да станат добри владетели. За таа цел Вишнусарман напишал пет книги, во кои ги опишал луѓето и животните, со мудри резимеа и укажувања како може паметно да се владее. Секоја книга се состои од една голема приказна, составена од повеќе помали раскази. Изобилуваат со мудрости, искажани во проза и поезија. Насловите на книгите се следниве: Омраза на пријателите, Стекнување пријател, Војна на чавките и утките, Губење на веќе добиеното, Работење без грижливо испитување. Уводниот дел е насловен: „Почитување на високиот Ганес“ - богот на знаењето. Високопоучителниот карактер на делото го открива уводниот дел, кој кажува дека глупавите синови на кралот, откако го прочитале делото на Вишнусарман (Петокнижието) станале многу умни.

Текстот на романот од првата книга, не ја губи врската со содржината од наредните четири дела. Настаните започнуваат со сликата на напуштениот бик на патот, кој не можел да му служи на господарот, бидејќи ја скршил ногата. Но, бикот Санџивака закрепнал и почнал силно да рика. Од потресниот глас се, исплашил лавот крал Пингалака и веднаш извршил преглед и распоред на војската. Со него биле и двата чакала: Стефанит (или Каратака) и Ихнилат (или Даманака). Стефанит е всушност добродушен советник на кралот, а Ихнилат - итер. Последниов успеал да ги раскара бикот и лавот, кои бргу се спријателиле и достигнал

до министерска фотелја. Бројните приказни изобилуваат со поуки, кои треба да го насочат вниманието на читателот кон општата морализаторска и поучителна целовитост, изразена во тенденцијата да се сфатат сите страни на живеењето, а да се одбере вистинската и најмудрата. Мудростите на народот, стекнувани со искуството на живеењето, предавани писмено и усно, чинат патоказ за оние што умеат да слушаат и да ги прибираат искрите на вековните мудрости. Не случајно романот станал популарна лектира на Исток, сред Словените и на Запад.

ВАРЛААМ И ЈОАСАФ

И овој роман доживеал голема популарност кај Словените. Интересно е дека преминал од Индија преку Исток во Грција, од каде што бил преземен и во словенската средина. С. Новаковиќ и В. Јагиќ дошле до заклучок дека словенскиот превод од грчки јазик настанал на крајниот Југ, од каде преминал во српската и во руската книжевност, како и кај другите соседни народи. Грчкиот превод предизвикува дилеми, зашто истражувачите немаат истовидни мислења во однос на неговиот автор. Се споменуваат: Јован Дамаскин, Јован Синаит, калуѓер Иван од VII век.

Романот не случајно станал популарен текст сред христијанските народи. Одамна се барале врските и сличностите на христијанската религија со будизмот. Романизираниот живот на Буда, истовремено христијанизиран, предизвикувал љубопитност, и тоа не само заради своевидната трансформација, туку и заради богатството на впечатливо следена биографија на бележит човек, исполнета со богати и умесни вметнувања, раскази, мудрости. Одредени текстови асоцираат на „Панчатантра“ и на други индиски творби, што говори за постојаните влијанија меѓу делата.

Проширеноста во јужнословенската средина уште пред XIV век ја засведочува неговото споменување во Даниловиот зборник „Животите на архиепископите и кралевите српски“. Меѓу постарите текстови важно место зазема Рилскиот ракопис од XIV век, кој настанал во средниот период од развитокот на црковнословенскиот јазик, карактеристичен за Јужните Словени, особено во однос на

фонолошкиот и морфолошкиот развиток (мешање на носовките, на деклинациите, употреба на предлози, итн.). Фрагментарен бугарски современ превод направил Ј. Иванов. Во збирката на Хлудов во Москва (бр. 105) се наоѓа српски препис од XV век. Од истиот век е и ракописот од збирката на Михановиќ во Загреб. Во 1518 година еден значаен препис настанал во Света Гора. Во руската средина е познат Толстоевиот препис (бр. 2,89, Народна библиотека во Ленинград), од XV век, а најстариот руски превод настанал во Киев, во XII век. Се смета дека најстариот словенски превод настанал во Словенскиот Југ, XI - XIII век, а потоа преминал во руските преводи.

Меѓу житијата на христијанските светители, под 19 ноември, се наоѓа „Житието на нашите преподобни отци Варлаами Јоасаф Индиски“. Самиот текст ја следи интересната судбина на царскиот син Јоасаф, син на индискиот цар Авенир. Познатите индиски ѕвездочитачи на самото раѓање на Јоасаф прорекле дека новороденото ќе ја прими новата христијанска вера. Авенир презел смислени мерки да го заштити синот од какво и да било влијание. Меѓутоа, Јоасаф ги видел и сфатил несреќните луѓе, нивната неизбежна судбина. Сознанието за смртта предизвика кај него сомнежи и бурни рефлексии. Во разговорите со христијанскиот проповедник Варлаам најде разврска на мачните прашања, го прифати свесно христијанското учење и изврши покрстување на своите поданици, откако го наследил престолот на татко си. Потоа се упатил во пустината кај учителот Варлаам, наоѓајќи смирување и спокој.

Популарниот роман извршил влијанија врз народните творштева на многу народи, предизвикал уметнички креации, а одредени негови слики наоѓаат израз во средновековните минијатури. Одделни приказни, раскажувани од Варлаам, и денес претставуваат предизвик за компаративни истражувања.

Христијанизираниот живот на Вуда ја претставува занимливата фабула на романот. Индискиот цар Авенир се борел против христијанската религија, која започнала да продира во неговото царство. Ѕвездочитачите му прорекле дека неговиот син Јоасаф ќе ја прифати новата вера. Авенир го одделил синот од надворешниот свет, опколувајќи го со раскош и пријатели. Јоасаф измолил да го пуштат вон дворецот и сепак сфатил дека во светот постојат мачни чувства,

жалост, плачење. Забележал и многу сиромашни луѓе. Во пустиножителот Варлаам пронашол толкувач на животните тајни. Преку убави и поучителни приказни Варлаам му го откривал светот и животот на Јоасафа. Како излез од тешкотиите, како утеха, Јоасаф го прифатил христијанското учење толкувано од Варлаама и тајно се покрстил. Меѓутоа Авенир сфатил дека не може да го оттргне синот од христијанскиот занес. Му го подарил половината царство. Во него Јоасаф ги прифатил христијаните и нивното учење се разгорело. Пред смртта и Авенир поверувал во големината на христијанскиот бог, се покрстил и му го предал целото царство на синот. На четириесеттиот ден од смртта на татко си, Јоасаф заминал да пустиникува во пустината каде што се упатил Варлаам. По смртта на двајцата пустиници, индискиот цар Варахој, ги пренесол нивните тела во престолнината.

СРЕДНОВЕКОВНИТЕ РАСКАЗИ

Паралелно со романите во нашата средина започнало живо пренесување на жанровскиот расказен средновековен род. Занимливите содржини, нивните историски, антички, световни, романтични, фантастични, содржини, означија нова димензија во средновековната книжевност. Одредени содржини кружеле во сите средини. Тие оставале траги и во уметничкото и во народното творештво. Покрај тоа, поттикнувале и инспирирале нови креации. Во овој случај ќе се задржиме на расказните состави кои имаат посебно значење за старата македонска книжевност.

ТЕОФАНА КРЧМАРКАТА претставува мошне популарен текст, познат во нашата средина, со одрази во македонското народно творештво. Историската основа на расказот во врска со главната личност, византискиот император Никифор II Фока и пропратните настани се надоврзуваат на општонародниот познат мотив за Мара Пепелашка, која принцот ја оженил пронаоѓајќи ја преку малото чевличе.

Историските податоци потврдуваат дека императорот Никифор II Фока управувал со византиската империја од 963 до 969 година, кога бил заверенички убиен. Во однос на неговата личност книжевните историчари и историчарите даваат контроверзни податоци, особено за неговата екстремна наклоност кон аскетската компонента од христијанското живеење, до наполно незаинтересиран суштински и специјално за богоугоден живот. Тие и обрнуваат внимание и на императорката Теофана, за која, исто така, постојат контроверзни податоци, дека потекнува од благородничко семејство, но сепак, преовладува другото мислење, за нејзиното потекло од татко крчмар, наречен Кратер. Нејзе и се припишуваат убиствата на нејзиниот свекор императорот Константин II Багренороден (913 - 959), на првиот сопруг императорот Роман II (959 - 963) и вториот нејзин маж Никифор II Фока (963 - 969), како и на неблагодарниот љубовник императорот Јован Цимисхиј (969 - 976). Шарл Дил не ги прифаќа сите обвинениј како фактички, но заклучува дека неоспорно е дека била властољубива и лоша.

Врз историската основа се развила интересна расказна фабула, во која се помешале историските и ирealните настани.

Овој расказ го привлекол вниманието на повеќе слависти, кои дале значаен придонес во претставувањето на истиот. Интересната историја ја истражуваа: Ш. Дил, П. Сирку, А. Веселовски, М. Н. Сперанскн, Б. Хаждеу, Х. Грегор, Д. Ангелов, К. Нечев. Монографскиот приод кон целата проблематика, мошне солиден и резимиран, објави во 1975 година Е. Турдеану, со осврт на историските факти и познатите редакции на средновековниот текст. Врз детално проучување на развојните правци на расказот, Турдеану заклучува дека текстот настанал во XIV век, во средината на Македонија. Тој истакнува дека седум верзии од приложените девет, покажуваат српско-македонска редакција, меѓу кои се наоѓаат и Тиквешкиот зборник, и ракописот бр. 104 (468) од Народната библиотека во Белград. Временастанување го на текстот е карактеристично за Македонија со широката распространетост на српската редакција. Затоа не случајно во повеќе ракописи со српска редакција видливо е присуството на локалните јазични белези во Македонија. Баков пример покажува посебно Тиквешкиот зборник, а Е. Турдеану ги наречува нив српско-македонски. Се смета дека грчката верзија

на расказот се оформила во XII век. Од јужносло-венските редакции најстар препис е зачуван од XIV век, што не ја исклучува и можноста оригиналот да настанал и нешто порано од XIV век. Во секој случај, и двете верзии на текстот (повеќе аскетската и помалку аскетската) го доближиле интересниот мотив до средновековната читателска публика во сите јужнословенски средини, а потоа и надвор од нив.

Според централната нишка на расказот се опишуваат настаните од женидбата на Фока до неговата маченичка смрт. Императорот Никифор живеел во царството мирно и управувал со своите осуммина брака. Тој не сакал да се жени, но народот извршил притисок и тој се оженил со Теофана крчмарката, на која и биле точни направените мали чевлички. По свадбата Никифор не спиел со својата млада жена, туку го читал Псалтирот и лежел на постела со остри камења. Теофана го опоменувала дека и е потребен маж, но сопругот и соопштил дека има намера да се повлече со неа во некој манастир. Теофана го убедила царевиот миленик Чимиски да и биде љубовник, а потоа го убиле императорот кога тој го читал Псалтирот. Истовремено царевиот Псалтир одлетал и го усмртил убиецот Чимиски. Таа ги закопала во една дупка, а потоа во неа ги фрлила и телата на Фокините брака, кои ги убила. Теофана се премажила, но од дупката со закопаните тела продрел мирис и народот го открил злосторството. Сите жалеле за добриот цар, а Теофана ја казниле сурово, ја врзале за еден коњ, кој и ги разнесол цревата низ градот.

Во Грција се појавија драмски уметнички обработки на овој мотив во XX век. Во грчкото народно творештво постојат одрази од расказот. Во Македонија, каде што се наоѓа центарот на настанувањето на јужнословенските верзии, не случајно нашле силна почва епизодите од расказот, особено во контактите на расказот со верзиите на познатата народна приказна за Мара Пепелашка.

ЕЛАДИЈ е насловот на популарниот средновековен расказ, присутен во средновековната македонска книжевност, како и во сите словенски средини. Расказот го разработува широко прифатениот мотив за продавањето на човековата душа на ѓаволот. Како книжевна и фолклорна тема таа не е појавена во

средниот век, туку многу порано, но во средниот век, кога христијанската моралистаторска поента се подвлекува во творбите, доживува ново актуелизирање.

И овој расказ е присутен во Белградскиот зборник бр. 104 и во Тиквешкиот, кој се наоѓа во Софија, во кои беше укажано и фигурирањето на текстот за Теофана крчмарката. Според тоа и овој расказ се јавува доста рано, а во XV и XVI век се среќава во сите книжевни средини. Мошне прегледна претстава за овој расказ претставува објавената дисертација на Павле Стевановиќ „Расказ за човекот што му ја продал душата на ѓаволот“. Тој установил дека расказот фигурира во кирилски верзии, а не во глаголски. Познатите словенски преписи може да се групираат во две верзии. Првата има врска со чудото на Василиј Велики, што се среќава во неговото апокрифно житие од Амфилохиј, преведено од грчки на латински јазик во IX век од Анастасиј Библиотекарот. Втората варијанта не се задржува на делото од животот на Василиј Велики. Ваква верзија претставува и текстот од Тиквешкиот зборник. Разликите на двете варијанти би биле главно следниве. Во првата Еладиј бил присутен на настаните од чудото и самиот нив ги раскажува. Во втората варијанта Еладиј е самиот роб. Додека Протериј во првиот случај има чин синклитик, во вториот - неговото звање преминува во лично име Сиклитијан. Девојката во првиот случај е безимена, а во вториот добива име Корасија. Во втората варијанта и ѓаволот има име - Фармакија. Првата варијанта е доследен превод од грчките текстови, а втората се уште нема предлошка, а се развивала доследно и самостојно. Грчката варијанта ја објавија Комбефис и Радермахер. Мотивот го нашол своето место на Запад во познатите зборници: "Gesta Romanorum" и "Legende doree" од Жак Ворагина. Во средновековните книжевности на Запад мотивот бил познат и присутен.

Во познатите варијанти на мотивот имињата на личностите се различни. Место Еладиј се јавува: Теофил, Милитариус, Агапиј-Карул, Антемиј, Клерик од Пиза, Св. Кипријан, папа Силвестер II, и други. Основниот мотив во случајов ќе го проследиме според содржината од Тиквешкиот зборник.

Синклитијан имал единица ќерка Корасија, која му ја ветил на Бога. Во неа се вљубил нивниот роб Еладиј. За да ја добие недостижната Корасија тој му ја продал душата на ѓаволот Фармакија, а потоа ја добил љубовта на Корасија. Родите-

лите, очајни од нејзиниот љубовен занес и изборот на Еладиј, ја напуштиле куќата и отишле во манастир. По свадбата Корасија забележала дека нејзиниот сопруг не влегува во црквата и набргу ја дознала вистинската причина. Таа отишла кај Василј Велики и побарала помош. Василиј и советувал да остане затворен во неговата ќелија. Првите три дена ѓаволите страшно го измачувале, наредните пет дена тие не смееле да се приближат до него, зашто тој постојано му се молел на Бога. Нивното напаѓање се проредувало. На крајот Василиј го внел во црквата, се одржала служба за „вратената овца во стадото“. Во еден момент паднало „ракописанието“ што му го дал Еладиј на Фармакија. Неговиот грев бил опростен и тој можел редовно и непречено да ја посетува црквата.

И во случајов, слично како настанот со св. Павле Кесариски, е потенцирана христијанската мисла дека и најголемиот грев може да биде опростен со искрено покајување. Во другата верзија од расказот самиот чин на покајувањето, улогата на св. Василиј Велики, се посебно обработени и потенцирани. Вечниот мотив, борбата меѓу доброто и лошото, е базиран врз стари корени. Така на пример, обработки во кои Адам му се потпишал, продал, на ѓаволот, се среќаваат уште во I век п.н.е. Христијанското учење ја издигна силата на покајувањето високо. И предавството пред ѓаволот може да биде опростено. Извонредна обработка овој мотив доживеал во библиската книга за верниот Јов. Посебни обработки откриваат зачуваните општонародни легенди со дуалистичка ориентација. Нив ги има во Македонија, како одраз од вкоренетото богомилско еретичко учење. Апокрифната книжевност не го заобиколила овој мотив. Филозофијата на злото ја обработил Милтон во делото „Изгубениот рај“, Његош во „Луча микрокозма“. Мотивот го инспирирал францускиот писател Г. Флобер, кој го составил делото „Искушенијата на Св. Антун“. Сублимирани резултати од живо и вечно присутната борба меѓу доброто и лошото, во трајна уметничка форма, оставил Ф. Гете со делото „Фауст“.

РАСКАЗИТЕ ЗА ЕЗОП одиграле значајна улога во Македонка во средниот век, помалку познати и проширувани кај словенските народи. Интересно е дека за овој средновековен текст не постојат бројни преписи, како што е тоа случај со претходните состави. Меѓутоа, со оглед на тоа што се наоѓа во најстар препис,

токму во Тиквешкиот зборник од крајот на XV век, а потоа во Букурешкиот од XVI век, значењето на првиот е посебно важно во средновековната книжевна историја на Македонија. Содржината и во двата текста е иста, со незначителни мали разлики.

Во книжевната историја на средниот век воопшто недостигаат расветлувања врз врските на овој расказ со античките обработки на животот на стариот мудрец Езоп, кој живеел во VI век п.н.е. Меѓу малку познатите информации истражувачите знаат дека Езоп живеел како роб кај господарот Ксантус и пројавувал необична умност и бистрина. Се смета дека неговиот романизиран и легендарен живот го обработил Максим Плануд, значаен византиски писател во XIII век. Се смета дека текстот бил составен меѓу 1260 и 1310 година. Постојат податоци дека во Грција постоеле состави за Езоп и пред појавата на Максим Плануд. Премолчувањето на Езопа во одредени словенски средини некои истражувачи го толкуваат со заклучокот дека Плануд не бил преведен, барем не целосно, во јужнословенска средина. Делот од Тиквешкиот текст, кој се однесува за царот Диген, а кој не влегол во Планудовата обработка, асоцира на самостојна обработка, но за тоа се нужни натамошни истражувања. Потребни се компаративни разгледувања на Езоповите раскази со средногрчката поема „Βασιλεῖος Διγένης“, како и со расказот „Дејанија Девгенија“, пронајден во руска редакција. Историјата на провобитниот Езопов роман, популарно познат според Вестермановата редакција, најубаво ја проследил П. Марк.

Тиквешкиот текст соопштува дека Езоп бил роден нем и глув во Кападокија, но поседувал голема мудрост. Еднаш господарот го пратил да донесе овошје. На патот сретнал еден војник и се досетил дека е жеден и го донесол до водата. Војникот му се помолил на Господа за Езопа и тој веднаш прослушал и проговорил. Еден ден Езоп бил пленет од арапски разбојници и продаден во Цариград со еден граматик. Го купил Екстатие за десет златници, слушајќи ги неговите мудрости. Еден ден господарот му рекол да и го однесе јадењето на најсаканата. Езоп и го дал на кучката. Екстатие се налутил, но потоа сфатил дека Езоп е многу мудар, за кого „најсаканата“ била кучката. Тој го натерал господарот да ја истепа жена си, која потоа побегнала, додека кучката и по ќотекот му се вратила да го

чува. Во друг случај господарот го пратил да вид и дали има многу луѓе во бањата. Езоп на патот гледал едно препречено дрво, кое сите луѓе што оделе на бања го прескокнувале, а само еден го тргнал од патот. Езоп се вратил и му рекол на Екстатие дека во бањата има само еден човек. Во една друга ситуација, кога жената на господарот побегнала кај мајка си, Езоп разгласил дека Ексантие ќе се жени. Таа веднаш се вратила и измолила да остане. Потоа следи и епизодата за царот Диген кој побарал од болјарите да го проценат, заедно со царицата и со сите богатства што ги имал. Проценката ја извршил Езоп, и ја кажал сумата од 30 златници. Царот се изненадил, но Езоп на сите им објаснил, дека Спасителот Бог, кој умеел да направи небо, земја, вода, бил продаден за 30 сребреници, а царот морал да сфати дека не може да се мери со Господа. Царицата ја проценил уште пониско, ја споредил со овца, која барем дава храна, а царицата - ништо. Царот тогаш го назначил за економ.

Интересно е дека во средниот век биле негувани мизогините мотиви, познати како слова за лошите жени: Ева, Иродијада, Далида, Теофана, женските личности од расказите за Езоп, за Соломон. Меѓутоа, типичен пример претставува средновековниот расказ „Царот Аса“, исто така, познат во јужно-словенска средина. Како најочевиден пример за претераната компонента на негирање на женските особености го посочуваме потенцираниот цитат: „Целата злоба на земјата потекнува од жената, и многумина силни заради жените паднаа, а некои се прелажаа, како Самсон големиот, и премудриот меѓу луѓето Соломон, а по нив и многу други.“ Царот Аса бил наследник на јудејскиот цар Авија. Богољубив и правдољубив ја погубил родената своја мајка Ана, бидејќи нечесно живеела. Потоа наредил да се избришат стиховите на Ана, мајката на пророкот Самуил: „Да не се фали премудриот со премудроста своја, и да не се фали богатиот со богатството свое, и да не се фали силниот со силата своја.“ Неговиот порочен и пристрасен став го осудиле мнозина, но не смееле да реагираат. Господ намислил да го освести, го поставил во едно ѓубриште и потоа Аса доживеал бројни незгодни случки, кои на крајот го вразумиле токму во исправноста на избришаните стихови. Откако по три дена Господ го вратил во дворецот, Аса сфатил дека семожниот

Господ го вразумил и наредил да не се бришат односните стихови. Му се заблагодарил на Бога заради извлечената поука.

Мошне распространетиот мотив од расказот ДЕВОЈКАТА БЕЗ РАЦЕ укажува на силно развиениот дух на Дева Марија во христијанскиот свет. Таа била популарна во првите векови од развојот на христијанството, но култот посебно се засилил по Ефескиот собир во 431 година, кога се озваничило Мариното име Богородица (θεοτόκος). Својот врв ќе го достигне во X - XIII век. Од книжевните состави веројатно најголема популарност доживеале „Чудесата на Богородица“. Бројните верзии на чудата на Богородица немаат татковина, а според истражувачот И. Петровиќ, тие како да му припаѓаат на целиот христијански свет. Сепак, расадникот како да била Франција. Слични чуда доаѓале во словенските средини и од Исток, па и од Запад. Во македонската средновековна книжевност расказот бил познат, иако немаме редослед на постари преписи од XVIII - XIX век. Бројни македонски народни творби се забележани и порано, но во секој случај мотивот силно ја заинтересирал македонската публика. Во меѓународните мотиви е забележан како најраспространет (AT 706) во фолклорот. П. Поповиќ ги дал основните насоки за претставувањето и проследувањето на мотивот. Во македонската книжевност е познат македонскиот препис од 7 април 1890 година, што се чува во Народната библиотека во Пловдив (бр. 233 (Цонев 111), кој се разликува од 11 чудо од преводот на Јоаким Крчовски „Чудеса пресветија Богородици“ со наслов „О испелении рук царици Галлов“. Инаку македонскиот фолклор претставил повеќе творби со овој мотив, кои главно припаѓаат во две редакции: едната говори за таткото кој имал намера по смртта на жена си да се ожени со ќерка си, а другата говори за таткото кој ја оставил ќерка си на чување кај други луѓе. За нивниот развој во последно време се запрел К. Пенушлиски, констатирајќи дека нашите творби немаат еден извор, туку повеќе. На Исток била доста позната збирката „Чудесата на Богородица“ од грчкиот калуѓер Агапија Ландос од XVII век, која ја превел и Јоаким Крчовски. На Запад биле познати бројните Богородични миракули.

Почетокот на главната верзија започнува со слична обработка како во приказните за „Снежана и седумте џуџиња“. Сопругата на царот умрела непосредно по

раѓањето на убавото девојче. Царот се преженил и лошата маќеа намислила да ја убие убавата девојка. Им наредила на слугите да ја однесат во шумата и како доказ за убиството да и ги донесат нејзините две отсечени раце. Кога тоа било извршено таа се смирила. Девојката ја пронашол благородник, се вљубил во неа. Таа му родила два сина, но во натамошната фабула повторно се јавува маќеата, која се вплеткува со многу интриги, лажни вести, заради што добрата сопруга доживува тешки искушенија. По враќањето од војска нејзиниот сопруг ја сфатил ситуацијата. Отишол во пустината, ја пронашол измачената и невина сопруга, на која Богородица и ги повратила рацете. Нејзиниот татко, царот, сфатил каква е неговата втора жена и ја запалил на распалениот оган сред плоштадот.

Мотивот на расказот ДВАНАЕСЕТТЕ СОНОВИ НА ЦАРОТ ШАКИШ води потекло од ориенталната книжевност и се однесува на вкоренетото неточно суеверие, поврзано со толкувањето на соништа и пророштва за судбината и иднината. Познат е според ракопис од XV век, како најстар, а во руската книжевност фигурира во бројни преписи. Очевидно во Русија преминал од јужнословенска средина, каде што не се задржал. Но, постои мислење дека руските верзии настанале како превод од персиски прототип. Г. Поливка го откри најстариот јужнословенски препис, српска редакција, во ракопис од Народната библиотека во Прага. Овој ракопис има доста сличности со најстариот руски препис од XV век, врз кој посебно се запрел А. Веселовски.

На царот Шакиш му ги толкувал дванаесетте сонови мудрецот Мамер, предвидувајќи ги идните настани, немирните времиња... Главно пророштвата се темни, вознемирувачки. Наличуваат на сликите од Христовото второ пришествие и Страшниот суд.

Расказот ПРЕМУДРИОТ АКИР води потекло од Исток, од старата асирска литература п.н.е. Мотивот нашол подлога во многу литератури: арамејска, арапска, грузиска, романска, во словенските. Се смета дека верзијата во Русија настанала во XI - XII век, но најстарите преписи потекнуваат од XV век. Во јужнословенска средина текстот е познат според глаголски ракопис од 1468 година, како и во кирилскиот дубровнички зборник „Либро од мнозијех разлога“, од 1520

година. Постои извесно влијание меѓу верзиите од овој расказ и „Расказите за Езоп“.

Асирскиот цар Синаграп имал мудар советник, наречен Акир. На стари години Акир го усвоил својот внук Анадан, кој се јавува како голем неблагодарник и успева да го обвини пред царот Акира, дури и да биде осуден на смрт. Пријателот и жената успеале да го скријат. Египетскиот фараон побарал од Синаграп да му изгради дворец, ни на земја ни на небо. Тогаш се појавил повторно Акир и успеал да му даде мудри одговори на фараонот и да се врати од него со поклони. Анадан истиот миг пукнал од мака и прекори.

Помал публицитет и распространетост во јужнословенска средина доживеале расказите: „Маките на блаженият Гроздие“, „Лисица“, „Врач“. Првиот текст претставува привлечна пародија за бројните хагиографски текстови, предадени имагинативно преку маките што треба да ги претрпи грозјето додека не се претвори во вино. Се смета дека настанал во Византија во XII век, а во нашите постари словенски преписи го нема се до XVII век. Расказот „Лисица“ претставува збир од басни, со дидактичко-морализаторска тенденција. Овие текстови биле омилена литература во средниот век и привлекувале своја публика. Покрај тоа тие биле блиски и со усните народни творби со слична содржина. Морализаторска и поучна содржина претставуваше во средниот век и расказот „Врач“, преку предвидувањата и мудростите на врачарот, кому луѓето му доаѓале како на исповед, а потоа чувствувале смирување.

ПАТЕРИЧНИ РАСКАЗИ

Нагласивме во воведот дека старата македонска книжевност се состои од голем број преведени дела, покрај оригиналните состави. Од преводите значајно и видливо место заземаат патеричните раскази. Нивната распространетост и популарност е евидентна и значајна. Сите овие текстови произлегуваат од старите зборници, т.н. патерици, во кои преовладуваат теми од животот на монасите. Нивниот назив се среќава и како „от’чници“ или „отечници“. Патеричните текстови се среќаваат и надвор од овие зборници, во разнородни состави, ги има во

мешовитите зборници, во дамаскините. Нивната интересна содржина, уметничките вредности, придонесле овие текстови да се распространат широко. Појавата на монашкиот живот, нивната филозофија и начин на живеење, биле присутни и актуелни во Македонија.

Основата на монашкиот живот се зацврстила во Египет, за што посебен придонес има Египќанецот Антониј, во III - IV век. Не случајно првиот патерик е египетскиот, формиран во 395 - 396 година, еден вид историја на египетските монаси, составена на грчки јазик. За големиот интерес сведочи неговото преведување во V век, на латински јазик. Во 420 година настанал и патерикот „Лавсаик“, чие име доаѓа од нарачателот - велможот Лаве, исто така, составен на грчки јазик. Инаку, животниот пат на египетските монаси се среќава во популарните творби, т.н. „’αποφθεγματα“. Овие текстови се групирани најразновидно, со што се создале тешкотии околу нивното изучување. За нив станува збор и во „Мириобиблионот“ на патријархот Фотиј.

Во VI век настанал и Синајскиот патерик на Јован Мосха. Во 593 - 594 настанале текстовите од латинскиот патерик на папата Григориј I Велики. Папата Захариј го превел на грчки јазик во VIII век. Овој патерик е познат во науката како Римски. До 538 година настанал и Скитскиот патерик, а во VII век се формирал и Ерусалимскиот патерик, чии имиња на авторите се подредени азбучно, заради што овој зборник честопати се наречува Азбучно Ерусалимски патерик.

Во патериците фигурирале описи од монашкиот живот, на самите монаси, распрснати низ: Египет, Сирија, Палестина, низ цела Азија, во Италија. Интересната и актуелна содржина рано ги привлекла и словенските преведувачи. Во јужнословенска средина настанале мошне рани преводи, а најархаични црти покажуваат преводите на патериците - Скитски, Синајски. Се смета дека првичен словенски превод на патерик извршил Методиј Солунски. Во главата 15 од Пространото житие на Св. Методиј го наоѓаме податокот дека Методиј, покрај Номоканонот, ги превел „отъчъсъѭ кънигъѭ“. Преводот можел да настане меѓу 882 и 884 година.

Со делови од патериците: Скитски, Синајски, Ерусалимски и Римски, настанал преводот од грчки на словенски јазик на Сводниот патерик. Врз патеричните

раскази големо внимание посветила Светлина Николова, која и го издаде Сводниот патерик. Опстојните истражувања ги доведува во врска со првичниот превод на Патерикот од страната на Методиј, и тоа на Сводниот патерик. Николова изврши и компаративна анализа на зачуваните патерици. Од Синајскиот патерик била извлечена една посебна редакција, позната под името Лимонис. Се смета дека авторот потекнувал од Македонија, дека покажувал антибогомилски тенденции и дека делото настанало за времето на цар Самоил. Оваа редакција продрела и во Русија. Авторот можел да биде современик на Самоил и на Презвитерот Козма.

Интересни се бројките од застапените раскази во патериците. Египетскиот патерик содржи 100 раскази, Римскиот е составен од 150 раскази, додека Скитскиот патерик има 1 ООО состави. Синајскиот патерик содржи 300 состави, а Ерусалимскиот е презентиран од 1 000 творби. Во Сводниот патерик влегле 200 состави. Со оглед на разновидноста на тематиката, споена во централната тенденција - афирмација на монашкиот живот, пустиникувањето, расказната интересна форма, честопати одделни патерични раскази се приопштувани кон белетристичкиот жанр, преводен. Некои од овие текстови наличуваат на хагиографиите, заради што се среќаваат во житејни зборници, но и во средновековните раскази. Така на пример, словото за Меланија пустиникот, честопати е застапувано во мешовитите зборници заедно со познатите средновековни раскази. Повеќе состави од патериците се приопштуваат кон пролозите. Најстари словенски патерични раскази откриваат Супрасалскиот зборник од X век, како и Изборникот од 1076 година. Во XIV век настанала втората патерична редакција, и тоа во Света Гора, која се придржува подоследно до грчкиот текст. Кај нас од овој век познати се одделни патерици. Еден карактеристичен пример е Патерикот од XIV век од селото Слоештица, Битолско (БАН, бр. 77). Од истиот век е зачуваниот Патерик во Народната библиотека во Софија, со потекло од Слепченскиот манастир (бр. 1 037). Патерични раскази открива Висарионовиот пролог за март - август, од 1554 година (Народна библиотека - Софија, бр. 1 041).

Во Македонскиот Пролог од XIII век (БАН, бр. 72) го среќаваме популарниот патеричен расказ за отец Герасим и лавот. Во лаврата Каламон, крај реката Јор-

дан, живеел скромниот отец Герасим. Еднаш до него дошол еден лав, со рани на нозете. Герасим го излекувал и потоа лавот не го напуштил отецот. Насекаде низ пустината го следел и чувал. Еднаш некои трговци го украле магарето што им носело вода на монасите и сите помислиле дека лавот го изел. Лавот го пасел магарето токму тогаш. Герасим го впрегнал лавот да носи вода. Меѓутоа, по извесно време, трговците со магарето се вратиле на истото место. Се исплашиле од лавот и побегнале, а магарето го оставиле. Лавот го привел магарето до лаврата и сите монаси се зачудиле. Лавот бил среќен и весел, ја докажал својата исправност пред отец Герасим. Приврзаноста на лавот кулминира во расказот со смртта на Герасим. Лавот бил несреќен, рикал, тажел. Кога отецот Саватие му го покажал гробот на Герасим, лавот очајно рикал, му правел метании на отецот и потоа починал крај гробот. Очевидно е дека поентата на авторот била да се потцрта светоста и правдоподобноста на отецот Герасим, кој го скротил со своите добри дела и дивиот лав.

Кај нас е популарен и текстот за отец Зосима, кој раскажува, како што е вообичаено во патеричните раскази, за еден настан. Ја напуштил Синајската планина и се упатил во пустината да бара осамена пештера. Во една пештера сретнал еден старец, кој го ословил со името отец Зосима, иако никогаш пред тоа не го сретнал. Старецот му кажал дека Господ го известил за неговото доаѓање. Потоа го прифатил Зосима, му кажал дека Господ му ја најавил смртта и го замолил да го погреби неговото тело, на 45 годишна возраст. Старецот легнал и веднаш настапила смртта. Зосима го погребал вчудовиден и потоа се вратил во својот манастир.

Најчести се обработките за позитивните и негативните особини на монасите, кои може да се покажат и надминат токму преку овие раскази. Во текстот за горделивиот монах, е апострофирана мерката за послушност, дека крајното лишување од јадење не мора да биде единствена цел за себе, бидејќи постојат духовни етапи, кои ги надминуваат секојдневните појави.

Интересен е и текстот за отецот Коприја, кого го отхранила со млекото една коза, во манастирот на св. Теодосиј. Одраснал Коприја во манастирот и дивите sверови од планината му се покорувале. Еднаш ја фатил дивата мечка за уво и ја

извадил од манастирската градина. Мечката се смирила и не се обидела да го касне. Вториот Коприја впрегнал една мечка да носи дрва, место магарето, бидејќи истата го каснала магарето. Мечката станала послушна и покорна. Кога ја ставал раката во врелото манастирско вариво, не само што не ја чувствувал топлината, туку раката му останувала неоштетена.

Монахот Паладија раскажува еден настан за жената, која си ги заклала и двете деца, заради мажот си. Една лаѓа пловела на далечен пат. На едно место таа морала да запре, заради невремето. Тогаш се слушнал глас од небото: „Фрли ја Марија од лаѓата, тогаш лаѓата ќе тргне убаво“. Капетанот ја пронашол Марија и таа му раскажала дека по смртта на својот сопруг, посакала да се омажи за еден војник, кој не сакал да ја земе заради двете машки деца. Таа си ги убила децата, а војникот не ја прифатил. Тогаш таа побегнала од градот. Дури кога Марија го напуштила бродот, тој тргнал, а чамецот каде што се префрлила Марија, потонал.

Во друг патеричен расказ еден отец раскажал како чавките ги носат овошјата некаде. Игуменот со придружбата тргнале по чавките и виделе дека тие го фрлаат овошјето во една длабока пустелија. Оттаму слушнаа женски глас, кој молеше да им фрлат три облеки, бидејќи таму се наоѓале три голи жени. Откако тие се облекле, се појавиле пред игуменот и едната жена ја раскажала сопствената тажна историја. По смртта на мажот си, не сакала да се омажи за некој болјарин, и за да го избегне бракот се скрила во оваа пустелија, заедно со две други жени. Чавките им носеле овошје и ги затоплувале во зима, цели 11 години. Во наредните три дена жените починале, откако побарале причесна, а игуменот со придружбата ги погребале достојно.

Патеричните раскази најчесто започнуваат со стереотипна реченица: „Ми раскажа еден отец (монах), (игумен), и рече...“ Тематиката наметнува морализаторска поука, извлечена од целокупноста на содржината. Во нив се наоѓаат мотиви за богоизбраните монаси, кои имаат дар да гледаат појави кои другите не ги гледаат. Други монаси тргнале со чунот на лов по риби. Ги зафатила силна бура. Кога ги пронашле телата на двајцата починати отци, во пустината, бурата се смирила, и монасите заедно со моштите на светите отци се вратиле во манастирот. Способностите и чудата што се опишувани во патеричните раскази

зависат од степенот на приближувањето на отците кон Господа. Расказите се обично куси, резимирани. Лесно се открива цел та на поуката. Најчесто се критикувани пороците: завидливост, самољубивост, горделивост, сребролубивост, опивање, разбојништво. Се восхвалува: аскетскиот живот, пустиникувањето, љубовта кон блискиот, кон игуменот, самопожртвуваноста. И покрај пројавената тенденција за хиперболизирањето на монашкиот аскетски живот, преовладуваат и реални слики, разновидни личности, слики. Во нив нема крајни хиперболизации, ниту средби со популарни личности. Опишуваните личности се осамени, ретко доаѓаат во контакт со повеќе луѓе. Тие се зближуваат со природата, со животните што ги опколуваат во дивината.

Патеричните раскази биле едноставно напишани, директно дејствувале кај читателската публика. Морализаторскиот заклучок доаѓал лесно и ненаметливо. Тие оставиле траги во народното творештво.

ЛИТЕРАТУРА

ВИКТОРОВ, А., Стефанит и Ихнилат, Москва, 1800.

BENFEY, Th,, Pantschatantra, Laipzig 1859.

Средновековни романи и раскази, предговор и, избор и редакција - Вера Стојчевска-Антиќ, превод - Блаже Конески, Димитар Пандев, Вера Стојчевска-Антиќ, „Табернакул“, Скопје 1996.

Панчатантра, Басне, обрадио и превео Миливоје Јовановић, Београд 1961.

Александрия, Роман об Александре Македонском по русской рукописи XV в. АНСССР, Литературние памятники, Москва 1965.

JAGIĆ, V., O životopisu Aleksandra Velikog, Književnik II, 1865, 459 - 460.

ROHDE, E., Der griechilsche Roman und seine Vorlaufer, Leipzig, 1866.

JAGIĆ, V., Historija književnosti naroda hrvatskoga i srpskoga, Zagreb 1867.

DANIČIĆ, G., Tri stare priče, Starine, IV, Zagreb 1872, 70 - 80.

ВЕСЕЛОВСКИЙ, Н. А., Византийские повести и Варлаам и Иосаф, ЖМНП, 1877. июль, 122 - 154.

НОВАКОВИЋ, Ст., Примери књижевности и језика старога и српскословенскога, Београд 1877. 465 - 472.

НОВАКОВИЋ, Стојан, Приповетка, о Александру Великом, Гласник СУД, Београд 1877, 9, II.

ВЕСЕЛОВСКИЙ. А., Разыскания, III-1V, 1881, Сборник. И.А.Наук, XXVIII.

Pancatantra u najstarijoj sačuvanoj recenziji.

TANTRÂKHYÂYIKI, prijevod sa sanskrta, predgovor i tumačenja Zdravka Matišić, Zagreb 1980.

НОВАКОВИЋ, Ст., Варлаам и Јоасаф, Гласник СУД, Београд 1881, књ. I, 1 - 122, 1.

СЫРКУ, А. П. Византийская повесть об убиеним императора Никифора Фоки в старинном болгарском пересказе, Спб. 1883.

ВЕСЕЛОВСКИЙ, Н. А., Болгарския повести Букурещкого сборника, ЖМНП. т. 231, Спб. 1884, 76-90.

ВЕСЕЛОВСКИЙ, Н. А., Из истории романа и повести, II, Петроград 1888.

POLIVKA, Gj., Opisi i izvodi iz nekoliko jugoslavenskih rukopisa u Pragu, Starine, Zagreb 1889, knj. XXI, 184 - 225. 187 - 195.

ЦОНЕВ, Б., За происхождението на „Троянска прича“, СбНУ, София 1892, VII, 224.

ДРАГОМАНОВ, М., Забележки върху славянските религиозни-етически легенди. СбНУ, VIII. 259 - 315, СбНУ, X, 3 - 69.

КАРАНОВ, Е., Паметници от Кратово, Троянска повѣстъ, СбНУ, София 1896, XIII. 273 - 274.

СЫРКУ, П., К истории исправления книг в Болгарии в XIV веке, Спб. 1898, т. I.

ГРОГОРБЬВ, Д. А., К вопросу о происхождении и редакциях Повести об Акире Премудраи, Сборник В. Ф. Миллера, Москва 1900, 107 - 113.

ПОПОВИЋ, П., Приповетка о девојци без руку, Београд 1906.

ЦЕРЕТЛИ, Г., Легенда об Езоп по парусу из Файума, Сборник статей В. И. Ламанскому, Спб. 1907, 41 - 54.

MARC, Paul, DieUeberlieferungdes Asopromans, Byzant. Zeitschrift XIX, 1910, 383.

STROHAL, R., Mirakuli ili čudesa, I, Zagreb 1917.

KELEMINA, J., Geschichte der Trisfansage, Wien 1923.

VINAVER, E., Etudes sur le Tristan en prose, Paris 1925.

LAVROV, A. P., - POLIVKA, J., Lidove povi'dki jihomakedonske v Praze, 1932, 115, 274 - 276 (AT 433).

WIJK, N. van, Die slavische Redactionen des Meya Αειιcovαριον, Byzantinoslavica, IV, 1932, 236 - 252.

РЕШЕТАР, М., Либро од мнозијех разлога, Београд 1933.

БАНАШЕВИЋ, Н., Циклус Марка Краљевића и одјеци француско-талијанске витешке књижевности, Скошье 1935.

ИВАНОВ, И., Старобългарски разкази, София 1935.

МАРИНКОВИЋ, Р., Јужнословенски роман о Троји, Анали Филолошког факултета, Београд 1961 - 1962, 1, 9 - 66.

МИЛЕТИЧ, Л., Една българска Александрия от 1810 г. София 1936.

ЈОВАНОВИЋ, А. С., О Тристану и Изолди, Скопље 1938.

АДРИАНОВА-ПЕРЕТЦ-ПОКРОВСКАЯ, Древнерусская повесть, История русской литературь, М. Л. 1941., т. 1, 51 - 74, 162 - 167.

БЕРТЕЛЬС, Е., Роман об Александре и его главние версии на Востоке, Москва - Ленинград 1948.

BÉDIER, J., Le roman de Tristan et Iseut, предговор од Gaston Paris, предговор В. Путанец: Роман о Тристану и Изолди, 1951.

ЂУРИЋ, В., Књижевности старог Истока, Београд 1951.

DÖLGER, F., Der greschische Barlaam-Koman ein Werk des H. Johannes von Damaskas, Ettal 1953.

JAGIĆ, V., Djela, Zagreb 1953, 286.

БЕДИЈЕ, Жозеф, Тристан и Изолда, Знање, Београд 1954, предговор М. Стојановић, 3 - 9.

Александрида, превел П. Стефановић, предговор Д. Павловић, Суботица 1957.

ПАВЛОВИЋ, Драгољуб, МАРИНКОВИЋ, Радмила, Из наше књижевности феудалног доба, Сарајево 1959, 216 - 335.

Миладиновци, Зборник (1861 - 1961), Скопје 1962,480.

ДИНЕКОВ, П., Раскази и повести, История на българската литература, София 1963, 164 - 178.

КУЗЬМИНА, В., Рыцарский роман на Руси, Москва 1964.

Македонски народни приказни, Скопје 1964, стр. 112.

ДИНЕКОВ, Петър, Старобългарски страници, София 1966, 61 - 139.

ТРИШТАН и ИЖОТА, СКЗ, Београд 1966, Предговор: Ирена Грицкат, 9 - 44.

АНГЕЛОВ, Д., История на Византия, т. I, София 1968.

MATIČETOV, M., Die Legende von "Josaphat und Barlaam" in Resia, Volksiiberlie- ferung, Verlag Otto Schwartz CO, Gottingen 1968, 197 - 210.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., За изворот на „Чудеса пресватија Богородици“ од Јоаким Крчоски, Литературен збор, Скопје 1968, бр. 3, 1 - 13.

АНТИЌ, Вера, Елементи што се среќаваат во романот за Александар Велики и во нашето народно творештво, Македонската народна и уметничка литература, Шести Рацинови средби, Титов Велес 1969, 53 - 62.

АРНАУДОВ, М., Очерци по български фолклор, София 1969.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Д., Јужнословенска легенда о Александру Великом на извору живота, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, Београд 1969, св. 1 - 2, 3 - 13.

МАРИНКОВИЋ, Радмила, Српска Александрида, Београд 1969.

Стефанит и Ихнилат, подг. О. Лихачова, Ленинград 1969.

BRATULIĆ, J., Žitja Konstantina Čirila i Metodija i staroslovenska asketskopoučna literatura, Кирил Солунски, Зборник, I, МАНУ, Скопје 1970, 75 - 85.

ИВАНОВ, Й., Богомилски книги и легенди, София 1970.

МАРТИРОСЯН, А. А., История и поучения Хикара Премудрого, автореферат докторской дисертации, Ереван 1970.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Македонска варијанта од народната приказна „Девојка без раце“, Прилози, МАНУ, 1, 1, Скопје 1970, 19, 11 - 15.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЋ, В., Рефлекси једног средњевековног романа у нашем фолклору, Народно стваралаштво, Београд 1970, бр. 33 - 34, 46 - 57.

ТВОРОГОВ, О., Беллетристические елементы в переводном историческом повествовании XI - XIII вв.; Истоки русской беллетристики, Ленинград 1970.

КОВАЧЕВИЋ, Божидар, О српској белетристици у средњем веку, Стара књижевност, приредио З. Трифуновић, Нолит, Београд 1972, 211 - 224.

PETROVIĆ, I,, Bogorodična čudesa u Ivaničićevu zborniku, hrvatsko-glagoljskom spomeniku 14/15 st. Radovi Staroslavenskog instituta, Zagreb 1972, knj. 7, 123 - 211.

KATIČIĆ, R.. Stara indijska književnost, Zagreb 1973,

KOHLER, I., Der neubulgarische Alexanderroman, Amsterdam 1973.

Собрани текстови, приредил Б. Конески, Јоаким Крчовски, Чудеса пресвјатија Богородици, Будим 1817, Македонка книга, Скопје 1974, 86 - 92.

VEDER, W. R,, La tradition slave des Apophtegmata Patrum, Slovo, Zagreb 1974, 24, 59-93.

CAPALDO, M., Caracteristiche strutturati e prototipi greci dell'Azbučno-lerusalimskij et dell Egipetskij paterik, Cyrillomethodianum, III, 1975, 17 - 22.

КАШАНИН, Милан, Преводна лектира, Српска књижевност у средњем веку, Просвета. Београд 1975, 48 - 67.

МЕЧЕВ, К., Към въпроса за идейната характеристика и времепоявата на средновековния български апокрифен расказ за убийството на Никифор Фока от кръчмарката Теофана, Литературна мисла, София 1975, кн. 2, 115 - 137.

КУЗНЕЦОВ, И. Б., „Слово о двенадцати снах I1Iахаиши" и его связи с памятниками литературы Востока, ТОДРЛ, Ленинград 1976, т. 30, 272- 278.

TURDEANU, E., Le dit de L'empereur Nicephore II Phocas et dc son epouse Theophano, Thessalonique, 1976.

Житије прснодобнпх отаца наших Варлаама и Јоасафа Индијских, Житија светих, новембар, д-р Јустин Сп. Поповић, Београд 1977, 563 - 590.

АНТИЌ, Вера, Средновековните текстови и фолклорот, Мисла, Скопје 1978.

LEBO, E., The Serbian Poest of Varlaam i Josat'at, London 1978.

КУЗНЕЦОВ, И. Б., Повесть о Варлааме и Иосафе, ТОДРЛ, 1979, т. 33.

СТОТЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Влијанието на индиските мотиви од делата „Панчатантра" и „Варлаам и Јоасаф" во јужнословенските книжевности и фолклор, Литературен збор, Скопје 1979, кн. 6, г. XXVI, 91 - 110.

MATIŠIĆ, Z., Pančatantra, Zagreb 1974 (Sveučilište u Zagrebu), 1980.

НИКОЛОВА, С., Патеричите раскази в българската средновековна литература, БАН, София 1980. Philip of Macedon, Edited by: Miliades B. Hatzopoulos Louisa D. Loukopoulos Ekdotibe Athenon S. A. Athens 1980.

MATIŠIĆ, Zdravka, Pančatantra, Zagreb 1980.

Повеет об Акире Премуром (О. Б. Творогова), Москва 1980.

ВИКТОРОВ, А., Стефанити Ихнилат, Москва 1880 - 1811.

МАРИНКОВИЋ, Р., Витешки романи у рукописним зборницима у српској средњевековној књижевности, Cy rill omethodianum, V. Thessaloniki 1981, 67-82.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ.. Македонски превод на расказот за девојката без раце, 1810 год., Литературен збор, Скопје 1981/XXVШ, кн. 5, 69 - 78.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Од Тристан преку Кањош до Мартин Крпан и Вели Јоже, Современост, Скопје 1981, бр. 8 - 9, 82 - 88.

КОСТЮХИН, Е., Александр Македонский в литературной и фольклорной традиции, Москва 1982.

КУРЦИЙ РУФ, Квинт, Александьр Македонски, София 1985.

МАРИНКОВИЋ, Р.. и ЛЕРКОВИЋ. В., Српска Александрида, II. Београд 1985.

Повесть о Варлааме и Йоасафе, подг. И. Лебедовой, Ленинград 1985.

Роман о Троји, Роман о Александру Великом, Просвета, СКЗ, Београд 1986.

ПЕНУШЛИСКИ, К., Мотивот „Девојка без раце“ во македонската литература и фолклорот, Македонски фолклор, т. XX, Скопје 1987, бр. 39 - 40, 5 - 22.

Словарь книжников и книжности древней Руси (XI - XIV в.), редактор Д. С. Лихачев, Академия Наук СССР, Ленинград 1987.

Софиска илустрована Александрида, Народна библиотека Србије, Народна библиотека „Кирил и Методија“, Бугарска арехоеграфска комисија (фототипско издање), Београд 1987.

Тиквешки зборник, предговор и превод Б. Конески, коментари В. Стојчевска-Антиќ, Мисла, Скопје 1987.

ВИЛКЕН, Урлих, Александар Македонски, (превод), Мисла, Скопје 1988.

ЛАМБ. Харолд, Александар Македонски, Култура, Скопје 1989.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Патерик (211 - 214), Средновековна проза (267 - 269), Речник на старата македонска литература, Македонска книга, Скопје 1989.

ДРАГОЈЛОВИЌ. Д., СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, В., Митологумена, Македонска книга, Скопје 1990.

ПЕТКАНОВА, Д., Народното четиво през XVI-XVIII век, София 1990.

КОНЕСКИ, Блаже, Еден мотив од „Александридата“, Спектар, Скопје 1991/IX, бр. 17.

RINGHHEIM. A., Einc altserbische Trojasage. Text mit linguistischer und literarhistorischer Charakteristik, Prague-Upsal, Publication d’Institut slave d’Upsal, IV, 1991.

ЙОНОВА, Майа, Белетристиката в системата на старата българска литература, София 1992.

ПЕТКАНОВА, Д., Старобългарска литература, IX - XVIII век, Универзитетско издателство „Климент Охридски“, София 1992.

Животът на Александър Македонски, средновековен роман, превод Антоанета Делева, предговор Майа Йонова, „Време“ - София 1994.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорѓи, Библијата за Македонија и Македонците, „Менора“, Скопје 1995

ДРУГИ СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ РОДОВИ

Кога станува збор за средновековните книжевни жанрови неодминливи се карактеристичните верзии на „**Разумникот**“. Тоа се текстови задолжително составени во дијалошка форма, во вид на прашања и одговори, кои се базираат врз содржини од Библијата. Според овие карактеристики тие се најблиску до апокрифните состави, а може да се каже дека претставуваат еден вид средновековна енциклопедија за светот, сумирана од целокупноста на љубопитните апокрифни раскази. Разумникот го претставува апокрифното резиме на интересите и знаењата на средновековниот човек. Со оглед на тоа што се однесуваат на Стариот и на Новиот завет, обично во првиот дел доаѓаат прашањата и одговорите од Стариот завет, а во вториот - новозаветните.

Проучувачите на овој многу распространет род, (В. Мочулски, А. Веселовски, Н. Красноселцев, А. Архангелски) присутен речиси во сите мешовити зборници, имаа проблеми во врска со разграничувањата на преписите и нивната класификација, бидејќи сите текстови се јавуваа со различни наслови, со разнороден редослед на прашањата и со многу повеќе меѓусебни различности, отколку сличности. И покрај разнообразието на текстовите, може да се издвојат три вида редакции. Првата е позната со насловот „Разумник“, втората - „Беседа на тројцата светители“ и третата е „Прашања и одговори“. Со оглед на тоа што овие текстови биле распространети и во словенски и во грчки и во латински верзии, со споредбените анализи се докажа дека сите тие произлегуваат од грчките состави, со потекло од IV век, што значи и латинските и словенските се помлади од грчките. Во почетниот стадиум од формирањето паметникот фигурирал со безимени прашања и одговори, потоа преминал во толковните зборници, а одличните толкувачи на Библијата: Григориј Богослов, Василиј Велики и Јован Златоуст одговарале на безбројните прашања. Со споредба на словенските преписи, земајќи ја предвид старината, може да се заклучи за нивната најрана

појава во јужнословенската средина, поточно во Македонија и Бугарија. За ваквиот став говорат верзиите во Изборникот на Свјатослав од 1073 година, во Берлинскиот зборник од XIII век, Драголевиот од XIII век, и други. Во Тиквешкиот зборник се среќава текстот со наслов „Разумник“. Присутен е и во многу други мешовити словенски зборници, се до XIX век. Со оглед на разновидноста на содржината во него се потенцирано вметнати дуалистички содржини, или станувале неодминливи толкувањата со дуалистичка ориентација.

Космогонските погледи на богомилите доаѓаат до израз во прашањата за создавањето на светот, во кои се ширело влијанието од апокрифниот текст за Тивериадското Море. Неодмиливо е и прашањето - од колку делови е создаден Адам, чиј одговор е опширно разработен во апокрифот со истоимен наслов, а кој му се припишува на попот Еремиј. Со оглед на тоа што сите тие се базираат врз порано настанати текстови и содржини, што ги знаел и Плутарх, може пак да се каже дека богомилите можеле да ги потенцираат, употребуваат и разработуваат. И прашањата за првите луѓе, за Адам и Ева, за ѓаволот, биле често експлоатирани. Кон нив се и прашањата за дрвото на животот посадено во рајот. Од неговите семки на Адамовиот гроб израснало дрво. Од него бил направен и дрвениот крст на Исус Христос, како и за двајцата разбојници. Следат прашања за првиот грев на земјата, за Каин, Авел, за Лот. И вториот дел од овие текстови се осврнува врз бројните настани од Новиот завет, за Исус Христос, Богородица, Јуда предавникот, Пилат, за апостолите. Сите овие занимливи прашања нашле одраз во македонското народно творештво, што говори за популарноста на Разумникот сред луѓето. За целосното восприемање на Разумникот, во врска со нивото на развитокот на научните сознанија за природознанието во средниот век, и неговото сместување во тој целокупен ореол, придонесува трудот на Ц. Благоева Чолова за естествено-научните знаења во средновековна Бугарија.

ЛИТЕРАТУРА

ТИХОНРАВОВ, Н,, Памятники, II, Спб. 1863.

АРХАНГЕЛЬСКОГО, С.А., Творения ощцов церкви в древнерусской письменности, Казан 1889, I, II, 89 - 203.

КРАСНОСЕЛЬЦЕВ, О. Н., К вопросу о греческих источниках „Беседы трех святителей“, Одесса 1890.

ЖДАНОВ, И., Беседа трех-святителей и Joca monachorum, ЖМНПр, 1892, янв. 157 - 194.

МОЧУЛЬСКИЙ, Апокрифический елемент в „Вопросах и Ответах Св. Атанасия к Антиоху“, Одесса 1900.

ИВАНОВ, Й., Богомилски книги и легенди, София 1970.

СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ, Вера, Разумникот во средновековната книжевност, Прилози, МАНУ, Скопје 1984, IX, 2, 117 - 128.

THOMSON, F., Apocrypla slavica, The Slavonic and East European Review, 63, 1, 1985, 91 - 97.

БЛАГОЕВА ЧОЛОВА, Ц., Естественонаучните знания в средновековна България, БАН, София 1988

Речиси паралелно со Разумникот во средновековните мешовити зборници се јавува и специјалниот жанр, овој пат енциклопедиска средновековна зоологија - **Физиологот**. И ова дело се состои од разновидни описи на животните, птиците, на имагинарните животински суштества, и по број и според групирањето. Во секој случај честопати нивното претставување зависело и од вкусот на антологичарот, преведувачот, преработувачот. Ц. Благоева Чолова во својот обемен труд за естесконаучните познавања, се осврнува и на овие значајни творби. Средновековниот читател пројавил голем интерес кон општата зоологија, како дел од природните сознанија и интереси. Суштествено е дека физичкото постоење на природата било сфаќано како показател на подлабоки суштински духовни состојби, разбирливо како последица на состојбата од научните сознанија, кои не биле на задоволително рамниште. Оттука произлегува и нивната карактеристика - метафизичката алегорија. Народните маси ги прифатиле овие текстови, кои се однесувале на животинскиот свет кои ги опкружувал, а и оние кои постоеле во нивната фантазија. Потеклото на Физиологот се бара некаде околу II век, а како можни средини истражувачите ги споменуваат: Александрија, Сирија и Палестина. Византиската редакција настанала во V - VI век, и повторно се огласила и заживеала во X век. Оттука се проширила верзиите на соседството, па и кај Словените, како преведени текстови. Меѓу јужнословенските редакции се смета дека е најстара, а со тоа и најзначајна бугарската, што му се припишува на Јован Егзарх. Во јужнословенските редакции посебно се раширува од XIV до XVII век, се разбира живее и е присутен и во XIX век.

Напластените стари христијански верувања, а пред нив и источните пагански, придонесувале во овие слова да се јави згусната алегорија и своевидна симболика, која е честа тема на обработки од медиевалистите. Вообичаено е словото да започне со описот и карактеристиките на односните животни, во кои доминира реалниот однос, но со чести вметнувања и на ирреални особености и

карактеристики. Како пример да го посочиме словото за орелот, птица која е присутна во сите верзии на Физиологот. Средновековниот автор го претставува орелот како цар на сите птици, кој доживува длабока старост од 100 години. Кога ќе остари доаѓал на Породим блато и се капел во него, потоа се топлел на сонцето. Тогаш од него постелено паѓала староста, т.е. се подмладувал. Потоа следи компарацијата и морализаторската задолжителна поука: „Така и ти човече, кога ќе паднеш во тежок грев, прибегни кон црквата, кон духовниот отец, и ќе те ослободи Господ. Зашто човечките гревови се како староста орлова!“ Во периодот на христијанството староста на орелот се поистоветува со човечките гревови. Во паганскиот период орелот го симболизирал кралот на боговите. За времето на римските цареви тој бил насликан над нивните глави. Во христијанскиот период го симболизирал и Исус Христос, Црквата, евангелистот Јован. И во народното творештво добива повеќезначна симболична вредност. Најчесто е цар на птиците, со најдолга старост.

На ваков сличен начин се формира и сликата на другите животни и птици, а на крајот доаѓа морализаторската поука, во склад со црковната христијанска тенденција. Опишани се речиси сите животни и птици, меѓу кои и суштества од човековата фантазија: фениксот, идропот, чудната змија, (покрај обичната змија), апокалиптични животни и птици, итн. Меѓу најчестите се следниве: гулаб, грлица, орел, славеј, слон, лав, волк, лисица, елен, аспида, змија, паун, жаба, ластовица и други. Тие го нашле своето место во средновековната македонска уметност, во копаничарските дела во црквите и манастирите, во декоративната пластика, во ракописната орнаментика, во минијатурите, како симболи на христијанските претставници, морализаторски одредби, карактерни одлики, и други претстави.

Кон средновековните дела за запознавање на природата во јужнословенска средина се рангира **Христијанската топографија** на Козма Индиклопов, кој како александриски трговец патувал низ светот. Живеел и творел кон крајот на V и VI, кога по бројните патувања започнал да се занимава со книжевна дејност и ја составил „Христијанската топографија“, со интересни описи на: Африка, Цејлон, Арабија, областите крај Црното Море. Делото му било преведено на словенски доста рано, иако зачуваните преписи потекнуваат од XV век, особено од XVI.

Тие се множеле во јужнословенските преписи, а посебно во руски, зачувани во руските книгохранилишта. Делот од Топографијата кој се однесува на животните, содржи многу пореални описи, отколку одредени слова од Физиологот. Покрај реалниот опис Козма посочува во кои краеви и земји живеат односните животни. Посебно се задржува на настаните и живиот свет од земјите што ги посетил. Иако во суштина сака да ја поткрепи и уцврсти библиската историја за светот, тој прави ран обид за претставување на светската географија, а кога се базира врз своите сопствени опити и набљудувања, тој е најсилен и најреален.

Во јужнословенската средина било популарно и делото Цвијет од крјепости како превод од италијанскиот јазик, со оригинален наслол „Fiore di virtu“. Делото било преведено и познато во XIV век, со изразит моралистичко-дидактички карактер, со осврти и согледувања за: неправдата, вистината, чистотата, добродетелите, верата, итн.

ЛИТЕРАТУРА

СРЕЗНЕВСКИЙ, И. И., Сведения и занетки о малоизвестных памятниках XI Християнская топография Козны Индиклопова, Спб. 1867.

NOVAKOVIĆ, S., Phisiologus, Starine, Zagreb 1879, XI.

МОЧУЛЬСКИЙ, В., Происхождение физиолога и его начальния судбы в литературах востока и запада, Варшава 1889.

КАРНЯЕВ, А., Материалы и заметки по литературной истории физиолога, Спб. 1890.

POLIYKA, G., Zur Geschichte des Phisiologus in den slavischen Literaturen, Archiv fur Slav, Phil., 1892, XIV.

РЕШЕТАР, М., Цвиіет од крјепости, Либро од мнозиіех разлога, Ср. Карловци1926.

ГЕЧЕВ, С., Към въпроса за славянския физиолог, София 1938.

REAU, L., Le symbolisme animal, vetegetal et mineral ou le miroir de la nature, Iconographie de l’art chretien, Paris 1955, 1, 76 - 141.

ДРАГОЈЛОВИЋ, Д., Симболика у средњевековној књижевности и уметности, Књижевност, Београд 1968, 7, 62.

АНТИЌ, В., Симболиката на „Физиологот“ и нашето народно творештво, Македонски фолклор, Скопје 1971, бр. 7 - 8, 47 - 67.

АНТИЌ, В., Средновековните текстови и фолклорот, Мисла, Скопје 1978, 153 - 154.

ОЛТЯНУ, П., К истории „Физиолога“ в славянских и румынской литературах, Старобългаристика, 1984, 2, 38 - 58.

БЛАГОЕВА ЧОЛОВА, Ц., Естественонаучните знания в средновековна България, БАН, София 1988.

СТОЙКОВ А, А., Към историята на преводите на физиолога в средновековните балкански литератури, Старобългаристика, София 1989, 3, 53 - 61.

ЛЕТОПИСИ, ХРОНИКИ, ХРОНОГРАФИ, ХРОНОЛОШКИ ТАБЛИЦИ, РОДОСЛОВИ, ИСТОРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Средновековните историски жанрови се присутни во сите словенски литератури, и тоа главно како преведени дела од други средини и како оригинални словенски. Kaj нас се чувствува силното византиско влијание, чија историска продукција зафатила длабоки корени. Во Византија се јавуваат бројни историски жанрови, текстови, од сите видови.

Посебно биле развиени ХРОНИКИТЕ, кои се многу слични со летонисните состави, во кои доминира почетната библиска историја, настаните и владетелите од старите антички народи и цивилизации (антиката, историјата на: Евреите, Египќаните, Асировавилонците, Персијците, Римјаните, Грците), за да се запрат врз богатата историја на Византија. Меѓу византиските популарни хроники-летописи се вбројуваат делата на: Јоан Малала во VI век, Георги Синкел во VIII век, Теофан Исповедник во IX век, Никифор во VIII - IX век, Георги Хамартол во IX, Симеон Метафраст во X век, Јован Скилица во XI век, Јован Зонара во XI - XII век, Георги Кедрин во XI - XII век, Константин Манас во XII век. Разбирливо е дека овие византиски хроники имале големо значење и за нашата историка, со оглед на честите влијанија и односите со Византија. Токму тие делови биле привлечни за нашите луѓе, и преведувани на словенски јазици. Во јужнословенска средина биле посебно популарни и познати следниве хроники. Најстар прение на хроника на словенски јазик е делото на Георги Хамартол. Се смета дека во XI век постоел старословенски превод на Хрониката, кој преминал во руска средина (А. Достал). Втора редакција на преводот настанала во Бугарија во XIV век, а е зачувана во српска редакција, истиот век. Делови од капиталното дело на Јован Зонара, завршено во XII век. биле познати во јужнословенска средина. Со залагањето на српскиот деспот Стефан Лазаревиќ во самиот почеток на XV век бил преведен поголем извод, познат со името „Паралипомен“, подготвен од хилендарскиот монах Григориј. Оваа хроника била позната и во

Македонија, а во 1534 година бил готов преписот на дел од историскиот спис на Зонара, извршен од поп Јован Дебарски и кир Акакиј, зачуван во Државната библиотека во Виена, Cod. Slav. 126. Хрониката на Зонара започнува со создавањето на светот и завршува со 1118 година. За македонската историја има значење, бидејќи изнесува важни настани. Во неа е предадена историјата на комитопулите, потоа царувањето на Самоил, неговите борби, потоа проширувањето на државата, со Тракија, дел од Грција, Србија, Дукља. Сите овие настани изобилуваат со дијалози, детални описи. Оваа историја го следи развојот на Самоиловата држава, смртта на Самоил и постепеното губење на територијалниот интегритет на државата.

И Хрониката на Константин Манас претставува значаен историски документ за изучување на историјата на Јужните Словени. Во Бугарија настанал и значајниот превод, за времето на бугарскиот владетел Иван Александар, во 1344 - 1345 година. Преводот е важно остварување, зачувани во Ватиканската библиотека, Cod. Slav. 126, со 69 вистински уметнички изработени минијатури. Самата Хроника настанала во XII век. Била пишувана во стихови и доживеала голема популарност. Ватиканскиот препис го издаде И. Дујчев во 1963 година, а во 1988 година во Софија ВАН го објави „Среднобугарскиот превод на Хрониката од Константин Манас во словенските литератури“, со предговор од Д. С. Лихачев и истражувања од И. Дујчев и М. А. Салмина. Во деловите од Хрониката, кога се говори за царевите: Лав III, Михаил III, Василиј I, Василиј II, Константин III, се доловуваат настани од пресудно значење за јужнословенските народи. За времето на Михаил III е апострофирано покрстувањето на Бугарите, а во периодот од владеењето на Василиј I се покрстиле Русите. Василиј II го разбил Самоил и ги презел: Бдин, Плиска, Голем Преслав, Мал Преслав, Скопје, итн.

Од византиските хроники не случајно е направен словенскиот превод на Хрониката на Георги Синкел, личен секретар на патријархот Тарасиј (784 - 806). Својот историски труд го напишал во почетокот на IX век. За македонската историја од VII до IX век е значајна Хронографијата на Теофан Исповедник кој ја составил во IX век. Во неа се изнесени драгоцени податоци за Македонските склавини, односот на Византија кон нив, колонизирањето на склавиниите.

Всушност, оваа Хронографија претставува продолжение од Хрониката на Георги Синкел.

Меѓу хроничарите од Византија, кој бил преведен во словенскиот свет во XIV век, е Симеон Метафраст и Логотет. Пред него историските настани ги опишал хроничарот Георги Монах, до 842 година, Симеон Логотет продолжил до 948 година. По Симеон се смета продолжил со пишување Јован Зонара.

За македонската историја е посебно важна „Хронографијата на Михаил Псел од XI век. Михаил бил хроничар со стил, вдахновен автор. Од неговиот спис се добиваат значајни известувања за: Самоиловото царство, за Петар Делјан, Ѓорѓи Војтех, како и за други периоди од средниот век. Паралелно со хрониките се развивале и хронографиите, кои покрај задолжителниот библиски дел за настанувањето на светот, за историјата на источните цивилизации, особено за Византија, содржеле и делови од словенските истории. Се запирале врз важни етапи од развојот на нивните истории, во зависност од меѓусебните контакти. Најчесто во нив се пишувало за почетниот стадиум од словенската писменост, за браќата Кирил и Методиј, со што служат и како извори за односните периоди. Во нив се среќаваат делови од историјата на Немањиќите, за бугарскиот патријарх Евтимиј, за описот на Маричката битка од Исаија Серски, и други. Се смета дека хронографите настанале во руска средина во XV век. А. А. Шахматов сметал дека основата на хронографите ја дал Србинот Пахомиј во Троицко-Сергиевата лавра во 1442 година, додека С. П. Розов сметал дека настанале по паѓањето на Цариград, од 1455 до 1462 година, а Б. М. Клос се определил за руска средина, од 1488 до 1494 година, во Јосифо-Волколомскиот манастир, во кој се наоѓал зборник со „Паралипоменот“, со житието на Св. Иларион Магленски, итн. Најстариот руски препис потекнува од 1512 година, а српскиот од крајот на XVI век.

Од историските списи поврзани со нашата историја важно место зазема преводот на Исаија Серски на делата на Псевдо-Дионисиј Ареопагит, од грчки на словенски јазик, а кон поговорот за преведувањето се содржи и описот на општествено-историските услови со продорот на Турците и текот на Маричката битка. Анализите на овој историски спис говори за развиениот осет на авторот кон летописната историска литература. Овој историски спис на Исаија од XIV

век претставува и книжевен историски расказ, користен во повеќе словенски историски жанрови. Од XIV до XIX век настанале голем број преписи на преводот од Исаија, а засведочени се околу 78. Најстариот препис од XIV век се чува во Народната библиотека во Ленинград, во збирката на Гиљфердинг, под бр. 46. Историскиот расказ го објавиле: А. Востоков, Ф. Миклошич, С. Новаковиќ, Љ. Стојановиќ, Ј. Иванов. Овој значаен историски спис, направен по порачка од серскиот митрополит Теодосиј, е еден од ретките автентични документи, вешто компониран во уметничката книжевна творба од писателот Исаија од Сер.

Молдавската хроника од XVI век, од Киевската духовна академија, покажува црковнословенски јазик со јасни елементи од македонската редакција. Името го добила според местото на настанувањето - Молдавија. Во неа се опишани настани од создавањето на светот, од Адам до императорот Маиуил Палеолог, 1425 година, настаните во Србија од смртта на цар Душан во 1355 година, до 1490. Се осврнува на бугарските владетели од 1296 до 1413 година, како и на молдавските претставници. Во неа се наоѓаат драгоцени вести за смртта на Константин Драгаш и Крале Марко, за настаните како дефинитивно на Балканот ќе загосподарат Турците.

Македонскиот автор од XVI век, Висарион Дебарски, во познатиот зборник од Бијело Поле, го вклопил летописниот труд за настани пред навлегувањето на Турците и потоа. Опишани се борбите со Турците, загинувањето на Марко Крале во 1395 година, се опишува паѓањето на Солун под Турците во 1430 година, пожарите во Скопје од 1438 и во градот Мелник од 1488 година. За Македонија е важен Сарандапорскиот летопис, настанат во истоимениот манастир. Овој значаен труд денес се чува во Сараевскиот државен музеј, со важни летописни белешки за манастирот и за поширокатa јужнословенска средина. Покрај другите податоци во него станува збор за посетата на „царот Мехмед-бег“ на манастирот. Во 1487-88 починал сарандапорскиот игумен Арсениј. Во 1491 година стигнал Бајазит со војската до Македонија и престојувал три месеци во градот „Филипус“. Летописен карактер покажуваат и белешките на Кратовско-штипскиот митрополит Михаил од XVII век. Од овој век е познат и летописот на епископ Ефрем Тетоец. Овие историски летописни списи се негувал е и во XVIII и во XIX

век. Еден подолг лист хартија открива летописни белешки од крајот на XVIII или од почетокот на XIX век, сопственост на БАН, бр. 101. Во втората половина на XIX век била составена Штипската хроника од Коде Барутчиски, за што соопштува Т. Маневиќ. Кратка свештена историја со катехизис превел од руски на македонски, прилепски говор, Илија Христев во 1859 година, зачувана во Народната библиотека во Софија, бр. 1228. Од XIX век е познат и Велешкиот летопис, кој се однесува на годините 1813 - 1861, делумно објавен од Й. Иванов.

По угледот на византиските **хронолошки таблици**, или **историкии**, бил составен петтиот дел од „Поучителното евангелие“ на епископ Константин. Оваа Хронолошка таблица, со самиот наслов: „Историкии за Бога што ги содржат накусо годините од Адам до пришествието Христово и пак од Христос до сегашниот 12-ти индикт“ го определува временскиот период на кој се однесува самата содржина. Најмногу се угледал на византискиот „Хронограф“ на патријархот Никифор. Интересно е дека епископот Константин се служел со разни комбинации при претставувањето на годините. Мошне образложена поставка за годината на настанувањето на оваа оригинална Хронолошка таблица, составена во раниот период од словенската писменост и книжевност, даде В. Златарски, добивајќи ја годината 894, кога и делото и Историкиите биле завршени.

Мошне интересни летописни лични, но и општи, белешки оставил Ѓурчин Кокале (1775 - 1863), во својот автобиографски труд „Наказанија“. Покрај описот на сопствениот живот и економското прогредирање, оставил значајни информации за разновидни состојби во градовите каде што работел.

И спомените на Веле Негрев од XIX век говорат за состојбите на нашите луѓе, за мачнотиите околу школувањето без свои книги, за напорите што ги вложил на овој план Теодосиј Синаитски. Негрев потекнувал од селото Селце, Дебарско. Ги опишува напорите на еснафите за зачувувањето на мајчиниот јазик, наспроти раширените грчки училишта. Покрај тоа, ги опишува искрените намери за зачувувањето на сопствената црква. Посебно се осврнува врз животот на Дебраните во Солун.

Во историските списи спаѓаат готовите примери на подготвени ПИСМОВНИЦИ, ПИСМА И ПОСЛАНИЈА. По угледот на постарата литература и во средниот

век се наоѓаат писмовниците, во вид на зборници, кои се среќаваат и под името епистолари. Во словенската литература овие писмовници настанале под влијанието, или како преводи, од византиските, коишто посебно се негувале. Еден типичен пример на ваков зборник со обрасци за писма претставува Слепченскиот писмовник, составен од Висарион Дебарски во XVI век. Овој значаен писмовник го пронашол В. Григорович во манастирот Слепче, а денес се чува во Лениновата Московска библиотека (Григ. 1734, ф. 87). Во него се наоѓа Писмо до султанот Сулиман, Писмо од Зографскиот манастир до охридскиот архиепископ Прохор, Писмо до монахот Филип, Писмо од поп Лука, итн. Втор Слепченски писмовник како ракопис од Висарион Дебарски потекнува од пред 1548 година, а е зачуван во Државната библиотека во Одеса под бр. 91. Како карактеристичен пример на писмо е тоа на попот Лука од Кратово, испратено до Слепченскиот манастир во 1543 година, а во кое се споменуваат историски и реал ни личности: кратовскиот кнез Димитар, игумените Стефан и Серафим, султанот Сулејман II.

Обраќањето во писмена форма било познато и под терминот ПОСЛАНИЕ или ЕПИСТОЛИЈА. Вакви обраќања се среќаваат во библиската литература, потоа во античката, од каде што преминала и во византиската. Во нив доаѓаат до израз сфаќањата за ред прашања, актуелни, филозофски, историски, богословски. Во Византија вакви дела оставиле: Григориј Богослов, Григориј Ниски, Василиј Велики. Сите тие посебно ги истакнувале пропозициите за нивното презентирање, изградени до совршенство. Под примерите на високата византиска епистоларна книжевност се јавиле и примери кај Словените. Кај нас се познати посланија од XV век на охридскиот архиепископ Доротеј од Јоан Стефан, како и на Димитар Кантакузин до Владислав Граматик и Исаија. Во XVII век битолскиот владика Филарет упатил послание до московскиот патријарх.

Официјални посланија и писма се наоѓаат во нашите ракописи и подоцна. На 29 мај 1637 година е напишано едно писмо на македонскиот народен говор, пронајдено во Прилеп, со голема важност како доста стар текст пишуван на македонски дијалект. Од XIX век е интересно писмото на игуменот Арсениј од Бигорскиот манастир, испратено до Константин во село Макеларе, Дебарско, со покана до населението да го посетат манастирот на неговиот ден. Се чува во

Пловдивската библиотека под бр. 235, донесено таму од Охрид. Во истиот век било напишано писмото на чист крушевски дијалект, до еден печалбар во Софија, објавено во „Македонски преглед“ од 1929 година од Л. Милетич. Друго Послание од 1849 година било пишувано во Солун на грчки јазик и македонски народен говор, во две колони: грчка и македонска. Напишано е од страната на Цариградската патријаршија до дебарските христијани. Го пронашол Л. Милетич во Бигорскиот манастир, објавено во Списанието на БАН 1919 година. Зачувани се и две писма од бански трговци во Виена, на разлошки говор, објавени од В. К’нчев. Едното е од крајот на XVIII век, другото од почетокот на XIX век.

Меѓу важните историски списи се и правните ГРАМОТИ. Со нив и црковните и световните владетели и достоинственици ги регулирале правните односи на имотот и сопственоста. Такви грамоти имале и македонските манастири, од кои имаме и зачувани, како и во преписи. Посебно е важна Грамотата на Василиј II за правата на Охридската архиепископија. Одредени поставки од оваа Грамота ги потврдува историскиот спис на Нил Доксопат’р. Византиските хрисовули и грамоти, по дефинитивното покорување на Самоиловото царство во 1018 година, ги зачуваа институционалните права. Охридската патријаршија ја преименува во архиепископија, а многу нејзини права беа утврдени со три грамоти: од 1019, 1020 и третата од 1020 - 1025 година. Грамотите се зачувани во подоцнежни преписи. Правата на Охридската архиепископија од Василиј II ги потврдува и Грамотата од 1272 година, дадена од Михаил Палеолог. Во нив се дадени прецизно правата на епахриите на клирици, парици, со точно утврден број. Списите ја потврдуваат автокефалноста на Охридската архиепископија. Од списот на Нил се гледа дека во нејзиниот домен се наоѓале 30 епископии, како и при Василиј II, а Нил го составил списот во 1143 година. Калимановата грамота од XVI век претставува фалсификат, за да се утврди правото на некои имоти на Зографскиот манастир, наводно издадена од бугарскиот цар Калиман, а е зачувана во Зографскиот манастир. Исправки во текот на грамотите се забележливи и во Сводната зографска грамота, како и во Грамотата на Андроник II Палеолог од 1287 година.

Повеќе грамоти кои се однесуваат на македонски манастири и цркви, (Скопско, Прилепско, Штипско-Струмичко, Охридско, и во други области, се

обработени во повеќетомното издание на Архивот на Македонија „Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија“ (т. I - IV) и на Институтот за истражување на старословенската култура, Прилеп, (т. V).

Меѓу историските списи кои содржат важни моменти од македонската историја спаѓа и општопознатата „Хроника (летопис) на попот Дукљанин“. Врз неа посебно се осврнале: Ф. Шишиќ, С. Новаковиќ, В. Мошин, Ѓ. Сп. Радојичиќ. Во неа се наоѓаат многу настани од средновековната историја на Дукља, Рашка, Приморјето, Самоиловото македонско царство. Општо може да се заклучи дека настаните, личностите се набројувани сувопарно, честопати без емотивна нарација, особено кога хронолошки се претставуваат дукљанските, рашките и требињските владетели. Словенскиот оригинал не е зачуван. Меѓутоа, дукљанскиот хроничар, во својот латински спис со наслов „Кралство на Словените“, ја внел живописно легендата за Владимир и Косара, која се поврзува со Самоиловата фамилија. Може да се прифати мислењето дека оваа епизода во хрониката е преземена од легендата, или од еден состав што настанал во XI век од анонимен автор, во кој бил опишан богоугодниот живот на блаженият Владимир, кој влегол во Дукљанската хроника, најверојатно составена во XII век. Составот од XI век можел да настане непосредно по смртта и погребот на Владимир во Краина или околу Скадар. Фабулата преземена од делото од XI век влегло во XXXVI глава од „Кралството на Словените“. Зетскиот кнез Владимир бил заробен од царот Самоил и затворен во Преспа. Меѓу него и ќерката на Самоил Косара се развила голема љубов, која завршила со брак. Сопружниците се вратиле во Зета, а потоа следат општопознатите настани, кои се среќаваат и во хагиографијата за Св. Владимир, во други историски списи, потоа во Паисиевата „Словенобугарска историја“, итн. Во целиот историски материјал од овој ран историски спис, хаотично претставен, епизодата за Владимир и Косара предизвикува внимание, се изделува од сувопарниот хроничарски материјал. За неа е интересно да се одбележи како важен ран историски спис, пишуван без директното црковно влијание, (тогаш толку присутно во делата) кој претставува наполно световно дело. За нашата историја „Хрониката на попот Дукљанин“ (или како што го наречуваат и „Барски родослов“) е значаен особено со деловите кои се однесуваат на:

Кирил и Методиј, словенското дело „Методиус“ („Методиј“), а царот Самоил, проширувањето на царството, ородувањето со заробениот кнез Владимир, итн.

„Хрониката на попот Дукљанин“ била позната според италијанското печатено издание од Мавро Орбини, во Пезаро 1601 година, со наслов „Il regno degli Slavi“ („Царство на Словените“), чиј руски превод го користел и Паисиј Хилендарски, како еден од изворите за „Словенобугарската историја“. Делото на попот Дукљанин го разгледува посебно од аспектот на текстовите поврзани со Македонија, Љ. Басотова.

Меѓу историските списи во кои е посебно важна јужносло-венската средина, е секако, бугарската „Словенобугарска историја“ од јеромонахот Паисиј Хилендарски. Оригиналниот ракопис го пронајде Ј. Иванов во Зографскиот манастир, кој потекнува од 1762 година. Паисиј јасно дава на знаење дека трудот е направен врз основа на многу други историски собрани дела, кои најчесто немаат селективен историски потход кон разновидните настани, личности и други факти. Меѓутоа со својата опширност, со широкиот дијапазон на разновидна опфатена проблематика, претставува забележителна историска творба во времето од турскиот период, дефицитарен со вистински историски дела. Покрај тоа, во неа се засегнуваат и доста прашања од важност не само за бугарската држава, туку и за целата јужнословенска средина. Самиот Паисиј, знаејќи го добро значењето на ваквите дела, нагласува во почетокот: „Препишувајте ја оваа историица и платите да ви ја препишат тие што умеат да пишуваат, и имајте ја, да не се изгуби“. Слична на оваа Историја е и „Кратката историја за бугарскиот народ“, која се наоѓа во ракописен зборник во Зографскиот манастир од 1785 година, препишан од монахот Јаков. Во неа станува збор за цар Давид, цар Самоил, за Јован Владимир. Меѓу светителите се споменува поменот на: Св. Климент Охридски, Св. Наум Охридски, Св. Ангеларий, Св. Иларион Мегленски, Св. Никодим Охридски, Св. Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчински, Св. Јоаким Осоговски, Св. Ангел од Битола, Св. Васа од Солун.

Паисиј Хилендарски му ја наменил историјата на простиот народ. Самиот потекнувал од Самоков, во младите години живеел во Рилскиот манастир, од каде што заминал за Хилендар. Во 1761 година Управата на Хилендарскиот мана-

стир го испратила во Карловци, каде што се запознал сигурно и со нови изворни материјали, бидејќи во 1762 година тој го завршил комплетниот ракопис. Историјата открива покрај јужнословенски материјали и грчки извори. Самиот автор и неговата Историја се во духот на бугарската духовна традиција, тој е со јасно определено бугарско народносно сознание, свесно настроен против духовното грчко влијание. Во неа има и многу фантазија, измислици, прекројување на историски настани, грешки. Сепак, таа одиграла важна улога во бугарската историја и во книжевната историја. Меѓу нејзините значајни извори спаѓа и делото на Мавро Орбини „Il Regno degli Slavi“ („Царство на Словените“) печатено во Пезаро 1601 година. Од италијански јазик делото било преведено на рускословенски јазик во 1723 година и печатено во Петроград. Панславизмот на Орбини одговарал на целите на Паисиј, особено и заради неговиот изразен антигрчки став. Овој автор го посочува како значаен извор и самиот Паисиј, особено известувањето на Орбини дека Грците многу малку сакале да пишуваат за славните подвизи на бугарските владетели. Врз Паисиевата историја влијаело делото на Цезар Бароний „Црковна историја“. Паисиевата Историја започнува со библиските истории за создавањето на светот, со Ноевиот потоп, па преку византиските цареви, продолжува со бугарските. Во однос на многу настани провејуваат произволни коментари и заклучоци. За Самоил и Јован Владимир се истакнуваат толкувањата дека Самоил го изгубил царството заради губењето на љубовта кон Бога, кој го казнил заради неговите нехумани постапки, а богољубивиот Владимир бил убиен од жена си и шурата, опфатени со новатиански еретички верувања. Го истакнува „бугарското“ потекло на Владимир, оспорувајќи го „српското“. Во неа се наоѓа посебно поглавје за браќата Кирил и Методиј. Многу од Паисиевите излагања се имагинарни: Методиј е прикажан како го шири христијанството во Трново и го покрстил царот Муртагон во Михаил. Браќата отишле кај архиепископот Климент во Охрид, каде што биле уште: Сава, Наум, Еразмо, Ангеларије. Потоа заминале во Моравија крај Балтиското Море. Паисиј прифаќа дека императорот Јустинијан бил родум од Охрид, кој на Петтиот вселенски собор го осамостоил охридскиот архиепископ и го оградил градот Охрид. Паисиј ги наведува и „бугарските светители“. Меѓу нив, како што видов-

ме и понапред, го меша Св. Еразмо со Горазд, од групата на седмочислениците. Кога зборува за седмочислениците повторно нагласува дека Кирил и Методиј отишле во Охрид и таму ги собрале другите пет светители. Од охридските светители ги споменува уште св. Никола, охридски архиепископ, кому му се јавила Богородица и му рекла да го постави Иларион за мегленски епископ и Св. Никодим. За пустиножителите од Македонија Св. Јоаким Сарандапорски, Прохор Пчински и Св. Гаврил Лесновски се дознава дека му биле учители на Св. Иван Рилски, заедно и со Св. Јоаникиј Девически. Дава вести за Зографските маченици, потоа за Св. Агел од Флорина, кој маченички пострадал од Турците, не сакајќи да се откаже од својата православна вера, во 1750 година, во Битола.

Со оглед на временската оддалеченост од настаните и личностите што се предмет на обработка воопшто во историските средновековни списи, се создавала можност за видоизменување на текстовите. Некогаш тоа се случувало ненамерно, но честопати, во нив се интервенирало тенденциозно, со одредена цел, или нешто да се потенцира повеќе, или да се постигне повисока цел, со прикривање или изменување на фактите. На таков начин овие списи откриваат и одредени помали или поголеми мистификации, свесно вметнати во текстовите. Еден осврт токму на оваа тема, а што е важно за современата историографија, претставува поновиот труд на Б. Конески со наслов „За историските мистификации“.

ЛИТЕРАТУРА

BOGDAN, J., Ein Beitrag zur bulgarischen und serbischen Geschtschreibung, Archiv fiir Slav. Philologie 13, 1893.

ТРУХЕЛКА, Ћиро, Из старих рукописа...I Наредба против празноверја по једном старом номоканону. - II Рукописна кроника из пометка XVI века, Гласник земаљског музеја у Босни и Херцеговини, Сарајево 1894, VI св. 3. стр. 449 - 464.

КЖНЧЕВ, В., Пжтуване по долините на Струма, Места и Брегалница, СбНУ, София 1895, XII, 257 - 258.

KRUMBACHER, К., Geschichte der byzantinischen Literatur, Miinchen 1897, 976 - 980.

РАДОНИЋ, J., Епистолар манастира Продрома (Слепне) из XVI века, Споменик Српске Краљевске академије, Београд 1910, 49, 56 - 66.

КРУМБАХЕР, К., Византийские историки и хронисты, Спб. 1913, 88 - 91.

ИВАНОВ, Й., Историіл СлавѢноболгарскаА собрана и нареждена Паисіемъ іеромонахомъ в'лѣто 1762, София 1914.

ПЕНЕВ, Б., Паиси Хилендарски, София 1918.

МИЛЕТИЧ, Л., Едно бележито послание на Цариградската патриаршия до Българите в Дебърско, Списание на БАН, София 1919, XVIII, 17 - 30.

ТРИФОНОВ, Ю., Византийските хроники в църковно-славянската книжнина, Известия на Историческото дружество, София 1924, бр. 7.

РОЗАНОВ, П. С., Время составления первоначалъной редакции русского Хронографа, Изв. Отд. русс, яз, и слов. Академии Наук, Ленинград 1926, XXX, 311 - 322.

ШИШИЋ, Ф., Летопис попа Дукљанина, Београд 1926.

ИВАНОВ, Й., Български старини из Македония, София 1931, 484 - 488.

ВЕЛЧЕВ, В., Отец Паисий Хилендарски и Цезар Бароний, София 1943.

MOSIN, V., Ljetopis popa Dukljanina, Zagreb 1950.

СНЕГАРОВ, И., Из старините в Македония, Годишник на Духовната академия „Св. Климент Охридски", София 1956-57, VI (XXXII), 10, 393 - 422.

МАТКОВСКИ, Александар, Ѓурчин Кокалески, Скопје 1959.

Паисий Хилендарски и неговата епоха (1762 - 1962), БАН, София 1962.

ДУЙЧЕВ, И., Летописта на Константин Манаси, София 1963.

ИВАНОВ, Й, Велешки летопис, Български старини из Македония, София 1970, 525 - 527.

СМЕТАНИН, А. В., Эпистолография, Свердловск 1970.

ZETT, R., Die Chronik des Symeon Metaphrastes und Logothetes. Nachdruck der Slavischen Ubersetzung in der Ausgabe von V. J. Sreznevskij mit einer Einleitung, Munchen 1971.

КЛОСС, М. Б., О времени создания русского Хронографа, Труды ОДРЛ, XXVI, Ленинград 1971, 244 - 255.

КОНЕСКИ, Б., ЈАШАР-НАСТЕВА, О., Македонски текстови (10 - 20 век), Скопје 1972, 34 - 35.

СТОЈАНОВИЋ, Љ., Литерарна и историјска вредност родослова и летописа, Српска књижевност у књижевној критици, Ђ. Трифуновић, Стара књижевност, Нолит, Београд 1972, 201 - 207.

МАТИЋ, С., Белешке из историје родослова и летописа, Зборник Матице Српске за књижевност и језик, књ. XXI, св. I (1973), 5 - 10.

ДАНЧЕВ, Г., Посланията на Димитар Кантакузин, Studia Balcanica 8, София 1974, 43 - 68.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Хроника, Хронограф, Азбучник српских средњовековних књижевних појмова, Београд 1974, 337 - 343.

Записи и летописи, избор и редакција Р. Угринова-Скаловска, Скопје 1975.

МЕЩЕРСКИЙ, А. Н., Источники и состав древней славяно-русской переводной писъменности IX - XV веков, Ленинград 1978.

ВЕЛЧЕВ, В., От Константин Философ до Паисий Хилендарский, София 1979.

Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Скопје, I 1975; II 1977; III 1980; IV 1981 (уредник В. Мошин) и V 1988 (уредници В. Мошин и Л. Славева).

НИКОЛОВА, С., Летописни традиции в старобългарската литература, Библиотекар, 1980, кн. 1, 37 - 41.

ЧИЧУРОВ, С. И, Византийские исторические сочинения, Москва 1980.

Документа за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, I Скопје 1981.

АНГЕЛОВ, Б., Летописни съчинения в старобългарската литература, София 1983, 13, 42 - 72; 1983, 14, 65 - 85.

МИЛТЕНОВА, А., КАЙМАКОВА, М., Неизвестно старобългарско съчинение от XI век, Старобългаристика, София 1983, 4, 52 - 73.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Ракописни текстови на македонски народен говор, Скопје, Мисла, 1985.

БАСОТОВА, Љубица, „Летописот“ на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. V, Прилеп 1988, 121 - 237.

КОЛЕВА, Елена, Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, т. V, Прилеп 1988, 25 - 121.

СЛАВЕВА, Л., МОШИН, В., Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988.

Среднеболгарский перевод Хроники Константина Манасии в славянских литературах, Введение: Д. С. Лихачев, исследования: И. С. Дуйчев, М. А. Салминой, БАН, София 1988.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Летописи, Речник на старата македонска литература, Скопје 1989, 164 - 166.

РАЙКОВ, Божидар, Паисиевиям ръкопис на „История славянобългарская“ 1762, „Наука и изкуство“, София 1989.

ХИЛЕНДАРСКИ, Паисий История славяноболгарская 1762, Зографска черновка, „Наука и изкуство“, София 1989.

РАЙКОВ, Д., Българите и България в чуждестранната книжнина, София 1989.

ВЕЛЕВ, Илија, Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонка, Наша книга, Скопје 1990.

ТРЕНДАФИЛОВ, Х., Наблюдения върху славянския превод на Хрониката на Геогри Синкел, Palaeobulgarica, XIV, София 1990, 4, 100 - 111.

КОНЕСКИ, Б., За историските мистификации, Литературен збор, Скопје 1991, кн. 5 - 6, 67 - 72.

ЗАПИСИ

Еден вид изворна порака од средниот век, која како барометар ги следи развојните етапи од развитокот на современиот систем на македонскиот јазик, почнувајќи од самиот почеток на словенската писменост, па се до XIX век, е секако - записот. Средновековните автори, преработувачи, препишувачи, преведувачи, читатели, соиственици на ракописите, практикувале да остават трага, запис на маргините од ракописите, кој Најчесто се однесува на времето на настанувањето на ракописот, дава вести за самиот автор, за местото каде што настанал, за условите под кои се создавал текстот, како и многу други податоци. Записите се обично кратки, но разновидни. Некои најинформативно даваат основен податок. Така на пример,: „Го напишав ова во манастирот Продром (Слепче) во 1553 година, во месец февруари и ја завршив книгата наречена Дионисие. Ја напиша оваа книга смиреният и помал од иноците иеромонахот Висарион од Дебарскиот крај, и за трудог не зедов ништо.“ (Ракопис „Дионисиј Ареопагит, Љ. Стојановиќ, 573). Одредени записи даваат полно известување за авторот, времето, а најчесто не ја одбегнуваат молбата да им бидат простени грешките: „Со волја на Таткото и поттикот на Синот и извршување на Светиот Дух, се напиша оваа книга, наречена Свети Ефрем, во Злетовската земја, во местото наречено Лесново, во манастирот на светиот првоначалник Михаил, во времето на благоверниот и христољубив бугарски цар Јоан Александар и на благоверниот и христољубив свети цар Стефан, на српските и на грчките земји, и на великиот деспот Јован Оливер, ктитор на овој храм и при сеосвештениот архиерej на оваа земја, господин Арсенија, којшто ми повела, мене Тахота монах, со мојата бедност да ја напишам оваа книга. Па, отци и брака, и читатели и настојатели, не ми се одмаздувајте со клетви, туку повеќе добар збор кажете за мене, секој од вас, смртници, кои се молите на Господа, нашиот Спасител, да ги

избегнам вечните маки заедно со сите вас, бидејќи не бев писател, туку по повелба на мојот господар, епископот Арсенија ја напишав оваа книга во годината 1352/3, индикт 6. Бог да прости и во идните векови, амин.“ (Лесновски паренесис, л. 315, Ј. Иванов, 163).

Одредени записи изобилуваат и со хумор, и со поговорки, со личен однос на авторот кон делото и животот: „Оваа книга се пишуваше во градот Скопје, за брат ми поп Грд од Виник, во деновите на Урош, крал Милутин, кога ги истепа Турците во Грција, од мене грешниот ерej Никола, кому му е гробот татковина, а гревовите богатство. Затоа, и да погрешам некаде, или со пријателот сум зборувал, или сум се напил, а вие пејте и поправајте, калуѓери, попови, ѓаци! Не колнете, туку проштавајте, а Вам Бог, бидејќи не пишува Светиот Дух, туку грешен човек. Мед е, дури и на кора да е, туку господ е благ. Словото божјо, ако е грубо, но Бога го хвали. Нека си спомни Бог за моите родители што ме одгледале, и за мојот даскал, Бог да го прости попот Грд за кого се пишува оваа книга. Прости ми Боже, и мене грешниот ерej Никола. Слава му на нашиот Бог до век, амин.“ (Белешка од поп Никола Брата врз Апостол и евангелие од XIII - XIV век, Ј. Иванов, 104).

Меѓу записите од Битолскиот триод се наоѓа и овој: „(Кажувај) душице моја грешна, ако сакаш навистина да го видиш крајот на книшкава... како и кормиларот крајот на морето, како и болниот здравје, како и бедниот храна и облека за себе... а што страдав од студ целиот петти февруари, а што од заб... Споменувајте ме мене, Георгија Граматик... „покој“, „рци“ и „јад“, заедно ги напишав, простете ми“. (Ј. Иванов, 452)

Иако записите се кратки, согледани во еден континуиран развој и во целина, може да се констатира нивната неспорна важност од повеќе значајни аспекти: историски, книжевен, јазичен, општествен, социјален, поетски. Во некои им се заблагодаруваат на помагачите при формирањето на ракописите. Скромните монаси и свештеници ја изведуваат дејноста во многу неблагопријатни услови, но со својата упорност, преданост кон важноста на Словото, Книгата, ја довршувале работата и го нижеле вредното ракописно наследство, во уште поскромните и сиромашни манастирски центри. Во еден ракопис од XV век авторот

запишал: „Многу ме болеше главата кога го пишував овој Тетраг, и забот боли, забот мала коска, голема болест. Леле мене грешниот, големи маки тука, а на оној свет како ќе му биде на грешниот“ (Љ. Стојановиќ, 9379)

Записите се наоѓаат и по епиграфските споменици, како и на ѕидовите и влезовите од црквите и манастирите. Тие ги откриваат ктиторите на црквите, ѕидарите, зографите, а честопати и тие самите оставале белешки.

Во богатата збирка од Лесновските ракописи се наоѓаат вредни записи, кои помагаат да се прошират знаењата за Кратовската школа воопшто. Записите го прошируваат бројот на најчесто скромните препишувачи, преработувачи, на средно-вековните, црковни, световни и книжевни текстови. Со нивно консултирање станува очевидно дека средновековната македонска книжевност изобилува со автори кои се значајни во целосното претставување на продукцијата. Тие скромни трудбеници, кои не се грижеле да остават поопстојна трага за себе, не ги заборавале ктиторите, царевите, нивните покровителства, историјата. Честопати оставале податоци за имиња и настани за кои историските или другите извори молчат. Најчесто повеќето останувале и анонимни. Меѓутоа, во зависност од нивното образовно ниво, талент, вдахновеност, наклоности, оставале мошне интересни записи, од кои пулсирал историскиот миг, но и животот на средновековниот човек, преку вредните раце на скромните препишувачи.

Со записите се занимавале многу познати имиња во славистиката, но секако, предничат собраните материјали од Љ. Стојановиќ и Ј. Иванов од првата половина на XIX век, а од поновите остварувања од научен аспект се важни хронолошки подредените записи од Македонија, од Р. Угринова-Скаловска и од Содржинско-уметнички приод, озаглавени со „Глас од дамнината“ од А. Поповски. Врз Лесновските записи во најново време се осврнал и И. Велев.

А. Поповски, задржувајќи се кон разновидните содржини на записите, нивните филозофски, општествени, секојдневни, поетски, историски, соопштенија и суштини, ги доближил избраните текстови до поширокатa современа публика. Придржувајќи се кон црковнословенската основа на записите со македонски јазични карактеристики, издвоил 142 поетски подредени текстови. Еве неколку извадоци од нив:

6.
Поминујте мене,
братија моја,
што ми мрзнет ручицама.

Ту пишах,
ту јадех,
ту лежах
без ог’н...

...По много си като патисах
ноштију пишуште,
и грубо и неплно,
- тело мое дробимое,
крв моја проливаема,
поруг мои...“

27.
В лето 6941 помрче слнце
и бист т’ма
и sвезди видеше
јако в ношти.

28.
Плови пловче
пиши грешни попе Петре.

62.
Кој мисли да краде книгата
да биде клет и проклет,
и по смерт нерасипан,
камен и телес да се стопи
а тој - никакожде.

79.
...От болна душа је илич зборот...
жетфарите се ранеет от росата...
гармејнето идит од сфетлива секајца
и от ветројте морето се тресит...

114.
Аште хоштет
много знати
подобает мало спати.

ЛИТЕРАТУРА

СТОЈАНОВИЋ, Љ., Стари српски записи и натписи, I - IV, Београд - Ср. Карловци 1902 - 1926.

СТОЈАНОВИЋ, Љ., Каталог Народне библиотеке у Београду, Београд 1903.

ЦОНЕВ, Б., Опис, София 1910, и Опис, София 1923.

РУСЕВА, И., Приписки и бележки по нашите писмени паметници, Известия на Семинара по славянска филология, IV, София 1921.

ПЕТКОВИЋ, Р. В., Старине, записи, натписи, листине, Београд 1923.

ГОШЕВ, И., Стари записки и надписи, Годишник на Софийския университет, Богословски факултет, София 4 - 1927, 6 - 1929, 12 - 1935, 13 - 1936, 14 - 1937.

СЕЛИЩЕВ, М. А., К изучению македоно-болгарских записей, Македонски преглед 1932, 3.

ЋОРОВИЋ, В., Узајамне везе и утицаји код старих словенских записа, Глас Српске Краљевске академије 176, 1938, 99 - 170.

ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Записи и натписи, Македонски јазик, VI, Скопје 1955, 1, 70 - 74.

СНЕГАРОВ, И., Из старините в Македония, Надписи, приписки, летописни бележки, Годишник на Духовната академия, т.VI, XXXII, 10, София 1956 - 1957, 393 - 422.

БЕРНС, Ивана, Еден запис во Добреишевото евангелие, Македонски јазик, Скопје 1966, 143 - 148.

КОНЕСКИ, Б., ЈАШАР-НАСТЕВА, О., Македонски текстови од 10 - 20 век, Скопје 1966, 1972.

ТИХОМИРОВ, Н. М., Южнославянские и молдаво-валашские записи на рукописях ГИМ, Исторические связи России со славянскими странами и Византией, Москва 1969, 285 - 335.

ИВАНОВ, Й., Български старини из Македония БАН, София 1970, 1 - 281.

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, Скопје 1971.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., Јазикот на записите и натписите во Македонија, Предавање на VI Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1973, 1 - 11

ДЕСПОДОВА, В., Кон записите во еден Апостол, Slovo, Zagreb 1974, 24, 221 - 230.

Записи и летописи, Избор и редакција: Р. Угринова-Скаловска, Македонска книга, Скопје 1975.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорѓи, Неколку записи и натписи од Македонија. Гласник на ИНИ, Скопје 1978, 1 - 2, 217 - 223.

БОГДАНОВИЋ, Д., Инвентар ћирилских рукописа у Југославији, XI - XVII века, Београд 1982.

ПОПОВСКИ, Анте, Глас од дамнината, Македонска книга, Скопје 1985.

ГЕОРГИЕВСКИ, Г., Поглед врз јазичните иновации во записите и натписите, Литературен збор. Скопје 1986, 3, 21 - 32.

КУЕВ, М. Куйо, Съдбата на Добрияновия празничен миней, Studia slavica mediaevalia et humanistica, Riccardo Picchio Dicata, II - Roma 1986, 409 - 113.

ШТАВЉАНИН-ЂОРЂЕВИЋ, Љ., ГРОЗДАНОВИЋ-ПАЛИЋ, М., ЦЕРНИЋ, Л., Опис ћирилских рукописа Народне библиотеке Србије, Београд 1986.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Словенски ракописи во Македонија, III, Скопје 1988.

ПАТОПИСИ

Значењето на патописната литература, во каков и да е вид претставена, несомнено е големо. Нејзиниот недостиг во одредени периоди само ги усложнува претставите за целосното согледување на личностите, земјите, целокупната општност во која се движеле и дејствувале најразновидни значајни личности. Како пример да наведеме од колкаво значење би било да ги имаме патописите на светите Кирил и Методиј, на светите Климент и Наум Охридски, како и на многу други среднове-ковни книжевни и културни личности? Токму затоа, и она што достигнало до нас како патопис, или како дел од патопис-летопис, е многу добродојдено. Со нив се прошируваат значително широките приоди, не само кон географското и историското истражување, туку и кон книжевните, фолклорните, социолошките, културолошките, и други, пристапи.

Меѓу нај старите патописно-летописни белешки и творби спаѓа и книжевно-историскиот труд на Исаија Серски од 1371 година, а се однесува главно на описот на поразот на феудалците во Македонија, Волкашин и Угљеш на реката Марица. По оваа војна Македонија потпаднала под турско ропство, а токму овие настани наоѓаат одраз во делото на Исаија Серски, кој е редок очевидец на настанатиот пустош. За овој автор се осврнуваме и во посебниот дел за него.

Меѓу ретките патописи заслужува посебно внимание со својата старина трудот на Арсенија Солунски. Неговото дело е познато под наслов „Патопис од Палестина“. Уводниот дел од патописот го претставува патописецот како солунчанец, кој тргнал на пат за Ерусалим, каде што проживеал 17 години. Истражувачите на делото на Арсенија во почетокот го сметале за руски патописец. По сознанијата за него, што ги дале научниците: Х Лопаров, А. И. Плотонов, се појави и В. П. Адријанова, посочувајќи го јужнословенското потекло на творбата. Делото е познато по постари преписи од XVI и XVII век,

но може да се констатира дека Арсенија го извршил патувањето во XIV век, кога пред налетот на Турците се појавиле повеќе посетители на гробот на Спасителот во Ерусалим. Јазичните белези откриваат поточно патописец од македонско јазично подрачје, карактеристично за солунскиот регион. Вакви црти открива и најстариот препис на ова дело, зачувано во Духовната академија во Ленинград (бр. 1467). Патописот го преведе на современ македонски јазик М. Георгиевски. Арсенија со љубопитност и љубов ги опишува знаменитите места каде што се родил, каде што живеел и проповедал, потоа каде што починал и воскреснал Исус Христос. Прво се запира врз светиот храм Сион, каде што се наоѓа гробот на Исуса, потоа бездната преку која Исус слегол во адот. Го опишува Христовиот гроб со трите свеќи. Во патописот го наоѓаат своето место Витанија, каде што е гробот на Св. Лазар. Шест милји од Ерусалим се наоѓал гробот на Св. Богородица, во Гетсиманија. Во Витлеем ја опишал црквата „Рождество Христово“, на местото каде што се родил Исус. Следат описите на Елеонската гора, на Таворската гора, на Капернаум, на реката Јордан, каде што се крстил Исус.

Во Зборникот на Владислав Граматик од 1479 година се наоѓа посебната негова творба „Расказ за пренесување на моштите на Иван Рилски од Трново во Рилскиот манастир“. Овој расказ, настанат врз реални факти, случени во 1469 година, можел да настане и врз база на податоци земени и од други негови современици, очевидци, бидејќи самата творба се среќава во Зборникот од 1479 година. Во секој случај, и од оваа творба на Владислав Граматик се извлекуваат значајни патописни белешки, особено за важните настани поврзани со Маричката битка, потоа со Косовската, каде што загинал турскиот цар Мурат. Запустел и Рилскиот манастир. Граматик раскажува за неговото возобновување од тројцата браќа: Јоасаф, Давид, Теофан, синови на епископот Јаков. Најважен е описот и патувањето на делегацијата од Трново, каде што биле преземени моштите на Св. Иван Рилски. Престојувале во селото Никопол, а потоа пристигнале во Софија, каде што моштите престојувале 7 дена. Авторот го опишува натамошниот пат преку планината до Рилскиот манастир. Во времето кога овој настан се случувал, Владислав Граматик бил современик на настаните, а сигурно го почувствувал и актуелниот миг и искрената почит што народот му ја оддавал на Св. Иван Рилски,

така што расказот, покрај своевидните книжевни вредности, открива патописни поени. И оваа творба недвосмислено ги разоткрива обединувачките тенденции на јужнословенските творци, засилени со турското комплетно загосподарување. И Граматик се јавува како книжевник со ортодоксна христијанска насоченост. Пред овој автор, и други книжевници се занимавале со описи на пренесување на нечии мошти, меѓу нив посебно е важен Григориј Цамблак, кој пишува за пренесувањето на моштите на Св. Петка од Видин до Србија. И Цамблак припаѓа кон авторите кои турското продирање го тера кон повеќе патувања и промени. Живеел и творел во XIV и XV век.

Колку биле важни спојувачките врски меѓу словенските автори поставени пред муслиманската опасност, се гледа и од податокот дека патописот на Константин Костенечки, познат под наслов „Патувањето до Палестина“ е приопштен и во зборник составен и препишан од Висарион Дебрески. Костенечки го вткаил своето дело во XV век, и ги доживеал сите актуелни промени, како претходните автори.

И современикот на Граматик, - Димитар Кантакузин, оставил зад себе два кратки географски патописни описи.

Во почетокот на XVII век во Кратово бил роден идниот митрополит Михаил, кој бил и бански и штипски владика. Починал во 1669 година, во Света Гора. Во своите летописни белешки оставил точни податоци за своите престојувања во разни земји и градови, кои го претставуваат како неуморен патешественик. Неговата животна одисеја е мошне интересна. Неговиот татко Никола, кратовски кнез, го дал својот син да му служи на пеќскиот патријарх Пајсиј, во 1632 година. Потоа станал бански митрополит, кратовски, штипски. Овие податоци ги оставил во белешка од Карпинскиот манастир во 1649 година. Отпатувал за Света Гора, од каде што со други ѓакони, архимандрит, и со својот брат, заминал за Русија. Двапати ручал со рускиот цар Алексиј Михајлович. По тригодишен престој во Русија, Михаил патувал преку Полска, Романија и Србија, и стигнал повторно во Света Гора. Во 1654 година допатувал во Ерусалим. Оттаму, преку Цариград и Света Гора, повторно отпатувал за Русија, во 1657 година. Во 1660 година се вратил во Македонија, во Лесновскиот манастир. Починал во Света Гора.

Секако, вакви и слични податоци, како попатни белешки, како летописни белешки, се наоѓаат расфрлени во нашето ракописно наследство. Во недостиг на вистински патописи, и овие податоци прибрани поопстојно, може да ја дополнат патописната литература. Покрај, тоа, и други патешественици, од друга народна припадност, се запирале во нашите градови, села, манастири, и давале драгоцени податоци. Во нив се споменуваат и обични луге, но и значајни имиња. Тие, од друга страна, ја збогатуваат сликата за средновековна Македонија, иако не потекнуваат од Македонија. Во случајов, за нашите сознанија, убаво дополнување на овој план, претставува првиот том од собраните патописи од Александар Матковски, преведени на современ македонски јазик, со потекло од 1371 до 1777 година.

ЛИТЕРАТУРА

АДРИАНОВА, В. П., Хождение Арсения Солунскаго, Известия ОРЯС, ИАН. Спб. 1913, т. XVIII, 3, 195 - 224.

ЂОРЂЕВИЋ, Т. Р., Михаило Кратовски, митрополит, Братство, Београд 1925, XIX, 168 - 173.

АНГЕЛОВ, Б. С., Пътепис на Арсений Солунски, Из старата българска, руска и сръбска литература, София, БАН, 1967, 237 - 243.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Арсенија Солунски и неговиот патопис од XIV век, Современост, Скопје 1977, бр. 7 - 8, 45 - 52.

ДУИЧЕВ, И., За книжовното творечество на Константин Костенечки, Проучавания върху средновековната българска история и култура, София 1981

Македонија во делата на странските патописци (1371 - 1777), подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје 1991.

ПЕТКАНОВА, Д., Григории Цамблак, Константин Костенечки, Старо-българска литература IX - XVIII век, София 1992.

СРЕДНОВЕКОВНИ МЕШОВИТИ ЗБОРНИЦИ

Во средновековната книжевност станале познати мешовитите зборници, со разнородни содржини. Со оглед на слич-имте примери во другите средини, а со стекнувањето на словенската иисменост и развојот на раната книжевност, и словенските средновековни книжевности имале можност да ги следат сличните примери. Првите мешовити зборници кај нас настанале како преводи и компилации од византиската книжевност, а во раниот период од словенската книжевност тие биле ретки и не многу популарни и познати за широките народни маси. Нивната распространетост и актуелност е забележана посебно за времето од турското владеење на Балканот. Од XV век тие започнуваат видлива експанзија во јужнословенската средина, а во XVI и XVII век на нивните страници се јавува разнородно енциклопедиско книжевно богатство. Оттука доаѓа и нивниот назив - мешовити зборници. За разлика од зборниците со слова од црковните отци, преполни со беседи од: Макариј Велики, Јован Златоуст, Никифор Патријарх, Симеон Нов Теолог, Ефрем Сирин, Василиј Велики, Јован Дамаскин, Григориј Палама, Григориј Синаит, мешовитите зборници вклопуваат вистинско шаренило од разновидни текстови, присутни во богатите средновековни книжевни жанрови.

Мешовитите зборници настанувале според потребите на одредена читателска средина, според барањата на времето, честопати биле израз на општите книжевни желби и интереси, а некои биле изработувани, препишувани, редактирани, по нарачка на образовани црковни и световни личности. Од антологискиот избор, карактер, и способност на авторот, честопати зависела прифатеноста на зборникот. Во непосредна близина со Грција, во која доаѓале до израз беседите и разновидните текстови на значајните грчки автори, како и на анонимни писатели, се наоѓала Македонија, во која разбирливо настанале разновидни рани преводи на повеќе текстови. Нашите редактори и препишувачи, можеле да вршат избор и фактички мешовитите зборници го наоѓале своето место низ теренот од

Македонија. Многу мешовити зборници биле предмет на посебни истражувања на ред познати слависти. Во поново време нивната актуелност беше поставена на меѓународниот симпозиум во Солун, 1979 година, со темата „Средновековната грчка книжевност и словенските книжевности - Корелации на ракописните зборници“. Повеќето изложувања на овој Симпозиум се запреа врз општите начела и карактеристики на мешовитите зборници. Тие посебно својот век и во XIX-от. Некои од авторите се држат стриктно до оригиналите и вршеле антологиски избор, други се стремеле кон компилаторскиот чин, според потребите или намената, а честопати и тие свесно во поголема или помала мера интервенирале. Со одминувањето на XVII век се чувствува извесно опростување и збивање на самите текстови, онародување на јазикот, но и осиромашување на содржинските, композициските и стилските карактеристики, што особено доаѓаат до израз во XIX век.

Мешовитите зборници биле познати и порано, пред доаѓањето на Турците. Така на пример, Драголевиот зборник од XIII век, со српска редакција, покажува македонски прототип, кој сигурно го составил одличниот анонимен македонски ан- тологичар во XI век. Остатоците од карактеристиките на македонската јазична редакција во него се зачувани. Нацртот на буквата Ж е многу сличен на таа од Братковиот минеј, ћ - на Слепченскиот апостол од XII век, Ч - на Охридскиот апостол од XII век. Одредени црти од македонско потекло ја покажуваат врската со македонската предлошка. Се наоѓаат зборови во кои е одразена рефлексијата на јусовите:

форма ѥгрꙑ од жгрꙑ,
оѵза - ѧза
(ицѣли ѥмоѵ оѵзѵ)

Од македонската предлошка дошол и зборот алчеба, со секундарно вокализирано Е. Стари црти се забележуваат во асигматскиот аорист - придоѵ, срѣтоѵ; стар акузатив: оѵсѣдъ на конь свои, излиѧ сатанаиль иа... Адамъ; потоа во лексиката: година - час, искрь, дѣлѧ. Од содржинска страна Драголевиот зборник претставува вистинско енциклопедиско средновековно книжевно богатство. Во него се среќаваат состави на: Методиј Патарски, Видението на пророкот Исаија,

Видението на пророкот Данил, Пандеховото пророчко сказание, Видението на Варух, Александрово слово за Мојсиевото дрво, Прашања и одговори на Св. Григориј, Св. Василиј, и Св. Јован Богослов, За зимите и коледата, За грмникот, Молитви на Св. Сисон, укажувања за болести, Денови на луната, Молитви, Афоризми, кратка верзија од Беседата на Презвитер Козма, итн. Со растежот на писменоста, на првата етапа од словенската книжевност, уште во X век, на словенскиот свет му биле познати мешовитите зборници. Во Бугарија настанал популарниот и значаен Изборник на Свјатослав, познат од руските преписи 1073 и 1076. Не помалку значаен е и јужнословенскиот Берлински зборник од XIII век, за кој опширно соопштил В. Јагиќ. Во него фигурираат разновидни слова, за: лошите жени, Слово за покајувањето, Слово за телото и душата на човекот, Сказанието на Јован Богослов за пришествието на Господ, Слово на Јован Богослов за Адам, Слово за св. Кирил Филозоф, Дневен коледар, Слово на Јован Златоуст, Слово за Мојсиевото дрво, Слово на Св. Василиј, Слово за раѓањето на Јован Крстител, итн.

Мешовитите зборници продреа масовно почнувајќи од XV век во сите средновековни книжевости, каде што се формирале разновидни содржини. Најчесто во нив се избирале беседите на најпознатите византиски отци и писатели, апокрифни текстови, хагиографии, црковни слова, раскази, романи, историски списи, текстови од природознанието.

Еден типичен мешовит зборник од самиот крај на XV век претставува Тиквешкиот, со српски ортографски систем, но со многу карактеристики од развојниот стадиум на македонскиот јазик. Трагите од македонски јазични карактеристики, украинизми и грцизми, укажуваат на вкрстување на влијанијата, можно во Света Гора, каде што врските меѓу манастирите и монасите биле живи. Самите текстови во Зборникот укажуваат на мошне популарни и познати текстови на теренот од Македонија. Многу од нив се наоѓаат и во други мешовити зборници, а нивните траги се засведочени во богатото македонско народно творештво. Очевидно е дека трагите од македонскиот јазик во црковнословенската основа зборува за составувачот на Зборникот со потекло од Македонија, кој добро ја познавал македонската јазична и книжевна средина, заради што

се претставува како одличен антологичар. Мошне блиску до Тиквешкиот зборник е мешовитиот зборник од Народната библиотека во Белград бр. 104 (во Описот од В. Стојановиќ бр. 468) од XIV век. Овој ракопис укажува на прототип настанат на крајниот Словенски Југ. На овие два зборника заеднички им се следниве слова: Теофана Крчмарката, Словата за Аврам, Слово за Светата Троица, Слова за Давид, Соломон, Словото за прекрасниот Јосиф. Кон овие зборници се приближува Букурешкиот зборник, датиран и опишан од Б. П. Хаждеу во XVI век. Во него се јавуваат заеднички слова со Тиквешкиот: Разумник, Слово за царот Давид, Слово за испишувањето на Псалтирот, Слово за напишувањето на Евангелието, Слово за воздвижувањето на Пресветата, Слова за Аврам, Слово за Езоп, Слово за царот Фока, Слово за пророкот Илија како побегнал од жената, Слово за Самсон, Слово за Еладиј, Слово за душевните разбори. И во овој Зборник И. А. Јацимирски забележал и украинско и грчко влијание.

Со содржинска сличност во овој контекст се значајни уште Панаѓурскиот зборник (Б. Цонев, бр. 433 (629), во кој се јавуваат следниве слова, заеднички со Тиквешкиот зборник: Физиолог, Слово за овошката, Слова за Аврам, Слово за душевните разбори, Слово како го осуди Ефрем една жена, Слово како се напиша Евангелието, Указ како Псалтирот бил во море, итн. Исто така, до овие зборници е близок Дубров- ничкиот зборник од 1520 година, опишан од М. Решетар. Очевидно е дека мешовитите зборници настанувале во различии словенски средини. Нивното богатство е посебно присутно во јужнословенските средновековни книжевности, а нивниот избор, приод на препишувачите, изворите на текстовите, разбирливо не може да се бара или поврзува со еден центар или една средина, бидејќи изборните можности не можеле да бидат во никој случај ограничени.

Во Народната библиотека во Белград се наоѓаат мешовити зборници со српска редакција, но со јасни траги на предлошка од Македонија. Апокрифниот зборник од XVI век, Рс 38, открива префикс по: похитра, посладка; предлог за (место О): за ѡр'ль. Се среќава: ѱо, ничѱо; болѣ би моу било; ѡ ѥндропь (губење на падежна форма). Во него се наоѓаат слова за: составување на Евангелието, за двајцата разбојници, за главата на Адам, физиологот, Чудото на Св. Никола, итн. И белградскиот

Призренски зборник од XVI век, со додаток од XIX век, Рс 36, открива српска редакција со доста македонизми. Особено е значајна карактерис-тичната вокализација од македонската редакција: ь>е, ъ>о; стрелец, телець, ѣремь, средень; мощень, сонь, со пријатели, оубитокь, нокоть, пѫпокь; ђ, ћ, се испишани со г и к: мегю, тоугоу, землю, кешь кеть. Се среќава: що си писаль; разболеть се кешь: глава те кет болеть; имакеш, видекешь, да му очистимо. Во него се среќаваат повеќе молитви, за: очебол, од змија, од бесен пес, потоа се јавува: Коледник, Громовник, Историкии, За луната и мените, Зодиак, Лек за задих, итн. Во истата библиотека Рс 118 открива македонски текст од XIX век, и тоа наполно онароден, оддалечен од опширниот текст на Тиквешкиот зборник, Видението на апостолот Павле. Овој мал Зборник го пишувал даскалот Станко, со црти од источно-македонски народен говор. Од самиот XIX век имаме доста слични примери на зборници, што понапред ги споменавме, разгледувајќи ги средновековните книжевни жанрови, зачувани и во XIX век.

ЛИТЕРАТУРА

JAGIĆ. V., Zbornik Kraljevske biblioteke u Berlinu, Starine, Zagreb 1873, V, 43 - 109.

СТОЈАНОВИЋ. Љ., Каталог Народне библиотеке у Београду, Београд 1903.

ЦОНЕВ, Б., Опис..., София 1910.

ЯЦИМИРСКИЙ, И. А., Библиографический обзор апокрифов в южно-славянской и русской письменности, Петроград 1921.

ЦОНЕВ, Б., Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека, II, София 1923, (бр. 433 (629)).

СПЕРАНСКИЙ, Н. М., Рукописные сборники XVIII века, Москва 1963.

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, Скопје 1971.

АНТИЌ, Вера, Средновековните текстови и фолклорот, Мисла, Скопје 1978.

Cyrillomethodianum, Thessaloniki 1981, V.

PICCHIO, R., Compilation and Composition: Two Levels of Authorship in the Orthodox Slavic Tradition, Cyrillomethodianum, Thessaloniki 1981, V, 1 - 5.

БОГДАНОВИЋ, Д., Инвентар ћирилских рукописа у Југославији (XI - XVII века), Београд 1982.

МИЛТЕНОВА, А., Из историята на българо-руските и българо-украинските литературни връзки пред XVI-XVII в. (сборници със смесено съдържание), Славянска филология, 18, София 1982, 51 - 58.

ЛИХАЧЕВ, С. Д., Текстология (на материале русской литературы X - XVII веков), Ленинград 1983.

МИЛТЕНОВА, А., Към методиката на изучуване на сборниците със смесено съдържание в старите южнославянски литератури, Studia slavica mediavalia et humanistica, II, Roma 1986, Riccardo Picchio Dicata, 517 - 527.

ШТАВЉАНИН-ЂОРЂЕВИЋ, Љ., ГРОЗДАНОВИЋ-ПАЈИЋ, М, ЦЕРНИЋ, Л., Опис ћирилских рукописа Народне библиотеке Србије, Београд 1986. (Рс 36, Рс 38, Рс 118, Рс 651).

Тиквешки зборник, превод и предговор Б. Конески, коментари В. Стојчевска-Антиќ, Мисла, Скопје 1987

ДАМАСКИНИ

Од XVI век во Македонија биле мошне популарни и познати текстовите на византискиот автор Дамаскин Студит, собрани во неговиот зборник „Сокровиште“ (’θησαυρός). Во овој зборник се наоѓале 36 Дамаскинови слова, кои многу бргу биле преведени на многу јазици, а непосредно по објавувањето на оригиналот, бил извршен и раниот македонски превод. Денес нема сомневање во потврдениот факт дека пелагонискиот епископ Григориј ги превел на македонски словата на Дамаскин, за што говорат зачуваните преписи. Времето на настанувањето на преводот се смета меѓу 1560 до 1580 година, и тоа според едно од трите грчки изданија на „Сокровиште“. Епископот Григориј потекнувал од Македонија, и тоа од Југозападна. Во црковно-словенската основа на јазикот вклучил мошне живи елементи од народноговорните јазични белези на македонскиот јазик. Меѓутоа, за да се сфати значењето, широката распространетост на Дамаскиновите беседи во нашата средина, неопходно е да се проследат автентичните остварувања и насоки на толку широко прифатениот Дамаскин Студит.

Византискиот автор Дамаскин Студит се роди во Солун. Во родниот град го завршил поништото образование, а потоа заминал во Цариград, каде што учел во Студискиот манастир. Негов професор бил познатиот ретор Теофан Елеавулк. Според насловите од одредени негови слова може да се заклучи дека по завршувањето на Школото во Цариград, се вратил во Солун, каде се занимавал со учителствување и проповедништво. Патријархот Митрофан (1525 - 1572) го испратил како негово ополномоштено лице во Украина, а бил ракоположен за епископ Литски и Рендински. Патријархот Еротеј II (1572 - 1579) го назначил за митрополит Невпатски и Артски Се смета дека починал на оваа должност 1577 година.

Дамаскин Студит е автор на повеќе дела. Меѓу првите се смета класичната поема посветена на смртта на Богородица, со 124 стиха. Подоцна составил „Физиолог“, посветен на неговиот познат современик Михаил Канаткузин Шејтаноглу, завршен во 1566 година. Составил и превел и други дела, од кои

повеќе не биле објавени. Меѓутоа, меѓу нив останува како најзначајно „Сокровиштето“. Овој зборник го составил на новогрчки народен јазик и било отпечатено во Венеција во 1558 година. Колку ова дело станало веднаш популарно говори и фактот што во 1558 - 1577 година претрпело четири изданија, а веднаш по неговата смрт уште две. До денес ова дело е издавано повеќе од 50 пати.

Зборникот на Дамаскин Студит имал мошне добри и реални услови да допре до географски блиската средина на Македонија. Врските на книжевно-културен план меѓу Грција и Македонија биле секогаш блиски, како и тие на Цариградската патријаршија и Охридската архиепископија. Покрај тоа, Литско-Рендинската епархија каде што бил назначен Дамаскин Студит, била во близина со југоисточните епархии на Охридската архиепископија.

Македонскиот превод на Дамаскинот е познат во повеќе македонски преписи, меѓу кои: три од Народната библиотека во Белград, еден од Киевската духовна академија, фрагмента од два Дамаскинови слова од Севастијановата збирка во Москва, еден од Српската православна патријаршија во Белград, и објавениот најнов препис од Крнинскиот манастир (Пречиста - Кичевска), од Институтот за македонски јазик во Скопје. За самиот македонски превод на Дамаскинот најзначајни вести и истражувачки резултати соопшти П. Лавров.

Дамаскин Студит направил пресвртница со употребата на грчкиот жив и богат народен јазик, напуштајќи го стереотипниот класичен грчки јазик. Изгледа оваа суштина ја сфатил и пелагонискиот (прилепски) епископ Григориј и тој се потрудил да го оживи црковнословенскиот текст со богати елементи од живиот народен македонски јазик. Ваквите постапки и на авторот и на преведувачот придонесле за нивната популарност и за прифаќањето на самите слова многу широко и спонтано. Истражувачите на дамаскините подвлекуваат дека разликата меѓу македонскиот превод на Дамаскинот и бугарскиот „средногорски“ превод е голема. Изгледа на вториот преведувач му причинувал проблем самиот превод, кој не е така течен како кај Григориј. Пелагонискиот епископ во нијанса знаел да ги предаде реторските изрази. Одредени термини и специфични изрази се преведени прецизно и со големо познавање на грчкиот и македонскиот јазик. Григориј ги сфатил сите принципи и интенции на Дамаскин и доследно се придружувал

кон нив, предавајќи ги беспрекорно и со големо знаење. Самиот Дамаскин ги познавал достигањата на највредните византиски пера, преземал од нив вредни суштини и достигања, од: Јован Дамаскин, Григориј Богослов, Иполит Римски, Исисдор Пелусиот, Анастасиј Синаит. Добро ја познавал и користел Библијата, потоа апокрифите, апокрифот за Абагар и Исус, текстовите за Второто Христово пришествие, и други. Покрај тоа вметнувал и народни вкоренети традиции и легенди. И Григориј ги сфатил суштините на неговата творечка постапка и мошне успешно ги пренесе и во Македонија.

Покрај јазикот којшто е сочен, прифатлив, жив, дамаскините предничат и со интересните содржини, разновидни, библиски, евангелски, богословски, реторски, но предадени со прифатлив стил, лесно и достапно толкување, восприемливо за сите средини. Самите слова на Дамаскин може да се поделат во посебни групи. Најпрегледен пристап има направено Д. Петканова-Тотева, која и посветила на дамаскинската литература значаен истражувачки интервал. Во првата група влегуваат библиските текстови, повеќето со евангелиска содржина. Овде припаѓаат словата за: Богојавление, Раѓањето на Исус Христос, Благовест, Вознесувањето на Исус Христос, Воскреснувањето на Лазар, Воскресението на Исус Христос, Чудата на архангелите Михаил и Гаврил, Томина недела, Второто пришествие и Антихрист, и други. Во втората група спаѓаат пробрани житија на светители и маченици, мошне популарни во христијанскиот свет: Св. Ѓорѓи, Св. Евстатиј, Св. Никола, Марија Египетска, Св. Димитар Солунски, Св. Теодор Стратилат, Св. Теодор Тирон, и други. Третата група е помала, со поучителни слова. Поука против плачењето по умрените, Поука за постењето, Поука за неделата на крстопоклонувањето. Четвртата група ја сочинуваат текстови со религиозна и историска содржина: За светите икони, Слово за неделата на сите светители, Слово за 318 никејски отци.

Постепено во дамаскинарските зборници се намалувал бројот на словата, т.е. фигурирале помалку од 36. Така на пример, во Крнинскиот дамаскин фигурираат 20 слова, но антологиски избрани. Покрај тоа, сите тие се хронолошки подредени, според редоследот на Господовите и Богородичните празници и настани. Четиринаесет слова припаѓаат кон првата библиска и евангелска група. Четири

се одвојуваат на житија од светители. Кон нив се придружува третата група со две поучителни слова.

„Сокровиште“ станало познат текст особено широко во Македонија и Бугарија, потоа во Србија, Романија, Русија, во превод. Бројните преписи од македонскиот и бугарскиот превод нашле погоден терен за развој. Нивниот одраз и вкоренетост биле толку впечатливи, што во Македонија го продолжиле својот живот, обработки и преписи и во XIX век. Тие им биле познати, и на нив се угледувале, македонските просветители и книжевници Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ. Епископот Григориј Пелагониски ги направил словата на Дамаскин достапни за сите, преведувајќи ги на словенски дури и имињата на личностите.

Секое слово од Дамаскин започнува со карактеристичен краток увод, во кој се содржи христијанско-морализаторско и филозофско упатување на читателот кон содржината, која опширно се образложува во вториот дел од словото, со хронолошка последователност. Третиот дел го изделува заклучокот, кој се однесува на логичната завршница, во духот на христијанските постулата и ортодоксно учење.

Од македонските преписи на Дамаскиновиот превод позначајни се следниве. Во Народната библиотека во Белград се наоѓале три ракописи, бр. 318, 129 и 315, потоа уништени. Во Српската патријаршија во Белград се наоѓа ракописот бр. 66, од XVII век. Под бр. 33 се наоѓа препис во Киевската духовна академија, кој се смета како продолжение од Крнинскиот дамаскин. Во збирката на Севастјанов во Москва, бр. 50, се зачувани фрагменти од две слова, со значајниот податок дека преводот го извршил епископот Григориј. Во Институтот за македонски јазик, под бр. 594 се наоѓа Крнинскиот дамаскин, објавен опстојно од П. Хр. Илиевски во 1972 година. Три Дамаскинови слова се наоѓаат во Зборник од XVIII век, сопственост на Филолошкиот факултет во Скопје, ФФМ. 1 - 5, кај Мошин Рс бр. 107. Едно слово објавил Ј. Х. Васиљевиќ, потоа уште две Н. Начов. Словата од Начов се пишувани на тетовски дијалект и потекнуваат од XIX век. Во Македонија дамаксините биле присутни од XVI век и во сите наредни векови, паралелно со популарните хагиографски и апокрифни текстови.

Со првиот превод на Дамаскинот се појавиле преписите познати како дамаскини, составени исклучително од Дамаскиновите слова. Постепено во

наредните зборници приредувачите пропуштале одредени Дамасконови слова и вметнувале слова и од други автори. Во третата етапа се случувало да се препишат зборници наречени дамаскини, а во нив да нема ниту едно слово од Дамаскин.

ЛИТЕРАТУРА

НАЧОВ, А. Н, Две Хаджи Йоакимови книги, Периодическо списание на Българското книжовно дружество в Средец, VIII, кн. XXXIX, 1892.

ВАСИЉЕВИЋ, Х. Ј., Маћедонски зборник прошлога века, Споменик, XXXI 1898, 6 - 36.

ЛАВРОВ, П., Дамаскин Студит и сборники его имени „дамаскины“ в югославянской литературе, Одесса 1899.

ЛАВРОВ, П., Сокровище Дамаскина Студита в новом русском переводе, Летопис Историко-филологического общества Имп. новороссийского универ., XI 1901, 373-398.

РУВАРАЦ, Д., Два зборника проповеди Дамаскина Студита от XVII в.в Белградската патриаршиска библиотека, Ср. Карловци 1922.

МАНЕВИК, Т., Евангелски текстови и дамаскин на галички дијалект, Македонски јазик, IV, Скопје 1953, бр. 5 - 6, 121 - 132.

ПЕТКАНОВА-ТОТЕВА, Д., Дамаскините в българската литератур;:, София 1965.

ДЕМИНА, И. Е., О характере влияния „Сокровища“ Дамаскина Студита на болгарскую письменностиь XVI - XVII вв., Иследования по слав, язик. Сборник, С. Б. Берштейна, Москва 1971, 54 - 62.

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар. Крнински дамаскин, Скопје 1972.

ДАМАСКИНИ, предговор, избор, редакција и коментар: Р. Угринова-Скаловска, Македонска книга, Скопје 1975.

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар, Контекст и интерпретација на Дамаскинови слова, Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје, 1975, т. 1 (27).

ИЛИЕВСКИ, Хр. Петар, Јазикот на дамаскините и процесот на обновување на писмениот јазик во турскиот период, Предавања на VI Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1978, 18 - 28.

ВАСИЛЕВ, П., Поважни правописни особености на архаичните дамаскини, Славянска палеография и дипломатика, София 1980, 118 - 122.

ILIEVSKI, Hr. P., Greek-slavonic Interrelation Reflected in Damascenus Studites Thesaurus and Its Church-Slavonic Translations, Прилози, МАНУ, IX, I Скопје 1984, 41 - 51.

МОЛИТВАТА се јавува како специфичен и присутен средновековен книжевен жанр, кој посебно се негувал во византиската книжевност, од каде се пренесла во словенското книжевно творештво. Молитвата е религиозна поетска творба со апострофирано обраќање кон божеството, „со која, подвлекува А. П Каждан, се создава илузорна слика за контакт меѓу верникот и божеството“. Како најочевидни примери се посочуваат библиските Давидови псалми, руските духовни стихови. Во словенските литератури виден поттик и пример покажал Кирил Филозоф, со цитираните три молитви во Панонските легенди, во неговото опширно житие. Една од нив му ја посветил на својот учител и сакан писател Григориј Богослов, исто така познат автор на молитвени состави во IV век. Додека во антиката молитвата претставувала израз на ритуален чин, во христијанскиот период постелено минува во внатрешна духовна молитва, што кулминира во XIV век за времето на развиениот исихазам. Пустиножителските појави ја истакнале „чистата молитва“ или „умната молитва“, која прв ќе ја пласира анахоретот Евагриј Понтиски. Оваа „чиста молитва“ е упатена кон Бога, додека во хомилиите обично се јавува „молитва на срцето“, упатена до Исус Христос. Во христијанската литература не мало влијание извршила Молитвата на Исус Христос, упатена кон својот Татко - Бог, пред непосредната смрт, во Гетсеманската градина, во Маслинската Планина.

Многу делови од составите на Климент Охридски наличуваат на молитвени, кога им се обраќа на браќата и преку кои комуницира со Бога. Меѓутоа негова конкретна молитва не е зачувана, иако Теофилакт оставил податоци за неговата наклоност кон молитвата, а по протерувањето од Моравија крај едно крајдунавско село со молитвата упатена кон Бога го оживеал умрениот син на домаќинот. Псалмопеењето и молитвите му биле секојдневна и ноќна и денска наклоност. Таква една молитва искажал кон Бога кога ја насетил смртта. Името

на Климент некои истражувачи го споменуваат како автор на Синајскиот молитвеник.

Посебен пример на поетска молитва упатена кон Бога е успешната творба на епископ Константин „Азбучна молитва“, позната според најстариот Синодален препис од XII - XIII век. Грчкото молитвено стихотворство извршило влијание, но и уметничките квалитети на поетот се видливи. Тој успешно го вградил азбучниот акростих, според нормите на византиското стихотворство.

Во средновековната јужнословенска книжевност посебно била популарна „Молитвата кон пресветата Богородица“ од Димитар Кантакузин. Кантакузин во неа го изразува поетскиот плач, кој ја навестува неговата животна вознемиреност, пред темнината на современоста.

Од жанрот на молитвите се изделуваат познатите АПОКРИФНИ МОЛИТВИ, составени од анонимни автори, а широко познати меѓу луѓето. Биле познати и со името ЛАЖНИ МОЛИТВИ. Вакви состави се поврзуваат со името на Сисиниј (Сисон). Најстар текст се среќава во Драголевиот зборник од XIII век, српска редакција, од македонска постара предлошка, а се среќава и во други словенски редакции. Една од нив е рускословенската верзија од XIX век, препис зачуван во Народната библиотека во Белград, Рс 88. Сисон со молитвата кон Бога го победил ѓаволот, кој и ги земал новородените деца на сестра му Мелетија. Апокрифните молитви нашле своевидна широка обработка во трудовите на А. И. Јацимирски.

Кон молитвените состави припаѓаат и ТРЕБНИЧКИТЕ МОЛИТВИ, кои се исполнувале во повеќе случаи: кога жена ќе роди, кога жена ќе абортира, за душевни болни, за оние кои се исповедуваат, за благослов на куќа, кога се бере грозје, за литии, за основање црква, назначување митрополит, над гробот на умрен, над умрено дете, за помор на стока, за урокливи очи, против гром и молња, итн.

Постојат разновидни молитви употребувани во црковните разновидни служби, меѓу кои се познати текстовите на: Василиј Велики, Ефрем Сирин, Симеон Столпник, Симеон Метафраст, како и други состави од анонимни автори. Еден зборник со молитви, псалми, тропари и Сонот на Богородица, од XIX век, со потекло од Струшко, се наоѓа во Архивот на Македонија, М. 1 - 5.

ЛИТЕРАТУРА

АЛЬМАЗОВ, И. А., К истории молитв на разные случаи, Одесса 1896.

ЯЦИМИРСКИИ, И. А., К истории ложных молитв в южнословянскои письменности, Известия Отделния русского языка и словености XVIII, 1913, 3, 4, 1 - 102, 16 - 126.

HAMMAN, A., Prieres des premiers chretiens, Paris 1952.

Димитрије Кантакузин, приредио Ђ. Трифуновић, Нолит, Београд 1963, 40 - 72.

БЕГУНОВ, Ю. К., Покаянная молитва с именем Кирилла Философа, Die Welt der Slaven, XV, Wiesbaden, 1970, 26 - 50.

КУЕВ, М. Куйо, Азбучната молитва в славянските литератури, БАН, София 1974.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Азбучник српских средњовековних књижевних појмова, Београд 1974, 140 - 141.

ХРИСТОВА, И., О славянских переводах Господней молитви, Palaeobulgarica, София 1991, XV 3, 41 - 57.

ПОЛЕМИКАТА, како специјален средновековен книжевен жанр, била негувана во средниот век. Се развива врз основа на развиените антички примери, кога противположните мислења се негирале и бранеле во вид на т.н. апологии. Познат е составот на Платон со наслов „Апологија на Сократ“. Таа развива уметничко книжевно дело врз основа на одбрана на став, гледиште, што доаѓало до израз посебно на преодот од паганство во монотеизам, кога се јавува потреба од силни апологети. Византиската средновековна книжевност била преплавена со познати апологети и полемичари: Антинагор, Атанасиј Александриски, Василиј Велики. И во VI век била актуелна „Апологијата на мимиката“ од Хорикиј, нападнат од христијанскиот апологет Јован Златоуст, предизвикан од паганските сфаќања за античкиот театар. Овој развиен и познат жанр влијаел кај одлично изградените книжевници од првата словенска генерација. Успешни полемички состави откриваат Панонските легенди од авторот Кирил Филозоф. По него би го истакнале примерот со делото на Црноризец Храбар „За буквите“. Наоѓајќи се среде крстопатот на Моравските Словени и Панонските, Кирил Филозоф наишол на големи отпори од германските и латинските соседи, што предизвикале остри полемички тонови. На сличен начин, Црноризец Храбар се соочил со соседите на југ, кој предизвик ја родил популарната полемика, трактат, апологија - „За буквите“. Најстариот препис од оваа полемика потекнува од XIV век, познат како Лаврентиев. Апологемата во овој текст би била правото на секој народ да го восприема словото на свој јазик. Со збиеноста, сублимираната згуснатост, составот открива успешен трактат, преполн со актуелности за Словените во соседство со Грција. За да даде ефектен одговор Црноризец многу успешно се изразил преку актуелноста на полемиката, која овозможува вклучување на апологетска и трактатна ефектност. Не помало значење во старата книжевност добива и полемичкиот дел на „Беседата проти новопојавената

богомилска ерес“ од Презвитер Козма, кога остро ги напаѓа богомилите, нивната појава, еретизам, дуализам, вчудовиден од нивниот продор и размерите на актуелноста. Еден стар препис се наоѓа во Драголевиот српски зборник од XIII век, но настанат врз македонска предлошка, и тоа доста стара.

ЛИТЕРАТУРА

Полное собрание творений святого отца нашего Йоанна Златоуста, т. XII, ч. 1, Спб. 1906, 329.

ПОПРУЖЕНКО, Г. М., Козма Пресвитер, болгарский писател X века, БАН, София 1936, Български старини, XII.

СНЕГАРОВ, И., Обществената мислъ в първата българска държава (680 - 1018), Славянска филология, V, София 1963, 137 - 166.

КУЕВ, М. Куйо, История на триезичната догма, Черноризец Храбор, БАН, София 1967, 72 - 85.

ФРЕИБЕРГ, А. Л., Апология мимов Хорикия, Античность и Византия, Москва 1975, 319 - 326.

ЕРМИНИИ

Ерминиите се јавуваат како своевидни прирачници во средниот век, во кои се содржеле сите правила за правењето на боите, како и на подлогата врз кои се сликало, со други зборови самата техника на зографисувањето. Во некои од нив упатствата се проширувале врз местото, распоредот на композициите, светителите, во црквата. Некои оделе и во поголеми детали при опишувањето на светителите и другите закономерности на делата. Мошне значајна е ерминијата на епископот Нектариј од Велес, наречена Типик. Таа е позната во руска редакција од 1599 година. Се смета дека при своите патувања Нектариј ја пренесол во Русија, а врз нејзина основа настанал рускиот текст, а може да се смета дека ја превел директно од грчки пример. Во неа е дадена целата техника за изработката на зографското дело. Овој вид ерминија ја претставува првата група текстови, познати во Македонија. Втората произлегува во преводот на светогорскиот монах Иларион од Зографскиот манастир, од грчката ерминија на монахот дионисиј, во самиот крај на XVIII век. Во XIX век во Македонија се јавиле ерминии од овој вид, со подетални описи на композициите, светителите, библиските сцени. Третиот вид ерминии давале готови обрасци за зографисување. Кај нас е познат примерот на зографот Тома Вишанов.

Во Македонија се користеле од нашите познати зографи вториот вид ерминии, од кои значаен број се зачувани во Македонка до денес. Три ерминии се сопственост на Филолошкиот факултет во Скопје. Меѓу нив е ерминијата на велешкото семејство Зографски од 1875-1885 година. Две ерминии од XIX век се зачувани во Архивот на Македонија и во Народната и Универзитетската библиотека „Климент Охридски“ во Скопје. Во Софија била однесена ерминијата на познатиот македонски зограф Дичо, како и друга ерминија од Велес.

ЛИТЕРАТУРА

РАДОЈЧИЋ, Светозар, Старине Црквеног музеја у Скошьу, Скопље 1941.

ХАРИСИЈАДИС, Мара, Прилог проучавању српских типика за израду мастила и боја за рукописе, Библиотекар, Београд 1968, бр. 3, 209 - 218.

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, Скопје 1971, 354.

СТОЯНОВ, М. - КОДОВ, Х., Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека, София 1971, IV, 140.

ВАСИЛЕВ, Асен, Ерминии - технология и иконография, София 1976.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ, За македонските ерминии, Културно наследство во СР Македонија, Скопје 1978, XV, 197 - 203.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Опис на непозната ерминија од досега непознатиот македонски зограф Павел Стојановиќ од Галичник од 1869 година. Културно наследство, X-XI, Скопје 1987,123-131.

НАУМОВ, С., Ерминиите во Македонија, Спектар, Скопје 1988, бр. 11, 39-49

ГАТАЧКИ КНИГИ

Со оглед на нивото на науката за природата воопшто, во средниот век е нормална појавата и широката распространетост на текстовите што би ги именувале под зеднички наслов - ГАДАЧКИ КНИГИ. Немајќи ред одговори за светот што ги опколувал, за минатото, а уште повеќе за иднината, луѓето ги барале врските, односите, во одговорите поврзани со одредени пророчки знаци, во деновите, во годината, во човекот, во небесните тела. Според ориентацијата и текстовите добиле одредена класификација. Под називот **Коледник** се групираат разновидни словенски толкувања за денот кога во одредена година паѓа празникот Коледе, во кој ден од седмицата, според астрономските знаци. Така на пример, ако се случи Коледе да биде во недела, се сметало дека зимата ќе биде мека, пролетта - дождовна, летото - суво, а есента - ветровита. Покрај тоа се прорекува родна есен, изобилство на мед, итн.

Пророштвата според знаци на природата, во случајот според грмотевицата се групирале во текстовите озаглавени **Грмник** (Громовник). Се верувало дека идните денови, настапи, зависат од денот кога ќе загрми, и од месецот. Така на пример, ако загрмело во првиот ден од септември означувало смртен знак. Ако во истиот ден загрмело со молна во времето на денот, означувало сите земји од Исток до Запад ќе доживеат среќа, а Египет - несреќа, итн.

Ако затреперел некој дел од човечкото тело се толкувал сестрано, во зависност како, кога, кој, затреперувал. Ваквите текстови се познати со општиот назив **Трепетник.** Ако затреперел десниот лакот се верувало дека предвестува радост, левиот - за богатите значело работа, за сиромашните радост. Ако затреперела десната веѓа - означувало болеет, а потоа излекување, левата веѓа означувала добра вест, итн.

Во гадачките текстови се сметаат и верзиите на **Зодијакот.** Се верувало дека грмотевицата во времето од зодијачкиот знак рак означувала појава на силни

ветрови, и жито во амбарите, многу смртни случаи, малку плодови. Исто така, според појавата на молњата, во зависност од деновите и месеците, се претскажувале добри и лоши вести за бериќетот, царот, луѓето, војните, мирот. Ваквите текстови се познати како **Молник**. Во т.н. **Сановник** се предвидувало како ќе тече наредниот период на болниот, во зависност од денот на месецот кога се разболел. Покрај овие поџанрови постоеле и други, некогаш со смешана содржина, но со цел претскажување на блиската и подалечната иднина. Разбирливо е дека овие текстови за истражувачите пружаат захвален материјал, нужен за општетвените науки, свртени кон изминатите историски периоди, зашто честопати предвидувањата на луѓето зависеле од конкретната општа констелација во која се наоѓале. Бесперспективните ситуации им налагале и сомнителни предвидувања, мрачни и безнадежни, за разлика од периодите на одредени благосостојби, општи или индивидуални проблесоци, проследени со оптимистички пророштва. Покрај тоа, тие се показатели и на знаењата, потребите и желбите на народот, кои откриваат политички, стопански, духовни, и други состојби и тенденции.

Гадачките книги и текстови немаат стремеж кон поетизација, напротив тие се практични, директни, резимирани. Наизменичните промени на состојбите, условите за опстанок, за живот, човекот подложен на промени, се прифаќале како судбински одредници, честопати врз долгогодишното народно искуство, честопати шаблонски, во црно-бели рамки. Тие ги одразуваат поларизираните и променливите состојби мошне реално. Покрај тоа, во нив е проследена најконтинуирано нишката од далечното митолошко и паганско минато. Не случајно старите источни цивилизации, антиката, кои изобилувале со пророшки книги и појави, ги втиснале во наредното наследство на народите, со видливи траги од својот печат. Оттука тие зафатиле корени во јужнословенските пишани текстови, а и длабоко во народното творештво на истите. Таков е случајот и со македонската средновековна книжевност и народното творештво. Како најпоказателен пример, може да послужи Асемановото евангелие, кое содржи астролошки текстови, записи кои покажуваат лоши и добри денови од месецот. Коледникот и Грмникот се застапени во Драголевиот српски зборник од XIII век, настанат врз постара македонска предлошка.

ЛИТЕРАТУРА

ЯГИЧ, В., Коледар дневни, Starine, Zagreb 1878, X, 115 - 116, (од Берлинскиот зборник од XIII век).

СПЕРАНСКИЙ, Н.М., К истории отреченных книг, Памятники древней письменности и искусства, 1899 - 1900 - 1908.

СПЕРАНСКИЙ, Н. М., „Злые дни“ в припискаx Асеманова евангелия, Македонски преглед, 1932, 1, 41 - 53.

АНДРЕЕВА, М., К истории византийско-гадательных книг, Byzantinoslavica, V, 1933, 120 - 161.

ПОЈ1ЕНАКОВИК, Х., Ваташки трепетник, Македонски јазик, Скопје 1952, III, бр. 4, 88 - 90.

ДУЙЧЕВ, И., Из гадателните книги, Естественознанието в средновековна България, София 1954, 390 - 437.

ЈОВАНОВИЋ-СТИПЧЕВИЋ, Б., О зимама и коледама у Зборнику попа Драгоља, Археографски прилози, 2, Београд 1980, 153 - 147.

Стара българска литература, 1, редакция Д. Петканова, Апокрифи, Гадателни книги, София 1982, 317 - 331.

ПЕТКАНОВА, Д., Гадателните книги и фолклорът, Старобългарска литература, 18, 1985, 47 - 58.

ЛЕКАРСТВЕНИК

Меѓу словенските ракописи се наоѓаат посебни лекарственици, во кои се опишани разновидни лекарства за многу болести. Разблирливо е дека овие текстови биле главно преведувани од грчките медицински ракописи. Грција била позната во тоа време со своите медицински рецепти. Во посебни земји, па и кај нас, во нив постепено почнале да влегуваат и рецепти од народната медицина, особено во подоцнежните векови Баков пример покажува Зборникот со народни лекови што се чува во Историскиот архив во Титов Велес М-2. Во него се наоѓаат рецепти за: кашлица, срце, жолтица, грло, разни рани, за болки во стомакот, рана од истрел на пушка, уплав, сараца, за дете кое не може да мокри, за дете кое мокри ноќе, за шинати делови. Во разните лекарственици се наоѓале и лекови за: говедска болеет, овча, за мајасил, треска, гуша, против глисти, за глуви, итн. Ваков сличен ракопис се наоѓа и во Народната библиотека во Софија, бр. 1120. Иако се понови, интересни се и од аспект на изучувањето на македонскиот јазик.

ЛИТЕРАТУРА

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, Скопје 1971, I, 381 - 397.

АПОСТОЛОВ, М., БОТЕВ, В., Ръкописи с медицинско съдържание от Атой, Хилендарски медицински сборник бр. 517, Старобългаристика, София 1982, бр. 1, 59 - 86; Македонски лечебник од XIX век, приредил д-р Драги Стефанија, Македонска книга, Скопје 1985.

СРЕДНОВЕКОВНИ ШКОЛИ

СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ШКОЛИ, СКРИПТОРИУМИ, МАНАСТИРСКИ ПОГОЛЕМИ И ПОМАЛИ ЦЕНТРИ И ДРУГИ СРЕДИШТА

ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА

Без секакво сомневање, најстарата средновековна македонска школа е ОХРИДСКАТА КНИЖЕВНА ШКОЛА формирана уште во 886 година од Климент Охридски. Познато е дека по неуспешното назначување на Горазд за архиепископ, како Методиев избраник - учениците и проповедниците на словенскиот збор биле најжестоко протерани од Моравија и Панонија. Многу од нив подлегнале пред суровостите на гонителите и на времето. За среќа, една група ученици, се упатиле во бугарската престолнина, а вредниот Климент преминал во Кутмичевица, Западна Македонија, каде што во градот Охрид, ја основал Охридската книжевна школа. Градот Охрид, Климент посебно го уважувал и сакал, и не случајно во него го подигнал својот истоимен манастир, каде што монахувал и заедно со сопатникот Наум Охридски ги удриле и раните темели на монашкиот живот во Македонија. Со оглед на тоа што со оваа значајна средновековна Школа, не се поврзува зачувана градба, а се лоцира во средиште од скромните остатоци на Климентовиот манастир во охридската месност „Имарет“, нужно е да се согледа нејзината суштина. И покрај тоа што на оваа Школа и се придава и често и значајно универзитетско значење, овој центар не се поврзува со традиционално градбено здание. Познато е дека во својата Школа Климент формирал ученички кадар, за разни цели и потреби. Со најталентираните лично работел посебно, додека поголемиот број ги упатувал во учителска,

проповедничка и свештеничка дејност и ги распоредувал во сите делови од Западна Македонија. Оваа далекусежна кадровска дејност ја вршел сигурно под влијание на мудрите учители Кирил и Методиј. Токму затоа, оваа рана средновековна Охридска книжевна школа се раширила многу подалеку од Охрид и зградата каде што Климент го започнал значајното првично слово во Македонија. Токму затоа, писменоста, книжевноста и културата од Охрид нашла своевиден одраз пошироко, или Климент го дал смисленият тон за кружното зрачење и ширење на своето Слово. И не случајно Охридскиот центар и многу векови по смртта на Климента ќе зрачи благотворно писмена и духовна култура во целиот словенски свет. Ова не наведува на суштинското прифаќање на широчината на Охридската книжевна школа, заради што кон неа ќе приопштуваме значајни ракописни книжевни писмени и книжевни текстови не само од Охрид, туку и од: Струшко, Битолско, Кичевско, Дебарско итн.

Една од важните карактеристики на Охридската книжевна школа, секако, е долгорочната зачуваност на кирилометодиевската глаголска традиција, до XII век, и понатаму, разбирливо, покрај примената и на кирилицата, која завладеала во источно бугарската Преславска школа, а во Охридскиот центар по XII век. Во најстарите зачувани споменици од Охридската школа, како што се на пример: глаголските, Асеманово евангелие, Синајски псалтир, Синајски еухолигиј, потоа кирилските: Добромирово евангелие, Битолскиот триод, Охридски апостол, Болоњски псалтир, се зачувани доста блиски карактеристики од кирилометодиевскиот старословенски јазик. Дури и честите моравизми и панонизми во најстарите македонски ракописи денес не се никаква случајност, напротив логична последователност на традиционалното Климентово континуирано следење на делото на Кирил и Методиј, спроведено во Моравија и Панонија, а потоа со нова, Климентова сила, развиено во друга средина, во Охрид, Македонија. Меѓу особеностите со поголема старина на глаголските ракописи спаѓаат и граматички и лексички одлики. Карактеристични се формите за асигматски аорист I, партиципни форми од типот моль. Правописот на охридските споменици е двоеров. Во силна позиција еровите се вокализирале: сънъ>сон, дънь>ден. Разбирливо е дека охридските паметници се разликуваат од текстовите на

другите школи, според: правописни, јазични, орнаментолошки, палеографски и други белези.

Поделбите на школи, скрипторски центри, и други средишта, е вршена на разни начини, според правописни белези, јазични карактеристики, палеографски нацрти, според битни или типични карактеристики на еден центар. Со оглед на тоа што не постои шаблонизирана поделба, а таква и не даваат децидно самите текстови и ракописи, и класификациите се условни. Според тоа, несомнено е егзистирањето на најстарата Охрид ска книжевна школа од IX век, во Македонија, а потоа на пошироко означената Кратовска школа, која настанала подоцна од Охридската, од која несомнено претрпела влијание, а сигурно и силен поттик, а која, исто така, се протегнала пошироко, во североисточна Македонија.

Охридската книжевна школа ја основал Климент, а по осумгодишна одделеност, му се придружил Наум Охридски во 893 година, продолжувајќи ја значајната учителска дејност. Покрај овие двајца значајни основачи на Школата, од неа произлегле, а потоа зеле активно учество во нејзиното издигнување и надживување на наредните векови, бројни познати, а уште повеќе анонимни дејци, препишувачи на ракописи, автори, преведувачи. На полето од книжевната дејност основниот основоположнички тон го дал Климент Охридски со личниот пример, следен од талентираните негови ученици. Тој се обидел на полето од беседништвото, движејќи се од едноставно поучително слово до стилистичките бисери на вдахновените похвали, од обмисленият превод на Триодот до оригиналните химнографски потфати, кои се уште се откриваат. Со поскромна ваква дејност, дознаваме во поново време, се занимавал и Наум Охридски. Во бројните скрипторски центри, кои почнале да се јавуваат во Западна Македонија, поттикнати од Климентовата дејност, настанале значајни ракописни тектстови, преписи, преработки, антологиски избори, лични потфати, кои денес, иако распрснати низ книгохранилиштата од светот, даваат претстава за писмената, просветената, книжевната и културната традиција на Охридската школа, засведочена до денес.

Еден од важните центри на оваа Школа бил и манастирот **Св. Пречиста**, сместен на живописно место од планината Цоцан, во општина Кичево, блиску до селата: Манастирско, Доленци, Србјани, Кладник, Поположани, Јудово, Сви-

њишта. Овој манастир до крајот од XIX век бил познат под името Крнино, според блиското село Крнино, кое било опустошено во XIX век, но и ден-денес се гледаат остатоци од урнатини. За овој манастир е познато преданието дека бил изграден по разрушувањето на манастирот Кнежински, кој се наоѓал на планината Бистра. По неговото разрушување чудотворната икона на Св. Богородица сама летнала на денешното место каде што е изграден манастирот „Св. Пречиста“. Селаните сакале да градат на друго место, но иконата секогаш се враќала на првобитното место. Луѓето на крај го изградиле манастирот токму на тоа место. Иконата и денес се чува во истоимениот манастир, а во 1865 година неа ја обновил познатиот Дичо Зограф од селото Тресонче. Вакво предание и други слични, забележале: В. К’нчев. М. Цепенков, Ј. Х. Константинов-Џинот. Во секој случај, за овој манастир недостига точната и првичната година на изградување. Постојат нецелосни и непроверени податоци дека манастирот бил подигнат во XIV век. Најсигурен изворен податок се добива од еден додатно залепен лист кон книгата „Състави на свети Димитар Ристовски“, во кој се споменува големото опустошување на манастирот, што се случило во 1558 година. Понатаму, постојат понови извори за постоењето на манастирот.

Во секој случај, овој значаен македонски манастир ја продолжил просветно-книжевната традиција за времето од турското владеење. Во неа биле пренесени традициите на значајната средновековна Охридска школа, основана од Климента, врз науката што ја добиле заедно со Наума од Кирил а и Методија. Во овој манастир се ширело словенското писмо и збор. Манастирот уживал голем углед во Западна Македонија, меѓу христијаните, а и меѓу муслиманите. Од помениците се гледа дека него го помагале не само луѓе од Кичевско, туку и од: Дебарца, Охридско, Гостиварско, Тетовско, Скопско, Крушевско, Прилепско, Битолско, како и од подалеку Србија, Влашко, Бугарија, Цариград. Тоа недвосмислено говори за неговиот углед и раст. Во него бил развиен монашкиот живот, се вршеле редовни богослужби, на денот на манастирот се собирале луѓе речиси од цела Македонија, а во него работело и ќелијно училиште, кое подготвувало свештеници и учители. Интересно е дека кадровската систематизација и заложби на Климент и Наум Охридски, кои почнаа да ги остваруваат уште со формирање-

то на Охридската школа, успеале да ги втиснат долгорочно и кај наредните генерации, дури да живеат и по прекинувањето на самостојноста на Охридската архиепископија во 1767 година.

Интересен податок за ракописното наследство во овој значаен македонски центар оставила ќерката на А. Гиљфердинг, Марија Карлова, кога го посетила со татко си манастирот во 1870 година. Игуменот им ја раскажал тажната историја на манастирските ракописи, меѓу кои имало сигурно и глаголски. Пред дваесетина години во манастирот пристигнал владиката Мелетиј, Грк, да ја освети обновената манастирска црква. Тој дознал дека во привремениот параклис се чуваат многу стари ракописи и наредил да се стават во една дупка и сите да ги изгорат. Игуменот Теодосиј му се противставил, образложувајќи дека ќе ги зasида во кубето од црковниот покрив. Не успеал да го разубеди владиката во поставените намери.

И покрај ваквиот вандализам од овој центар останале значајни ракописи кои некогаш биле своина на манастирската библиотека. Меѓу нив да ги споменам најзначајните. Меѓу постарите ракописи се Четвороевангелието од XIV век, Псалтирот од XV век, и двата ракописи покажуваат ресавска редакција, а се сопственост на Универзитетската библиотека во Белград (Рс 64 и Рс 65). Кичевското евангелие од XVI век денес се чува во Охридскиот архив. Мошне значаен ракопис е познатиот Крнински дамаскин од XVI век, кој претставува еден од најстарите преписи на зборникот на Дамаскин Студит, преведен од пелагонискиот епископ Григориј. Токму од овој центар потекнува Зборникот од Дамаскинови слова на говорен мијачки дијалект. Крнинскиот дамаскин денес се чува во Институтот за македонски јазик во Скопје. В. Мошин во описот на „Словенските ракописи во Македонија“ подвлекува шест ракописи од „Св. Пречиста“, и тоа сите се од XIX век: Две молитви на Богородица и Исус Христос, фрагмент на корица од минеј, Парусија руско-црковнословенска од 1863, Парусија руско-црковно-словенска од 1864, Вечен поменик руско-македонски од 1885, Правило на Св. Спиридон Тримифунски, Служба на Св. Наум Охридски, препис од 1904 година. Еден тефтер за манастирските служби се чува во Охридската митрополија, а Акатистот за Св. Јован Претеча и на Крстител Господов и денес се чува во

манастирската библиотека. Марија Карлова соопштува дека игуменот им поклонил еден ракопис, единствениот што не бил изгорен, тоа било Евангелие, но до денес е неизвесно неговото натамошно проследување. По пожарот од 1943 година на местото од старата црква била изградена новата, во 1947 - 1948 година.

Во традицијата на овој значаен западномакедонски манастирски центар останале живи врските со манастирот „Слепче“ во Битолско. Покрај тоа, почнувајќи од XVI век, од овој центар се шириле прогресивните и необично важните примери и тенденции - за народна просвета на говорен македонски јазик. Очевидно овде е пак важна и пресудна улогата на преводот од Зборникот на Дамаскин Студит, кој ги остварил практично овие тенденции. Монасите и свештениците ги шириле овие идеи од манастирот и во другите центри, не само во Западна Македонија, туку и во Источна. На тој начин растела самосвеста за важноста на родниот говор, родниот јазик и националната битност.

До олтарната преграда, на јужниот ѕид од Пречиста Кичевска е насликана композицијата на Седмочислениците, распоредени околу Светиот Престол. Со седмочислениците е насликан и Св. Еразмо. И оваа фреска се смета дека потекнува од раката на Аврам Дичов, син на Дичо Зограф, изработена во 1880 година. Словенската просвета што се чувствувала во овој манастир не случајно останала и во XIX век, како неделив континуитет на значајната Климентова школа и традиција.

На падините на живописната планина Бистра, над ретко бистрата река Радика, меѓу Гостивар и Дебар, се надвиснал еден од најпознатите и најубавите манастири во Македонија, Св. Јован Бигорски. Секогаш во центарот на вкрстените влијанија во Македонија, бдеел и ги бележел настаните, културните појави, војните, опустошувањата, за да опстои до денес, прибирали ги и домашните и странските љубопитници кон македонската уметност, кон нашата стара градба, кон природните убавини, кои во овој крај останале непоматени до денес.

Според легендарни преданија манастирот го изградил архиепископот Јован во 1020 година. Ова го бележи и Бигорскиот поменик од 1833 година. Самата црква се споменува во Зографскиот поменик од 1527 - 1728). Според старото предание и иконата на Св. Јован Претеча била зографисана во 1020 - 1021 година. Помени-

кот од XVIII век знае дека со доаѓањето на Турците црквата била разрушена. Денешната импозантна градба е изградена во XIX век, од кое време потекнува и живописот. Самата градба е компонирана од бигорни блокови. Фреските се дело на познатиот македонски зограф Дичо, и тоа куполните, додека другите ги работел друг сликар. Импозантен впечаток остава олтарот од дабораез, од 1830 - 1840 година, изработен од македонските мајстори Петре Филиповски и Макарие Фрчковски. Во една од резбите прикажан е Петре Филиповски, како главен мајстор, кој размислува врз делото. Оваа резбарска творба го привлекува вниманието на сите мајстори од резбарските школи во светот.

За културно-историската улога и значење на Бигорскиот манастир постои обемна литература, особено за уметничките дела, за книжевното наследство од овој крај. Иако немаме изворни податоци, станува очевидно дека културната и ракописната традиција започнале да се одвиваат во XI век, за времето на охридскиот архиепископ Јован од Дебар. Во овој крај творел познатиот црковен музичар Јован Кукузел. Во него биле познати имињата на архимандритите Анатолиј и Иларион, на Партениј Зографски, а според некои укажувања во него престојувале и работеле и Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ. Овој крај ги дал познатите активисти и дејци: Исаија Радев Мажовски, Ѓорѓи Пулевски, Ѓурчин Кокале и многу други.

Од ракописното наследство поодамна Б. Цонев споменува еден пергаментен лист од Четвороевангелие, датиран во XIII век, а донесен во Софија од Дебар. Во Софиската библиотека дополнително било пронајдено и целото Четвороевангелие, датирано главно во периодот од XIII - XIV век, со употреба на кратовски правопис, со мал ер. Во вториот том од описите на Цонев е опишан пергаментниот лист, под бр. 467, додека во I том е описот на целото Евангелие, под бр. 22. Од Дебарскиот крај е опишан уште еден пергамент Осмогласник од XIV век, со летописна белешка за доаѓањето на Мехмед Паша во Дебарско, во 1516 година, I опис од Цонев, бр. 180. Под бр. 172 Цонев опишал втор Осмогласник, пронајден во исламизираните дебарски села, но со српска редакција.

Со описот на словенските ракописи во Македонија кон ракописното наследство од овој крај се придодадоа и нови текстови.

Од Дебарските предели потекнува и јеромонахот Висарион, кој оставил записи дека работел на книгите од Златоуст и од Дионисиј. Во записите издадени од Љ. Стојановиќ значајни се заведените под бр.: 546, 573, 2046, 7330, 644. Записите и дејноста на Висарион спаѓаат во XVI век. Висарион главно работел во манастирот Продром.

В. Мошин ги опиша ракописите затекнати во Бигорскиот манастир и ги пренесе во Архивот на Македонија. Меѓу нив е значајно Четвороевангелието од XVI век, МБ М-1. Од овој манастир потекнува и дел од Празничен минеј од 1520 година, МБ М-2. Од истиот век е и Бигорскиот патерик. Овие три ракописи покажуваат српска редакција. Од XVIII век потекнува и еден Часослов, српска редакција со македонизми, бр. МБ М-3. Во XIX век библиотеката на овој манастир се збогатила со понови текстови. Во 1833 година настанала споменатата Парусија на Дебарскиот манастир Св. Иван Претеча, напишана на црковнословенски јазик со македонизми, МБ М-84. Во него е видливо онародувањето на јазикот. Поменикот го пишувал смиреният монах Михаил, а делови од него објавил Ј. Иванов. Од Бигорскиот манастир е зачуван Инвентар од годишниот биланс на Св. Јован Бигорски, од времето на игуменот Арсениј, од 1807 до 1838 година, два листа на македонски и на грчки јазик, со хартија од 1836 година. Вториот Биланс потекнува од 1838 година. Четвриот документ зборува за поставувањето на јеромонахот Антим во манастирот, а четвртиот - повик за собирање на прилози, од 1868 година.

На македонски јазик била напишана една покана за поклониците на манастирот Бигор од игуменот Арсениј до попот Константин во дебарското село Макелари. Во манастирот се зачувал и Поменикот од 1857 година, МБ М-86. Текстот настанал за времето на архимандритот Јоаникиј. Во него се споменуваат градови и еснафи, а писмото покажува руско-српски правопис. Во 1868 година во манастирот настанал Вечниот поменик од 33 листови. Една свештена кодика била напишана во 1863 година, а во 1962 година бил готов Зборникот за покајание, на македонски јазик, со курзивно писмо. Еве еден показателен пример: „Елате сички христијани чеда божии да чуеме и да видиме зашто е многу страшно кога човеци умират...“ Во него се дадени описи на 20 светогорски манастири,

а најмногу место, разбирливо, му е посветено на Зографскиот манастир. Овој значаен Зборник во Описот на Мошин е даден под реден број, МБ М-112. Во ракопис во XIX век во овој манастир настанал Канонот на свети Јован Претеча, направен според печатено руско издание. Во 1900 до 1905 година во него била напишана Книгата за приходите и расходите на манастирот, која дава интересни економски состојби.

Во 1947 година Х. Поленаковиќ ги препишал записите од ракописите на библиотеката во манастирот, кои, секако, откриваат интересни податоци, и ги објавил. Меѓу значајните службеници се споменува свештеникот Данил, кој го испратил архимандритот Арсениј кај кнезот Милош, со молба за помош на манастирот. Во XIX век во овој манастир настанал на галички дијалект еден Лекарственик од 81 лист, како и многу други текстови.

Бигорскиот манастир претставувал значаен културен центар низ вековите, кој не успеал да го зачува до денес цеколупното ракописно наследство, како и својата библиотека, на едно место. Меѓутоа, неговиот обединувачки карактер, дејност, на поширокото подрачје, се несомнени и многу важни. Иван Генадиев Хармосина ни оставил значаен ракопис за поклониците на манастирот, од 1863 година. Во многу други центри постојат и ракописи и книги кои очевидно укажуваат на припадноста, или сопственоста на манастирската библиотека. Во 1851 година Козма Симоновиќ во манастирот препишал Служба за Св. Атанасиј и Св. Кирил. Очевидните разрушувања на црковната градба на овој манастир, споменатите пожари, придонесле многу значајни ракописи од овој центар, во кој настанале, или во него се зачувале, да се разнебитат. Но и зачуваните, иако нецелосни, придонесуваат да се создаде претставата за работата на овој значаен просветен центар. За жал, по укинувањето на Охридската архиепископија, овој манастир потпаднал под силно грчко влијание. Во зградата на Охридската митрополија зачуван е дел од библиотеката на Бигорскиот манастир, главно составена од грчки учебници од XIX век, што не било изразит случај со Св. Пречиста Кичевска. Веројатно за ова придонесла близината на манастирот Св. Јован со седиште на фанариотскиот владика во Дебар.

Никола Милошев со брат му Јован препишале Пролог, со препис од Наумовото словенско житие од XV век, зачуван во Зографскиот манастир, бр. 47. Прологот го составиле во с. Пископие, Дебарско. Во селото Орбеле, Дебарско (сега во Албанија) бил пронајден пергаментен Триод од XIII век (Посен и Цветен) Ленинградска народна библиотека, F.n. I 102.

СЛЕПЧЕНСКИОТ МАНАСТИР „Св. Јован Претеча“ одиграл значајна просветно-културна мисија во Западна Македонка, убаво расположен и поставен во подножјето на планината Илиница, од Бигла, во Демирхисарско, близу до селата Слепче и Добромирово. Зачуваните преданија и легенди го поврзуваат овој значаен манастирски скрипториум со царот Самоил и неговата историја. Во населението околу манастирот се уште е жива легендата за Самоиловата ослепена војска, која дел умно се населила во селото Слепче. Ова можев да го слушнам кога го посетивме живописниот Слепченски крај во Демир Хисар на 10 мај 1991 година. Забележаните преданија говорат дека царот Самоил одел за Прилеп, минал низ Демир Хисар и местоположбата на Слепченскиот манастир му оставила впечаток и токму таму го изградил манастирот во 1010 година. По поразот во 1014 година, неговите ослепени војници, кога чуле за неговата смрт, го нарекле ближниот рид Самуилов.

Изворни податоци за некаква манастирска дејност потекнуваа од XIV век, кога во 1393-1394 година во истиот манастир бил составен словенски Триод. Сигурно е дека овој манастир активно работел во XV век, кога било составено и познатото Слепченско евангелие, кое било одлично илуминирано, а самиот скрипториум располагал со добри уметници. Меѓутоа неговата вистинска дејност започнала со добри уметници. Меѓутоа неговата вистинска дејност започнала во XVI век. Манастирската црква била обновена во почетокот на XVI век, и тоа со средства од кратовчанецот Димитрија Пепиќ, што го потврдува и писмото на прототипот Лука од 1543 година.

Кога станува збор за Слепченскиот книжевен центар треба да се спомене во почетокот дека во него во 1845 година В. Григорович го пронашол значајниот пергаментен Слепченски апостол од XII век и денес делумно зачуван во: Москва, Ленинград, Киев, Пловдив. Во манастирот бил пронајден и фрагмент од перга-

ментен Триод од XII век, со двоеров правопис. Овој значаен фрагмент со македонска редакција е зачуван во Ленинград, во Народната библиотека под бр. F.n. I. 75.

Евангелие од Слепче, од крајот на XIV век е зачувано во Софиската народна библиотека под бр. 852. Овој ракопис во 1865 година се наоѓал во Слепче. Илуминацијата е одлично зачувана, а денес се чува во Црковниот музеј во Софија, бр. 340. Од манастирот е познато Слепченското евангелие од 1548 година, што му припаѓа на значајниот деец од овој центар Висарион Дебарски, кој има голема заслуга за просветата и книжевноста на овој центар во XVI век. Самото Евангелие е регистрирано во Народната библиотека во Белград, Рс 102.

Висарион Дебарски

Овој значаен препишувач, преведувач и составувач на ракописи во Слепченскиот манастир не ни оставил многу податоци за себе. За него зборуваат зачуваните дела, а од некои дознаваме дека потекнувал од „Дебарските предели“, од каде му останало второто име Дебарски. За разлика од обичните препишувачи Висарион е вистински образован автор, кој умее да врши антологиски избори, да задоволува потреби со преписи кои не биле многу познати или проширени, а покрај тоа поседувал и лични книжевни способности.

За разлика од другите автори и негови современици, кои предимно биле свртени кон литургиски и библиски текстови, Висарион има поширок книжевен дијапазон, и се запира врз мошне разнообразии филозофски и теолошки текстови. Тоа не ги исклучува и неговите библиски и литургиски преокупации и познавања. Тоа зборува за неговата висока образованост, а и талент. Оттука и карактеристиката што за него ја дава Б. Ст. Ангелов е мошне важна: „... има основа да се зборува за Висарионовата книжевна школа. Неговиот оформен ракопис, умереност во пишувањето, стилот, вкусот, говорат за видливо негово влијание и кај наредните автори. Тој бил познат како книжевен деец, особено како вешт препишувач и добивал чести порачки. Посебно го поттикнувал кон таква дејност митрополитот Никанор од Ново Брдо.

Разоткривањето на неговото дело е тешко заради нередовното потпишување. Покрај тоа, неговото име се меша со други автори со истото име и од истиот период. Висарион подоцна го добил второто име Варлаам, со добивањето на повисок црковен чин, а и тоа име е доста често токму во тој период, што уште повеќе ги заплеткува категоричните определен. Првото негово датирано дело претставува Зборник со богословски трактата, од 1540 година, кое се наоѓа во БАН (збирка Х, бр. 83), а последното околу 1565 година. Неговиот калиграфски ракопис го копирале многу препишувачи, што говори за неговото несомнено големо влијание.

Во збирката бр. Х во БАН се наоѓа Зборникот со богословски трактата, нецелосно зачуван, но сигурно почнувал со „Небеса“ од Јоан Дамаскин. Покрај тоа, во него се наоѓа слово од архиепископот Григориј Солунски за Палама против Латините. И на Висарион му била блиска преокупацијата на Владислав Граматик, кој ги исполнувал своите зборници со слични состави. Покрај нив се наоѓаат и словата на истиот Григориј за Варлаам и Акиндин, потоа за вистинската православна вера.

Во Московската библиотека под бр. 1684 се чува едно Осмокнижие библиско од Висарион Дебарски, но со втор ракопис од друг автор Сисој. Ракописот „Дионисиј Ареопагит“, составен во 1542 година, бил пронајден во Охрид, од В. Григорович, за што известува А. Гиљфердинг. Овој значаен ракопис го порачал од Висарион охридскиот архиепископ Прохор. Гиљфердинг однесол еден лист од него во Ленинград. Интересни се и неговите „Поученија на Кирил Александриски“, на 242 листа, зачувани во Народната библиотека во Софија, бр. 305. Кон интересните небиблиски содржини од ракописите на Висарион се приклучува една редакција од „Сказанието за буквите“ од Константин Костенечки – Филозоф. Ракописот го однесол В. Григорович од Охрид во Руската академија на науките во Ленинград. И овој ракопис го пишувал по порачка од архиепископот Прохор.

Висарион оставил зад себе „Златоуст“ од 1548 година. Иако овој ракопис не е целосно зачуван, содржината е јасна. Зборникот не содржи избор од Златоустови беседи, како што се практикувало, туку е направен осврт врз неговото житие,

делата, измачувањата и страдањата. Овој ракопис содржи и запис од Висарион, кој соопштува дека текстот го пишувал во манастирот Продром, за времето на игуменот Стефан, во 1548 година. Самиот е потпишан како јеромонах Висарион од Дебар. Ракописот содржи мошне важни летописни белешки. Покрај тоа, сестрано верзираниот автор во него сместил мошне интересни апокрифни состави. Меѓу нив е посебно интересен и своевиден текстот „За Аврам, Мелхиседек и Турците“. Всушност, популарниот апокриф Висарион умешно го преработил. Покрај овој апокрифен расказ, во Златоустот се наоѓаат две апокрифни слова за Адам. Едниот се однесува на неговиот крај, а другиот на гревопаѓањето. Уште попоказателен пример е текстот „За воздвижувањето на Пресветата“, кој врз основа на евангелските истории, врз апокрифите за воздвижувањето на Богородица, Висарион претставил своевиден текст, кој не случајно на одделни истражувачи веќе им наличува на нов словенски апокриф. Очевидно, Висарион одлично ја познавал широката апокрифна македонска литература, заради што и ги застапил овие популарни текстови, а самиот тој како автор со осет и мерка им дал своевиден белег и нов лик.

Во БАН, под бр. 82, се наоѓа мошне интересен Зборник со филозофско-теолошка содржина, испишан на 304 листа. Ракописот е убаво илуминиран, ракописот е прекрасен калиграфски, подврската е кожена со орнаменти, а е пишуван „за Големата Црква“. Започнува со „Небеса“ од Дамаскин. Потоа следат слова од Григориј Солунски за полемиките со Латините околу произлезот на Светиот Дух, од единствениот Господ или и од Двајцата, од Таткото и Синот. Во него се застапени и интересните трактата со исихастички спорови, кои ги воделе Григориј Палама и Варлаам и Акиндин. Посебно се истакнуваат словата за православната вера, убави трактата, со акцента кон ортодоксната православна христијанска вера.

Висарион составил пример на „Слепченски писмовник“, од 1550 година, однесен од В. Григорович во Ленинградската библиотека. Пишуван е во Слепченскиот манастир, за времето на архиепископот Прохор, кога работеле во него игумените Серафим и Стефан. Писмата се пишувани и со ресавски, и со македонски и среднобугрски правопис, а Ј. Иванов објавил четири писма. Покрај интере-

сните содржини на писмата, во ракописот се наоѓаат и други занимливи летописни белешки и ретко убави укажувања за одредени дејци и активности во XVI век. Во еден запис се наоѓа податокот дека презвитерот Димитар и подарил на Охридската црква голем ракопис.

Кон интересните и сеопфатни нелетургиски содржини се придружува и Зборникот на творби од Дионисиј Ареопагит, 333 листа. И овој Зборник е подврзан со орнаментирана кожа. Осум листови однесол А. Гиљфердинг во Народната библиотека во Ленинград. Поголемиот дел се чува во Народната библиотека во Софија, бр. 1032. Од зачуваниот запис на Гиљфердинг се дознава дека ракописот го составил Висарион во 1553 година во манастирот Продром. И овој ракопис не е составен само со творби од Дионисиј, туку и со разновидни текстови за филозофијата, за разумот, за мислата, за родот и видот. Овој ракопис го имал во рацете и Кирил Пејчиновиќ и оставил запис. Ракописот се чувал во Слепченскиот манастир. Во 1565 година Висарион составил и еден чист Зборник со филозофско-богословски трактати, пишувани со српска редакција, а зачуван во Народната библиотека во Софија, бр. 311. Во него се поместени Дамаскинови слова за верата, текстот Предели, слова од Григориј Солунски за Палама, за Варлаам и Акиндин, против Латините. Доминираат трактатите за православната вера, не случајно, зашто во повеќе центри, покрај муслиманизацијата, се јавувале унијатите и Латините, со своевидните толкувања против православието. Во Хилендарскиот манастир е зачуван Зборникот со полемични статии против Латините на 347 листови, под бр. 469. Во него се содржи Посланието на Јован Дамаскин до Козма Мајумски, Предели, слова на Григориј Палама против Латините, разновидни текстови за Латините.

Висарион покажува широк домен и верзираност и со текстот „Песна над песните“, кој го поместува и во други зборници. Од два Висарионови текста со овој наслов, Гиљфердинг пренесол седум листови во Одеса.

Очевидно е дека Висарион покажал сестран интерес кон повеќе познати содржини од средниот век. Меѓутоа, тој не ги занемарил и значајните библиски и литургиски текстови. Напротив, со неколку преписи, ги збогатил и нив. Во 1546 година препишал Минеј за месец февруари. Во 1548 година го препишал Четво-

роевангелието со толкувањата од Теофилакт Охридски, составено во манастирот Слепче, а денес зачувано во Народната библиотека во Белград, Рс 102. Друго значајно Четвороевангелие од 1548 година се наоѓа во Москва, во Хлудовата збирка бр. 24. И ова Евангелие ја покажува врската меѓу Висарион и охридскиот архиепископ Прохор. Во 1549 година го составил Минејот за месец јули. Висарион не ги одминал и пролозите. Во 1550 година препишал Пролог за месеците септември-февруари. За истите месеци составил и стишен Пролог, во 1551 година. Друг стишен Пролог препишал во 1554 година за месеците март-август. Овој текст е пишуван од Варлаам, како што бил подоцна преименуван Висарион. Во 1555-1560 година составил уште едно Четвороевангелие, ВАН, бр. 16. Во стишен Пролог за месеците септември-февруари, зачуван во Рилскиот манастир, бр. 2/19, се наоѓаат житија на јужнословенски светители: Св. Петка Трновска, Св. Иларион Мегленски, Св. Сава Српски, на српскиот крал Симеон, расказ за Никола Воин, и други.

Висарион ни оставил и значаен Слепченски поменик од 1548 година, зачуван нецелосно, во 190 листови. Нив ги однесол В. Григорович во Одеса. Поменикот е пишуван на поттик од архиепископот Прохор, од страна на Висарион.

Б. Ст. Ангелов, по опстојни истражувања на делото на Висарион Дебарски, кон импозантниот број од зачувани текстови, приопштува уште Службен минеј за месец декември, од 1535 година, еден лист од Минеј за месец октомври од 1535 година, Минеј за месец ноември, од 1540 - 1550, Минеј за месец октомври, од 1560 година. Со овие дополнителни дела на Висарион е приопштен мошне богатиот мешовит зборник, познат во славистиката како Белополски зборник, од манастирот Св. Николац, составен на 338 листови. Авторот смета дека ракописот на овој зборник неверојатно наличува на Висарионовиот, особено според брзописот на авторот, врз основа на споредба на десет листови од ракописот. Во него се поместени мошне разновидни содржини, слова од: Димитар Кантакузин, Ефрем Сирин, Јован Златоуст, Јован Дамаскин, патријарх Софроний, Епифаниј Кипарски, Григориј Богослов, слова за Латините, за православната вера, за Варлаам и Акиндин, за Григориј Палама, итн. Зборникот е составен во 1556 година, кога Висарион е во зрела возраст, а многу од споменатите слова веќе вле-

гле и во неговите веќе споменувани зборници. Во Народната библиотека во Белград е зачуван еден Зборник, чиј брзопис, во еден дел од ракописот напоменува на Висарионовиот. Ракописот е заведен под Рс 42. И Рс 45 од истата Библиотека, напоменува на негов ракопис, Зборник со житија е слова.

Очевидно е дека Висарион Дебарски одиграл значајна просветно-книжевна улога во XVI век, слична на онаа од Владислав Граматик, потоа на Димитар Кантакузин. И XVI век, како и XV, ги содржел сите овие видливи опасности по православното христијанство, за што посебно се залагал и вредниот Висарион. Не случајно текстовите за православната вера, против Латините, против еретиците, ќе бидат присутни и кај тројцата автори. Висарион, исто така, има однос кон јужнословенската традиција, заради што во неговите бројни зборници наоѓаат место, настани и личности од Бугарија, Србија, а пред се од Македонија. Неговата дејност е тесно поврзана со родниот Дебарски крај, со Слепченскиот манастир, кому му дал своевиден печат во XVI век. Тој бил и искусен автор. Во Прологот за март-август, од 1554 година, поместил извонредни патерични раскази, за отец Герасим и лавот; за филозофот Евагриј и епископот Синесиј; за жената која ја убил свекор и за папата Григориј Римски; за монахот Малх.

Висарион ги познавал сите домени на уметничките и научните области, хуманитарно-општествените, познанијата за природата, словенските состави на првата словенска книжевна генерација, и од своите зборници прави впечатливи антологии, имајќи го предвид времето и настаните што го опкружуваат. Според Скопскиот зборник од XVI век, Висарион не ги превидел и географско-природните познавања, предавајќи текстови за избројувањето на годините, за сонцето, небесните тела, за водите, за Едем, итн. Неговиот поглед кон светот ги надминувал локалните граници на Дебар и Слепченскиот манастир.

Еден од слепченските скрипторски работници е и **Матеј Слепченски** од XVI век. Од него останале два ракописа, а извежбаниот ракопис, образованоста, укажуваат и на други негови преписи, неоткриени, или исчезнати. Тој го препишал делото „Диоптра на инокот Филип Монотроп“ во 1563 година, зачувано денес во Историскиот музеј на Москва, Хлудова збирка бр. 66. Ракописот содржи 268 листови, подврзан во кожа со убави орнаменти. Записите од ракописот откри-

ваат повеќе лица поврзани со дејноста на Слепченскиот манастир. Јеромонахот Матеј оставил запис дека ракописот го напишал во 1563 година, за времето на игуменот Стефан. Во истата Хлудова збирка под бр. 1 се наоѓа вториот препис на Матеј - „Книга на пророците“. Зачувани се само 429 листови. Препишани се повеќе поглавја од книгите на пророците, како на пример: Јоил, Амос, Авдиј, Јон, Михеа, Наум, Авакум, итн. Ракописот се наоѓал и во Лесновскиот манастир.

Пахомиј Слепченски повеќе бил свртен кон црковно-литургиската литература. За Требникот од 1540 година се знае по записот дека го составил Пахомиј, а изгорел во Белград во 1941. Препишал и Минеј во 1545 година, од кого се познати само четири листови, однесени од Гиљфердинг во Ленинградската библиотека, F.I.. 488. Пахомиј препишал и еден Зборник со аскетска содржина, во 1545 година. Кон ракописното наследство од Слепче значајни се уште преписите на Пахомиј: Службеник од 1547 година, Минеј за месец јуни од 1546 - 1547 (Народна библиотека - Софија, бр. 914), Минеј за месец јуни од 1547 година, кој е исчезнат, Минеј од 1550 година, Пролог за март-август од 1560 година, Минеј за месец октомври, Панегирик пронајден во Скопска Црна Гора, а денес зачуван во Народната библиотека во Софија, бр. 443. Препишал еден Паренесис од Ефрем Сирин, со поучениј, кој се чува во Народната библиотека во Софија, бр. 1031.

Еден од значајните средновековни просветни жаришта бил прилепскиот манастир Трескавец, посветен на Св. Богородица, основан во XIII век. Името му доаѓа од прастарите митолошки паганскиверувања во богот на молните и трескавиците (Б. Конески). На Златоврв се откриени остатоци од градби од античкиот период, потоа од ранохристијанскиот, а во средновековието очевидно е дека егзистирал во XIII век, ако не и порано. Манастирот бил обновуван во XIV и XV век. Во него се вршела важна препишувачка дејност, се подврзувале ракописи и за околните манастири, а се изведувале и сликарски потфати. Во него се формирала богата библиотека, која ја доживеала судбината како и на другите стари македонски манастири. Познато е дека А. Гиљфердинг го посетил манастирот и зел повеќе ракописи, меѓу кои и Поменикот од XVII - XVIII век, зачуван во Ленинградската народна библиотека, бр. F. IV. 561. И В. Григорович пренесол

ракописи во Русија. Во 1865 година архимандритот Антонин Капустин соопштил дека затекнал 15 ракописи. Во 1900 година Трескавец го посетил Јован Хаџи-Васиљевиќ и затекнал 11 ракописи и 47 фрагменти од ракописи. Најстариот Трескавечки поменик од XVI - XVII век се наоѓа во Народната библиотека во Белград, стара збирка бр. 1266. Најмладиот Поменик е од XIX век, во Софиската народна библиотека, бр. 1019. Во него се наоѓале и 3 грамота од цар Душан.

Во XVI век во Трескавец вршел препишувачка дејност Јоаникиј, што е забележано во Минеј за ноември.

Ракописното наследство, како и авторите од Охридската школа се бројни. Еден значаен дел од ракописното наследство не е зачувано. Многу автори и препишувачи останале анонимни. И запазеното наследство од Македонија е разнесено ширум светот. Од широкото подрачје на оваа Школа, од ракописната дејност што се одвивала од IX век и низ вековите од турското ропство, остануваат евидентни познатите карактеристични ракописи: Асемановото евангелие, Синајскиот псалтир, Синајскиот еухологиј, Охридскиот апостол, Добромировото евангелие, Слепченскиот апостол, Битолскиот триод, Болоњскиот псалтир, Орбелскиот триод, Загребскиот триод (Посен и Цветен) и многу други.

КРАТОВСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА

Во Кратовската книжевна школа влегуваат македонските манастири и скрипторски центри од Жеглиговско, манастирските средишта: Св. Прохор Пчински, Св. Јоаким Осоговски, Св. Гаврил Лесновски. Иако некои од носителите на имињата на манастирите, како први македонски анахорети живееле во XI век, писмената и книжевната традиција во нив, заживеала поактивно меѓу XII и XIV век, а се разбира и се до XIX век, а нивните истоимени манастири останале како чувари на словенскиот збор, на православието, во периодот од турското владеење во Македонија. Оваа Школа одредени слависти ја нарекувале и Кратовско-Злетовска. Разбирливо е дека географската поставеност на значајните центри била определена во овој дел од Македонија, со познатото трговско, рударско, економско и културно средиште во градот Кратово. За можните кратов-

ски трговци, занаетчии, големодостоинственици, имале можности да ги одржуваат и поддржуваат писмените традиции во манастирските средишта, како и одделните познати скриптори и учители.

Од оваа Школа потекнуваат значајни ракописни текстови, Струмичкиот апостол, Хлудовиот триод, Радомировото евангелиг Добрејшевото евангелие, Карпинското евангелие,

Прологот на Станислав, и многу други, од кои одредени текстови се преброени кон означените средновековни скрипториуми или други средишта од оваа Школа. Нивни основни обележја се следниве: едноеров правопис, т.е. употребата на малиот ер. Големиот ер многу ретко се вокализира, исто така, ретка замена на носовките. Подоцна се забележува карактеристичното влијание од српскиот јазик, особено почнувајќи од XIII век, а се проширува во XIV. Дури во XIV век се заменува македонскиот правопис со српскиот, иако тоа не значи дека во одредени ракописи настанати во Македонија, или од Македонии, не се чувствуваат елементи или карактеристики од македонскиот јазик, граматика, морфологија.

Самиот град Кратово низ вековите се формирал во познат КРАТОВСКИ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР. Посебен израз нашол со истакнатите трудбеници, кои работеле врз словенското ракописно наследство во времето од петвековното турско владеење во Македонија. Со оглед на истурената позиција во Македонија, како град со завидни можности, особено во одредени периоди, со своето рудно богатство, со својата културна традиција, со отпорот што го негувал кон наметнувана-та муслиманизација, особено изразена со отпорот што го дал кратовскиот светител Св. Ѓорѓи, овој град предничел и со познати активни творци. Св. Ѓорѓи бил изгорен од Турците на 11 февруари 1515 година во Софија, а бил прогласен за светител од страната на Охрид ската архиепископија. Неговиот култ останал мошне жив и присутен во Кратово и Кратовско, и пошироко, за времето од турското ропство, а кратовчани и денес го прославуваат неговиот примерен подвиг.

Меѓу значајните кратовски ракописи спаѓа и пергаментното Евангелие од XIV век, 151 лист. Денес ова Евангелие е заведено во ракописната збирка од Народна-

та и универзитетска библиотека во Скопје, бр. 20. Правописот е едноеров (ь). се јавува мешање на носовките, на И и ы.

Кратовскиот деец Ѓуро од XV век го составил Кратовскиот ракописен панегирик. Денес овој значаен ракопис се чува во Зографскиот манастир. Ѓуро оставил и еден своевиден запис, карактеристичен за средновековните дејци, во кој соопштува дека Панегирикот го составил во градот Кратово и моли ако некој најде грешки да ги поправи, а да не го колне авторот. Записот го објавил Ј. Иванов.

Димитар Кратовски

Јоан Кратовски се вбројува во истакнатите македонски трудбеници од XV век. Нема сигурни податоци, но со поголема сигурност може да се претпостави неговото кратовско потекло. Родителите му биле Ѓорѓо и Д'на. Своето образование го стекнал кај учителот Нифон. Со освртите на А. Е. Викторов, В. Качановски, Љ. Стојановиќ, Б. Ст. Ангелов, Ѓ. Поп Атанасов, Д. Миловска, посебно е акцентиран неговиот препис на словенскиот „Номоканон", направен по порачка на охридскиот архиепископ Доротеј, за потребите на истата Архиепископија. Овој Номоканон се наоѓал во Охрид и во XIX век. Со доаѓањето на В. Григорович, тој го пренесол во Московската народна библиотека, под бр. Ф 871707, поговорот на Димитар кон Номоканонот, на десет листови, додека интегралниот текст до денес е непознат. Меѓутоа, токму овие листови се мошне значајни, бидејќи претставуваат единствен зачуван авторски текст од талентираниот кратовчанец Димитар. Во него мошне умешно дава корисни податоци за состојбата на Охрид ската архиепископија, како и за одредени делови од македонската историја. Ги опишал потчинетите архиепископии и митрополии под Цариградската патријаршија. Поговорот содржи и речник на латински зборови, со словенски превод, за што посебно се осврнал Ѓ. Поп-Атанасов. Вредниот Димитар не заборавил во него да ги претстави преписите на две писма, изменети меѓу охридскиот архиепископ Доротеј и влашкиот кнез Јоан Стефан, во 1456, кои исто така, претставуваат вреден книжевен и историски материјал. Овој поговор му бил познат и на Владислав Граматик.

Јоан Кратовски

Градот Кратово придонесол за негувањето на писменоста и културата и во XVI век, кога се појавил со својата дејност протопопот Јоан Кратовски. Неговото родно потекло не е сигурно засведочено, но според постојните вести сигурно потекнува од Кратово или Кратовско. Познато е дека работел како свештеник во Кратово. Во Српската патријаршиска библиотека, под бр. 171, се наоѓа Молитвеник, составен од авторот Јоан во 1526 година, посветен на своите родители. Ова дело се смета како негов прв личен труд, работен самостојно. Како и за другите македонски дејци од овој период, и за Јоан немаме доволно податоци. Од неговите зачувани дела може да се заклучи дека од 1559 година до 1579 година, Јоан напишал пет евангелија и еден литургијар. Овие евангелија главно се зачувани во Зографскиот манастир во Света Гора и во Црковниот музеј во Софија. Литургијарот е зачуван во Рилскиот манастир. Со овие состави тој се прикажал како образован, вешт автор, а и како солиден илуминатор. Најверојатно, по покана од некој влашки достоинственик, заминал кон 1580 година во Крајова, да работи над слични дела. Меѓутоа, со оглед на тоа што неговиот ученик Петар не смеел отворено да се прикажува како негов кадар, може да се претпостави неговото паѓање во немилост пред турските власти, заради што навремено ја напуштил Македонија. Во секој случај, времето на XV и XVI век, исламизацијата, немирите, видовме натерале повеќе талентирани автори да ги менуваат често местата на живеење. Исто така, се дознава дека во Романија живеел на стара возраст, над 70 годишна. Во Крајова препишал и илуминирал две раскошни евангелија, од 1580 и 1583 година. Во 1662 година составил евангелие по порачка од софиската црква „Света Софија“, токму од познатиот црковен автор Матеј, кој го составил „Житието на св. Никола Софиски“. Протопопот Јоан бил ориентиран кон библиската, и помалку кон литургиската книжевност. Бил позната личност, необично баран за препишување и составување на евангелиски текстови. Тој оставил и еден своевиден личен запис на еден ракопис: „Раката што пишува изгнива во гробот, а книгата останува засекогаш.“

Со своето дело ја задолжил книжевната и писмена словенска традиција во Македонија и Романија.

За ученици на протопопот Јоан се сметаат неговите продолжувачи. Еден од нив е попот Лазар, кој оставил зад себе три важни преписи: Житие и служба за Св. Никола Нови од 1564 година, Службен минеј од 1571 година и Пролог за јуни-ноември од 1572.

Вториот продолжувач на делото од протопопот Јоан е попот Петар. Тој самиот се декларирал како ученик на Јоан, но со тајнопис, најверојатно, за таа вест да не допре пошироко. Составил едно Евангелие во селото Пролешка, Софиско. Се смета дека во релативно ист период и Јоан и Петар го напуштиле Кратово, а Петар заминал за Бугарија.

Во XVI век во Кратовската школа се прибројуваат и други вредни дејци. Јеромонахот Филимон препишал Псалтир и Апостол во 1515 година. Друг јеромонах, Силвестер, составил Минеј во 1538 година. Протопопот Лука го составил познатото писмо до Управата на манастирот Слепче, во 1543 година.

*

Манастирите во Жеглиговско имале секогаш трајни врски, а особено и заради близината имале можности за комуникација. Во Жеглиговско, во селото Нагоричино во XIII и XIV век живеел и творел малку познатиот автор анагностот Радин Нагоричанин. Во еден запис од Љ. Стојановиќ, се наоѓа овој краток податок: „Спомнете ме о мене грешниот и недостоен... анагност Радин Нагоричанин од Жеглигово...“ Прв научен приод кон неговото дело објавил В. Јагиќ. Самиот посочен запис се наоѓа на евангелиски лист, зачуван во збирката на В. Григорович, датиран кон самиот крај на XIII или самиот почеток на XIV век. Во записот се наоѓа и податокот дека Радин напишал за попот во село Сушица четири ракописи: праксапостол, псалтир, триод и евангелие.

Во XV век селото Младо Нагоричино го згрижило еден од најобразованите и најталентираните автори, плодотворниот Владислав Граматик, кој во ова кумановско село во 1456 година го состави својот прв поголем познат зборник „Пределi“. Од ова село заминал во блискиот манастир „Матејче“, каде што ја проширил и збогатил својата книжевна дејност уште со три големи зборници, во 1469, 1473 и 1479 година. Во Зборникот составен во 1479 година, со 111 состави, оставил свој запис: се напиша оваа божествена книга, наречена панагирик, од

последниот дијак Владислав Граматик во сечесниот манастир на нашата владичица Богородица, во поткрилието на Црните Гори во областа на Жеглиговска, во денот на големиот и самодржец цар муслимански Мехмед Бег во 28 лето од неговото царување...“

Владислав Граматик е мошне плоден и талентиран автор чие знаење се одразува во големите зборници, што се сметаат за средновековни енциклопедии, бидејќи опфаќаат широк дијапазон научни, идеолошки и уметнички прашања. Покрај тоа, Граматик составил и лични творби, како што е Расказот за пренесувањето на моштите на св. Иван Рилски од Трново до Рилскиот манастир, познат во две редакции, опширна и скратена. Тој составил еден Шестоднев, кој не е зачуван во оригинал, а еден препис изработил Мардариј Рилски. Тој бил во контакт и со западните и со источните општи текови. Како јужнословенски значаен автор е продолжувач на црковно словенската книжевна традиција. Ситуацијата со доаѓањето на Турците во Ново Брдо не го оневозможила во неговите дејности, со кои ги надраснал постојните состојби. Во поглед на ортографијата може да се констатира дека Граматик доследно се придржувал кон ресавскиот правописен систем, меѓутоа неговиот црковнословенски јазик претставува најбогата книжевна варијанта, што не е случај со сите текстови од времето на турското владеење. Неговиот јазик покажува лексичко синтаксичко богатство. Тој ја продолжува најстарата словенска традиција од Кирила и Методија, не случајно никако не заборавил да го вброи во своите зборници најстариот зачуван текст на Житието на Св. Кирил Филозоф, потоа Похвалата на Св. Кирил и Методиј од Климент Охридски. Меѓутоа, тој има слух и за времето кога во Европа е позната раскошната ренесанса, која допрела и до јужнословенската средина, па води сметка за современите сознанија на читателската публика. Старата традиција, негувана од врвните филолози и филозофи, Кирил и Методиј, ништо не губела со одмерените подновувања и оригинални стилски карактеристики на Граматик. Неговите синтаксички конструкции се во склад и со старата словенска традиција и со високите дострели на грчката стилистика, но однегувани преку индивидуалната суштина на авторовиот карактеристичен белег.

Неговата широчина и етика не прави разлика меѓу јужно-словенските народи. Имено, северно македонската област, каде што најмногу се задржал и работел, претставувала еден крстопат меѓу јужнословенските книжевно-културни влијанија, засилени за времето на турското владеење, кое го попречило нивниот развој. Познато е дека ресавскиот правопис надоврзан на Евтимиевиот, разработен со српската варијанта на црковнословенскиот јазик, бил распространет во многу словенски средини. Северна Македонија, во која била наследена континуирана словенска книжевна традиција, му давала и основа и тон на севкупното дело на Граматик. На тој начин Владислав покажал неверојатна и верска и народносна неделивост на јужнословенските народи и култури. Со бројните статии тој израснува како апологет и автор од најчист добродетелен христијански вид, кој издигнувањето го согледува преку просветувањето. Овој пример и лично го покажувал целиот живот. Уште повеќе, мешовитата содржина на словенските текстови од областите на сите јужнословенски народи, го потврдува не случајно неговиот подеднаков однос кон овие народи, кои исто така, подеднакво ги почитува, имајќи го секогаш предвид нивното заедничко опстојување пред надворешниот непријател. Високо образован, напреден и докажан хуманист, и со личниот пример, и со целокупното дело, авторот Владислав Граматик израснува во XV век како значаен книжевен автор во Жеглиговскиот крај на Македонија.

Во XV век во Матејче се истакнува уште еден вреден работник, инокот Герасим. Тој го препишал „Римскиот патерик“ токму во овој значаен центар, кое дело е познато и како „Дијалог на папата Григориј Римски“. Порачката ја извршила деспотицата Евдокија, сопруга на јанинскиот деспот Исаул, за што поопширно изложува С. Николова. Ракописот е зачуван во манастирот „Св. Павле“ во Света Гора, додека еден лист се наоѓа во збирката на Успенски, во Народната библиотека во Ленинград, F I 632.

Матејче одиграло важна просветно-културна мисија низ вековите и претставува значаен духовен македонски центар, кој ги негувал најстарите словенски традиции. Во него се вршела постојана писмена и книжевна дејност, меѓутоа, не постои ни оддалеку комплетна слика за богатото ракописно наследство од овој центар. Познато е дека во Хлудовата збирка во Народната библиотека во Москва,

бр. 15, се наоѓа Евангелие од XIV век, напишано во Матејче. Еден лист од друго Евангелие, бил зачуван во Призренската богословија, а денес се чува во Народната библиотека во Софија, бр. 1352/10. На овој лист е потпишан составувачот Петар кој остава податок дека Евангелието го пишувал за попот Марко од селото Кожинце, во црквата „Св. Никола“ во Длабочица, крај планината Црна Гора. Оваа дејност Петар ја извршил меѓу 1536 и 1587 година, сигурно во Жеглиговско.

Еден од важните манастирски центри во Македонија бил и Карпинскиот, во кој се развил посебен скрипториум, токму во Жеглиговскиот северно-македонски крај, во непосредна близина на селото Сув Орах. Не се знае точното време кога црквата била подигната, заради што се јавуваат различни мислења, кои се движат од крајот на XIV до почетокот на XVI век. Црквата од овој манастир е посветена на „Воведението на Св. Богородица“. Во инвентарната книга од 1846 година се запишани 11 пергаменти и 19 ракописи од хартија. Судбината на овие ракописи, како и на постарите, не е детално расветлена.

Најстар ракопис од овој значаен манастир е зачуван во Хлудовата збирка во Москва, бр. 28 I 101. Тоа е Евангелие со апостол и ирмологиј од XIV век. Се смета дека е пишувано во Кратовската школа, поточно во Лесновскиот центар, а претставува евангелие-апракос. Предлошката покажува постара основа, со едноеров правопис (ь), присутна е вокализацијата на еровите. Слични знаци покажуваат и апостолите и ирмологионот, по Евангелието. Во Хлудовата збирка се наоѓа и еден Октоих параклитик од 1443 година, бр. 131.

Карпинскиот триод се чува во Народната библиотека во Софија, под бр. 548. Триодот потекнува од XV век, а во него се наоѓаат записи кои се значајни и откриваат дека ракописот бил подврзан во 1671 година во Лесновскиот манастир, во 1745 година во Карпинскиот манастир дошол јеромонахот Стефан, а потоа попот Димитрија од Врбен-Дебарско. Во Народната библиотека во Белград, во новата збирка под бр. 13, е зачуван еден лист од Молитвеник, XV - XVI век. Од неговите записи се дознава дека манастирот го посетил во 1806 година Кирил Пејчиновиќ, кој дошол од Марковиот манастир. Во 1812 година Кирил Пејчиновиќ го забележал своето присуство на ѕидот од црквата.

Во Бело Поле, во манастирот „Св. Никољац“ е зачувано илуминирано евангелие, под бр. 8, изработено во 1592 година во Карпино. Овој ракопис го нарачал и платил проегуменот Јоаникиј, а го составил анонимен автор. Еден од записите ги дава овие точни податоци.

Ј. Иванов информира за состојбата на Карпинскиот манастир во 1846 година, според Кондика од Кустендилската митрополија. Описот на инвентарот и имотот на манастирот го направил владиката Дионисиј Кустендилски, а игуменот Хрисант се потпишал своерачно. Покрај споменатите 11 пергаметни ракописи имало: 12 минеи, 1 октоих, 1 триод, 1 ирмологион, 1 кирјакодромион, 2 апостола, 1 псалтир, покрај недвижниот имот: 12 ниви, 1 чифлик во Нагоричино, 1 градина, 4 ливади, добиток - 6 коњи, 15 крави, 3 рала волови, 200 овци, 76 кози, 25 свињи.

И манастирот „Св. Прохор Пчински“ низ вековите од средниот век и турското владеење се одржувал како значаен црковен, духовен и книжевен центар. И за неговиот развиен култ придонесол подвижничкиот анахоретски живот на Прохор Пчински од Овче Поле. Се смета дека манастирот бил подигнат во XI век, и е поврзан со византискиот император Роман I Диоген. Со српските завладувања на Македонија манастирот го обновил кралот Милутин во XIV век. И покрај тоа што неговата состојба за времето од турското владеење се менувала, во него континуирано се негувала ракописната традиција, се збогатувала библиотеката, како и зографската школа. Во 1697 во манастирот бил игумен Иларион. Во 1747 се споменува игуменот Пантелејмон. При игуменот Нешо манастирот изгорел, а тоа се случило во 1841 година, кога изгореле и дел од моштите на Прохора.

Трезорите и на овој средновековен скрипториум постелено биле разграбувани од разновидни патници. Во 1878 година Јован Хаџи Васиљевиќ пренесол во Белград 33 ракописи. Од познатите ракописи на овој манастир му припаѓале: Апостолот од 1442 година, Номоканонот од 1725 година, што го позајмил скопскиот и врањскиот митрополит, а сега се чува во Карловачката Патријаршиска библиотека. Со ракописна дејност се занимавале монасите Акакие и Зариј. Во Народната и универзитетска библиотека во Скопје, под бр. М - 16, е зачуван Службен минеј за јули од XV век. Најмногу ракописи во манастирската библиотека имало од XV и од XVI век. Многу записи и натписи по разновидните ракописи укажу-

ваат на дејци и текстови кои некогаш биле вклучени во дејноста на Пчињскиот манастир. Посебен однос кон манастирот имале кратовчаните, како и други соседни дарители.

ЛЕСНОВСКИОТ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР

Писмената и книжевната дејност од Кратовско и Злетовско е тесно поврзана со дејноста на Лесновскиот манастир, со црква посветена на Св. Арахангел Михаил. Култот на овој манастир е поврзан со пустиножителскиот пат на Св. Гаврил Лесновски. Не се знае точно дали старата црква била изградена кога пристигнал Гаврил, или неа самиот ја изградил. Во науката се прифаќа и мислењето дека таа била изградена и веднаш по смртта на Гаврила. Во секој случај, на нејзино место во 1341 година деспотот Јоан Оливер богато го обновил манастирот. На Црковниот собир во Скопје во 1347 година царот Стефан Душан го одредил за седиште на новоформираната Злетовска епископија. Во XVI век, при игумените Неофит и Спиридон, манастирот бил двапати обновуван, а го препокрил кратовскиот болјарин Никола Боичиќ. Кратовчаните имале секогаш однос кон овој манастир и го обновувале и одржувале. Денес до него води и асфалтиран пат, а зачуваниот култ е евидентен особено во Кратовско и Злетовско.

Во овој манастир се одржувала богата ракописна традиција, а и одреден црковен и манастирски живот, како главно упориште за зачувување на културниот и националниот идентитет низ вековите, особено во турскиот период. Посебен растеж на овој план достигнал во XIV век, кога во него работи книжевникот Станислав, неговите ученици и се создава значајна скрипторска школа, со определени белези.

СТАНИСЛАВ ЛЕСНОВСКИ претставува најзначаен претставник на Лесновскиот книжевен центар. Тој сигурно придонесол да се развие традиционалната Лесновска школа, која го негувала калиграфското препишување. Тој раководел со монасите и други лица кои препишувале значајни споменици. Дека Станислав бил главниот раководител и талентиран автор, се гледа од записот од препишаниот Минеј во 1342 година, за што добил порачка од големиот војвода Оливер. Овој

Минеј се чувал во Народната библиотека во Белград, но во НОБ исчезнал, заедно со други ракописи. Овој значаен ракописен текст е познат и како Оливеров минеј. Бил составен на 233 пергаментни листови. Во него се наоѓа и Службата на Св. Гаврил Лесновски, со што значењето на ракописот е поголемо.

Во 1330 година Станислав го препишал познатиот Лесновски пролог, во чиј синаксар под 15 јануари се наоѓа краткото Житие на Св. Гаврил Лесновски. Овој текст претставува најстар житеен ракопис за лесновскиот светител. Прологот бил составен за времето на лесновскиот игумен Теодосиј. Записот од овој Пролог открива дека текстот настанал од Станислав, во манастирот Лесновски, во гробот на светителот. Ова индиректно говори дека црквата била подигната токму на местото каде што се наоѓал светителскиот гроб. При пишувањето на Прологот му помагал ученикот Партениј. Последниов сигурно бил вешт препишувач, можно е да составил и други до денес неидентификувани ракописи.

Разгледувајќи го Прологот на Станислав, Б. Конески открива влијание од народниот јазик во однос на фонетиката, падежните форми, лексиката. Прологот покажува и јасна конфронтација на македонската јусова варијанта на црковнословенскиот јазик со српската варијанта, која продирала на нашиот терен. Интересна е посочената забелешка дека Станислав до 136 страница го адаптирал јусовиот текст кон српската варијанта, но понатаму ја променил практиката и преминал кон јусовиот правопис, според предлошката од која препишувал. Сигурно кај него се јавувале тешкотии при адаптациите од еден кон друг правописен систем. Станислав употребува едноеров правопис -ь. Прологот покажува руска предлошка, која пак настанала врз основа на постар јужнословенски прототип. Застапени се голем број руски светители, како и русизми. За преписите на Прологот, со разгледувањето на најновата збирка ракописи во Народната библиотека во Белград, како и поширока слика за Лесновскиот книжевен живот, ќе уследи набргу. И. Велев во 1989 година на Филолошкиот факултет во Скопје го од брани магистерскиот труд за Лесновскиот книжевен центар и ги подготвува истражувањата за печат. Во однос на Прологот открива и трет препишувач.

Во Лесновскиот центар работел и препишувачот Тахота, кој можел да биде ученик на Станислав. Некои истражувачи сметаат дека под овој псевдоним се

криел Станислав, меѓутоа, ваквото мислење е се почесто истиснувано. Паренезисот претставува пергаментен ракопис од 1353 година. 315 листови од него се зачувани во Народната библиотека во Софија, бр. 151. Еден лист е зачуван во Народната библиотека во Белград, со запис дека Паренезисот бил составен според барањето на епископот Арсениј. Еден лист од него е зачуван во збирката на Гиљфердинг во Народната библиотека во Ленинград.

Од Лесновскиот центар потекнува и препишувачот Калиник. Всушност едно Лесновско евангелие од XIII - XIV век, со 327 пергаментни листови, се чува во ЈАЗУ, и тоа под две сигнатури, IV d 12 и III b 22. В. Мошин ги опишал како два текста, Лесиовско евангелие и Калиниково евангелие. Меѓутоа, Л. Жуковска и И. Бернс, сметаат дека станува збор за еден ракопис, пишуван за Лесновскиот манастир, зашто во него е застапено Житието на Св. Гаврил Лесновски. Калиник може да е составувачот на ова Евангелие, или на еден дел, зашто постои запис на л. 4 дека ова „го напишал Калиник.“

Во XV век еден дел од монасите преминале во други манастири, но сепак дејноста во Лесново не се прекратила. Меѓу препишувачите се познати имињата на Драјко и Радоња. Драјко потекнувал од градот Бдин, кој податок се среќава во преписот од Апостолот од 1428 година. Драјко во почетокот од ракописот го употребувал јусовиот правопис, а потоа преминал кон српскиот. Книжевникот Радоња препишал Празничен минеј за февруари - август, 1429 година, што е и забележано во ракописот.

Во скитот до Лесновскиот манастир „Св. Богородица Пиржанска“, во 1538 година јеромонахот Силвестер препишал Минеј. Во овој скит работел и попот Лазар, ученикот на Јоан Кратовски и препишал еден Службен минеј, зачуван во Хлудовата збирка во Москва, бр. 148, препишан 1571 година, а веќе во 1572 препишал и Пролог.

Во Лесново бил составен Поменикот (XVI - XVIII век). Шест листови потекнувале од XVI век, а другите биле додадени во XVIII. Овој ракопис изгорел со ракописите од Народната библиотека во Белград во 1941 година.

Од Лесновскиот книжевен центар потекнуваат и многу други ракописи. Овој центар може да се каже е најбогат со нив, што се заклучува и по бројот на зачува-

ните ракописи, иако се наоѓаат во разни книгохранилишта вон Лесново и Македонија, како и по евидентираните, а не пронајдени ракописи. За судбината на овие ракописи постои обемна литература, а самите зачувани ракописи даваат широки можности за нивното проучување од различни аспекта, особено во однос на проследувањето на развојот на црковнословенските редакции. Меѓу значајните ракописи да ги споменеме и следниве. Едно Четвороевангелие од XIV век е напишано на 259 пергаментни листови. Се чува во Српската академија на науките, бр. 1. Ракописот му припаѓал на монахот Неофит, според запис од XVII век. Во него се наоѓаат житијата на Кирил и Методиј, на Гаврил Лесновски. И Загребскиот паренезис од XIV век В. Мошин го смета за Лесновски ракопис, а заедно со претходниот Паренезис, сигурно имале заедничка предлошка. Се чува во ЈАЗУ, III в 12. Во околината на Лесново настанал и Загребскиот октоих од 1685 година. Се чува во Градската библиотека во Загреб, бр. 64. Во XIX век во овој манастир биле пишувани и други ракописи: Акатист, Максимов зборник, Инвентарна книга, Зборник на Јован Христев. Во последниов се наоѓале Житието на Св. Гаврил Лесновски и неговата Служба, напишани од Јован Христев.

Ј. Хаџи Константинов Џинот оставил податок дека при посетата на манастирот Лесново констатирал дека порано во него имало педесет товари ракописи, а во тој момент останале уште десет товари. Самиот, повеќе вредни примероци, продавал и поклонувал до научните друштва во Белград, Софија, Цариград. Исто така, соопштил дека А. Михановиќ во 1842 година зел три товари ракописи, а кратовчани успеале да ја запрат пратката во Скопје. Денес збирката на Михановиќ во Загреб (ЈАЗУ) брои 38 ракописи, од кои десетина се од Лесново. Во 1860 и 1862 година поголем број лесновски ракописи биле пренесени во Белград, меѓу кои Оливеровиот минеј и Станиславовиот пролог од 1330 година. А. Гиљфердинг пренесол во Ленинград и Москва значајни делови од ракописи од Лесново и од други манастири од Македонија. Од Лесновскиот манастир земале ракописи и кратовчани, и туги патници, и ги пренесувале вон Македонија. Околу 1890 година Е. Каранов го посетил манастирот и констатирал дека во библиотеката имало доста книги. С. Симиќ во 1914 година соопштил дека во Лесново имало 67 ракописни книги. Еден дел од нив во 1913 година бил пренесен во Белград, во

Универзитетот, потоа префрлен во Универзитетската библиотека. В. Ќоровиќ опишал 29. Значаен дел од лесновските ракописи страдале неколкукратно, при пренесување, а особено со пожарот на Народната библиотека во 1941 година. Во 1969 година Лесново го посетил и В. Мошин и констатирал дека од богатата Лесновска библиотека не останал ниту еден ракопис. Денес во Македонија има само неколку ракописи од Лесново, додека надвор од неа има значителен број зачувани ракописи, и тоа во: Белград, Загреб, Софија, Ленинград, Москва, Пловдив, итн.

Повеќе ракописи покажуваат траги на потекло од Лесновскиот манастир. Четвороевангелието од XVI век, од Народната библиотека во Белград, Рс 33, покажува ортографски црти, како и јазични, од јусовите македонски споменици, а се смета дека настанало во Лесново.

Лесново останал низ сите векови како значаен црковен, просветен, книжевен и културен центар, кој многу придонесол за зачувувањето на духовниот идентитет и континуитет на македонското опстојување на поширок план.

Од Кратовската школа значаен е и Осоговскиот (Сарандапорскиот) скрипторски центар, веднаш до Крива Паланка. Осоговскиот манастир е познат по развиениот култ на пустиножителот Св. Јоаким Осоговски, кој се подвизувал во најскриените места од Осоговската планина. Според зачуваните сведоштва манастирот, т.е. првобитната црква ја подигнал самиот пустиножител. Со манастирот се споменува и култот на пророкот Исаија. Во еден ракопис од XVII век се споменуваат моштите на Исаија во Осоговскиот манастир, како и моштите на Св. Кирик, Св. Јулита и на Св. Иларион Мегленски.

Култот на Св. Јоаким Осоговски ја негувал и доизградувал првобитната мала црковна градба, во која низ вековите се негувал црковниот живот, ракописното наследство. Во неа сигурно настанала првичната верзија на Житието на Св. Јоаким, како и неговата Служба. Во XIV век, кога манастирот се наоѓал во деспотството на Јоан и Константин Драгаш, тој зајакнал, бидејќи двајцата браќа го обновиле и издигнале. Во XV век повторно опустел, што се гледа од помошта што ја барале манастирските монаси од Дубровник. Егуменот Гервасиј слична помош барал и од Москва. И покрај наизменичните туѓи влијанија и владеења

над манастирот, тој опстојувал како средновековен скрипториум. Во него монахувал познатиот автор Исаија Серски, каде што веројатно ја отпочнал и својата книжевна дејност. Во XVI век таму работел познатиот деец и книжевник Онуфрие Сарандапорски, кој составил Житие за св. Григориј Омиритски. Овој ракопис настанал за времето на игуменот Гаврил и еклисијарот Матеј, во XV - XVI век. На манастирот му поклонил ракопис пеќскиот архиепископ Пајсиј, во времето кога во Осоговскиот манастир игуменувал Дамјан, пред 1643 година.

Меѓу значајните осоговски ракописи се вбројува Празничниот минеј, зачуван во Народната библиотека во Софија, бр. 113. Во него се наоѓа најстарата Служба на Св. Јоаким, потоа новооткриеното оригинално дело од Климент Охридски. Во него настанал и Сарандапорскиот летопис, зачуван во Сараевскиот музеј, со интересни белешки од историјата на манастирот и неговата околина. Во 1855 година во манастирот се наоѓало „Послание на нашиот Господ, Исус Христос“. Ова Послание од 16 страници било напечатено со средствата на монахот Хаџи Јован. Во Народната библиотека во Белград, во старата збирка, се наоѓало Евангелието бр. 1338, од овој манастир. Манастирот располагал и со голема библиотека, која при опустошувањата и посетите била уништувана и разграбувана.

И во Скопската област се наоѓале значајни манастирски просветни центри. Марковиот манастир го изградиле кралевите Волкашин и Марко во XIV век. За времето од турското владеење во него се формирала библиотека, а самиот манастир се споменува во повеќе записи на ракописите, како на пример, во Прологот од 1370 година, во друг Зборник од XIV век, Апостолот од 1362 година од јеромонахот Варлаам, Зборник од слова, Пролог за септември-ноември, сите од XIV век, потоа Минеј од XIV - XV век. Многу ракописи изнесол од манастирот митрополитот Захариј и Гркот Антим. Во манастирот предавал и Кирил Пејчиновиќ во почетокот на XIX век, а од 1802 до 1818 година бил игумен. Таму ја напишал и книгата „Огледало“. Ракописи од овој центар се наоѓаат во: Хлудовата збирка во Москва, Виенската национална библиотека, Народната библиотека во Софија, Јазу-Загреб, Народната библиотека во Белград.

Од Кратовската школа потекнува и ракописот „Дијалог“, напишан во манастирот „Св. Богородица“ Скопска Црна Гора, од самиот почеток на XV век. Во записот е даден овој податок и годината 1409.

Во Скопско се смета дека се одвивала дејноста на книжевникот Никола Брата, XIII - XIV век. Препишал еден Паримејник за својот брат, исто така поп како него (1294 - 1320). Негов препис е и Апостолот со Евангелие за попот Грдо. Паримејникот е доста често споменуван во литературата, познат како Лобковски или Хлудов ракопис. Денес се чува во Хлудовата збирка во Москва под бр. 142. Апостолот е познат како Скопски апостол, зачуван во светогорскиот манастир „Св. Пантелејмон“ под бр. 4.

Меѓу значајните ракописи со потекло од Кратовската школа може да се пребројат следниве: Радомировото евангелие од XIII век. Македонското евангелие на попот Јован, од XIII век, Кратовското евангелие, Карпинското евангелие, Карпинскиот апостол, Вранешничкиот апостол, Апостолот на Верковиќ, Лобковскиот (Хлудов) паримејник, Прологот на Станислав, Лесновскиот паренезис, Богдановото евангелие, Григоровичев псалтир од XIII век, Калиниково Лесновско евангелие, Скопскиот апостол од Никола Брата, ракописите на Радин Нагоричанин, Октоих Октоих параклитик од XIII век, Слова од Ефрем Сирин од XI век, Зборник од X - XI век, итн.

ЛИТЕРАТУРА

JAGIC, V., Opisi i izvodi iz nekoliko južnoslavenskih rukopisa, Odlomak Radinova srpsko-slovenskog jevangielja od god. 1308, Starine, IX, Zagreb 1877, 126 - 130.

KACANOVSKI, V., Njekoliko spomenika za srpsku i bugarsku povjest, Starine, Zagreb 1880, XII, 254 - 257.

М Цепенков, СбНУ, София 1892, VII, 188.

КАРАНОВ, Е., Паметници от Кратово, СбНУ, XIII, София 1896, 276 - 279.

КЪНЧОВ, В., Етнография и статистика на Македония, София 1900, 94.

СТОЈАНОВИЋ, Љ., Стари српски записи и натписи, I, Београд 1902, 546, 573 (2046, 7330, 644).

ИВАНОВ. Й., Северна Македония, София 1906, 95 - 101.

ЦОНЕВ, Б., Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека, София 1910, II, София 1923.

НАРЕВ, Н., Манастир Пречиста, София 1912, 14.

СИМИЋ, С., Лесновски манастир, Београд 1912.

МИЛЕТИЧ, Л., Исторически и художествени паметници в манастира Св. Иван Бигор, Списание на БАН, София 1918, XVI 14 - 21.

МАРЈАНОВИЋ, Ч., Манастир Св. Јован Бигорски, 1924.

РОЗОВ, В., Четворојеванђеље манастира Слепче из 1548, Гласник Скопског научног друштва, И, 1927, 1 - 2, 191 - 227.

ВЕЛЕВ, Илија, Македонскиот книжевен XIV век, „Веда“, Скопје 1996.

МУТАФЧИЕВ, П., Из нашите старопланински манастири, СбБАН, XXVII, София 1931, 38 - 40.

СЕЛИЩЕВ, М., Македонски кодики XVI - XVII веков, София 1933.

ГРУЈИЋ, М. Р., Скопска митрополија, Споменица српско-православног храма света Богородица у Скопљу, 1835 - 1935, Скопље 1935, 221.

ЋОРОВИЋ, В., Рукописи Лесновског манастира, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, I, Скопље 1936.

ЋОРОВИЋ, В., Рукописи Универзитетске библиотеке у Београду, Споменик 87, Београд 1938, 93 - 104.

ТРАЙЧЕВ, Г., Книга за Мияците, София 1941.

ДИНЕКОВ, П., Книжовни средища в средновековна България, Исторически преглед, София, III 1947, 4 - 5, 1 - 26.

NAHTIGAL, R., Nekaj pripomb k pretresu Hrabro vega spisa o azbuki Konstantina Cirila, Славистичка Revija, 1, 1 - 2, 1948.

MOŠIN, V., O podrijetlu Mihanovičeve čirilske zbirke, Slovo, Zagreb 1955, 4 - 5, 71 - 84.

МИРКОВИЋ. Л., Протопоп Јован, Србин из Кратова, Богословље 1957, 1, 23 - 26.

РАДОЈИЧИЋ, Сп. Ђ. Развојни лук старе српске књижевности, Матица Српска, 1962.

ГЕОРГИЕВ, Е., Създаване на литературни школи в България през IX - X в., История на българската литература, 1, БАН, София 1963, 77 - 96.

КОНЕСКИ, Б., Охридската книжевна школа, Книга за Климент, „Кочо Рацин“, Скопје 1966, 69 - 89.

ПЕТКАНОВА-ТОТЕВ А., Донка, Въпроси на старобългарската литература, София 1966, 3 - 37.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., За книжевното творчество на Константин Костенечки, Висарионов препис, Из старата българска, руска и сърбска литература, БАН, София 1967, И, 162 - 200.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Из старата българска, руска и сръбска литература, II София 1967, 260 - 267.

РАДОЈИЧИЋ, Сп. Ђ., Књижевна збивања и стварања код Срба у средњем веку и у турско доба, Нови Сад 1967.

БОЖКОВ, А., Делото на зографа Йоан от Кратово, Изкуство, XVIII, София 1968, 10, 23 - 25.

ГЪЛЬБОВ, И., Ранни школи на стария български книжовен език, Български език, София 1968, 2 - 3.

ИВАНОВ, Й, Български старини из Македония, София 1970, 83 - 89, 507, 524.

ИВАНОВ, Й., Кратовско, Български старини из Македония, София 1970, 150 - 172.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., Траги од глаголската писмена традиција во македонските кирилски текстови од 12 и 13 век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје 1970, кн. 22, 571 - 581.

АНТИК, В., Ракописната традиција во Бигорскиот манастир, Бигорско научни-културни собири, I научен собир, Гостивар 1971, 59 - 68.

Бигорско научни-културни собири, I научен собир, Гостивар, 22 - 23. X 1971.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Еден досега необјавен ракопис од Иван Генадиев (Хармосина) за благопоклониците на Бигорскиот манастир, I научен собир, Гостивар 1971, 69 - 73.

ЈАНЦ, З., Преписивачка школа попа Јована из Кратова и његови одјеци у каснијем минијатурном сликарству, Зборник, Музеј примењене уметности, 15, Београд 1971.

МОШИН, В., Словенски ракописи во Македонија, I, Скопје 1971.

ГЕОРГИЕВСКИ, Г., Кратовско евангелие, Македонски јазик, Скопје 1972, 45 - 53.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Македонска печатарска дејност (1515 - 1913), Мисла, Скопје 1972.

ИЛИЕВСКИ, Хр. п., Крнински дамаскин, Скопје 1972.

Манастир „Свети Јоаким Осоговски“, Крива Паланка и житие на светецот, Крива Паланка 1972.

ЖУКОВСКАЯ, П. Л., О правомерности „Широких дат“ для пергаменных рукописей. Проблемы палеографии и кодикологии в СССР, Москва 1974 39 - 53.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., Средновековни книжевни школи во Македонка, Предавања на VII Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје - Охрид, 15 - 31. VIII 1974, Скопје 1974, 26 - 33.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Манастирските библиотеки и читалишта во Македонка до 1912 година, Мисла, Скопје 1975.

Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Архив на Македонија, Скопје, 1 1975 (Скопско), II 1977, III 1980 (Полог-Славева), IV 1981, уредник: В. Мошин, Институт за истражувања на старосло-венската култура - Прилеп, V 1988, уредници: В. Мошин, Л. Славева.

БЕРНС, И., Калиниковото Лесновско евангелие, Македонски јазик, Скопје 1976, 145 - 159.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Кратак преглед југословенских књижевности средњега века, Београд 1976.

АНТИК, В., Локални хагиографии во Македонија, Скопје 1977, 85 - 112.

КОНЕСКИ, Б., За Станиславовиот пролог, Прилози, МАНУ, II 1-2, Скопје 1977, 5 - 24.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Висарион Дебърски, Из старата българска, руска и сръбска литература, БАН, София 1978, III 156 - 249.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Матеј Слепченски, Из старата българска, руска и сръбска литература, София 1978, 249 - 256.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Пахомиј Слепченски, Из старата българска, руска и сръбска литература, София 1978, 256 - 265.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Македонско книжевно наследство, Просветен работник, 1979.

Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, МАНУ, (Симпозиум 1977) Скопје 1979.

БАЛАБАНОВ, К., НИКОЛОВСКИ, А., ЃОРНАКОВ, Д., Споменици на културата на Македонија, Мисла, Скопје 1980.

БОГДАНОВИЋ, Д., Историја старе српске књижевности, СКЗ, Београд 1980.

НИКОЛОВ А, С., Патеричните раскази в българската средновековна литература, София 1980, 65, 70.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ, Македонски речник на латински зборови од 1466, Македонски јазик, Скопје 1980, 275 - 281.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., За македонските кодици, Предавања на XIII Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1980, 27 - 34.

БАБИЌ, Б., Манастирот Трескавец со црквата „Св. Успение на Богородица“, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, IV, Скопје 1981, 37 - 53.

TACHIAOS, N. E. A., The salvonic manuscripts of Saint Panteleimon monastery. (Rossikon) on Mount Athos, Thessaloniki-Los Angeles, 1981, 25 - 26.

МЕЧЕВ, К, Висарион Дебърски - ново име в историята на средновековната българска литература, Вечерни новини, София 1982, 23 май.

БОГДАНОВИЧ, Д., Книжовна школа и книжевно средище, София 1983, VII бр. 4,108.
Од книжното наследство во Македонија, Народна и универзитетска библиотека, Скопје 1983.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Р., Владислав Граматик и единството на јужнословенската книжевна традиција, Предавање на XVI Семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 5 - 26. VIII 1983, Скопје 1983, 37 - 46.

ВЕЛЕВ., И, Книжевници од Лесновскиот книжевен центар, Спектар, Скопје 1984, бр. 3, 21 - 30.

ДЕСПОДОВА, В., Македонски писмени споменици во Ленинградските библиотеки, Македонистика, 3, Скопје 1984.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Археографски белешки од неколку белградски ракописни збирки, Спектар, Скопје 1984, бр. 4, 15 - 27.

ВЕЛЕВ, И., Книжевната дејност на средновековниот македонски книжевник Станислав Лесновски, Литературен збор, Скопје 1985, кн. 6, 29 - 35.

ВЕЛЕВ, И, Судбината на ракописите од Лесновскиот книжевен центар, Современост, Скопје 1985, бр. 3, 48 - 53.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Книжевно-илуминаторската школа на поп Јован од Кратово од XVI век, Културен живот, Скопје 1985, бр. 9 - 10, 29 - 32.
МАРЕШ, Ф., Словен „скит“ во Скопскиот апостол, XI научна дискусија, Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1985, 119 - 122.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Кратовскиот книжевен центар во XVI век, Литературен збор, Скопје 1985, кн. 2, 3 - 8.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ, Слепченскиот книжевен центар во XVI век, Разгледи, Скопје 1985, бр. 5, 523 - 529.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Делото на Димитар Кратовски, книжевник од XV век од Кратово, Спектар, Скопје 1987, бр. 9, 55 - 73.

ЛОЗАНОВСКИ, В., Слепченскиот книжевно-уметнички центар, Битола 1987.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Словенски ракописи во Македонија, III, Скопје 1988.

ДЕСПОДОВА, В., СЛАВЕВА, Л., Македонски средновековни ракописи, I Прилеп 1988, бр. 70, 72.

МИЛОВСКА, Д., Кратовскиот книжевен центар, Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Скопје, 1988, 257 - 266.

БИЦЕВСКА, Кита, Од правописните особености во ракописите од Северна Македонија. Правопис на еровите. Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета, МАНУ, Скопје 1989, 25 - 32.

ВЕЛЕВ, И., Ленсовскиот книжевен центар, Литературен збор, Скопје 1989, бр. 5 - 6, 73 - 84.

ГЕОРГИЕВСКИ, М., Културно-просветна и политичка дејност на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Култура, Скопје 1989.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Книжевни центри во средновековно Жеглигово, Беседа, Куманово 1989, бр. 47 - 48, 78 - 86.

БИЦЕВСКА, Кита, Правописни и фонетски особености во ракописите од Северна Македонија од XIII - XIV век, (одбранета дисертација, Скопје, Филолошки факултет 1990).

БИЦЕВСКА, Кита, Правопис и изговор на ѣ во ракописите од Северна Македонија, Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Скопје, Скопје 1990, 37 - 49.

ВЕЛЕВ, И., Поглед кон македонската книжевност од XIV век, Литературен збор, Скопје 1990, кн. 1 - 2, 17 - 28.

ВЕЛЕВ, И., Поглед кон прашањето за судбината на ракописите од Лесновскиот книжевен центар, Годишен зборник на Филолошкиот факултет, Скопје 1990, 197 - 210.

ВЕЛЕВ, И., Преглед на средновековни цркви и манастири во Македонија, Наша книга, Скопје 1990.

ИЛИЕВСКИ, Хр, Петар, Просветната улога на манастирот „Св. Пречиста“, Манастирот Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990, 15 - 40.

Манастир Света Пречиста Кичевска, Културно-историско наследство на СР Македонија, XXVI, Скопје 1990

ИСАИЈА СЕРСКИ

За средновековниот автор Исаија Серски во науката се дозна откако А. Востоков во 1842 година ги издаде обработените руски и словенски ракописи од Румјанцовскиот музеј. Меѓу описите на ракописите се појави текстот на Исаија „Расказ за разорувањето на Македонија од Турците“. Во издадениот ракопис Востоков наоѓа јужнословенски и руски белези. Очевидно е дека ракописот бил препишан од постара предлошка со црти од крајниот словенски Југ. Расказот претставува вовед кон значајниот превод на Исаија на важните состави од Дионисиј Ареопагит. Текстот спаѓа во значајните извори за изучувањето на историскиот пад на Македонија под Турците. Со свежите податоци неговото значење е првостепено за судбината на Јужните Словени под несопирливата наезда на турската покора.

Самиот текст претставува и важен извор за извлекувањето на поважните биографски податоци за самиот Исаија. Пр венствено Исаија сакал да остави траги за превод от на делата на Ареопагит. Преводот го започнал по барање на серскиот митрополит Теодосиј. Со вообичаена скромност соопштува дека преводот го вршел од грчки на словенски јазик, откако „малку го научил грчкиот јазик“. Преводот го извршил во 1371 година, кога над Македонија и Балканот се надвиснале заплашувачките темни облаци.

За расветлувањето на значајната дејност и пат на Исаија придонесуваат вестите од светогорските акти на грчки и на словенски јазик, како и преписите на „Житието на преподобниот отец Исаија“, врз кои посебно се осврнал Н. Дучиќ. Покрај тоа, еден од продолжувачите на Зборникот на Данило, како и епископот Марко во „Житието на светиот патријарх Ефрем“, соопштуваат за одредени активности на Исаија за помирувањето на Цариградската и Српската црква.

Исаија најверојатно е роден во самиот почеток на XIV век во епархијата Лиман. Според И. Руварац, В. Мошин, М. Пурковиќ, Ѓ. Трифуновиќ, ова место

се идентификува со епископијата Липљан на Косово. Во секој случај, за овој вреден трудбеник во судбоносните денови од XVI век, недостигаат важни вести. Честопати е наречуван Исаија Серски, а и Исаија Атонски. Во секој случај, за неговото расветлување, покрај поголемите студии на Н. Дучиќ, В. Мошин, Б. Ст. Ангелов, има постојани заслуги Ѓ. Трифуновиќ.

Изворните вести соопштуваат дека Исаија потекнувал од побожно христијанско семејство. Мајка му се викала Калина, а татко му Ѓорѓи. Со наклоности кон духовната медитација, Исаија се замонашил во Осоговскиот манастир, а по извесно време заминал во ветената земја на монасите - Света Гора. Преводот на Псевдо-Дионисиј, заедно со важниот воведен дел, доживеал бројни преписи, најмногу во руска редакција, но јужнословенските се важни со својата старина и близина до прототипот. Делото со преводот на Исаија станале популар-ни во бугарска, македонска и српска средина. Очевидно е дека Исаија опишал важен и пресуден момент за потпаѓањето на Македонија под Турците, по поразот кај Марица во 1371 година. Исаија вешто ги вклопил овие настани во летописниот расказ, со умешност на добар книжевник, кој знае резимирано да одрази еден важен период за јужнословенската балканска средина. Притоа, тој сака оставените податоци да не прозвучат штуро, туку живописно. Нагласува дека преводот го започнал во добри времиња „кога божествените цркви во Света Гора процветувале како рај, како постојано напојувана градина“, а го завршил „во најлошите од сите лоши времиња“. Турската наезда ја објаснува со гневот на Господа над христијаните. Тогаш Углеш и Волкашин, со други велможи собрале шеесет илјадна војска, која тргнала да ги истера Турците од Македонка. Меѓутоа и тие и војската луто пострадале и нивните коски останале на боиштето непогребани. Помал дел се спасиле и се вратиле назад. „Откако Турците го убиле јуначниот Углеш, Турците се распрснаа и полетаа по целата земја, слично на птици во воздух“. Некои од христијаните биле заклани, други однесени како плен, а оние кои останале пострадале од глад. Таков глад настанал, каков што немало од создавањето на светот. Покрај тоа и волци ги напаѓале изгладнетите и ги јаделе. „Опусте земјата, се откажа од сите благодети, загинаа луѓето, исчезна добитокот

и плодовите. Не остана кнез или вожд, или некој учител меѓу луѓето, немаше кој да ги избави и спаси, сите беа обземени од страв од Турците.

Делови од расказот на Исаија се среќаваат во српски и руски списи, во српски препис на родослов, во текст за кнез Лазар, во руското слово за Владимирските кнезови. Интересот на српската наука за Исаија е разбирлив, заради страшниот пораз на српските војници. Покрај тоа одредени научници сметаат дека Исаија одиграл важна посредничката улога за помирувањето на Цариградската и Српската патријаршија, за времето на кнезот Лазар. Вакви искажувања се среќаваат во научните трудови на: Н. Дучиќ, В. Киселков, В. Мошин, Д. Стричевиќ, и други. Мошне карактеристичен е делот од расказот на Исаија вметнат во српскиот родослов „Триодик“ од 1702 година. Во руската средина влијанието на расказот е забележано во Посланието на Спиридон-Сава од 1505 - 1523 година, кое пак влијаело врз „Сказанието за кнезовите Владимирски“ од 1547 година, а, исто така, еден ден влегол во Паисевата Историја.

Ракописите што се јавуваат со преводот и расказот се бројни и значајни. Најстариот препис настанал во XIV век, зачуван во Народната библиотека во Ленинград, под бр. 46 од збирката на Гиљфердинг. Покрај првото објавување од страна на Востоков, делото го издале и: Ф. Миклошич според Виенскиот зборник, С. Новаковиќ, Љ. Стојановиќ, А. Јацимирски, Ј. Иванов. Б. Ст. Ангелов ги издаде двата текста на расказот целосно, според Румјанцовскиот ракопис бр. 93 од XV век и според Виенскиот препис од XVI век, во 1967 година.

Мошне убедлива е аргументацијата на Г. Сп. Радојичиќ во врска со заклучокот дека Исаија составил Службеник во XIV век. Овој ракопис индицира дека бил составуван за Охридската архиепископија или напишан во нејзина област. И преведувачкиот опит го разоткрива како вешт автор, и тоа со искуство. Веројатно уште пред заминувањето за Света Гора Исаија се занимавал со писменокнижевна дејност. Расказот го разоткрива како оформен книжевен деец, вешт и одмерен стилист. Во Хилендарскиот манастир е зачувано неговото Житие во препис од XV век, заедно под бр. 463, а составено од негов ученик.

Исаија Серски се јавува меѓу значајните средновековни преведувачи и книжевници од XIV век, кој со својот преведувачки опит и книжевнички осет, со

скромност типична за средновековните автори, го збогатува книжевното наследство, значајно за јужнословенските народи во предвечерината на идното петвековно турско ропство.

Очевидно е дека животната врвица на преподобниот отец Исаија е поврзана со Осоговскиот македонски манастир, со Серската област, со Света Гора. Со оглед на безнадежната судбина на Јужните Словени, ставени во немилост пред налетот на силната Османлиска држава, меѓу нив се јавувале паметни луѓе кои придонесувале за нивното зближување. Всушност и општата опасност ги зближувала. За Исаија е важно што работел и имал врски со значајни серски духовни и световни личности, кои го почитувале и поддржувале. Оваа македонска област била освоена од српскиот крал Душан во 1345 година, а градот Сер бил значајно средновековно економско и културно средиште, најважен град во Неточна Македонија. Мошне значаен интерес за книжевноста во Сер пројавиле вдовицата на крал Душан - царицата Елена, и особено сопругата на деспотот Угљеш – деспоницата Елена, која подоцна се замонашила под името Ефимија.

Исаија има посебен придонес за зацврстувањето и обновувањето на светогорскиот руски манастир „Св. Пантелејмон“, исто така за манастирот „Св. Павле“, за Хилендар. Покрај познатата преведувачка активност, тој се занимавал и со препишување на значајни ракописи. Препишал еден „Службеник“ на пергамент, чија трага е изгубена. Веројатно, тоа се случило и со други преписи на Исаија. Кога Света Гора ја посетил цар Душан, старецот Арсениј му го претставил Исаија, како негов избраник и наследник. Покрај угодните дејности и работа, „Житието“ на Исаија ги разоткрива и сите други пропратни неугодности што морал да ги претрпи „смерниот старец Исаија“.

ЛИТЕРАТУРА

ВОСТОКОВ, А., Описание русских и словенских рукописей Румянцовского музеума, Спб, 1842, 161 - 163.

MIKLOSICH, F., Joannis Chrysostomi homilia in ramos palmarum, Vindobonae 1845, 69 - 72.

ДУЧИЋ, Н., Старине Хиландарске, V. Животопис старца Исаија, који је живио у XIV вијека. - Гласник Српског ученог друштва 1884, кн. 56, 63 - 77.

Архиепископ Данило, Животи краљева и архиепископа српских, Л. Мирковић - превод, Н. Радојчић - предговор, Београд 1935, 289 - 291.

МОШИН, Вл., Житие старца Исайи. - Сборник русского археологического общества в Югославии. Т. III, 1940, 125 - 167.

PURKOVIĆ, A. M., Der Vater des Staresz Isaias, Byzantinische Zeitschrift, XLIV, 1 - 2, 1951, 461 - 462.

ДМИТРИЕВА, Р. П., Сказание о князьях владимирских, М. Jl. 1955, 166 - 167.

СТРИЧЕВИЋ, Ђ., Улога старца Исаије у преношењу светогорских традиција у моравску архитектонску школу. - Зборник радова, књ. XLIV, Византолошки институт, 1955, књ. 3, 221 - 232.

КИСЕЛКОВ, С. В., Исаия Атонски, Проуки и очерти по старобългарска литература, София 1956, 160 - 171.

RADOJIČIĆ, Sp. Đ., Antologija stare srpske književnosti, Beograd 1960, 82.

РАДОЈЧИЋ, С. Ђ. Стихови о иноку Исаији, Летопис Матице Српске, књ. 387, св. 4, Нови Сад 1961, 361 - 365.

РАДОЈЧИЋ, С. Ђ., Исаија из XIV века, преписивач службеника на пергаменту, Зборник за филологију и лингвистику, VII, 1964, 160.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Исай Серски, Из старата българска, руска и сръбска литература, БАН, София 1967, кн. II, 148 - 162.

ГЕОРГИЕВСКИ, Михајло, Исаија Серски и неговиот историско-литературен расказ за преведувањето на богослужбените книги од грчки на словенски и за поробувањето на Македонија од Турците во 1371 г., Современост, XXVI, 1976, бр. 4 - 5, 195 - 304.

ТРИФУНОВИЋ, Ђорђе, Писац и преводилац инок Исаија, Крушевац 1980.

СТАНЧЕВ, Красимир, Ареопагитски т корпус в превода на Исаия Серски. Археографски бележки, Археографски прилози, 3, Београд 1981, 145 - 152.

ВЛАДИСЛАВ ГРАМАТИК

Името на средновековниот значаен автор Владислав се поврзува со значајните настани во јужнословенската балканска средина во XV век, кога турското ропство ги засилило врските меѓу Србите, Македонците и Бугарите, т.е. кога нивни учени и заинтересирани претставници се позачестено ги менувале местата на живеење, а најчесто се селеле од еден манастирски просветен центар во друг. Немирните времиња, желбата за зачувувањето на православието, ги обединувало јужно-словенските народи, застрашени од опасностите на муслиманизацијата. Дејноста на образованите луѓе врз просветно-книжевниот живот, загрозена од брзиот економски пад на стандардот и условите за општ просперитет, денес претставува не само голем придонес, туку и своевиден напор за самоодржување. Меѓу нив дејноста на Владислав Граматик е видлива и значајна.

И Владислав ја доживува сличната судбина на средновековните книжевни дејци кои се преселувале, како на пример, животните врвици на Григориј Цамблак и Константин Костенечки, кои од Бугарија преминале во српската држава, каде што пренесле дел од Евтимиевата традиција, а од друга страна, дале голем придонес за развивање на српската литература. Врските на книжевниците од XIV и XV век биле живи и со Романија, како и со Русија.

Животниот пат, особено делото на Владислав, биле откривани постепено. Во 1851 година П. Ј. Шафарик го издаде преписот на Кириловото житие според текстот од Зборникот на Владислав од 1479 година. Во 1863 година Ѓ. Даничиќ ги објави материјалите за Св. Иван Рилски, како и авторството на делото на Владислав поврзано со бугарскиот светител. В. Јагиќ го внесе во својата Историја, објавена во 1867 година. И постепено започнува откривањето и дополнувањето на опусот на Владислав, во кои истражувања се вклучуваат

повеќе научници: Ст. Новаковиќ, В. Мочулски, Е. Спространов, М. Сперански, П. А. Сирку, Е.

Калужњацки, Ј. Иванов, В. Сл. Киселков, П. Динеков, Б. Ст. Ангелов, М. Георгиевски, итн.

Владислав Граматик ни оставил значајно и големо дело. Тој не се јавува како обичен препишувач на текстови, туку како голем зналец, искусен антологичар, кој знаел како да интервенира лично, да направи соодветен избор, а да се јави и како самостоен автор. Зад себе оставил 4 300 ракописни страници, околу 260 литературни дела, но за жал не оставил ни оддалеку достатно лични податоци за себе. Се знае дека бил роден во Ново Брдо, рударско место во Косово до Приштина. Ова го открива записот од Владислав во Зборникот од 1456 година, каде што се нарекува самиот „Владислав диак писа книгу сију от Новога Брда“. Иако ова место се наоѓа во српска територија, во него работеле луѓе од јужнословенските земји, како и од: Дубровник и Котор, а имало саксонци, Грци, Италијанци, Албанци. Ново Брдо се наоѓало на трговскиот пат Дубровник-Исток, а како богато рударско место со сребро и злато, привлекувало внимание и претставувал значаен економски центар, опишан од повеќе патеписци. Во него се развил и културниот живот, особено со присуството на образовани луѓе од разни средини. Во него се доселиле и познатите Кантакузини од византискиот род. Во него се спријателиле писателите Владислав и Димитар Кантакузин. Ново Брдо им дало голем отпор на Турците, но во 1455 година било дефинитивно преземено од султанот Мехмед II Завојувач. Во историските извори станува збор за големото опустошување на градот, кој постепено исчезнувал од сцената.

За народносната припадност на Владислав немаме точни изворни податоци. Одредени научници го сметаат за Србин, со оглед на податокот дека самиот се нарекол Владислав Диак од Ново Брдо. Меѓутоа, со оглед на познатите факти дека во Ново Брдо се доселувале луѓе и фамилии од разни земји, би можело да припаѓа и на друга народност. Фактот што по потпаѓањето на Ново Брдо под Турците работел и живеел во Жеглиговско, во манастирите во Ново Нагоричино и Матејче, од каде што имало доста иселеници во Ново Брдо, многу логично е да се претпостави дека потекнувал од овие македонски краеви. Постојат индиции

дека можел да работа во Рилскиот манастир, но овие докази се непотврдени. Честата употреба на ресавскиот правопис, исто така, не мора да е потврда за неговото српско потекло, бидејќи повеќе препишувачи и автори, со оглед на настанатите околности, го применувале истиот правопис. Токму во тие мешани влијанија, изразени со честите преселувања на образованите луѓе, се вршела важната обединувачка мисија, особено културна.

Може да се прифати мислењето дека Владислав се занимавал со творештво и пред 1456 година. Се смета дека од раната младост бил подвижник иероѓакон или диак. Истражувачите укажуваат дека би било логично неговата година на раѓање да се бара во годините 1410 - 1420. По опустошувањето на Ново Брдо од Турците во 1455 година, заминал во Младо Нагоричино, каде што го напишал Зборникот од 1456 година, што е засведочено со текст во Зборникот. Не се познати сигурни вести за престојот на Владислав од 1456 до 1469 година. Во 1469 година засведочено се појавува и работи во манастирот Матејче, каде што го составува Зборникот за Димитар Кантакузин. Овој податок го оставил самиот во Зборникот од 1469 година. Периодот од 1456 до 1469 година се определува од научниците различно. Според некои останал во Младо Нагоричино, според други се вратил во Ново Брдо, а постојат укажувања дека престојувал во Херцеговина. Во манастирот Матејче веројатно веќе бил во 1467 година, бидејќи Зборникот од 1469 година го пишувал неколку години. Во овој манастир составил уште два зборника, едниот од 1473, а другиот во 1479 година. Се претпоставува, а не е докажано, дека Владислав бил присутен при пренесувањето на моштите на Св. Иван Рилски од Трново во Рила, во 1469 година. Некои сметаат дека Владислав престојувал и во Света Гора. Тој добро го познавал грчкиот јазик. Неговото дело се споменува во врска со селото Ежово-Серско, без посигурни фактографски показатели.

Споменатите погоре четири зборници на Владислав се зачувани во оригинален вид, што претставува значајна констатација. Тие се доста обемни, содржајни, разновидни и значајни. Содржат мошне успешни избори од византиските познати автори, од словенските, како и лични творби на авторот. Тие откриваат талентиран и образован автор, кој ги познава и античките и византиските автори и

филозофи. Неговиот интерес е и кон актуелни општествени прашања и од минатото и од неговата современост. Покрај тоа, очевидно љубопитен и свртен не само кон богословските теми, туку и кон современието на Балканот, контактира и разменува мисли со образован свет од сите можни средини.

Прв негов зачуван труд е Зборникот од 1455 - 1456 година, завршен во Младо Нагоричане, и познат со наслов „Предели“, а бидејќи се чува во Одеса, некои го нарекуваат и „Одески зборник“. Го пишувал во големото село Младо Нагоричино, во куќата на домаќинот Никола Спанчевик, од ноември 1455 до ноември 1456 година. Зборникот содржи 77 листови и има антикатолички просветен карактер, заради што доминира полемичниот тон против Латините. Во Ново Брдо папата сакал да заземе добра позиција но православниот свет го спречувал тоа влијание. Меѓу нив важна улога одиграл и Владислав Граматик. Во XV век претензиите на Рим кон Балканот растеле. На свиканиот Флорентиски собор во 1439 година била договорена Унија меѓу Рим и Цариград, но не бил прифатен од православните цркви, особено не од балканските народи. Кон него не се придружила и Охридската архиепископија. Токму затоа практичното остварување на Унијата не се остварувало. Очевидно против ваквиот сојуз бил и Владислав, кој зазел изразит антикатолички став во првиот зачуван Зборник. Овој отпор се почувствувал особено во Света Гора, во Русија. Поаѓајќи од овие позиции Владислав обмислено во почетокот ги поставува четирите текста изградени врз чисти источно-православни позиции. Потоа следат полемики, долговековни расправии меѓу Западната и Источната црква околу ред догматски поставки. За да ја истакне ортодоксноста на православната вера се служи со добрите избори од делата и учењето на: Василиј Велики, Анастасиј Антиохиски, Кирил Александриски. Во него се поместени и два летописни текста од византискиот хроничар Јован Зонара, и тоа за покрстувањето на Бугарите и за покрстувањето на Русите. Не е случаен и овој избор, зашто се вклопува во морализаторско-верските христијански тенденции на авторот.

Зборникот од 1469 година, подготвен во Матејче, е зачуван во ЈАЗУ (III а 47). Владислав му го посветил на Димитар Кантакузин, кој го порачал. Кантакузин бил високо образована личност, живеел во Ново Брдо и Кратово и се спријателил

со Владислав. Самиот Зборник содржи 770 страници, иако првите пет се скинати, со Житието на Георги Омиритски.

Ракописот открива извежбан уметник, а уште повеќе го открива како таков раскошната орнаментика. Ракописот го открил И. Руварац во една црква во Карловац, но пред јавноста го претставил Ѓ. Даничиќ. Веројатно Граматик работел врз ракописот 2-3 години, а манастирот „Св. Богородица“ или Матејче, во Скопска Црна Гора, со богатата библиотека, местоположба, му обезбедувала одлични услови за работа. Во него била развиена ракописната традиција и порано. При претставувањето на содржината на Зборникот најсистематизирана класификација на текстовите извршил Г. Данчев. На првите 330 страници се распоредени житија на маченици и страдалници за христијанската вера, особено на светители од III и IV век. Фигурираат и житијата на христијанските проповедници: Григориј Богослов, Григориј Омиритски, Атанасиј Александриски. Потоа следат 150 страници со преводот на „Шестодневот“ на Василиј Велики. Сакајќи да дојде до разоткривање на тајните на природата се служи и со античките автори, а честопати неговите коментари имаат и антицрковен белег. Околу 355 страници и се посветени на книгата „Маргарит“ од Јован Златоуст, со најубавите слова на познатиот византиски автор. На 220 страници се наоѓаат избрани беседи од најпознатите византиски беседници, меѓу кои се наоѓаат и Златоустови слова. Мошне значаен е петтиот дел (356 страници) во кој доминира полемичкиот дух, сличен на Зборникот од 1456 година. Во него доаѓаат до израз значајни полемички состави од Григориј Палама, претставник и бранител на исихазмот, противник на учењето на Варлаам и Акиндин, потоа од солунскиот митрополит Нил Кавасила, кој бил познат со антикатоличките полемики. Во овој дел доминираат и текстовите против ересите, особено против Акиндиновите и Варлаамовите еретички злочестија. Последните 118 страници се исполнети со текстови од разновидни жанрови. Содржи текст од Евтимиј Зигабен, најстариот препис од Кириловото житие од XV век, Похвалата од Климент Охридски за учителите Кирил и Методиј Житието на Иларион Мегленски. Очевидно е дека Владислав одлично ги познавал и византиските дела, но и словенските. Работејќи во Маке-

донија, во Матејче, тој не ги превидел делата од Климент, за Кирил Филозоф, за Иларион Мегленски.

И третиот зачуван Зборник, од 1473 година е мошне значаен. Зборникот се наречува „Андрианти“, бидејќи поголемиот дел од него се однесува на ова значајно дело од Јован Златоуст. Овој ракопис содржи 562 листа, со творби од византиските автори: Јован Златоуст, Анастасиј Синајски, Василиј Велики, Ефрем Сирин и Теодор Андидски. Во неговата под врска се најдени Македонските глаголски листови од X век.

Четвртиот Зборник датира од 1479 година, исто така, како и претходните два, настанал во манастирот Матејче. Овој Зборник, како и тој од 1473 година, се чуваат во Рилскиот манастир, а последниов е познат и под името „Рилски панегирик“. Во него се посебно користени преписите на Кириловото житие, Словото за Кирил и Методиј, продолжението на Житието на Св. Иван Рилски што го составил самиот Владислав, преписот од Житието на св. Иван Рилски од Димитар Кантакузин. Во него се наоѓаат текстови од Григориј Цамблак, Јоасаф Бдински, Димитар Кантакузин, Евтимиј Трновски. Интересно е дека Владислав сигурно си поставил задача да претстави творби значајни и за бугарската, и за македонската и за српската средина. Од творбите на српската литература ги вклучил: Житието на Св. Сава, Св. Петар Коришки, Житието на Стефан Дечански од Григориј Цамблак. Во него сместил 111 творби, од византиски, бугарски, македонски, српски автори, на 735 листови.

Се смета дека Владислав го препишал „Шестодневот“ од Јован Златоуст, кој пак бил препишан од монахот Мардариј во 1480 година за Рилскиот манастир. Преписот од Владислав не е зачуван, додека Мардариевиот се наоѓа во Народната библиотека во Москва. Преписот на Владислав бил зачуван во селото Ежово, Серско, веројатно направен по порачка од султанката Марија Бранковиќ.

Покрај преписите, изборите, компилациите, мешовитите зборници, Граматик е познат со одлично компоновата „Рилска повест“, којашто се однесува на Рилскиот манастир и пренесувањето на моштите на Св. Иван Рилски од Трново во Рила. Една редакција од оваа Повест е позната според Зборникот од 1479 година. Владислав всушност вметнал свој дел, како продолжение кон Житието на св.

Иван Рилски од Евтимиј Трновски. Покрај оваа Рилска редакција, постои и Белградска од XVI век, позната според два преписи. Најновата трета редакција е откриена во Зборник зачуван во Софиската народна библиотека со потекло од XVIII век. Во разграничувањето на податоците за овие три редакции постојат несовпаѓања кај истражувачите. Најверојатно првите две редакции не произлегле од еден автор, т.е. од Владислав, туку од двајца, особено ако се земат предвид разликите. Покрај тоа останува недокументирано дали составот го пишувал врз основа на лични впечатоци, или врз пишан материјал. Посебен осет авторот покажал во детално опишување на пренесувањето на моштите од Софија до Рила, кога народот со восхит и почит ја зголемувал процесијата. Според монографскиот труд на Г. Данчев „Рилската повест“ во Зборникот од 1479 година е првична редакција, излезена од раката на Владислав, а Белградската не е негово дело.

Владислав Граматик ги почувствувал врз себе реалните разорни влијанија од турското ропство. Токму затоа во книжевниот состав „Рилската повеет“ дава трогателни слики од современата состојба во бугарската земја. Тој сочувствува со народот. Во зборниците оставил среден и резимиран летописен материјал, кратки, но прецизни податоци за времето, карактеристики на современите состојби. Реално ги согледал и надвиснатите опасности од претенциозното влијание на Латините, и подготвил смислени одговори преку грижливо подготвуваните зборници. Прекинатиот културен подем посакал да го продолжи. Сакајќи да се вклучи во патеките на развојот, имајќи осет за настанатата ренесанса во Европа, отпочнал со систематско откривање на врвните книжевни примери од византиските автори, но не заборавајќи ги светлите традиции што одамна ги откриле значајните јужнословенски автори: Кирил и Методиј, Климент Охридски, Илларион Мегленски, Евтимиј Трновски, Григориј Цамблак, Димитар Кантакузин, и многу други, поврзани свесно во неговото дело, пред општата застрашувачка опасност од ропството.

ЛИТЕРАТУРА

ШАФАРИК, Й, П., Житиж Стефана Оуроша, Гласник Друштва српске словесности, XI, Београд 1859, 35 - 42.

DANIČIĆ, Đ., Rukopis Vladislava Gramatika pisan godine 1469. - Starine, knjiga I, 1869, 44 - 85.

НОВАКОВИЋ, Ст., Ново Брдо и Врањско Поморавље у историји српској XIV и XV века, Годишњица Н. Чупића, 1879, III, 288.

СПЕРАНСКИ, Н. М., Загребски ръкопис на Владислав Граматик. - Сборник за народни умотворения и книжнина XIV - XVII (1900), 325 -339.

СИРКУ, А. П., Очерки из истории литературных сношений Болгар и Сербов в XIV - XVII веках, Спб. 1901.

КИСЕЈ1КОВ, Сл. В., Владислав Граматик и неговата Рилска повеет, София 1947.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Владислав Граматик, История на българската литература, I, БАН, София 1963, 362 - 373.

ГРАШЕВА, Лиляна, Владислав Граматик. - Во: Белешити Българи, т. III, София 1969, 35 - 43.

ДАНЧЕВ, Г., Владислав Граматик, книжовник и писател, София 1969.

АНГЕЛОВ, Боню, Три неизвестни ръкописи на Владислав Граматик, Език и литература, 1973, кн. 3, 89 - 93.

ТРИФУНОВИЋ, Ђорђе, Кратак преглед југословенских књижевности Средњега века, Београд 1976, 131 - 133.

ДАНЧЕВ, Георги, Към въпроса за преписите и редакциите на Рилската повеет на Владислав Граматик. - Руско-балкански културни връзки през Средновековието, София 1982, 89 - 101.

ХРИСТОВА, Боряна, Два ръкописни шестоднева от сбирката на рилския манастир, Език и литература, 1982, кн. 2, 57 - 65.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Радмила, Владислав Граматик и единството на јужнословенската книжевна традиција, Предавања на XVI семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1983, 37 - 45.

ГЕОРГИЕВСКИ, Михајло, Краток осврт за животот и делото на Владислав Граматик - Книжевник од XV век, Беседа, год. XII, бр. 35, јуни 1985, 49 - 59.

РАЙКОВ, Б., КОДОВ, Х., ХРИСТОВА, Б., Славянски ръкописи в Рилския манастир, I, София 1986.

РАЙКОВ, Б., Сборникът на Владислав Граматик от 1456 г., Palaeobulgarica, БАН, София 1991, 4, 39 - 50.

ДИМИТАР КАНТАКУЗИН

Зачуваните книжевни творби на значајниот писател Димитар Кантакузин биле откривани постепено во науката. Тие го претставуваат авторот како високо образована личност, со длабоки познавања на античката литература и култура, посебно на целата византиска книжевност до неговото време. Но и покрај зачуваните творби, за неговиот животен пат дознаваме фрагментарно, нецелосно и попатно.

Неговото име истражувачите најчесто го поврзуваат со писателот Владислав Граматик, кој повеќе книжевни пројави ги започнал благодарение на поттикот од Кантакузин. Нивните средби, искрено познанство, се одвивале во Ново Брдо, а можно е и на други места. И двајцата високо образовани, свесни за непремостливата опасност од Турците, кои подолго време не можеле да го заземат одлично бранетиот рударски град Ново Брдо од сите претставници на разнородни народи како да е нивни роден град, ќе придонесат за духовниот подем и растеж на населението.

Рударското место Ново Брдо се развило уште за времето од владеењето во Србија на кралот Милутин, а во XIV и XV век било надалеку познато градско средиште, токму на патот на кој минувале трговските групи од Јадранско Море до Црно Море. Димитар бил син на цариникот Кантакузин во Ново Брдо, член на новодојдениот византиски род Кантакузини, кои очевидно со постојаното населување меѓу словенското население, тие се словенизирале. Во српската држава Кантакузините почнале да се јавуваат особено по женидбата на деспотот Ѓорѓе со Ирина Кантакузина. Еден од Кантакузините што се досели бил и татко му на Димитар, но не се знае сигурно дали неговиот син е роден во Ново Брдо. Во секој случај, младиот Димитар ги доживеал сите немили настани од нападите на Турците на Ново Брдо, како и неговата пропаст во 1455 година, кога турскиот цар Мехмед II лично влегол во разурнатиот град, како човек кој не можел да им

ја заборави на Новобрданите упорната одбрана. Очевидците оставиле податоци за sверскиот однос на султанот, кој убавите млади момчиња ги претворил во јаничари, младите жени и девојки им ги поклонил на војниците, а многу мажи усмртил. Овие слики останале како зловесници во психата на Димитар, кој и во своите творби не ќе може да се ослободи од нив и од последователниот неизбришлив песизмизам и мистицизам, што го опфатиле. Мислењето на еден од вредните истражувачи на делото на Димитар, Ѓ. Трифуновиќ, основано смета дека Кантакузините можеле да бидат спасени благодарение на султанијата Мара, која по смртта на Мурат II била испратена во српскиот двор, а била од родот на Кантакузините. Таа живеела и во Ежово кај Серез. Нејзиниот заштитнички однос кон книжевните споменици, културното наследство во црквите и манастирите, ја зближиле со Димитар, кој ја посетувал честопати во Ежово. Таа можела да се заложи кај синот Мехмед II да дозволи да се пренесат моштите на Св. Иван Рилски од Трново на Рила. Во 1467 година новобрѓаните дале последен отпор, заради што биле безрезервно убивани и преселени во Цариград и на други места. Се смета дека султанијата Мара ги спасила Кантакузините, но во 1477 година и овој род бил дефинитивно уништен во Цариград. Изгледа од овие искушенија се спасил Димитар, кој последните години ги минал најверојатно кај Мара Бранковиќ во Ежово и крај Црното Море. Неговиот животен век истражувачите го сместуваат меѓу 1430 и1495 година.

Неговото потекло некои од нив го поврзуваат со Димитар Кантакузин, кој загинал во одбраната на Цариград во 1453 година, други го сметаат за брат на Јања Кантакузин, кој загинал во последниов колеж што го извршил Мехмед II на Кантакузините во Цариград, во 1477 година.

Од нецелосно зачуваното дело на Димитар Кантакузин со најголема сигурност може да се каже дека неговата афирмација е најсилна со „Молитвата кон Богородица“, единствено негово дело зачувано во бројни преписи, над 40, додека другите не доживеале ни оддалеку толкава бројност, а некои дури останале и незачувани.

Со целокупното дело, со својот животен пат, и тој слично како Владислав Граматик, врши обединувачка улога, пред налетот од турската војска. Со право тој им припаѓа на Јужните

Словени, бидејќи и неговиот не многу познат животен пат, како и делата, се однесуваат на Ново Брдо, Северна Македонка, Рила, Цариград. И тој ги менувал местата на живеење, а како останал жив во тие метежни денови, кои го обвиле со прерано песимистички рефлексии, навистина е една среќна околност. Во неговото севкупно дело наоѓаат одраз и јужно-словенските јазични црти, преку црковнословенската редакција, што ја применувал Димитар. Очевидно е дека Кантакузин бил Грк, кој одлично ја совладал и античката и византиската литература, што не е тешко да се констатира од неговиот интерес, дело и белешки. Меѓутоа, развивајќи се во средина која му била блиска и позната, соживувајќи се наполно со неа, тој пишува словенски, како што имаме бројни примери во литературата. Јован Итал бил Италијанец, а пишувал на грчки јазик. Максим Грек бил Грк, а во Русија пишувал на руски јазик. Димитар имал можност во Ново Брдо да слуша повеќе јазици и да добие можност за повеќестрано јазично запознавање и комуницирање со разновидни култури. Во 1959 година Б. Ангелов соопшти за делото на Кантакузин „Собрани молитви“, сметајќи ги за негов личен состав. Г. Данчев во 1989 година се појави со нови докази за делото, како превод од грчки на словенски јазик, извршен од Димитар Кантакузин.

Во науката се познати осум дела од Димитар Кантакузин. Напоменавме дека најпопуларното дело му е „Молитвата кон Богородица“. Г. Данчев, кој систематично го следи овој автор, откри 42 преписи, зачувани во: СССР, Југославија, Бугарија, Грција, Австрија, Романија, Чешка и Словачка. Најстариот препис потекнува од крајот на XVI век, кој и П. Сирку го сметал за највреден, со полн состав од сите 308 стихови. Најновиот 43 препис потекнува од крајот на XIX век, зачуван во Архивот на Македонија (М I - 5). Според споменатите села Вишни и Радожда, Зборникот потекнува од Струшко.

Очевидно е дека Молтивата доживеала најголем број преписи во XVII век, што значи тогаш била и најпопуларна. Јужнословенските преписи го одразуваат

ресавскиот правописен систем, што не значи дека меѓу самите преписи нема специфични разлики.

Димитар Кантакузин се соочил со смртта мошне рано, и доста често. Крвавите кол ежи, одземањето на животот, се случувале брзо, масовно. Тоа го натерало кон длабока рефлексија, кон мистика, песимизам. Во темнината на земјата се нестанува, исчезнува, таму се завршува, каде има „скрипа од заби“, мачења, безнадежност. Тој самиот си досудува: „темна темнина избрав, темен целиот бев“. Тој се поистоветува со темнината, барал излез и не го гледал. Единствено светло место во хаотичните темни слики согледал во појавата на Богородица. Тој не бара од неа дефинитивен спас. Меѓутоа, достатна е нејзината смирена појава, за да предизвика кај авторот интровертно понирање во себе, само изнаоѓање, кое ќе му донесе смирување, избавување, светлина, зашто Таа е симбол на спасувањето, скала на искачувањето, врвна царица. Преку оваа само исповедна, само изнаоѓачка, прочувствувана поетска поема, Димитар ги открива духовните богатства, односот кон светот, кон луѓето, кон себе. Ортодоксен христијанин, кој ги прифатил искрено сите нејзини норми и догми, го доживува растргнувачкото секојдневие, кога светот на христијаните секојдневно се урива, а животот, неговата вредност - се покажува ништожна. Авторот фантазирал за високи идеали, а се нашол со собраќата во кал, во крв. Уште со почетните стихови тој се чувствува самиот недоличен, извалкан, зашто едно му налагал христијанскиот мироглед, а друго му открила сегашноста. Градено по угледот на византиското стихотворство делото е достојно за споредба со најубавите поетски состави од X век. Очевидно е дека Димитар ги познавал одлично составите на: Андреј Критски, Никифор Калист, Никола Катаскепин, Симеон Метфараст и многу други.

Не помал поетски опит покажал и во „Службата за Св. Иван Рилски“. Димитар составил за овој значаен бугарски светител и „Житие со мала похвала на Иван Рилски“. Возобновувањето на Рилскиот манастир и пренесувањето на моштите на св. Иван Рилски се случило во 1469 година, што како чин значеше многу, не само за бугарскиот народ, туку и за целиот јужнословенски христијански свет. Поттикнат од целиот вознемирен тогаш христијански дух, Димитар се зафатил со составувањето на двете творби посветени на Иван Рилски. Се смета дека

Житието било составено меѓу 1473 и 1478 година. Овој состав е зачуван само во еден препис, и тоа во Рилскиот панегирик на Владислав Граматик, од 1479 година. Од списот се гледа дека кон овој состав Кантакузин пристапил по желба и барање на монасите од Рилскиот манастир. Текстот дава можности да се мисли дека Кантакузин го составил делото во самиот Рилски манастир, како да бил таму, бидејќи се обраќа во прво лице. За овој состав, како и за вториот, се служел главно со житијата на св. Иван Рилски составени од патријархот Евтимиј и Георги Скилица. Можел да го знае и расказот на Владислав Граматик за пренесувањето на моштите на св. Иван Рилски. Неофит Рилски, образован монах во Рилскиот манастир, составил цел зборник со служби и житија за св. Иван Рилски, и дал први свидетелства за Кантакузин. Нему посебно внимание му посветил и бугарскиот славист Ј. Иванов.

Самото житие пренесува ред настани што се познати од постарите состави на житијата за св. Иван Рилски. Меѓутоа, негов оригинален уметнички дел останува описот на пренесувањето на моштите и состојбите на рајата под турското владение. Писателот е чувствителен кон современата состојба, покората што ја извршиле Турците врз Бугарите, Србите, Македонците, Грците. Со прекор се однесува кон крвопролевањата што се случувале меѓу Бугари и Грци. Жали за плачните состојби, мажите и жените се продаваат, се потурчуваат, селата запустеле, на штета на христијанскиот свет. Посебно се запира врз историските настани, на Маричката битка, каде што со жалење ја опишува смртта на Волкашин и Угљеш. Не се чувствува дури ни желба да се врати стариот блесок, а црквата и манастирите запустувале се повеќе. Писателот ја критикува политиката на Грците, Србите, Бугарите, кои умееле само да се караат. Сметал дека заради нивната неразумност Господ ги казнил со оваа покора. Го опишува немилосрдниот султан Мухамед II (1451 - 1481), кој го уништил Цариград. Најчувствителен однос Кантакузин покажал при описот на пренесувањето на моштите. Неговиот однос кон богоразумниот светител е навистина искрен и почитувачки. Го истакнува како пример за христијанскиот свет. Тој не случајно го одбрал овој добар пример на божји слуга, скромен, смерен и целиот свртен кон Бога.

Кантакузин составил и Служба за св. Иван Рилски, зачувана во најстар целосен препис од XVIII век. Таа содржи три дела: Мала вечерна, Голема вечерна и Утрена. Зачуван е акростихот со името на светителот Иван и на авторот Димитар. И во овој црковен средновековен жанр Кантакузин покажал и знаење и уметнички вредности. Зачувани се шест полни преписи на Службата.

Димитар напишал и две похвали, кои не заостануваат со своите вредности зад византиските мајстори. Се зафатил да ја состави вдахновената „Похвала за Св. Димитрија Солунски“, општо христијански светител, но посебно чествуван во Солун и Солунско. Оваа Служба била откриена во 1936 година, во ракопис од XV - XVI век од црквата „Св. Никола“ кај Бело Поле. Култот на Св. Димитрија бил познат и раширен сред Јужните Словени. Позната е во три преписи. Најстариот потекнува од XV век и е познат како Ленинградски препис, вториот е од „Св. Николац“ XV - XVI век, а третиот потекнува од XVII век, т.н. Хилендарски, издаден од Е. Тахиаос.

„Похвалното слово за Никола Мирликиски“ е зачувано во единствен препис од XV - XVI век. И овој препис му припаѓал на манастирот кај Бело Поле „Св. Николац“. И во двата текста Кантакузин мошне суптилно, вдахновено, се осврнува на нивните високи духовни и христијански вредности. Иако апострофира важни моменти од нивните житија, тие не се централни точки, туку само одредишта околу кои авторот вткајува продуховени етерични појави. Овие особености доаѓаат до поголем израз во првата Похвала, која е доста подолга од втората.

Од делата на Кантакузин заслужува внимание неговото „Послание до доместик Исај“, зачувано во еден препис во Српската патријаршија во Белград, а објавено од Е. Тахиаос, во 1971 година. Ракописот покажува време на настанување XVII - XVIII век. Тоа е напишано на 90 страници. Се смета дека доместикот Исај бил јеромонах во Жеглиговскиот манастир „Св. Богородица“, кого Димитар посебно го почитувал и по негов наговор Кантакузин вметнал и посебен книжевен состав - поучително слово. Во долгото послание ги развива своите присутни размисли за животот, за смртта, за преодноста на суетниот живот, за себе наоѓањето во духовната смиреност на христијанската идеологија, која авторот

неприкосновено ја признава и прифаќа. Доместикот Исај го прифатил со почитување и Посланието е опширен одговор на неговото писмо. Во Посланието избива на преден план длабокото понирање на Димитар во античката литература и филозофија. И во неа, како во „Молитвата кон Богородица“, присутна е раката на смртта. Кантакузин и овде филозофира: „Не се сметаат годините. Не се знае на кое место смртта те очекува, затоа ти на секое место неа очекувај ја!“ На друго место навестува слично расположение: „Дали некој се просветлил кога е со темнина опфатен? Мислам, никогаш... Одиме во темна земја и мрачна, во земја на темнината мрачна.“ Kaj Димитар се меша стварноста со сонот, но тие се исти, темни, во нив демне смртта. Таа од јавето минува во сновидувањата, а поетот рее во морничавата атмосфера.

На Кантакузин му се припишува и еден краток географски опис, пронајден во два листа во „Синтагма“ од Матеј Властар. Насловот гласи „О књизе Птоломеја, о Охридској епархији“. Толкувањето на Кантакузин се однесува на земјите Дакиски, само во неколку реда. Всушност ги означува глобално границите на Првата охридска епархија.

Заедно со Владислав Граматик, Димитар Кантакузин, пополнува важен период од средновековната книжевност на јужнословенските народи, сред кои творат и двајцата талентирани автори, со широки видици, над просечниот видокруг на сограѓаните и дејците од XV век.

ЛИТЕРАТУРА

Неофит Рилски, Службы съ житіемъ, Белград 1886, 3 - 4.

СЫРКУ, А. П., Очерки из истории литературных сношений Болгар и Сербов, в XIV - XVII веках, Спб. 1901.

СЫРКУ, А. П., Стари српски рукописи са сликами, Летопис Матице Српске, Нови Сад, бр. 196, 33 - 34, бр. 197, 1 - 20.

СПРОСТРАНОВ, Е., Опис на ръкописите в библиотеката на Рилския манастир, София 1902, бр. 4/8, 104 - 114.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Няколко нови вести за книжовното дело на Димитър Кантакузин, Известия на Института за българска литература, кн. II, 1954, 249 - 262.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Стари славянски текстове. IX. Две неизвестни творби на Димитър Кантакузин, Известия на Института за българска литература, кн. VIII, 1959, 263 - 273.

RADOJČIĆ, Dj., Un byzantin ecrivain serbe: Demetrius Cantacuzene - Byzantion, tome XXIX - XXX, 1959 - 1960, Bruxelles 1960, 77 - 87.

История на българската литература. Т. I. Старобългарска литература, София 1962, 373 - 379.

РАДОЈЧИЋ, Сп. Ђ., Крајње песимистички песник код Срба у другој половини XV века, Развојни лук старе српске књижевности, Нови Сад 1962.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Димитрије Кантакузин, Београд 1963.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Димитрије Кантакузин. - Стара књижевност, Београд 1965, 485 - 504.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Из старата българска, руска и сръбска литература, кн. II, София 1967, 242 - 243.

ПЕТКАНОВА-ТОТЕВА, Д., Димитър Кантакузин - жизнена съдба и поетическо откровение. - Старобългарска литература. Изследования и материали. Кн. I, Софйя 1971, 243 - 261.

TACHIAOS, E. A., Nouvelles considerations sur l'oeuvre litteraire de Demetrius Cantacuzene. - Cyrillometodianum I, Thessalonique 1971, 131 - 159.

ТРИФУНОВИЋ, Ђ., Димитрије Кантакузин, Стара књижевност, приредио Ђ. Трифуновић, НОЛИТ, Београд, 1972, 497 - 518.

ТАХИАОС, Антоније-Емил, „Песма Богородици“ Димитрија Кантакузина у хиландарским рукописима. - Зброникисторије књижевности (САНУ), књ. 10, Стара српска књижевност, Београд 1976, 181 - 195.

ДАНЧЕВ, Георги, „Молитвы собранные“ Димитра Кантакузина и истина о их греческом авторе. - Славянские культуры и Балканы 1, София 1978, 261 - 266.

ДАНЧЕВ, Георги, Димитър Кантакузин, София 1979.

ДАНЧЕВ, Г., Поетични отгласи от Молитва към Богородица на Димитър Кантакузин в ръкопис съхраняван в библиотеката на Ориенталния Институт в Рим, Studia slavica mediaevalia et humanistica, Riccardo Picchio Dicata, I, II, Roma 1986, 1, 163 - 175.

АНГЕЛОВ, Б., ДАНЧЕВ, Г., КОЖУХАРОВ, Ст., ПЕТКОВ, Г., Димитър Кантакузин, Събрани съчинения, БАН, София 1989.

ПРОДОЛЖУВАЧИ НА КНИЖЕВНАТА ПИСМЕНА ТРАДИЦИЈА

Кога се има предвид целокупноста на средновековната книжевност, нејзиниот восприемач се поставува визави непрегледно богатство на разнородни книжевни творби, чија големина и цел и сообразност не може да се согледа само од еден аспект, ниту со делумно нејзино запознавање. Покрај тоа, секоја средновековна словенска книжевност наличува на сите други, а пак е нешто посебно. Меѓутоа, најубав синтетичен приод кон неа даде Д. С. Лихачов, иако односниот цитат кај него се однесува на руската средновековна книжевност: „Она што восхитува во старите словенски литератури не се посебните дела и писатели, туку самата книжевност, таа грандиозна 'билна асоцијација' од дела и жанрови, која секоја книжевност ја формира. Влезете во висока елова шума. Тука се се сложува во бојата: сите бои - бојата на вресот и бојата на четината, бојата на маховината од сите видови и бојата на јагодите, бојата на еловите стебла, силно жолти во предвечерието, и бојата на шумските езера, кои се гледаат во провидната елова шума оддалеку - формираат најтенки колористични комбинации. Но, еловата шума ќе ве восхити и со својата 'архитектура': со високите и прави стебла, кои создаваат посебно 'надлично' расположение. Таа 'архитектура на шумата' е динамична: врвовите на елите кои се нишаат на ветерот го пренесуваат своето ритмичко движење до самото дно на стеблото. На ритамот од движењето му секундира шумот на врвовите. Естетската сила на шумата се чувствува и во шумските мириси, во сменувањето на светлината, во смената на годишните времиња. Погледнете ја сега оваа шума во детали. Осамената ела веќе не е толку убава. Во нејзината исправеност има некаква недозволена 'техничност': тоа не е дрво, туку градежен материјал за топла руска куќа. Вресот е убав само во масата, како што и маховината е убава само во своите комбинации и во полусенката на дрвјата, таму каде што се елите исечени, маховината е грда. Нешто слично е и во

старите литератури. Старата книжевност восхитува со својата величественост како целина. Нејзините одделни дела - тоа не се градинарски цветови, тоа се шумски бои на вресот кои оставаат впечаток во сопствената севкупност, тоа се, понекогаш, едноставно, маховина и лишај, но како целина создаваат ансамбл кој предизвикува воодушевување...“

При восприемањето на старата литература не смее да се превидат и оние бројни книжевни автори на полето од ширењето на писмениот збор. Имено, овде мислиме на многу анонимни и малку познати автори. Првите се јавуваат како неизбежност од карактеристичната средновековна срамежливост или скромност, зашто сметале дека се „недостојни“ да се прикажат и потпишат како автори. Тие најчесто сметале дека е грев да се сметаат меѓу „богоизбраните книжници“. Меѓутоа, нивните дела, едно по едно, се сливале во „грандиозната книжевна асоцијација“ станувајќи дел од организмот. Разбирливо е дека тие значеле и живот и целовитост и долговечност негова. Тие го чинеле и оној толку значаен нераскинлив континуитет на книжевното создавање.

Во случајов ќе се запреме на скромните траги што некои од бројните препишувачи, преведувачи, автори, активисти, ги оставиле зад себе, или се случајно откриени. Нивниот број е голем, а тие се, исто така, значајни спојки на нашиот книжевен живот од минатото, а заслужуваат посебен осврт. Овде ќе укажеме на нивното постоење низ вековите.

Герман бил високообразована личност и цар Самоил го назначил во 971 година за црковен поглавар во неговото царство. Изборот бил извршен во Воден. Тој препишал еден Хомилијар, од кој е зачуван препис од 1359 година, во Букурешката патријаршија (бр. 1). Во зборникот се наоѓаат слова од Климент Охридски, Јоан Егзарх, а вкупно ги има 42. Романецот Јон Јуфу дал опширен опис на ракописот.

Во X - XI век била преведена познатата светска Хроника на византискиот историчар Јоан Малала, од сириско потекло. Работел и творел во V и VI век. Неговата Хроника содржи податоци за светската историја. Со оглед на значајните вести и за Словените во XXI век настанал словенскиот превод.

Презвитерот Јоан дејствувал и творел во XI век. За неговата дејност се дознава од предговорот кон преводот од грчки на словенски јазик на житијата за Антониј Велики и Панкратиј Тавроменики. Преведувал под сугестијата на црковниот претставник Јоан. Многу логично е да се смета дека тоа е дебарскиот архиепископ во Охрид - Јоан.

Јоан ерej работел во XI - XII век и го составил месецословот од Зографското евангелие, а оставил и други записи.

Никола Брата творел во XIII-XIV век, а е познат по Лобковскиот или Хлудов паримејник (бр. 142), составен за братот си попот Дедослав. За попот Грдо составил Апостол со евангелие, познат како Скопски апостол, зачуван во манастирот „Св. Пантелејмон“ во Света Гора и опишан од Е. Тахиаос.

Драги Братолинов бил поп и препишувач во XIII век. Го препишал т.н. Драгиино евангелие, 129 пергаментни листови. Еден негов дел останал во манастирот „Св. Пантел ej мон“ во Света Гора а друг дел во Московската Ленинова библиотека. Опишан е во описите од А. Е. Тахиаос.

Б’лчо бил сигурен илуминатор на Добрејшевото евангелие, што означува дека неговата дејност паѓа во XIII век. Покрај тоа, записот што го оставил, го открива и како филозоф - писател, кој загатнал: „Пишувај, В’лчо грешниче, и препишувај, бидејќи раката изгнива, а славата божја останува засекогаш.“

Теодор Граматик напишал Триод на 153 пергаментни листови, во XIII век. Ракописот е зачуван во Пловдивската библиотека (бр. 68). Во Бугарија бил пренесен од Битола.

Добре творел во XIII век. Заедно со поп Рако напишале Евангелие, зачувано во Света Гора, во скитот „Свети Андреј“.

Добријан се јавува во XIII век, а станал познат според припишаниот т.н. Добријанов минеј, кој бил пренесен од В. Григорович од Света Гора во Одеса. Еден дел од овој минеј се чува во Ленинградската академија на науките и е познат под името „Григоровичев минеј“. Во Добријановиот минеј се наоѓа Службата на Кирил Солунски, потоа и Служба за Кирил и Методиј, со навраќање кон делото на Климент Охридски. Добријан оставил белешка дека оваа работа ја завршил под влијанието на архимандритот Никодим. Добријан бил мошне работлив и

образован, што се гледа од подолгата белешка. Препишал уште еден празничен минеј, исто така, зачуван во Одеса.

Драган бил книжевник од XIII век, а го препишал познатиот Драганов минеј, 219 пергаментни листови. Од овој ракопис зачувани се три дела, еден во Зографскиот манастир, втор во Московската Ленинова библиотека и трет - во Ленинградската народна библиотека. Шест листови биле откриени во светогорскиот манастир „Пантелејмон“, но не се зачувани. Во него се наоѓаат службите за Кирил и Методиј, Јован Рилски, цар Петар, Петка Епиватска и Михаил Воин. Драган бил одличен познавач и на словенскиот и на грчкиот јазик и преведувал од грчки на словенски. Драгановиот минеј открива образована личност, талентиран книжевник, кој одлично ја познавал илуминаторската уметност, а и музичката. Неговото писмо е прекрасно калиграфско. Токму затоа Драгановиот минеј дава можност да се разгледува од повеќе научни и уметнички аспекта. Тој покажува дека постоело и специфично музичко македонско творештво, со посебни карактеристики. Во него има седум нотирани песни.

Драгија се јавува со својата дејност во XIII век. Со друг анонимен препишувач составиле Посен триод, 103 пергаментни листови.

Поп Јоан го препишал Македонското евангелие од втората половина на XIII век, 133 пергаментни листови. В. Мошин смета дека е напишано во Источна Македонија. Самиот препишувач оставил белешка на л. 176: „Помогни му Боже на многугрешниот поп Јоан“. Денес ракописот се чува во ЈАЗУ (III с 1).

Во македонските преводи на мисли и сентенции доминираат и текстовите од старогрчкиот поет Менандар. Негови мисли се наоѓаат во Драголевиот зборник од XIII век, пишуван врз македонска предлошка.

Поп Рако живеел во XIII век. Со попот Добре составиле Евангелие. Зачуван е во скитот „Св. Андреј“ во Света Гора.

Таканаречената Стаматово евангелие, со македонска редакција, од XIII век, содржи запис од попот Стамат, кој е дополнително напишан, а не кога настанал ракописот, но останал познат по неговото име. Најверојатно попот Стамат живеел по XIV век. Ракописот е зачуван во Народната библиотека во Ленинград (А. О. бр. 338).

Тихота и Јосиф се препишувачи на пергаментниот Болонски псалтир, составен во селото Рамне, Охридско, во XIII век. Им помагал и братот на Јосиф – Белослав, како и уште еден анонимен препишувач. Денес се чува во Болонската библиотека (бр. 2 499).

Акакие е препишувач од XIV век, кој заедно со Јован Дебарски го направиле преписот на „Летописот“ од Јован Зонара, византиски историчар. Акакие препишувал во вториот дел од Летописот и запишал дека до 225 лист пишувал Јован, а потоа продолжил тој. Целиот ракопис содржи 377 листови.

Арсениј Солунски живеел и дејствувал во XIV век, во Солун и Палестина. Со доаѓањето на Турците Арсениј го напуштил Солун и се преселил во Палестина, за што напишал интересен патопис. Зачувани се над десетина преписи од патеписот, главно со потекло од XVI и XVII век. Патописот нашол благопријатна почва и во руската средина.

Во XIV век книжевниот деец Гаврил, кој во 1359 година го препишал Цветниот триод. Серскиот митрополит Јаков го пратил ракописот со други преписи во манастирот „Света Богородица“ на Синај.

Димитар Зограф работел како зограф и преведувач во XIV век. Го превел „Шстодневот“ на Георги Писида. Зачуваните преписи се руски од XV до XVIII век. Ништо не е чудно Димитар да заминал во Русија, по Маричката битка во 1371 година.

Драјко препишал еден Пролог за септември-ноември во XIV век. Ракописот содржи 373 пергаментни листови. Се смета дека од л. 209 започнал да препишува дијак Станислав (Станислав Лесновски).

Во XIV век настанал и словенскиот превод на Манасиевата значајна хроника, составена во XII век. Ова дело и било посветено на деспотицата Ирина, која била позната мецена на книжевните и уметничките автори.

Книжевникот Мелетиј творел во XIV - XV век. Во манастирот Трескавец пишувал Требник, во 1863 година пренесен во Јагелонскиот Универзитет во Краков, каде што се чува и денес (бр. 932).

Јеромонахот Михаил во XIV век препишал Апостол за попот Михо од село Дебреше, 107 пергаментни листови. Оставил податок дека потекнувал од селото

Лешнице-Тетовско. Апостолот се чува во Ленинградската библиотека (бр. 3 365 - Титова збирка).

Оливер Прилепски е средновековен деец од XIV век. Составил Минеј за јули и август, зачуван во Дечанскиот манастир (бр. 32).

Радослав Скопчик живеел во XIV век и составил значаен стихуван Пролог, во 1370 година, со 309 листови, во Архивот на Југословенската академија на науките и уметностите (III в 19)

Ученик на Јоан Светогорец бил Методиј Светогорец во XIV век. Творел во манастирот „Св. Атанасиј“ на Света Гора. Составил Октоих и Богородичник, пронајден во Синајската библиотека. Друг негов ракопис, според Ј. Иванов, се чува во манастирот „Св. Павле„ во Света Гора.

Јоан Светогорец е значајна личност од XIV век. Творел и се подвизувал во манастирот „Свети Атанасиј“ во Света Гора. Се смета дека кај него учел и се оформил бугарскиот патријарх Ефтимиј чија правописна реформа е добро позната во јужно-словенска средина. Ученикот на Јоан, Методиј, ни оставил драгоцени податоци за вредниот Јоан, кој работел на преводи од грчки на словенски јазик, и тоа на повеќе книжевни творби: евангелија, апостоли, псалтири, минеи, типици, патерик. Преведувал слова од: Исак Сирин, Доситеј, Варлаам. Посебна заслуга има за преводот на полниот октоих-параклитик. Од неговата школа излегле вредни ученици, кои оставале траги за својот уште повреден учител.

Јаков Серски, исто така, дејствувал во XIV век и бил познат поет. Откако станал серски митрополит водел грижа за словенската традиција. Во 1354 година книжевникот Калист напишал „Четвороевангелие“, пергаментно, составено во Сер, а денес се чува во Британскиот музеј (бр. 39 626). Во 1359 година Гаврил составил Цветен триод, по наредба на Јаков Серски. Во Триодот се наоѓа и песна од Јаков Серски. Како духовник се грижел за словенското ракописно наследство, но и самиот бил продуховен поет. Околу неговото творештво потребни се натамошни истражувања.

Монахот Теофил во XIV век составил Октоих. Според записот од Теофил може да се суди дека потекнувал од Македонија. Ракописот се наоѓал во старата

збирка ракописи во Народната библиотека во Белград (бр. 7). Се смета дека Теофил го составил и Службениот минеј за мај од 1350 - 60 година, зачуван во Цетинскиот манастир (бр. 33), со македонска редакција, напишан на 114 листови.

Никодим Тисмански живеел и творел во XIV век, со потекло од Прилепско. Работел во Света Гора, а потоа во Романија ги формирал манастирите Водица и Тисмана. Работел на организирањето на Романската православна црква. Во науката се знае дека му пишувал писма на трновскиот патријарх Евтимиј, но тие не се зачувани. Меѓутоа, зачувани се писма од Евтимиј, кој одговара на некои прашања од Никодим. Овие преписи се познати. Составил во 1404 година едно Евангелие, настанато во Романија, со убава илуминација. Се смета дека и други непотпишани текстови му припаѓаат на Никодим. Почнал како игумен во Тисманскиот манастир во 1406 година.

Герасим препишал во 1409 година „Дијалог на Григориј папа Римски“, по порачка на деспотицата Евдокија, сопруга на јанинскиот деспот Исаул. Ракопи-сот е зачуван во манастирот „Свети Павле“ во Света Гора, а еден лист е зачуван во Ленин- градската народна библиотека.

Јоан Милошев бил поп и работел во XV век. Потекнува од селото Пископие во Дебарско. Паралелно со него работел и неговиот брат Никола Милошев. Заедно препишале Пролог, познат во науката под број 47. Овој Пролог е значаен бидејќи во него се наоѓа препис од најстарото кратко словенско Наумово житие, што го открил Ј. Иванов.

Радоња творел во XV век. Напишал Празничен минеј во Кратово, денес зачуван во Универзитетската библиотека во Белград (бр. 13).

Дијак Радомир напишал Евангелие, изборно, на 182 пергаментни листови, а се чува во ЈАЗУ (III в 24). Во овој текст Радомир го оставил и својот потпис. Вториот текст е Псалтир, 171 пергаментни листови, зачуван во Зографскиот манастир (бр. 47). Еден лист од него е зачуван во Ленинградската библиотека, во збирката на П. Успенски (Qn I, 11). И во овој ракопис Радомир оставил запис и го споменува името на татко му Раде. И двата текста покажуваат македонска редакција.

Еромонахот Филимон бил познат книжевник во XV - XVI век. Во Злетовската област, во манастирот „Св. Никола“ (Војнег), препишал Псалтир. Во неговиот синаксар се споменуваат: Гаврил Лесновски, Петка Епиватска, Симеон Немања, Сава Српски, архиепископот Арсениј. Вториот ракопис е Апостол, пишуван за поп Бојко од Кратовско. Од него зел три листови А. Гиљфердинг и ги пренесол во Русија. Првиот ракопис е зачуван во Универзитетската библиотека во Белград (бр. 9), а трите листа од вториот - во Народната библиотека во Ленинград (F, I 488).

Јаков од Камена Река е македонски печатар од XVI век. Потекнува од Камена Река од свештеничка фамилија. Неговата дејност е поврзана со венецијанската печатница на Божидар Вуковиќ, каде што во 1566 година објавил часослов на црковнословенски јазик. Еден примерок од Венеција се наоѓа во Народната и универзитетска библиотека во Скопје. Некои истражувачи овој печатар го поистоветуваат со Јаков Крајков од Софија, кој отпечатил три книги во Венеција, во печатницата на Јеролим Загуровиќ.

Попот Лука од Кратово во 1543 година напишал Писмо до монасите на Слепченскиот манастир, со што станало пример во македонската епистоларна литература.

Во XVI век работел и творел Матеј Слепченски, ученик на Висарион Дебарски.

Онуфрие Сарандапорски творел во XVI век во Осоговскиот манастир, каде што го напишал Житието на Св. Григориј Омиритски. Ракописот е зачуван во Српската православна црква, во збирката на Радослав Груиќ (бр. 96).

Книжевникот Петар напишал Четвороевангелие, на кое оставил белешки. Тие соопштуваат дека ракописот го пишувал за попот Марко од село Кожнице, во црквата „Св. Никола“ во селото Длабочица, крај Црна Гора. Веројатно се мисли на кумановското село Длабочица. Евангелието можело да биде составено меѓу 1536 и 1587 година. Од целиот ракопис е зачуван само еден лист, и тоа со записите што ги оставил Петар. Денес се наоѓа во Софиската народна библиотека (бр. 1 352/10).

Попот Рале творел во XVI век. Во 1515 година во Штип составил Тропарник, зачуван во Хилендер (Бр. 344). На 236 листови се наоѓаат: тропари, кандаци, молитви, дел од Часослов. Во еден запис Рале ги оставил важните податоци за авторот и времето.

Поп Саве потекнува од селото Елешница, Разлошко. Во 1560 година составил Минеј за поп Којчо од село Белица, Разлошко.

Ероѓаконот Силвестер во 1538 година во Лесново, поточно во манастирот „Св. Богородица Пиржанска“, додека во него игуменувал кир Прохор, составил Минеј.

Инокот Сисој работел во XVI век во Слепченскиот манастир. По порачка на охридскиот архиепископ Прохор составил Палеа. Овој текст го пишувал со Висарион Дебарски. Палеата се наоѓа во Московската Ленинова библиотека, во збирката на В. Григорович (бр. 1, М. 1 684)

Монахот Спиридон живеел во XVI - XVII век. Напишал Минеј, сега зачуван во збирката на Севастијанов (бр. 1 473) во Московската Ленинова библиотека. Го пишувал во манастирот „Св. Никола-Градиште“, во 1600 година.

Кара Трифун е претставник на книжарската дејност, а имал најстара книжарница во Скопје, во втората половина на XVI век. Во неговата книжарница се наоѓале значајните изданија што ги печател Јаков од Камена Река. Овој податок го оставил лично самиот Јаков.

Јеромонахот Филимон во 1515 година составил ракопис за попот Бојко, и тоа значаен ракописен Апостол.

По порачка на Аврам Кутревченик, а со одобрение на скопскиот митрополит Симеон, бил изработен значајниот кучевишки Минеј, во манастирот „Св. Арангел“ во 1622 година. Денес се чува во Музејот на Српската православна црква во Белград (бр. 53).

Нектариј Велешки бил велешки епископ и охридски архиепископ во XVI - XVII век. Патувал во Романија, Полска, Русија, а починал во 1626 година. Тој составил прирачник за зографските вештини, зачуван во руски препис од 1599 година.

Велко Попович потекнувал од градот Кратово. Живеел и творел во XVII и XVIII век, а починал во 1738 година. По турско-австриската војна во 1689 година неговото семејство се повлекло пред Турците и Велко се населил во Будимпешта. Во Будим, во 1704 година извршил избор, потоа препис, на слова од Константин Костенечки, а во 1706 година, во истиот град Будим, го составил и својот втор труд. Во 1706 година починал српскиот патријарх Арсениј III Црноевиќ, во чија делегација за погребот бил и ѓаконот Велко. Истата година бил назначен во презвитерски чин во Сремската епархија.

Георги Димович напишал поголем зборник во XVIII век. Содржи 142 листови, а текстовите се составени на црковнословенски и народен јазик. Текстовите на народен говор ги пишувал Димович, а црковнословенските друг.

Кратовско-штипскиот митрополит Михаил бил значаен сестран деец во XVII век, со потекло од Кратово. Потекнува од кнежевско семејство. Михаил работел кај пеќскиот патријарх Паисиј повеќе години. Патријархот Герман, наследник на Паисиј, го ракоположил за Кратовско-штипски митрополит. Одел место во Русија и пренесол во Македонија значајни печатени црковни изданија. Го посетил и Ерусалим. Познато е дека учествувал во составувањето на Зборникот, сопственост на Московската синодална библиотека, каде што оставил потпис. Последните години ги минал во Света Гора, каде што починал во 1668 или 1669 година.

Христо Граматик творел во XVIII век. Во 1742 година напишал Часослов со богородичен параклис, во манастирот „Св. Арангел Михаил“, село Долна Бошава, Кавадаречко. Ракописот се наоѓал во старата збирка на Народната библиотека во Белград (бр. 337 (70). Оставил запис, кој соопштува дека ракописот го составувал за попот Калиник.

Христифор Жефаровиќ е роден кон крајот на XVII век, во Дојран. Познато е дека во 1734 година пристигнал во Белград, а потоа преминал во Унгарија и Виена. Ги посетил уште: Солун, Света Гора, Јафа, Ерусалим. Починал на 18 септември 1753 година, во манастирот „Богојавление“ во Москва. Тој се претстави како значаен автор од XVIII век, познат со својата „Стематографија“ (Виена 1741), со значење за балканската културна историја. Ја издал во Виена, и во неа поместил 56 грбови на разни земји, особено балкански, ликови на јужно-

словенските цареви и светци. За нас е значајна со ликовите на: Методиј, Кирил, Климент, Теофилакт Охридски.

Во овој случај само укажуваме на некои карактеристични примери на повеќе и помалку значајни средновековни дејци. Нивниот број е далеку поголем. Многу од нив остануваат анонимни и непознати. Еден број ќе бидат претставени во наредните истражувања. Повеќе од нив го најдоа своето место во претходните поглавја. На скромните средновековни препишувачи, преведувачи, преработувачи и креатори, им припаѓаат богатите примери од словенското ракописно наследство, толку богато и карактеристично за Македонија. Ним им припаѓа заслуженото внимание, заради педантниот и грижлив однос кон се она што ним и нам ни значи пишаниот збор, зачуван и однегуван на козјите и овчи пергамента, пожолтени, прошарани, од предците, кои им дале живот и толку важна посредничка улога, една спојка меѓу нив и нас.

ЛИТЕРАТУРА

ЧЕРТКОВ, А. Д., О переводе Манассиной летописи на словенскии язык, Москва 1842.

ДИНЕКОВ, П., Стара българска литература, ч. II, София 1853.

ЈАГИЋ, В., Разум и философија из српских књижевних старина, Споменик Српске Краљевске академије, 1892, XIII.

КАРАНОВ, Ефрем, Паметници от Кратово, СбНУ, София 1896, XIII, 277.

ИСТРИН, Михайлович Василий, Хроника Ионна Малалы в славянском переводе, Стп, I, II, 1911, 1913.

СЕЛИЩЕВ, М. А., Полог и его болгарское население, София 1929, 84 - 85.

ИВАНОВ, Й., Български старини из Македония, София 1931, 90, 125, 211, 240, 305 - 306.

ЂОРОВИЋ, В., Посланица бугарског патријарха Јевтимија Тисменског архимандриту Никодиму, Јужнословенски филолог, XIII, 1933 - 1934, 162 - 165.

MOŠIN, V., O podrijetlu Mihanovičeve zbirke, Slovo 4 - 5, Zagreb 1955, 74.

MOŠIN, V., Ćirilski rukopisi JAZU, I, Zagreb 1955, 175 - 178.

АТАНАСОВ, П., Началото на българското книгопечатене, София 1959.

JUFU, Joan, Sbornicul lui Gehrman, Ortodoxia Revista Patriarhiei Romine, 1960, 2, 253 - 279.

РОЗОВ, Н. Н., Южнославянские рукописи Синайского монастыиря, Научные доклады высшей школы Фил. науки, 1961, 2, 134 - 135.

КАШИЋ, Душан, Михајло митрополит кратовски, Богословље, 1962, св. 1 - 2, 17 - 28.

РАДОЈЧИЋ, Сп. Ђорђе, Јаков Серски, книгољубац и песник српских XIV века, Летопис Матице Српске 1962, св. 1, 330.

ДУЙЧЕВ, И., Летописта на Константин Манаси, София 1963.

РАДОЈЧИЋ, Сп. Ђ., Димитрије Зограф, преводилац „Шестоднева“ Георгија Писида, Зборник Матице Српске за књижевност и језик, св. 1.1964, књ. XII, 132 - 133.

АНГЕЛОВ, Ст. Б., Из старата българска, руска и сръбска литература, София 1967, II, 106 - 138.

ОСТРОГОРСКИ, Георгије, О серском митрополиту Јакову, Зборник Филозофског факултета, X, 1, Београд 1968, 220 - 226.

ГЕОРГИЕВСКИ, Михајло, Македонска печатарска дејност (1515 - 1913), Скопје 1972, 30 - 33.

ЛИХАЧОВ, С. Д., Поетика старе руске књижевности, СКЗ, Београд 1972, 3 - 4.

МАТКОВСКИ, А., Христофор Жефаровиќ, Историја, Скопје, 1972, бр. 1, 142 - 155.

ГЕОРГИЕВ, Е., Литературата на Втората българска държава, I, Литература на XIII век, София 1977, 193 - 194.

ГЕОРГИЕВСКИ, Михајло, Арсенија Солунски и неговиот патопис од XIV век, Современост, Скопје 1977, бр. 7 - 8, 45 - 51.

ДИВИЗИЕВ, Иван, Елешница в миналото, София 1977, 64.

ПЕТРОВ, Ст. КОДОВ, Хр., Старобългарски музикални паметници, София 1977, 132 - 144.

АНТИЌ, В., ПОЛЕНАКОВИЌ, Х., Страници од средновековната книжевност, Скопје 1978, 253.

БОГДАНОВИЋ, Д., Каталог ћирилских рукописа манастира Хиландара, Београд 1978, 140.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, За македонските ерминии, Културно наследство, Скопје 1978, VII, 197 - 202.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Ремек-дело на македонската ракописна традиција, Нова Македонија, 16.XII 1979.

АНГЕЛОВ, Б., Руско-южнославянски книжовни връзки, София 1980, 5 - 83.

КОЖУХАРОВ, Стефан, Волноста на поета Добриян, Антени, София 1980, бр. 5, 30 януари.

НИКОЛ ОБА, Светлана, Патеричните раскази в българската средновековна литература, София 1980.

ДУЙЧЕВ, Иван, Проучвания върху средновековната българска история и култура, София 1981, 270.

МЛАДЕНОВИЋ, А., О записима из XVI, XVII и XVIII века у Четворојеванђељу писаном на подручју Скопске Црне Горе, Археографски прилози, 3, Београд 1981, 225 - 235.

HANNICK, Christian, Iakov von Serres undder Codex sin. Slav., 21; Археографски прилози, 3, Београд 1981, 137 - 142.

АНГЕЛОВ, Б., Ръкописен екземпляр от „Стематографията“ на Христофор Жефаровић, Старобългарско книжовно наследство, София 1983, 133 - 140.

ДЕСПОДОВА, Вангелија, Македонски писмени споменици во ленинградските библиотеки, Македонистика, Скопје 1983, 3, 17 - 18, 46 - 47.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Апокрифниот зборник на Георги Димович, Македонистика, Скопје 1983, 3, 189 - 208.

ДЕСПОДОВА, В., Стаматово евангелие, македонски ракопис од XIII век, Литературен збор, Скопје 1984, бр. 3, 61 - 64.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Археографски белешки од неколку белградски ракописни збирки, Спектар, Скопје 1984, 4, 15 - 26.

МАРЕШ, Ф., Словен „скит“ во Скопскиот апостол, Семинар за македонски јазик, литература и култура, XI научна дискусија, Скопје 1985, 119 - 122.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓорги, Поглед врз македонско-романските книжевни врски во периодот од XIV до XVI век. Семинар за македонски јазик, литература и култура, XI научна дискусија, Скопје 1985, 193 - 199.

ПОП-АТАНАСОВ, Ѓ., Слепченскиот книжевен центар, во XVI век, Разгледи, Скопје 1985, бр. 4, 15 - 26.

РИБАРОВА, З., Кон лингвистичко-литерарните контакта во северномакедонските библиски текстови, Радомирово евангелие, Семинар за македонски јазик, литература и култура, XI научна дискусија, Скопје 1984, објавено Скопје 1985, 167 - 176.

КУЕВ, М. Куйо, Съдбата на Добрияновия празничен Миней, Studia slavica mediaealia et humanistica, Riccardo Picchio Dicata, II, Roma 1986, 409 - 413.

УГРИНОВА-СКАЛОВСКА, Радмила, РИБАРОВА, Зденка, Радомирово евангелие, Институт за македонски јазик, Скопје 1988.

РЕГИСТАР НА ИМИЊАТА*

Август, Цезар - 317
Авел - 374
Аверинцев, С. - 17
Авија, цар – 359
Аврам - 283, 286, 288, 290, 295 - 300, 319, 405
Аврам Дичо - 430
Аврам Кутревченик - 493
Агамемнон - 342
Агапиј-Карул - 356, 360
Агара - 286
Агатангел, мач. - 273,274
Аглаида - 231
Адам - 65, 187, 204, 221, 286, 291, 292,294, 300, 305, 306, 316, 320, 322, 356, 374, 382, 383, 404, 405, 437
Адоил - 303
Адријан II, папа - 61, 82, 90, 149, 233
Адријанова, В. П. - 398
Ајакс - 337
Акакие, монах - 450, 489
Акиндин - 41, 436 - 439, 473
Акир - 361
Алвин Салцбуршки - 61,
Александар II - 105
Александар Македонски, Велики - 63, 334 - 339, 343, 348
Алексеј, човекот божји, св. – 231 - 233, 259
Алексеј, Мозел, византиски цар - 70
Алексова, Б. - 69, 77, 138, 181
Алтбауер, М. - 11, 106
Амарусактиј - 350
Амфилохиј, архим. - 117, 355
Ананиј - 238
Анастасиј, Библиотекар – 58, 62, 88, 89, 236, 241, 242, 355
Анастасиј Струмички, мач. - 271, 275
Анатолиј, архим. - 117, 431
Ангел Битолски, мач. - 274, 387
Ангелариј, ученик - 92, 95, 134, 165, 192, 251, 388
Ангелов, Б. - 8,163, 479
Ангелов, Д. - 213, 214, 291, 354
Ангелов, Ст. Б. - 78, 141, 146, 147, 152, 271, 435, 439, 444, 464, 465, 470
Андреј, ап, св. - 169, 170, 241, 323, 487, 488
Андреј Јуродиви - 252
Андреј Критски - 116, 190, 286, 480
Андроник II Палеолог, имп. - 112, 385
Антим, св. - 251, 432, 456
Антолјак, С. - 29
Антониј, архим. - 181, 182, 185
Антониј, св. - 143

* Бројките на страниците се однесуваат само на имињата од интегралниот текст, а не и на тие од литературата.

Антониј Велики - 486
Анцилеш (Ахил) - 342, 343
Аполинар, еретик - 172, 264
Аргировски, М. - 11
Арий, ерет. -192, 193, 216, 237, 264
Аристотел - 37, 335, 337
Арнаудов, М. - 8, 299, 350
Арон - 30, 255, 257
Арсениј, еп. - 392, 393, 433, 452, 466, 491
Арсениј, игумен - 382, 384, 432
Арсениј Солунски - 398, 399, 489
Арсениј III Црноевиќ - 493
Арсовски, Т. - 63
Архангелски, С. А. - 373
Аса, цар - 359
Асен II, цар - 37, 264, 267
Асунто, Р. - 17
Атанасиј, епископ - 193
Атанасиј, маѓепсник - 234, 235
Атанасиј, св. - 433
Атанасиј Александриски - 416, 473
Атанасиј Пароски -153
Атанасиј Синаит - 215
Афродитијан Персијанец - 315
Ахил - 30, 337,342
Ахил, св. - 43, 253, 254

Бајазит - 382
Бајганд, Г. - 138
Баласчев, Г. - 131, 132, 137, 153
Баришиќ, Ф. - 236
Басотова, Љ. - 387
Бегунов, Ј. - 214, 215, 223, 291
Бедие, Ж. - 345, 346
Бек, Х. Г. - 9
Белиќ, А. - 214
Бенфеј, Т. - 348, 349
Бернс, И. - 453
Бернштејн, С. Б. - 16, 17, 63, 69, 77, 194
Биљбасов, В.А. - 56, 69, 164
Бицевска, К. - 11
Благоев, П. Н. - 213
Благоева Чолова, Ц. - 374, 376
Блахова, Е. - 11
Бово од Антоне - 344, 347
Богдановиќ, Д. - 8, 9, 115, 271, 287
Богомил, поп - 216, 293
Богородица - 39, 43, 105, 115, 120, 143, 144, 150, 151, 155, 166, 219, 240, 243, 255, 263 - 268, 274, 311, 313, 316 - 318, 321, 359, 360, 374, 389, 399, 408, 414, 428, 429, 437, 441, 446, 449, 453, 456, 473, 478, 482, 489, 492
Бодин, Константин - 36
Бодјански, О. М. - 132, 141, 146, 147, 200, 202, 207
Бонју Македонски, св. - 275
Борис, кнез -13, 28 - 30, 35, 80, 130, 134, 135, 137, 170, 186, 200, 204, 248
Бошковиќ, Ѓ. - 173
Братолинов, Драги - 487
Братулиќ, Ј. - 283, 307
Брешко - 339
Буда-232, 333, 351, 352
Буслаев, Ф. И. – 7
Вајан, А. - 74, 113, 188, 193, 213, 223, 291
Вајк, ван В. - 93
Вајнгарт, М. - 199, 200
Вајс, Ј. - 77, 206
Вангелов, А - 10
Варвар Охридски, св. - 268, 269
Варда, цез. - 73
Варлаам - 41, 232, 352, 435 439, 456, 473, 490

Варлаам, охр. арх – 273
Варух, пророк - 283, 289, 291 - 295, 304, 319, 404
Васа Солунска, св. - 252, 387
Василев, А. - 262, 274
Василев, Јанче - 262
Василиј II, имп. - 13, 30 - 32, 34, 256, 380
Василиј Кападокиски - 219
Васиљевиќ, Х. В. - 262, 411, 441, 450
Вашица, Ј. - 84, 93, 206
Ведер, В. - 123
Велев, И. - 13, 63, 115, 394, 452
Велчев, В. - 199,210, 214, 223
Венуш (Афродита, Венера) – 342
Весели, J. M. - 63
Веселовски, А. Н. - 7, 231, 235, 295, 350, 354, 361, 373
Викторов, А.Е. - 56, 144, 444
Висарион Дебарски - 112, 115, 364, 382, 384, 392, 400, 432, 435 - 440
Вихинг, епископ - 61, 91
Вишанов, Т. - 418
Водичка, Ф. - 10, 19
Војтех, Ѓорѓи - 36, 381
Волкашин - 32, 398, 456, 464, 481
Востоков, Х. А. - 382, 463, 465
Врана, Ј. - 77
Вранска, Ц. - 313
Вревоил - 303
Врионис - 337
Вроцлавски, К. - 320
Вуловиќ, С. – 8

Гаврил - 143, 149, 489, 490
Гаврил, арх. - 268, 298, 410
Гаврил Лесновски, св. - 40, 42, 119, 120, 258, 259, 260, 387, 389, 442, 451, 453 - 455, 491
Гаврил Радомир - 32, 255
Гагов, И. - 214
Гагулиќ, П. В. – 278
Гај Плиниј Постариот - 25
Гајтлер, Л. - 106
Гаудерих - 58, 82
Геласија, папа - 285
Генов, М. - 8,163,188, 213,223
Георги Амартол - 216, 379
Георги Димович - 318, 493
Георги Кедрин - 286, 379
Георги Синкел - 286, 379, 380, 381
Георгиев, Е. - 8, 66, 69, 74, 77, 93, 188, 200, 206, 214
Георгиевски, Г. - 11
Георгиевски, М. - 13, 151, 399, 470
Георгија Граматик - 116, 393
Герасим, отец - 364, 440, 446, 491
Герман - 25, 187, 486, 493
Гермес - 281
Гиљфердинг, А. - 69, 115, 117, 137, 182, 188, 215, 382, 429, 436, 438, 441, 452, 454, 465, 491
Гласер, К. - 348
Глумац, Д. - 67
Голијат – 307 - 309
Голубински, Е. Е. - 188
Голубински, П. В. - 77, 137, 141
Горазд, ученик - 62, 92, 130, 171, 251, 274, 388, 425
Горски, А. - 88, 181, 182, 185, 193, 208, 349
Гоф, Ж. - 17
Гошев, И. - 74, 77, 78
Грабар, Б. - 9, 233, 236, 281, 284
Граматик, Владислав - 46, 57, 107, 143, 147, 245, 263, 265, 393, 399, 400, 436, 439,444, 446, 447, 448, 469, 470, 473 - 475, 477, 478, 483, 487,494

Грегор, Х. - 354
Грек, Г. - 77, 214, 479
Гривец, Ф. - 66, 69, 74, 79, 199
Григориј, еп. - 47, 274, 408, 409, 411, 429
Григориј, през. - 257, 341
Григориј Богослов, (Низијанзин) - 68, 84 - 86, 153, 184, 223, 285, 373, 384, 410, 413, 439, 473
Григориј Москополец - 166, 251
Григориј Ниски - 83 - 86, 153, 384
Григориј Омиритски - 455, 473, 492
Григориј Охридски, св. - 60, 68, 120, 131, 153, 257, 288, 319, 404
Григориј V, папа - 31
Григориј I Велики, папа - 363
Григоровиќ, В. -77, 105, 106, 111, 115, 116, 173, 206, 266, 271, 310,349, 384, 434, 436, 439, 441, 444, 446, 457, 487, 493
Грим, Ј. - 344
Грозданов, Ц. - 173
Грунски, В. А. - 77,106, 200, 202
Гулида - 343

Давид, св. - 87, 88, 148, 236, 283, 321, 405
Давид, цар - 30, 257, 290, 307, 308, 387, 399, 405
Давидов, А. - 226
Дадијан, цар - 234
Далида - 358
Дамаскин, Јован - 34, 40, 47, 83, 116, 117, 215, 285, 351, 402, 436, 438, 439
Дамаскин Студит - 47, 408 - 412, 429
Дамјан, св. - 144, 155, 244, 251, 268, 269, 455
Данил, пророк - 107, 289, 351, 404, 433
Данило, арх. - 463
Даничиќ, Ѓ. - 8, 265, 469, 473
Данчев, Г. - 473, 475, 479
Дарес - 341
Дарие, цар - 337
Дворник, Ф. - 69, 80
Дева Марија - 303, 314 - 316, 320, 359
Девос, П. - 57
Делјан, Петар - 36, 381
Демина, И. Е. - 412
Десподова, В. - 11, 12, 110
Диген, цар - 357, 358
Диктис - 341
Дил, Ш. - 353, 354
Димитар, кнез - 384
Димитар Зограф - 489
Димитар Кратовски - 46, 444
Димитрија, св. - 27, 64, 91, 93, 94, 119, 149, 235, 237, 250, 274, 410
Динеков, П. - 8, 141, 163, 181, 188, 223,470
Диоген, цар - 261, 262, 450
Диоклецијан, имп.- 234, 235, 237, 242
Дионисиј, еп. - 432
Дионисиј, старец - 268
Дионисиј Ареопагит - 62, 83, 214, 381, 392, 436 - 438, 463
Дионисиј Костурски, препод. - 267
Дичо Зограф - 418, 428, 430, 431
Добре - 487, 488
Добријан - 60, 114, 189, 487
Добровски, Ј. - 77
Добромир Стрез - 36
Добромир Хрс - 36
Доке, Тудор - 35, 193, 199
Доксопатр, Нил - 385
Доровски, И. - 19

Доротеј, охр. арх. - 46, 384, 444
Достал, А. - 379
Драган - 114, 487, 488
Драгаш, Константин - 33, 382, 455
Драгија - 488
Драгова, Н. - 118
Драгојловиќ, Д. - 291 - 293, 323, 339
Драгоманов, М. - 231, 350
Драјко - 453, 489
Дринов, М. - 69, 215
Друговац-Милошевиќ, М. - 19
Дујчев, И. - 8, 61, 63, 66, 141, 163, 165 - 167, 172, 214, 236, 389
Дуран де Хуска - 323
Дурново, Н. - 77, 78
Душан, цар - 32, 37, 382, 441, 451, 466

Ѓорѓе, деспот - 477
Ѓорѓевиќ, П. - 235
Ѓорѓевиќ-Милошевиќ, Н. - 231, 287
Ѓорѓи Кападокиски, св. - 234, 235, 270
Ѓорѓи Кратовски, св. - 40, 120, 269, 270, 271, 274, 443
Ѓуриќ, В. - 309
Ѓуришин, Д. - 10,18
Ѓурчинов, М. -15

Ева - 187, 221, 286, 291, 292, 304, 305, 320, 358, 374
Евсевиј Кесариски - 207, 286
Евстатиј, св. - 410
Евтимиј, патријарх - 46, 152, 263, 265, 303, 381, 473, 474, 481, 491
Евтимијан - 231
Евтихиј - 39,43
Евтропиј, св. - 251
Егеат - 241
Егзарх, Јован - 59, 93, 94, 155, 199, 215, 222, 376, 486
Едгертон, Ф. - 348
Едип - 229 - 231
Езоп - 349, 357, 358, 361, 405
Еладиј - 355, 356, 405
Елена - 254, 322, 342, 466
Енох, пророк - 286, 291, 292, 303, 304
Епифаниј Кипарски - 207, 286, 301, 439
Епихариј - 204
Еремија, поп - 282, 290, 291, 293
Еротеј II, патр. - 167, 408
Ефрем, еп. - 83, 122, 215, 285, 286, 306, 307, 382, 392, 402, 405, 414, 435, 441, 457, 463, 474
Ефросин, лек. - 250
Ешан, Ј. - 213

Жефаровиќ, Х. - 256, 257, 272, 494
Жуковска, Л. - 453

Заимова, В.Т. - 66, 236
Зариј, монах - 450
Захариј, зограф - 252, 257
Захариј, митроп. - 456
Захариј, папа - 363
Захариј, пророк - 140, 143, 149
Зиков, Е. - 184, 188
Злата Мегленска, св. - 272, 273
Златарски, В. - 135, 137, 164, 165, 199, 200, 201, 215, 383
Зонара, Јован - 379, 380, 381, 472, 489
Зороастра - 281, 283
Зосима, старец, св. - 37, 234, 364, 365

Иван Владислав - 32

Иван Рилски, св. - 253, 258, 262, 389, 399, 400, 446, 469, 471, 474, 478, 480, 481
Иванов, Ј. - 8, 69, 144, 163 - 165, 188, 189, 259, 262, 266, 274, 291, 301, 302, 304, 314, 322, 349, 351, 382, 387, 393, 394, 432, 437, 443, 449, 465, 470, 480, 481
Иванова, К. - 63, 77, 118, 151, 168, 191
Изолда - 333, 342, 344, 345, 347
Иларион Мегленски, еп, св. - 8, 40, 42, 263 - 267, 381, 387, 389, 418, 431, 439, 450, 455, 473, 475
Илиевски, Хр. П. -11, 47, 170, 411
Илија, пророк, св. - 143, 290, 311, 405
Илински, Г. А. - 62, 77, 106, 194, 199, 202
Иполит Римски - 410
Иречек, К. - 69, 132, 137, 215
Ирина, десп. - 489
Ирина Кантакузина - 477
Иродијада - 358
Исаија, пророк - 282, 283, 289, 291, 294, 301 - 304, 319, 403, 455
Исаија Серски - 381, 382, 384, 398, 455, 463 - 466
Исај, доместик - 482
Исак - 295, 296, 298, 299, 490
Истрин, В. А. - 77, 299, 308

Јагиќ, В. - 8, 9, 77, 79, 105, 107, 132, 141, 189, 202, 206, 207, 214, 215, 287, 288, 290, 291, 312, 342, 349, 351, 404, 446, 469
Јакимовска, М. - 13
Јакобсон, Н. П. - 74, 188
Јаков, еп. - 219, 267, 387,399
Јаков, печатар - 492, 493
Јаков, Ценцал - 293
Јаков Костурски, св. - 275
Јаков Серски - 489, 490
Јакубински, Л. - 77
Јакупа (Хекуба) - 342
Јастребов, Н.В - 56
Јацимирски, А. И. - 182, 268, 269, 281, 295, 307, 314, 405, 414, 465
Јоаким Осоговски, Сарандопорски, св. - 40, 42, 119, 120, 152, 257 - 260, 266, 387, 442, 455
Јоан, ѓакон - 285
Јоан, еpej - 487
Јоан, митрополит - 44
Јоан, поп - 445, 457, 488
Јоан, презвитер - 486
Јоан, Егзарх - 35, 59, 93, 94, 199, 215, 222, 376, 486
Јоан, Стефан - 384, 444
Јоан Александар - 302
Јоан Кратовски - 120, 444, 453
Јоан Светогорец - 490
Јоасаф - 165, 172, 232, 333, 348, 352, 399, 474
Јов - 148, 299, 357
Јован, арх. - 430, 431
Јован, еп. - 236, 237
Јован, Богослов - 316, 318, 320, 323, 324, 404
Јован Владимир, св. - 171, 172, 254 - 257, 387, 388
Јован II - 86
Јован X - 62
Јован Златоуст - 47, 83, 86, 93, 113, 153, 154, 170, 185, 186, 215, 219, 222, 223, 230, 285, 286, 289, 373, 402, 404, 416, 439, 473, 474
Јован Крстител - 140, 143, 149, 235, 240, 249, 404

Јован Кукузел, св. - 40, 265, 266, 431
Јован Малала (Joan) - 257, 341, 486
Јован Оливер (Joan) - 392, 451
Јован VIII, папа - 58, 61, 90, 91
Јован Схоластик - 92
Јон - 240, 440, 486
Јосиф - 107, 117, 267, 488
Јосиф, јером. - 214, 260
Јосиф Прекрасен - 290, 306, 405
Јосиф Флавиј - 286
Југ - 343
Јуда - 324, 374
Јунош (Хера) - 342
Јустин I - 25, 26, 34, 37, 388
Јуфу, Joan - 486

Кавасила, Константин - 60, 61, 120, 131, 153, 165, 167, 171, 243
Кад'м Милиски - 204
Каждан, А. П. - 413
Каин - 286, 374
Кајмакова, М. - 194
Калајдович, Ф. К. - 200, 207
Калиман, цар - 385
Калимах - 334
Калиник, препишувач - 452, 453, 494
Калистен-Псевдо - 335, 339
Калојан - 36, 264
Калужњацки, Е. - 470
Кантакузин, Димитар - 46, 237, 384, 400, 414, 439, 470 - 472, 474, 475, 477 - 483
Кара Трифун, книжар - 493
Каранов, Е. - 313, 454
Карин, цар - 251
Карло Лиси - 62
Карлова, Марија - 429, 430
Карски, Е. - 77, 214
Катаскепин, Никола - 480
Катичиќ, Р. - 348
Кашанин, М. - 8, 9
Кедрин, Георги - 286, 379
Кипријанов, Ј. К. - 105,106,109
Кирил Александриски -185, 436, 472
Кирил Ерусалимски - 193, 285, 363
Кирил Кападокиски - 181
Кирил Филозоф, Солунски, св. - 8, 13, 14, 34, 37, 38, 40, 43, 48, 55 - 95, 103, 104, 110, 112, 117, 118, 119, 130, 132, 134, 135, 137, 139, 140, 142 - 149, 152 - 154, 163 - 166, 179, 181, 183, 184, 188, 189, 193, 195, 199, 201, 203, 304, 207 - 209, 236, 237, 239, 240, 244 - 249, 251 - 253, 258, 267, 284, 331, 381, 387 - 389, 404, 413, 416, 426, 428, 433, 447, 454, 469, 473 - 475, 487, 488, 494
Кирпичников, А. - 235
Киселков, В. С. - 133, 163, 213, 215, 465, 470
Климент Александриски, еп. - 214, 285, 286
Климент Охридски, св. - 8, 13, 14, 16, 28, 35, 39 - 43, 48, 55, 58, 60 - 63, 80 - 82, 92, 95, 104, 113, 115, 118 - 120, 129 – 155, 163 - 165, 167, 168, 170 - 173, 179 - 182, 185, 189, 192, 194, 199, 201, 202, 209, 215, 222, 223, 237, 239, 240, 243 - 251, 253, 254, 258, 264, 286, 331, 387, 388, 398, 413, 414, 418, 425 - 430, 447, 456, 473, 475, 486, 487, 494
Климент Римски, папа - 57, 58, 74, 82, 88, 89, 119, 207
Клос, Б. М. - 381

К’нчов, В. - 385, 428
Ковачевиќ, Л. - 115, 164
Кодов, Х. - 141, 188
Кожухаров, С. - 63, 118, 119, 168 - 170, 192
Козма, св. - 60, 131, 143, 149, 244, 251, 268, 269
Козма II - 264
Козма Дрички - 153, 256
Козма Индиклопов - 377
Козма Мајумски - 438
Козма Мелод - 190
Козма Презвитер - 59, 150, 213 - 224, 286, 289, 294, 331, 363, 378, 404, 417
Козма Симоновиќ - 433
Кокале, Ѓурчин - 383, 431
Колумбиќ, Н. - 232
Комбефис - 356
Комбол, М. - 9
Конески, Б. - 11, 14, 43, 59, 77, 78, 105, 108, 113, 131, 136, 139, 141, 194, 200, 201, 206, 213, 215, 275, 289, 313, 315, 338, 389, 441, 452
Константин Брегалнички, Преславски, еп. - 8, 35, 59, 60, 72, 116, 118, 119, 142, 150, 154, 168, 179 - 195, 201 - 204, 206, 209, 213, 215, 222, 223, 249, 286, 331, 383, 384, 414
Константин Велики, ими., цар - 240, 241, 253, 322
Константин II Багренороден 353
Константин Деан (Дејановиќ) - 33
Константин Манас - 341, 379, 380
Константин V - 27, 34, 70
Константин III - 380
Константин IV - 27
Константиновиќ, З. - 10, 17
Копитар, Ј. - 141
Корасија - 356
Корнелиј Непос - 341
Косара - 31, 254, 255, 386
Костенечки, Константин - 46, 182, 400, 436, 469, 493
Костиќ, Д. - 118,189
Костомаров Н. М. - 230
Коцо, Д. - 139,173
Крап, А. - 231
Красноселцев, Н. - 373
Кратовски, Ѓорѓи, св. - 40, 120, 269, 270, 271
Крум, хан - 28
Крумбахер, К. - 9
Крчовски, Јоаким - 266, 354, 411, 431
Ксантус - 357
Куев, К. - 8, 141, 163, 181, 184, 188, 199, 200 - 202, 206 - 208
Кукулевиќ, И. - 342
Куљбакин, С. М. - 77, 106, 200, 206
Курц, Ј. – 104

Лав IV Мудри - 252
Лавров, П. А. - 56, 105, 132, 144, 163, 164, 166, 188, 200, 296, 297, 300, 409
Лазар, поп - 445, 453, 465
Лазаревиќ, Стеван - 46, 379
Ламански, В. - 259
Лант, Х. - 123
Ланцелот - 344
Лапчевиќ, Д. - 349
Лацко, М. - 80
Лев, професор - 84, 86
Леонид, Л. - 271
Леонтиј, св. - 43, 236, 251, 264
Лескин, А. - 77, 137
Лесновски, Гаврил, св. - 40, 42,

119, 120, 258, 259, 260, 387, 389, 442, 451, 453, 454, 491
Ликадис - 337
Лин - 281
Лихачов, Д. С. - 7, 16, 17, 380, 485
Лоос, М. - 213
Лопаров, Х. - 398
Лот - 286, 297, 298, 374
Лука, поп - 384,434, 446, 492

Мавродинов, Н. - 236
Маер, А. - 348
Мажовски, И. Р. - 431
Мазон, А. - 113, 199
Максим Грек - 479
Максим Плануд - 357
Максимијан, имп. - 236, 237, 250
Максимилијан - 242
Малецки, В. - 79
Малишевски, И. И. - 69, 141
Мамер - 361
Мандиќ, О. - 311
Мара, султанија - 478
Маргаритов, М. - 66
Мардариј, монах - 447, 474
Маретиќ, Т. - 348, 349
Мареш, Ф.В. - 69, 77, 80, 93, 118, 121
Марија Египетска, св. - 410
Маринковиќ, Р. - 8, 335, 344
Марк, крал - 346, 347
Марк, П. - 358
Маркјевич, Х. - 10
Марко Крале - 32, 33, 240, 310, 339, 347, 382, 456
Марта - 317
Мартимиан - 267
Мартиријан Хилендарски, монах - 262
Матеј - 323
Матеј Слепченски - 440, 445, 492
Матеј VI - 483
Матија Властар - 281, 483
Матишиќ, З. - 348,349
Матковски, А. - 67, 401
Матов, Д. - 350
Мегас, Г. - 231
Медаковиќ, Д. - 287
Мелетиј - 429, 489
Мелхиседек - 297, 437
Менелауш (Менелај) - 342
Методиј Патарски - 286, 403
Методиј Светогорец - 489
Методиј Солунски, св. - 8, 13, 14, 28, 34, 38, 40, 43, 48, 55 - 58, 60 - 73, 75 - 77, 79, 80 - 83, 88 - 95, 103, 104, 110, 117 - 119, 130, 132 - 135, 139, 142 - 144, 146 - 149, 152 - 154, 163 - 167, 169 - 171, 179, 180, 182 - 184, 189 - 193, 200, 201, 204, 209, 215, 236, 237, 239, 240, 244 - 249, 251, 253, 258, 284, 331, 363, 381, 387 - 389, 398, 420, 426, 428, 447, 454, 473 - 475, 487 - 489, 494
Мехмед И, султан - 35, 170, 477, 478
Миклошич, Ф. - 79, 132, 141, 342, 382, 465
Миладиновци - 299, 339
Милев, А. - 60,137
Милер, В. Ф. - 77
Милетиќ, Г. - 173
Милетич, Л. - 385
Миличевиќ, Н. - 348
Миловска, Д. - 13, 271, 444,
Милошев, Иван, поп - 163,165
Милошев, Јоан - 491
Милошев, Никола - 433, 491
Милутин, крал - 32, 37, 39, 393, 450, 477
Миљковиќ-Пепек, П. - 82
Минов, Марко - 252

Миљ, П. Ј. - 275, 277
Миовски, М. - 11
Мирковиќ, Ј. - 164,166,171
Митрев, Д. - 19
Митрофан, патр. - 408
Михаил, арх Охр. Мак. -170, 192, 298, 300, 305, 313, 410, 450
Михаил, зетски владетел - 36
Михаил, јером. - 432, 489
Михаил, митроп. - 400, 493
Михаил III, император - 65, 66, 72 - 75, 82, 380
Михајлов, А.В. - 182
Михајловиќ, Вукол - 140
Михајловиќ-Фрејденберг, О. - 17
Михановиќ, А. - 105, 108, 118, 351, 454
Михо, поп - 489
Можаева, Е. И. - 55, 63
Мојсеј - 30, 87, 289, 316, 322
Мокасијски, Константин - 114, 115
Мочулски, В. - 373, 470
Мошин, В. - 11, 12, 41, 44, 69, 77, 106, 108, 109, 200, 386, 411, 429, 432, 433, 453, 454, 463, 464, 465, 488
Мрњавчевиќи - 32
Мурко, М. - 79, 291

Назор, А. - 9
Натан, пророк - 307, 308
Наум Охридски, св. - 8, 13, 14, 35, 39 - 43, 48, 60, 61, 63, 80 - 82, 92, 95, 119, 120, 131, 134, 152, 153, 163 - 173, 179 - 181, 184, 192, 194, 199, 202, 209, 239, 240, 243, 244, 247 - 251, 253, 272, 274, 331, 387, 388, 398, 425, 427, 428, 429, 440
Нахтигал, Р. - 74, 77, 199
Начов, Н. А. - 411
Невоструев, К. - 181, 182, 185, 193, 349
Негрев, Веле - 383
Нектариј Битолски, препод. - 267, 268, 269
Нектариј Велешки - 418, 493
Нели, Р. - 291
Неофит Рилски - 481
Нестор - 236, 337
Нестор, летописец - 60
Нестор, монах - 193
Никита Серски, св. - 275
Никифор, поп - 252, 383, 402
Никифор, Цариградски - 34
Никифор II Фока, имп. - 29, 30, 353, 354
Никифор Калист - 480
Никифор 1 - 28
Никодим Нови, св. - 272
Никодим Охридски - 387
Никодим Светогорец - 273
Никодим Тисмански - 490
Никола, св. чуд. - 144, 237, 238
Никола Брата -111, 112, 456, 457, 487
Николова, С. - 167, 363, 448
Нил Кавасила - 473
Нифонт, монах - 264, 319, 444
Нихоритис, К. - 56, 60, 61, 90
Новаковиќ, С. - 8, 231, 295, 351, 382, 386, 465, 470
Нона - 237

Облак, В. - 79
Оболенски, Д. - 291
Огиенко, И. - 56, 77
Оливер Прилепски - 489
Олимпијада - 336 - 338
Онуфрие Сарандапорски - 455, 492
Ориген, еретик - 264, 286
Острогорски, Г. - 41, 80, 236

Павиќ, Ј. - 118, 189
Павле, апостол, св. - 43, 63, 64, 91, 143, 144, 164, 166, 169, 189, 219, 223, 232, 236, 238 - 242, 290, 311, 313, 318, 319, 324, 348, 406
Павле, епископ - 61
Павловиќ, Д. - 8
Паисиј Хилендарски - 59, 274, 275, 387, 388
Палама, Григориј - 402, 436 - 439, 473
Палаузов, С. - 69, 200
Палеш (Палада, Атина) - 342
Палешин (Пелеј) - 342
Панкратиј Тавроменики - 486
Панов, Б. - 69,77
Пантелејмон, св. - 46, 111, 154, 173, 249, 250, 251, 450, 457
Пантелиќ, М. - 9
Пападопулу, А. М. - 236
Париж (Парис) - 342
Парис, Г. - 350
Пахомиј Слепченски - 441
Пејо, поп - 120, 270
Пејчиновиќ, Кирил - 411, 431, 438, 449, 456
Пенушлиски, К. - 360
Перетц, В. Н. - 7
Петар, ап. - 113, 219, 240
Петар, поп - 270, 445, 448
Петар, св. ап. - 121, 143, 164, 169, 241 - 243, 275, 323
Петар, цар - 13, 29, 30, 213, 215, 216, 267, 488
Петканова, Д. - 8, 16, 69, 78, 163, 181, 284, 410
Петровиќ, И. - 63, 359
Петровиќ, С. - 16
Петровска, Ј. В. -166
Пилусиот, Исидор, св. - 185
Пипин, А.Н. - 7,215
Платон - 37, 416
Плотонов, А. И. - 398
Погодин, М. - 107, 141
Поленаковиќ, Х. - 11, 63, 80, 141, 163, 164, 182, 188, 200, 433
Поливка, Г. - 361
Поп-Атанасов, Ѓ. - 169, 444
Попов, А. - 317
Попов, Г. - 63, 118, 151, 152, 168, 191, 192
Поповиќ, В. - 493
Поповиќ, П. - 8, 349, 359
Поповиќ, С. - 8
Поповски, А. - 394
Попруженко, Г. М. - 62, 213, 214, 223
Пор, цар - 337
Порфирев, И. - 7, 281
Пребонд - 27
Пресијан - 28, 29
Пријамуш (Пријам) - 342, 343
Прокопиј - 25, 26, 37
Прохор, охр.арх. - 112, 384, 436 - 439, 492
Прохор Пчински, св. - 40, 42, 46, 119, 120, 258, 260 - 262, 387, 389, 442, 450
Псевдо Дионисиј Ареопагит - 83, 381, 464
Псевдо Кесариј - 25
Псевдо Маврикиј - 26
Псевдо Теодосиј - 207
Птоломеј - 25, 341, 483
Пуеш, Ш. - 291
Пулевски, Г. - 431
Пурковиќ, М. - 463, 464

Радермахер - 356
Радин, Нагоричанин. - 446, 457
Радојичиќ, Г. Сп. - 8, 66, 214, 232, 269, 288, 386, 465

Радомир, Дијак - 491
Радоња - 453, 491
Радослав Скопчик - 490
Радченко, К. - 266, 315
Ракиќ, В. - 299
Рако, поп - 487, 488
Рале, поп - 492
Рачки, Ф. - 8, 9, 69, 290
Ревека - 299
Решетар, М. - 9, 405
Рибарова, З. - 11, 13
Рингхајм, А. - 340, 342
Ристенко, А.В. - 235, 349
Ристовски, Б. - 51
Розов, С.П. - 381
Роксанда - 337, 338
Роман Слаткопевец - 116
Романски, С. - 62
Ростислав - 61, 65, 75, 80, 81, 90, 130, 186
Рубен, В. - 348
Руварац, И. - 8, 463, 473
Руф, Курциј - 323, 333

Сава, ученик - 92, 95, 165, 251, 267, 271, 388, 474
Саве, поп - 492
Савел, еретик - 264
Савле - 238
Саздов, Т. - 10
Салустиј Криспа - 341
Самоил - 30, 31, 36, 43, 106, 253 - 257, 261, 363, 380, 386 - 388, 434, 486
Самсон - 69, 290, 310, 359, 405
Санудо, Марико - 45
Санхониатон - 281
Санџакоски, отец Стефан - 38
Сара - 270, 286, 295-298
Сатанаил - 286, 302, 305
Саул, цар - 307 - 309
Сахаров, В. - 316
Светополк, кнез - 61, 62, 90, 91, 130, 186
Свјатислав - 281
Северјанов, С. - 106
Селишчев, А. М. - 77
Серафим од Лариса, св. - 275,437
Сергеј, архимандрит. - 269
Сибил а - 321, 322, 339
Силвестер, ереѓакон - 492
Силвестер, еремонах - 446, 453
Силвестер II, папа - 356
Симеон, цар - 13, 29, 35, 137, 154, 172, 186, 193, 199, 200, 201, 206, 215, 267, 281, 285, 286, 341
Симеон Логотет - 381
Симеон Метафраст - 272, 379, 381, 414, 480
Симеон Столпник - 414
Симиќ, П. - 287
Симиќ, С. - 454
Симонид - 204
Синкел, Георги - 286, 379, 380, 381
Сион, цар - 343
Сирин, Е. - 83, 122, 215, 285, 286, 307, 402, 414, 439, 441, 457, 474
Сирцова, Е. - 170
Сисој, инок - 492
Сит - 286
Скерлиќ, Ј. - 8
Скилица, Јован - 379
Славева, Л. - 11, 12
Смирненски, Митрофан - 88, 117
Снегаров, И. - 133, 135, 137
Снопек, Ф. - 141, 199
Соболевски, А. И. - 77, 93, 181, 188, 202
Соколов, М. - 214, 287, 290, 303, 304
Сократ - 37
Соловјев, А. - 214

Соломон, цар - 69, 87, 148, 290, 308 - 310, 322, 343, 358, 359, 405
Сосиј - 241
Софроније, патр. - 439
Спас Радовецки, св. - 275
Сперански, М. Н. - 44, 109, 295, 354, 470
Спиридон, монах - 429, 445, 493
Спространов, Е. - 470
Срезневски, И. - 77, 106, 109, 188, 202, 206, 207, 313
Сречковиќ, П. - 214, 287
Ставрикиј - 27
Станислав Лесновски - 115, 120, 260, 443, 489
Станчев, К. - 8, 63,152
Стахиј - 169, 240
Стевановиќ, П. - 355
Стефан, игумен - 384, 436, 437, 440
Стефан V, папа - 62, 92, 130
Стефанит - 333, 349, 350
Стипчевиќ, Б.- 74
Стојановиќ, Љ. - 8, 167, 214, 382, 392, 394, 432, 444, 446, 465
Стојчевска-Антиќ, В. - 63
Стричевиќ, Д. - 465
Строев, П. - 214
Строхал, Р. - 9
Сулиман, султан – 384

Тарнанидис, Ј. - 106, 113, 114, 121
Тафел, Т. - 236
Тахиаос, А. Е. - 482
Тацит - 25
Теодор,еретик - 193, 264
Теодор Граматик - 107, 487
Теодор Ласкар - 120
Теодор Стратилат, св. - 410
Теодор Студит - 34, 83, 116, 215, 285
Теодор Тирон, св. - 410
Теодора, царица - 34, 67, 72, 73, 319
Теодоров-Балан, А. - 8, 56, 133, 164, 200
Теодосиј, игумен - 429, 451
Теодосиј, цар - 33
Теодосиј Синаитски - 383
Теофан Исповедник - 237, 379, 380, 399
Теофана, императорка - 353
Теофана, Крчмарката - 334, 354, 355, 405
Теофил, монах - 490
Теофил, цар - 69, 72
Теофил Македонски, св. - 275
Теофилакт, арх. - 40, 60, 120, 131 - 134, 136, 137, 139, 153, 155, 243, 247, 413, 438, 494
Теофилакт, Симонат - 37
Тетиш (Тетида) - 342
Тивериополски мач., св. - 138, 253
Тимотеј, уч. - 219, 238, 241, 273
Тисран, Е. - 302
Тихонравов, Н.С. - 7, 281, 296, 297, 300, 311, 312
Тихота, преп. - 488
Тишендорф, К. - 324
Ткалец, И. - 348
Тодоровски, Г. - 19
Тома, ап., св. - 143, 316, 324
Тома, охр. арх - 269
Тома Словен - 28
Томоски, Т. - 135, 137, 138
Томсон, Ф. - 123
Топи, Карло, албан. кнез - 256
Тристан - 333, 342, 344 - 347
Трифонов, Ј. - 181, 213, 214, 215
Трифуновиќ, Ѓ. - 8, 464, 478

Троилуш, крал - 342
Трубецкој, Н. - 77,78
Туницки, Л. Н. - 132, 137, 140, 141
Турдеану, Е. - 291, 294, 312, 323, 354

Ќоровиќ, В. - 8, 454

Угљеш - 32, 398, 464, 466, 481
Угринова-Скаловска, Р. - 11, 59, 164, 165, 394
Ундолски, В. М. - 140, 141, 144, 182
Успенски, П. - 448, 491

Филарет, еп. - 182, 269, 384
Филарет, Д. - 236
Филимон, ером. - 446, 491, 493
Филип II - 239, 335, 336, 337, 339
Филиповски, П. - 431
Филон - 286
Филотеј, старец - 268
Флакер, А. - 17
Флобер, Г. - 357
Флорја, В. Н. - 194
Формоза - 82
Фотиј - 34, 37, 68, 82, 84, 86, 88, 91, 92, 153, 263, 240, 362
Франко, Ј. - 188
Фројд, С. - 230, 231
Фрчковски, Макарие – 431

Хамартол, Георги - 379
Хамбургер, К. - 10
Хануш, И. - 199
Харисијадис, М. -
Хармосина, И.Г. - 433
Хауптова, З.-11
Хацон - 27
Хаџи-Васиљевиќ, Ј. - 441
Хектор - 337, 341, 343
Херманрих Пасавски - 61, 91
Хертел, Ј. - 348
Херцигоња, Е. - 9, 312
Хоматијан, Д., арх. - 60, 120, 131, 132, 137, 153, 243, 247
Христо Граматик - 494
Христос, Исус - 81, 90, 143 - 145, 150, 184, 187, 192, 219, 228, 234, 240 - 242, 253, 258, 272, 291, 292, 302, 311, 314 - 317, 319 - 323, 374, 377, 399, 410, 413, 429, 456

Цамблак, Григорија - 46, 400, 469, 474, 475
Цв'рцова, Е. - 170
Цезар Бароний - 388
Цепенков, Марко - 233, 304, 306, 309, 428
Цимискиј, Јован - 30
Цонев, Б. - 273, 313, 341, 360, 405, 431
Црноризец Доке - 35, 193
Црноризец Храбар - 35, 59, 76, 78, 199, 200, 202 - 209, 213, 223, 331, 416
Цухлев, Д. L 291

Черниговски Филарет, - 182
Чимиски (Цимиски) - 30, 354

Џинот, Ј. Х. К. - 164, 165, 303, 428, 454

Шакиш, цар - 361
Шафарик, П. Ј. - 69, 77, 111, 116, 117, 132, 137 - 141, 200, 207, 349, 469
Шахматов, А.А. - 7, 193, 194, 381
Шидак, Ј. - 213
Шишиќ, Ф. - 69, 386
Шкреб, З. - 10
Шопов, Д. - 107,181,182

Штављанин, Ѓ. Љ. - 287
Штефаниќ, В. - 9, 77
Шчепкин, В. - 77, 200

Ракописот е завршен и предаден за печат во Институтот за македонска литература во 1990 година

СОДРЖИНА

ВОВЕД

МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА КНИЖЕВНОСТ

Краток осврт врз словенско-византиско-турските влијанија и врски

Кирилометодиевски период
- Извори за Кирилометодиевскиот период
- Светите Кирил и Методиј

Библиски и литургиски текстови

Свети Климент Охридски

Свети Наум Охридски

Епископ Константин (Преславски, Брегалнички)

Црноризец Храбар

Презвитер Козма

Хагиографии

Апокриф

Средновековни романи и раскази
- Средновековните романи
- Тројанската војна
- Тристан и Изолда
- Романите „Панчатантра“ и „Варлаам и Јоасаф“
- Средновековните раскази
- Патерични раскази

Други средновековни книжевни родови

Летописи, хроники, хронографи, хронолошки таблици, родослови, историски материјали
Записи
Патописи
Средновековни мешовити зборници
Дамаскини
Полемики
Ерминии
Гатачки книги
Лекарственик

Средновековни школи
Охридска книжевна школа
Кратовска книжевна школа
Лесновскиот книжевен центар

Исаија Серски

Владислав Граматик

Димитар Кантакузин

Продолжувачи на книжевната писмена традиција

Регистар на имиња

НИП „Нова Македонија“
• Генерален директор*: Панде Колемишевски*
• Издава*: Редакција „Детска радост*“, Директор и главен уредник: *Петре Бакевски,* Одговорен уредник*: Зоравко Ќорвезироски,* Извршен уредник*: Димче Исаиловски*
•Коректура: *Катерина Ноневска*

Печат*: НИП* „Нова Македонија“, РЕ Печатница
Скопје 1997